MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS
FOUNDATION *TRIFUN KOSTOVSKI*

Kosta Peev

DICTIONARY

OF MACEDONIAN DIALECTS IN THE SOUTH-EAST AEGEAN PART OF MACEDONIA

BOOK 5

Skopje, 2009

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ
И УМЕТНОСТИТЕ
ФОНДАЦИЈА *ТРИФУН КОСТОВСКИ*

Коста Пеев

РЕЧНИК
НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ
ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

ТОМ 5

Скопје, 2009

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ФОНДАЦИЈА
ТРИФУН КОСТОВСКИ

Коста Пеев

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

Главен уре9ник
Академик Петар Хр. Илиевски

Програмери
дипл. инж. Тихомир Атанасовски
дипл. инж. Владимир Лазов

Техничка коректура:
Цвете Петровиќ

Компјутерска обработка:
Цвете Петровиќ

Печат
ВИНСЕНТ ГРАФИКА

Тираж
300 примероци

До пред десетина години, Речникот се работеше како дел од проектот на МАНУ "МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА", под раководство на акад. Б. Видоески. По неговата смрт, за жал, проектот згасна и поради тоа работата врз Речникот се префрли во ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК. Во составувањето на Речникот е користен архивот на Дијалектолошкото одделение при Институтот, како и Архивот во МАНУ. Поголемиот дел од материјалот е собран од авторот на Речникот. Освен тоа вршена е ексцерпција на голем број дијалектолошки и етнографски студии од кои се земени широки контексти, со цел да се илустрира не само значењето на лексичката единица, туку и да се документираат моменти од материјално-духовното живеење на еден дел од македонскиот народ, кои поради познатите историски факти, неповратно тонат во заборав.

Познато е дека основниот постулат на дијалектот е територијата каде што тој се зборува. За жал нашите југоисточни говори во Егејска Македонија, во поголем дел, за време на Втората балканска војна, делумно и во Граѓанската војна во Грција, останаа без тој природен постулат. За илустрација да споменеме дека познатиот македонистички центар Кукуш, во летните месеци 1913 г., под ужасен притисок на грчката солдатеска, беше буквално избришан од географските карти, таму не остана ниту еден Македонец – староседелец, а и денеска нема автохтоно македонско население. Наша задача беше, преку анкетирање на бегалци, "да го заштитиме и одбраниме од заборав", (како што напиша проф. Бл. Конески во рецензијата на двотомната

монографија "Кукушкиот говор"), народниот живот на населението од односнава регија со сите негови манифестации: обичаи поврзани со одредени настани од семејниот и личниот живот, верувања и суеверија, именувања во врска со меѓусебните односи, обичаи поврзани со раѓањето и смртта, хигиена, болести (нивно именување и лекување), веселби и забави, именување и одбележување на народниот календар и празници, природни појави и верувања во врска со нив, куќата (изградба и именување на деловите), приготвување и видови јадења, имиња на посатки, именување на делови на воденицата, чување и одгледување на домашни животни, терминологија во врска со земјоделството, именувања во врска со ловот и риболовот (средства и обичаи), одгледување на свилената буба, термини во врска со пчеларството. Од истите причини: да се регистрира сето она што претставува дел од животот на прогонетите Македонци од југоисточниот егејски дел, се вадени лексички потврди и од народната поезија, односно е претставен и извесен корпус од топономастичката номенклатура.

Авторот

Извод од рецензија

Коста Пеев - истакнат македонски дијалектолог сиот свој живот го има посветено на изучувањето на исчезнатите македонски говори во југоисточниот дел, говори што некогаш постојувале во северна Грција, во околината на Солун, Кукуш и Дојран, а денеска зачувани во местата каде што компактно живеат бегалци од односниве краишта на територијата на современа Македонија и Бугарија, - говори со трагична судбина, што се има одразено и во судбината на нивните носители. Пеев се наоѓаше на извориштето на најкрупните дијалектолошки проекти во Македонија: – Македонскиот дијалектен атлас, Општословенскиот лингвистички атлас и Општокарпатскиот дијалектен атлас, но основните негови усилби беа усмерени кон разработката на проектот "Македонските дијалекти во Егејска Македонија" со кој раководеше неговиот професор Божидар Видоески. Во рамките на тој проект Коста Пеев има реализирано многубројни истражувања во повеќе области од јазичниот систем на даденатa дијалектна група и изработил монографски описи на два говора од југоисточниот тип - дојранскиот (Пеев 1979) и кукушкиот (Пеев 1988, 1989), приготвени во истражувачката активност со потомците на бегалците од Егејска Македонија, што сега живеат во областите околу Дојранското Езеро и во Струмица.

Речникот на југоисточните говори во Егејска Македонија е прв крупен лексикографски труд од регионалната македонска лексика.

*На односно издание му претходеа само три неголеми речници на одделни јужни говори: Речник на говорите во селата Сухо и Висока во околината на Солун (*M. Małecki 1936), *Прилог кон речникот на кукушкиот говор (*Сакьов 1967), *и Речник на балканизмите во дијалектите на Егејска Македонија (*Budziszewska 1983*).*

Речникот на Пеев претставува комплетен заеднички речник на две групи од југоисточните говори: солунско-воденски (долновардарски) и егејскиот дел од серско-лагадинските говори, зафаќајќи неголема област на југоисток од современа Македонија (Гевгелија и Дојран) и на опширната територија во северна Грција, на запад и исток од долниот тек на реките Вардар и Струма. Наогајќ и се на периферија на словенскиот јазичен континиум, споменативе говори, од една страна, запазиле многу архаични елементи, несвојствени за другите македонски говори, а од друга, се имаат здобиено со многу иновациони, всушност балкански црти, за што има придомогнато хетерогениот состав на населението во Егејска Македонија.

Пристапот на авторот кон интерпретацијата на лексичката граѓа може да се нарече семантички. Многу речнички статии го потврдуваат стремежот на авторот не просто да се регистрира, "инвентаризира" лексичката единица, начин што за жал, многу често се среќава во дијалектната лексикографија, туку да се разоткрие нејзината содржина, која што и при идентичноста на формата многу често е уникална за секој дијалект (за споредба: статијата **криф** *со подробен опис на семантичката структура, со разнообразни контексти и фразеологизми).*

Споменатиот Речник, безусловно, ја продолжува традицијата на етнокултурната дијалектна лексикографија во чија концепција речникот се јавува не просто апстракција на собраниот лексички материјал, туку "енциклопедија на народниот живот", претставувајќ и ја преку зборот културата на опишаната регија и давајќи му на читателот возможност да го осети духот на народната култура. Ова го овозможува пред сè карактe-рот на Речникот, којшто во голем обем ја вклучува терминологијата на народната култура. Авторот како да се наоѓа во постојан дијалог со чи-тателот, често приопштувајќи кон речничката граѓа коментари за фо-нетските појави присутни во лексичкиот материјал, уште за граматич-ката димензија, употреба, географија и историја.

Кон првиот том на Речникот е придодаден голем уводен дел, којшто ја открива демографската ситуација во Егејска Македонија. Огромен интерес за читателот претставува документарниот расказ за настаните што предизвикаа реско скратување на словенското население во односнава област во првата половина на 20. век, коешто до тогаш претставуваше една третина од заедничкиот број (две третини исполнувале грчкото и турското население). Авторот наведува свидетелства на очевидци за масовното уништување на Македонците за време на Втората балканска војна (1913) во градовите што се наоѓаат на исток од Вардар: Кукуш, Серес, Лагадин и околните населби и за бегството на страдалниците во Пиринска Македонија.

И. Е. Јакушкина
Общеславянский лингвистический атлас
Матерналы и исследования
Сборник научных трудов
2003-2005, Москва

Благодарност

Завршувајќи ја работата врз петтиот том од Речникот, сакам да ја изразам својата благодарност на семејството Валентина и Владимир Лазови, кои несебично, жртвувајќи дел од својата комотност, ми овозможија пријатен престој и услови за спокојна работа врз Речникот во 20062008 г. во нивниот дом во Торонто.

* * *

За крај, треба да ја споменам како многу важна соработката со македонските друштва во Торонто: Канадско–македонско историско друштво, Организација на Обединетите Македонци, исто така и литературните друштва: Браќа Миладиновци и Григор Прличев. Соработката со нив ми отвори пат за контакти со македонските иселеници во Торонто, особено корисни поради карактерот на мојата работа. Тие организираа и промоција на "Речникот на македонските говори во југоисточниот егејски дел" – на 3–от том (29. јануари 2006 г.), *промоција во која зедоа активно учество и професори од Универзитетот, односно од Факултетот за словенски студии во Торонто. Споменативе контакти беа продлабочени и во соработката со одговорните уредници на весниците "Македонија" ("Macedonia"), и "Македонски вести" ("Canadian – Macedonian News").*

Авторот

Р

раатѝсуве (сă) impf 'се ослободува од некоја обврска' ~ *избра́ме тит'у́но, сă-раатиса́ме га́аре* [ПК,2(АЌ),97]; и: **рахатдисува (сă)** [BV,137].

ра(х)атлија adj 'тој што животот го поминува спокојно, "во раат" ' [BV,137].

раатла́к m 'спокојство, неангажираност' ~ *царут се почудил на јунаството на тирзијата и му дадел голем бакшиш. И от таиока седне, се врнали пак уф конакут и, дури да умрат, таиока ги ранил царут. И така тирзијата ду смрт си поминал на голем раатла́к* [ШК,V(434)]; ~ *о́н сѐ раатла́к си-са́ке* [ПК,2(Ал),97].

раату́ве (сă) impf – в. **раатѝсуве (сă)** ~ *а́рна у́ка си-фати́, ќи-си-сфắрше, ус-ле́сничко ќи-му-вắрве живо́то. И чи́с ќи се́-ј и па́рички ќи-си-и́ла. Ѐ, ко́ј си-у́че, и ќи-си-раату́ве* [ПК,2(Гắр),152].

рабаџијче n 'тој што превезува стока со запрежна кола – арабаџија' ~ *теб ми те личе, сину, младу рабаџијче; /дробин синџир, сину на рамо* [МЕв(Р),101].

рабет m 'чест, почит' – називот рабет се среќава во описот на следниот обичај: на третата вечер од раѓањето на бебето се прави вечера, доаѓаат гости, бабицата го "залулува" новороденчето и при тоа го благословува: *да биде здрав, да биде каслитлија, сус леко да пурасне, ерген (или мома) да са чине, татко и мајка да зарадуве, уф село да са лаге* (неговото мислење да се уважува), *биз него ништо да не биве, сите на него да са питат* (да бараат совети), *поп да биде, ѓак да биде, книга да знаје, деца да изгледе, деца да ижене, гулема старост да дучеке, уф село* **рабет** *да му имат"*. Народот верува дека таа ноќ на детето му се одредува судбината (среќата). Околу полноќ се симнува Господ со анѓелите од една страна, ѓаволот од друга и се натегаат околу детето: чие е и кој треба да му ја одреди судбината (во говорот: **нафаката**). Ја одредуваат и Господ и ѓаволот, но онаа (нафаката) од ѓаволот може да има сила само до крштевката, зашто тогаш (во тој ден) низ детето *пулинуве крст* и новороденчето се одрекува од ѓаволот. Бабицата кога заминува ги изговара овие зборови: *"Јас ут тука – Госпу тука!"* (кога јас ќе заминам Господ нека ве чува) [ТГ,110].

Рабеш top. 'име на мало село на североисток од Драма'; според Ј. Иванов од старото (претпоставено) л. име *Рабьшь, односно од стсл. рабъ 'роб, слуга' [ЈИ,М...,180].

рабнак (храбнак) m 'столбот од прешлени на средина на грбот – 'рбет ' ...

Рабóтовото Дерé top. 'име на дол (суводолица), североисточно од Ловча (Драмско)'; според Ј. Иванов од исчезнатото л. име ***Работа,** а тоа од стсл. рабъ [ЈИ,М...,181].

рабóтлúв adj 'opp. на **мрзлив**', в. **рабутна** ~ *мóјо д'áдо е-бúл плишкáт и нóгу прилегáт. Бúл-е кавръмс уфкусмéто. Сúт ни гу-кажуват кáко нóгу, нóгу рабóтлúф и вáртикáшник* [ДЧ,158].

рáбута f 1. 'дејност од која човек се издржува, односно заработува пари' ~ *утúди ж'инáта у иднó с'éлу да брáка рáбута* [MS,t,68]; ~ *и утúди на гурбéт, фáти рáбута на цáрската кáш'та* [MS,t,19]; ~ *дур да трáгна на рáбута и дóјди пак ... епистрáтифш'ис* [MS,t,2]; ~ *с'éднах два трú м'áсници у Сулýн на идúн друк мáстур за да рáбут'а, алúа ни илúаш'и рáбута и такá искулáсах* [MS,t,1]; ~ *д'áт'анту фáти да сă ч'ýди кáк за ж'уóват биз рáбута* [MS,t,84]; ~ *сă бáли трú брáт'а сирулúаси, н'áсă илáли рáбута* [MS,t,78]; 2. 'вршење на некоја активност' ~ *нáј тáс рáбута ја úмали стóрину тóлку пáнт'а у думá* [MS,t,77]; ~ *сă ч'ýд'аш'и на ш'ó рáбута да гу дад'é* [MS,t,81]; ~ *за да казýват такфéс рáбути* [MS,s,95]; ~ *и ги устáви пак мóлиту да си глéдат рáбутáта* [MS,t,10]; ~ *как битúсаха рáбутúт'а, брáкаха изúн за да си дójдат у Елáда, цáр'у ги ни пýш'таш'и* [MS,t,58]; 3. 'настан' ~ *Господ га фáрли от небету, га земаха трите карагроши и флезоха аф кáштата. Вечерта дојде татко му, му казаха и на негу, как биде работата, му показаха и карагрошите* [V,PM,38]; ~ *ни мóж'и за да стáни тас рáбута!* [MS,t,55]; ~ *и заедноч отиде на тавлахана, виде, ча кон'у гу нема; виде, гáлáбите ги нема. Познал, ча Мајдон таа работа га има правена, и фати да рухте, да ахка, сакаши дури веки да пукни* [V,PM,75] – во контекстот ја среќаваме гл. конструкција од **има (нема)** + гл. **придавка** и тоа во првичната форма кога придавката се сложувала со именката на која се однесува: **таа работа га има правена**; 4. 'предмет, ствар' ~ *в сáбутта на-вéчерта и ф-недéл'ата на-сáстрата ги-кáнат. Ќе-се-бéрат свáтове да-ќе-зéват што-ќе-зéват рабóти за-мóмата* [ВЕв(Бар),300]; 5. изр.: **што ти влева тебе на работа** ? (= тоа тебе не те засега) ~ *му вели на Гáрците: "со здравје, мои сина! Дека сторихте ниет да појте?" И те му вел'ат на дјадото: "е море, старо харо, што ти влева тебе на работа, ниа дек за пошли?"* [V,PM,179]; исто: **не ти влева у работа** ~ *и кату бех сос овците на полету, најдох еден казан алтин, туку не ти влева у работа. Тога жената му отиде, каза на колшиите, да от малко по малко са причу* [V,PM,170]; **си гледа работа, легнува на брашно** (= се помирува со судбината и ги извршува обврските) – младоженците, независно дали

се сакале *или* не, штом ќе *или пулине вениц прако глава* тие се зближуваат, *легнуват на брашно и си гледат работа* [ТГ,...]; **сă-зăфáне зă-рăбóта** (= се вклучи во некоја активност, се ангажира) [ВГ(Бог),275]; **со исто значење: сă-фáтăл нă-рăбóта** [ДК(Ран),106]; **думáн нé-j рăбóтта** (= во многу тешка ситуација сме) ~ *а-пă тó-сè тáм, дéка гувóрăт, слýше и нă-жéнă-му нă-гáздăта кăжáл: "Дă нé сă-излăjш дă-дáдиш ут-кăмúла пăстăрмá, óти думáн нé-j рăбóтта* [ПД(Ник),170]; **псешка работа** (= кога некоја работа се одвива со особени тешкотии), пр. кога при ткаењето жиците се заплетуваат, се кинат, тогаш жената што ткае ќе рече: "*Псешка работа! Капа да ти падне да не са врниш да си а земиш. Седни па прапејви*" (кога жената кука, плаче, реди, пр. за мртовец се вика дека **прапејве)** [ТГ,364]; **ќóде ќа зăбéле рăбóтта** (= ќе среди некоја непријатна ситуација) [ПК,2(Гăр),47]; **мупурăснá рăбóтта** (= се ситуира добро) ~ *кăкóф бúше, Гóспо да тă-чýве,... áлиа му-пурăснá рăбóтта* [ПК,2(Гăр),197]; **нá-j рáбута тáс** (= не е разумно тоа да се прави) ~ *jáс за ja згóр'ă кăш'тата!" т'а му сă мóли: ""бре́ ли,* мăн'ц'и, *нă-j рáбута тáс"* [MS,t,11].

рабутено* adj 'завршено, сторено' ~ *на дедо Госпуд криво му падна* (се налути) *и тоги а праклăна: "Уд сега и дејна и нокá да работиш и ка ќи дуработиш па пуд мишка рабутенто да си гу земиш и да си одиш"* [ТГ,365].

рáбути* impf 1. 'врши некаква работа, се труди' ~ *тузú за си рич'é демéк дванájси м'ájнц'ă да рáбут'а за трújси ú-двáта зăмб'ă ни́ ни фтáсува* [MS,t,41]; ~ *си ги рáбут'ăхли и нúфкит'ă* [MS,s,95]; ~ *гу jи пúтал гул'áмиjу дjáвул: "... рáбута?" "úлиа инá кýприja, ja рáбутат ут дин'ó, jас на ви-ч'ерó утúвам, ja тýрнувам"* [MS-t,24]; – сп.: кај народот постои изрека: *кога не ли са рабутило, сè пу един Св. Јуван кладеле... Свити Јувануфци илиа дуксан дукус* (99), *аку устане сите да ги држиме* (славиме) *јапти алах ишимизи* (= "го обравме бостанот" т.е. 'ќе настрадаме') [ТГ,26]; ~ *вчера сестра ми, земета, ми са е плакала и ми е думала: "Зашто Господ ли направил, кога не направил и л'уде да ли заселет и да ли работат?" Господ как чул и видел, че е требовито да се засели земата, повелил...* [V,PM,266]; 2. 'заработува за живеачка' ~ *нé мóжи нéкој да рабóти излúкăр на двé áги, óти или идномто ки си милýва, и на другýт ки гу каскандúса* [MV,K,264]; ~ *с'éтн'ă с'éднах два трú л'ăсници у Сулýн на идúн друк мáстур за да рáбут'ă* [MS,t,1]; ~ *ш'ист'ăх л'ăсници да рáбути, дванájси л'ăсници да jид'é* [MS,t,24]; ~ *"úдиш' у л'éн'ă да рáбутиш'?"* [MS,t,81]; 3. 'има ангажман' ~ *афý ни нájди рáбута на сýху, р'éч'и: "за пóда ... да рáбут'ă на лóри!"* [MS,t,84]; ~ *си вил'áт: "да пójли на гурбéт, бéлки нájдили рáбута за да рáбутили!"* [MS,t,47]; 4. 'јаде и се развива' ~ *чúли пурáсне гулéла* (свилената буба) *гă-нăрéдăт на-гулéли óдă ре и га-рáнат гулéли грáнки. И óна рăбóте мéсц и-пýл, завúве óна. Зă-мéсц и-пýл пураснуве и завúве* [ПК (Мор),215]; 5. – **(сă)** 'се

одгледува' ~ *по́сле се́ехме мисúрка па́. Та́а ту́к и-ви́ка̀т чини́чка. Ни́а ви́кме мисúрка. Ба́шчи и́мше, лузи́на и́мше, бу́ба гле́хме. И тут'у́н по́вќе се́ехме, но́го са̀-ра̀бо́тше* [ВК(Шт),289] – во контекстот имаме употреба на номинативна (субјектна) заменска форма **таа** наместо долгата за прав предмет: **та́а ту́к и-ви́ка̀т** (м. 'неа'); 6. – **(са̀)** 'се обработува' ~ **ура̀ни́ца-ј** *ни́ва шо са̀-ра̀бо́те, изо́ра̀на* [ПД,-(Ник),121]; 7. изр.: **му работи ка̀смет̀јут** (= има среќа, живее без тешкотии) ~ *едно време имаши две братќа: на единојут му работиши ка̀смет̀јут и са чиниши неговата работа по-харна. Другиот беши без ка̀смет* [V,PM,82]; ~ *му вели: "ах брате, да си чиними другари, ама мојот ка̀смет кату не работи, как да чина?" "Ади да работили двата малку време", му вели "и сетника јазика ке да ти кажа как да чиниш, за да ти работи ка̀смет̀јут"* [V,PM,87]; **мојто и́ме пак да рабо́ти** (= и по смртта да се зборува добро за мене) ~ *татко му си разбол'а́ млогу и приближи́ да у́мри...викна́ детето покра́ј не́гу и му ве́ли: "а бре́ си́нку, гле́даш ли, ја́зе веки ки у́мрам,... сега́ ти пора̀чувам... сос ум да си врати́ш, зашто́ са̀кам мо́јто и́ме пак да рабо́ти, да си по́мни мојта хубави́на"* [V,PM,7].

рабутна adj (m // f) 1. 'тој (таа) што сака да работи, опр. на **мрзлив**' [MS,s,84]; – со формата за женски се покрива и машкиот род: еден од многуте примери што укажуваат дека категоријата род во овие говори не функционира редовно; 2. 'предмет, во случајот нива, врз која (не) се работело' ~ *лижа́шта ни́ва, шо́ не́-ј ра̀бо́тна но́го гуди́ни* – објаснувањето се однесува на зем. назив **цел'на** (ледина) [ПК-2(Мут),127] .

ра̀бутни́к m 1.'човек што се занимава со производствен труд' ~ *ко́ј кидо́ на̀-и́ста да́та ту́ка, ко́ј ки-печа́ле по́вике па̀ри́, мо́ма̀та ки-би́де на̀-не́го, а́ко са́ке не́ка-ј ка̀ва̀ми́цки си́н, а́к са́ке не́ка-ј ца̀рцки, а́к са́ке не́ка-ј не́кој ра̀бутни́к* [ПД,147]; ~ *му ве́ле... "Шо́ са́киш?" – "Ас, ра̀че́, а са́кум зла́тна̀та ма̀ши́на уф-мо́рто и читири́јсе ва̀го́на пра́зни ки-ми-да́јш, читири́јсе ра̀бутни́ка, читири́јсе лупа́ти и читири́јсе вре́јки"* [ПД,149]; 2. 'тој што не е мрзлив, што сака да работи' – некои родители на девојката поголемо внимание обраќаат на младичот, отколку на семејството од кое произлегува, зборувајќи: *"Нека биде вредин и рабутник, па ако е сиромав. Не ки устанат гладни. Кога чувек има здрави ра̀ци и нози, може да искаре* (заработи) *и за душа и за гуша"* [ТГ,146].

ра̀бутни́ца f 'работлива' – в. **рабутни́к** 2. ~ *мо́јта сна́а-ј но́го ра̀бутни́ца* [ПК,2(Мут),98].

ра́буш' m 'дрвце на кое со црти се бележат сметки'; во Речникот на Малецки: **ра́буш'** 'мера' (= половина прст) ~ *си м'а̀р'а̀ха пи́лка-т'а̀, кутра́ји по́гул'а́ма, са̀с идна́ пра̀нч'ка; на дирминџ'и́јата биш'и идúн рабу́ш' (пулуви́н пра̀ст) по́гул'а́ма* [MS,t,78]; кај Таневиќ: 'сметка' – на *Ѓурѓовдин* ги *ла̀чат* (одделуваат) овците, ги гледаат сметките: се пресметува и добивка и расход и од тој ден започнуваат со нови *рабуши* (сметки) [ТГ,377].

ра̀ва́н m 'начин на трчање на коњ – со ситни, но чести стапки' – сп. извадок од сеќавањата за Војната 1913 г.: ~ *куту мра́ва уд-до́ло пучна́а*

вири́га дă-и́де нă-го́ре, дă-стре́л'ат Бугá:рто ут-тáм. Кăвăлéриа и́мше тáм и зимáа дă-сă-стрăжу́вăт, дă-сă-би́ат знáче. Пă-тáтку-ми и брáт-ми ус-ко́лта устăнáа нăsằди. Гằрцкăта кăвăлéриа и-стигнáла тáм. Тáтку-ми знáјше ту́рцки. Знáјаа тóги. И зимáа. Имăхме адна ждрибúца, брáт-ми гằ-у́чше тугáј ус ќустéци, дă-óде рăвáн. Ќустéци знáјш шó-ј? На-нójсто клáват ќустéци, дă-мóже рăвáн д-óде. Ортăли – ќустéци [ПК,2(Коц),351]; кај Саќов: **раавáн** (со исто значење).

Равења top. 'име на село на североисток од Драма́'; според Ј. Иванов од исчезнатото име ***равь** (= равниште) од кое е образувана придавката 'рамен', стсл. равьнь [ЈИ,М...,181].

ра́вна adj (m // f, но: **ра́вну** – n) 1. 'кога некое место е без длабнатини и нерамнини' ~ *јаргати јидат през равно поле; [пред јаргатето младо сајменче; [тамбура дрнка ели пјасна пјае: [мили кајурки са л'ато копăт* [Б(СДХ),17]; ~ *з'éвали прăнч'ки, карýл'ки, кóли и мутувúлуту и пр'éлуту сăс калáмиту и утúвали на инó утфóрину м'áсту, рáвну* [MS,t,6] – во врска со линеаризацијата прави впечаток дека атрибутот доаѓа по именката: **м'ásту рáвну**, што се третира како влијание од балканската јазична алијанса; 2. 'кога нешто е во права линија' ~ *т'éс ифтúм'увúт'ă глáвн'ă стáнаха млóгу рáвни дрăвé, стáнаха диб'éли, с'é за гр'éнди* [MS,t,44]; ~ *з'éвами лóзит'ă и т'é сă удбирáни пујнá, пујна, с'é рáвни лóзи* [MS,t,3]; ~ *Карафил'о лиличко цвете најлило! [ки те пиша равната снăга на тефтер. – От ки ја пишиш што ки ме чиниш? [Татко ми има sивгар биволи; [булито дава мене не дава* [Б(С,ДХ)-,64]; ~ *как да го остава, как да го забрава; [бело лице има, книга напишана; [црни очи има, црни черешови; [равна снага има, равна тополова* [Б(С,ДХ),64]. Сп. **Равна́** – име на село во односнава регија.

ра́вну adv 'исто, еднакво' ~ *на нузú вр'ăм'ă изл'ázи иднó мláду д'ăт'ă ш'ту на кув'ét'у ид'ăха рáвну сăс Крáл'у Мáрку* [MS,t,38].

рагаван* m 'дел од коњска опрема, водило' (?) ~ *сè кога идам, моме ле, сè болна лежиш; [сè болна лежиш, моме, болна на јумрејне; [па гајрет чиниш моме ле, простум стануваш, [моме ле, којна ми фаќаш, моме ле, за рагаванот, [пушка ли фаќаш, моме ле, за јуругуна* [БМ,142] – во придружниот контекст прави впечаток присуството на гл. именка од перфективен глагол: **болна на јумрејне** (место: 'на умирање'), што претставува специфичност за јужните, егејски говори.

Рада* – ж. лич. име запишано во Гевгелиско ~ *Радо ле Радо јубава, [зашто си толко јубава? [дали си чула, разбрала, [от ќи тă тебе јустават* [ИГ,108]; ~ *дали знајиш бела Радо; [дали знајиш ил не знајиш; [оти сакум да-т уставум; [оти не си јубава; [куту првната гудина* [ТГ,349]; исто и во Серско (Демир-Хисарско): ~ *ел си нема сирак Иван; [нито мајка, нито татко; [л'у си има девет сестри; [девет сестри в девет града; [десета бјала Рада* [Б(С,ДХ),46]; ~ *варај Радо, бела Радо; [бела Рада хоро води; [хоро води в двете рăки. [Невестите л'ул'ки прајат; [момчетата камен фрл'ат; [изахна се до бјал камен; [та удари бела Рада* [Б(С,ДХ),48].

Радибош top. 'име на исчезнато село на север од Драма'; според Ј. Иванов: "името е сврзано со старата словенска ономастика, со лично име *Радогост"*, и го споредува со руското л. име *Радогощ* [ЈИ,М... ,181].

ра̏ди́нка̏ f, dem. 'мала крпа' – **в. ра́да̏** 'крпа' [ЛС(К)94].

Ра́до̏во top. 'име на село во Струмичко, во кое живеат бегалци од Кукушко, со католичка вероисповест – таму вршевме анкетирање'

~ *ути́шли дӑ-те́рӑт цӑрква прӑ ри́мско̀: влӑди́ка. Он ре́кӑл: "Ќи-ви-да́м цӑрква уф-Со́лӑн, ак-би́јте кӑтули́ци". Де́н дине́ска зӑ-то́о сӑ Ра́до̏во кӑтули́ци* [ПК,2(Крец),306].

ра̏до́син* (и: **ра́дусин**) adj 1. 'кога некој е исполнет со весела расположба и радос' ~ *ка̀ има́л Ива́н де́са̀т гуди́ни, а Ти́на се́да̀м, ма́јка-им те́шко са̀-ра̀збуле́ла и умре́ла. И тӑка́ ра̀до́сњо живо́т на̀-де́ца̀та пу-слӑрта на̀-ма́јка́та гу-за̀мини́л те́шкјо живо́т на̀-сира́ци* [ВД,276]; ~ *"ох, ох! кокона! От пустото јангин ме и страх, алаисе да донесам един мој сандък да го клада тука на поднокаше!" И куконата пак ја пож'али, ја и рекла: "е, донесе го, клад го тамн при хламјут, на малката удајушка" И бабата отиде радосна на ч'аршиата* [V,PM,164] – во контекстот среќаваме номинативна форма со значење на вокатив: **"ох, ох! кокона!"** ; ~ *чо́ику рӑдо́сен си-гу-зе́л гӑрнито и трӑгна́л нӑ-пӑт зӑ-до́ма. Ама пӑту бил плӑни́нцки и дуле́ку и пуста́нӑл. И на́шӑл нӑ-пӑту идну-ста́п. Гу-зе́л ста́пу и гу-на́врӑл нӑ-рӑчкӑта* [ДК(Рак)-,152]; ~ *Едно дава на царју и му вели: "на ти, царју, на тебека едно јајце и два имаш от долу, са чиниха три. И едно дава на дјатето... Ету и на меника три останаха" Тогас царјут вели на жената: "аферим!" И си отидоха радосни у дома* [V,PM,101]; ~ *и же́ната сӑ уплаши́, и сӑ стре́си-ши, ни́какфа сӑ чини́ла ут пла́х...* (плашење, страв). *И о́н а ричé на не́а: Ке́рко, ве́рата тфо́а ти лекува́, оди си радо́сна, и здра́ва да би́диш ут ва́ бо́лка* [MV,K,325]; 2. 'нешто што радува, што носи радост' ~ *не́мум ра́дусин де́н* (= имам несреден, односно несреќен живот) [ПК,2(Гӑр),196].

ра̏до́сно adv 'кога нешто станува со веселост и радост' ~ *Еди́н де́н Ива́н и Ти́на ра̀ши́ле да̀-са̀-гри́жат са́ми за̀-се́бе. Га̀-на̀пушчи́ле та́ткувата кӑшча и удде́ле уф-ису́мата. Ка́-са̀-ј искачи́ле на̀-вӑрхо на̀-ри́до, уф-да̀лечинта гу-виде́ле гра́до и ра̀до́сно са̀-упа̀ти́ле према̀ не́го* [ВД,276]; ~ *ку́пи-си бра́шно, ку́пи-си со́л' и уста́нӑлите па́ри ги-утне́се до́ма. Приче́ка-гу ма́јка-му ра́дусно, пи́та-гу: – што́ излуви́ си́нко?* [ВК,281] – во текстот среќаваме гл. л-фор. со значење на гл. придавка: **уста́нӑлите** м. 'останатите'; ~ *и самовилата кату човек си чини, та отиде на неговата порта, фатила да вика радосно: "еј, господин Костандин, ади ела да појми, на едно место са собраха јунаците, те сакат да му свирии"* [V,PM,227].

ра́дува (сӑ)* impf 1. 'чувствува радост, веселба од некоја работа, односно настан' [MS,s,95]; ~ *ви ве́л'ам: упуле́јтисти, да виде́јте ни́вите шо си пубилéа, са́ка да си жни́јат ви́ки. И то́ шо жни́и да́рот гу зе́ва... да си радýват за̀́јно и то́ шо се́ј, и то́ шо жни́и* [MV,K,252]; ~ *извадéјти прӑвната*

примéна, и убличéјти гу, ... и а извадéјти данáкут ранéтито, заклáјти гу, и ки си јáдими и ки си радýвали [MV,K,281]; ~ *дојдé Ис... да лу застанá уфстрéт, да вéли на нúх: Мúрба на вáс. Ká лу ричé, лу ся кажá рáците и на плéшките. Ся радувáле вúки Учéниците ка видóа на Стопáнот* [MV,K,252] – пример за тоа како директниот предмет во овие говори е придружен со предлогот **на**: **му ся кажá рáците и на плéшките;** сп.: – за големиот христијански празник *Вилигдин* жените носат во џебот по неколу црвени јајца и кога ќе сретнат дете на некоја своја пријателка или роднина, на улица пак му даваат јајце – *да са радуве* [ТГ,61]; и: **рáдва (сă)** ~ *мáјкă-лу лу-тувáрва пáк лéп, иднó, дрýго, дă-јáдăт и си-óде пáк при-прийтéл'ут. И лу-вéле: "Кáко пумúна, бе прийтéле?" – "Арно, лу-вéле. Мáјкă-ми сă-рáдва, иднó, дрýго..."* [ДК(Дур),150]; 2. 'се вклучува во веселба, се весели' ~ *отишел у дома лу пожален и на мајка лу ја вел'аши: "мале, лила мале, динеска излезох сос јунациту и јазе да си радували на џулбушут но повики си пожалих, сиракот, зашто они си фал'аха, кој сос чифликите... кој сос парите"* [V,PM,196]; 3. 'контактите со некои личности го прават среќен' ~ *кулиџиата и бил'џугате лу ги чини, и ги зема от неколку дни сетни. Тогас дјатету скрихол ходиши околу две или три мéсици, сос кулиџиовата жена си радуваши* [V,PM,71]; 4. 'верникот пред да почне да пости ако јаде мрсно се вика дека *са радуве'* [ТГ,15]; освен од кај Тановиќ, т.е. од гевгелискиот говор, од други извори спомнатово значење не ни е познато; 5. односниов глагол **рáдува (сă)** го среќаваме во описот на следново верување: ако при ткаењето работата се одвива неуспешно тогаш се верува дека оној на кого му е наменето платното многу *"са радува па за тоа не споре"* [ТГ,364]; сп. уште верување во сон: **уф сон ако плакје, - ки се радуве [ТГ,313]**.

рáдувáни n 'психичка состојба на веселост, на радост' ~ *ká си дујдé Ангел Господúноф кăд нéа, ричé: Рáдуј-с прирадóсна, Гóспот су тéб. Па óна ка и видé, си путрисé на вóа лáф, да сă чýдиши, кáкфу вóа радувáни ки бúди* [MV,-K,315]; ~ *да как ся чýла Елисáвет на Марúнина рáдувáни, лу сăграјáло дéтито нéјно уф сăрцито, и ся наблýди Ел... ут Сфéти Дýх* [MV,K,301] – во контекстот интерес претставува употребата на лексемата **ся наблýди** 'беше оплодена', што не ни е позната ниту од теренските истражувања, ниту од ексцерпираниот материјал.

Радумúр 'м. лич. име запишано во Гевгелиско' [ТГ,115].

рáдус (и: **рáдос**) f (m) 1. 'чувство на исполнетост, на весела расположба' ~ *и пóпут ут рáдус ја пригăрна и т'á лу вилú: "ли сă в'ăсаш', ц'ál вéч'ăр нáш'-и"* [MS,t,68]; ~ *и хóжда с'ă сăс с'é рáдус, да си вéзми лúрата ... си утúди у дулúа сăс гул'áм рáдус* [MS,t,70]; ~ *си пустил'áха да пуч'úнат и бáбата сăс гул'áмја рáдус му стóри кафé* [MS,t,84]; ~ *си хóж'да прáв'ă у дулúа ... и ж'ината-му гу загрăна и гу бáкна сăс рáдус гул'áма* [MS,t,86]; ~ *ричé на нéгу Ангелот: Нúли сă плáши, Заарúн, зáшто тфójото мóлба ся чý на Гóспот, и тфójта жéна Елисáва ки си рóди дéти на*

те́бе... и ки би́ди на те́бе ра́дус голе́м [MV,K,294]; ~ *пак фа́т'аха да играјат хо́ру ут гул'а́ма ра́дус* [MS,t,87]; 2. 'собрани луѓе кога се веселат, веселба' ~ *го́збата но́го а́рно зъ́фъ́ти́ла, а́ма ло́шо свъ́рши́ла, е́ве зъ́шчо́: тъ́мја́н зъ́фъ́ти́ла ра́дуста и тъ́мја́н си-кла́дела сини́јта зъ́-ру́чак, по́пут гу-викна́л нъ́-пя́нто де́те* [ВЕв(Кал),293]; 3. изр.: **ја не имаши от радост** (= кога некој ќе биде опфатен од претерана радост) ~ *от как царица са молила на Бога, не замина мло-гу времја и позна́ла, ча остана трудна. И кату останала трудна, ја не имаши от радост. Али дошло времја за да роди* [V,PM,275] – во текстот имаме уште еден пример за присуството на адверсативниот сврзник **али** (м. 'ама'): *али дошло времја за да роди* ; **ра́дос са чини́ меѓу ни́х** (= се израдуваа) ~ *то́ј л'у оти́де при море́ту, најде́ пак о́нај гимици́а, не́гоф побра́тил. Как са позна́ха та́му, зна́ите ко́лку ра́дос са-чини́ меѓу ни́х* [MS,t,67]; **ѓо́ ра́дус димек** (= божем се радува) ~ *кя-пурястела два́јсет гуди́ни чу́пята не́ са́ка цъ́рно, съ́кала бе́ло мъ́ш. А кра́лут, ѓо́ ра́дус димек, е та́ка-ва́ка, та́ка-на́ка, не́ съ́-мъ́же. И стури́ле нъ́-си́ла д-ъ́-мъ́жъ́т* [ДК(Ран),130]; сп. пожелување: **кој не види таков радос, да види** (= сите да вкусат од среќата што ја носи новиот брак) ~ *зева акалеснарницата кумот, благослаја и здрави: "добрја ми дојдохти, да са здрави и жју-ви, да мо и чистито, от Бога ризик да имат!" Кој не види таков радос, да види* [V,PM,247]; сличен благослов од кумот има запишано и во Гевгелиско: **ваја радуст сите да ја дучекат**: *"Ка е арно Господ нека даде! Вија на миловалисте и дујделе да на канте да венчиме, Госпуд да ви даде дла́ѓ живот и кя́смет, арин век и на секоја педа пу ока бирике́т. Ваја радуст сите да ја дучекат: кој је жинил па да жене; а кој и винчал па да венче"* [ТГ,160]; сп. уште една варијанта: *"Мисла аирлија да ни биде! Ново руднинство ду века да траје, и Госпут на сите ваја радуст да ја даде!"* [ТГ,163].

Ра́дъ́ва Че́шма top. 'изведенка од лич. име **Ра́де**' ~ *ут-та́м ка́ ќи-зами́ниш нъ́-го́ре, то́о гу-ви́кихме Кър-ја́ли́а. То́о у́бувo ме́сто би́ше, чини́чки се́јаа, бустане́ се́јаа, застаро не́ гу-би́вше. И ут-та́м ќи-зами́ниш нъ́–го́ре и́лише една́ **Ра́дъ́ва Че́шма** му-ви́кихме, у́бувo ме́сто – бузалък, сто́ка да-па́се. Са́а се́ би́ло изо́рно* [ПК,2(Коц),349] – информаторот, бидејќи многу години живее во Струмичко го употребил струмичкиот назив, *чиничка* со значење 'пченка', наместо кукушкиот збор *мисирка*.

ражале pf 'почувствува сожалување' (спрема некого) ~ *затоа ного ти са мол'ам; [абер да му чиниш нека дојде; [нека дојде да на виде; [да на виде, да на исплаке; [на него са јоште надејме; [ти са мол'ам се́ да му кажиш; [белки ки са ражале, белки; [ки дојде да на убиде* (посети) [ТГ,265–266].

раж'ани́на f 'слама од 'рж ' ('ржаница) ~ *за дунис'е́ на враш'и́луту раж'ани́на, за ја настил'е́ у враш'и́луту, за ја запа́ли раж'ани́ната да згури́ и да ста́ни пе́пил* [MS,t,66]; ~ *раш'та́ ја ч'у́ками на враш'и́луту съ́с ко́пани и з'е́вами л'ъ́бут* (зрната) *и раж'ани́ната уста́нува на ни́вата* [MS,t,67]; в. **ръ́жан**.

ра́ж'ба f 1. 'пород' [MS,s,96]; 2. 'раѓање' – в. **раждани** ~ *еден ден еден л'акарин торбаџиа викаши на сокаќут: "л'ак кој сака за да роди?" И трите сестри гу дочуха и гу викнаха на дома та му вел'ат: "ej л'акарин, дај ни л'ак за ражба"* [V,PM,103].

ра́ж'да impf 1. в. **руди́** ~ *цари́цата н'ă-ји ра́ж'дала; були́ка гул'а́ла ја илиа́ш'и* [MS,t,30]; ~ *уткра́ва ина́ ја́блăка ут пара́диса и исл'а́ва на зим'а́та, пруми́на прис цару́вата кӑш'та и ви́ка: "то́ ни ра́ж'да, јас и́мам л'ắк да руди́!"* [MS,t,30]; ~ *имаха ина́ куби́ла и т'а́ ни ра́ж'даш'и и т'а́ ги изја́ва* [MS,t,31]; ~ *едно́ врја́ле е́ди́н цар и́маши една́ цари́ца, сѐ мо́ми ро́диши... викна́ ба́бата и га ве́ли: "Ба́бо, а́ку ро́дја мо́ма на́ ца́рју да му ка́жиш дја́те роди́х, зашто́ мо́шни е разиде́н зарди́ мо́лите, што ра́ждам!"* [V,PM,111]; 2. – **(са)** ~ *на чурбаџи́јата му са ра́ж'да ина́ мулу́ш'ка, и́ди стр'ад'ă но́ш' на́рич'ни́цата* [MS,t,14]; ~ *е́ди́н де́н момчето га ве́ли: "ма́ле, дали́ ја́зе бе́з та́тку си руди́х?" Тога́с ма́јка му му ве́ли: "о́х, си́нку, кој си ра́ждa бе́з та́тку? и ти́нака да си роди́ш без та́тку?"* [V,PM,154] – пример до која степен не функционираат опозициите меѓу кратките заменски форми за прав и неправ предмет: **момчето га ве́ли**: ....(место: 'и́ вели' – за ова поопширно во граматичкиот дел); ~ *си ста́нуват ем куби́лата, е́м цари́цата дити́ни; и си ра́ж'да цари́цата идно́ д'ắт'а и куби́лата идно́ ж'др'ắпч'а* [MS,t,31]; ~ *и там ра́ж'дат уфц'ắта и ко́зăт'а ц'а́ла зи́ма* [MS,t,67]; 3. 'кога овошка, растение, нива дава плодови' ~ *уф-на́шата а́вли(ј)а и́маш ше́с ду́н'и сас-гул'а́ли пло́дови. На-пре́дниo де́л от-кӑштӑта и́маxм си идна́ лузни́ца. Т'а́а се́дам па́ти уф гуди́ната ра́ждаш* (?) [ДЧ,158]; ~ *тој хи рекал: "Какав баксис (дар) да ти дам за сиирја што ми устори?" Тја му рекла: "Шта ти родjă на дора едно даро, кое то шта ти ражда алтанjă (жалтици), ама да ни кажеш нито на женăтă си, нито на друг н'акој"* [...] – во текстот има два случаи кога прво се дава турскиот збор, а потоа се објаснува со македонски: **баксис** *(дар)* и **алтанjă** *(жалтици)*, што несомнено претставува указание за силното влијание од турскиот јазик, коешто уште посилно се одразува во граматичката структура, пр. во нефункционирањето на категоријата род (за ова поопширно во граматичкиот дел); 4. ја регистриравме и новата континуација на прасл. *dj > ѓ (**раѓа**): ~ *тогăj немало болници како вија сега, тогај дома раѓале жените. И коа бабăта видела толку пари, зева идно кош, и бăпнува дичијнăта нăтре, и-фăрл'ува у-Вардăр* [ВЕв(Кр),302]. Сп. уште: **руд'о́ва** [MS,s,98].

раждани n 'кога на свет се јавува нов организам – раѓање' ~ *едно врјале имало три сестри, и трите били безчадни. Ката ден л'ак тераха да најдат за раждани и не можаха да најдат. Един ден един л'акарин торбаџиа викаши на сокаќут: "л'ак кој сака за да роди?"* [V,PM,103]; ~ *некое време, от като са земали вече, разговоруваеки се мăш и жена, жената казала на мăжот си, как некога, кога она била малка, на третиот вечер по раждането и душел у дома им некој чуждинец* [ШГ,V-(402)]; и: **ражѓајне** – сп. опис на

чинот на раѓање во минатото: кога трудната жена ќе ја фатат *бол'ки,* ќе повикаат *баба* (бабица), присутните ќе го напуштат домот. Штом ќе дојде *бабата* ќе ја одврзе шамијата од главата, исто ќе ги одврзе и *пришилата* (врвките) од *ирамy* (од скутникот) три пати ќе го допре крстот на породилката и ќе рече: *"Свита Бугуројца на помуш да ни биде",* а и жените што и помагаат на *бабата* истото ќе го сторат, зборувајќи: *"Лек полуз – леко ружѓајне"* [ТГ,105].

раж'д'ásува impf 'кога некој железен предмет (пр. **нош**') фаќа 'рѓа '; сп. **скур'ásува** [MS,s,97].

ражен m 1. 'тенко дрвце со врв на кое се набодува месо и така се пече' ~ *кату чу така, тој им вели: "ади виа гледајти си работата, онаја е моја гајл'а! Да видими, тој ке да ми погуби, или јазика ке да гу пека на ражен чивирме да гу изјадам"* [V,PM,73]; ~ *много планини сам шетал; [Пирин Планина највише. [Много сам мајки расплакал; [Јована мајка највише; [татко му му го натерав; [сина на ражајн да пече;* Ѓмајка *му му ја натерав; [печено месо да јаде* [БМ,55]; ~ *тогас Мајдон му вели на протудраку: "ej море, протударку де! Јазика от кога са мăчах да ти клам аф рăката ми! Јазе сам Мајдон, што сакаши да ми испечиш на ражен"* [V,PM,76]; 2. изр.: **нă-рăжáн гу-пéче** (= многу го измачува, го малтретира) [ПК,2(Гăр),186].

р'ážи impf 'сече' [ДЧ,103].

ражиница f 1. 'крупна слама' – сп. обичај во кој го запишавме споменатиот назив: навечер, на празникот **Прошка,** додека возрасните одат во посета и помладиот бара од постариот да му опрости за сторени грешки (: *"чико прости ми ако сум ти згришил, куту помалечук, куту аџамија и куту ка ни е адет"*), децата се собираат на некое повисоко место, тука носат по еден **нарамник ражиница** (крупна слама) и прават голема купа. Кога ќе се стемни сламата се запалува и децата играат околу купата, штом ќе прегори оганот скокаат преку жарта, а потоа се црнат и се веселат [ТГ,35]; 2. – снопјето ги врзуваат со *вăжијна* – стебленца од 'рж, што претходно се топат со вода за да се врзува полесно; таа слама се вика **ражиница** [ТГ,336].

разалúнка f 'девојче што за празникот св. Лазар заедно со други девојчиња, во група одат по куќите и пеат лазаренски песни'; формата е добиена со метатеза од **лазарéнка** – последнава (форма) исто така е во употреба [MS,s,96].

разбéга* pf 'напушти некое место на брзина, побегна' ~ *кáк испаднáле скóро емéн разбигáле ут гробут; да му бéши стрáх и чýдо голéм, и нé рéкле нúшто на нéкоа, óти му бéши нóго стрáх* [MV,K,255]; ~ *и они кату, кату отиваха на пăтјут, земаха от един кон мухи и кладоха на мулитата, и, как фатиха мулитата да ритат, си разбегаха по гората* [V,PM,49]; ~ *уфчáро кóа гу видéл ус малéчкуто кýче, почнáл дạ сạ смéе óти óн имáл нóго кучúн'а и тóа гулéми. И óни óдма му се нạфрлúле на мạлéчкото кýче. Арно áма тóа бúло нóго л'ýто и сúте ọфчáрски кучúн'а сạ-рạзбигáле* [ВГ(Мир),273]; ~ *да му сạ видéле вúа лáфови катý насмијáчка вúи прикáзни, и не а вéруваа на нúн'и. Илим Пéтро станáл да си загнé дýри на гробут.*

Да ка́ си навиде́, а гле́да са́ванут шо бе́ши са́ми, да си разбига́, и си чу́диши [MV,K,334]; ~ *дошло време Френци дошле; [напауниja Долга Маала; [ка дочуја пожарани; [разбигаја горе, доле; [горе, доле низ гората; [като пилци распадени* [БМ,21].

разбе́ре pf 1. 'сознае нешто' ~ *се́га, пу-ни́ку гуди́на, си-до́шле и мъ́јште, а́ма ни́кој не́-писа́л нӑ-ти́а мъ́жи, нӑ-ти́а бра́ка. Си-до́шле, сӑ-рӑзбра́ле шу-во́а брат-му... Та́ка и та́ка – му ре́кле – и ни́што не́ нӑпрӑви́ле нӑ-брат-му о́ти би́ле кри́ви* [ВКај(Рак),325]; ~ *ве́ли на не́го Ис...: Аку са́кам о́н да уста́ни дур да до́јдам, шо ти и? Ти́ е́ла пу ме́н... Во́а и Учени́кут шо кажу́ва за ви́и ла́фови, и шо писа́л ви́а; и разбра́хми шо са исти́на не́гуво кажува́ни* [MV,K,338]; 2. 'договори' ~ *и са: ста́рио му-ве́ле: "Ва́ри ва́дан на-цӑри́цӑта ти́ ка:ве́". "Ама, рӑче́л, цӑри́ца-j, та:-j же́на; а́j ус-ца́ро, рӑче́, и о́н мъ́ш и а́с па́ сӑ-пугуди́ме, а́ми ус-же́ни, рӑче́, ка́к ки-сӑ-рӑзбе́рӑме* [ПД,-145]; ~ *дуjде́ зе́т-ми, пӑзариса́л дру́ѕи сви́рки, ти́е пужаре́нцкте; – ја́с не́м-бӑрка́jне* (работа) *суспе́н, ја́с гу и́ам та́тку-ти, не́кӑ-до́jде та́тку-ти, дру́jк пӑза́р, киса-рӑзбе́рне и шо́ ки-би́де, ки-би́де* [БМег(Цъ̆р),206]; 3.'растумачи' ~ *"е, му-ре́клӑ та́ же́нта-му, о́ти ко изѕвига́ ко́jнут и кубилта ти са-нӑслиjа́, ко-приближа́ ја́гниту не́-гу-устӑви́ ти да-гу-зако́лиш та́ ја́гниту; са́кӑм да-ми-ка́jш шо̀ рӑ збири́ш уд-ва́ тӑква́?"* [БМег-(Збор),200] во контекстот има пример за нефукционалност на категоријата род: **да-гу-зӑко́лиш та́ ја́гниту**; ~ *му ре́кал на ни́х: шо ли па́лахти? Не зна́ити шо трибу́ва да би́дам на Та́тко-м-ти рабо́ди?* (sic?). *И о́ни не си разбра́а ла́фот шо му кажа́ на ни́х* [MV,-K,308]; ~ *му-ре́кал: "Зе́jни дӑ-тапл'у́jнӑм нӑ-му́цкӑта и ки-рӑзбе́риш шо́ ла́фе дивути́jне, ајва́jне, о́фци, ко́зи, мӑгари́jна, шо́ збо́рӑт они* [БМег(Збор),198] – во текстот имаме несоодветна употреба на предлогот **на**, наместо 'во' (кога упатува на внатрешност): **дӑ-тапл'у́jнӑм нӑ-му́цкӑта**. **4.** 'сфати' ~ *разбери ти оти не ни оде напред* (немаме среќа), *кога кукошки биле не снесат, а калю уд друга работа аир (хасне) сакиш* [ТГ,401] – убав пример за употребата на перфективен глагол во презент: **кукошки биле не снесат**; ~ *ви́кум: "А-бе́, слу́ши, а́с нӑ-мо́жум д-о́ла ду-до́ла, нӑ́шта кӑ́шта-j кӑ́де адна́ гӑрчка учи́тӑлка, ту́к шо-н-у́че. Нӑ-мӑ́рзе нӑ-на́с, ка́ ки-флезум а́с до́ла ки-чу́ат ти́ӑ, ки-рӑзбе́рӑт"* [ПД(Ник),172] – во текстот има уште еден пример како директниот предмет е придружен со предлогот **на**, што се третира за влијание од ароманските говори: **адна́ гӑрчка учи́тӑлка, нӑ-мӑ́рзе нӑ-на́с**; ~ *вечеро, не најдел ни вечера ни камен, а на жената си га најдел заспана дъ̆лбоко. Дигал га да стане да зготви вечера, та ни мрднувала, ни се разбудувала. Тога то, ка га видел на такӑф хал, разбрал оти била пиена* [ШК,V(417)]; ~ *кӑ-тиска́рӑт го́ре прӑ-ма́jк-ти дӑ-ка́jш: не́ зна́м, о́ти а́ку ка́jш "зна́м", ара́пино тӑ-j-зе́де. Ти́ӑ кӑ́шти сӑ-пра́вни сѐ ут-чуве́шки ко́ски. Де́тто рӑзбра́ло* [ПК,2(Ним),268]; – во текстот, во две реченици се среќаваат примери со употреба на перфективен презент, што зборува за неговата фреквентност: **ка́-тиска́рӑт го́ре; ара́пино тӑ-j-зе́де.**

разбе́рин adj 'осознаен, тој што се сообразува' ~ *ка́ не́-ј разбе́рин зăви́ј-мо вра́то и ни́што по́вике* – штом не сака да послуша биди груб, казни го [ПК,2(Гăр),165].

разберува impf 'ја сфаќа смислата на кажаното' – споменатото значење на глаголот го разоткриваме во следниов обичај: – на денот кога бебето ќе биде крстено родителите даваат ручек и сите што седат на софрата благословуваат: *"Ајде, гулемо да пурасне, братче да си купе!"* (или сетричка) и т.н. Ако детето за тоа време молче се кажува: *"Гледиш ли гу, укубетут ниједин! Сѐ разберува, па види ка молче за пари!"* А, ако плаче, тогаш велат: *"Бре, бре, бре, ки се каже дека е! И оти бил јунак, па знајал да плаќе. Ох, ох! Грубутија нијадна!"* – *Укубет* и *грубутија* се кажува за *да не го фате уд очи; – да не гу уроче* (бебето) [ТТ,116].

разби́ва impf 1. 'руши' (пр. ограда, плет) [MS,s,96]; 2.'скршува' ~ *вили́: "ни́ту нуs'ăт'ạ и разби́ва, ни́ту куж'а́та изва́ж'да!"* [MS,t,78]; ~ *викат на траговциту...да метнат по-малко имани на морету, за да улекни корабјут. Тогас фатили траговциту да са карат меѓу них, кој да метни иманиту, на сички му е било милно.Тогас момчету разбива един керпич от прет них* [V,PM,191]; 3. 'победува' ~ *орле бре орле, крилато пиле; [високо леташ, орле, далеко гледаш; [дали ги слушаш што пушки пукат; [што пушки пукат, орле, топови грмат; [дали Русија Плевен разбива* [БМ,60]; 4.'лупи орево' [MS,s,96]; ~ *Иринѓјо́т има́ш'и о́рахч'а́нта, си ги разби́ваш'и сăс ч'ака́ѓниту* [MS,t,50].

разби́и* pf, 1. в. **разби́ва** 1.; 2. в. **разби́ва** 2. ~ *и вили́ на сфа́т'ạта на ста́рата: "ми трукули́ ко́н'ут, ли разби́ ку́рут"* [MS,t,78]; ~ *вили́: "бре́, к'е́ратата! и разби́ нуs'ăт'ạ на ж'ината!"* [MS,t,78]; ~ *лиши́цата хо́ж'да пукра́ј арасла́нут: "шо́ па́ти ту́ка, ца́рилу?" арасла́нут вили́ на лиш'и́цата: "гу гл'е́ндаш' то́с ч'уфч'и́ја м'ạ разби нуs'am'a!"* [MS,t,77]; ~ *оти́де на бахча́та, кату как му пора́ча та́тко му, да си обеси, фăрли ва́жито на вра́х дăрво́то, тури́ отдо́л еди́н ко́ш, си качи́ тој на ко́шот, тури јулми́кот на гăрлото му, гу пе́рна ко́шот да са обе́си. Си разби́ вăрхот от дăрво́то и тој не си ода́ви* [V,PM,7]; ~ *пак тој: "за разбиили сандиките". – "Хубае". Спроти отговорот н'амскио траговецот разби сандиките и двата. Та гленда, што да види: курш'ум и калини беха пăлни* [V,PM,178]; ~ *му удри́ у нуs'ăт'ạ пу-на дв'ă бра́два, му разби́ нуs'ăт'ạ* [MS,t,77]; 3. 'размати јајца' ~ *ра́зби́ј ти́а ја́јцта* [ПК,2(Мут),99]; 4. 'кога крупна новчаница ќе се ситни' ~ *уфче́ра гă-разбијах или-да́рката и дина́р не́ устана́* [ПК-(Гăр)]; 5. изр.: **ми сă ра́зби сонот** (= се пробудив и не можев да заспијам) ~ *ја́с, тăка́, о́ти ле́то-ј се́га, нă мо́жум да чи́нум. Го́нди не́ вăрве, са́атут си вăрве. Сно́шти, ка-м сă разби́ со́нут. Уф Со́лун но́го нă мо́жăх да спиам тăка́* [ИГ,121]; ~ *сно́шти но́го до́цкăна дуј де́те, ни* **ра́зби́те со́нут** [ПК,2(Крец),40].

разбиен adj **'скршен'** ~ *и оттам отиде на бунарот, да напуи ко-н'ут. В бунарот падна златнојут*

папуц, нетри го оставила тамо, и пак отиде у долиа на јасилот. Дојде и татко ѝ от хоруту сос разбиената нога, викајке: "ох кутро пепелашко, излези да ми видиш" [V,PM,206]; во следнава демонстрација на адјективот **разбиен од кај Малецки** е нарушена категоријата род: **разбíјна кóкал** 'скршена коска' – со именката од м. род **кóкал** оди придавка од женски (род) **разбíјна** [MS,s,96]. В о долновардарските говори, ваквата нерегуларност во конгруенцијата е честа појава (за ова поопширно види во граматичкиот дел).

Разбíјника top. 'име на месност во реонот на Крчово (Валовишко)'; изведено, според Ј. Иванов, од дијалектизмот **разбијник** (= место в река каде што се разбива водата) [ЈИ,М...,181].

разбíра impf 1. 'сфаќа, правилно толкува' ~ *на вáс ви си дáл да знáите скрíшнити чýдби уф царшти́на Господи́нова; да па дрýзите су прикáзни: сфéтут шо ки глéдат, да нé пузн'áват, и па шо слýшат да нé разбíрат* [MV,K,274]; ~ *чýнки нóгу л'ýди зафати́ле да си кáжат мурафéтут зарди нáши рабóти разбрáни,... да си разбíраш и ти за ви́и прикáзни шо си клáл ниéт бис кусýр* [MV,K,320]; 2. 'дознава, има сознание за нешто' [MS,s,96]; ~ *и óн ки одéл пóнáпри ут нéгу су Свéти Дýх... и неразбрáнити ки и чи́ни крóтки на прáвина, и сфéтут ки му чи́ни да би́дат азăр за Гóспот когá ки дóјди. И му ричé Заари́н на Англ: Кáк мóжал да разбíрал за вó?* [MV,K,295]; ~ *лúна Нóмото нáш гу сăди на човéкот, áку нé а слýши нáпри ут нéго, и да разбíра шо да чи́ни? Гуворúа, и му си рéкле на нéго: Ми́нан си ти́ ут Галилéа?* [MV,K,262]; 3. 'мисла од туѓ јазик ја преведува на свој' ~ *сăбáјл'то ти́й избигáли нă-дóлу, уддé кăт-Смулáре, а пă-ти́й тýка зăпнéли уф-кăштте тéрат јадéне, тéрăт пáри,ни́й дă-јм кáжме áма ни́што гăрчки нé рăзбíрме* [ПК,2-(Мор),223]; ~ *тáа вójската пурéкта, адни́ замина́а за Кýкуш дерéк, нé зăпрéе ду-рéкта, а па адúн клóн ф-нáшто сéло завăртéа. И ги пăрчикáме – кути дéца, áма óни нă-пи́тат пу-бăлгăрцки, а ни́й нéшто рăзбíрме* (информаторот сака да каже дека нешто разбрале, нешто не). *Они ви́кат "Мумчé, мумчé!", нé рăзбíрме, нé-знáјме шó-ј "мумчé", ниа: "дéте, дéте"* [ПК,2(Мор),217]; 4. 'знае' ~ *му сă искажá Ис... самосéб на ученúцити нéгуви, ка станáл ут умрéш, и вéли на нéгу: Пáсај јáгнити мój... ми милýваш? Си прижал'á Пéтро... да ричé на нéго: Афéндо, ти сăти знáиш, ти разбíраш шо ти милýвам* [MV,K,338] – во контекстот се присутни: една морфолошка и една синтаксичка посебност; прво да ја споменеме проширената употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род: **пáсај јáгнити мój** – веќе рековме дека се работи за позајмен образец; како синтаксичка посебност: употреба на сврзникот **шо** како декларативен, наместо 'дека': **ти знáиш, ти разбíраш шо ти милýвам;** 5. – **(сă)** 'лажно се претставува дека нешто знае' (иронично) ~ *а-а, нóго сирăзбíре óн цáнăм, кýту мăгáре уд -вójна музúка* [ПК,2(Гăр),171]; 6. изр.: **сă-рăзбíрат ус ишпрéте** (= се договараат со знаци, без зборови) [ПК,2(Мут),54].

разбирáчка f 'согласност, разбирање' ~ *ус-кăсăвéте ми-пумина́ живó-*

то... ус-тéп нéма разбирáчка [ПК-,2(Крец),122].

разбо́ј* m 1.'домашна дрвена направа (прилично голема), се користи за ткаење' ~ *гу уд'а̑нăхми ут ни́тит'а, гу уд'а̑нăхми ут грибин'о́ и с'а̑ за гу привръз'е́ми на разбо́ју* [MS,t,7]; ~ *с'а̑ на крусно́ту гу навúхми, úш'ти да сă привръз'е́ на разбо́ју* [MS,t,7]; во Воденско се јавува со повлечен акцент: **ра́јзбуј** ~ *кă наближúл адну сéлу, зăчýл уд-ăднá кýјкă: шкрúп-шкрúп уд-нéкуј рáјзбуј. "Чéкăј, си-ричéл дéду Гóспут, дă-вúдăм кáк ткáе тá жéнта тáму" и влизéл у-двóрут нă-кýјкăтă* [ВВ,309]; исто и во Кајларско: ~ *дéуто нéјќе дă-гу-дáде, áма пáк нă-мужéше дă-г-уткáже. –"Арно, вéле, зéвај-гу!" Гу-зéва дéтито тó. Тó дă-ти-бúде дјáул. Гу-зéва нă̑тре у-дýпкăта. Пýле – нúкуј двé-трú чýпи рáјзбуј ткáјă̑т* [ДК(Ран),140]; во Солунско со значење на 'разбој' се слуша и **старóлак** [MS,s,96]; 2. 'вид направа за стегање' ~ *Тýла фáбрика рăбутúх, пóсле уф-тáа А рсăнáло. И адúн чувéк на-рăзбóјут ко:-стéгне куршýмут, до:-искáре гúлцто* (= кошулката на куршумот). *И гу-дéл'аа сéкуј бăрýт пубăшкá. Тăкá рăбóтаа уф-Сóфја, óни гу-рăбóтаа* [ПК,2(Иц),284] – во истиот контекст има две посебности; прво беспредлошки додаток за место: **тýла фáбрика рăбутúх**, што се третира за балканизам (место 'во тула фабрика...') и второ позајмен образец од тур. јазик: именка употребена како придавска определба *тýла фáбрика* ; 3. 'предниот дел на коњска запрега кога влече еден коњ' [ПК,2(Мут),-98]; 4. изр.: **нă тó рăзбóј нéмум** **плáтно зă-ткáјне** (= работата што ја споменуваш мене не ме интересира) [ПК(Гăр)].

разбојник* m 'дрзок човек што се тепа, што ограбува, што краде' ~ *завáр'уват го тáм вечерта харамијте, разбојниците, заварват го там. "Е-ех – казва, – кој ни е зел парите!" И фат'ат, фкарват го вăв стајата, направ'ат го на четúри парча. Ej тăj!* [ВДрам(Кал)-,334] – во контекстот имаме употреба на перфективен глагол во презент **'фати'** (**и фат'ат, фкарват го**), што не е обично во македонскиот стандард.

разбóли (сă)* pf 'го фати немоштина, престане да биде здрав' ~ *ни муж'á за да ја в'éни, сид'а̑ инá фóтографúја и з'é и дóјди думá, сă разбул'á* [MS,t,9]; ~ *там си разбул'áх иднá бóлка сид'а̑ ут ш'тинахóр'а* [MS,t,2]; [MS,s,97]; ~ *А Марко си хи зборува: [– Имиро, кадăн Имиро; [помниш ли, мори знаиш ли? [кога бех у вас ратајче; [та се бол'ăн разбол'ах, та ти одица потерах;[...та ми подаде скрните* [Б(С,ДХ),32]; ~ *цáрски сúн си разбол'á, сúчки пóнуда му нóсат, не јáди. Момáта вéли на бáбата: "мáјко, дá му чúнам и јáзе еднá пúта"* [V,PM,133-134]; ~ *а-бé, дéцта сј-устăвúа чувéцте. Já ткá, нă–мóж до:-нóсе жéна, нéкуј вујнúк гу зéмје, гу-тýр нă-кóјно, нéкăдеák сă-нá: пá к'-ин-гу-дá:. Разбулéл-се адна жéна, тáм, ду-нáс блúзу. Ká пумúнáме Штéмница нăгóре, гă-устăвúли дéк лéже, нéм нúкуј крăј н'á:, избигáли* [ПК,2-(Мор),219] – во текстот прави впечаток несложувањето по род меѓу субјектот и предикатот (л-фор.) : **разбулéл-се адна жéна**. Ваквите случаи не им биле познати на некои истражувачи (Ј. Иванов, Љ. Милетиќ, Зб. Голомб и др.) и дале несоодветни толкувања на об-

ратните примери: **он рекла́(а;** за ова в. во граматичкиот дел; ~ *татко му си разбол'а́ мло́гу и приближи́ да у́мри. Кату позна́ са́м, ч'а ки у́мри, викна́ детето покра́ј не́гу и му ве́ли: "а бре́ си́нку, гле́даш ли, ја́зе веки ки у́мрам ... сега́ ти пора́ чувам... да си отво́риш о́чите, сос ум да си врати́ш"* [V,PM,7].

рàзбóре (сă)* pf 'почна да се тепа' ~ *си́н-му нă-Птру́ш и та: Пе́на нă–Про́јче и о́на ут–ка́де на́с, ут-ка́де сва́тут Гро́зде: ни́кој. Е, на:м, шо́, фа́јќăт, му уттигна́ле идна́-фо́ртума, а-уттигна́ле зă-дă-не́-ва́рвăт. И та: Мăру́шка да́м у-та: фо́ртумта, сă-рăскăра́ле, сă-рăс-тăркăл'а́ле, сă-рăзбури́ле* [ВМег-(Цăр),320]; изместено значење на **'сă-боре'**.

разбра́н adj 1. 'тој што се однесува разумно' ~ *на то́а вре́ми, до́шал Јо́сиф ут Ар... у́мин, разбра́н, и он бе́ши иде́н шо че́каши царшти́ната Господи́нова* [MV,K,254]; ~ *ка́ не́-ј рăзбе́рин за́виј-мо: вра́то и ни́што по́вике* [ПК,2(Гăр),165]; ~ *и на во́а саа́т си радува́л Ис... уф ду́шата, и ре́кал: Ти си пукају́вам, Та́тко, Стопа́н на не́бито и на зе́мн'а, шо си скри́л ви́а ут у́мни и разбра́ни, да искажа́л си ви́а на дети́штита* [MV,K,312]; 2. 'кога некоја работа е сфатена' (сп. **разбере** 'сфати') ~ *чу́нки но́гу л'у́ди зафати́ле да си ка́жат мурафе́тут зарди на́ши рабо́ти разбра́ни, кату́ ка́ ни и дава́ле на на́с ут кра́ј ти́и шо а виде́ле су о́чити* [MV,K,320].

рàзбу́глин* adj 'несреден', сп. **бу́гла** (несреденост дома) ~ *ни́ă сме рà збу́глини* [ПК,2(Ал),25].

разбуд'е́н adj 'кога некој е буден, т.е. не спие' ~ *ч'урбаџи́јата сă на́јди разбуд'е́н но́с са́т' и ја ч'у́ нари́ч'ни́цата* [MS,t,16]; ~ *и д'ắт'а то́ј би́ш'и разбуд'е́ну, му вили́ на не́гу: "по́т' ма́јч'ин-ти!"* [MS,t,17]; ~ *кату си легнаха двете моли – беха уморени от пăтју – заспаха; Половингăзју не спие, ги чува. Отиде ламјата да види, дали спат или са разбудени, и кога гледа, Половингăзју беши разбуден* [V,PM,103] ~ *и та́тку-ји разбуд'е́н сă на́јди и ја ч'у́ на́рич'ни́цата* [MS,t,14].

разбуди́* pf 1.'на некого му го прекине сонот, направи некој да се крене од сон' ~ *и пурăнч'и на изми́ка́рката: "сă за заспи́ кири́јата, да ја ни разбуди́ш' , да ни по́ш' бли́з'а хи́ч'!"* [MS,t,13]; ~ *кугá сà-вăрнà ка́зà: "Уфци́т ги-н'а́мà, врàта́тà от-тарло́то е-пàдна́нà, мо́рà да-сà би́ли вăлци". По́това гу-рàзбу́ди у́јко Ди́нà, тăргнаха да ги-ба́рат уфци́т. С'а́кој оти́д пу-дру́г пăт* [ДЧ,166]; ~ *та́с и л'е́гнала лума́та, хич' сă ни разбуди́* [MS,t,53]; ~ *па ве́ли на ни́х: Ла́зар на́шо прија́тил заспа́; ки дали да гу разбу́дам. Му ре́кле Учени́цити: Афе́ндо, а́ку заспа́, ки си разбу́ди* [MV,K,286]; ~ *и пурăнч'и на ж'ина́та-му: "у́тр'а саба́лин да гу разбуди́ш' з'е́нт'у да по́ј на ко́зит'а!"* [MS,t,17]; ~ *гу ви́д'а ш'ту спи́; кајалиа́ти да гу разбу́ди* [MS,t,17]; ~ *ути́ва калита́тата дума́, му вили́ измика́рката: "икилиџ'и́јата ми р'е́ч'и да ја ни разбу́дили, аку спи́ кири́јата"* [MS,t,13]; 2. – **(сă)** ~ *сăн посăнила млада Јанкулица; [в сăбота вечер според нидел'а: [тјахни дори в ода обтăнăли; [на сриде дора до две тополи. [Разбуди се млада Јанкулица; [та си порука*

млади Јанкула [Б(С,ДХ),36]; ~ *и тојнака еден ден стана, отиде, отвори портата, влезе нетри, га најде, спијши, и заедноч га закачи за косата. И тјанака си разбудила, са цаскаши млогу за да си откини от негу* [V,PM,52]; ~ *и р'éч'и тój: "ут стрáха и јас сă разбудúх, гл'éдали сăн-ји б'ál тóс"* [MS,t,12]; ~ *И са-боéше, и са-б'éше момáта расжелáла, и зé да-зáпláче и зарóни дрéбни сăлзи. И пáдна аднá сăлза по-змúета на-óбраза, и змúета са-разбоди́ и вúде чи-úде маглáта насáм* [ВДрам-(ГБ),328] – во контекстот имаме пример за нерегуларна употреба на прелогот **по** (м. 'на'): **пáдна аднá сăлза по-змúета на-óбраза**. Исто така треба да се истакне дека поради редукцијата и неинтензивниот изговор на ненагласените вокали доаѓа и до "обратна редукција" каков што е случајот: **са-разбоди́** (м. 'са-разбуди́'); 3. 'вознемири' ~ *шó гу-вăргáлиш тóо бýре, нéли глéјш кóлко трóпе, răзбуди́ máалта* [ПК,2(Грам),32].

разбудуве (сă)* impf 'се буди од сон, станува буден' – в. **разбýж'да** ~ *вечеро, кату си дошел и побăркал вечера, не најдел ни вечера ни камен, а на жената си га најдел заспана дăлбоко. Дигал га да стане да зготви вечера, а та ни мрднувала ни се разбудувала* [ШК,V-(417)]; ~ *и óн му-ă-трăгнýва скáлăта, а-фăрл'а пóнáка и си-óде. Тúа, кă-сă нăспáја, сă-răзбýдувăт, сáкăт дă-сă-сфáл'ăт сéга. Пýл'ăт – скáла нéла* [ВКај(Ран),322]; ~ *станете браќа не спијте; [од сон се разбудувајте; [во борба да влегуваме; [за да ја ослободиме; [нашата Македонија* [БМ,87].

разбýж'да impf – в. **разбýди** ~ *и стáна сабáлин, гу разбýж'да и брáт-му и му вилú: "јас, брáти, идúн кăсмéт сăнóвах тóс в'éч'ер"* [MS,t,48]; ~ *да га одерити кожата, да га чинити мјах, да дојдити тука, да нацирклаи мојте офци, да га напăлними млеку. Кату спие он, колај не си разбужда, да му кладети на устата му мјахот* [V,PM,63] – на истата стр. (63), во фуснота среќаваме интересна множинска форма кај именка од ср. род (**крило**) со наставка **-и**: **варзала писмото на гăлăбни крили;** ваквата проширена употреба на споменатава наставка може да се толкува како позајмен образец (за ова в. во граматичкиот дел); ~ *сă разбýж'да лумáта, брăка ш'урбéт', да пúј, путúр'у прáзин... лумáта сă разбýж'да, гл'éда ш'андáниту м'ăн'éнти и ш'урбéт'у испúјна пák* [MS,t,21].

разбул'áва* impf – в. **разболи (сă)*** ~ *н'áс нид'ăл'а ш'ту бракóват, сă разбул'áва кумбáрата* [MS,t,12]; ~ *идúну икимц'úја му вилú: "бóлкит'ă ни кáцат, амá на нáм ни-н-дáва рăнка да рич'éми, ч'ă ни кáцат, заш'тó л'уд'éту н'éма и-сă разбул'áват и такá ни гладни за устáнили!"* [MS,t,42].

разбути* pf 'растури' ~ *А Коста, Коста, сирумах Коста; [Коста има девет măшки внуци; [девет măшки, măшки малисори; [слушнале гу клети арамии; [арамии до триесет души; [четиријсет души кесимии; [фанале гу Коста, врзале гу; [разбутаја самарите; [Коста ми се милно моли* [БД,168].

разбăрка* pf 1.'измеша, стави на исто место различни работи' ~ *царјут не га даде, л'у му вели: "40 кила житу, ичмен, чиница, răж, мисир*

ки ги турими на едни куп, ки ги разбăркали аф една удаја нетри и ки ги закл'учам [V,PM,97]; ~ *и тјáнака, кату чý такá от змéјут, зелá двé кáдја, ги турú нéтри аф кăштата, тýри áф ни́х по еднá кутúа сóл, турú и вóда, ги разбракá, млóгу са чинúха сăлзите, и, когá дójдоха самовúлите, накýсиха* [V,PM,132]; ~ *тогај на онова лингер, што имали алтуните, прăстените,... пак от дивојката за кладат едно благо, и кăтката, и една ширвета или чеврја за јунакот и един стребрјан прăстен, и ракиата, за ја разбăркат* [V,PM,245] – во текстот место заменката **ја** (*ја разбăркат*) треба да стои мн. форма 'ги', бидејќи глаголот 'разбăркат' се однесува на работите што биле во **лингерот** (садот); ~ *и пак царјут му га не даде момата, л'у му вели: "три ока пикмез, три ока мет, три ока катран ки гу разбăркам на едно и, аку можиш да разделиш пикмезу башка, медот башка, и катрано башка"* [V,PM,97]; 2. – **(се)** 'се случи нешто, се создаде немир' ~ *и на ониа дни си разбрăка на махалата около един јангин. Де да ја текни на бабата да оди на куконата, плачејќе хем молејќе, вели: "ох, ох! кокона! Јазăк си чини на мене, јаз ако фтесах, пак ти да ме простиш, ти са мол'а и клан'а!"* [V,PM,164]; 3. fig. 'кога општата состојба е напната, кога има воени судрувања' ~ *мáјка мирăспрáвише кá сă-запалúл óгино. И ут тáм, нáште жнијáли... áма тóги кá сă-рăзбăркáло... áјде чúко, нă-тáтку-ми брáт, туварúл кóлта, чинáли, сúте сил'áне бéгат. Сúте бéгат. Флизéли Гăрцте, дéк најдéли кул'áли, типáли. У-нáшто кój бúше устанáл ги збрáли, мóми, шо најдéли. И-збрáли уф-цăркăфта, а-зăпăлúли цăркăфта* [ПК,2(Гăр),-321] – во текстот имаме сведоштво за суровоста на грчката солдатеска за време на Втората балканска војна 1913 г.; ~ *војската кату видела од дилеко, оти адин јунак големо дрво влече ув рăцето и без да се уплаше, иде право врăз нихка, се уплашили и зели да бегат... и та* (војската), *кату се разбркала, зели да се бијат адин на друг* [ШК,V(434)];

рàзбăркин* adj 1.'измешан, не во чист вид' ~ *ут-тáм утúдăх нă-русă-лúцките гробишта. Уф-Крéцăво нéма нáши, ни адúн, сáмо Гăрци и пумáци, тăкá рăзбăркини. Уф-Дрă-гумúрци úма аднá Тáна Бăрбýтова, сéстра, áма нé гувóре пу-нáшо, сáмо пу-гăрчки, зăтóо нé сăкáх дă слýшум* [ПК,2(Крец),307]; ~ *тó-ј дибéл чаршáф, уд-вăлна и кóзина рăзбăркино* [ПК,2(Мут),92] – објаснување за називот **пукроф**; ~ *нóго сă-рăзбăркини тúа прéдништа* (преѓа), *сă-мăчум ди-ј нăгóдул* [ПК,2(Гăр),79]; ~ *јáдне, сăпрáве ус-урúс и фасýл', рăзбăркно, сă-пéче* [ПК,2(Рош),25] – станува збор за јадењето **"бубарник"**; 2. сп. **рăзбăркини дéца** = деца од различни родители [ПК,2(АЌ),99].

развали (се) pf 'се запали, почна да гори (оганот)' ~ *тогајн му веле нејнта мицуна сестра: [– Аку сам си, братче, на кривина; [да запалиш воја силин огајн; [да пуддувне идин силен ветар; [да изгорам млада ем зилена. [Мори почна Павле огајн да ми вале; [ми го вали три дни ем три ноќи; [мори, таман огајн мауце се развали; [ми зароси сиуна ситна роса* [БМ,99].

разваре (са) pf 'проработи, почна да функционира' – интересно објаснување за глаголот среќаваме во описот на следниот обичај: – на празникот Св. Варвара домаќинката ќе измеша и ќе свари заедно: пченица, јачмен, овез, пченка, просо, бело и црно (сирак), на што ќе додаде црвени пиперки и рано наутро ќе ги зарани кокошките. Ова *варено жито* им се дава за да им се *разварат* цревата за да сневаат повеќе јајца [ТГ,78].

разваре́н adj 'кога нешто е приготвено за јадење' (пр. грав, ориз, месо) [MS,s,97].

развесели pf 'кога некој ќе се почувствува радостен, весел' ~ *рукна Петкана да пое, [Стојан хи били гоори: [– Петкано л'убе хубао! [Што ти срце развесели [та грукна л'убе да поеш, [лепа песна речовита, [оште л'убе гласовита* [Б(С,ДХ),14] – во контекстот го среќаваме лексичкиот архаизам: **лепа (песна),** што често се среќава во југозападните говори (Костурско, Леринско); во примерот што следува радоста се однесува на домашната "атмосфера": ~ *слуго ле слуго, невјасто; [запој ми слуго, попој ми; [развесели ми трпеза; [да ми је трпеза весела. [Слуга му вили гоори: – Царјо ле, царјо везирјо; [немој ма царјо, немој ма; [тешка ми бугла на глава* [Б(С,ДХ),30].

развиде (са) pf 'се раздени, самне' – глаголот го запишавме во еден парцијален опис на Солун: во далечно минато, "во турско време" градот Солун бил ограден со ѕид, имало неколку врати (порти) низ кои се влегувало (*Вардар-каписи, Ѓелемер-каписи, Једикуле-каписи),* наутро ги отворале кога ќе "**са развиде**", а ги затворале по заоѓањето на сонцето [ТГ,424] – во почетокот на 20. век македонското население во Солун учествувало со една третина (во однос на Грците и Турците).

развѝи* pf 1.'одвитка' ~ *гу пи́та: "заш'то́ ми ја ни нато́ч'и кала́ч'ката?"... утӣ́ј на праната́рину, му гу пла́ти ка́буту и си утӣ́ди дума́, са развѝ ут пла́тнуту и си улр'а́* [MS,t,52] – прави впечаток редот на зборовите: глаголот и кратката заменска форма се одделени со негацијата: **ми ја ни нато́ч'и** м. 'не ми ја наточи'; ~ *о́ни ка стана́ле са́ба́јле, гле́дат – не́ма мо́мичка. Де́ка ка:-на́јдат? Едно вре́ме слу́шат ка-пла́че во́нка, на-ко́ло наде́нна. Ка-виде́ле от-е́ј жи́ва, а развијале, са́мо на-куре́мо ма́лце би́ла суде́рана* [ВД,277]; – сп.: за време на свадбата во кујната е исто така голема брзаница. Се готви, се спрема и *ачијата* со голема *бркал'ка* (голема лажица) во раката, се труди да биде сè убаво приготвено, зашто сите најмногу по него викаат ако гравот заѓори или ако сармата *се развије* [ТГ,168]; 2. 'му ги смени пелените на бебето' ~ *и на Фида си пора́ча: ["Фидо л'у млада нивајсто; [да ни забајиш ручока; [ручока и пладнината" – "Стојане л'убе, Стојане; [как ни шчӑ ручок забавја; [– дор да издоја, издоја; [до девет крави младошни; [и да си дјате развија; [развија, Стојан повија* [БД,90]; ~ *издои Фида, подвари; [подвари Фида потквасиѕ [и си је дјате развила; [развила дјате, подвила* [БД,90]; 3.'развее (знаме)' ~ *а́јдим вӑф стреди́ни ста́р војво́да сто́је, [и на мо́мци ти́хо му гувóре: [ej ви́ја мо́мци, мла́ди Македо́нци, [а́јдем пӑрва ве́чӑр Ва́рдар ќи-прем и́нме, [а́јдем*

втóра вéчăр гевгелúјско пóле,[ájдем трéта вéчăр Кóжуф ќи-накáчме, [ájдем дă-рăзвúјме кăрвавуто знáме [ПК,2(Коџ),348]; ~ *сношти је Јанка јув село влегла; [јув село влегла, бајрак развила; [бајрак развила, пушка фрлила; [пушка фрлила, Турчин јудрила* [ТГ,290]; 4. 'напупи дрво, шума, односно цвеќе' (пред да се појават лисјата) ~ *Питкано бела Вардарке; [рано ти цвеќе развило; [от не гу бериш да носиш? – Како да го берам да носам; [сношти сам било на свадба; [и мојто јаро там беше; [глава му беше у кланикот; [нози му бија у пепелта* [БМ,42]; ~ *цăвтило ми је развило; [сăто солунско ивоќе; [калине да је маслине; [набрал си китка смишана; [црвен грочавиц зилен здравиц* [БМ,33]; ~ *вила се гора, вила, развила; [само едно дрво не је развило; [под дрво лежи млад ранен јунак; [млад ранен јунак сăс девет рани* [БД,176]; ~ *дăмбéту рàзвúхà* [ПСт,ЗС,66] – во контекстот имаме пример со зачуван назализам: **дăмбéту**.

развијве impf – 1. в. **развии** 2. – односниов глагол го регистрираме во опис на ангажменот на мајката: сета грижа околу бебето паѓа на мајката. Таа пере пелени, таа *гу пувијве и развијве,* таа го учи да јаде, таа сè. И кога оди на работа в поле таа го носи и детето со себе, таму ќе му направи *сенка* (ладовина) [ТГ,117]; 2. в. **развии** 4. ~ *едно́* (само што) *Сечко зафатил да излеве, а времето малце се разгалило, тревата зафатила да расте и пăпки да са развијват, една баба што и бактисало уд зима, фатила азăр да се чинуве* (да се приготвува) *за да оде на планина* [ТГ,13].

развика (сă) pf 1. 'повика (некого)' ~ *а слу́ши шо пе́јат и и́грат; и му сă развикá идéн ут измиќáрити, му пи́таши шо ки би́дат ви́а. Он му ре́кал на не́гу: Брáт ти дујдé твój, и тáтко ти заклá на ранéтито тéли, заш'о гу видé здрáв* [MV,K,281] – во контекстот имаме директен предмет придружен со предлогот 'на': **заклá на ранéтито тéли**; оваа специфичност ја познаваат јужните и западните периферни говори; ~ *и тогас мајка ѝ поверувала, ча човек имаши на софрата, којто не оставиши на керка ѝ да јади сос рахат. И кату гу видеа нетри аф удајата, заедноч си равикаха за да дојдат нихни човеци да гу биат, да гу мăчат* [V,PM,35]; 2. 'почна гласно да вика, да се кара' ~ *кóга ујдéла вáа жéна ду-кумшúјте, викнáла: "Стăрúце мурú!" Кóга испăднáла кумшúкта и рéкла: "А мурú, шó вóа врéме си сă-рàзвикáла?"* [ВГ-(Пир),275]; ~ *ќи-т испáде, ќи-т сă-рăзвúке кут нă-дéтинце* [ПК,2-(Гăр),154]; ~ *кóа гу-пýле – тó. Грéде. Чúм гу-вúди тó, гу-сéтăл и углáмникут... –"Кóлку пáри, сáкăш? Нá, тáлку!" Нé, нéјќе дéуто дă-гу-дáде. –"Гуут!, му сă-рăзвикáле л'ýѓăта. Тóлку пáри ти-дáј чóикут, нé-ќи-му-гу-дáјш? Ајт, нé-ќ-у-дáјш?"* [ДК(Бош),141]; 3. 'расплаче' ~ *– "Ја шче та њашчо попитам; [ти на мен прау да кажиш: като си бил харамија; [сја осем, девет години; [колку си деца заколил: [и колку мајки развикал?"* [БД,162].

развúкне (сă)* pf – в. **развúка (сă)** 2. ~ *зашт'о сáкати да ме утéпати? Му сă развикнáле инсáнот, да рéкле: Лóшо сăрци úмаш; кój сáка да*

ти утéпа? [MV,K;256]; ~ *му развикнá Ис... как и прикажýваши, и вéлиши: И на мéн ми знаѯти, и удéка сѯм па ми знáѯти* [MV,K,-256]; ~ *ка́ гу видé на Ис... и си развикнá, му паднá на кулéната, и му сă пуклунú на нéгу, и су гулéм глáс ричé: шо и вá на мéн?* [MV,-K,275].

развите (кă̑шта) pf 'развие', fig.: 'создаде семејство, отвори куќа' ~ *две санца изгрејали на молкуви дори; [молкувата мајка, де ходи та пое: [– Бое* (< Боже) *мили, бое! [сина ки да енам* (< женам); *[снаха ки да доведа; [кă̑шта ки развите* [Б(С,-ДХ),23].

развитрејве (се) impf 1. 'воздухот станува чист – се проветрува'; 2. fig. 'се ослободува од психичка оптеретеност' ~ на празникот *Ѓургјевдин* добро е човекот малко да *се зал'уле* бидејќи така се *развитрејве и што има уф него лушутији* (лоши духови) – *ќи разбегат* [ТГ,70].

рѯзвлéче (сă)* pf 'кога некој изгледа неприбрано' ~ *алúс тăпăнáрин, ка́ сă-рăстурúл, сă-рăзвличéл, да тé-ј стрáм дă-кáјш óт тé-ј рудни́на* [ПК,2(152)].

развр'ă̑в'а (сă)* pf 'се зазборува' ~ *пујнó вр'ă̑м'ѯ три икилиц'ú̀ји сă развр'ă̑в'ѯха за бóлкит'ѯ: "јóк ка́цат бóлкит'ѯ ут идúн ч'ув'ă̑к за дрýк"* [MS,t,42].

разврли* pf 'разбушави, растури (коса)' ~ *сношчи оттам поминав; [на двори стојаше; [запрегнала бјаше; [мили бјали рăки; [като симитчијки; [разврлила бјаше; [мила руса коса* [Б(С,ДХ),61].

рѯзвăрте (сă)* pf 1.'се придвижи во круг, на едно место' ~ *сéдни, нé куту кăлăјцúа си-сă-рăзвăртéл* [ПК,2(Гăр),171]; ~ *му-кăжáл тă-ká: "Ќ-óјш уф-Лóндун, тáм англúскио крáл úма дéте уф-кóжа зăвú̀но. Ти ќ-óдиш тáм, ки-сă-рăзвắртиш укулпăлáто ки-вúкиш: о, о, дóктор, о, о дóктор"* [ПД,147]; 2. изр.: **ак сă-разврту̀м на лево на десно** (= ако почнам да мавам на лево на десно) – ако во семејството има кавга и расправии, домаќинот ќе се закани, но не на еден туку на сите што се вмешани: *"Ако зимум некое дрво, да са разврту̀м на лево на десно, не ки видите дека да фатите"* [ТГ,283].

разгале (са) pf 1.'кога некој си дозволува да биде непристоен, лигав' (особено се однесува на деца); 2. fig.: времето **се разгалило** 'кога во зимски период времето ќе се стопли', еве дел, илустрација од запис од Гевгелиско: *еднó* (само што) *Сечко зафатил да излеве, а времето малце се разгалило, тревата зафатила да расте и пăпки да са развијват, една баба што и бактисало уд зима, фатила азăр да се чúнуве* (да се приготвува) *за да оде на планина* [ТГ,13].

рáзгиле adv 'добро' (што е така) ~ *рáзгиле шо дујдé тă ќи-свăршле рăбóта; рáзгиле видé шó сă-видéме* [ПК,2(Ал),97]; кај Саќов без редукција: **разгеле** 'точно на време' [СК,334].

разгјад'ён adj 'налутен, разгневен'; со исто значење: **разид'ён;** сп.: **сă ја-д'ém, сă тимóсувам** 'се нервирам, се лутам' [MS,s,97].

разгла́сăве impf 'соопштува нешто' ~ *сѯ-настрвúла еднá мéчка и сéкој дéн му земувáла пу еднá óфца. И вóа чувéк разглáсăве низ-нéговта окóлúја дáли ќѯ-се-нáјде нéкој да-а-унúште* [ВГ(Мир),273]; ~ *тăмáм ќо-прăдукáрат на-пазăрлăко óно ќи-рéче: "Ej, ут-тéп пó-ýчăн*

ним-зи́ми". А, на́шите та̀ргóфци са̀-јсплаши́ли, не́ сме́е до-зи́ме ни́кој. Е, та̀ва́ уд-у́ста на̀ у́ста са̀-ра̀згла́сува, не́ли? [ПК,2(Ним),271].

разгл'е́да pf 1. 'погледна нешто, некаде' ~ *разглида́јти а́рно пили́штити на не́бито, што ни́то се́јат, ни́то жни́ат, ни́то бе́рат уф амба́рити, и Та́тко ва́ш уф не́бито и ра́ни* [MV,K,264]; ~ *ко́ј ки ни тра̀ка́ли на на́с пло́чата ут вра́тата ут гро́бут? Как и разглида́ле, а гле́дат пло́чата намисте́на, о́ти бе́ши голе́м но́го* [MV,-K,255] – школски пример дека родот не функционира редовно: именката во ж., а атрибутот во м. род: **пло́чата**... **бе́ши голе́м но́го;** 2. 'погледна нешто испитувачки' ~ *и са̀ би́ха субира́ли ш'и́ч'кит'а̀ арапли́ци окул грубо́, ги разгл'е́да ш'и́ч'ки ко́н'у и гу пузна́ но́с, ш'ту му да́ди фарма́ј̀к... гу фа́та за ина́та но́га са̀с уста́та и гу расч'е́кна два кума́т'а* [MS,t,61]; — сп.: утредента, по свадбената ноќ невестата и младоженецот стануваат рано. А на два саата пред зора и другите домашни се кренати. Гостите кои ноќта ја поминале со малку спиење овде, онде, се будат и со радозналост ги очекуваат младенците. Во *колибата* во која спиеле младенците (во гевгелискиот говор така ѝ викаат на една соба во која нема прозорец), влегува свекрвата со уште неколку жени, да го *разгледат невестинството* – капки крв на кошулата од невестата [ТГ,185] – се разбира дека ова е обичај според белешки од едно одминато време; 3. 'почна да гледа' (тој што бил слеп) ~ *и застана́ Ис... да пувел'а́ да му но́сат кри не́гу. Ка си наближи́ о́н, му пита́ на не́гу, и му ве́ли: шо са̀каш да ти чи́нам? И-јо́н ре́ка̀л: Афендо да разгле́дам* [MV,K,280]; 4. — **(се)** ~ *татко, мајка и роднини; [сите мен ме испраќат; [само мојто верно либе; [покрај мене нема го. [Се разгледав горе-долу; [покрај ненито порти; [таа на пенџере стојеше; [дробни солзи ронеше* [БМ,93]; ~ *ја покачај се горе високо; [горе високо на висок чардак: [та разгледај си нагоре, надолу; [Москов са̀ бие са̀с пусти Турчин; [топове пукат, ѓулета капат* [Б(С,ДХ),86].

ра́зглоп m 'место каде што се составуваат две коски, зглоб' [ПК-(2),8]; [ПД,113].

разговоре (са) pf 1. 'прозбори'; в. **ра̀згува́ра (се);** 2. 'се договори' – стројникот кажува *"Ви чинувајa клајне* (родителите на младичот), *и ако милувите, куту они ка милуват, вашата мома да а дајте на нијнут ирген".* На тоа таткото на девојката што ја бараат ќе одговори: *"Е, ако е ка̀смет! Да са разгуворме, да са питме и сакме, па ако е ка̀смет ки биде. Тија са л'уѓе арни, што мана ки им најдиме. Дали сме нија поарни?!"* [ТГ,150],

разговорува* impf 'зборува' – в. **ра̀згувара (се)** ~ *некое време, от като са зелнали вече, разговоруваеки се ла̀ш и жена, жената казала на ла̀жот си, как некога, кога она била малка, на третиот вечер по раждането и душел у дома ли некој чуждинец* [ШГ,V(402)].

разго́л'и* pf 1. 'направи некој да остане без облека' ~ *пустрид'а̀ вич'а̀ро́т зл'а́зух ут ко́низма́та ... ја разго́л'ах и ви́д'ах на пра́вата би́ска три́ зла́т'ана ко́сил'а* [MS,-t,73]; – уште еден пример дека во југоисточните говори реално егзистира придавката **прав** со

значење 'десен'; се работи за архаизам со прекинати изоглоси; (сп. во северните словенски јазици: руски, полски); 2. – **(сă)** ~ *Ина́ сту́т' има́лу н'е́с в'е́ч'еро́ви – кла́т' си на умо́ – и то́с сă разго́ли, сă пука́ци навра́х к'ерами́дит'а и ва́са но́ш' та́м удго́р'а* [MS,t,54]; ~ *Шо́ си-j разгули́ла ти́а ба̨лда́ре?* (= Зошто не ти се покриени нозете? ; **ба̨лда́р** – горниот дел од ногата, бутот) [ПК,2(Ир),27]; ~ *Шо́ си сă-ра̄згули́л, не́ ќ-о́јш на-ѓуре́ш?* (= натпревар во борење) [ПК,2(Креп),43].

разго́л'ува impf 1. в. **разгол'и**; 2. 'разгрнува' ~ *ја разго́л'ува, гл'е́нда на пра́вата би́ска три ко́сим'а зла́т'а̨на* [MS,t,71]; за присуството на лексичкиот архаизам **прав** = десен в. во заглавната единица **разго́л'и**; 3. – **(сă)** ~ *и сă разго́л'ува и ка́зува три́т'а ко́сим'а* [MS,t,73].

разгради* pf 'разруши некоја градба' ~ *И стоеше и држеше; [и граде-ше до два града. [Де дојдохă два деверја; [разградих(ă) до два гра-да; [та си мене заведохă* [Б(С,-ДХ),22].

разграни* pf **'рашири'** ~ *премјани се, нареди са; [та јотиде сăс молите; [Да ја видја млада гидија; [на мо̄ми си јотгојвори; [– Тăзи ли је мома Фида, [мо̄ла Фида мојта главеница? [Рăки за нехи разграна-ха; [напраиха ја млада нăвјаста* [БД,125].

разгрлија f 'просторот меѓу градите' – називот го запишавме во описот на чинот на "посинувањето": во минатото "посинувањето" на дете од страна на семејство што нема пород се вршело в црква: ако е детето мало од година-две жената што го усвојува ќе го провлече низ својата *разгрлија* (недра) зборувајќи: "*Днес син мој јеси, аз днес родих тја*" [ТГ,278].

разда́ва* impf 1.'дава нешто, поклонува' ~ *шчо са Пирин пол'ул'аваш; [пол'ул'аваш, разл'ул'аваш? [Сама Рада пуд Пирина; [Пирин крши, китки вие; [раздава ги пу момчета; [да са пукат тукашните; [тукашните гркомани* [БД,145]; ~ *ка му слушá Ис... такфо́ј ла́ф уф не́гу, му ричé: Ошти идéн кусу́р и́маш: сắта сто́ка шо и́маш продáј си, и ра́здавај на сиромáсите, да ки на́јдиш сто́ка на не́бито* [MV,K,279]; 2. 'дава храна на присутните (пр. на гробишта) за душа на умрениот' ~ *ра̄здáве зă-ду́ша зă-у́мринте, то́о пă-јáдинто шо́-ј: чини́ца, ле́пче, гурби́ј, сă-ви́ке за́душа* [ПК,2(Гăр),-165]; ~ *му-ре́кăл: "Ки-ти-ка́м амă ки-у́мрăм". "Ка́жи, му-ре́клă, а́ку ки-у́мриш!". Му-ре́кăл: "На́вари жи́- ту, на́меси ле́п, да-ми-раздáвиш ка́ ки-у́мрăм"* [БМег(Збор),-200]; ~ *мăртвин правăт спурти Митро́в-дин, спурти зăпусте́јне за Бужи́ќ, спурти запусте́јне (вили́ко) и спурти Питро́вдин. На гуле́мта (велика) сắбута но́сăт са́јне* (садови) *куту ка́ ра̄здáвам на умре́л* [ИГ,118] – во контекстот некогашниот партицип (л–фор.): **умре́л** се јавува наместо придавката 'умрен'; 3. клетва: **да немиш чиница да ти са раздаве** (= семејството да ти осиромаши толку што да не можат жито и свеќи за гробишта да ти купат) [ТГ,320].

разда́ди pf – в. **раздава**; 1. 'поклони, даде' ~ *за идна́ нид'а̄л'а ж'ината гу раздáди брашно́ту на инса́нут и му вили́ на манцо́т-и: "бра́ш'ну н'е́лма, за по́да на удини́цата да ме́л'а!"* [MS,t,78]; ~ *на стрико си*

јотгојвори: – "Карај стрико конето да фл'аза в гора зилена; [да набера зилен здравец; [да го раздадам по момите; [по момите, по другарки" [БД,88]; *~ óдимă сéга, пá крăј-сéлто си-úмă скривáлиште зă-пýшките и вéлимă: нă-фил'áн мéсту ќи-óјмă, ќи-ј-устáвмă пýшките нă-мéсту и лéбут ќи-гу-рăздáјмă нă-нарóдут* [БМег(Волк),191]; *~ тój сúчку чýл и рăзбрáл, зéл аднá дибéла тујáга и нăбăхнáл здráу женăта-си. И т'á вéке ништу ни-гу-питáла. Жúтуту дáл на-петăлă и кукóшките, пăк фă-сýла рăздáл нă-сирумáси* [ВДрам (ГБ),332]; 2. 'кога за "спас" на умрениот блиските ќе дадат на присутните јадење (било какво)' *~ пинтелут отговори: "тојнака е будала, барлив, сака да кажи на жената му сăрцето му". Кату чу така и тојнака разбра, как беши работата. Земал една тојага: кату как га удри на жена му две на темето, га утепа... га зари и раздади задушут за жената му...; ~ двéте сéстри збóр чинúха, зáдуш да чúнат за тáткова му и зá мájчина му дýша, да úдат нá горáта да раздадáт и нájмáлката, Ангелúну, тáм да га погубјáт* [V,PM,133] – во лич. име **Ангелúну** (< со редукција од 'Ангелúно') наместо специфичниот завршок за имињата од ж. род '-а' среќаваме '-о' карактеристичен за имињата од м. род, што јасно укажува дека опозицијата за род во долновардарските говори не функционира; *~ чинúха зáдуш, гу земáха, и трúте сестри киниса, отúдоха нá горáта, сéднаха тáмо, јáдоха, пúха, раздáдоха, земáха сúчко от тáмо, не оставúха нúшту, са вăрнáха nasám* [V,PM,133]; сп. **рăздáдуха му дивнтúнă** [ПСт,ЗС,68] – деветтиот ден по смртта на умрениот блиските роднини го одбележуваат со одење на гробот и со давање на *задушница*.

разд'ал f 'кога двајца или повеќе луѓе заминуваат на различни страни – разделба' *~ Левен Герги, левен, жјува раздјал; [като пристјагаш брзата кон'а да бјагаш; [левен, мене на кого млада оставјаш? [Оставјам та Калино, л'у Малино; [оставјам та на моја мајка и тоја* [БД,178].

разд'áлница f 'место каде што водите се делат во различни правци – вододелница' [ЛС(К),97].

разд'алóва* (и: **раздилýа**) impf – в. **раздéли** 1. *~ измиќáрут па, и тó шо нé и алúз офчáр, шо нé и óфцити нéгови, а глéда на вăлкут шо си úди на óфцити, и а устáва óфците, да бéга, и вăлкут и раздилýа сăти óфци* [MV,K,299]; 2. – **(сă)** 'се оддели, тргна на друга страна'; со исто значење: **раступ'óва сă** [MS,s,97].

рăздвóи (сă)* pf 'се оддели' *~ и ѓávулут стăнáл, си-óде, заминáл нă-гóр пу-Цáрăфте Кýли. И нéка: бáба стáра, брáла сăчки тáм. Нă-ѓávулут му-вúке: "Дéк óдиш тú?" "Бáбо, ричéл, јáс сум ѓávуло. Еди-кój-си чувéк, мăш и жéна нóго ýбуво живéат, сакáх дă-ги-рацкáрум, вúке, дă-сă-рăздвóт* [ПК,2-(Коц),348].

раздéли* pf 1. 'даде секому по еден дел (колку што му следува)' *~ и тăкá сéтне гу-пруддéе тúа кăмилáре тóо мéсто, гу-зимáа нáши. Нé знáм зéр тáтко нéлше пáри зимá пóмáлко, а дрýјсте зимáа пóвќе. Нă-чăтвăрýјца гу-рăздилúа* [ПК,2(Иц),280]; *~ видело една мрафка, един арслан и един орел кăдето се карат за една мăрша.*

Тоги мрафката рекла:"Ајде, бре јуначе, ела да разделиш таја мăрша" [ШК,V(440)]; ~ *ричé помлáдјут на тáтко му: Тáтко, дáј ми мójото дéл шо ми пáги ут имáњото. И он му раздилú на нúх имáњото* [MV,K,281]; ~ *трăгнаа цáрјувите четри л'уди, отидоха на сиромаховата нива, најдели крушата, по крушата и плочата; га подигнаа плочата, најдоа казану сос алтăните, ги разделиа* [V,P-M,32]; 2. 'оддели едно од друго' ~ *и ки си субéрат сăто инсáн при нéгу, и ки и раздéли на нúх мигу нúх, катý как и дилýа уфчáрут на óфцити ут кóзити* [MV,K,282] – во контекстот е забележливо присуството на предлогот 'на' во состав на директниот предмет: **и дилýа уфчáрут на óфцити**; ~ *и пак царјут му га не даде момата, л'у му вели: "три ока пикмез, три ока мет, три ока катран ки гу разбăркам на едно и, аку можиш да разделиш пикмезу башка, медот башка, и катрано башка"* [V,P-M,97] – специфичност во линеаризацијата: глаголот и заменските форми (кратки) се разделени со негацијата: **му га не даде момата**; ~ *"да пукни пехер ли царју и пехера ли царица! От Бога да најдат, што ни разделиха от пăрво ли л'уби, та тјанака да гори за меника и јазе за неја! Исăхнејти дăрви, пукнејти калини"* [V,PM,91] – прави впечаток множинската наставка **-и** кај именки од ср. род: **исăхнејти дăрви**, ваквата проширена употреба на споменатава наставка ја среќаваме и во други примери и напомнува на позајмен образец од турскиот јазик во кој исто така има една множинска наставка за сите именки; 3. – **(се)** ~ *"Е бре, дивојче јубаво; [седни де, да пуседиме; [гледи да се пугледиме; [јоти ки се разделиме; [далеко ки си падниме"* [...,99]; ~ *жали моме да жалиме; [ти за мене, јас за тебе; [није ке са разделиме; [ти надоле, јас нагоре; [јас ки идам млади војник* [БД,181] – прави впечаток определената придавска форма: **млади** (војник); ~ *с'éтн'а за вúдат ч'ạ стáна пл'ạвáта др'éбна и зăрнуту сă раздилú ут пл'ávата, за пýсни кóниту* [MS,t,86]; ~ *и така жената зема пăрстенот, поплакоха и двамината, и така си разделиха еден на друг, и си отиде царут нататак* [V,PM,55] – во текстот имаме проширена, нерегуларна употреба на предлогот **на** наместо 'од': **и така си разделиха еден на друг**; ~ *стр'ăтуха идúн пампóр'... приблúж'аха набýн и двáта и сă раздилúха пампóрит'ạ* [MS,t,86]; ~ *гуворú Ис... да а ричé на нéа: Мáрта, Мáрта, пичáлиш и си разлúăтиш óлут за нóгу рабóти; идéн сáл трибýва, или Марúа и прибрá árнуто дéл, шо нéма да си раздéли ут нéгу* [MV,K,292]; ~ *и сă бáкнаха éш'ти иднóш' и сă раздилúха* [MS,t,84]; **4.** 'даде' ~ *е от петнајси година сетне и рекла на господарјут му, да му даде ҳакот, да си пои на дома му. И господарот му раздели еден куп стребрена дребни пари и три жилта флурини* [V,PM,161]; ~ *снáата сéкуј дéн чýке млéко. Сè си-úмме: сúринце, ýрдичка, мăтạ нúчка. Устáв-ее, снáата-ј нóго árна. Она, чувéк нé вăрúне, адúн зáлук лéп д-úма уд-дóма, óна ќо-răздéле, ќо-дáа* [ПК,2(Иц),280]; 5. 'остави, напушти' ~ *от што са почуди царјут на неговата*

хубавина, не сакаше да си раздели от таму, сакаши да гу земи на кунаќут [V,PM, 57] – во контекстот среќаваме проширена употреба на предлогот **на**, овој пат во замена на предлогот 'од': **са почуди царјут на неговата хубавина;** ~ *му ве́ли: "Еј Кулу́ф, не гле́даш ли, ча угреа́ слӑнцето, да излезиш от удајата, спроти пазарлӑкот, да си зе́миш петја стоти́на алтӑните и да га разде́лиш жената"* [V,PM, 11]; 6. 'си замина' ~ *тогас са вӑрна царјут, му и са моли на него, да му даде момата, да гу стори негов зент.Он нифтја, туку са прости сос царјут и сос сичките тамо, и си раздели* [V,PM,223]; ~ *раздјал'ај се момин родју; [тора вечир по вечерја; [куга л'уде вичерјат; [вичерјат и си лјагӑт; [и портине закл'учувӑт* [БД,57]; 7. изр.: **си разде́л'ат лафо́ви** (= се карат, се напаѓаат) ~ *па дру́зи ве́леа: Ми́на Хр..., ут Галиле́а ки испа́дни? Не ве́л'ат кни́гити шо-ї ут Давиdоа ро́да, и ут се́лото Ви... шо бе́ши Да́вид, ут та́му ки до́јди Хр...? Да фати́а да си разде́л'ат лафо́ви ми́ѓу них за́рди не́го* [MV,K,255]; **сӑс душа са раздјали** (= умре) ~ *Ој ти мају, мила мају; [и ми подај јогледало; [јогледало главенику; [да си видја бјало лико; [дали мјасам на мртовец; [уошче Рујне не јодрече; [глава ми је приклонила; сӑс душа са раздјалила* [БД,73].

разделен adj 'тој што е сам, што не е со другите' ~ *фатила да вели: "варај, мале, мила мајко, јазе не сам мајсторка, што ми велиш, но сам твоја нај-милна керка кӑјматлијка, што ми ужени за царскиј син, та ету сега си чиних кату иѓупка, разделена от мајка и от татко, и от сичкиот свет на земјата"* [V,PM,196]; ~ *Дај ми бре Боже крилја соколови; [јазе да прелетам тоа Црно Море; [јазе да испадна пуста Америка; [јазе да го најдам мојто милно срце; [мојто милно срце дека-ј раздилено* [БМ,103]; ~ *та́-ј дӑска длӑга, рӑзде́л'на-ј нӑпрӑгра́ди, уф се́ка: сӑ-туру́ве пу-а́ји самў́н да-ки́сне, се́тне сӑ-но́се нӑфу́рӑнта* [ПК,2(Крец),94].

разделница f 'пакосна жена, што прави сплетки и ги "разделува" луѓето'~ *Стојанова мајка, жјува разделница: [жјува бездушница триш града јобишла; [мола да ми тера, мола на Стојана; [Стојан си хи вели: "Мају мила, мају: [не троши петали, не губи гоздјове; [ја си сӑл нашал, мола според мене". – "Нимој сину нехи, тја је сину, тја је; [на срце ленива, на јочи дрјамлива"* [БД,94] – во текстот е забележлив лексичкиот архаизам **гоздјове** (клинци), за која наоѓаме аналогија во српскиот јазик.

разделу́а* impf – в. **раздели 2.** ~ *и си наближи́ле на се́лото шо сака́ле да хо́дат, па о́н си разделу́аши по́дале́ку да си хо́ди. Да му паракини́саа (гу ка́ниа на не́гу) и гу ве́леа: Се́ди су на́с, ету замрака́на и пумина́ де́нут* [MV,K,334]; ~ *не́кој шо́пки ви́каа: "Зӑ-ва́скӑ на́ште мӑже ги-јстипа́а. Уд-Гӑрцте бе́гте, а ви́а сте Гӑрци, ја но́јсто ка́-ј дӑржите нӑ-стра́на, ка́ ќва́јте нӑ-мӑгӑрто, кут Гӑрци". Та́ткуве сӑ-кӑчи́ли и н-а́дна стра́на ги-пушти́ли но́јсто, а шо́пте ги-рӑзде́л'уват но́јсто. И о́ни, шо́пто нӑ-та́ткуве, нӑ-чи́ко, нӑ-дру́зи мӑже ус-ка́мине ги-ма́ат о́т к-о́от зӑ-бра́шно. Тӑка́ ни пра́ва шо́пто у Мусибе́ј се́ло, та́м ни-ј рӑсту́руваа о́гинто* (огништата), *тинџири́нта ус-ма́нџи, ус-ка́мине* [ПК,2(Гӑр),325] – не секогаш, се разбира, но се случувало кај

месното население во Бугарија бегалците да бидат лошо примени на што укажува претходниот текст; *~ измиќáрут па, и тó шо нé и алúз офчáр, шо нé и óфцити нéгови, а глéда на вăлкут шо си úди на óфцити, и а устáва óфците, да бéга, и вăлкут и раздилýа сăти óфци* [MV,K,299].

раздига* impf 1. 'крева, средува'; 2. сп. изр.: **раздига јадови** (= ме прави нервозен) *~ Маријче, тенко, високо; [немој ли врвиш низ двори; [ним ли раздигај јадови; [чунки са малце мојите; [а што да правум и сус твоји* [ТГ,99].

раздјалă* f 'разделба, мачна судбина' *~ Стану убава, Стану гиздава; [не слушај Стану чузди лафови; [чузди лафови, жјува раздјалă; [мар ти си шетăт да ни разделјат* [БД,132].

Раздјáлени Пăте top. 'ниви на раскрсница, на југоисток од Плевна, Драмско' [ЈИ,М...,181].

Раздóл top. 'падини и ниви на југоисток од Лехово, Валовишко', изведено од **раз + дол**; исто како **раз-лог**; сп. стсл. раздолъ, раздолıе, раздолиıе 'долина' – цит. спрема Ј. Иванов [ЈИ,М...,181].

раздри́ва impf – в. **раздри́ј** *~ гу скýлнува вудúлуту и сă грáмнува, утúва и кóн'у на грубó, сăс нус'ăт'ą гу раздри́ва грубó, гу звáжда цар' Алéксандрус ут вăнк* [MS,t,61].

раздри́ј* pf 'раскопа' *~ и му вилú: éјас, брáти, идúн кăсмéт сăнóвах тóс в'éч'ер, да стáними да раздри́јми зимл'áта тýка да гу извáдимий* [MS,t,48].

раздроби* pf 1.'раздели нешто, го стори на делови' *~ то пă му се зăбурцил нă Сăул и му гу прудал Пустолцјут му дел ут Сăли-бегувут чифлúк. Лани се делијă и Сăли–бегувите синуве: Постул оше не чипнат; амă зă вирувајнă оти и негу ки гу рăздробăт* [МЕв(Р),83]; *~ најгулемјут мал сăјбијă ув Постул, гу имале не сăл сăт Постул, пу приказните на наште силјајне..., амă кој дилејне, кој мăжејне керки, му-ј рăздроби сăти селă мигју них* [МЕв(Р),85]; 2. 'испокрши нешто' – гл. **раздроби** го констатиравме во описот на обичајот поврзан со погребниот ритуал: откако ќе го погребат мртовецот, присутните ќе се напијат ракија зборувајќи: *"Госпуд да гу просте, ного арин чувек бише!"*, а домаќинката ќе ја *раздроби* на парчиња *пугачата* што ја има месено и потоа прво на попот, а потоа на присутните ќе им даде жито, *сарлија* и делови од *раздробената пугача* [ТГ, 257].

разéди (си) pf 'многу се налути, се разнервира' *~ ади кату вичéрјаха, еднóту дéте прăднá на сóфрата. Тоá кадúата си разéди и станá от софрáта, земá аднó дрјáво, му дадé еднó бúини на чорбаџúата, штóто си собráха сúчките комшúи* [V,PM,26]; *~ от тамунака отиде на владиката, му вели, ча му каза кадиата, да е владичка работа таја. И владиката си разеди и му рече: "Ами тинака, кога сакаши да си сăндиш, требуваши по-напрет да дојдиш на меника!"* [V,PM,70]; *~ протудрак стана заедноч, кога гледа кон'ут си е врăзан на јасăлот. Си разеди каде кон'у и му вели: "куни си кон, да спиали сос рахат!"* [V,PM,74]; – именката 'јасли' во македонскиот стандард се јавува во pl.tt., овде, во контекстот е во еднина: **јасăлот**, во други пунктови од истава југоисточна регија (во Кукушко) ја имаме констатирано и формата од ж. род: **јасла**.

разжален* adj 'натажен, загрижен' ~ *Росице, пуста Росице; [всекога јо вас да дојда; [все тă насметка намирам; все жална, све разжалена; [дăли та мајка карала; [ил тă са братја бедили* [БД,148]; и: **разжелен** ~ – *Јанице, пуста Јанице; [все куга у вас да дојда, [сè тă налирам Јанице; [радосна, сè засмеана. [Мăр сја сăм Јанице дошло; [сја тă сăм Јанице нашло; [сè жална, сè разжелена* [БД,183].

разúгра* pf 1. 'раздвижи' ~ *Мино мари, Минушо; [Мина оди за вода; [дели оца по неи; [разигралу коништа; [растрошила стомните; [седна Мина дă плаче* [БД,156]; 2. – **(са)** ~ *това кату направили, зело лудото да сфире и на часо сички фного силно са разиграли; рăшницето на попо, копано на пападиката фанали силно да пл'ускат по грбовете им* [ШГ,V(421)]; ~ *Минушо; [гиди јагне галушо; [Мина иде за вода; [дели хожда по неја; [разигра си конето; [та му падна чалмата* [БД,126]; 3 'се разбранува (водата)' ~ *имáла пéт дерéци. На ви́и лéжија нóго л'у́ди бóлни, слéпи, крúви, су́и, фатéни, шо чéка вóдата кóга си разúграши* [MV-K,255].

разизграва (се)* impf – в. **разúгра (си)** ~ *то, нишчо не сакал друго, а си земал само едно сфиролче. После анѓелето го свалил* (м. 'свалили') *па доло на земјата. Тоа сос свиролчето толко убаво сфирил, шчо сичко около него се разигравало* [ШГ,V(420)]; ~ *целио ден сос сфиролчето си сфирил и козите цел ден ги разигравал, та останали гладни и никак млеко на попо не набирали* [ШГ,V(421)].

разúден adj 1. 'налутен' ~ *ету, кату чу протударку, заедноч стана, отиде аф куриата разиден, от устата му кату река изл'аваши пјана, и от далеку ошти фати да вика: "кој си тинака бре, што сечеш дăрва на мојта куриа?"* [V,PM,77]; ~ *Тој му вили отгоори: – Варај, варај Дете Дукадинче; [раскрши са на л'ао, на десно. [Половина му от кон' паднă; [де е дочул Крали Марко; [разиди са, разл'ути са; [разл'ути са на Филип Мађара; [чи погуби Дете Дукадинче* [Б(С,ДХ),40]; ~ *зетјут изл'азе, сос млогу благодарение ги дострјати и му тури на царјут стол да седни. Царјут на столот седна, ама млогу разиден. Тогас му вели зетјут на царјут: "дјадо царју, зашто си кату разиден та не ми врјавиш?"* [V,PM,115]; ~ *еднó врја́ме е́ди́н ца́р и́маши една́ царúца, сè мóми ро́диши... И дојдé врја́ме да ро́ди, викна́ ба́бата и га ве́ли: "Ба́бо, а́ку ро́дја мóма на́ ца́рју да му ка́жиш дја́те родúх, зашто́ мóшни е разидéн зарди́ мóмите, што ра́ждам!"* [V,PM,111] – посебност претставува употребата на перфективен глагол во имперфект: **сè мóми ро́диши** (место: 'раѓаше'); исто така се случува перфективни глаголи да сретнеме во презентски конструкции, што не се обични за нормативниот израз. За ова имаме пишувано нашироко во монографијата "Кукушкиот говор" (т. 1.); 2. 'потрошен, искршен' ~ *кајна́ко б'а́ш о́бгра́дн сас висо́к сúт напра́вн от-бто́н. Он би́ше висо́к дно́ ме́тро. Битóно би́ш ра́зе́дн. Б'а́ш ста́нал са́мо па́рчо́ци. Туга́ва дно́ па́рч са одво́и и падна-ми вăрс ногáта* [ДЧ,167].

разидéние n 'налутеност, раздразнетост' ~ *па́к тој му ве́ли: "не*

бе́гам, бра́те, дур не́ ми даде́ш едно́ ја́гне!" Виде́, паравиде́ бра́т му, што́ ки чи́ни, му да́ва едно́ ја́гне сос мло́гу разиде́ние и му ве́ли: " на́ бре́ едно́ ја́гне та и́ди си на дја́вола!" .И тој ни́кнува и му ве́ли:"ту́ри гу бра́те, ти са мо́л'а, на́ вра́х шиа́та ми" [V,PM,147].

ра́зин* adj 'разнообразен' ~ *де́ца́та ни́шту не́ ра́бо́тиа та́м, се́диа су-мо́мити, пра́ва сме́шки, пе́сни пе́иа, мо́мити ве́зиа та́му, а изгутву́ва́а ниве́ста́та, та́м ша́лува, ра́зни пригача, прики́ја́та, чуре́пи пле́тиа и по́сле тре́ба жи́то, ба́лгу́р* [ВЕв(Кор),306]; ~ *Ра́тка си-вле́гла гра́ди́нка, [се́ка́кфо цфе́ке да́-бе́ре, [и разни китки да ките, [оф-оф, Ра́тко бре, [у́мир, за́ги́на́м за́-те́бе* [ДК(Рак),159].

разјадосан adj 'налутен' – в. **разја́ж'да (сă)**, односно: **разиден** ~ *Лудото га занесел на мајка си на ка́то и дал фурката да преде и ошче испечел едно е́јце и и го дал да еде, а мајка му ниту прело сакала ниту едене. Лудио син разјадосан на мајка му трче да каже и да вике баче му* [ШГ,V(419)] – во контекстот е регистрирана една фонетска посебност раширена во кукушкиот, но и во соседните говори: измена (преглас) на **'а'** во **'е'** кога ќе се најде во постпозиција во однос на мека согласка (односно што некогаш била мека): **еде < јаде**.

разјадуве* impf 'заболува'(?) – младите низ играта често пати ја искажуваат својата страст и потреба да бидат забележани, сп.: кога девојките ме *гледат как играјум, чак и зăби ме разјадуват, и тоги ми са чинуве оти летум* – според искажувањата на еден младич од Гевгелиско [ТГ,88].

разја́ж'да (сă) impf 'се налутува' ~ *и сă разја́ж'да та́тку-и: "ско́ру да по́ш' при н'е́гу, да ми сă ма́хниш' ут ка́ш'тата"* [MS,t,84]; ~ *тогас гнусниот му вели на царјут: "царју, јазика имам колај да најда чувекот, кој јади баклавата; л'у ти са мол'а немој си разјаждаш!"* [V,PM,60]; ~ *кату фати мајка ѝ да си разја́жда, зашто́ керка ѝ не са́каши да га ка́жи скри́шната лакардиа, тогас ке́рка ѝ га ве́ли: "цана́м, ми́ла ма́ле, сно́шти ма́жот ми со́н засони́л ло́шу, ча, ка́к о́риши, дошла́ една́ какара́ска та на бе́лојут о́л му фл'а́зи от уста́та"* [V,PM,31] – во контекстот имаме проширена употреба на предлогот **од** наместо 'низ': **на бе́лојут о́л му фл'а́зи от уста́та**; сп. фон. разновидност: **разгја́ж'да (сă)** – в. **разеди**.

разкра́ви* pf 'раскрвави, разрани' ~ *на́ тре́тојут ве́чер ки и́ди на́јма́лкиот, му ве́ли: "да ми чи́ните една́ топу́зка ду де́вет стоти́ни о́ки!" Му чини́ха топу́зката, и то́јнака га зема́, оти́де га чува́, га чува́. Дојде́ ла́мјата, една́ топу́зка га удри́, га разкрави́, не́ услека́, га тера́, га тера́, флезе́ а́ф една́ ду́пка* [V,PM,135].

Ра́зка́рс top. 'место каде што се пресекуваат патишта, раскрсница', на север од Хомондос, Серско [ЛИ,М...,181].

разл'а́ве* impf 'куче лае (на некого)' ~ *Прендите моми прендите; [да ожениме дребнушка! [- За кого мају, за кого? [– За Агуптин керко, за Агуптин; [– Ој мају мила, мајчинко; [мет ти са јали устата; [чеи са зурли, негови; [чеи тӑпане, негови; [кого разлават кучета; [пак него мају, пак негови* [БД,124].

разла́де (сă)* pf 'кога ќе опадне температурата (пр. на воздухот)' ~ *и плӑднува́ме то́о де́н уф-А*

лéксуво,кăт тáа Сýута Рéка, пут тúа јáвурто, пáмниш ли, знáјш ли? (му се обраќа на помалиот брат). *Тýк ти бúше пó-мáлéчук. Мисúа жéнте лéп бес квáс, присни́к, дă-сă-јспéче, дă-јáдиле, нéма шó, дéца мăлéчки. Кăде сáато трú, ká сă-рăзлáдú тăргнáме* [ПК2(Пос),290];~ *дéк ќ-óјш уф пýкта-жéга бáш, чéки нéк сă-рăзлáде мáлчко бăр. Пýкта жéга-ј уф-жéтва врéме, нă-плáднина* [ПК,2(Грам),92]; ~ *а глéда на Авраáм ут далéко, и на Лáзар уф пазýвата нéгова. И óн му викнá, да ричé: Тáтко Авраáм, прóсти ми, и пýшти на Лáар, да си натóпи крáнинто прăстин уф вóдата, да дójди да ми си разлáди изúќот; óти си изгурéх на вó óгин* [MVK,274] – проширена употреба на суфиксот '-ин' во зборoформата *прăст* (+ *-ин*): **крáнинто прăстин** (= последниот, малиот прст); присуство на суф. '-ин' забележивме и во придавката **гол-ин** (м. 'гол').

разлат adj 'позлатен' – спомнатава придавка ја среќаваме во описот на следниот церемонијал: на свадбата кумот носи *фруглица* (бајрак) – кумско обележје, десетина аршина (стара мерка за должина) *басла*, и шише со вино, а кумата носи: *разлат лингер* 'длабок сад полн со бонбони и *бубаќово* (памучно) семе'. *Путкумникут* носи *карта* (специјален сад) со вино [ТГ,175].

разлéтни* pf 'се придвижи со крилјата' ~ *Да извадú на нúх нáдвор ут Витáниа; и раскранá рăцити, да благосовú на нúх. Да тамо шо му благосóвиши на нúх, си разлитнá ут нúх, и лéташи кри нéбито* [MV,K,260].

разлúуве* impf 'кога вода (пр. река) излегува од своето корито' ~ *пáмнум, кáк нé пáмнум. Лузúнта дéк ни бúа тóа сă-вúкше* **Рăзлúвук, Рăзлúвците**, *рéка úмше, úмше мăлéчка рéка, нé а знáм, мăлéчка бúше. Рăзлúвук сă-вúкше, úјше вóда тáмка, па разлúувише тăкá. И Рăзлúвук сă-вúкше* [ПК,2(Коц),349];

~ *уходих си гора и пуле широко; [ја дур си слјазох доле пуд селото; [ја там си најда једна нова чешма; [ја на чешмата једна малка мома; [јода наливаше, јода разливаше* [БД,80].

разлијан* adj 'кога течноста ќе излезе надвор од својот простор, пр. реката е **разлијана** ако водата е излезена од коритото' ~ *истум на стредин на рамнината, шо, кăту шо ричема на три мистијнă или три турлиј имишта, сă наогјă "блатто"... во е "реката", шо се велјă ут блатту на долу (на кăд мојрјту) Кара-Азмак, разлијана на зимно време на и двата брега* [МЕв(Р),76].

различин* adj 'личен, посебен' ~ *та јотлупи* (отвори) *сандăците; [сандăците, мајчини си; [та искара баш примјана; [баш примјана, раз-личната; [различната, приличната* [БД,28].

Разлóг top. 'ниви во реонот на Лехово, Валовишко' (сп. **По-лог**) [ЈИ,-М...,181].

разлоганцки* adj 'нешто што се однесува, односно што е поврзано со Разлог' ~ *мари Димко, моме Димко; [Димка бјали, бјало платно; [на рјакана киражијска; [кераџијска, разлоганцка; [јоттам минат кераџие; [на Димка си јотговарјат* [БД,116].

разложенин* m 'тој што потекнува од Разлог' ~ *Димчице ле малкај мома; [Димка бели бело платно; [на риката кирацијцка; [кирацијцка разложенска; [јоттам минат кирациии; [кирациии разложени* [БД,117].

разлоше (са) pf 'се изнемошти, се разболе' – сп.: седум дена по пороѓајот породилката ништо не работи, а тогаш бабицата за последен пат ќе ѝ ги испере алиштата и повеќе не доаѓа, освен ако нарочно ја повикаат, т.е. ако детето се *разлоше.* Најчестите болести што ја напаѓаат породилката се: *треска* (со температура), *глава и ум вртејне* (главоболка и несвестица) [ТГ,112].

разл'улева (се)* impf 'се придвижува со помош на лулка' ~ *не дуј мори ветре; [не дуј, не л'улеј ма; [аз се сама л'ул'ам; [сама разл'улевам* [БД,64]; ~ *шчо са Пирин пол'ул'аваш; [пол'ул'аваш, разл'ул'аваш? [Сама Рада пуд Пирина; [Пирин крши, китки вие; [раздава ги пу момчета; [да са пукат тукашните;[тукашните грколани* [БД,145].

разл'улен adj 'раздвижен' ~ *на часо сички фного силно са разиграли; рăшницето на попо, копано на пападиката фанали силно да пл'ускат по грбовете ѝм; и кофчегут на гредата разл'улен силно паждине на земјата* [ШГ,V(421)].

рaзл'у́ти (сă)* pf – 1. в. **разл'у́тува (сă)** ~ *о́н са исмáми заедно́ч и му речé на цáрјут: "цáрју, јáзе сно́шти бех на едно́ мéсто; видéх една́ дивó́јка, о-твó́јта армáсница по-хáрна". Кату чý такá цáрјут, мло́гу си разл'ути* [V,PM,10]; ~ *Тој му вили отгоори: – Варај, варај Дете Дукадинче; [раскрши са на л'ăо, на десно. [Половина му от кон' паднă; [де е дочул Крали Марко; [разиди са, разл'ути са; [разл'ути са на Филип Мацара; [чи погуби Дете Дукадинче* [Б(С,ДХ),-41]; ~ *царúцата, от мло́гу товáр, што́ имáла, от пред цáрјут прăднáла. Цáрјут кату чý прăдúшат, си разл'ути́ мло́гу и зáедно́ч викна́ нéгови чéтри човéци и му вéли: "да га зéмити... да га закáрати на нéкоја пýста зéмја"* [V,PM,154] – во текстот имаме уште еден пример како кратката дативна форма во еднина **му** се обопштила и станала општ признак за дативен предмет: **викна́ ... чéтри човéци и му вéли** (м. 'им вели') – за ова поопширно во граматичкиот дел; ~ *кату са научиха граждáните нéгови и комшúите, са почýдиха, дéка да е добúл тój на пет-шéс годúни толку стóка. Кату чý брáт му, кóлку бéши л'утéн на нéгу, óшти пóвики си разл'ути* [V,PM,16] – во случајот се среќава една синтаксичка (дијалектна) посебност: употреба на сврзникот **да** (во комбинација со 'дека') во интенсионално–декларативна реченица: **са почýдиха, дéка да е добúл тój ... толку стóка**; 2. 'стане немирен' fig. ~ *и на едúн богáз нéтри фати лóш вéтăр, морéту са разл'ути, тамо он фати да са мóли на Бóга за да гу куртулиса от óнај бед; три дéна и три ношта са мăчаши аф онó богáз* [V,PM,14].

разл'у́тин* adj – в. **рaзл'у́тува (сă)** ~ *сúте а глидáле, кă дујдéл рéт да а вúде и цăрúцта, умрéна бидéќи, сă-нăсмијáла рúăбта. Сă нaл'утúла цăрúцта. Оде нa цáрут, рaзл'ýтина, му кăжýве: "Тóа чувéк, шо а дунсé рúăбта, дa гу вúкиш, дa ти кáже, умрéна рúба зaшó дă сă нăсмéе"* [ИГ,111] – во контекстот зборoформата **бидéќи** нема значење на причински сврзник, како што е во нормативниот израз, туку го зачувала старото прилошко-глаголско значење, сп.: **умрéна бидéќи, сă-нăсмијáла рúăбта;** истиот статус (бидéќи), го има и во друг пасус на наредната стр.: *и му кăжýве:*

"Ца́ро, ре́кăл, да ти ка́жум зашо́ сă насмија́ та́а ри́ăбта на цăри́цта умре́на биде́ки".

разл'ýтуве (сă) impf 'се нервира, се лути' ~ *ја́гăнто удгувóруве: "Це́л де́н по-сýј ри́дишта сýј гăргăле́нки сăм-тăркал'ува́л". По́по па́ сă разл'ýтуве и зи́ме си-уте́пуве и дру́го-то де́те* [ВК(Пат),285].

разма́кне (сă)* pf 'се развлече, стане неуреден' ~ *шó-с сă-размакна́л та-ка́, упа́ш се; тýр-сјаа кушýл'та уф-пантало́нте, сте́гни-се ус-кай-шо ил' пă ус-прăга́чо* (скутник) [ПК,2(121)].

разм'а́сува impf 'приготвува тесто со месење на брашно' [MS,s,97].

разметен* adj 'исчистен, изметен' ~ *седна́лă Злата, седна́лă Злата; [на разметено, на раскутано; [гирдан да нижи, миржан да плите; [оттам замина лудо та младо* [БД,125].

размјата impf 'фрла'; во случајот fig. израз: **размјата црни јочи** (= фрла поглед, погледнува) ~ *дека стои сла́нце грјаи; [дека гледа злато точи; [дека врви бисер л'аи; [дека ходи вјатр дуи; [туриха му стол да сјадни; [столу стои, тој не сјада; [л'у размјата црни јочи; [ту до доља, ту до кон'а* [Б(С,ДХ)55].

размăте́н* adj 1. 'кога некоја течност е нечиста'; 2. 'нешто што не е во чист вид, размешан' – сп.: *сă-пра́ве ус-ко́ри шó-ј сýкат же́нте, сă-ре́-дăт ко́рте, се́каа ко́ра сă-пупрăске ус-си́рне, ма́с и ја́јца răзмăтни* [ПК,2(Грам),22] – станува збор за тоа како се прави баница; 3. изр. **размăте́н уф сăрцито** (= неспокоен, со нејасна мисла) ~ *а на́шал на ме́стото шо бе́ши писа́но: Дýх Господи́ново наврас ме́не, шо ли мирусá су не́гу, ли пушти́ да си радýвал на сиромáсити, да и леку́вал на ти́и шо са размăте́ни уф сăрцито* [MV,K,291].

размăтýа (си)* impf – в. **размăти** ~ *Па́ о́ни си уплаши́ле, и стра́х му падна́ но́го, си расчýдаа гиа́ гле́дат фан... И риче́ на ни́х: шо си стре́сити така́, и зашто така́ си размăтýати ýмишти уф сăрцити?* [MV,K,253].

размева* impf 'со метла чисти' ~ *врнала са бјала Нада от бан'а; [ја прид неја дванаасте робчета; [робчета хи рамна пăтја размеват; [пăк по-нејă дванаасте робинки; [робинки хи златни крила дигат* [Б(С,ДХ),30].

разме́ни* pf 1.'замени едно со друго' ~ *најде́ та́мо четири́јси куби́ли: една́ бе́ла, дру́га черве́на, дру́га жăлта, дру́га цăрна – и четири́јсите вăрзани на ре́т, и четири́јсе чове́ци ги чýваха. То́јнака фати́ куби́лите, ги размени́, ги вăрза́ и́нак, и на чове́ците му размени́ калпа́ците* [V,PM,123]; споменатиот глагол го запишавме во описот на обичајот: "**размена** (на) **нишајне**" 'замена на бовчалаци при свршувачката меѓу родителите на девојката и на момчето' — дел од церемонијалот. *Армасот* (свршувачката) се организира спроти недела или в недела претпладне. Пред да тргнат *нишан да разменат* роднините од страна на момчето ќе се соберат дома кај младичот и оттаму тргнуваат. За *армасот* од страна на момчето се приготвуваат следниве работи: за девојката чифт кондури, чадор, чифт чорапи, китка *сус алтăн, колба, прстăн,* мирис, *пудер* и др.; на мајката на девојката: *шалија,* и ако има сестри или снаи на секоја по еден *каврак*. Сите овие работи се носат во куќата на девојката и се викаат

нишан. Некои семејства викаат и свештеник кој чита молитва бидејќи *армасот е пола винчанија.* Потоа доаѓа девојката и ги дарува гостите. Прво почнува со свештеникот, ќе му бакне рака и ќе го дарува со *риза;* потоа ги дарува и останатите. Штом ќе го прими подарокот секој од гостите ѝ дава пари на девојката (**праводија**). Штом сето тоа ќе се заврши таткото на девојката и таткото на момчето ќе се ракуваат и ќе ги разменат подароците [ТГ,151–152]; 2. – **(си)** 'стане поинаков'; 3. fig. 'расипе' ~ *им га рӑзминѝ на папу́ците* (= ги расипа чевлите' [ПК,2(3)]; 4. изр.: **си разминѝ обра́зут** (= му се скамени изразот) ~ *о́на ка́ ути́шла и кажа́ на Учени́цити шо си удира́ле и плака́ле, па о́ни ка а чу́ле о́ти жи́в и си виде́ ут не́а, не́ верува́ле. Да по́на́пӑкон си кажа́ на две́ ми́на шо уди́ле пу пӑ́тут, и́лим си разминѝ обра́зут* [MV,K,333]; со исто значење: – **си разминѝ ли́цот му** ~ *и му носи́л на ни́х на висо́ко плани́на са́ми. И си разминѝ на ни́х ли́цот му, и си лӑ́скаши не́гоуто ли́ц кату́ сла́нци, па ру́бити му сӑ чини́ле бе́ли кату́ сне́к* [MV,K,327] – во контекстот имаме употреба на кратката заменска форма за дативен предмет **му**, место акузативната множинска 'ги': **му носи́л на ни́х на висо́ко**, што потврдува дека остатоците од падежите кај заменките ја губат регуларноста; исто така има пример во кој е загрозена категоријата род: **висо́ко плани́на**.

ра́змес m 'приготвување на тесто, месење' ~ *нӑ-адѝн ра́змес ме-ј ле́бо ва́адӑн, зӑ-то́о не́-ј у́буф* [ПК,2(Гӑр),97].

размириса pf 'почна (силно) да мириса' ~ *црно сјаме посјаено; [зелено је поникнало; [сино са је расцвјатило; [манастир се размириса; [калугере чудом чудат; [– "Бре какво је това чудо; [манастир да замириса!"* [БД,68]; ~ *јот там минат двја дечинки; [двја дечинки сирачета; [та јоткӑснат сино цвјате; [јовили го златна китка; [јотнели го в манастира; [манастир са размириса* [БД,68].

размите pf 'исчисти некоја површина (пр. двор) со метла – измете' ~ *Спојан си вели гоори: [– Никола шуре, Никола; – Остави стадо поозад; [врви напреш да си кажеш; [на мое л'убо Калина; [да се примини, нариди; [и да си дори размите; [млади кехаја посрешне* [Б(С,ДХ),45].

разми́ни (си)* pf 'се оддалечи, си замина' ~ *пу не́кој саа́т дојде́ ре́т, ки си замѝни у-та пӑ́т еде́н по́п пија́н; ка гу виде́ замина́. Кату́ на ва́, па ки замѝни иде́н Леви́тин, ка дојде́ да гу виде́, си размина́* [MV,K,277]; ~ *Учејти́сте ут све́тицте уф урма́нут ка́к пура́стат, ни́то сӑ ма́чат, ни́то пре́дат. Ви ве́л'ам на ва́с о́ти ни́то Сол... су́ то́лко ца́рштина шо има́л ут Бо́га си разминѝ кату на ти́а иде́н* [MV,K,253].

размисли* pf 'се ангажира умствено' ~ *одил, одил, си уморил, легнал под едно дӑрво да си почине. Лежаштими са си размислил, рекал: "Един овчар, што не знае ништо, ки гу слушул!" Заспал и на сонут му дошло: мутлак* (секако) *да оде на селто* [V,PM,273].

размота* pf 'растури преѓа' – в. **рӑзмотува** ~ *А Коста, Коста, сирумах Коста; [Коста има девет мӑшки внуци; [девет мӑшки, мӑшки малисори; [сӑс мӑшките жици размотале; [слушнале гу клети*

арамии; [фанале гу Коста, врзале гу [БД,168].

размáти* pf 1. 'кога ќе се размеша, пр. вода (или нешто друго), и стане нечиста' ~ *сéтне нă-вáм, а-бре, а-бре, чáк у Мукрúво дуjдéме, Мóкрине, Мóкрине. Нăjдéме жúто, кубáци мисúрка. Нéли тáм устăвúме, тýк нăjдéме. И сéтне напăлнúме тăвáнто мисúрка. Дă-тугáj устăнáме жúви. Нéли аднá вóда ká-ќа:-рăзмáтиш, ќи-с-избúстре óна*; 2. изр.: **си разматú дýшата** (= чувствата, мислите ги направи да бидат нејасни) ~ *Ис... кáк а видé на нéа шо плáкаши, и на Чифýтити шо си дуjдéле су нéа шо плакáле и óни, си разматú дýшата, и си путрисé снáгата му* [MV,K287]; со исто значење: **си размáтиш óмут** ~ *гуворú Ис... да а ричé на нéа: Мáрта, Мáрта, пичáлиш и си размáтиш óмут за нóгу рабóти; идéн сáл трибýва* [MV,K,292] – во контекстот се забележува проширена употреба на имперфективниот суфикс **–ува**, кога се додава на несвршен глагол: **идéн сáл трибýва** (м. 'треба'); споменатава специфичност ја имаат нотирано и претходните истражувачи на долновардарските говори (за ова в. во "Кукушкиот говор", т. 1.). Поради редукцијата гласовите **'о'** и **'у'** имаат блиска реализација оттаму често и се мешаат; во случајот имаме "обратна редукција" – замена на акцентираното **'у'** со **'о'**: **си размáтиш óмут.**

рáзно adv 'поинаку, различно' ~ *и пóсле ќи-зéвăше нивéстăта дă-дăрýва прéд дă-ă-свáл'ăт. Ќи-гудăрýвише сójут цéл, тáм нă-зéтут, пу рáзно. Ќи-зéвăше сфéкурут ќиă-свáлше* [ВЕв(Ил),307].

рàзнóсе* pf 'пренесе нешто од едно на друго место' ~ *адúн чувéк нà-рăзбójут ќо:-стéгне куршýмут, до:-искáре гúлцто. И гу-дéл'аа сéкуj бăрýт пу-бăшкá. Тăкá рăбóтаа уф-Сóфја, óни гу-рăбóтаа. Нúà шобúме мулиурúj тăквú ги рăзнóсăхме нà-дрýго мéсто* [ПК,2(Иц),284].

рàзнóсуве* impf – в. **рàзнóсе** ~ *и кá дуjдéме уф-Кýкуш, видéхме нóго вуjнúци. Рáнни нóсăт сус-кóли. Нарóт бéга на сúте стрáни, кукушéне, а Кýкуш óште нé гóрше. Нé бúше дójдăна гăрцкăта вуjскá уф-Кýкуш, óште фрóнт дăржат дóло. Сáмо вуjнúци рáнни рăзнóсуват гáаре* [ПК,2(Пос),290].

рàзóнóда f 'радосна, весела расположба' ~ *му-вúка: "áс дúн дéн' ќ-ýмрам, áмà ќ-ти-óстáвам дúн àсéр". Вúка "Кáжи тáте?" "Нélóшо дà-с-прòшéтуваш, тóà- днá рàзонóда, низ-бàúро". Имáл пýшка, и-ká- слòбóдн, изл'áвал низ-бàúро* [ЛС(К)127].

разпúта* pf 'распраша (да сознае нешто)' ~ *нá онová саáт промúнаши и цáрjут от тáму сóс нéговите л'ýди и ги видé онúа хизмикáри, кáк чинúха кату безýмни, и ги питá: "а брé човéци, да ви пúтам и разпúтам, нá кóго сти вúа хизмикáри?"* [V,PM,114]; ~ *и го не питат, ниту распитват;[но си грабнаха хубава Јана; [та ја качиха на брза кон'а; [одведоха ја три дни далеко* [Б(С,ДХ),51] – во врска со линеаризацијата забележливо е дека глаголот и кратката зам. форма се одделени со негацијата: **и го не питат**; освен тоа имаме специфичен начин на мерење на растојение со временска отсечка: **одведоха ја три дни далеко;** ~ *другиот рече: "и бојут му е кус".*

Третојут и рекла́: "и ногата му е крива". Оттамо тръгнаха да го бра́кат, шетаха по тука по тамо, питаха, распитаха по сичка околиа [V,PM,181] – несогласување по род меѓу субјектот и предикатот (л–формата): **третојут и рекла;** ~ *оти́де да зе́ми му́линтата да това́ри. И кога́ гле́да, едно́ му́ле ли́псa: остана́ли три́јси и де́вет му́линта. Тогáс оти́де на ме́чкини дýпки, разпи́та, која́ ме́чка изјáди му́линту, и онáја ме́чка га фати́ и га вáрза́, га тури самáр на гърбо* [V,PM,107] – неправилна употреба на заменките: во функција на дативна се јавува акузативна форма ('га' место 'ѝ'): **га тури самáр на гърбо** ('га'< ја, со аналогија на 'го').

Разпáти top. 'стар пат од Височен за Драма', според Ј. Иванов: од исчезнатото име *разпáти,* во стсл. со значење: 'широк пат, улица' [ЈИ,М...181].

разрии* pf 'раскопа малку' ~ *дека седјаха, единојут речи: "лили побратими, тука, што седими ниа, удол имa един казан алтуни". Второјут рече: "казанот имa и капак, на казанот. Ајди да ги разриими". А разрáха, а најдоха алтуниту един казан* [V,PM,181].

разрани pf 'отвори рана' ~ *излекувала му је седемдесет рани; [седемдесет рани – девет куршумлије; [ни хи рука мају, ни ја има сестра; [јам ја имa жена, та му ги разрани; [седемдесет рани – девет куршумлије; [и си го остави фáф срјада горáта* [БД,81].

разридечка* f 'некомпактност' ~ *уд друга страна, ер кáд да са наогја чувек уф полјто, или па от полјто, Постол ти се пулја кату град и зарди разридечката на ридут можа да се вида и ут далеки мистијна и билјам дури ут планијнте* [МЕв(Р),71].

разри́ка* pf 'кога магарето ќе испушти глас' ~ *излéгáл óџáта и мурéкáл дéка мáгáрто нé е дóма. А дудéка óни мáбити́ле мáгáрто сáрáзрикáло уд-áру и кумши́áта мурéкáл нá-óџáта: "Ето, óџа мáгáрито е дома" – "А брé, кумши́а! Ти́ шó чóек ќи-би́диш? Нá-мáгáрито му-вéрвáш а мéне – нé!"* [ДК(Деб),155].

разсади* pf 'кога растение, заедно со коренјата ќе се стави в земја, ќе се засади' ~ *Иван ми чешма заградил; [окол чешмата разсадил; [сијно, зелено, алено; [највеки бело, червено* (цвеќе) [БД,14].

разсони pf 'пробуди (некого)' ~ *Свáти Ѓорги хи рáкал: "Ми сáj, јаз ќу кортолису тојá момá: ти иди дома си..."; áвдовицата си утишла, пак момата останала там и поскала Свáти Ѓорги. Тој хи нарачал: "Ако заспјá áз, и ламјáта додá, да ма разсониш да јá убијá!"* [V,PM,288]; ~ *като го тá поскала, заспал тој, пак ламјáта зáла страшно да јачи и да излáзá от лорáто. Момата от страх заборила да разсони Свáти Ѓорги и зафатила тáзно да плача и да вика* [V,PM,288].

ра́зум m 1. 'умна способност' ~ *пá он гуворú да ричé: Да си милýваш Стопáнут на Гóспот тфój, су сé сáрцито, и су сé дýша ти, и су сáто стрáшното, и су сé рáзумут тфój* [MV,K,276]; ~ *тогáс господáрот му велú: "Штó прóсиш брé барлúв? Далú рáци или нóми нéмаш да рабóтиш?" Тогáс и тójнака му вéли: "господúне, и рáци úмам, и нóми, и úм úмам и рáзум, алма кáсмéт не мóга да нájда"* [V,PM,151]; 2. изр.: **úм бис рáзум парú ни прáви** (= само разумната мисла е корисна) [MS,s,97].

разу́ми (сă)* pf 1. 'се присети' [MS,s-97]; 2. 'си размисли' ~ *и си дуј-де́ле ни́м са́лт за Ис..., туку́ и на Ла́зар да гу ви́дат, шо гу крина́ уф умре́ш. Хаха́лити пак си ра-зуми́ле, да гу уте́пат и на не́гу и на Ла́зар* [MV,K,253] – во контекстот среќаваме уште еден пример за споменатава нерегуларност кај предлозите, во случајот за проширената употреба на предлогот **уф** (наместо 'од'): **гу крина́ уф умре́ш** (= го крена од смрт); ~ *и ка́к сă субра́ле сắти Старе́ити су Хаха́-лити, си разули́а а́рно, и на кава́-зити и даде́ле па́ри но́гу е́м ре́кле на ни́х: Да ре́чити о́ти дуј-до́а Учени́цити но́ка, и гу краде́ле ко́га заспа́хти ви́а* [MV,K,253].

разумитин* adj 'тој што се однесува разумно, што има убаво поведение' ~ *и тој зема от терзиите руби-ту, зема и даскалите, ги занеси на Богариово, да ја стори теслим на даскалите армасницата му, да припорăнче да ја научјат сичко – от готвиш, от шиини, от врева, – штото от солунчаните да биде по-разумитна* [V,PM,164].

разумин* adj – в. **разумитин**, сторено со ум' ~ *кога оттам полинахă; [приз градско село гол'амо;[Јана са градски поклони, [градски хли рăка пол'уби; [като јă видехă граждане; [на Јана каскандисахă; [– Благатичка нăзи мајка; [што роди туз хитро чедо; [хитро, хитро и разумно* [Б(С,ДХ),28].

разум'ува (сă) impf 1. – в. **разуми (сă)** [MS,s,97]; 2. 'помислува' ~ *ричé на не́гу Го́спот: Не́разбра́н, ва́ но́к ти са́кат ду́шата у-те́би; ими ви́а шо си кла́л уф амба́рут, за ко́ј ки би́дат. Така́ то́а чове́к шо бе́ри са́лт за не́гу, и за Бо́га и́ч не си разулу́а* [MV,K,277]; 3. 'се двоуми' ~ *па Ис... емéн ско́ро му пузнајá сăрцито шо имáле, и шо си чуди́ле така́ уф сăрцито, ричé на ни́х: Зашо така́ си разумýати уф сăрцито ва́ш?* [MV,K,284]; ~ *па да си чýати ут л'ýдити, óти имáле ниéт да ви продóсат на со́бар, и на сăдбити ки ви би́јат, и на па́шити и на царо́вити ки ви но́сат... Да ко́га ки ви да́дат уф ръ́цити, да не́ си разумýати как и шо да ре́чити* [MV,K,326].

разфа(р)ли́* pf 'стави нешто тука и таму, со фрлање' ~ *и му ка́зало: "ко́гá и́деш на кра́ј море́то, да иси́пеш пчени́цата, меда́, просо́то по су́хо, а пак ко́нете да сосече́ш и да разфа(р)ли́ш по су́хо полови́-ната, и по вода́та полови́ната" ... и като́ сти́гнал на кра́ј море́то, нату́рил по су́хо пчени́цата, меда́, просо́то, пак ко́нете сосјáкал, ра́сфăрлил ги* [V,PM,258].

разч'уи* pf 'се пренесе глас за нешто' ~ *по-гол'амија брат зел да ја распоре и нашал в корема хи еднă чаша. Вечарта пил с нејă вино и, като штјал испијă виното, от устăтă му затичали алтанјă (жалтици). Този сја расч'уло на сјакаде, и от далечни места ходили да гледат* [V,PM,285]; ~ *кату чула за това нешчо, отишла при царут приоблечена уф мăшки руби и му рекла: "Цару, ез закол'увам калинут." На секăде се расчуло, оти áдин чувек се наел да заколе калинут* [ШК,V(423)]; ~ *срещтнала един овчар, ... зела му дрехите, надјанала ги, ...там наградила едни сарајă, на котри дуварето били от голо злато... Колко за богатлака, толко още и за чашата, чи, л'у колчим пила с нејă, сја напă(л)нела алтанјă, расч'ула сја на сјакаде* [V,PM,285]– заменската форма **котри** упатува на стар лексички слој – сп. во рускиот јазик.

разăмнова* impf 'го размесува тестото, односно прави некој вид пупи' [MS,s,97]; ~ *кога месјат, онаја дивојка за надјани от зентјут фесот, да така ки фати да меси, па другите около за пејат песни свадбарски. Сетни разăмноват, прајат много колачинта шарени и един гол'ам л'ап, којто са вели прăмна л'ап* [V,PM,247] – во контекстот се забележуваат три дијалектни посебности од кои двете носат балканистички предзнак, а третата ја објаснуваме како влијание од турскиот јазик; прво да ја споменеме употребата на предлогот **от** кога изразува посесивност: **за надјани от зентјут фесот** (место 'на зетот'); второ, кога атрибутот е во постпозиција во однос на именката: **колачинта шарени**, и трето кога не функционира категоријата род, т.е. кога има случаи на несоодветна конгруенција: **са вели прăмна л'ап**.

рај m 'за оние што веруваат во задгробен живот: пријатно место во небесната царштина, каде што одат праведните' ~ *тога ки уговори и на ни́х, и ки ре́чи: Истина ве́л'ам на ва́с, ко́лко не́ чини́хти на ви́а сироми́аси, ни́то на ме́н чини́хти. Да ки си о́дат ви́и на ве́шново пе́кол, па пра́винти на рај дуве́шно* [MV,K,277]; ~ *сăба́јлин ка́ стану́ве то: ма́јжо гле́де и ăдна-же́на ду-не́го. Му-ви́ке Го́спо: "Ти, ви́ке, слу́ши, јас ви́ке ти најдéх другáр, ви́ке, дă-живéјте, но ви́ке ки-вика́жум адно́: ви́ă уф ра́јо, тоо дăрво шо́-ј та́ли, дă-не́ ја́јте уднего, ви́ке"* [ПК,2(Грам),237]; сп.: верување: во **рајут** без мака доспеваат праведните и сиромасите, коишто на овој *лажовен* свет ги "искупиле" сите свои греови. Според верувањето во Гевгелиско, на патот кон рајот секој треба да помине преку влакно. Праведните мижејќи поминуваат преку влакното, додека грешните паѓаат од влакното доле во катран и тука *се варат који знаје ду кога* [ТГ,259].

Рајна – ж. лич. име, се среќава често во Доновардарско ~ *А ма́јка-ми тури́ла ше́ј нă-ни́јнта ко́ла. Ни́а по́-ма́ле́нките: ác, Ши́л'ка, Трајáн, ма́јка нă-кăчи́ла нă-ма́гáрто. Нă-ме́н нă-сума́ро, прăд ме́не бра́тми, а па ба́п-ти Ши́л'ка нă-гáзо нă-ма́гáрто, уд-сăт ка́чна. А ти́ă две́те о́дат, гуле́ми: до́д-Ли́ка и до́д-Ра́јна* [ПК,2(Гăр),320]; ~ *оре , се налутил турцкиот паша; [од Панаѓуриште; [оре ми јизвика деветмина Турци; [Турци разбојници; [– Идете ја фанете Рајна Попѓоргиева; [жива ја донесете; јазе да ја питам ем да распитам; [кој го соши бајракот* [БМ,-71] – извлекувањето на кратката зам. форма пред глаголот, образец позајмен од балканската јазична алијанса, е присутен во западното наречје и во нормативниот израз, со исклучок на формите на императивот и покрај гл. прилог, овде, во контекстот заслужува внимание аргументот дека заменската форма се јавува во препозиција и во заповедниот начин: **идете ја фанете Рајна Попѓоргиева; жива ја донесете;** ~ *до́д Ра́јна е вăрзăна вре́јка, не́ удгувóруве* (т.е. се воздржува, не коментира) [ПК,2(Гăр),157]; ~ *нă-Вили́гдин гă-нăка́рали нă-ма́јкă-ми и нă-до́тките* (постари сестри), *нă до́д Ли́ка и нă-до́д Ра́јна, чура́пе дăј-м-пле́тăт. Они пе́ет, пи́скăт. Учи́тăло ки-ј-смиру́ве та́м дă-мо́лчăт, дă-не пи́скат* [ПК,2(Гăр),321] – старото вокално **л** во Долновардарско се рефлектирало во **ăл**

(лă), исклучок прави глаголот **молче**, (*ќи-ј-смиру́ве та́м дă-мо́лчăт*); освен во Кукушко (контекстот е од таму) го имаме констатирано уште и во Гевгелиско (пр. во с. Фурка).

Ра́јнин adj 'нешто што се однесува, што ѝ припаѓа на Рајна' ~ *Ра́јнин Ки́ро гуле́ма кле́чка-ј* (= има големи можности) [ПК,2(Гăр),158].

Рајко 'м. лич. име запишано во Драмско' ~ *"Рајко мили сино, ни шари* (шири) *постава; [ни мори хăргати, вчера сă сл'агнали; [от више брчини, от гори зелени; [от води студени" – "Ја ни шарја мајо, за крајно девојче, за опашчарката"* [БД,33].

Ра́јко До́л top. 'од лич. име Рајко + дол' – моделот е позајмен од тур. јазик: именка служи како атрибут на друга именка без придавска наставка: *Рајко Дол* (место Рајков...); долина наоколу ридови, месност во Везмен, Драмско [ЛИ,М...,182].

рак m, zool., Astacus fluviatilis 1. 'мало водно животно, има пипки и тврда кора' [MS,s,95]; 2. изр.: **куту ра́ко уф-бăта́ко** (= израз на бесперспективност) ~ *ус-копăнто сме куту ра́ко уф-бăта́ко* [ПК,2(Гăр)-160]; **рак стана́** (= се вцрви од срам) ~ *стрăмли́ф чувéк нéкуј, ка́-ќ фа́те дă-гувóре нéшто стра́мно ќи-пуцăрвинéе куту ра́к* [ПК,2(Гăр),191].

Ра́к Дереси́ top. 'дол, на североисток од Мелникич, Серско' – назив компониран од македонското **рак** + турцизмот **дереси**; моделот е позајмен од тур. јазик; в. го објаснувањето во **Ра́јко До́л** [ЛИ,М...,-182].

раќа́чкă f 'еден заграб со рака при жнеење жито со срп' [ЛС(К)95]; – в. **рăкăвéнка**.

р'а́ка (и: **река**) f 1. 'вода што тече и не пресушува' [MS,s,95]; ~ *и кату и́диши, на пăтјут при еднá рјáка најде еднá змúа млóгу голéма; сáкаши да изјáди еднá жéна сос двé мáлки* [V,PM,22]; ~ *един ден зема негови л'уди сос него, беши изл'ал по вунка да са шета, лов да лови. И кату ловјаха, излезоха на една гул'ама рјака* [V,PM206]; ~ *му кажува: "синку, кога ки видиш некуј облак и да дăжди, тинака да заприш на една страна, дури да промине облакот! И пак кога ки видиш мăтна река да иди, да не миниш от неја, дурде не утихни реката!"* [V,PM,93] – во текстот среќаваме нерегуларна употреба на предлогот **од** наместо 'низ, преку': **да не миниш от неја;** споменатиов предлог се јавува со проширена употреба, заменува и др. предлози; за ова в. во граматичкиот дел; ~ *длăмбóка рăка* [ПСт,ЗС,66]; 2. изр.: **рéка уф нéговóто сăрци** (= спокојство и мир во неговата душа) ~ *тó шо верýва на мéн, кату́ как вéл'ат книгити, рéка уф нéговóто сăрци ки прилúи вóда за живóт* [MV,K,260]; 3. сп. топ.: **Клúјнска Рéка** ~ *úма такви́ рéки, мăлéнки, ка́ сă-ви́каа? Аднá сă-ви́кше* **Вампúрска Рéка**, *аднá сă-ви́кше* **Клáјнска Рéка** (сп. **клајнц** = кладенец), *дрýга сă-ви́кше* **Бизúмска Рéка** [ПК,2(Мор)223]; **Прăз Рéка** ~ *и та́м úмше мистúна, áма мáјка нé знáа сúно. Нă-ткá бúше* **Прăз Рéка**, *нă-кăде* **Мижджирéчка Стрáна** , *пá Прăз-Рéка бúше* [ПК,2(Пл),250].

ракаџ'и́јски* adj 'нешто што се однесува на ракија, ракиен' ~ *цúпур'éту ш'ту устáнуват ... ги звáж'дами ... и утúвами на ракаџ'и́јскију казáн'* [MS,t,4].

раки́(j)а f 1.'жесток алкохолен пијалок, обично приготвен дома (со ферментирање на грозје, сливи и сл., односно со кондензирање на пареата што се крева од нив при силно загревање)' ~ *"ско́ру, нив'а̏сту, до́нисѝми да пи́јам ма̏ра раки́ја да ш'о са̏ умуре́нт!"* [MS,t-68]; ~ *за с'е́днат у дулиа́, за пучи́нат, за пи́јат кафе́, раки́ја и за вич'е́рат* [MS,t,67]; ~ *и си до́јди ман'ц'о́-ји, с'е́днаха на мухабе́т, пи́ха пу ина́ раки́ја, пу ино́ кајве́ и кла́духа суфра́та* [MS,t,37]; ~ *вили́: "ѐј, Бо́жи | Го́споди, т'е́с ч'е́ш'ма, идна́та ч'е́ш'ма да ста́ни ви́ну, дру́гата ч'е́ш'ма да ста́ни раки́ја"* [MS,t,80]; ~ *ци́пур'е́ту ш'ту уста́нуват ... ги зва́ж'дами ... и ути́вами на ракаџи́јскију каза́н' да сфари́ми раки́ја* [MS,t,4]; ја сретнавме и формата **рикиа** (добиена со асимилација) ~ *те́тинут дуј̀де́, де́вирут (брат му), ку́мут дуј̀де́ и дру́зи ни́јни рудни́ни, ба̏рче́да̏вци. Но́саа пе́ча̏во, ри́ба уф та́ва. Дунсе́а ви́но, рики́а, са̏–густи́а* [ВГ-(Ст),270]; сп.: **вино и ракија** 'виножито, божилак' (во овие говори почесто: **зуница**) ~ *ако и́ма мно́го ца̏рве́но* (на божилакот), *ке и́ма мно́го гро́зде* – суеверие [BV,138]; **благото ракиа** 'ракија со црвена боја (симбол на чесноста на невестата) со која се честат гостите што доаѓаат кај младоженците по првата брачна ноќ' ~ *дошла нетре невестата, фатила и она да му вели на Марин: "добре дојди, господине, здраво живо дома тајфата?" – и да му донесе благото ракиа спра̏ти адето, и пак гу спрати дур вунка* [V,PM,164]; 2. гатанка: **уф едно бурило ем ракија, ем вино, и па не са бркат** (не се мешаат) = јајце [ТГ,290].

раки–сапун m 'вид сапун'(?) ~ *да ми видиш кошул'ата; [кошул'ата неопрана; [неопрана, некрпана! [Земи ми ја̏, пери ми ја̏. Ја тија му отгоори: – Зела ја̏ бех, прала ја̏ бех; [ал си немам раки сапун; [и си немам студна ода* [Б(С,ДХ),24].

Ракиште́н top. 'име на напуштено село во Драмско'; за тоа како е добиено името Ј. Иванов укажува на 2 можности: според името на вид врба **ракита** (Salix, Salix purpurea), односно од лич. име **Рако** [ЈИ,М ...,182].

ра́кла f 'домашна, кујнска направа' ~ *о́на-ј кут са̏нда̏к, кулку ма́ста-ј, и́ма две́ вра́тички. Уф-н'а́а си-чу́вахме са̏да̏фто и ле́бо* [ПК,2-(АЌ),97]; ~ *нарадовај се момина мале! [л'у каде идеш керка плачеш; [на ода идеш, од ода дојдеш; [де керка најдеш ракла ти бара; [коприна тера жа̏лта вал'ана; [сина зилена; [бјала црвена* [Б(С,ДХ),23]; в. во РМЈ **ракла** 'ковчег за облека' (т. 3, с. 50).

Ра́клата top. 'ниви во реонот на с. Караќој, Драмско', изведено од **ракла** (= потпорен ѕид на мост или пат) – според објаснувањето на Ј. Иванов [ЈИ,М...,182], меѓутоа нашите сознанија упатуваат на: 'некаков вид ковчег'; в. **ра́кла**.

ракли́ца f 'специјално направен отвор во ѕидот за чување ствари' [MS,s-95]; в. **ра́кла**.

Раковиц top. 'место на стариот пат Стојаково – Солун, до брегот на **Арџанскиот Ѓол**' [ТГ,423].

ра̏ко́јка̏* f 'повеќе **ракатки** од жито собрани' [ЛС(К)95]; ~ *Смилјане либе, Смилјане; [врни се либе врзувај; [– Дафино грозна нивесто; [пусто стојало детето; [јога̏н горели ра̏којки; [на̏ли ја̏ тук Бужана* [БД,34]; во други говори (во јуж-

ните): **рąкáчка** и **рăкăвéнка**; сп.: **рąкóл'кą** – со варијантно значење: *днá рąкóл'кą с'áнọ* [ДЧ,140].

ракч'éхнува impf 'отвора писмо, го кине ковертот' ~ *ја з'ẹ́ва нас книúга Анг'елус Кириjу, му ракч'éхнува, му пúш'и, инá дрýга книúга му дáва* [MS,t,17]; и: **расч'éкнува** 'раскинува', сп. **расч'éкнанти руби** (= испокинати алишта)[MS,s,95]; в. **расч'éкни**.

ралúца f 'рачка на рало' [СК,334].

рáло n 'два еднакви предмети што се носат истовремено, чифт' ~ *"Дáли сą-наýчи тú нéшчо?" – гу-упúтăл цáрут. "Сą-наýчу лiáлце" – лу-вéле дéтто. "Дáли мójш дą-ли-нąпrájш ąдно-рáло бóти?"* (кондури) *лу-вéле цáрут. "Мóжам" – лу-вéле дéтто* [ВКaj(Ран),322].

рáло n 1. 'земјоделска направа со која се ора' ~ *си-л'ăгнáле, утринтá пут пéрницăта нăjдéл двé лúри. Пучнáле по-бугáтичко дă-сă-ублéчувăт, дă-сă-рáнăт. Вájн сикупúле нúвичка, ýтре кójнче, рáло и тăкá пучнáле бугáти дă-сă-чинýвăт* [ПД,152]; ~ *нą ąднá брáзда, нą двé – искáрăве áдна чувéчка глáва уд зéми с рáлто, и нą тáа глáвта пишáло: "чтúрсăт дýши ки загúúнăт уд вáа глáва"* [ИГ,110]; ~ *нă-лишúцăта и тăкнáло: "Já ká ка:-дóнцăме: ки- нájдиш ти éдин плýк, рáло, мéчкăта ка:-клáме нă-прéди и-вăлко, а-jáс уд-săди; к-одăме уф-нă-цáро двóро ки-óрăме, шó úма жúво сăто ки-изóрме"* [ПД,154]; — називот **рало** го запишавме во описот на следниот обичај: спроти *Бужик* во Гевгелиско има обичај со "колење" да се заплашуваат различни работи во куќата што не се "доволно добри или здрави" (дете, крава, рало и сл.), пр.: ~ *"Воја рало не оре арно и не дунесуве ного бириќет, ки гу закол'ум!" – "Аман, џанум, нили гу кајдисуви* (прежали). *Уд сега на наки арно ки оре, и бириќет ки са чине!" – "Велиш оти арно ки оре?" – "Ки оре!" – "Е, арно, ајд да гу уставум за ваја гудина"* [ТГ,84]; 2. 'севгар' ~ *ду прид 15 –20 гудини бејзте териа бејлик, шо ки сă речă, они и имиа најблиските ду селту и најарните ниви и си-ј рăботиă су ăнгăриjă. Катă ниделjă и катă празник, субăштă ки чинише абер оти му трибувăт толку и толку ралă дă сă-орă фил'ан ниваă* [МЕв(Р),89]; ~ *амă 5 килă ишур* (вид данок, десеток) *правăт сăл љуjту, шо сă ногу тајфа* (големо семејство) *и шо терăт две ралă и шиăт чифт бивулjă зă нăдвурешни рăботи, кăту зă дăрвă, вудиници, зă груздубер, зă нусејне рантă нă Пазар и за кинатă новини (?)* [МЕв(Р),88] – прашалникот не е потребен зашто во народната земј. терминологија постои назив **кинатица** (= новоотворена нива, одземена, **откината** од необработено земјиште); 3. изр.: **не уставăт дă стăпне рало** (= не дозволуваат да се работи земјата) ~ *силjајнту можăт дă си сеjăт уров зă дубицте, да клаат дубици и лиут колку сакăт. Сеа истум ка ки дојдă времиту зă урајнă зă уров, арнăуjтту шо а шиăт кăшлăтă, не уставăт дă стăпнă ралу нă ниваă* [МЕв(Р),88].

рáлце* n, dem. 'земјоделска направа' – в. **рало** ~ *пу нéкуjа гудúна ăднó уд-дéцта, шó-j-лáше прăтéно нăпjájне* (= на школување), *си-вăрнáл уд-скол'óто, áма немájќи зă-чиó дă-си-зăфáти дă-рăбóти, пák си-зăкăчúл зă-рáлциту дă-óра* [ВЕв-(Кал),292].

раматизам m 'кога на човек го болат коските се вика дека има *раматизам* (реума)'. Се лекува на тој начин што ќе се земе семе од **синап**, ќе го истолчат и ќе го посолат врз некоја крпа на која има намачкано тесто и тоа ќе го прицврстат на болното место [ТГ,228].

раменце* n, dem. од 'рамо' ~ *Славеј високо фркаша; [и на Драгана дуиаша: –"Драганке, пјаснопојнице; [Драганке ранобуднице; [хајде Драганке да пјајем; [да пјајем да се натпјајем; [лă јако ма Драганке натпјајеш;[да ми јодрјажиш крилцата; [крилцата до раменцата* [БД,183].

рáмин' m (pl. **рáмин'а**) [MS,s,95]; в. **рáму**.

рамин* adj 1. 'без нерамнини, прав' ~ *очите ји биле, мале, кустуренски цреши; [вегите ји биле, мале, морски пијавици; [снагата ји била мале, морска рамна трска* [ТГ,52]; ~ *мори, југријала лисичина; [пу Сер поле, рамно поле; [пу Јуванови рамни двори; [мори, Јувануве вичерале; [сирак Јуван не вичере* [ТГ,-97] – во контекстот прави впечаток употребата на именка (без придавски формант) како атрибут на друга именка: *пу Сер поле;* се работи (како што рековме) за образец позајмен од турскиот јазик, познат и во други говори, но овде, поради изразеното турско влијание, почесто присутен; ~ *глáс вел'áла уф пусталúа: Исправéјти пăтут Господúноф, рáмно чинéјте пăтúчкити нéгува* [MV,K,260]; – формата за ср. род **рáмно** употребена несоодветно, наместо 'рамни' *(пăтúчкити нéгува)*, што претставува уште една илустрација за нефункционирањето на категоријата род (и број) во овие говори. Се разбира, истава форма **рамно** се јавува и како атрибут на именки од ср. род.: ~ *му вели: "царју, млого ти година! Тојта моиа ја сакам за моето дете!" Кату чу царјут, са поч'уди, да и вели: "твоето дете ако можи тас високата планина да ја стори рамно поле, има кабил да му ја дам на него мојта моиа"* [V,PM,197]; ~ *тогас тој елин и сестра му излезоха долу у рамно поли, најдоха една чешма, покрај чешмата имало един гол'ам брјаст, тамо момата си и качила* [V,P-M,241]; ~ *отидохми да ја брăками мухата, та ја најдохми на едно рамно поли, дека ја беши опрегнал един чифчиа сос един бивул, та сос них орјаши нивата му* [V, PM,202]; 2. 'еднаков по квалитет' ~ *устáвгу нéго, тăрцуман* (адвокат) *нé мó-ј рáмен* – се однесува на снаодлив човек [ПК,2(Крец),117]; 3. изр. **полно рамно** (= сосема комплетно) ~ *играј, играј Лазаре; [у ва куќа богата; [полна рамна до врата; [сос босилок китена; [сос карамфил прскана* [БМ,25].

Рáмна top. 'име на село, се наоѓа североисточно од Кукуш' ~ *јáс сăвúкум Динúја Гóце Мúтруф, рóдин ил'áда óсумсто дивéјсе дивéтта гудúна уф-сéло Штéлница. Имше и дрýзи сéла, тýрцки бúа. Имше ăднó сă-вúкше Кăрá-мутлú-ја. Кá сă-вúкăа дрýјсте зăбрăвúх. Тáм ăднó úмше Рáмна*; ~ *Гáлико* (чл. форма од **Галик** – име на река) *крăј-нáс вăрвише, нúа пáсăхме дубúци тáм. Гóре Штéлница, Рáмна, бúа кумшúи, Алéксуво ус -тúа грăнúчăхме* [ПК,2(Мор),216].

рáмне* impf 'работи, прави нешто да биде рамно' – во случајот: рамнење на земја за пат со специјален голем

камен (**вăлок** односно **вăл'уга**) ~ *ус нéго адно врéме нáште гумиңáне* (од населбата Гуменца) *вáл'аа, рáлнаа. Нă-стрéде-j прувá-лин* (каменот на среде имал дупка, за да може да се влече) [ПК,2-(Крец),32].

Рáмни Гáбер top. 'пасиште' во реонот на с. Височен, Драмско; во името е зачувана определената придавска форма **рамни**, што потврдува дека топономастичката номенклатура презентира постар стадиум од развитокот на јазикот [ЛИ,М...,182].

рамнина f 'рамно место, обично затревнато' ~ *полjто и планијнте така сă рăсфăрлени спроти Постол шо гу прават ногу тифиричлија и лично место. От Постол чувек гу пулја сăто поле су зилинилото лу, су сăта лу села и курији изридени като бели и цăрни баики уф стредин на чудбина гулемата зилена рамнина* [РЕв(Р)71]; ~ *нă свăршувајнту нă рăмнинтă кăту мегjă лигjу неа и полjто сă теглjă* (се протега) *ут угрисläнцă дур нă зајдисläнцă пу сăт пустолцки синур идна ниска битивијă мокрă и зауралнена фаша* [МЕв(Р),79]; ~ *пустолцкуту поле-j иднă кăрфија* (голем клинец, шајка) *забудена уд угри-слăнцă нă зајдисläнцă та дел нă рамнинтă* (пишува: 'ранинтă' – грешка?) *шо гу носă имиту "Полjту" лигjу дветă блатă, лигjу Стăрту и Малту блату* [МЕв(Р),80]; ~ *истули* (непосредно, веднаш) *пут селто (лигjу негу и полjту) ридиштă и долиштă сă -jзрлнувăт и кăту рăмнинă (јавашјаваш) не пузнăјату се спушкăт нă долу* [РЕв (Р),79].

Рáмнинска Рéка top. 'река што тече меѓу селата Моларци и Штемница, североисточно од Кукуш' (доаѓа од с. Рамна) ~ *пуд-Асáрско Пóле пó-н-дóле бúше Чалăкo, сă-викше. Или, сéдби сă-сајýвише, жúто сă-сăјýвише. А пă мáлко пó нă-зáпат фáштише Мурáрскуто Пóле.. Там адна рéка мúнше уд-гóре, Рáлнинска Рéка ù вúкаа* [ПК,2(Шт),248].

рамничáрски adj 'нешто што се однесува на рамница' ~ *затувá ни(j)а уф-грýпи состáвúхлu пóвеке стáда óфци, та ги-прáтúхлu на-Пúрин Плáнина, árну áлиа нáшит óфци б'áха навикнáни на низú(j)ски, рамничárски погóди и не можéха да издăржат на-плáнината* [ДЧ,168].

рáму* n 'горниот дел од раката, што се спојува со плешката' ~ *и гу súгна на рáлуту и сăс куш'úја гу зан'éси и гу фарлú пóнадлабóку* [MS,t,70]; ~ *си удрúва Ифтúл'у т'уфéјку на рáлуту, прумúна прис главн'áта, ги глéда главн'áта сă пýснали филúз'а (дáлч'анта)* [MS-t,44]; ~ *напăлни стóлната, клáди на рáлуту, лý ш'ту úш'т'аш'и да трăгни, нáтигу и дjáкут утпр'ăт' н'éја* [MS,t,68]; од односнава регија има и записи без редукција во споменатава лексема: ~ *вéли на тóа бóл'нијот: Тéб ти вéлам, стáни си, и крéни си носúлото, и óди си дóла. И на тóа чáс стана, и крина носúлото на рáлото, и испадна спрúту сăти л'ýди* [MV,K-284]; ~ *и истоли кога тој играиши, една стара сиролашка жена пролина прет негу и носила столна сос вода аф ралото ù* [V,PM,71] – во контекстот има пример којшто многу децидно потврдува дека предлозите 'на' и 'во' се употребуваат сосема нерегуларно: **носила стомна сос вода аф рамото ù** – предлогот **аф** (во) којшто по правило упатува на внатрешност, овде го заменил предлогот

'на' и укажува на надворешност; ~ *о́ни а вика́ле: Кре́ни гу, кре́ни гу, ра́скрăсти на не́гу. Ве́ли на ни́х Пила́то: На ва́шо Ца́р да раскрăстам? Гувори́ле Хаха́лити: Не́мами ца́р... , гу зе́ле на Ис..., и му гу носи́ле. И а но́сиши са́м крăстот на рамуто* [MV,K,283].

ран adj 'за нешто што се јавува рано, пред другите' (пр. цвеќе што цвета во рана пролет, односно земјоделска култура која созрева порано) ~ *Стојан ја чушмја* (чешма) *изградил; [јукул чушмјата и бахчата; [ју бахча цвјатја насијал; [сјакакво цвјатја најрано; [ран босил'ук и петарја* [Б(С,ДХ),53]; ~ *јузела је Трена ду две столи; [да ки јоде Трена на Бел-Дунав; [да налије Трена студна вода; [да наваде Трена цвеќе рано; [рано цвеќе, цанулм, ал каранфил* [ТГ,172]; ~ *бл'уди* (бегај) *Кал'у да бл'удими; [ели бјагај дă бјагами; [ду дје гора листи њама; [ванăстранска - ран бусил'ак; [Јовче Поли – дјателина* [БД,13]; ~ *та́м у Мо́крина, нăјде́ме сѐ гуто́во, си́чко уста́вино, куту ни́ă ка́ уставиме до́лу. Сѐ гуто́во, же́тва, сѐ, о́ни ту́к тăка́ устави́ли. Ни́а е́синта си-збра́ме чини́чка, мисирка де, – пу бижа́нско. Ра́јнте мисирки кăжа́а дă-ј збе́рме, дă-ме́л'ме, дă-ја́јме* [ПК,2-(Мор),222]; сп.: **ра́ниш'на́та зв'а́зда** (= ѕвезда што се јавува рано наутро, Деница).

ра́на f (чл.: **рана́та**) 1. 'повреда на кожата, односно на ткивото, може и да гнои' [MS,s,95]; ~ *и л'у дојдоха на крајта, тојнака от страх га удри рибата сос папуцут на гăрбо. Раната оној час пукна, и уздравјала рибата* [V,PM,99]; ~ *тогај калек му кажува раната, што и била врăзана, хем му вели на царју: "таја сирвета да не и, што ми вăрза?"* [V,PM,161]; ~ *на магарите на гăрбовето му са чиниха едни рани от самарот, хем вон'јаха* [V,PM,180] – во контекстот среќаваме две посебности, од една страна лексички архаизам: гл. **вон'и** 'мириса' (сп. во чешкиот јазик), од друга: проширена употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род: **магари** (м. 'магарињa'); на истата стр. со односнава наставка множина прави и еднослоѕна именка од м. род: **дјал – дјали** ~ **тогас јазе да вăзма две дјали** (делови), **ти едно;** што зборува дека множинската наставка **-и** ја проширува својата употреба и станува општа за сите три рода, но укажува и за сериозна разнишаност во категоријата род: **едно дјал**; ~ *па идéн сиромáх бéши, úмито му Лáзар, ... éм úмаши рáни и пичáлиши да си најáди ут рóнкити шо паѓáле уф трапéзата зингúнцка; тукý и псéтата му лизнáа рáнити* [MV,K,270]; ~ *рибата гу зема на гăрбо, гу извади оданат лорету и му вели: "ти са мол'а да питаш и за мојта рана, со што да ја оздравја", оти рибата имала лоша рана на гăрбо ѝ* [V,PM,99]; ~ *идéн Самарúтин па удéки пу пăтут дујдé кăд нéгу, да ká гу видé гу прижал'á, да си наближú ду нéгу, му а вăрзá рáнити* [MV,K,277]; 2. изр.: **ра́на на-сăрцто ме́-ј** (= голема душевна болка) ~ *ја, мóлта шо не́-ме-ј мăжна, ра́на нă-сăрцто ме́-ј* [ПК,2(Гăр)191]; **рана отварја** (= предизвикува душевна мака) ~ *ах не питај за гроба; [гробăт ми далеч остана; [вăв турски општини (?); [војниците се вршчат; [и ваште рани отварјат;* сп.: **жи́ва**

ра́на (= рана што не заздравува) ~ *: "ину-ќу́п ќи-ти-вѫ́рзѫм, по́гуле́ло, му-ве́ле. Ти си ја́к, мѫ́книш ри́би, му-ве́ле, ја́ска сла́ба сум, ле́јка, а́ма нѫ-мо́ж дѫ́-ба́рѫм, му-ве́ле, ќи-мѫ́-ка́чиш нѫ-пле́штите". То́ сѐ жи́ви ра́ни-е и не́а нѫ-пле́штите ѫ́-кѫ́чу́ва* [ДК(Лип),119]; уште: **ка́-j букна́ла ра́нта** (= кога повредата, раната се влошува, односно болеста зема замав) [ПК,2(Ир),25].

рана f 'она што служи за исхрана' ~ *понапред бејзте му давиа нѫ јѫ́рѫ́ци̏тѫ́ чиф (севгар), 3 или 2 чифтѫ́ вуловѫ́; ранѫ́ дѫ́ сѫ́ приранѫ́ нѫ́ целѫ́ гудинѫ́ и некуа лира пари* [МЕв(Р),88]; ~ *амѫ́ 5 килѫ́ ишур* (вид данок, десеток) *правѫ́т сѫ́л љујту, шо сѫ́ ногу тајфа* (големо семејство) *и шо терѫ́т две ралѫ́ и имѫ́т чифт бивуљѫ́ зѫ́ нѫдвурешни рѫ́боти, кѫ́ту зѫ́ дѫ́рвѫ́, вудинии̏ци, зѫ́ груздубер, зѫ́ нусејне рантѫ́ нѫ́ Пазар и за кинатѫ́ новини (?)* [МЕв(Р),88].

Ра́нѓил' m 'дијалектна форма на името на светецот св. Арханѓел, запишана во Гевгелиско' ~ *слу́жба пра́ваа на Митро́вдин, на св. Ра́нѓил', на св. Атана́с. Уф Стујакѫ́во го́стаа, пра́ваа курба́н дваjсѫ́т, три́jсѫ́т ку́ќи* [ИГ,118]; името на споменатиот светец го запишавме во следново народно верување: за *Св. Ранѓил'* се кажува дека стои на рајската врата со теразија (кантар) в рака, па на едната страна ги става добродушните дела, а на другата греовите, ако претегнат добрите дела на мртвиот му се отвораат рајските врати, а ако претегнат греовите се отвораат вратите на пеколот [ТГ,77]; ~ *убаво е Ра́нгл на со́н да ти-и́де, от зло́ ќе та-ва́рди* [ДЧ,140].

ранѐ́т* adj 'живо суштество (обично добиток) на кој му е давано повеќе храна, така што е здебелен' ~ *кажа́јти на калисува́ните: е́то ручо́кут азѫ́р гу готфи́х, дана́ците и ранѐ́тити курба́ни сѫ́ти сѫ́ азѫ́р; ела́јте на сфа́дбата* [MV,K,270]; ~ *лина́ло вр'а́ли, а-на-фараон му-с-сѫ́н'и на-сѫ́н, изл'а́гали кај-Ни́л, кадѐ́, и-кѫ́j-ркатѫ, сѐдам кра́ви. Ра́нити, дбе́ли, го́ни, го́ни, а́мѫ по́сли ни́ф изл'а́гали сла́би* [ЛС(К),112]; ~ *извадѐ́јти пра́вната приме́на, и убличе́јти гу, и дадѐ́јти му пра́стинут на ра́ката, и ско́рни на но́зити; и а извадѐ́јти дана́кут ранѐ́тито, закла́јти гу* [MV,K,281]; ~ *он му ре́кал на не́гу: Бра́т ти дујдѐ твој, и та́тко ти закла́ на ранѐ́тито те́ли, заш'о гу видѐ здра́в* [MV,K,281] – во контекстот имаме директен предмет придружен со предлогот **на: закла́ на ранѐ́тито те́ли**.

рани* impf 'станува наутро рано' ~ *мѫ́р нивјасто хубава; [јот ми рано ни раниш; [да измитеш дворове; [да наредиш столове; [ша ти дооддѫ́т лазарки* [БД,19].

ра́ни impf 1.'дава јадење на некого (го храни)' ~ *разглидајти а́рно пилиштити на не́бито, што ни́то се́јат, ни́то жниат, ни́то бе́рат уф амба́рити, и Та́тко ва́ш уф не́бито и ра́ни* [MV,K,264];~ *ура́чут убѫ́рна́ о́чи нѫ-не́бту: "Го́спут, де́ду, Го́спут ли̏-нѫучи́, о́н е вре́дин зѫ́-сѐ не́шчу" – "Тѫ́ка́, си́н-ку, Го́спут тѫ́-научи́ и се́гѫ́ тѫ́-блѫ́гусо́ве; де́н дѫ́-о́рѫ́ш, годи́на дѫ́-ра́ниш ца́ла ку́јќѫ́!"* [ВВ,310]; ~ *му вела: "Ето, гледаш тоа човек, шчо седе на ќошето? Ќи ти биде стопанин, ќи ти рани со лешници, орехи и други емише* [ШВ,V(399)];

~ чи́ли пура́сне гуле́ма (свилената буба) *гă-нăре́дăт на гуле́ли о́дă ре и га-ра́нат гуле́ли гра́нки. И о́на ръ́бо́те ме́сц и-пу́л, зави́ве о́на* [ПК,2(215)]; *~ ки-ли́нат силина́ри и ки-да́ват кути́и ко́ј ка́к ки -и́ла ли́с дă-и-ра́не. Ти́ аку и́лиш зă че́тири кути́и ки-зе́виш че́тири, три́ ки-зе́виш, ја́с идна́, ко́ј ка́к ки-и́ла ли́с* [ВМег(Стр)317] – во контекстот прави впечаток изразувањето на множина со еднинската форма **лис: ко́ј ка́к ки-и́ма ли́с** (т.е. лисја) ; *~ а пă-би́л зă-еди́н ле́пче, зă-еди́н ле́п, па́ри не́, са́мо зă-ле́п*; *"шо́ ки-ме́-ј-ма́ка ут-те́бе? Са́мо еди́н ле́п, не́к и́ла а́к–са́ке пе́т ду́ши, ки-ј-ра́нул"* [ВД(Ник),-279] – уште еден пример (од многуте) за несоодветна конгруенција: именката во ср. род, а одредницата во машки: **зă-еди́н ле́пче**; 2. 'чува, одгледува, се разбира и храни' *~ одил, одил, пу-пăтут, стрител един стар дедо (тоа бил Дедо-Госпуд). Дедото гу питал:"Дека одиш бре синко?" –"Одум на чуждина, да ќарувум, да си ранум децата"* [V,PM,273]; – глаголот **рани** го запишавме и во молба на селанецот: наутро кога станува верникот се моли на Бога со овие зборови: *Господи Боже и Свита Тројцо, никој* (м. 'некој') *касмет да повелиш, да ни уделиш, дечка да си ранум, виргија да си плашќум, уф село да не са стралувум, душманје да не сретум ни уф пăт ни дома, здраве и касмет на сите братја да дајте и најназад и нас да не на забравите!* [ТГ,306]; *~ на може една кукошка да ране, па са фале оти може воја и тоја да праве* [ТГ,401]; 3. – **(сă)** *~ си-л'ăгна́ле, утринта́ пут-пе́рницăта на́јде́л две́ ли́ри. Пучна́ле по-бугáтичко дă-сă-ублéчувăт, дă-сă-ра́нăт. Ва́јн си-купи́ле ни́вичка, у́тре ко́јнче, ра́ло и тăка́ пучна́ле бугáти дă-сă-чину́вăт* [ПД,152]; *~ роси, роси, вај Дудуле, ситна роса, мили боже; [да наросиш сăта зелја, вај Дудуле, мили боже; [да се чине бирик'етот; [да се ранат сирумаси* [МЕв(Р)97]; *~ ни́вички пу-не́ко: де́кăрче си-се́јаа.* **Но́вина** *– де́к и́ла пра́зно ме́сто пă но́вина утво́руваа, по́ дă-сă-ра́нат сјурли́аси де. Си-рабо́таа та́ми, ка́лине тре́баа, с-искáрваа* [ПК,2(Пл),250]; 4. послов. изрази: **ра́ни ку́че дă-тă-ла́е** (= кога некој, кому му е сторено добрина враќа со лошо) [ДК(Емб),107]; *~ ќи-ра́ниш де́цăта, ќи-у́чиш... Та́ткуто а́ко и́ла ни́кој ку́јќа, ни́кој ни́ва, ќă-прудáде. Се́тне де́тто му-ве́ле: "Не́ма ме́сто зă-те́бе". Ето то́-е: ра́ни ку́че дă-тă-ла́е* [ДК(Емб),151]; **бра́т бра́т не́ ра́не – те́шко то́ шу-гу-не́ма** (= блиското роднинство е корисно и треба да се чува, оти не знаеме кога ќе ни затреба) *~ е, о́де нă-вичéрта ут-сти́су му-викну́ва нă-бра́т-му: "Бра́т, бра́т! Ва́ и ва́ рăбо́тта: ă-згре́ши, ја́с ă-нăпра́ј. Шо́ ќи-пра́јме?" – "Не́нăј га́јле!, му ве́ле. Не́к сă-сте́мне, ја́с ќи-до́јăм, та́ рăбо́та ќă-сфăршиме. Ќу-кла́јме у-вре́јкито* (убиениот), *ќу-уднесиме нă-ре́кăта, дă-нă-ви́де ни́кој, дă-нă-чу́е..."* [ДК(Рак),152]; клетви: **просјаци да раниш!** (= да немаш среќа дома, децата да ти се просјаци) [ТГ,329]; **да питиш па да са раниш!** (= да бидеш толку сиромав што со просење да го храниш семејството) [ТГ,320].

ра́ни* impf 'нанесе повреда на некого, му направи рана' *~ ти́е* (сп. подолу: *ти́ја*) *утвури́ја о́гин и пучна́ стрăже́ние дă-си-би́јăт. Пу-ăдно́ вре́ме ра́ни́ја ти́ја Ту́рците ăдно́ ут-на́ште, ут-кули́тте* [ВЕв,296];

~ – Ни седи Цемо слободан; [не ми је мирна година; [кауре глава дигнали; [– Дејгиди мајо будала; [седи си мајо слободна; [каурска пушка ни рани; [каурско ноже ни сјаче [БД,160]; *~ е, а́га, ричé, ка́ се-удри́ја ти́ја на́ште, ти́ја ва́ште. Ти́ја ва́ште рӑни́ја идéн ут-на́ште. И Дими́тре вујво́да му вéле: "Ми́цо о́ди зéвӑј ӑдно́ ки́ло ичумен"* [ВЕв,296].

ранило n – сп.: еден од начините за ловење риби со *сертме* (мрежа во вид на конус) на Вардар се вика: *на ранило* – на одбрано, тивко место, каде што реката тече бавно, се прави заклон со гранки, а во водата се спушта овес или просо загрудвени со глина и измет од говедо (тоа се вика: *рана, ранило*), околу што се собираат риби и потоа на тоа место се фрла мрежа (*сертме*) и се фаќаат насобраните риби. Со мрежата *сертме*, освен *на ранило* риби се ловат уште и: *на фрл'увајне, на вличејне*, уште со мрежите: *грип, слипица, баскија*, натаму: *су вӑдица, су трујајне, су вличарка, сус кош* [ТГ,393].

ра́нин adj 'повреден (пр. од оружје)' *~ да-ѝ-вéле ли́чин Кӑрсте: [ти си-јо́ди мо́ме До́нке [ти́ си јо́ди Мӑкидо́нке, [ти́ си-јо́д ни́лој сто́ј. [Ја сӑм ра́нин Макидо́нке, [ја сам ра́нин, ут-куршу́м ра́нин* [ПК,2-(Пл),257]; *~ ут-та́м ути́ӑхме уф-сéло Крéцӑво. У-сéло Крéцӑво сӑ-свӑли́ме нӑ-чéшмя̆та. Нӑјдéх а́дни Ту́рци, питáх та́мја и ути́дӑх нӑ-чéшмя̆та* **Кипари́с** (топ. според името на дрвото **кипари́с**). *Сӑ-свӑли́х нӑ-та́а чéшмја ей-ра́нин Ри́сто... – ку́кушки вујво́да, та́мја-ј зӑко́лин, Го́рги Бӑлми́уф, ут-сéло Сики́рник, сјáа шо́-ј ту́ка, ро́да сӑ* [ПК,2-(Крец),307]; *~ и ка́ дујдéме уф-Ку́куш, видéхме но́го вујни́ци. Ра́нни но́сӑт сус-ко́ли. Наро́т бéга на си́те стра́ни, кукушéне, а Ку́куш о́ште не́ го́рше. Не́ би́ше до́јдӑна гӑрцкӑта вујска́ уф-Ку́куш, о́ште фро́нт дӑржат до́ло* [ПК,2(Пос)-290].

ра́нина f 1. 'утро' [MS,s,95]; *~ пак аку е јунак, тревата ке да е росна... легнаха двата близу-близу, а̀ма истом по ранината хрӑтлето сос опашката си зелуваши от реката вода и напрӑскаше околу момата тревите* [V,PM,71]; 2. adv 'наутро' *га фати би́шката, га вӑрза́ за ши́ата со́с едно́ вӑже, и со́с вӑжито па́к побегна́ла би́шката. Утринта́ бишка́ринот стана́, гле́да би́шката, па́к га не́ма, а́ма на ра́нината бе́ши падна́ло сла́на, и ка́к си о́зиши вӑжето, па̀т направи́* [V,PM,116] – во југоисточните говори, не во сите, иницијалното **в**, ако зад него следува вокал (о) често се испушта; во текстот имаме: **си озиши вӑжето** (место: 'си возиши'), може да се наведат повеќе примери: **олове** м. 'волове', но од др. страна: **воса** м. 'оса'; односната ситуација може да се набљудува и во чешкиот јазик.

ра́ниш'ната зв'а́зда f 'ѕвезда што се јавува рано наутро, **Зорница**'; со исто значење: **саба́хӑлдузи** [MS,-s,95].

ра́нне n 'давање храна, хранење' – сп. објаснување за називот **штир** (вид трева): *~ то́-ј тре́ва зӑ-би́шките зӑ-ра́нне, а и о́фците гӑ-ја́дӑт* [ПД,(Ник),123]; и **ранејне** – христијанските куќи (во Гевгелиско) не се ограден со ѕидови; две–три куќи се служат со еден заеднички двор; тие се прилагодени за **ранејне** на свилена буба [ТГ,294].

ранобу́дница f 'девојка што наутро рано се буди' ~ *седнала ли је Драганка; [крај мо̀ре, крај бја̀л Дунава; [като везјаша, пејаша. [Славеј високо фркаша; [и на Драгана думаша: –"Драганке, пјаснопојнице; [Драганке ранобуднице; [хајде Драганке да пјајем; [да пјајем да се натпјајем* [БД,183].

ра́ну n 'утро' (откако ќе се раздени до 10 часот) [MS,s,95].

ра́ну(ту) adv 1. 'во почетокот на денот, наутро рано' ~ *ра́ну за ста́на ут спан'е́ту, за сă о́мија по́напр'ăт'* [MS,t,65]; ~ *мăр нивјасто хубава; [јот ли рано ни раниш; [да измитеш дворове; [да наредиш столове; [ша ти доодăт лазарки* [БД,19]; ~ *небе́синта цаpшти́на умја́са су чове́к иде́н стопа́н, шо испадна́ но́гу ра́ну да фа́ти арга́ти ѓундулакчи́и за ло́зиту* [MV,K-314]; ~ *дру́гајут д'е́н' ра́нуту, за усăлни, за ста́ни да сă му́ј, за пи́ја кафе́* [MS,t,67]; ~ *од Бо́га на́шла то́ја̨та ма́јка̨, [што́ тă пушти́ла ра́но за̨ јо́да̨, [ра́но за̨ јо́да̨ ф недăл'а̨ , [та́м гдă и́дат Ту́рци, ка̨у́ри* [ПСт,ЗС,74]; ~ *на дру́гајут д'е́н' ра́нуту враш'и́луту зăј хазăр; за ве́зми сно́питу, за ха наринди́ на враш'и́луту* [MS,t,66]; ~ *на утрото рано мајка му на попо се качила на адна црница и зафанала да кука* [ШКук,V(421)]; 2. 'во претходно време, односно во минатото' ~ *ут-пле́х, по́-ра́но шо-с сă-служи́ли ме́сто ла́мба* (објаснување за називот **кăндило**) [ПД,121]; ~ *зăма́ндрите на́ј-ло́ш е Дубрува́но, о́н ду́: ут-Кру́ша, ут-Су́рл'ăво, по́гуле́ми дăлги́ пра́ве, ги-рăсту́руве ма́ндрите, ле́сите ги-суде́руве и тăка́ ри́бите избе́гувăт. По́ра́но но́го ште́та пра́више, ти́: гуди́ни не́ ду́:* [ПД,129]; ~ *мло́гу сă упла́ш'и, даш'о́ ра́нуту б'ăш'и панагу́р: ни́ту по́п, ни́ту дја́к ... ш'и́ч'ка умр'ăнта идна́ ку́па* [MS,-t,70]; 3. 'во почетокот на определен временски период' ~ *ни́ска тре́ва, да́ве пло́тчăта про́л'ăтта ра́но, куту зрăнца, куту груздак, си́на, цăрве́на буја́* (објаснување на терминот **ку́куво гро́зде** – вид трева) [ПД,(Ник),122]; 4. 'пред означениот (договорениот) термин' ~ *му-ве́ле, се́а пра̀ви́ме шо пра̀ви́ме, дă-мă-зăне́сиш, му-ве́ле, нă-по́пут дă-му-пца́лăм, дă-ми-да́е тро́ литури́ј, гла́ден-сум. Трăгну-вăт. –"Ај вле́зи, му-ве́ле, ту́ка! Се́а не́ма ни́кој". Оше нима́ло, ра́но би́ло. –"Вле́зи у-цăркфăта, му-ве́ле, се́а ќи-до́јдăт"* [ДК(Лип),118]; 5.за засилување на значењето има случаи кога прилошката форма се удвојува: ~ *имало две братќа: единојут беши луд ахмак и единојут беши млого акалиа, умовит. Еден ден станаха рано-рано от спанету, сакаха да подат на работа* [V,PM,228]; ~ *по́пова ста́ра ма́јка оти́де, са́ укачи́ на̀ еди́н брја́ст, ра́но-ра́но фати́ "ку́ку! ку́-ку!" да ви́ка. Барли́воју кату́ чу́, зему́ва балти́ата, оти́де, са укачи́ на брјасто́т... Га утепа́ и не́ја* [V,PM,128]; ~ *така́ о́н оти́де ра́но ра́но на ца́рјут, са поклони́ спроти за́конот, и ца́рјут гу пита́: "де́ка бе́ши сно́шти, Кулу́ф?"* [V,PM,10] – предлогот **на** освен што се јавува наместо предлогот 'во', често го среќаваме и како замена на други предлози, во случајот (од погорниот контекст), се однесува на предлогот 'кај': **оти́де ра́но ра́но на ца́рјут**.

ранч'и́ца* f 'украс што девојките (жените) го носат на раката, колба, белезика' ~ *"за и е́зма ранч'и́цит'а!" – "и сӑс ту́с му ни апуди́ксуваш'!" – "ш'о́ за и сто́р'а ?" – вили́; "ут врӑх н'е́ја да е́змиш' идн'о́ н'ӑш'ту!"* [MS,t,71] – во врска со рефлексот **а** за големата носовка (во **ранч'и́ца**) наместо очекуваното **ӑ**, в. го објаснувањето кај **рӑнка**.

раол'* m 'скратена и модифицирана форма од револвер'; ~ *като шче умреш Стојане војвода; [кој шче ти носи чифте раол'а? [нека ги носи Атанас војвода, за мене мили братја, за мене; [хем да ги носи, хем да са фали* [БД,170]; в. **рувел'**.

р'а́па f, bot., Brassica rapifera 'вид зеленчук, има дебел, сочен корен' [MS,-s,95].

р'а́пка ца̨рве́на̨ f, bot. 'вид зеленчук, ротквица' [ЛС(К),96].

ра́с m, bot., – називот освен што ја изменил формата (од **храст** > 'рас'), исто така се јавува со модифицирано значење, т.е. наместо основното значење: 'даб' среќаваме: 'исечени гранки од даб (или од габер) на кои се замотува (завива) свилената буба' [ПК,2(Мут),97]; освен во Кукушко називот е регистриран и во Гевгелиско (со исто значење), сп.: – на празникот Св. Спас (во гевгелискиот говор: *Св. Испас*), кој е патрон на црквата, покрај другите случувања (пр. спиење в црква), на тој ден треба и да се набере малку **рас** (шума за свилената буба), па кога ќе дојде време на бубата да ѝ се става **рас** за да се замотува, треба прво да се стави оној **рас** што е собран (исечен) на празникот Св. Испас [ТГ,71].

расади* pf 'пресади дрво' – в. **расад'о́ва**

~ *и водата слатка, и мла̨та слатка; [појди тера̨ј ми га, белки ки га дадат; [поскоро да дојдеш. [Сара̨ј да загра̨да, дуни да раса̨да; [дуни ем калини. [Ако не ја дадат, постој погледај ја* [Б(С,ДХ)56].

расад'о́ва* impf 'пресадува млади, наскоро никнати растенија, обично зеленчукови' [MS,s,95].

раса̨т m 'мали, скоро никнати растенија (пр. од пиперки, од тутун и сл.) што служат за пресадување'

~ *та́-ј за̨-ра́са̨т, би́ло за̨ тит'у́н, би́ло за̨ пипе́р* – објаснување за зем. термин **тахта** 'леа' [ПК,2(А К),111].

расбрӑка (сӑ) pf 'се размеша, се судри' ~ *и до́јди тудо́дека, са расбрӑкаха му хараб'ӑнта* [MS,t,1]; сп.: **расбрӑкува сӑ мурабе́** (= почна војна') ~ *сӑ расбрӑкаха Г'ерма́ни и Булга́ри* [MS,s,95].

Ра́с 'м. лич. име запишано во Серско' ~ *с'а́дна̨ло-ј Ра́с, мо́ри с'а́дна̨ло; [по̨т-та́ја кру́ша, мо́ри ле́то̨вна̨: [ши́ши ра̨ки́ја, мо́ри, пртне́го; [и-пу́шка̨та̨-му, мо́ри, ду-не́го̨* [ЛС(К)132].

расечи pf 'со нешто остро, пр. со нож, стори на парчиња нешто што било цело' ~ *Мајдон чуваши на скалата, заедноч сос сабјата гу чини на протудраку парчинка-парчинка, отиде и магесниците ги расечи и ги фӑрли на кучинтата, да ги јадат* [V,PM,76]; ~ *му вели: "да земеш девет мрӑша од ола, да га вразеш сос девет чингел'а уша̨т мленика! Тјанака, как ке да јади, ке да си закачиш девете ѝ глави... тинака да фатиш сос остра сабја, да га расечеш дребна коматја"* [V,PM,78] – во задната реченица е испуштен предлогот **на**:

да га расечеш дребна коматја, место 'на дребна...'; ~ *кога отиде на средја морету, виде куприниште самовилини мрјаже, алиа кон'ут, кату промина сос сабја на гредите, ги разсечи мрјажúте, проминаха* [V,PM, 77].

расжéла (са)* pf 'се ожалости' ~ *и залинá мáлко врéме, и са-пóдаде мáлку маглúца и вăрв'éше насáм и молáта н'áхт'а да-гу-пурýка. И са-боéше, и са-б'éше молáта расжелáла, и зé да-зáплáче и зарóни дрéбни сăлзи* [ВДрам(ГБ),328].

расúјан* adj 'расфрлен, распрскан' — адјективот **расијан** го запишавме во описот на родното село на Мисирков (Постол) ~ *сáта тија планини су сăта му градишта, села, манастира, курији и др. работи, су сăта поле шо гу имат упашано като су зунка, су сéлта расијани по полјто, шо ти са трачи, оти то шо а правил ва дујната истиклим гу избрал стридурекут ув Постол* [РЕв(Р),71] – во контекстот има 2 лексички посебности, првата е архаизмот **трачи** (познат во северните словенски јазици) и именката **стридурек** што овде се јавува со значење 'центар', а во други македонски говори, па и во литературниот јазик значи 'остров'.

расúпан (-ин) adj 1. 'искршен, што не може да се користи' ~ *пóсле петнáјс дéна тăргнáле тáм нăдóл. Пá-с збрáле дистúна кăшти уд-Мурáрци, тăргнáме. Мóстут рăсúпин, тáм áјн мóс пăднáл, цилéзăн бúше, пăднáл, сă-убисúл тăкá. Ејн друк úмше, óн нă-цéло дúгнин* [ПК,2(Мор),220]; ~ *на пăтјут кату идиха, тихиса един мост да проминат. Тојнака виде на едно место расипану беши мостот. От мерак, што имал за работа, излезе от кон'ут, извади теслата...* [V,PM,87] – во контекстот има уште еден пример за тоа дека родот не функционира, т.е. нема соодветна конгруенција: **расипану беши мостот**; ~ *грéндăта сă рăсúпанă* [ПСт,ЗС,68]; 2. 'болен' [MS,s,96]; 3. 'пропаднат' ~ *му вéли: "и да гу зéмиш, пишлúан ки си чúниш, и да не гу зéмиш, пáк пишлúан ки си чúниш". Дјáтето кáту чý такá, млóгу си разчýди, речé: "ки гу зéмам, јáзе и такá загубéн, и такá расипáн, бáри пéрото да гу зéмам тá нéка сам пишлúан!"* [V,PM,121]; 4. 'со слаб квалитет' ~ *бýлбăр о-вúкме и рăсúпăн'оо финáк – кужýрк, шó-ј тăкóф булбăрéс, нé о бúве, нé дáве куприна* [ПК,2(Гăр),26]; 5. изр. **расúпано обрáс** 'загрижен, натажен израз' ~ *фатú да му вéли на нúа л'ýди, што сидјáа на мезлúчјут; цм вéли сос затрéсна глáс и сóс расúпано обрáз: "господáри динéска ви приказýвам и казýвам прет вáс, ча тóс сиромáх нéма њáкој кабаáт!"* [V,PM,28].

расúпи* pf 1.'стори нешто поради што предметот го губи квалитетот' ~ *да ви пузнáват вáши дóбри рабóти, и да прислáват Тáтко вáш шо и на небúнити. Нúм си трáчити шо дујдéх да расúпам нóмото или Профúтите, нé дујдéх да и расúпам, тукý да и тóкмам* [MV,K,299]; 2. – **(са)** ~ *иднó нúш'то правúх, да сăти са чýдити. Зарди тó М... ви дадé сунéтут... и на собóта чúнити сунéт на човéкот, да нé са расúпи* [MV-K,256]; ~ *направи óдăр на лóста да нé сă-рăсúпе грójсто* [ПК,2-(Грам),82]; ~ *сакаха кон'ут да го купат, и тој гу продаде за неколко*

гроша... Он, што гу зема, сос колко севда гу глендаши, ама пак тој украставја, дојде си расипа, сакаши да услекни; кату гу виде така, стопанот гу испанди вăнка [V,PM,217]; 3. 'разгради, нешто, растури'~ *на идéн чувéк зингúн му дадéа нúвите нóгу берикéт. Да си чýдиши сам, и вéлиши: шт'ó да чúнам, шо нéмам дéка да си прибéрам сéдбата? Рéкал: вá ки чúнам: ки и расúпам амбáрут, да ки а прáвам пóгулém* [MV,K,277]; *~ ако не ја дадат, мале; [поскоро да дојдиш, абер да дунесиш! [зарем кји си јодам, мале, црно калугјерче; [сарај кји расипум, мале, манастир кји правум* [ТГ,52]; *~ женúте, кáк видéха тóлку пáри, што и прати дјáтето, фатили кăштите ги расипáли, ги направúли кату цáрцки конáки* [V,PM,109]; *~ на кăштата ми на врăх ъмакут беха чинили гаргите гн'азду; фатих расипах гн'аздуту и, кога гледам харну, што да видам: един куп карагроши најдох* [V,PM,40]; 4. 'пробие опсада' *~ тóпуве пýкат, гóл'о сăл'ýле, [пýшките пýкат, рúбите игрáјат, [сă-прăвикнá Цéко, Мúто Цéко, [па сă-прувикнá пу-Кăрсте вујвóда: Ej, ти бре Кăрсте, Кăрсте вујвóда, [ја ми удбéри дéсит млáди мóлци, [јáс да-га-расúпам тýрската пусúја* [ПК,2(Даут),332]; 5. 'искрши (гранки)' *~ и калеко и лизнал космиту, му дошел тајчинту; си и приленил, да вјахна и он нетре на бахчата си, го играи конот му и сос тешката бозлугана расипал много фиданчита на бахчата* [V,PM,159]; 6. 'уништи, убие' *~ óн сăс кóјно пýс-се пу-нé-го – фтáси-го, óтепи-го, пýс-се пу дрýго – фтáс-го, óтепи-го, пу:с-се пу-дрýго – фтáс-гу, óтепи-го. Бéше расипáл пé-шéс дéца. Да сă-удмăсте* [ПК,2(Даут),336]; *~ Тога жената му отиде, каза на комшиите, да от малко по малко са причу, как има најдена пари. Отишли един веч'ар лоши харамии у дома, го фатиха и на кол го забиха, хем алтăните му земаха, на една гора ги расипаха* [V,PM170]; *~ кату чу така царјут, си разл'ути млогу и заеднóч са скáза за цáр. Ох, áм дéка отиде оновá рáдос от онúа мóли? Они фатúха да плáчат, ча ги бéше стрáх, цáрјут да нé ги расúпи* [V,PM,11]; *~ га вéли: "да завриш едúн казáн вóда, да гу кладéш нétри на будрýмо: óни, кату ки дојдат от скол'ýто, прáве тáмо ки óдат, ке да си попáрјат!" Децáта познáха, чá ке дá ги расúпат, побегнáха от тáмо* [V,PM,-129]; *~ нáј-сétни пóповата глáва га извáди, га земýва пападúјката плачиштém, га закарá на дóма. Тогáс излáва и тóјнака от бунáро, тá му вéли брат му: "áх, брáте, сегá и нáс ки ни расúпат, тукý éла да ги зарúјми и да побéгнили!"* [V,PM,125] – прави впечаток присуството на партиципот **плачиштém (га закарá)** (= плачејќи); 7. 'потроши' *~ "што да видам: един куп карагроши најдох"... – "е, чунки си нал толку карагроши, сега требува да ми ги дадеш!" Он му вели:"што да ти дам владика! Јазе ги расипах карагрошите, л'у да ти дам един тавил!"* [V,PM,40]; 8. 'истури' *~ отиде на един халваџијчки доган; најде тамо едно дете, дека праиши халва, му вели на детенто: "а бре халваџијче, за ли дадиш ли на твојта мајка да ја везма, или ки ти расипам халвата!"* [V,PM,201] – во случајот директниот предмет

е придружен со предлогот **на**: **за ми дадиш ли на твојта мајка да ја везма**; 9. 'раситни поголема новчаница' ~ *едно врелија един човек беши земал един алтун, та беши изл'ал на пазарăт, ишташи да го расипи за дребнаци. И кату бăркаши некој човек да му го расипи алтунот, питаши тука, талу...* [V,PM,187]; ~ *и му дават алтунот, и тој го и видел и му вели на човека: "постој тука, јазе да пода дур на дома ми, да зема пари, да ти расйпа алтуно!"* [V,PM,188]; ~ *тóги Тýрцте тýрцки пáри тéрăт, сáкат лúри. Јáс зéх, о-расипáх никáфут шó бúше прăвúл свéкрут, ká кăжá дéлто дă-j-кýпле тúа нúви. Шó-j никáф, пúташ?Никáф ej-питулúрка* (= златна монета со тежина од 5 лири) [ПК,2(Иц),288]; 10. 'заврши орото' – при играњето оро машките подвикнуваат а девојките не. Кога орото ќе заврши, ќе се *расипе* сите се прибираат дома [ТГ,88]; 11. изр.: **уџакут да не са расипе** (= да опстои семејството, куќата); — гл. **расипе** го запишавме во следниот благослов: ~ *Ка е арно Госпут нека даде!... Сус радуст тимел' сă удире, сус радост да са пукрије, сус радост оћин да са запале! Сус радуст госте да прачеке; сус радуст госте да испрате... Да биде плăна песни и џулбуш, да и се пите уџакут, уџакут да не и се расипе; уџакут да и се лаге! Прва да са лаге* (семејството да биде почитувано). *Уд душлајне секуј пăт биколена* (одминатa) *и утворина врата да ли са пракаже затворина* [ТГ,296]; **нифтjá да расйпи и хатăрот** (= не сакаше да стори ништо против неговите желби) ~ *и татку му, што да чини, никáши да расипи хатăрот, му даде триста гроша на детето му. И тојнака, как га зема грошовету, га тури аф пазвата му и трăгнал да иди по пубратимиту му* [V,PM,33]; ~ *тójнака, кату не сáкаши да úди, áма нифтjá да расипи и хатăрот на господáро му, такá сéтни му речé: "дéка повéлиш, господáр мój, да úда!"* [V,PM,11] – во контекстот имаме пример за употреба на номинативната форма во служба на вокатив: *му речé: "дéка повéлиш, господáр мój, да úда!"* ; **му-гу-рăсипáл кéфут** (= го онерасположи) ~ *тарăбóта трăjáла нóго врéме и дéjто нúкујпăт нé-му-рăсипáл кéфут нăпóпут, пă-и-нă-дрýзите сил'ájна* [ВЕв(Кал),293]; ~ *му ричé на тáтку му: Еџу тóлку гудúни шо ти рабóтали, и нéкој пăт не ти расипáх кéфут, и нé ли и дадé и на лéн идна́ кóза, да сă радýвали јáс су пријáтил ли* [MV,K,256] – во пропратниот текст, место очекуваната зам. форма 'никој' среќаваме **нéкој (пăт)**; (има и обратни случаи, сп.: **идно́ нúш'то** *правúх, да сăти са чýдити)*; **ми гу расйпа џ'умбúш'у!"** (= ми ја прекина веселбата); ~ *цáр'о и велú: "уд'é ли дójди тујú скандáлу, ли гу расйпа џ'умбúш'у!"* [MS,t,30]; **ми расипá душáта ми** (= ме натера да сторам нечесна работа) ~ *ли вéли: "господáри динéска ... казýвам прет вáс, ча тóс сиромáх нéли њáкој кабаáт!... јази му бех хизмикáр, ами дjáволут такá ли дупнá, ли расипá душáта ми, ли чалдúса улют ли и ле пăхна, гу утепáх господáро ли"* [V,PM,28]; **му си расипа чехриту** (= му се смени изгледот, лицето – во негативна смисла) ~ *но увреинот*

еднош гу беши нал на чаршиата и му вели: "а бре кајурин, ја парите дај ми, или за ти зан'а на пашата, да ти заторја!" Тогас христенинот са беши оплашил млого, дур му си расипа чехриту [V,PM,179]; **работа да расипе** (= да спречи нешто позитивно планирано) ~ *тоа вилаќи, елен си зима пушката... Таак!.. и чувекут на место си падна. Кога ќи се врне назад, и кога гледе врбов кол путирал цали ластаре. – Напкум се чак научил оти тој чувек удил и са вр̀кал* **работа да расипе** (= да спречи веридба) [ТГ,-147]; **ќи-рас̀ѝпме ка̏лимѐрта** (= ќе го прекиниме пријателството, ќе се налутиме) ~ *тѐка̀ нѐ сѐ-гувóре, зе́м-си ла́фо нѐзѐ̏т, и́нак ќи-рѐ̀сѝпме ка̏лимѐрта* [ПК,2(Гѐр),165]; сп. уште: **ќи си расипи времето** (= ќе фати невреме) ~ *ги пита: "варај, моја мила дружина, што и тузи времја, што и тос силин ветѐр, што дуи фуртуна?" Те му вел'ат: "еба ти торлачката глава! Те и страх от ветѐр. Не знаиш ли, ветѐр га дуи, ја дожд ќи фати, ја времето ќи си расипи?"* [V,PM,-179] – во текстот имаме пример за несоодветна употреба на кратките заменки: формата за директен предмет – **те** употребена на местото за индиректен **'ти': те и страх от ветѐр.**

расипо̀ка̏шник* m 'човек со несериозно поведение' ~ *пѝјани́ца и женцка́р, о́ни ти са̀ расипо̀ка̏шници, о́ни и ќѐшта растýрува̀т* [ДЧ,140]; и: **ра̀сипука̏шница** 'жена што не пази на семејството, недомаќинка' [ПК,2(Грам),99].

расѝпуве impf 1. 'руши нешто' пр. 'зид' [СК,334]; 2. 'разнебитува нешто' ~ *сѐ-пувѝ·ве пу-жи́тто и гу-сѐбóруве, да́ве зѐ̀рна тѐквѝ и гу-рѐсѝпуве жи́тто* (објаснување за тревата **гра̀ши́на**) [ПД(Ник),123]; ~ *и уф инса́нут шо би́ле но́гу, не можа́ле да дубли́жат ду не́гу, застоа́ле пу стре́ата та́му шо би́ле, и гу крина́ле, и расипува́ле носи́ло-то на шо ле́жиши то́а бо́лин човѐк* [MV,K,283]; 3. 'изедува' ~ *на пчиничките уд "Старто блато", шо не и садат сеа уд вода, тогај љујту одиа да тражѐ̀т диви свијни, шо ногу и расипувиа пчиничките. Елбет су то пусат они шо гу илаа тогај: можиа сѐ̀л да-ј заплашат на дивите прасијна* [МЕв(Р)77]; 4. 'раскинува, погазува' ~ *бејзте најповикјѐ̀ зѐ̀рди менѐ̀тѐ̀ нѐ̀ живечкѐ̀тѐ̀ и погулеми арџуве се повикјѐ̀ и повикјѐ̀ и расипувѐ̀т (газѐ̀т) нѐ̀прежните тукмечки и и ближѐ̀т селтѐ̀ ду турвајне* [МЕв-(Р),86] – се работи за текст што Мисирков го запишал некаде во почетокот на 20. век; 5. 'ја одзема силата (на магијата)' – кога тешко болниот ќе почне да се мачи, родните одат кај некоја вражалка – циганка која што умее да *праве* и да *расипуве* магии, да им *гледе* и да им *пугоде* од што боледува болниот. Таа обично *знае* и *пугодуве* од што боледува, исто така ја опишува жената што ја *правила* маќијата, кога ја правила и како ја дотурила. Нејзиниот опис "секогаш се сложува" со ликот на некоја сосетка со која се во конфликт; па затоа циганката богато ја наградуваат [ТГ,250] – се разбира дека овој обичај повеќе се однесува на минатото, а во денешно време може да се сретне само во некоја примитивна средина; 6. – **(сѐ̀)**. 'нешто станува негодно, му опаѓа квалитетот', в. **расѝпи** ~ *Господ му рече, оти тридесе години ќи-живуаш, ќи јадиш слубодно секое шеј,*

шчо не ти расипува здравјето и работата ќи ти биде: да повелиш сăто, шчо је на дун'ата [ШВ,V(398)]; ~ *áко на-вр'áми né-ги-попáраш за-да-га-извáдиш свúлата, óн ќи-го-прибýши. На-прúмр кáко шл'ýпката, кáко кóрката на-кикирúкити, и-тój с-расúпува свúлата, копрúната* [ЛС(К),136]; 7. изр.: **он хатăр не расипуаши** (= тој сакаше на сите да им угоди) ~ *тој на свирката и бил млого ќамил и така без него не трăгноваха јунациту, дегоде да подат, на што сахат да го викновали, он хатăр не расипуваши* [V,PM,227]; **му-сă-рăсипýва ќéјфут** (= станува нерасположен) ~ *кóга лигнáле двéте нăвичéрта крáлцкăта ќéрка му вéле: "Дáли бúло кăслúéт рибáр су крáлцка ќéрка дă-лéгне?" И дéтто ооор, му-сă-рăсипýва ќéјфут* [ДК(Ран),128]; **ут-тăксýвăне кăшта нé сă-рăсúпуве** (= кога некој нешто ќе вети тоа не значи дека ќе го исполни ветеното) [ПД,138]; **расипуве винчанија** (= ја прекинува брачната врска, се разведува) – по селата сèуште важи старото правило дека "*винчинијата кулај не са расипуве*" [ТГ,195] – ова го запишал Тановиќ поодамна и денеска важи само делумно; **расúпуа лúцито** (= изгледа лошо, станува со истоштено лице) ~ *áку не пруштáвати на л'ýдито кабаáтити на нúх, нúто Тáтко вáш ки вù прóсти вáши грéхови. И кóга пóстити, нили да си чúнити катý óпаки жáлови, шо си расипýат лúцито нúхно, да си пулјат на сфетут шо постат* [MV,K,282].

раскáже* pf 'соопшти нешто, прозбори' ~ *попо се завел воф адин трн да се прошете, а козаро ка го видел, фанал сос сфиролчето да сфире и направил, попо гол и ф-стреди трнето да играе и да скоке... Попо, без да му прогуворе нешчо, се врнал ф кăшчи и сичко расказал на кăшните си л'уде* [ВД-,277]; ~ *а зенгининот му казал: "От кăд тие пари?" Сиромахот му расказал как извадил тие пари. А зенгининот тргнал да оде и тој да си пала кăсметут* [ШС,V(416)]; ~ *а тúја пугулéлте брáтќја ка-шитáле, шитáле и са-вăрнáле назáт да-си-úдат дóлиа бес-пéт пáри. Кóга видéле дéка пумáлиут брáт са-збугатúл, гу-питáле уткăде најдéл тóлку пáри. То му раскажá сè пу-рéт* [ВМег(Тр),318]; ~ *кýсјо вăлк сус-нăвéдăна глáва ил-răскăжáл шó ál гу-најдéло, а дрýгите вăлци му-ричéли: "Нúм сăкóси, пубрáтиле, ќ-ă-фáтăме та фушкúа и пăрчá пу-пăрчá ќ-ă-на прáвăле!"* [ВД,287].

раскáжува* impf 1. – **в. раскáже** ~ *от таиика, па кинисали да одат, да питат друг. Врвели, врвели и стрителн адин стар вол. Офчарут и на волот му раскажуве как било и што било, но и волут му рекăл: "Немаш фајда, ќи те изеде, зашчо дун'ата сега е таква"* [ШК,V(429)]; 2. – **(са)** ~ *Тúна па стá нáла нóгу ýбава мóиа, кáку вúла. За-нéјнта убавúна дăлгу врéме са-раскажувáло* [ВД,277].

раскали (се)* pf 'се наводени, стана кално' ~ *мори, дворе мете млада Марковица; [дворе мете, мори, дробни саузи роне; [мори, дури дворе ми се раскалиле; [а дугледа Кралевиќе Марко* [БМ,45].

раскáпе pf 1. 'искрши, раскине нешто' – в. **раскáпува (сă)** ~ *змúата ровéјќи тáиу, дојдéла до-н'ákој злáто, до-н'ákој парú. Н'ákој кýп с-скăршúл, лижéјќи мнóгу, мнóгу*

вр'а́ли и-с-истури́ли пари́ти, ра скапа́ло то́ра и-с-тури́ли [ЛС(К)-,128]; ~ *ве́ли на́ нивја́ста́та: "ки́ и́дими сега́ на́ хо́рото, два́та да си фа́тими! Ја́зе кожа́та ки га кла́м на една́ стра́на, и да не́ си ла́ха да́ га изго́рјат кожа́та ми, ча́ се́тника ки ми те́раш, а́ма ду́р не́ раска́пиш желе́зни чи́жме, не́ ки мо́жиш да ми на́јдиш!"* [V,P-M,131]; ~ *чобана л'уто ка́лн'аха: [– Јут бог да најде Богдана; [три години Богдан да лежи; [три пустели да рӑзкапи:[три вӑзглави да рӑскӑца; [и пак душа да нӑ придаде* [БД,163]; ~ *прика́ ти диплат лудо ле! [Мӑр да си здрава, здрава и жува; [да јӑ раскапеш, да јӑ кердосаш; [сӑс свекра лудо, свекар свекрва; [с зӑлви деверја, с зӑлви деверја* [Б(С,ДХ),22]; 2. 'убие, уништи' ~ *о́н рӑзбра́л до:-чи́не. Уд-зи́до де́тто, кӑлва́јки, кӑлва́јки гу-утӑпа́л. "А-бе́, де́ка-ј бӑ-Лу́до де́тто?" "Ми не́ли ми-кӑжа́те до:-рӑска́пулм? Ас уд-зи́до гу-рӑскӑпа́х, гу-утӑпа́х"* [ПД,(Ник),-163]; ~ *зел да вике: "Излез, кума лесо, ти дунесех кукошките!" Лисицата, кату чула, излезела и офчарут туруве от врека́та кукошките, а излезели двете кучета, га фанали на лисицата и га раскапали* [ШК,V(430)]; 3. 'кога ледината некој ќе ја разработи, ќе ја претвори во нива' ~ *то́-ј це́лина, гӑ-убӑрна́ли, гӑ-рӑскӑпа́ли, гӑ-утвури́ли, нӑпрӑви́ли нива за се́јне* [ПК,2(Грам),78]; 4. 'врши голема нужда' ~ *изва́дјо: во́нка, не́к сӑ-рӑска́пе, мӑри* [ПК,2(Гӑр),99]; ~ *е на́пкулмтӑ, му-сӑ-уди́ло пу-ну́жда нӑ-тва́ де́тӑнцто, а пӑ-та́а пупӑди́кӑта, нӑ-по́по же́нӑ-му ричел: "Лу́до, о́днес-о: тва́ де́те не́к сӑ-рӑска́пе"* [ПД,(Ник)163]; 5. сп. израз: **Се́ј ту́ка, раска́п-сӑ** (= остани онаму каде што си) [ПК(Гӑр)].

рацка́пува (сӑ) impf 1. 'се испокинува' сп. **раска́пана руба** (= испокинати алишта) [MS,s,96]; 2. 'се растура, се расипува' ~ *тӑка́ сӑ–рӑска́пуве ка́шта уд-душма́не*; – в. **рӑска́пе** [ПК,2(Гӑр),99].

рацка́ре (сӑ)* pf 'почна да се кара' ~ *си́н-му нӑ-Пту́ши и та: Пе́на нӑ–Про́јче и о́на ут–ка́де на́с, ут-ка́де сва́тут Гро́зде ни́кој. Е, на́м, шо́, фа́јка́т, му уттигна́ле иднӑ-фо́ртума, а-уттигна́ле зӑ-дӑ-не́-вӑрвӑт. И та: Мару́шка да́ли у-та: фо́ртумта, сӑ-рӑскӑра́ле, сӑ-рӑстӑркӑл'а́ле, сӑ-рӑзбури́ле* [ВМег-(Цӑр),320]; ~ *има́ло не́кој дву́јца мла́ди, ма́ш и же́на, мла́ди чуве́ци. Живијали но́гу у́бувo. И ѓа́вуло, то: дӑ-сӑ-вӑрте це́ла нидел'а та́м. Де́сит де́на сӑ-вӑрте та́м кулу ни́х, зӑ-дӑ-мо́же дӑ-им ствóре не́што, дӑ-му-ствóре, зна́че, бел'а́, дӑ-ј-рӑска́ре* [ПК,2(Коц),348]; ~ *и ѓа́вулут стӑна́л, си-о́де, замина́л нӑ-го́р пу-Ца́рӑфте Ку́ли. И не́ка: ба́ба ста́ра, бра́ла сӑчки та́м. Нӑ-ѓа́вулут му-ви́ке: "Де́к о́диш ти́?" "Ба́бо, ричел, ја́с сум ѓа́вуло. Еди-ко́ј-си чуве́к, ма́ш и же́на но́го у́бувo живе́ат, сака́х дӑ-ги-раска́-рум, ви́ке, дӑ-сӑ-рӑздво́т"* [ПК-2(Коц),348].

рацка́руве impf 'клевети од еден на друг, т.е. прави некои луѓе да се караат' ~ *бӑркал'ка ви́кме и нӑ-не́каа же́на шо-ј рӑска́руве л'у́јто* [ПК,2(Иц),28].

раскаче pf 1. 'раздвои работи што биле испреплетани, поврзани' (пр. влакната од косата) ~ *вода да налије, вода да налије, ле ланим; [уд новата чешма, нова ел шаре-*

на; [сус вода студена, глава да измије, ле џаним; [глава да измије, коса да раскаче [ТГ,195]; ~ *нă-мо́жум дă-с-јаа рăска́чум ко́·ста* [ПК,2(Драг),99]; 2. 'раздвои деца што се маваат со раце' (што се во допир) ~ *ра́скач-и ти́и де́ца дă-не́ сă-те́пат* [ПК(Гăр]; 3. – **(си)** 'се отргна, се оддели' (во случајот при полов однос) ~ *тогас тојнака рече "тутуш", и си закачи зетјут џјавол за нивјастата като куче и кучка, и васа ношт си мачиха да си раскачат, не можаха; ги беши страм на свето вунка да изл'азат* [V,PM,98]; ~ *флези дирвишино нетри; фати зетјут да гу тегли, пак тојнака вели "тутуш", и дервишино си закачи уѕат зетју. Дервишино му вели на царју: "аман царју, ету талука има една стара баба, она знае от мене повики. Пусни да га докараш, она можи да ни чини да са раскачиме!"* [V,PM,98]; ~ *тогас тури на вогино перото от картало; дојде картало, му донеси едно шише жива вода, и он гу пусна на нивјастата. И тогас рече "тептер", и си раскачиха сички, си содрăзаха* [V,PM,98].

раскѵасе (си)* pf 'се освежи со голтка–две вода, односно со овошје што накиселува' ~ *А Марко си ги зборува: [– Имиро, кадăн Имиро; [полниш ли, мори знаиш ли? [кога бех у вас ратајче; [та се бол'ăн разбол'ах, та ти одица потерах; [да си раскѵасăм устата? [мăр ти си уми рăките* [Б(С,ДХ),32];~ *на чешма ја срешна едно клето Турче; [на моме си вели, вели ем гојвори: [– Ој ти моме, моме, гиди малко моме; [поднеси ли вода, вода да попија; [вода да попија, уста да раскѵасе; [уста да раскѵасе, грло да оладе* [БД,140]; сп. уште: **накѵасе** 'кога се тура вода врз нешто што е суво', пр. сува земја, сув леб и сл.

раскѵаче pf 'кога кокошката ќе почне да пушта звуци со кои дава сигнал дека ѝ е време да почне да кваче јајца за да се излуштат пилиња се вика дека ќе се **раскѵаче**' [ТГ,401].

рацки́не pf 1. 'некаква целост ја направи на делови'; 2. изр.: **сăрцто ми-сă-рăскина́** (= многу се ражалостив) ~ *ка́ о-виде́х та́ко́ф сăрцто ми-сă-рăскина́* [ПК,2(Гăр),197].

раскладе* pf 'намести' ~ *"Мар гиди кадăн Тодоро; [зготвила ли си вечера; [вечера на аргатето. [Расклала ли си столове?"– "Бате ле, бате Стојане; [ни сăм вечера зготвила; [ни сăм расклала столове; [цал ден ми џјате викаше* [БД,32].

расклат'о́ва (сă) impf 'се разнишува' [MS,s,96].

расклучуве impf 'кога нешто што било стегнато, углавено, ќе се ослободи од стегите' – односниов глагол се среќава во еден опис од селската економија: **уборникот** е помошна просторија за чување на добиток. Ѕидовите на **уборникот (арап-дувар)** ги прават од кал во калапи направени од даски; кога калта ќе се исуши калапот **са расклучуве** и ѕидот останува [ТГ,302].

раскови pf 'тоа што било заковано го прави на делови, го расипува' ~ *и така са чиниха двата другарја и отидоха аф едно село, фатиха да работет така пу мерамети тука-таму. Един ден тојнака фати една скала да направи: тој га ковиши, он га расковиши, не можа никоја работа на мигдан да искарат* [V,PM,87]; ~ *му вели: "ej*

море, мајстори, виде динеска как не можахми да искарами двамината една работа малка на мегдан? Тинака ковјаши ... јазика га расковавах, ча јазе сам твојут кăсмет" [V,PM,87].

раскóпа* pf 'ја разрие земјата со алатка' ~ *и тја́нака са вăрна́, оти́де на́ гора́та; бе́ши умрăкна́ло. Та́мо најдé една́ мра́фкана* (погрешно пишуваа: 'мрафка на') *дýпка; фати́, га раскопа́ ма́лко онája дýпка, пот не́а најдé една́ парати́рка* [V,PM,132]; ~ *уф-Грăма́дна мă-интирси́рише адно ме́сто: мă-јзлăжа́ ади́н дéдо ут-Пло́вдиф, дójдин уф-Ра́дуво на-го́сте. Ви́кум: "Уд-дéк си ба́че ти́?" Ви́ке: "Ас сум уд-до́л, уд-Грăма́дна, ка́ бига́ме уф-адни́ ка́мине закупа́х а́дни па́ри". Ас уддéх та́м, најдéх адни кулиша́не, răскупа́ме ка́минто, ама не́ најдéме ни́што* [ПК,2(Крец)308]; ~ *и тој нос ч'ас си разбуди, стана, отишел у дома, зема целоцјап та раскопа тамо, да и нал един казан алтăна гол'ами, да по малко, по малко ги износил у дома му скрихом от жената му. Та, дека беши чобанин, стана един гол'ам базирґанин* [V,PM,170]; 2. 'извади коските на мртовец од гроб'; гл. **раскопа** го запишавме во следново верување: ако некој мртовец цел живот пекал по некоја работа, народот верува дека таквиот мртовец не се распаѓа во гробот: "*и пу десит гудини да ма раскопите, ки ма најдите цал – здрав*" – суеверие [ТГ,260].

раскопува impf 1. 'копа онаму каде што веќе било копано'; 2. 'кога гробот се копа повторно' – во обичајот што го наведуваме е регистриран и гл. **раскопува** : во минатото се практикувало гробовите на мртовците по 4–5 години да се раскопуваат; освен како *адет* (обичај) гроб се раскопува и кога некој болесник пред да умре на блиските им порачува: *"да не им биде прустено ни на воја, ни на тоја век, ако не гу закопат талю дека им кажуве"*. Кога гробот се раскопува коските на стариот мртовец се мијат со вино и се ставаат во платнено вреќиче кое што се става покрај ковчегот на покојникот и заедно се закопуваат. В ториот начин на **раскупувајне**, како што рековме, се врши по обичај и не е поврзан со закопувањето на нов мртовец. Имено тоа **раскупувајне** се врши само во одреден период – за време на велигденските пости, во саботата од средопосната недела. Штом ќе се измијат коските со вино, во вреќиче се носат в црква и оттаму, откако ќе преноќеваат под иконата на Христос, се носат на гробишта каде што ќе се соберат роднини и свештеникот ќе *пеје*, т.е. ќе стори *помен* и потоа коските повторно се враќаат в гроб (овој обичај се практикувал во гевгелискиот крај во минатото) [ТГ,262].

раскре́ни* pf 'дигне, покрене' ~ *па ви́и седéјтисте на гра́да Јерусали́ма, дýри да си зéмите пувéла уф узóри. Да извади́ на ни́х на́д-вор ут Витáниа; и раскрáна рăцити, да благосови́ на ни́х* [MV,K260]; ~ *на тóа врéми раскрáна Ис... óчите му на нéбито, и ричé: Тáтко, си наближи́ врéмито; слáвај си на Сúн ти, и тфójо Сúн да ти слáви* [MV,K,260]; ~ *ка́ гу придавáле на нéгу Книговúтити и Старéити на́ши на тéшко умрéш, и гу кувáле наврас дăрвото... Туку́ и ут нас и́ма жéни шо ни раскрина́ на нас, би́ле дујдéле на гро́бут, да не́ му а најдéле снáгата му* [MV,K,334].

раскри́ва impf 'ја трга покривката, открива нешто' ~ *нóс дúфуту з'éва кóпану, гу ч'ýка кýцур намúсту Иринџјóт; л'у раскри́ва јорга́н'у, гу гл'éнда кýцур* [MS,t,50];~ *кугá раскри́ва, ш'тó да ви́ди – прускéфал! си пл'éснува рáнц'ăт'а, трач'и́ на áш'тинуми́јата* [MS,t,13].

раскрие (се)* pf 'се сокрие' ~ *да сă вăрнилe па на блатцките диви свијни. Они и тогај, коа беа пчиничките сă стрекиа сăл нојкта; сеа пă ич нема. Кăдă прупадна ва толку живина? – Ка ки го питаш на некуј ут силјајнту за во нешто, ки ти пувăрна, се раскрија ув урманут* [МЕВ(Р),77].

раскрши pf 'направи движења со телото' ~ *дете хич са ни отбрало; [л'у го срце прибол'ало; [та му вили отгоори: – Варај, варај Филип Мацара, [л'уто ма срце прирјаза. [Тој му вили отгоори: – Варај, варај Дете Дукадинче; [раскрши са на л'ао, на десно. [Половина му от кон' паднă* [Б(С,ДХ),40].

раскра́сти* pf 'убие, стави некого на крст' ~ *и му вéли на Ис...: Удéка си ти? Ис... нé си угувóри и́ч на нéгу. Му вéли пá на нéгу Пилáту: Нé ли збуру́ваш? Нé знáиш шо и́мам пувéл'а да ти раскрăстам, и пá пувéл'а и́мам да ти пу́шкам?* [MV,K,293]; ~ *и му вéли на Чифýтити: Ету вáшу Цáр. Па óни а викáле: Крéни гу, крéни гу, рáскрăсти на нéгу. Вéли на ни́х Пилáто: На вáшо Цáр да раскрăстам?* [MV-,K,283].

ра́скăрснăк m 'место каде што се "сечат" патишта' – в. **раскăрсница** ~ *пу-ạдéт сạс лăртóвц сạ-зạстạнýвạ нạ рáскăрснăк*; со исто значење се употребува и: **чạтáл** [ДЧ,140].

раскăрсница f'место каде што се вкрстуваат два пата, распаќе'– в. **ра́скăрснăк** ~ *Навéчăртọ си-утúшле брáтќата пак, пýл'ăт мóлăта умрéна. Сéа а-рạспашáле, а-чинúле, нúшто, óти јабăлкто у-мéут муустăнáлу. Сéга шó-прáвăт?! Мурéкле нạ-тó гулéмјут сúн, брáт, а-зéле нạ-идну-пăт, нạ-идна-раскăрсница "ќи-а-чýвме"* [БМег-(Збор),198]; ~ *мóлта трăгнá мéсто дă-тéре. Утидé сигá нóго нăдăлéко, нă-адна́ рăскрăсница; дă-кáжиле такá дă-óде нă-кăд-Сóлун пăт, дéт нă-слăнце изгрéва* [ВК,-283] – во контекстот имаме пример за "лепење" на именките без придавско образување (образец позајмен од турскиот јазик): **óде нăкăд-Сóлун пăт** (м. "солунски пăт"). Овој модел е познат во македонските говори. но овде е поизразито присутен, несомнено поради големиот број турско население сè до Балканските војни (1912-1913).

раскăрвави pf 'повреди некого, го стори целиот во крв' ~ *разбојниците, заварват го там. "Е-ех – казва, – кој ни е зел парите!" И фат'ат, фкарват го вăв стајата, направ'ат го на четири парча. Ej тăj! Раскăрвават го, там адăн черек, там друк черек* [ВДрам-(Кал),334].

раскăца pf 'раскине' ~ *ја тија му вили отгоори: –Нимој са бој Нигрица ојода! [тузи ли е от мајка прикијă; [оште рече, рече не отрече; [пристигна ги Јанкула господарја; [кобила што могла с уста раскăцала; [с уста раскăцала, с ноги здробила* [Б(С,ДХ),38]; ~ *чобана л'уто кăлн'аха: [– Јут бог да најде Богдана;[три години Бог-*

дан да лежи; [три пустели да рӑзкапи: [три вӑзглави да рӑскӑ-ца; [и пак душа да нӑ придаде [БД,163].

раслан (< арслан) m, zool. 'лав' ~ *ја покачај се горе високо; [та раз-гледај си нагоре, надолу; [Москов сӑ бие сӑс пусти Турчин; [топове пукат, ѓулета капат; [ѓулета капат като градушка; [јунаци падат кату раслани* [Б(С,ДХ),86].

расла́нка f – в. **раслан** [BV,138]; fig. 'силна жена'...

ра́сне* impf 'се развива, станува поголем' ~ *изникна́ла пи́ринуѓа, изникна́ла пиринуга; [ра́сни, ра́сни пири-ну́го, ра́сни ра́сни, пири-ну́го; [да-на ра́сниш да-напу́каш, да-нара́сниш да напу́каш; [да-нацӑ́фтиш, да-на пу́каш, да-нацӑ́фтиш, да-напу́ка ш; [на-нив'а́сти за-Вли́гдён', на-ни-в'а́сти за-Вли́гдн'* [ЛС(К),131]; ~ *мори а́јде Милке поскоро дарувај; [на мајчини двори телна мӑгла падна; [на зетјуви дворе јасно слӑце грјае; [алал да ми чиниш тенката прикија; [алал да ми чи-ниш шту си ми раснала* [Б(С,ДХ)-29]; ~ *о́грја́ла мсч'и́на, о́грја́ла мсч'и́на; [кра́ј-Јова́новт по́рти, кра́ј-Јова́новт дво́ри;[Јо́ван сто́и, па-га-гле́да, Јо́ван сто́и па-га- гле́-да; [ра́сни, ра́сни мсч'и́но, ра́сни, ра́сни мсч'ино; [да-пур'а́сниш, да-угр'а́иш, да-пур'а́сниш, да-угра́'иш* [ЛС(К),131]; ~ *та си зехӑ дете Дукадинче; [однесохӑ го дур при царја; [царица го храни, гледа; [като сое милно чедо; [та си ми расна, нарасна́; [та стана момче гол'амо* [Б(С,ДХ),40].

ра́со(у) n 'горна облека на православен свештеник' (pl. **ра́сунта**) [MS,s,-96]; [ПК,2(Гӑр),97]; во Мегленско: **раса** ~ *стани, стани, малкај мо-ме; [стига си спало; [либето ти се армаса, за друго либе; [– Ак се армаса, нек се армаса; [нек се кердоса; [јас ќе одам манастирот, гора зелена; [ќе облечам црна раса дури до земја* [БМ,133] – во придружниот контекст во два случаи среќаваме беспредлошки додаток за место: **ќе одам манастирот, гора зелена** (место: '...во манастирот, во гора зелена').

раса́лница f 'солена вода во која се чува зелка, расол' [СК,334]; ~ *бӑка́рна ча́ша кулку пулви́на ки́ло, зӑ-ви́но и зӑ-рӑсулни́ца* [ПК,2 (Гӑр),77].

расонка f 'нешто што создава весела расположба, т.е. ја намалува потребата од сон' ~ децата во семејството се *расонка,* тие дома прават весела атмосфера. Децата во семејството уште ги викаат *ѓице берикети* (ноќна добивка) и *"уд Бога благослов"* [ТГ,272].

раса́тка f 'движење без обврски и во весела расположба, прошетка' [ДЧ,63].

распаден* adj 'тој што не е пожелен, набркан' ~ *дошло време Френци дошле; [напауница Долга Маала; [ка дочуја пожарани; [разбигаја горе, доле; [горе, доле низ гората; [като пилци распадени* [БМ,21].

распа́ла* pf 'побара' ~ *да ричé на ни́х: шо́ си стре́сити така́, и зашт'о си расчу́дити и сӑ у́мити уф сӑ́рцити ва́ши. Видéјте ра́цити ми и но́зити ми, шо сам ја́с, распала́јти ми, да видéјти ми* [MV,-К,335].

распари pf 'раздвои нешто со сила, со сечење' – в. **распоре;** во примерот што следува: *распари срцето* има фиг. значење (= доживување на душевна мака) ~ *ах, ти галапче, галапче бело, срцито ми го распари*

[ас ќа та лубам, че ас страдавам, че ас за тебе ке јумрам; [твојата руса, кăдрива коса, нѝбесно слнце как греје [БМ,153].

распашан* adj 'кога на некого не му е стегнат ременот од панталоните, односно не му е врзан појасот' ~ *ут нивата идам, Недо, на пăтут гу стреќам; [на пăтут гу стреќам душо, твојто стару ару; [твојто стару ару, Недо, пинците ув рăци; [пинците ув рăци, душо, купрал'та пуд мишка; [купрал'та пуд мишка, Недо, голу распашану* [МЕв(Р),98]; – зборов го запишавме во еден опис на облеката: ~ наутро *при убличувајнето* има извесен ред: прво се облекуваат *барнавезите* (вид панталони), потоа *дуламата* (кошулата), и на крај се стега **појасот**. Мажите никогаш не седат *распашани* зашто стравуваат дека ќе ги заболи половината [ТГ,18]; ~ *Ни ходи Димо, сободан* (слободан ?) *хајде; [ни ходи Думо, сободан; [сободан Димо, распасан; [по този поле широко; [по тази сјанка љатнина; [чи шча та, Димо погубјат* [БД,159].

рạспáше* pf 1. 'го развитка, односно го истави појасот' ~ *му-а-дáве тá јабăлкта, си-апнýве и си-умрéлă. Навéчăртọ си-утúшле брáтќата пак, пýл'ăт мóмăта умрéна. Сéа а-рạспашáле, а-чинúле, нúшто, óти јабăлкто у-мéут му-устăнáлу* [БМег(Збор),198]; 2. – **(сă)** ~ *бабата рекла: "шта го внеса в худајăтă, каде си ти спаваш, чи ма је страх, да ни го н'акој земе от потано"* (ходник)... *Жената вечерта влела в худајăтă да си легне, разпăсала сă, свалила си гердано* [V,PM,281] – глаголската форма **спава** 'спие' ја немам забележано во истражувањата и мислам дека се работи за позајмица од српскиот јазик, внесена од Верковиќ.

рạспéе* pf 'почна да пее' ~ *нăсилéнито éј пóвиќе уф-Арсуво, стáро Крундúрци. Укулу шéјс–сéдăм кăшти сă-нáши, укулу тринáјсе сăпрăдójдини, áма пák нé сă-тăквú, дујрăнчáне úма, мукринчáне úма, пá сă-нáши, áма "гăркумáне". Глáвно дрýјсте сă-нáши, тăká чúсто нáшо гувóрăт, дă–тéј мирák дă-јслýшиш. Сéтне фăтúме дă-пéјме. Ги-рăспијáх* [ПК,2(Крец),307].

распени pf – во случајот: 'размрси кадрици' (?) ~ *паднало се на ирген; [ду две баби гнидави; [викна јуначе да плачи: – Ој боже, мили боже! [Какăф на заман нападна! Баби си гу мирјаха: – Мăлчи јуначе, ни плачи; [к-иди баба на пазар; [та ки купи билилу; [билилу и црвилу; [ки купи баба вăдици; [ки распени грѓуле* [Б(С,ДХ),32].

распилáј pf 1. 'расфрли, растури на сите страни' ~ *за вéзми вúлата у рăнкáта, за распилáј снóпиту у враш'úлуту, за вéзми кóниту, за ха напýј* [MS,t,66]; 2. – **(сă)** 'си замина' ~ *утúдуха у ч'ёрква, сă винч'áха, си дójдуха думá и сăраспил'á инсáну* [MS,t,18]; ~ *ká тăргнáме дă-бéгме, сă-рăспилијáме кój нạ-дéка, тạ сă-нăјдéме нúạ уф-Струмица, чák* [ПК,2(Гăр),197]; ~ *така едни цириионии са прајат тамо. Сетне фаштат бабите ракиа пиат, по ракиата јадат, пиат. Тогај са чинува еден гол'ам зиефет, гозба. Кату за си распил'ајат жените, тогај зентјут за стани, за пој да акалеса јунаци спроти него* [V,PM,247]; ~ *кóн'у устáна на цáр'у на двóру; и сă распил'áха ш'úч'кију инсáну* [MS,t-20]. Во последниот пример со кој

го илустрираме заглавниот збор срекаме неправилна употреба на членот: определени се јавуваат и именката и атрибутот што ја определува именката: **сă распил'áха ш'и́ч'кију инсáну.**

распил'áва (сă)* impf – в. **распилáј** ~ *распил'áвам вудáта* (ја разлевам водата), уште: *распил'áвам бráш'ну* [MS,s,96].

рáспискă f 'белешка со која се потврдува нешто' (примено – дадено) ~ *Срадúн-óмă бил мýдар и-сúти го-бăркăт. Дóбро. И он шó прáј? "Сúти ли бăркăт, сúти". Оди уф-Бăлгáријă, нéли грáничăт Тýрцијă и Бăлгáријă, зéмјă дúн вагóн зéмл'ă. Гă-купýва сăс смéткă, рáспискă* [ЛС(К),120]; ~ *вáжно ки-ми-дájти докумéнт; смéткă, рáспискă, пчáт, óти кýпнă уф-Бăлгáријă зéмл'ăтă* [ЛС(К),120].

распúсува (сă) impf 'се избришува напишаното, се менува (станува неважно)' ~ *и да му рич'éш' на ч'урбаџ'ијата: éб'ăлуту ч'éрну стáнува и ч'éрнуту б'ăлу стáнува, пúсаноту сă ни распúсуваи* [MS,t,15]; ~ *и кáзуваш'и на инсáну óти писаноту сă ни распúсува* [MS,t,18]; ~ *гу брка Гóспут' да пój да гу нáј, да гу пúта: éпúсаноту сă распúсува и сă ни распúсуваи* [MS,t,-14] – во врска со линеаризацијата прави впечаток местото на кратката заменска форма којашто е одделена од глаголот со негацијата: **сă ни распúсува.**

распúта* pf 'се распраша за нешто' ~ *а пуштúле Чифýтите ут Јерусалúма Книговúтите и Левúтите, да му распúтат на нéго: Тú кój сú?* [MV,K,252]; ~ *и му са кажа, да не си арниса; да и кажа: шо не сам Хр... Да му распитаа: шо си?* [MV,K,252]; ~ *бéши субóта, кóга правú Ис... кáлут и утфорú нéговити óчи. Пак му распúтат на нéго и Фар...-те, кá си упулú?* [MV,K,259]; – и во трите контекста имаме случај на употреба на кратката зам. фор. за неправ предмет 'му' наместо акузативниот 'го': **да му распúта;** во поретки случаи се јавува место множинската 'ги': ~ *чýнки па Фар...-ти бéа си субрáни тáму, му распитá Ис... на нúх, éм и вéли: Кáк вéлити вúа за Христос, чúи сúн да бúди?* [MV,K-,259]. Сп. уште: ~ *распúташи на нúх: Кóга си úдихми пу пăтут, шо си расчудúхти мигу вáс? Пак óни мóлчиа, óти мигу них си раскарáле скрúшно уф пăтут, кó–ì пóгулéм ут нúх* [MV,K,303].

распитýва impf – в. **распúта** ~ *и тјáнака фатú да га распитýва хéнтрава ì: "áм от дéка тóлко, мáри сéстру, добúхте тези рабóти?" И тјáнака кату жéна са исмáли, га извадú от сандăкот óнаја кутúјка и га кáзува нá хентрава ì: "ету, лiáри сéстру, сос тáја кутúјка сúчку добúхли!"* [V,PM,149]; ~ *áнџак мă-răспúтувиш* (постојано ме распрашуваш) [ПК,2(Гăр),20]; ~ *хабер ли је дошел от главеницата; [за друг сă и главила; [за друг ста са жени. [– Сину л'о, бре Стојане, питај распитујај; [да не са пусти лафа. [– Мајо, мила мајо, не сă лăфа мајо* [БД,84].

расплака pf 'почна да плаче' ~ *Ис... кáк а видé на нéа шо плáкаши, и на Чифýтити шо си дујдéле су нéа шо плакáле и óни, си размати дýшата, и си путрисé снáгата му, и ричé: Кăди гу кладóхти? Вél'ат на нéгу: Афéнду, éла да вúдиш. Расплакá Ис...* [MV,K,287]; ~ *отринтá му насúпали на еднó вăршúло по*

една́ мја́ра от фрет се́мјата и го нака́рали "до у́тре ра́но ако́ мо́жеш да ги́ отбе́реш – ха́рно, и шта та загоби́ме", та си отишли́. И като́ са стемни́ло, распла́кал са, што да пра́ви [V,PM,258]; ~ *ниве́стăта ă-кăчу́вăа нă-бри́шкăта* (= убава коњска запрега на две тркала). *Му-пе́ја бăшка́ пе́сни нă–та́, сви́ра зу́рлите жăлувити пе́сни. Ко́а ă-кăчу́вăа му-пе́еја та́ква пе́сна що-ă-и́мăа ут-ста́ро вре́ме о́ште... ко́ј ќи-чу́ише, си́те ќи-сă-рăспла́кăа* [ВЕв(Ил),307].

расплакан* adj 'тој што е тажен, со солзи на очите' ~ *гла́с се-чу́је от-Солу́на,] от-Солу́на до-Куку́ша, [си́те ма́јки расплака́ни, [и со цр̆рно облече́ни, [си-го-жа́л'ат Го́це Де́лчов, [Го́це Де́лчов, мла́д војво́да* [ПК,2(Мор),235].

распл'ати pf 'распушти' (коси) ~ *распл'ати Јано, распл'ати; [кавурски једри пличонки* (плетенки на коса); *[јопл'ати Јано, јопл'ати; [кадăнски дребни пличонки...*

распо́ре* pf 'со сечење отвори дупка, односно раздвои на делови нешто што е споено, односно сошиено' ~ *тримина браќă, утишли да ги ловет и зафчас ги фатили, та двете риби продали на един евреин, пак еднăтă запрјали за тјах си. Погол'амија брат зел да ја распоре и нашал в корема хи еднă чаша* [V,PM,285]; ~ *и фăрли про́с* (sic!) *окно́то адна́ зашиена то́рба и ште́ше сабо́ри* (пишува: 'саори') *кăштата, като́ фăрли то́рбата. И охче́ре ста́на та е ра́спра* [ВДрам(ГБ),333] – на редакторот на Зборникот на Верковиќ и во овој и во други случаи предлогот **прос** (< 'през') му се чинел нејасен, па запишал и таму и тука (sic!); меѓутоа според наши сознанија ваквата форма на предлогот е реалност.

распо́рне* pf 1. 'расцепе' (во случајот дрво), ~ *оти́де а́ф нид'ал'а, зема́ и една́ балти́а, от кру́шата па́ри да те́ра. Оти́де, га распорна́ кру́шата, га ве́ли: "кру́шо, ја да́ј ми пари́те, и́ли ки ти се́чам!" Кру́шата, ка́ту кру́ша, ка́к да вре́ви, и о́н, ка́ту барли́в што бе́ши, фати́ сос балти́ата да чу́ка* [V,PM,125]; 2. 'отвори дупка' (пр. во стомакот на човек или животно) – в. **распо́ре** ; ~ *те ко́лку одри́јаха, то́ј хаба́р не́маши, и едно́ч салди́са прет ни́х сос но́ктите му еди́н чове́к, го распо́рна и гу изја́ди* [V,PM,24]; ~ *извади́ са́бјата, га закла́; дур да сти́гни да га зако́ли, едно́ту ма́лку гу изја́ди и, дур да го глӑтни, то́ј сос са́бјата га распо́рна змиа́та, гу извади́ ма́лкуту жи́ву* [V,PM,23] – во овој, но и во др. контексти придавката **малук** често се среќава поименчена со значење на 'дете': **гу извади́ ма́лкуту жи́ву**.

расправе* impf 1. 'раскажува, објаснува' ~ *о́н ѝ рӑче́л: "Ти́ и́маш ниша́н, удде́ка те́-ј то́: ниша́н?" "Ма́јка рӑспра́више, не́ко: вре́ме, не́кој тăрговӑц дујде́л на-тре́тта ве́чар, ка-виде́л о́ти ба́бе́к и́ма, зама́л ма-надӑна́л во́нка на-ко́ло, бӑга́л"* [ВД,278]; ~ *на́шта и ва́шта би́шка би́ле се́стри, мă-тира́а да-а-зе́ели на-сканиска (крште́нка). Измиј-а, ре́кăл, со́реди-а, ја́с ќă-а-зака́рам. Кă-дујде́л мӑжут и́, му-расправе о́ти би́шката а-дадела* [ВГ(Мир),274]; ~ *фа́ште Турцте, ги-затво́ре уф-џами́та и фăрле две-три бо́мби; фа́те же́нте су сѐ де́цта ф-нека: пле́мна, сла́ја туру́ват и напрӑскуват га́зја, и зăпа-*

л'ват, и изго́рăт нă-Ту́рцте. Имше адна́, га-спаси́л не́кој бикáр... о́на де́-ј ту́ка ќи ти-рăспра́ве сѐ [ПК,-2(Мор),218] – во текстот имаме употреба на перфективен презент, необична за литературниот исказ: **фа́те же́нте су сѐ де́цта** (место 'фаште'); ~ *и вóа, лăжáчут му дáве двé јáјца и гу нàкà рáл да-и-квáче. Мистéќи се ут студини́лото, имáло си́лăн вéтăр, ни́кој кáмăн сă-истркáл'ăве, скукнáл зájац, óн гу лагáл лу́ле и фати́л да ви́ке пу нé́го. Кă-дујдéл дóма, жéнта гу-пи́те, а-óн и-рàспрáве сé* [ВГ(Мир),274]; 2. – **(сă)** 'се кара, се објаснува гласно' ~ *ус-тáа дýјнăна* (несериозна, нетокму) *ли ќи-сă-рăспрáвиш* [ПК,2(Шек),40]; ~ *сѐ сă-кáре, сѐ сă-рàспрáве... ќи-би́де не́каа бил'á* [ПК,2(Гắр),195]; ~ *шó би́ше тóо ви́кне уф-вáска, ус-кój сă-рăспрáвăхте* [ПК,2(Гắр),155].

рàспрàви́а f 'гласно недоразбирање' ~ *и́лше адна рàспрàви́а, á́ма не́кăк сă-јскубáх* (зн.: избегах) [ПК,2-(Гắр),196]; ~ *мéн ни́м дă-мă-бăр-ќте уф-тáа рăспрăви́а, ác нé бих ус-вáска* [ПК,2(Гắр),157].

рàспрáуве* impf – в. **рàспрáве** ~ *е, нéли ти рăспрáувах удéве, кá бигáме сăто сéло с-испрăзни́, ги-фăти́ли, ги-заруби́ли ти́а шо-устăнáли... И-них ги зăлóват тáли, ги-нăпăлнувăт уф-кăштта, нăпрăскáли гáзја. Сакáли не́кој дă-јзлéзе, би́ле глáфте му-би́ли гóре... за-дă-испáднат уд óгино. И-тăкá устанáли глáфте изгóрни нă-грéјте, óсум дýши. Тúа сă-Балџи́фте и Тáнăфте* [ПК,2(Крец),312].

рàспре́гне* pf 'го ослободи добитокот од запрега, односно од јарем'; орр. на 'впрегне' – односниов глагол е забележан во текст што е извадок од сторијата за маките низ кој минале бегалците за време на В тората балканска војна 1913 г.; ~ *чи́ко имáл би́булцка кóла, гă-тува рúл. Турúл шеј тăкá зà-путрéба, зă-дéцта дă-с-ублéчуват: јургáне, ирáме, килúлчта, тăкви́ рăбóти. А лáјка-ми турúла шéј нă-ни́јнта кóла. Ни́а пó-мăлéнките: ác, Ши́л'ка, Трăјáн, лáјка нă-кăчúла нă-мă-гáрто. А ти́й двéте óдат, гулéми: дóд-Ли́ка и дóд-Рáјна. И кá фăнáли дă-пáѓат тăкви́ шăрпнéли* (парчиња при експлозија на топовски зрна), *тóгăј нéлше арăпláне, и тýк уф-Дýбрушúнската рéка рăспригнáли кóл'те, пуштúли би́бул'то, избигá-ли сме гóли, бóси, шó сме имáли нă-гăрбо, тăкá* [ПК,2(Гắр),321]; ~ *орал дјадо на ливаде; [чуло му се дребно хоро; [та распрегнал чифт уолове; [та јотиде на хоротo; [на хоротo, на дребнотo; [та са фати до мюлите* [БД,63].

распрете pf 'размеша пепел во која има жар, односно го симне горниот слој од некоја мешавина од ситни честици' – сп.: домаќинката кога наутро ќе стане ќе ја *распрета* пепелта останата од ноќта во која има *зариено* жар, ќе го запали оганот [ТГ,17].

рàсприм'а́ни (сă) pf 'се расоблече' ~ *"рàсприм'àни сă с'ётн'а, úзвади рýбит'а, дáј ги на м'ён'а, у дисáјќу клáд' ги; нáдини си ги в'éткит'а рýби"* [MS,t,33]; ~ *и сă прим'ăн'а сăс нăс рýба куто слăнциту К'ел'éш'у, јáхнува кóн'у пу пулáтата, ин'é вóлти му прáви и сă запúра, сă рàсприм'ăн'а* [MS,t,37]; ~ *рече на Зарзавила: "ти са мол'а, брате, извади ма жив от бунаро, да јаз да бидам саја, ти да бидиш на татко ми син, и ако умра и пак да стана, тогај да му кажја на татко ми!" Тогај гу извади вунка та си*

распримени дјатенто харните руби, и са примени Зарзавилата [V,PM,156]; ~ *земал една кучиа и отиде на оно грат, дека живејаши богатиот, вунка от градот остави кучиата и си распримени царските дрехи. Си облечи сос вретенарски дрехи* [V,PM,73]; ~ *сă расприм'ани́ ут на́с руба* (= ја расоблече онаа облека) [MS,s,96].

рацпра́сне (се)* pf 'се разбега на различни страни' – значењето на глаголот го среќаваме во следново спомен–искажување: ~ *а-бе́, де́цта сјустăвиа чуве́цте. Ја тка́, нă-мо́ж до:-но́се же́на, не́кој вујни́к гу зе́ме, гу-ту́р нă-ко́јно, не́кăде а́к сă–на́: па́ к-ин-гу-да́:... Удиме цел де́н, нă-дру́го: де́н, нă-вто́рјо: де́н па́ сă-нăјде́ме сăс-та́тко, ма́јка, та́м кăде Симитлиа...не́м га́ре, răспрăсна́л се нăро́до* [ПК,2(Мор) 219]; ~ *сăбрал беша дели Димо; [сјурмашка ангарија; [расрди се Свети Јано; [та јотиде при Петрови; [– "Јој ти мили Свети Петар;[; хајт да идим на нивата; [на нивата Димовата; там да грмним, там да трјасним; [да распрсним Димовата; [Димовата ангарија* [БД,25].

распу́лја* pf 'разгледа внимателно' ~ *најстина пăтникут шо има пуминато по тува и белки застанато, да гу распулја чуднјут извор, шо така, ич нечикано му испагја прид иден "паметник"* [РЕв(Р),69]; ~ *и-нусе́ла на-ни́вта и и клăва́ла да-ле́жат пут-е́дна гуле́ма кру́ша. Арну-ама ко́га дукилиса́л един смо́к и са–дуближи́л ду-де́цта. Ко́га распули́л на-ле́ву – на-де́сну де́ка не́ма ни́кући са-уму́тал окулу-вратчи́јнта на-де́цта* [БМег-(Трес),205].

рацпуре́де* pf 'смести некого некаде' (во случајот на спиење) ~ *та́а во́јската пу-ре́кта, адни́ замина́а за Ку́куш дере́к, не́ зăпре́е ду-ре́кта, а па ади́н кло́н ф-на́што се́ло завăрте́а. И ги пăрчика́ме – кути де́ца... Ода: пу-о́сăм ду́ши туга́ј бăлгăрските вујни́ци, пăто це́л гу фа́кат... И та́а ве́чăр răспуридиа пу-ка́шмте, прăспа́а вујска́та* [ПК,-2(Мор),217].

распус – изр. 'кога нешто ќе биде уништено, т.е. ќе престане да постои' ~ *мо́јо та́тко жни́јаа ду-пăто, ду-ма́де́то. И вăрвăт вујни́ци и ви́кат: "Чи́чо чи́ја-ј та́а та́јфа?" Та́тко ви́ке: "Мо́ја-ј". "А-бе́, тиси-лу́т, бе́ги до́ма по́ско́ро..." И, ут-та́м, нă-футрина́та тăргна́хме дă-бе́гме. Имахме сто́ка: о́фци, ко́зи, и́махме вăло́ве, кра́ви, би́вуле, ко́јне, мăга́ре. И устăна́, сè ра́спус удде́* [ПК,2(Шек),278] – уште една тажна приказна на бегалците од Кукушко (1913 г.); ~ *ши́ бириндук* (свилен конец, свила) *и́махме до́ма, тăка́ удде́ ра́с-пу́с* [ПК,2- (Крец),-23].

распусна pf 'испрати' ~ *ел си нема сирак Иван; [нито мајка, нито татко; [л'у си има девет сестри; [девет сестри в девет града; [десета бјала Рада; [тја беше книжовница; [та исписа девет книги; [распусна ги в девет града* [Б(С,ДХ),46].

Распуште́н top. 'име на извор' – превод од библиско име ~ *и пл'ујна́ до́ло, и прави́ ка́л ут пл'у́нката, да му а липи́ ка́лот уф о́чите на сле́п'от. Да му ричé на не́го: Оди си, ми́и си на З... (шо му кажу́ват Распуште́н)* [MV,K,258] – проширена употреба на предлогот 'уф' (во) кога упатува на нешто што е надвор, а не внатре, наместо 'на': **му а липи́ ка́лот уф о́чите.**

распа̀нт' (и: **распа̀т**) m 'место каде што се пресекуваат патишта, распаќе' – в. **раскрсница** ~ *са пуч'у́ди пнивматику, му вили́: "ти да по́ш' на ида́н распа̀нт' да с'а̀ш' бустанна̀к и то́ за прули́на, за гу запи́раш' да му да́ваш' пу ина́ либа̀ни́ца"* [MS,t,43]; ~ *– Ма̀р скрij ма, скрij ма, миличка мајо; [Де да те скрија миличка керко?; [Ма̀р скрij ма, скрij ма на десни пазуви; [кон' ти пригаждат, кош ти похлупет; [на кош ша ста̀пниш, на кон' да јахниш; [на па̀т да идиш, на па̀т на распа̀тја̀* [БД,55].

ра̣спа̀рда́ше* pf 'изнатепа некого на брзина' ~ *ближна́л па̀рста̀но, ај го ко́јно, ка́к му са̀-ка́че и пра̀ва́руве. Вујната ка гл'а̀да́ла, са̀-чу́де, н'о̀ зна́т ко́ј ej. Та́л ра̀спа̀рда̀ши́л си́чката во́јска о́н. И-па́-с будну́ве ко́јно, сј-о́де* [ПК,2(Мор),231] – во текстот лексемата **вујна** се јавува со значење 'војска'.

Ра́ста top. 'напуштени ниви во реонот на Тисово, Драмско'; Ј. Иванов називот го изведува од **храст** [ЈИ,М ...,182].

раствори pf 1.'отвори' (врата) ~ *та кога беше на Косово Поле; [тешка дрелика гу нападнала; [та искара дренова пиштел'ка; [та засвири желно, та̀жно; [зачула го сестра му Марија; [та си рече на нејзини халајки: – Стан растворите мали порти; [де си иде мојто брата* [Б(С,ДХ),43]; 2. – **(се)** 'се "отвори" небото' ~ *фанаха мамо заклаха, [едно ми дете на мама; [куга се дете колеше; [черна се земја цепеше; [куга се дете печеске; [син'о се небо раствори* [Б(С,ДХ),15].

раст'е́* impf 1. 'станува поголем, се оформува: **а.** за живо суштество – човек, животно, растение' ~ *д'е́н' за д'е́н' раст'а́ш'и ма́лкуту и ме́ш'л'а̀нта́та раст'а́ха* [MS,t,16]; ~ *И ут-та́м ќи-залиниш на̀–го́ре и́мше една́* **Ра́да̀ва Че́шма** *му-ви́кихме, у́буво ме́сто – бузала̀к, сто́ка да̣-па́се. Се́а сѐ би́ло изо́рно. Бузала̀к, ви́а му-ви́кте ту́к садина́к, ту́ка стру́мичко* **садина́к**. *Ни́а̀ **бузала̀к** му-ви́киме, то́о ра́сте а то́лко* [ПК,2(Коц),349]; ~ *Ива́н и Ти́на устана́ле при-де́уто. Он са̣-трудил да-ими-зам̀е́не рудитал'то, а о́ни раст̣е́ле и са̣-пра̣гутвува́ле за̀-по́а́ра̀н живо́т* [ВД,277]; ~ *на̀-де́те мо́јш да̀-ре́чиш: жугл'а́н н'а́дин; зе́ да̀-жу́ге, зе́ да̀-ра́сте пуле́ка, пуле́ка. То̀ да̀рвце шо́ не́ фире́јше, жугна́...жугна́ да̀рфцито га̀ре и чуве́ко е та̀ка́, шо би́ло жугна́* [ПК,2(Грам),241]; ~ *Ма̀жо бил риба́р и че́сто у́дил на̣-ло́ф, а же́нта устанувала до́ла. Дуде́ка та́ткуто лувил ри́би, де́цта си-играјале кра̣ј-ѓо́л'о. Така́ уф-и́гра ра̣ сте́ле* [ВД,276]; **б.** за: коса, заби, нокти: ~ *то́о но́хут ма̀-бо́ле, сјаа ви́ј ка́ ра́сте на̀-кри́во, е́м но́го-ј ја́к, и́ч не́ са̀ се́че, са̀нки та̀рна́к* (копито на овца) [ПК,2(Крец),117]; 2. 'се труди околу нешто за да порасне' (во контекстот имаме непреоден глагол употребен како преоден) ~ *јас гу раст'е́м ма́лкуту; јас гу нара́стух ма́лкуту* [MS,s,96]; ~ *бра́ту, бугатју не́ са́ка да̀-са̀-ви́да̀т ни́ка̀к. Е, то́ бугатјо сѐ су-бугати л'у́ѓа. Сируна́у судецата пи́та, ски́та, за̀ка̀рпе́но... Су-зе́ле, су-тре́ва и-ра́сте де́цата* [ДК(Рак),152]; 3. fig. (за неживо суштество: куќа, семејство) ~ *не трибува̀ да за̀брава̀ и "уса̀рдието"* (Мисирков го ставил во наводници зборот, бидејќи не е народен) *на̀ суба̀шта̀ уф турвајнту на̀ селту:*

он битивијă му. кăжувă нă бегут, оти ут там и ут там силјајнту имăт ногу кјар а па зă негу ништу; оти от то и то сака дă се зевă повикјă, оти кукјите му растăт [МЕв(Р),86].

растек* m 'мерка за должина' (педа?) ~ *опусни ми л'у десната рăка; [јаз на бога да се помол'а; [та отпусна му десната рăка; [та не каза: "Прости ми боже!" [ами каза: "Помюжи ми боже!" [та го фати с десната рăка; [та си удри Хрватин од земјата; [читириесет растега в земја нагăчи* [Б(С-ДХ),44].

рạсте́ре* pf 'почне да бара, да пребарува' ~ *а бе́, ре́кăл то́о де́тто: "Не́миш-ли ти́, рăсте́р-се, не́кој пулви́н дина́р, а́дна кру́на ли, нă-мо́ј кăсме́т, а́с дă-јграм". То: сă-рăсте́ре, то: пăрăхутчи́та најде́л а́јн дина́р уф-не́го. "На́, ре́кăл, фắрли на-тво́ј кăсме́т"* [ПК,2-(Ним),272].

растече* pf 'почна да тече' ~ *тја́нака би́ла салови́ла, че́каши да зе́ли во́да. На онова́ ча́с изл'а́ваши ла́мјата да га изја́ди. Тогáс дја́тето една́ топу́зка га удри́, га утепа́. Тогáс води́те расте́коха, зема́ самови́лата во́да и гу зема́ и дја́тето на не́ја на́ го́сти* [V,PM,134] – предлогот **на** во македонскиот јазик има широка употреба, во говорите што се предмет на нашиот интерес оваа појава е уште пошироко распространета, во случајот се јавува наместо предлогот 'кај': **гу зема́ и дја́тето на не́ја на́ го́сти.**

ра́стин adj 1. 'оформен, пораснат'; 2. изр.: **уф-ва́лта-ј ра́стин** (= се кажува за висок, буен младич; сп. **валта** = влажно место каде што има бујна вегетација) ~ *ко́лкуф-ej, уф-ва́лта-ј ра́стин, вра́тта н'оо зби́ре* (= не може да помине) [ПК-,2(Гăр),207].

ра́стине* n 'оформување, развивање, како природен процес' ~ *уф-урија́-сто ра́сте, тре́ва-ј, га-пле́ват да не́ му пре́че уф-ра́стинто на-урија́зо* – станува збор за тревата **ко́шува́ци** [ПК,2(Грам),60].

расто́пи* pf 1. 'со загревање направи нешто тврдо да премине во течна состојба' ~ *оти́де на́ жрја́пчето, са пита́, и жрја́пчето му ве́ли: "да и́диш да ку́пиш четири́јси о́ки смо́ла и четири́јси ко́жи от ко́за, да расто́пиш смо́лата и да ги нами́каш ко́жите со́с смо́ла"* [V,PM,124]; ~ *и му пурăнч'и на д'ăт'ату: "с'е́ напо́сл'ат м'е́н'а да иди́ш'... заш'то́ а́ку по́ш' на висо́ку, ут слăнциту и́сă раступ'а́т крила́та"* [MS,t,58]; ~ *и гу угр'ă слăнциту, му ги раступи́ крила́та и фа́ти да па́ж'да* [MS,t,58]; 2. **сă раступи́х ут зно́ј** (= се препотив); 3. 'се одделува' [MS,s,96] – последново значење го немаме регистрирано од други материјали.

расточи pf 'почна да суче кори (за зелник, баница)' ~ *Јано ли, Јано, запригни Јано; [запригни Јано, скуте рăкаве; [чилки ти дојдат селцки јаргати, [расточи Јано тенка баница; [Јано ле Јано мари јубава* [Б(С,ДХ),17]; ~ *Бог да убиј питела; [чи разбуди бабата; [да расточи зелника; [от три хамбара брашното; [от три чешли одата; [от три мандри* (бачило) *маслото* [БД,65].

рạстре́се* pf 1. 'придвижи нешто, направи да се тресе' ~ *ки-ј измо́лsат о́фцте, ки-прăцедат мле́кто... Ка́ гу-путси́рувиш на́дно́ч ки му-ту́риш мăја́та. Ка́ ки-му-ту́риш мăја́та о́но ки-сă-фа́те. Ка́-ќ сă-фа́те се́тне ко:-ту́риш уф-цидил-*

ката. Ќи-гу-рăстре́сиш та́м си́ринто [ПК,2(Пл),255]; 2. – **(сă)** 'се разниша (нешто)' ~ *е, тăка́, кужу́рци ќи-си-ј-нạста́виш та́мка у-идна́та со́ба и о́дрăта ки-ј-исфăрлиш до́ло у-гу́мнуту... и пуидна-нидел'а ќи-си-ј-бе́риш кужу́рцте, укулу свит-Тру́јца ќи-по́чниш та́м, ка ќи-си-а-рạстре́сиш си-ј-бе́ријме кужу́рцте* [БМег(Збор)201]; 3. 'многу се исплаши, се вознемири' ~ *о́ш ка́ о-видех сă-растрисе́х* [ПК(Гăр)].

рạстре́син adj 'загрижен многу, насекиран' ~ *дујде́ рạстре́син, пузилине́л, нă-лю́јш ла́ф дă-му-ка́јш* [ПК,-2(Гăр),189].

рạстре́суве* impf – 1. в. **рạстре́се** 1.~ *пу́лиш, пубиле́ла бу́ба, цăрве па́ дру́га ве́јка и то́лку ќи-са-нạпра́ве сăте ве́јки напăлне́ти... и та́ ви́ке ки-сạ-испи́ка сăта нăјс-ве́јкте и ќи си-изви́е кужу́рци и пу-идна нидел'а ви́кијме ќи-а-рạстрису́виш ве́јктабубăта, ки-си-ј-нạкла́виш у-идна́ уда́ја* [БМег(Струп),201]; ~ *кога сă-измăлзе, сă-исцеду́ве и по́сле, кога е о́ште то́пло, сă-туру́вă си́риште и сă-туру́вă нă-то́пло ме́сто дă-сă-фа́те, и по́сле сă-туру́ве уф-цăди́лкăта, сă-исцеду́ве, сă рăстре́сувă не́колко пăти дуде́ка сăисцеде́* [ПД,(Ник),156]; 2. 'многу се возбудува, се нервира' ~ *ни́ли мăрăстре́суви бăрим ти́* [ПК,(Гăр)].

растроши* pf 'искрши' ~ *тогас богазјајту* (сватовите) *за извадат нивјастата дол, за трăгнат кон'ут, за вјахни нивјастата, за си поклони каде каштата и три пăнтја. После за растроши един кулак от ониа, што сторили на пентук, и ки го фăрли напрет и назат* [V,PM,250]; ~ *Мино мари, Минушо; [Мина оди за вода; [дели оца по неи; [разигралу коњишча; [растрошила столните; [седна Мина дă плаче* [БД,156].

растрăчка* pf 'прогони' ~ *блазе́ му шо пла́кат се́га, то́га ки си радува́т. Блазе́ му на ва́с, ко́га ви пи́змат л'у́дите, и ко́га ки ви растрăчкат, и ки катигури́сат и ки ви изва́дат ло́шо и́ли за́рди Чове́шнуо Си́н* [MV,K,303].

растува́р'а impf – в. **растува́ри** ~ *и си ја кла́ди прăнч'ката на ухо́то, си до́ј дума́, растува́р'а браш'но́ту* [MS,t,78]; ~ *пари́ти ги-кла́л па́ у-жи́тото. Зна́чи н-ни-зе́вал пари́. Бе́з дạ-зна́ат ти́а. Квạ-оти́шли дạ-рạства́рат жи́тото пари́ти вне́три. Вăрзăни. Оно́ạ вр'а́ли така́ било́, у-ќе́с, на́ли* [ЛС(К),113].

растува́ри pf 1.'симне товар од грбот на животно, од кола и сл.' ~ *за дунисат сно́питу ут ни́вата, за ха растува́ри на враш'и́луту на идна́ стра́на, за ха сто́ри ста́ва гул'а́ма* [MS,t,66]; ~ *кату ги растовари тамо дарвите в уврајската кашта, падна, умрја. Три дена умрјант лежаши тамо* [V,PM,224] – во текстот имаме пример за проширената употреба на множинската наставка **–и** кај именките од ср. род: **растовари тамо дарвите** (место 'дрвата'); ~ *на́ онова́ брја́ст дојдо́ха едни́а бизирѓа́ни сос четири́јси това́ри не́што тимја́н и во́сок, под се́нката разтовари́ха и седна́ли да́ почи́нат* [V,PM,102]; ~ *за по́да на ни́вата, за ра́стува́р'ạ ура́луту, за ве́зла бујундру́кут, за кла́да на о́луве́ту, за кла́да каји́ш'ут на бујундру́кут* [MS,t,65]; глаголот **растува́ри** освен со предметот што се симнува се врзува и со предметот од кој се симнува товарот: ~ *сă-вăрна́ле сăта аскери. Во́ сă-свал'у́ва ут-*

*бýкта и-субúра: мáските и-му-и-занцýва на цáрут. "Излéзи, цáре – му-вéле – **да-растувáрме мáските**"* [ВКај(Ран),323]; ~ *за тувáр'ат ж'и́туту на кóниту, за пójат у думá, за растувáр'ат кóниту* [MS,t,67]; ~ *вилú на манц'óт-и: "растувáри другајут кóн' на пáнт'ут тувáр'ут да јáхни д'áдуту"* [MS,t,80]; 2. 'ќе роди' (ќе се ослободи од теретот) – односново значење на глаголот го запишавме во следново суеверие: кога жената преде и од вретеното ѝ падне *прешлинут* таа ќе помисли дека некоја нејзина роднина или пријателка ќе **са растовари**, т.е. ќе роди, а ако сами од себе се одврзат *пришилата* (врвките) што го држат *иралу* (волнен скутник) и тој падне, тогаш таа ќе поверува дека во моментот некоја нејзина роднина родила [ТГ,366].

растувáрува* impf – в. **растувáр'а** ~ *и растувáр'ува̀т чувалето, растувáр'ува̀т ги, остáв'а̀т ги там надоле и адáн са кáчи гóре при чорбацијата (то нóа чув'ák). И приказвали, приказвали цáла нáш, приказвали* [ВДрам(Кал),335].

раступ'óва (сă) impf – в. **растóши** 1. ~ *са раступ'óва̀т сн'ăгувéту* (= се растопуваат снеговите) [MS,s,96].

рạстýри pf 1. 'нешто искрши, тýрна' ~ *имаши талу едѝн калкан, кал'а ветка. Тил'ал тури да вика: "кој јунак ки изл'ази калканот да гу разтури сос стрјалка, негу зет ке да чини, мојата му ки га дај!" Изл'азоха многу јунаци, са мăчаха, не могоха да гу растурјат калканот* [V,PM,102]; ~ *Петрúч Тýрци шó имáло, Гăрци шó имáло, сè избигáли ут-Петрúч, óти, кăжáли, тăвá ќе нă-Бугáрја. Флизéме уф-грáдо, срéт грáдо. Имше áјн сáат, гу-рăстурúли, сáато нă-кăмбá̀нта, сáат дă чýке, тăкóф* [ПК2(Мор),220]; ~ *ричéл: "Кизéлиш, ки-фáтиш éдин ѓávул, ко: изгóриш, уд-нéгувăта пéпăл ко: пустéлиш мóсто и нúкуј нé мóже дă гу-рăстýре вéче". Зéме, гу-зăпáле нéго, гу-изгóре. Гă-пусóле пéпăлта и-гутóво, мóсто не гу-рýше вéче нúкуј* [ПД,(Ник),166]; ~ *ако ти ја дадат, мила ле мале; [поскоро абер да чиниш; [мюре да растурам ветки куќи; [да направам висок сараj; [мори пинцерки му сидифлиjи; [а пирдијна кадифилиj* [ТГ,97]; 2. – **(си)** ~ *да имаш пила по тебика та да фатиш дингилите да ги делаш, да си разбие кучиата тамнука. И тојнака... така чини и, л'у што отидоха при халваџиницата, тојнака сос пилата кату изделкаши, си растури кучиата* [V,PM,56]; 3. 'разнебити' ~ *пурăсна́ли дéцта, фатúли до:-рăстýрат имá̀нто, дă-трóшат, тáткуто нă-мóж дă-j кумáнде* [ПК,2-(Гăр),158]; ~ *пó-адúн мéсиц жéтви жнúјаа. Искáрувјаа нé знáм пукóлко жúто... уф-Сóлăн гу-нóсаа. Дý-нáшто сéло бúше сушé. Имше аднó мăлéчко сéло, кá гу-вúкаа нé знáм. Тóо сéло тăкá сă-чинú, делéк. Фăтúле сă-рăстурú* [ПК,2-(Шек),280]; ~ *óн нé-j за ус-чувéци, нóго нăдúге* (се тепа), *сè ќи-рăстýре, нé-ќ ви сă-вúде ни-висéлба, ни-нúшто* [ПК,2(Гăр),183]; ~ *е, видел, не видел, не-биве, рекăл: "на-тjо-о, чув-joo", таа кучка дă-стане адна-вечăр, детто ка спијало, до-дуне тоо пăрстăно: ни кăшта, сичко сă-рăстурило* [ПК,2-(Ним),264]; 4. – **(си)** 'се распрсна, се разбега' ~ *чúчо вúке: "Ас úмум двé кéрки, ти úлиш снáj*

мла́ди, та́мо а́к ги-уста́вле та́а ќи-ста́не гуле́ла бил'а́. По́-а́рно, ви́ке, о́чи ни-де́ка, та́м ни-гла́ва". И са-рăстури́ме то́лко све́т. Но́го све́т би́ме бе́, но́го. Е, сјáа де́ка ќ-о́дме?! Ее, и́мше та́ла ту́рски се́ла бли́ски, пузна́ти ут-ста́ро вре́ме, кумши́ци, ќ-о́јме ни́а вăф то́-Ту́рчин. Дру́го ви́ке: ... Са-ра стури́ме [ПК,2(Ал),356]; 5. 'распореди' ~ *ста́фте, сно́пуфто ка́ ќи-ј расту́рме пу-гу́мăнто, и се́тне ќи-вăршле ус-ко́јно* [ПК,2(Крец),80]; 6. 'прекине' ~ *са-рăстури́ вујна́та* (= прекинаа воените дејствија, заврши војната) ~ *ја́с сум ут-Нимáнци. Нă-бе́го би́ше* (селото). *Са́мо ка́ бига́ме зна́м дујде́ме нă-Стру́ма. Ски́нин мо́сто на Стру́ма, та́лпи ту́рни там.. Пумина́ме и удде́ме уф–Бăлга́рија, ... Прăка-ра́ле ти́а дăв-три́ гуди́ни. Са-рăстури́ вујна́та* [ПК,2(Ним),260]; 7. – **(си)** 'стане неуреден' ~ *али́с тăпăна́рин, ка́ са-рăстури́л, са-рăзвличе́л, да те́-ј стра́м дă-ка́јш о́т те́-ј рудни́на* [ПК,2(152)]; 8. изр.: **му-са-рăстури́ ќа́шта** (= му пропадна семејството) ~ *ее-е́, шо́ чуве́к би́ше, пă но́го аи́р виде́, улре́ нă-гуди́нта и му-са-рăстури́ ќа́шта сјáа. Ту́ку не́јсине, адно́ де́те устана́, о́но уд-и́гла* (инекција) *сибе́п сăка́то устăна́, сјáа ус-па́тăри́ци о́де* [ПК,2(Иц),288]; **рăстуриме маабет** (= зборувавме многу време за минати настани) ~ *зи́мно вре́ме ка́ ќи-рăсту́рме маабе́т ду-ни́коо вре́ме* (до касно во ноќта) [ПК,2(АЌ),99].

растýрин* adj 1. 'искршен, разнебитен' ~ *и та́а ве́чăр нă-бутна́а уф-адна́ ќа́шта, ка́ зафти́ а́јн до́ш, ка́ сă-нăпăлни́ во́да уд-до́ло. Прăнуќува́ме. Сăба́линта стăна́ме, па́ тăргна́ме...и ка́ удде́ме ду-Ду́пница, дă-ка́ нă-бутна́а уф-адни́ ќа́шти, дă-ка́ дујде́а адни́, ти́а тахта́би и ви́кме. Ка́ нă-тури́а уф-адни́ ра стý́рни ќа́шти, адни дắски пắлни тахта́би.. ни́а си́те пудбухна́ме* [ПК,2(Драг),340]; ~ *кăра́ме, кăра́ме ду Дими́р Иса́р, нă-мо́сто та́м, не́ пули́нуват дуби́цте. Мо́с, тăкво́, нăпра́вин нă-ло́тки. Растý-рин мо́сто гла́вин'о, нă-ло́тки напра́вин, тă–ăндáре ту́рски та́м куту ро́бе пули́агат* [ПК,2(Мор),-219] – во текстот има посебност во врска со линеаризацијата: едниот атрибут е пред, а другиот во пост-позиција во однос на именката на која се однесуваат: **растýрин мо́сто гла́вин'о**; 2. 'раскопан' ~ *уф-Со́лăн читир-са́ата би́ме, ши-та́ме и излизе́ме се́тне.. А бре́ уф-Ќу́куш. Ќу́куш дуде́к гу-гле́дул пудме́стино нă-на́м. А то́о ри́тче Сви́ти Ѓо́рѓе шо́ гу-ви́каа, тăка́ си сто́о куту рăсту́рин, иско́пин. Ка́шти де́к сă-би́ли, дика́не, та́ла бăја́ ли́ри наjде́ли* [ПК,2(Шек),277]; 3. 'кога некој изгледа неприбрано' ~ *мори, варај Дилю, мили сино; [карај, учи, сино нивестата! [мори да не јоди на бел Дунав; [кога јоде, сино, на бел Дунав; [ситно, дробно сино, јисплитена; [кога с-иде, сино, јуд бел Дунав; [като крбла, сине, растурена* [БМ,160]; ~ *рăсту́рин чуве́к, но́го арбати́а о́де то́о та́тку-ти* [ПК,2(Ним)20]; ~ *горе в планина; [таа се бори да донесе; [за нас слобода. [Со растурена руса коса; [в гора зелена; [песни пее, борба води; [за нашта слобода* [БМ,97]; 4. 'расфрлен' ~ *ка́ и́ла рăсту́рни но́го рабо́ти нă адно место; шо-ј тоо бăркулеш нис-уда́ата* [ПК,2(Ним)-28]; 5. 'мрзлив' ~ *рăстурна снага, не му-са-рăботе* [ПК,2(Крец)-17]; 6. 'болен' ~ *би́х рăсту́рна* [ПД,115].

рацту́руве* impf – ' 1. в. **рацту́ри** 1. *~ уф-Куку́шка укóл'а, сáмо и́ма устáвно дистúна-петнáјсе кăшти уф-Драгумúрци, друкто сé-ј-изгóрно. У-Крéцăво-ј устáвна сáмо цăркăфта и двé кăштички. Армутчúј е цéло брúшино, Енéшево-ј цéло брúшино, Аминýс-ей цéло брúшино. Изгóрни сă и сéтне сă-ги-рăстуруваáли зăрди пáри* [ПК,2(Крец),310]; *~ зă-мáндрите нáј-лóш е Дубрувéно, óн дý· ут-Крýша, ут-Сýрл'ăво, пó-гулéми дăлгú прáве, ги-рăстýруве мáндрите, лéсите ги-судéруве и тăкá рúбите избéгувăт* [ПД,129]; *~ И óни, шóпто нă-тáткуве, нă-чúко, нă-друзи мăже ус-кáмине ги-мáат óт к-óот зă-брáшно. Тăкá ни прáваа шóпто у Мусибéј сéло, тáм ни-ј рăстýруваа óгинто* (огништата), *тинџирúнта ус-мáнци, ус-кáмине* [ПК,2(Гăр),325]; 2. 'упропастува' *~ пúјанúца и жнцкáр, óни ти сă рацсипокăшници, óни и кăшта рацтýрувăт* [ДЧ,140].

рацтăже* pf 'се ослободи од тагата' ? (на тоа упатува контекстот, инаку во други говори: 'биде опфатен од тага') *~ сношчи оттам полинав; [на двори стојаше; [запрегнала бјаше; [мили бјали рăки; [земă нож да се јубода; [ја мајка му врјави: [– Сино, мили сино; [ни ми са јубиваш; [утри ки усăмне; [оттýк ки полине; [и ти ки га видиш; [и тја ки те виде; [та ки се рацтăжеш* [Б(С,ДХ),61].

рацтăк згазувајне или: **буја клавајне** (= бојадисување на коса) – сп.: извадок од етнографски материјал од гевгелискиот говор во кој се среќава заглавниот збор: – жените во минатото бојата сами си ја правеле од *бубол'ки* од некој вид растение што ги ставале да се печат во специјален глинен сад и потоа ги толчеле заедно со парче *џилелце* (графит) сето тоа се замесувало со ракија и станувало како каша. Таа каша повторно се става на оган да врие и откако ќе се олади се става на косата, која што добива (откако ќе се измие) црна боја. Тоа се вика *растăк згазувајне*. Додека ова се работи не треба гласно да се зборува ниту да се смее, бидејќи во спротивно бојата *не сă фаќе* (не се прима) – суеверие [ТГ,137].

рацтăрбýши* pf 'со нож направи отвор на стомакот, пр. на риба' *~ сýтринта стáна дéтто утидé нăрéкăта, фăрлú вăдичкăта, фатúси пăк дрýга рúба. И дујдé дóма, пригутвú рúбăта, истăргá га, рăстăрбушú-га. Нăјдé вăтре еднá чéша* [ВК,281]; *~ тóо јáгăнто рăстăрбýш-го, излúј-гă тăрбушúнта, тýр-јаа да-сă-свáре, тýр-ги и црéфџта, ќи-нăпрáвле чóрбичка* [ПК-2(Гăр),116];*~ нă-трéтију пăт рúба излóвих, зúмале дă-га-извáрме. Рăстăрбушéјки, н-óждум еднá чéша* – во контекстите е регистрирана една од посебностите на кукушкиот говор: преглас на вокалот **'а'** во **'е'** кога ќе се најде зад мека (односно што била мека) согласка: **еднá чéша** (м. ... чаша); сп. уште: **ес** (< јас), **Енко** (< Јанко) и др.

рáсул* (и: **рацóл***) m 1. 'зелка што се чува во солена вода, туршија' [СК,334]; *~ о-пăртóчувум рăсóло* (= ја размешувам водата во која се чува зелка – **расóл** (зимно време) [ПК,2(Мор),113]; 2. 'нива со зелки' *~ нáјсéтне му-дујдé рéдут и нă-зáјцут дă-кáже шó рабутúл. Тó· си-нăпăрчи мустáкте и ричéлу: "влизéх у-рáслут, кăснáх мáлце ут рáслут и са-пуштúја трú гулéми пцéта, а јáс скукнáх преку едúн грáдиш"* [ВМег(Трес),318].

рацфӑрли pf 'почна да растура, да фрла' ~ *Турунџи́ла на-ко́јна лу-ве́ли, [ве́ли ели гово́ри: ри́пај, ри́пај ко́нче, [дă-прери́пниш ти́ја те́шки по́рти, [прерипна́л је ти́ја те́шки по́рти. [Си́те го́сте ле́ле ја́дăт, пи́јăт, [Турунџи́ла Кăрăвла́шки си-рăсфӑрли ги́ди, [си рăсфӑрли ту́рцки жӑ́лти ли́ри* [ПК,2(Мор),217].

расходи (сă) pf 'се прошета' ~ *царо нова сахат сă лăхало та излăзăл на потоно* (ходник, чардак) *да сă расходи и, като видăл чл'ака, рукал го при нăг. Тој утишал и рăкал на царо, чи ă дошал да тарколи баиро и, ако го тарколи, да му дадă за жјăнă дăштарăтă си, пак ако ни го тарколи, да му отсăча главăтă* [V,PM,289].

рацéпин* adj 'предмет на кој компактноста му е разбиена' ~ *разбојот има две кросна, пре́дното кро́сно е рăсцéпино,* има *ста́п за запира́јне за́дното кро́сно,* се вика **путпира́чка** [ИГ,121].

расцјапи pf 1.'со удар од остар предмет направи на делови нешто што било компактно' ~ *отиде на един чобан и беши купил едно јагне, гу заколи, му зема сал кореліот, гу расцјапи кореліот, кату фес гу кладе на главата му* [V,PM,222];~ *та достигнал до златната кула, дека беши затворена царјувата љома, та ја чуваши крива саловила. Тој кату викна един страшин глас, кривата саловила много оплаши са, и златната кула фтисовето и си рацјапили* [V,PM,216]; и: **рăсцепе** ~ *е, са зе́ла дă-цéпе не́кој дра́фчка. То́ă ръ́че́л: "Ма утпу́шти тӑ една́та ръ́ка, дă-тирăсцéпум да́рва, на́пкули па́ ма-вắрзи". Е, ло-утпушти́л зă-дă-и-рăсцéпе да́рва* [ПД,(Ник),158]; ~ *отишел дефот на црквата. Жента му земала да цепи едно дрво. Јане и речел на жента: "Пушчи ли едната рăка, да расцепам јас поскоро дрвото"* [ШС,V(411)]; ~ *то́ камила́ринот и́маш'и идна́ то-пу́ска на-рака́та, а-удри́ идна́ то-пу́ска си-раципи́ либин'и́ната, пл'и-сна́ идна́ о́да ут-либин'и́ната, пе́т стотин'и кали́ли ш'о́ имаш'и си-уда́виха* [ВБог(Бал),344] – во контекстот среќаваме уште еден пример како предлогот **на** го местил предлогот 'во' (кога упатува на внатрешност): **и́маш'и идна́ то-пу́ска на-рака́та** (м. 'во раката'); 2. 'кога нешто ќе падне од високо и ќе се стори на делови' ~ *то́о де́те ви́ј сă–кắчи́ на́ј нă-вӑ́ро, ка́ ќи-па́дне ќи-сă-рăсце́пе* [ПК,2(Мут)32].

рацъ́рка (сă)* pf 'се развика' (налутено) ~ *ли сă-увисна́ наврăс ле́не, ќи-ме-урни́сше, а́к не му сă-ра сцъ́рках* [ПК,2(Крец),122].

рацъ́фти pf 1.'кога цвеќето или дрвото ќе добие цвет' ~ *дилбе́р Сто́јна ху́бӑва, [дилбе́р цвӑ́те у га рди́на, [што рацъ́фти у годи́на, едно́ш не вл'ӓзе у гардина, [да на бе́риш, да нарéндиш* [ПСт,ЗС,75]; и: **расцвјати** ~ *црно сјаме посјаено; [зелено је поникнало; [сино са је расцвјатило; [манастир се размириса; [калугере чудом чудат*; [– *"Бре какво је това чудо; [манастир да замириса!"* [БД,68]; и: **рацве́ти*** ~ *и дојде́ врја́ме смо́квите рацветúа и чини́ха мло́гу смо́кви и, кога́ узрја́ха, от единојут земá една́ смо́ква и, л'у накýси, от чове́к што́ бе́ши, са чини́ добúтак* [V,PM,28]; 2. fig. 'се отвори рана' ~ кај болеста **шап** (што ги напаѓа овците) кога ќе *расцвете* раната, т.е. кога ќе испука месото кај

папците, се става газија и катран за раната да не црвоса [ТГ,381].

расч'е́кни* pf 1.'раскине, раздвои' ~ *гу фа́та за ина́та но́га сӑс уста́та и гу расч'е́кна* [MS,t,61]; ~ *земаха от един кон мухи и кладоха на мулитата, и, как фатиха мулитата да ритат, си разбегаха по гората, си рачекнаха ониа вреки, от пепелот са дигаше димо до неботу* [V,PM,49]; ~ *тогас цар-јут не можа инак да чини, извади от сандукот, му наброи тристате алтӑни, зѐма т'умјусукут, гу рачекна, извади јошти триста алтӑни мижде* [V,PM,211]; ~ *на пӑтју излезоха на́речниците, му ве́л'ат: "да́ј ни, бре́ си́нку, от па́зуфата пи́смото, да ви́диме што́ пи́ши!" И то́јнака да́ва пи́смото, и о́ни гу рачекнаа* (= ја скинале ковертата) *и писа́а дру́го* [V,PM,146]; 2. изр.: **ни мо́ш' (да ја ту́рниш'), газо́ да си расч'е́книш'** (= по никоја цена тоа не можеш да го сториш) ~ *да нала́ж'ат ч'етирт'ӑх ку́ш'а́нта на ку́при́јата, ти с'е́тн'а ко́лку да пӑхкаш', ни мо́ш' да ја ту́рниш' , газо́ да си расч'е́книш'* [MS,t,24]; в. **ракч'е́хнува**.

расчи́сти* pf 'направи нешто да биде чисто' ~ *и сти́гнаха на еди́н ха́н да приспјӗт. И на ха́на и́мало една́ ходаја́ ху́бава, та л'у ко́ј да приспи́ в не́а, ни осӑмновал. И то́ј рекӑл на ханжи́ата да расчи́стјат ходаа́та за да приспја́т сас халај-тката* [V,PM,254].

расчопни* pf 'открши, откине мали парчиња од нешто' ~ *по това за седнат сички, колко човеци за шма, за му кладат отпрет на трапеза... тапсјата лепот. Ки го расчопнат, за донесат от заколе-нии корбан манџи за јадат и за пијат, ахенг чинат* [V,PM,252] – од текстот излегува дека во овие говори обезвучувањето, преминот на звучните согласки во незвучни на крајот на зборот се задржало и кога фонетските околности се из-менети, т.е. кога согласката ќе се најде меѓу самогласки, каков што е случајот со примерот: **лепот**.

расчу́ди (сӑ)* pf 1.'се изненади, се зачуди' ~ *ка́ уживе́ Ус... ут мӑртфити, си кажа́ е́м стоја́ на-стрет на Учени́цити... Па́ о́ни си уплаши́ле, и стра́х му падна́ но́го, си расчу́даа гиа́ гле́дат ф...* [MV,-K,253]; ~ *па ко́лку ли́на ут ти́и Грамати́цити си ре́кле мигу́ ни́х скӑршно: Во́а чове́к натили́са. Ка́ му виде́ Исус на ни́х шо си расчудиа, ре́кӑл: Зашт'о си расчу-ди́те?* [MV,K,265]; ~ *да ка си седна́л уф ку́ката шо си кондиса́л, распи́таши на ни́х: Ко́га си и́дихми пу пӑтут, шо си расчуди́хти мигу ва́с* [MV,K,303]; ~ *да ричé на ни́х: шо́ си стре́сити така́, и зашт'о си расчу́дити и сӑ у́лити уф сӑр-цити ва́ши. Виде́јте рӑцити ми и но́зити ми, шо сӑм ја́с, распала́ј-ти ми, да виде́јти ми* [MV,K,335]; 2. 'се двоуми' ~ *оти́де еди́н де́н на жена́та, га ве́ли: "на́ ти пет стоти́ни гро́ша, да га зако́лиш ко-кошта́, да га го́твиш, а́ма на не́кој от не́ја да не да́диш да наку́си, ја́зе да до́јда да га изја́дам!" И о́на, бе́з да си разчу́ди, га зак-ла́, га изго́тви* [V,PM,129]; 3. 'се замисли' ~ *му ве́ли: "и да гу зе́-миш, пишма́н ки си чи́ниш, и да не гу зе́миш, па́к пишма́н ки си чи́ниш". Дја́тето ка́ту чу́ така́, мло́гу си разчу́ди, рече́: "ки гу зе́-мам, ја́зе и така́ загубе́н, и така́ расипа́н, ба́ри пе́рото да гу зе́мам та́ не́ка сам пишма́н!"* [V,PM,121];

~ кату чу царју́т таков одговор от малко дјате, си усрамоти, та тогáс извади една шенпа алтáни, му даде на дјатето и си утиде на конаќут, си расчуди и вели сам на себеси: "Това дјате толко ум што има, татко му можи повики ум да има" [V,PM,95]; *~ когá си наýмјувал, кáк вúкаши господáро ми, когá јáзи гу бúех сос калини да гу óтепа, и от тогáс насáм не é кабúл сéкој вéчир дýр да не дóјди на спáнето ли. И затовá си разчудúх и ви казýвам: "блазé му на онúа, што рабóтат денјá и ноштјá и сос мáките... са хрáнјат"* [V,PM,28];

4. 'дознае нешто и се одлучи' *~ му вéли: "сáкам да ми докáраш на пúлето господáрката дјун'á ѓузелú úли ки ти га зéмам глáвата ти!" Кату чу такá дјáтето от цáрју, му вéли: "аман, цáрју, да ми дáиш трú дéна мјухлéт да си расчýдам!"* [V,PM,122] – прави впечаток удвојувањето на кратката заменска форма со која се изразува посвојност: **úли ки ти га зéмам глáвата ти**; *~ му вели: "ej, авџиоли, ли докара и филдиш кокали, направих удаја, но сега сакам от тебика и ламината керка да ли докараш, аку не, сетни ти зелувам главата ти!" Авџиоли, кату чу така, одрјави на царју: "ти са мол'а, царју, да ми дадеш три дни мјухлет да си разчудам"* [V,PM,43].

расчу́дин* adj 'изненаден од нешто, зачуден' *~ па вúи нé му пузнајáле на нéго. Да му ричé на нúх: Чúи сạ вúи прикáзни, шó сạ лáфите мигу вáс, удéки нạ пáтот, да расчýдени стóите?* [MV,K,253]; *~ тогас синот му сóс млóгу жал остана разчýден, и сичката му кáшта си облечúха на чéрни дрéхи, фати синóт му, сóс млóгу слава и чéст гу зарă татко му* [V,PM,7] – предлогот **на** во овие говори има проширена употреба, во случајот го заменува предлогот 'со': **си облечúха на чéрни дрéхи**.

расăрди (сă) pf 'се налути' *~ сăбрал беша дели Димо; [сјурмашка ангарија; [да му идат, да му женат; [жăтва му је јокапала; [јокапала, прикапала; [на Јановден, на Петровден; [расрди се Свети Јано; [та јотиде при Петрови* [БД,25]; и: **рассăрди** *~ – Мар Вело, мар лоша жено; [јало ли је магарето сјано? [– Ни је јало, ниту је видјало; [јам је фл'ало ф кулюватa нива; [изјало је лука и кукарја; [кум са урли, кумица са дурли; [рассăрди се малката кумичка* [БД,65], односно: **разсăрди** *~ – Смилјане либе, Смилјане; [врни се либе врзувај; [– Дафино грозна нивесто; [пусто стојало детето; [јогăн горели рăкојки; [нăли јă тук Бужана; [Дафина си се разсрди; [та си јотиде на краја* [БД,34].

рáт m 'воен судир меѓу држави, војна' *~ илúáл, ѐт нă-прúмер, уф-нáшто сéло úма дистúна, двájсе дýши сирутúни, устăнáле уд-рáто изгóрăни... тó: чувéк илú давáл месéчие... и пá áку си-нájде нéко: рăбóтичка, то: нéгувој* [ПД,143]; освен во текстот од Дојран, именката **рат** ја запишавме и при дијалектното анкетирање во соседното село Фурка: *нáј-лóши, нáј-гулéми лúáки имáле нáште. Имáло тáм бéгăве. Зă-врéме рáто Бугáрто и типáле, и-клáле, о-зăклáле тóă шó-ј бéго, и сă-пувличéле нáм* [ПД(Фур),143] – во други материјали го немаме сретнато.

ратај m 'тој што помага дома, слуга' *~ тој тога увăрувал, разл'утил сă и рăкал на ăдăн си ратај, да*

јахнă и нăјă, и закланото дăтă на ăдăн кон, да ги заноси на ăднă далăчнă и пустă планинă, и там да ги остави. Ратајă јă уткарал на ăднă пустă планинă и јă оставил там [V,PM,291]; ~ *куга сă главиш и жениш; [и мен да си ме калесăш; [да си ти дојда на туојата; [на туојатă тешка свадбă; [ја момин* (момок?) *да си ти стана; [малу – многу до три ден'а; [и ратај да ти устанă* [БД,43].

ратајче n, dem, 'слугинче' – в. **ратај** ~ *А Марко си хи зборува: [– Имиро, кадăн Имиро; [ни штă та от кон' отковăм; [нито шта ти сенка осторјам; [полниш ли, мори знаиш ли? [кога бех у вас* ***ратајче****; [та се бол'ăн разбол'ах, та ти одица потерах;[...та ми подаде* ***скрните*** [Б(С,ДХ),32] – (сп.: архаична лексема: **скрна** 'траги од нечистотија'); ~ *писнал је Петре да плачи; [де го дочула царица: [на Петар вјали, гојвори: – Петре ле море ратајче; [зашчо ми викаш и плачиш? [Петар хи вјали, гојвори: [– Царице моја мајчице; [јоставих л'убе венчано* [БД,72].

ратани́ца f 'удар со нога, клоца' ~ *стáна, утúди при т'áх, удри́ва иднá ратани́ца на пóпут, пóпут хабáр н'éмја, удри́ва на дјáкут, и тój кăтý попут;* (во други говори **ритканúца**, сп. гл. **ри́та** 'клоца') [MS,t,70]; в. **рисканúца**.

р'ăткa* adj (m // f) - 'редок, - орр. на густ' – со формата за женски се покрива и машкиот род [MS,s,96] – причината е во нефункционирањето на категоријата род, наспрема некои нереални објаснувања (за ова в. во граматичкиот дел); – во примерот што следува има траги од зачуван назализам ~ *зăмбăтą сą рăдкă* [ПСт,ЗС,66].

Рáтка – ж. лич. име забележано во Кајларско: ~ *Рáтка си-влéгла грăдúнка, [сéкăкфо цфéке дă-бéре, [оф-оф, Рáтко бре, ýмир, зăгúнăм зă-тéбе* [ДК(Рак),159]; исто и во Драмско: ~ *макеха Ратка чешлаше; [като ја чешла, кăлнеше: [–"Да даде Господ Ратке ле; [црна Циганка да станеш; [циганка црна катунка; [че рожо* (рано ?) *Ратке не ставаш; [за вода Ратке да идеш"* [БД,70]; односно во Мегленско: ~ *Ратка си седе балконче; [криво тантелче, мори, си плете; [криво тантелче си плете; [л'убовна песна си пеје* [БМ,81] – во првиот стих се забележува отсуството на предлог кај додатокот за место: **Ратка си седе балконче** (место: '... на балконче').

Рáткин* adj – нешто што ѝ припаѓа на Ратка: ~ *Рáткини вéжди – гăјтáни, [нă-мójто сăрце двé рáни, [оф-оф, Рáтко брé, [ýмир, зăгúнăм зă-тéбе* [ДК(Рак),159].

раф m 'полица' – сп. од етнографски материјал: во куќите во Гевгелиско, на јужниот ѕид, до долниот **кăт**, над местото каде што стојат **ношвите**, на ѕидот има прикрепена поголема даска, што служи како полица – се вика **раф**, таму се оставаат измиени садови. Под споменатата даска, на едно колче закачена е **лејка за сол**, а на друго **лејка за лажици (лажичарник** или **лајчарник)** [ТГ,300] – оваа слика се однесува на минатото, денеска би можело евентуално да се сретне во некое планинско село.

раф adj 'разрок' ~ *днóто óко на днá срáна глéда, дрýгото на дрýга* [ДЧ,140].

рахáт (и: **раат**) m 1.'спокојство, мир' ~ *лу р'éч'и: ш'ó брăкаш' тýка?!"*

"т'éб'а брáкам! – му р'éч'и пóпут – за да т'ạ бúја даш'ó ха ни устáјаш' лам'áт'ạ на рахáт" [MS,-t,75]; ~ *понеже сиромахувото дете си научи харно црковниј рет и кату му беши харíн гласот, и кату немаха рахат от аскерите, побегнали от талу и отидоха на един грат* [V,PM,40]; ~ *му вели: "ади, братку, сега иди си на кăштата ти, да си гледаш работа ти сос рахат. Јазе половинате алтăни ги пратих на твојта кăшта"* [V,PM,32]; ~ *гу виде царјувата керка и мајка ѝ, и тогас мајка ѝ поверувала, ча човек имаши на софрата, којто не оставиши на керка ѝ да јади сос рахат. И кату гу видеа нетри аф удајата, заедноч си развикаха* [V,PM,35]; 2. 'лесен живот, без обврски' ~ *сиромах мăж пак га вели: "мори жену, седи си мăндро, ча ки ни изгон'ат от това рахат, та сетника лошу ке да патимли!"* [V,PM,65]; ~ *му-рéкăл: "Ел-си бáбо дóма! Тáка ќи-прáјме, вáка ќи-прáјме. Јáс-сум кăбăтлúа шу-тúди". –"Нé, му-рéкла бáбăта, јáска нé грéдам. Тáму си нáјде јáска рáт: јăдéјне, пиéјне..."* [ДК-(Дур),146]; 3. изр.: **на рахат не можиши да седи** (= стана нестрплив, немирен) ~ *проминаа пет-шес саати, фати сиромахувата жена, на рахат не можиши да седи, му вел'аши на мăжо ѝ: "стопане, ади да отворимли паницата"* [V,PM,65]; **ни ги уставеше на рехат** (= не им даваше спокојство) ~ *рéче на синá си пак: "чéду, кój ни штé ма зéме мéне? Јас сам стáра и по-акáллúе. Та агá бјах млáда и завјáна, та мá зимá тáтко ти". И хúч не ни ги устáвеше на рехáт, л'у за тузú си зборóваша* [V,PM,264]; **видоха рахат** (= истераа убав, спокоен живот) ~ *сиромахут сос жената му, кату видоха таков рахат некој петнајси дни, фатиха образите му да са чинат бели царвени кату јабăлка* [V,PM,35]; **си-нáјде рáт** (= живее удобно, ужива) [ДК106]; **гу-пýштăл су-рáт дă-си-хóди** (= го ослободил обвинетиот) ~ *"Ти знáјш шо вăрéно жúто нé никнýва". –"Ааа, кăко нé никнýва!? А кăко мóже вăрéни јáјца дă-л'ýпат пилúна?" Тугá судúата гу-пýштăл чóику су-рáт дă-си-óде дóма* [ДК,-Деб),156]; в. **раатлăк**.

рахúт' m 'грпка', со исто значење: **камбура** [MS,s,95].

Рахман 1.'м. тур. л. име' ~ *пушка пукна в гора зилена; [та удари Рахман бјул'укбаши; [между двјате црни уочи;* 2. – во илустративниот текст за името **Рахман** го запишавме и следниов израз: **душа придаде** (= умре) ~ *уошче Рахман душа ни придаде; [на другаре вјали и гојвори: ...* [БД,161].

рацели pl. 'големи парчиња тиква варени во сок од грозје' — заглавниот збор го забележивме во описот на следниот обичај од Гевгелиско, поврзан со свадбата: штом младоженецот ќе појде да го кани кумот, *свекурут* и деверот ќе појдат да ја канат невестата *"да се чине азăр за уф чуждa кућа"* и при тоа носат поклон. Во минатото поклонот во многу нешто се разликувал од денешниот: товар леб, буре ракија, буре вино, лубеници, неколку оки калинки, ѓум со *пекмез* – вид, течен комфитур (за да се засладува виното по полноќ), потоа *канаваза* (сад налик на голем бардак, глазиран) со *маџун* (тиква рендосана и варена во *пекмез*, посолена со печен сусам), *канаваза* со *рацели* и др. [ТГ,161].

рача* impf 'остава порака' ~ *рачај, порачај, либе, рачај, порачај; [рачај, порачај, ах, верно либе, што да ти купам. [– Купи ми купи, лудо, купи ми купи; [купи ли купи, ах, верно либе, чаша јотрова; [да се отрујам, либе, да се отрујам* [БМ,78] – за поголема изразност со глаголот 'порача' оди и скратената форма: **рача**.

рачи́на f – в. **барчина** 'брдо, рид' ~ *барли́војут зели́ са́де еди́н това́р тилја́н и во́сак, оти́де на гора́та на вр҃ха́ една́ висо́ка рачи́на, ги запали́ та́мо. Ди́мот оти́де на небо́то при Бо́га, и Го́спод пу́сна еди́н а́нгел, по ди́мот чове́ка да на́јде, това́ добро́ што чини́ на Бо́га* [V,PM,126].

рачиново n 'лек за прочистување на стомакот' – сп. народско лекување: *за сурмек* (пролив) болниот зема *рачиново* (рицинус), а почесто се зема *силимикија (шармантеј)* што се вари со суви сливи и течноста потоа се пие [ТГ,229]; во Воденско: **реци́ново масло** [МЕв(Р),138].

рачичка f, dem. од 'рака' ~ *отвори, Лено мори, вратничка, вратнич-ка; [со твојта десна, Лено, рачич-ка, рачичка; [– Не можам, лудо Ѓорги, да станам, да отворам; [широк ли фустан, Ѓорги, под мај-ка, зад мајка* [БМ,143].

ра́чка f, zool. 'инсект што го расипува расадот' ~ *ти́: шо́ ри́ат, ко́рӑнто ги ја:т, ско́ке, и́ма кри́ла, мо́ж дӑ ле́те* [ПД,(Ник),124]; ~ *н'а́а гӑ-ја́ат ча́фките, гӑ-чо́пкӑт и дру́јсте пи́лци. Она и́ма жӑлту́нува буја́* [ПК,2(Драг),97].

Ра́чкова Ку́зн'а top. 'ножарска, ковачка работилница во Горно Броди, Серско, сопственост на семејството Рачкови'. Во топономастичкиот назив се зачувал архаизмот **кузн'а** (сп. во рускиот јазик) [ЈИ, МИ...,183].

ра́чкур m 'чекор' ~ *дво́ро не́-ј а́јн ра́чкур ме́сто, нӑ-мо́јш сӑ-мӑрдниш* [ПК,2(АЌ),97].

рашадија f 'алва од нишесте' – заглавниот назив го запишавме во следниве два контекста: кога домаќинката има итна работа повикува роднини, сосетки и пријателки на *пумагајне*. Домаќинката приготвува богата вечера, а околу полноќ им прави алва од *ирмик* (гриз) или *рашадија* [ТГ,369]. Обичајот што следува е од Гевгелиско и е поврзан со свадбениот церемонијал: првиот ден по брачната ноќ доаѓа мајката на невестата со неколку роднини да ја *убидат* (посетат) *младата невеста*. Секоја од жените носи **рашадија** (алва) и откако ќе поседат малку си заминуваат [ТГ,187].

рашене pf 'развесели' ~ "Колку да имаш грижи, *едно дете да илиш ки та рашене"*; сепак родителите сакаат да имаат повеќе деца, постои изрека: *"Едно – ниедно. – Сус едно никуј не прокопса"* [ТГ,...]; ~ *бо́лна бих, ма́ле, ти мӑ-рӑшини́* [СК,334].

раш'éта (сӑ) pf 1.'се придвижи некаде, без работна обврска' ~ *иди́н д'ён' Иринги́от исл'а́зи да сӑ раш'éта* [MS,t,48]; ~ *оти́де о́нај чове́к на кади́ата и му ве́ли:"кади ефе́нди, ја́зе оти́дох да си раше́там покра́ј море́ту и гу најде́х това́ чове́к та́мо, и ми каза́ си́чко што истрада́л"* [V,PM,9]; ~ *гу пи́та ... : е́гу ни да́ва на л'ён'а, да гу ја́хна да сӑ раш'éтам пу с'е́лутуЉи* [MS,t,20] – во контекстот имаме уште еден пример за специфичната (дијалектна) линеаризација: глаго-

лот и кратката заменска форма се одделени со негацијата: **гу ни дáва;** ~ *гу вúкаха д'ăт'ату Катúнч'у и му р'éч'и идúн д'éн': éјала да пóјми барабáр у Висóка за да сă раш'éтами на пăнт'óй* [MS,t,38]; ~ *и тúа уставúле каúкут и тáтко му, утúдоа пу нéгу. И рашитá сăта Галилéа Ис..., да прикажýваши на них кăт си бéрија* [MV,K,264]; ~ *с'éтн'а раш'éтаха и другúги силá, си утúдуха думá на палáт'у* [MS,t,40]; 2. 'оди по мала нужда' ~ *момата позна работата, ча беши нејн пăрв л'убовник; ак фатиха да ја венчат, тја изл'ала да си рашета, и тој отвунка и ч'увал, пак ја зема и побегна сос неа* [V,PM239]; ~ *да един ден кату ходиши просикот по каштите просејке, и харалиата го ловјаши после от далеку-далеку, на просикат му дојде рашитувани, отиде на потребно место да си рашета. Остави кривакот на земјатата фати да содврзува чакширот, за да попикаи* [V,PM,189] – за називот **чакшир** в. кај: **рашитувани**.

рашéтува (рăшетува) (сă) impf 1. – в. **раш'éта** 1. ~ *о-зăпúре пăрăхóдо тáм, нăкăде грáницăта, дă-претстáвăме. Изл'ăзéл тăкá, рăбутнúците си-úмăт јáдне, пújне, ут цáро сè. Зă-штирújсе дýши и óн едúн штирújсе и едúн... И дéтто излéве тăкá, сă-рăшéтуве нис-пóл'то* [ПД,150]; ~ *и дóктуро си-сéде сă тáм, си-јáде, си-пú, сă-рăшéтуве низ-грáдо, árно áма дéнувуто сăбрóни, нăмáл'увăт óни* [ПД,149]; ~ *тáтку-му ýмре, мájка-му ýмре, сáмо излиќáрките и-úма. Оде тáму, сă-рăшитýва кăди крáлцкăта пăлáта* [ДК(Ран),130]; 2. – в. **рашéта** 2. ~ *момата позна работата, ча беши нејн пăрв л'убовник; ак фатиха да ја венчат, тја и рекла на тамошните: "ни са рашетува". Изл'ала да си рашета, и тој ја зема и побегна сос неа* [V,PM,239].

рашúке* pf 'набрка' ~ *óде уф–тáа вудúницта. Кá видéли тúă: питлúнка, кутлúнка* (**кýтле** 'мало куче'), *мáчинцто фăтúл дă-вúке: "Ај-га мójта дóда úде, áj-га мójта дóда úде". Кýчинцто: "ѓáф-ѓáф-ѓáф", сă-рăдýве, ár-ама, тáа нăтóо аднá клóца, нă-дрý·кто аднá клóца и рăшикáла* [ПК,2(Иц)285].

раширен adj 1. 'распослан' ~ *уздолу ут селто Кангăлич, шо се наогја мигју Кара-азмак и Вардар, там дека сă бăркăт вијă две рекји, имало блато, му велјăт: "Кангăличко блато"; и најнапкум Вардарут кăд тече ув мојрјту па бил ного раширен и правел цело блато* [МЕв(Р),77]; 2. 'отворен' (пр. кога прстите на раката се отворени) – во описот на растението **бозел** го среќаваме споменатово објаснување: ~ *цăфте бели-жăлтăникави китки кулку шакта ка те-ј раширна. Сетне даве плот – малечки топчинка* [ПК,2(Бег),24].

рашúри* pf 1.'направи нешто да биде широко распослано' ~ *вéли на нéгу Ис...: Пáси óфцити мój. Истина, úстина ти вéл'ам, кóга бéши млáд, си опашýаши сáм, и удúл си кăд си сакá; ká ки устарéиш, ки рашúриш рăцити, да другг ки ти упáши* [MV,K,338]; 2. – **(си)** ~ *ќи* (погрешно пишува: 'ќу') *си-ј глéдијме мăлéчки дéцта су-л'ýл'ка на-глáвта, си-напóлниме пилéни у-л'ýл'ката, па тáму úмијме вóди, дек-шо-ќи-си-рăбóтме, ќи-*

си-ј-пе́рме, ќи-си-ј-ра̀ши́рме, ќи-си-ј-ишу́шме, та́м де́ца си-гле́дијме [БМег(Стр),202]; ~ *укулу Вели́гдин, ќи-по́чне то́ да-са-ро́е, ... ка ќи-и́ма пл'уска́ни се́мијна и ќи-до́јде вре́ме ќи-збу́вне та́ кути́јта да-са-ро́е... То́гин ма́лце ме́сто-и, е́т ка́ ва ма́:ста, ќи-си-ј-кла́виш кути́јта, ќа́рпа ш̀о ќи-си-а-ра̀ши́риш* – во контекстот имаме уште еден случај што упатува на балканската јазична алијанса: беспредлошка употреба на додатокот за место: **ќи-си-ј-кла́виш кути́јта** (место 'во кутијата'); 3. 'зафати нов простор' ~ *"Ш̀о ч̀у́ке то́: т̀а̀пан та́м уф-ур-ма́нут?" "Ее-е, не́ зна́јте, лу́јте о́ро игра́ат:* **дили́-орма̀на́лси**". *На́ј-а́рѐнто о́ро-ј то́о – русали́цко о́ро. И та̀ка́ са̀-пра̀да̀лжи́ло да̀лго вре́ме уф-кук̀у́ќоо кра́ј и са̀-ра̀ши́ри́ло и фа̀ти́ли ус-ти́а о́ра да̀-зби́ра̀т па́ри, да̀-гра́ат ц̀а̀ркви. На́ште ко́о са̀-пра̀сили́ли трина́јста гуди́на, ка́ избига́ли ту́ка, то́о о́ро са̀-ра̀ши́ри́ло и ту́ка...* [ПК,2(Крец),306]; 4. изр.: **да си раши́рими ду́шите** (= да живееме спокојно, без злоба и завист)~ *та́ткоту му ре́кал на не́го: Ч̀е́до и ти́ се́ су ме́ни, и си́ти ш̀о са̀ мо́ј, сфо́и са̀, туку тре́бу́ва да си раши́рими ду́шите и да си раду́вами, ш̀о сфо́јто брат бе́ши умре́н да ужи́ве́* [MV,K,281].

рашитувани n 'одење по нужда' (во случајот мала) ~ *да еден ден ка-ту ходиши просикот по каштите просејќе, и харамиата го ловјаши после от далеку-далеку, на просикат му дојде рашитувани, отиде на потребно место да си рашета. Остави кривакот на земјата фати да содврзува чакширот, за да попикаи* [V,PM,189] – називот **чакшир-от** (панталони) на друго место го немаме сретнато; можно дека овде е внесено со интервенција на Верковиќ.

ра́ш'ка f 'парче' ~ *ра́ш'ка м'а̀́су* (= парче месо); сп. **ма̀рка** [MS,s,96].

рашти́на f, bot., Carlina acanhifolia *"за стока тр'ава"* [ЛС(К),96].

рашти́ни (са̀)* pf 'се расчисти, нешто стана појасно' ~ *то́га му са̀-рашти́ни на ни́х на у́мишти, да си разби́рат на Кни́гити. Да му са̀ ре́ка̀л на ни́х: ш̀о така́ бе́ши писа́но, и така́ му би́ло да са̀ ма̀́чи Христо́с, и да ужи́ве́и ут умре́ш на три́та де́на* [MV,K,335].

рашчуе (са)* pf 'се пренесе глас, стане нешто познато' – во следниот обичај од Гевгелиско е нотиран спомнатиот глагол: кога младичот ќе наполни 25 години и сите негови **акрајне** (врсници) ќе се оженат, таквиот младич се третира за **устанан** и *стар.* Таквите момци ниту се обидуваат да се женат во истото село, туку испраќаат **стројник** во друго село и гледаат на брзина да се оженат, додека уште не се *рашчуло* и *разбрало* [ТГ,133].

ре part (за обраќање) 'бре' ~ *а́јде ре́, На́со, доо́дме за́дно на̀-Со́ла̀н* [СК,334].

ре́а f 1.'непријатен мирис, смрдеа' ~ *ме́сто и́ма а́дна ре́а, ќи-та̀-за̀ду́ше* [ПК,2(АЌ),97]; 2. изр.: **реа зимуве** 'многу се нервира' ~ трудната жена секогаш треба некој близок да ја прати, да не биде сама, зашто **туварина** *жена уд малце нешто* **реа зимуве**; т.е. не треба многу таа да се исплаши и возбуди, дури и со последици [ТГ,103].

ре́бре (са̀)* impf 'се спрема да стори нешто' ~ *сѐ са̀-ре́брум да̀-ти-до́јме на̀-го́сте, а́ма не́ ми уйди́се* [ПК,2(Гѐар),197].

ревани n 'врескање, рикање' ~ *талю, дека чуваши, едвам дојде една страшна ламја, ревјаши ешти от*

далеку; ... и как дојде ламјата тамо, земјата си затреси от ревани и от бучени, хем каде него хождаши, и, кату приближи при него, тогас тој зева тешка негова бозлугана [V,PM,219].

ре́вла f 'девојче (жена) што често плаче – плачка' ~ *а́дна ре́вла-ј, ни́кој не мо́же да́-за́пре*; за дете: **ре́вл'о** [ПК,2(Грам),97].

ревне* pf – в. **ривé** ~ — *"Дукарăјти кола; [колали и бјули; [да качим нивјастă" [Дукарахă кулали; [кулали биули; [крцнахă кулатă; [крцнахă, струшихă că; [ревнахă биули; [ревнахă пукнахă* [БД,51].

редба f 'нешто по ред, во случајот зборови, песна' ~ *гласут ка ти чујах, српот си јуставих; [српут си јуставих, тебе да те слушам; [тебе да те слушам, каква песла пејиш; [каква редба редиш* [ТГ,338].

ре́дук* adj, opp. на 'густ' – сп. објаснување за називот: **ту́ри–пе́чи** (вид баница) ~ *то́-ј ба́ница, că-кла́ве ма́лчко ре́тко те́сто уф-типци́ита и că-зăпе́чуве, се́тне на́ că-кла́ве ут-те́стто, на́ că-путпе́чуве и сè тăка́ дур дă-că-нăпа́лне типци́ита* [ПК,2(Грам),84].

ре́дук зăмба́к m, bot. 'вид цвеќе' [СК,334].

редум adv 'кога нешто се врши по ред' ~ *Јане се скрил пот кошот, шчо го хранили на кон'от. Жента му видела сè редум, сам пот кошот не видела и си отишла и речела:"Нема нишчо"* [ШС,V (411)]; ~ *речел дефот: "Зашчо вижда кон'от пак? Виде сè редум, да не се скриал Јане?"* [ШС,V (411)]; односно: **редом** 'едно до друго, по ред' ~ *дјадовци редом сидеха; [и рујно вино пијаха; [де видјаха млади Гојка; [виното си оставиха; [и си дума продумаха: [–"Бре благатка това татко и това сина!"* [БД,21]; ~ *момата вели, говори: [– Јоре момчиња, леле, мои браќа; [това со лудба не бива; [кладејте прстен, леле, на бука; [земајте пушки, леле, во рака. [Сите ми редом фрлаја; [никој ми прстин, леле, не јудри; [фрлила мома, јудрила* [БМ,74].

ре́жин' m 'отсечено парче, пр. леб' [СК,334]; и: **резăн** ~ *знајăм си мале, помн'ам си; [јас гу дугоних ду Хрватска земја; [девет ден'а л'у по ода ходих; [девет кон'а под мене пукнахă; [а по сухо един госпот знае; [да гу стиген'ах аф земја штах гу клада; [штјах да го сјака резăн по резăн* [Б(С,ДХ)42].

резе́рва f 'нешто оставено настрана во случај на евентуална потреба' ~ *кă că-испăлнуве вре́муто дуде́ка му-рăче́л де́уто... о-зăпи́ре пăрăхо́до та́м, нăкăде гра́ницăта, дă-претстáвăме. Изл'ăзе́л тăка́, рăбутни́ците си-и́мăт ја́дне, пи́јне, ут цáро сè...резе́рва* [ПД,150]; ~ *и, ви́ка, зат̣ва́, на-пло́днити годи́ни, пăрвити, ќи-си-спре́миш хра́на за-се́дам години. Исто така́ и-дру́гата сра́на... зна́чи су́шата ќи-изго́ри сè. И зат̣ва́... ќи-кла́јме резе́рви* [ЛС(К),112].

ре́јс* m 'превозно средство за повеќе патници, автобус' ~ *пăрăхутчи́ита зăпа́ле пăрхо́до, ут-та́м прăку-Ита́л'ја, нă-ске́л'то излéвăт, că-свал'у́ват ут-та́лика уф-Бе́лград, ус-ре́јзо уф-Ско́пја, ус-ре́јзо уф-Стру́мица и́дат* [ПК,2(Ним),271]; ~ *утта́м си-стăну́вне су-де́цта, би́ше мо́јут Ѓо́рѓе, би́ше и зе́тут Ѓо́рѓе, би́ше и нă-те́т-му та́м, ришија: дă-бе́гине, на́ дă-бе́гине. Му-ве́л'ăм: ќи-ја́јте и ќи-бе́гне!*

На́ли дур-дă-сă-нăја́дне до́јди ре́јзут [ВМег(Цăр),319] – во контекстот прави впечаток глаголот **бега** што се јавува со значење: 'заминува'; ваквото значење го констатиравме, освен во југоисточните и во во југозападните говори, пр. во Костурско (с. Вăмбел).

рекичка f, dem. в. **р'а́ка** ~ *тали, дека ручеха леб покрај една рекичка, кривоју една суха кора кату ја тури да си накăсни аф водата, реката га зема кората на дол. И тој фати криф-кȕц да га тера* [V,PM,91]; ~ *и сра́ о́дат, о́дат. Сл'а́гали от-плани́ната и-мина́ват ка́о, та́а ре́кичка го́ри, чи́ста, по-то́что та́му на́ли, те́чи во́да, с-напи́ли во́да, л'а́тно вр'а́ми* [ЛС-(К),114].

рел'о n, zool. 'граблива птица, многу итра и многу подвижна со чија помош децата, воловарчиња ловат други птици'. Опис на птицата и за начинот како ја користат децата при ловењето ни дава Таневиќ во својот етнографски опис на гевгелискиот крај: – птицата и дечињата просто соработуваат, имено тие (децата) викаат и ги плашат птиците што се сокриени во грмушките а птицата *рел'о* ги надлетува. На сокриените птици им е страв да полетаат од грабливиот *рел'о* и остануваат во грмушките и децата таму ги фаќаат, ако некоја птица сепак се осуди да ја напушти грмушката тогаш грабливиот *рел'о* се спушта и ја фаќа; освен со помошта на *рел'о,* птиците ги ловат и на други начини: **со примка, на чикајне, на мамка, сус паида, сус курито, сус кандило, сус мрежа** и др. [ТГ,389].

р'е́ма f 'вид настинка со запалење на носната слузница' [MS,s,97]; ~ *бе́ги ут-ту́к а́к си-фа́тăн уд-ре́лита, дă не́ сă–зăфа́тум и а́ска* [ПК,2(Мут)-,97]; ~ *а сăтăрдиса́х га́аре та́ ре́лита* (= се спасив од болес-та) [ПК,2(АЌ),110]; Таневиќ **ремата** ја објаснува како кијавица и додава дека таа сама од себе поминува, но сепак некои смукаат (вдишуваат) **бурмут** [ТГ,239].

ременче n , dem.; в. **ремин** ~ *фчера сăм била на пазар; [фрет ги сăм на ред гледала; [сички јунаци с калпаци; [мојето харо с ќулафка; [сички јунаци с појасе; [моето харо с ременче* [БД,63].

рмил'а́ф adj 'тој што е настинат, што има грип'; в. **ре́ма** ~ *нили зăста́нуви ду-не́го (н'о́о), не́ о-гле́јш ка́ко́ф рмил'а́ф-ej, ќи-сă-зăфа́тиш* [ПК,2(АЌ),97].

ре́мин* m 'кожена лента со која се стега нешто, пр. панталоните, во случајот опинокот' ~ *уфстре́т мигу́ ва́с сто́ј, шо́ не́ гу зна́ите; во́а шо и́ди пу ме́не, он ј по́голе́м ут ме́не; шо не́ сам вре́дин да уд-вăрзам ре́минут ут ско́рните* (= опинците) [MV,K,252]; ~ *пак тој-нака га вели:"ела тинака сос ме-ника, та за то гајле нили* бери". *Тогас и тјана вјахна на неговата кон'а, и га варза тојнака харну по негу на врăх кон'а сос три харни ремин'а и заедноч киниса* [V,PM,77] – редакторот на Зборникот (на Верковиќ) покрај формата за негирање **ним** ставил sвездичка и во фуснота објаснува дека треба да биде 'нему', фактички се работи за скратена форма (со редукција и елизија) од 'немој' и нема потреба да се поврзува со 'нему'.

ре́нди* (и: **реди**) impf 1. 'става едно до друго, односно едно врз друго' ~ *ја́с ре́ндја* [ПСт,ЗС,69] – во контекстот (и во заглавниот збор)

среќаваме траги од назалниот изговор ~ *сă-пра́ве ус-ко́ри шо́-ј су́кат же́нте, сă-ре́дăт ко́рте, се́каа ко́ра сă-пупра́ске ус-си́рне, ма́с и ја́јца ра́змăтни* [ПК,2(Грам),22] – станува збор за тоа како се прави баница; ~ *играј, играј Лазаре; [у ва куќа богата; [полна рамна до врата; [сос босилок китена; [сос карамфил прскана; [реди, реди столови; [да причекаш сватови* [БМ,25]; ~ *гласут ка ти чујах, српот си јуставих; [српут си јуставих, тебе да те слушам; [тебе да те слушам, каква песма пејиш; [каква редба редиш* [ТГ,338]; ~ *орле бре орле, орле крилато; [високо леташ, широко гледаш; [дали го гледаш нашто родно место? [– Гледам, го гледам, как да не го гледам; [синојк замина крај вашто село; [твојта сестра дворје метише; [твојето братче столови редише; [столови редише, свадба ќи прават* [БМ,103]; 2. 'средува, прави да биде уредно (пр. дома)' ~ *Хрисо, мајчина дăшче; [прилјагаша ли Хрисо; [ф црна земја да лежиш; [ненаходена, ненаносена! Лу ми прилјагаша Хрисо; [млад стопанин да уодиш; [мајшки дечинки да гледаш; [кăшчата си да редиш* [БД,42]; ~ *клавај си прика момина; [– Сăс кугу са е редила? [– Сăс мајка, сăс татко; [сăс братја, сăс сестри. [– Сăс когу ке сă дудере? [– Сăс свекор, сăс свекрва; [и сăс девер и сăс золва* [БД,-45]; 3. – **(сă)** ~ *и ко́га до́шăл пра́знику "Сити-Јо́вăн" гу пука́нăл це́ло се́ло... Сă-ја́ло, сă-пи́ло... Ама не́ би́ло сăмо идну "Си́ти Јо́вăн". Ко́га фăти́ле дă-сă-ре́дăт де "Зи́мцки сити-Јо́вăн", де "Ле́тен сити-Јо́вăн", де "Цăрни сити-Јо́вăн", де "Бел сити-Јо́вăн"– кра́ј не́ма* [ДК-(Деб)153]; 4. 'закитува, украсува' (пр. со редење на китки) ~ *Стојан хи вили говорја: – Тенинка Неда хубава: [ни вјани кузум ни сăхни; [в мене ти е ракафа; [ден'а го носја в пазофа; [вечер го турам изглавја; [Неда му вили говорја; [– Чувај го Стојане, брани го; [година го сам везала; [полвина го сам редила* [Б(С,ДХ),54] – во врска со редоследот прави впечаток дека глаголската форма и кратката заменска форма не одат заедно, туку се одделени со помошниот глагол: **година го сам везала; полвина го сам редила** (со што се изделува од нормативниот исказ); ~ *тие му вел'ăт гоорјăт: – Назад, назад Крали Марко; [тој е јунак над јунаци; [та шта си та тој погуби; [как погуби наште мăжи; [та нас робини закара; [голи, боси, гологлави; [та на е тука накарал; [да си белим црно платно; [да го бјало ние редил* [Б(С,ДХ),41]; ~ *јунак сиди на трпеза; [калпака му на кол'ано; [хем го киндри, хем го риди; [син'а дребна теменуга* [Б(С,ДХ),24]; 5. 'кога се тажи и се редат заслугите на умрениот' ~ *да плачи, да реде* [БМ,87]; 6. 'кога нешто се врши последователно' ~ *си́те ра́бо́ти ќи-сă-ре́дат, ќи-сă-свăрши́ват, са́мо ни́а не́ма да сме мла́ди, здра́ви се́кој пăт* [ПК,2(Гăр),192]; 7. изр.: **думи редăм** (= искажувам мисла во случајот во писмена форма) ~ *гу-пита́ли не́гуфте другáре, ["Ѓо́рги бре ве́рин другáро, [шо́ си то́лко побуле́л, [путимне́л, угрузне́л? [Зă-до́ма пи́смо не́-спра́ќиш, [ни́т уд-до́ма дуби́виш", [Ѓо́рги му-ви́ка на-другáрто: ["Другáре, ве́рни мо́ј бра́ќа! [Не́ мо́жам пи́смо дă-пи́шам, [нă-мо́жум ду́ми дă-ре́дум"*

[ПК,2(Крец),317]; **ред са редат** (= еден по еден пристапуват) ~ *ја Маруду, Маруду диојку! [етрви са рет ридиха; [рет и душло Маруда да иди; [ни утиди Маруда, ни утиди; [л'у утиди Мᾱрудина мајка* [Б(С,ДХ),85].

р'ént (и: **рет**) m 1.'нешто во линија, едно до друго' ~ *и гу устáви н'éгу нóс р'ént, ш'ту л'áташ'и, сᾱ пукáци тój пóнагóр'ᾳ и гу угр'á слᾱ́нциту* [MS,t,58] – во заглавниот збор среќаваме остатоци од назалниот изговор; ~ *се пуфтуруват двете прᾱ́вни редишта* [М-Ев(Р),96] – во југоисточните говори множината со нас. -**ишта** е честа, па дури се среќава покрај број каков што е случајот: **прᾱ́вни редишта** (од контекстот); ~ *утúвам пу риндó* (= се движам по редот) [MS,t,58]; ~ *кату са и опúл, отúде прáве нá тавлаханáта, најдé тáмо четирúјси кубúли: еднá бéла, другá червéна, другá жᾱ́лта, другá цᾱ́рна – сéкоја сóс другá бóја бéха, и четирúјсите вᾱ́рзани на рéт* [V,PM,123];се случува зборот **р'ént** да се скрати во **рен**: ~ *и заеднош си собераха и влезоха в царскио двор, и пак излезоха сите на рен, на рен* [V,PM,158]; ~ *ки одат по сичките каштu да акалесат, вел'ајке: "добро вечер, добрја ви најдохли, да сти акалесани откаде Димитриа кумови и откаде Георгиа сфатови!" Кату за доакалесат селото, за си вᾱрнат ... Така влеват у долиа, седнуват на рен, му клават трапеза* [V,PM,247] – во случајот со називот **селото**, се именува множинската форма 'селаните' ; ~ *кá ки рéчиш: На тóа врéми, ки устáвиш дéвит рéди, ки зафáтиш: Бéши идéн човéк на Јерусалúм, дýри на: Шо гу чéкат на Јерусалúм сᾱ́ти за имдáт; дýри тýка, па шéсти и рéди ду крáј нé и чéтиш* [MV,K,-314] – во контекстот има проширена употреба на множинската наставка -**и** кај еднослоѓните именки од м. род: **дéвит рéди** (на наредната страница среќаваме: **си пазарисá ва дéнут пу двé грóши**); овој тип на употреба на наставката -**и** заедно со случаите што ги сретнавме: кога и именки од ср. род множина прават исто со -**и** (**јагни-ти** м. 'јагниња-та') напомнува дека односнава наставка се генерализира; 2. 'поставеност' ~ *цáр'у сᾱ пустагóса, ш'тó-ј тас рáбута и му кázува т'á, как бúш'и д'ᾱ́т'ᾳ, пуртукáла прудáваш'и, такá гу стóри на тóс р'ént гу стóри з'ént'* [MS,t,30]; 3. 'нешто што се случува во континуитет' ~ *Бела Јана ф-цркви леже; [ја цал'уват род руднина; [род руднина и кулшији; [ја цал'уват, се прустуват; [ред си чеке млади Стујан; [ред си чеке да-а цал'уве* [ТГ,202]; – во синтагмата ***сус ред месат***, односно во текстот што следува, се назира распаѓањето на патријархалниот, заеднички живот во минатото (во Гевгелиско):– "кога ќе се рече: *"Сус ред месат и сус ред вичера прават"*, значи дека односната заедница (семејна) нема иднина и дека ќе се распадне" ; освен тоа, од оваа оценка, што ја дава Таневиќ, лесно се заклучува колку тогашните фамилијарни односи (од почетокот на минатиот век) не наликуваат на денешните [ТГ,270]; ~ *извᾱршúле* (го житото), *кᾱ́д нáс пукнá тóпо, рéдо-ј нᾳ-вáска сјá* [ПК,2(Гᾱр),188]; ~ *еден гувидар бил ќуптен будала. Него гу раниле селски, вадан ки му давиш ти леб и вичера, утре*

другјут, демек сус ред. Една застра нешто са нал'утуве и леб не зимуве [ТГ,372]; 4. 'постапка' ~ *во џаде удејќи се на југ и зајди-слăнца пулинува прико р. Караазмак, не дип далеко ут неговото испагјајне ут "блатто". И на мостут на Кара-азмак и има тија редишта шо се на Вардарцкјут мос (тука има мос и за пулинувајнто преко не плајкјат сăл пишаците);* 5. 'менструација' – сп.: кога жената ќе го изгуби својот *ред,* односно *време,* таа заклучува, нормално, дека останала *трудна,* или *туварена,* или *тешка* [ТГ,103]; ~ *намо́ли́та а бо́ле ме́ут, зе́р ќ-ид-до́о ре́до* [ПК2(Гăр),97]; 6. изр.: **са-дука ра́ло ре́т** (= се случило, дошол погоден момент) ~ *утка пулина́ле два́јсе гуди́ни, са дукаро́ало ре́т то́: тăргова́цо да-до́: па́ уф-то́: се́ло. Ве́чарта си-но́јќе акра́но, уф-кава не́то пусаде́ле и удде́ле на-о́рто* [ВД,278]; со блиско значење: **кă ќи-до́е ре́т** (= кога ќе се случат погодности) ~ *сеа ја́с ќи-си-о́дăм, спула́ј-ти но́гу дă-сă-на́јме па́к ка́у прија́тели, кă ќи-до́е ре́т, па́к зăсу-те́бе дă-и́мме прија́тел'сву* [ВВ-(Крон),313]; ~ *пу не́кој саа́т дујде́ ре́т, ки си замо́ни у-та па́т еде́н по́п пија́н; ка гу виде́ замна́* [MV-,К,277]; ~ *му вели: "ади, зетју, немој имаш гајле... сос твојта прокопиа за три или четри години си добил сос кила алтăни. Пак ке да дојди еден рет да добиеш. Нека е здрави!"* [V,PM,50]; **до́јди ринд6́(т)** (= нешто што доаѓа последователно) ~ *до́јди ринд6́ на мелез'и́му: "ти́ мелези́м афе́нди, ш'то́ бра́каш' ут то́с ч'ув'а́к?"* [MS,t,57]; ~ *има́ло дву́јца бра́те и една́ ма́јка. Гă-гледа́ле нă-ре́т ма́јка-му. До́бро а́ма, то: по́мале́чкио ма́лко чăпăршăк би́ло, без акăл. Ка́ дујде́ло ре́до нă-не́го, зă-гла́вата д-ин-изми́:, гă-пупăри́л* [ПД,(Ник),161]; ~ *му до́јди ринд6́т на хи́тра Пе́три да по́ј зă дрăва́ у гура́та* [MS,t,75]; ~ *иди́н ара́пин, ка́та д'е́н' ут нузи́ с'е́лу јад'ăш'и пу-јна́ п'е́ш' л'а́п, пу-јна́ мо́ма; с'ă в'е́јки до́јди ринд6́ и на бо́лин Дујич'и́н с'е́стра-му* [MS,t51];~ *н-а́дна че́шма, адна мо́ма се́де и пла́че. "Шо́ тăка́ мăр мо́ме?" – "Е шо́, ре́кла, ту́к нă та́а че́шма ла́мăта се́кој де́н п-а́дна мо́ма ја́де. Ре́до-ј ва́адин нă-ме́не* [ПК2(Мор),229]; **да ста́нува сăс р'е́нт** [MS,s,97]: ~ *жената му му ве́ли "ја́зика ри́ба са́кам, та каква́ да е́, да ми га дока́раш на ме́ника, да чи́нам една́ чо́рба!" И то́јнака три де́на со́с ре́т и лови́л: не можа́ дру́га ри́ба да фа́ти, сè о́нај чу́дната ри́ба са фа́тиши на ире́жите* [V,PM-,143]; ~ *та́а гу-ви́ва шу зăспу́ва, вле́га па́, излие́тфа, му нăпра́ва јăде́јне, избегва. – "Шо́ сто́ри?" – "Е, ни́што, му-ве́ле. Че́ка, че́ка, ни́кој не́ма". Дру́гјут му ве́ле: "Не́ли су-ре́т? Се́а ја́ска", стре́днјут. – "Е, ти́"* [ДК(Лип)117]; ~ *от тога că уплашили гражданăто и отрăдили закон, că рăд катă годинă да хи фăрлăт по ăднă момă. Тăј като с рăд фăрлăли, дошло рăда и момăтă на ăднă ăвдовицă* [V,PM,288] – во контекстов малата носовка се рефлектирала во ă: *că рăд, дошло рăда;* **земах редо** (= пристапив, влегов каде што треба) ~ *фати царјут да гу пита на дјадоту: "зашто, дјадо толку забави на воденицата?" – "Ах, синку, на воденицата јазика л'у отидох, земах редо, фăрлих житуту, гу ме-*

лих, ама на пътјут сам са исмалих. Не саках да обикол'ам... кинисах прав път" [MS,t,12] – во случајот имаме уште една особеност позајмена од балканските јазици: беспредлошко изразување на додатокот за место: *кинисах прав път* (место 'по прав пат'); **сите рет на рет** (= кога нешто станува едно по друго, редум) ~ *и пак го спрати дур вунка. Така на сите траговци, да речеми, чинише политика. И они кату отидоха сите рет на рет, на чилиби Теодорак го чистин'асаха* [V,PM,164]; **не остана рент** (= кога некој се правда дека немал време, односно не успеал да заврши некоја работа) ~ *и он стана отталу, си отиде приз друг пънт по-ближно; на мајка му и не остана рент да пита за поранките на слъ́цето, ча беши близу пу Ѓорѓувден* [V,PM,199]; **съ́-турѝ ре́т** (= престанаа безволијата на поединци) ~ *дру́го адно́ се́ло, съ́вѝкше Кулку́тино, се́ гу-истрибѝа, ду-у́ше, ду-чувѐк. Кулѝтто та́а рабо́та. По́сле загина́ тва́ те́пане, тва́ пл'а́чкине, съ́-турѝ ре́т* [ПК,2-(Мор),218]; **от-ва́с зма́х тъ́ко́ф ре́т** (= почнав да се однесувам по ваш рецепт) ~ *съ́дѝа́тъ́ му-вѝка́: "Шо́, вѝка́, въ́рѝл си чнѝца́, пъ́-о́јдѐл-си да́-гъ́-с'а́јш". – "Ели, шо́ да́-пра́м, а́с, вѝка от-ва́с зма́х тъ́ко́ф ре́т. Вѝи от-въ́ре́ни ја́јца́, те́рати пилѝна"* [ЛС(К),123]; **ка́ко шу-е ре́т** (= како што треба) ~ *и идну-де́н до́шъ́л вла́дѝка́та, съ́-субра́ло се́луто и съ́ти за́јно су-А сън ти́шле у-цъ́ркфа и и-нъ́пръ́вѝле съ́ти ъ́де́ти ка́ко шу-е-ре́т и чо́ику уд Асън гу-прикръ́сти́ле у-Јо́вън* [ДК(Деб)153]; **зна́а уд-ре́д** (= се однесува согласно со нормите) ~ *а́дно уфче́рашно де́те па́ зна́а уд-ре́д* [ПК2(Крец),123]; со обратно значење: **нема арън рет** ~ *и Гъ́рцте им тури́ли е́јн кут-чувър, ди-ј-чу́ве, ди-ј-бра́не. Ама то́о бил не́што ръ́звра́тин чувѐк. Пучна́л пу-же́нте дијгро́не та́м, дијзъ́ка́чуве. Душе́л ф-Стру́мица то чувѐк ка́жа́л: ра́бо́тта не́ а́рна. Не́ла а́рън ре́т и ни́а ки-до́јме* [ПК,2-(Мор),221]; ~ *и́ч си-не́лат сло́га. Уф-ка́штта ка́ не́ла на́редба, ре́т* [ПК,2(Гъ́р),169].

ре́нќ m 'боја, нијанса' ~ *ут како́ф ре́нќ е тво́јут кума́ш?* [СК,334].

репла f 'прашинки што се фаќаат на главата – првут' ~ *б'а́ли ко́ри о́т ко́сме, о́т гла́ва штом ти па́дну́ва́т, тугај и́ма́ш ре́пла* [ДЧ,140].

ре́пне pf 'удри' ~ *съ́-репна́а* (= се судрија) [ПД,(Фур),116].

ре́са f 1. 'вид цвеќе' – освен **ре́са**, во Гевгелиско, во бавчите се одгледуваат следниве цвеќиња: **трандафил, црно око, стратур, бусил'ук, невин, каранфил', шебој, пулинско, малока, слънцуглед, замбул', къ́з назли, цафаќ** и др. [ТГ304]; 2. 'цвет, грозд од лоза' ~ *луз'е́ту и́ма ре́са* [MS,s,97]; 3. 'конци од основата што останале невткаени се викаат **реси'**, тие се користат за шиење, но само за женска облека, за машки не чини бидејќи се верува дека во таков случај машкото ќе биде последен меѓу своите врсници и секогаш ќе биде *су сечени жили* (нема да има храброст за ништо – празноверие) [ТГ,364]; 4. исто така **реси** се викаат 'конци од основата, долги од 5–7 см., со кои завршува нешто таено, пр. ќилим, черга и др., служат како украс' ~ *ус-трупузамандал нивестте и-покриват куфчејсте. Трупузамандало има ут три́те стра́ни ре́си, он е́ј тка́јн* [ПК,2(Гъ́р),114]; сп. уште: 'на

крајот на појасот има конци што не се вткаени – *реси*' (во старата облека од гевгелискиот крај спаѓа и **појасот**, долг 10 до 15 аршини – стара мерка за должина, широк 30–35 см.) [ТГ,134].

Péca 'ж. лич. име запишано во Кукушко' ~ *áдин ри́бник шо и́лише уф-Péca, нáпăд-си-ј дéцта, тă-јáди* [ПК,2(Гăр)185].

ре́си* impf 'кога растение пушта цвет во вид на реса' (во случајот станува збор за растението 'рж) ~ *кога́ за-те́би, Ма́гдо, дојдахми, [приз-дéват го́ри, Ма́гдо, зиле́ни; [прис-о́сам јо́ди, Ма́гдо студе́ни; [ви́шни чур'а́ши, Ма́гдо, цăфтја, [зиле́ни ра́жи, Ма́гдо, рис'а́ја* [ЛС-(К),134].

ресим m 'дел што му следува според законот (обичајот)' ~ *тогас, кату зела кадиата толко ресим от алтуните, и рекла на умовитните да седнат, една гозба да му стори, да а гости. И те седнаха гости на кадиата* [V,PM,182]; ~ *"татко ти... ми остави тука сос едно иѓупче хизмикарче, та јазе сос него са збраках. Так, ти си асил сеан от иѓуптин". Тогас кадиата фати... даде на трите л'уди ресимот нашат, и други дарови* [V,PM,183].

ре́спа f 'примитивен струг за мазнење даски'; сп. **струк** и **рука́н'** [MS,s,97].

ре́ста* f 'тоа што останало, остаток' ~ *афиндико́ту му да́ва ре́стат'а на д'ăт'анту да ха дад'е́ на заби́тинут* [MS,t,82].

ретардо n 'доцнење' [СК,334].

ре́тко adv 'она што не се среќава често' ~ *е́ла, е́ла, мо́ме Катири́но, [ко́јна ќи-прудáдум, те́бе ќи-тă-зе́лум. [Ни́м си прудáви лу́до твојта бăрза ко́јна, [куту твојта ко́јна ре́тко сă-нăо́жде, [куту ме́не мо́ма са́ма ќи-ти-до́јде* [ПК,2(Гăр)328]; ~ *виде́ ли не́каа а́рна мо́ма, у́бува, вре́дна, мăрфитли́ка, зна́ј ќи-зе́ме вира́н чуве́к. Арин сус а́рин ре́тко сă-зи́мат* [ПК,2(Гăр)152] – оние што се во брачна врска ретко кога си одговараат.

ре́тчи* impf 'прави нешто да не биде густо, т.е. да биде ретко' ~ *ка́ ќи-до́јди, па́ ќи-гу-фăрлиш ѓу́брито – стл'ката, па́ ќи-ми-а-изва́диш, па́ пуно́во ќи-а-разре́тчиш. Тăка́ ќи-си-пра́јш, да-ре́чме, чти́ри пăти ќи-а-ре́тчиш* [ВМег(Стр),317].

реч* (чл.: **речта́**) f 1. 'збор, искажана мисла' ~ *Тогас момчету разбива еден керпич от прет них и му вели: "глендати, што имат моите керпичи нетри, но пак не ги ж'ал'а, за ги метна по речта коробарска нетре у морету"* [V,PM,191]; и: **рјач*** ~ *вкарајте ма при Бојана; [при Бојана в далбок зимник; [имам дума да хи думам; [да хи каза два рјачове. [Вкарали го при Бојана, [при Бојана в далбок зимник; [како го видела Бојана; [зела ниско да се клана* [Б(С,ДХ)57]; 2. изр.: **б'а́хме сас ре́ч** (= бевме се договориле) ~ *та́м ги-најдéх же́ната Анастасија, сас два́та си́на, со́јо на-ју́јкото Ди́на и со́јо ут та́тко. Са-зачу́дих. Б'а́хме сас-ре́ч та́тко и со́јо на ју́јко Ди́на да оста́нат на имо́то уф-сло́то* [ДЧ,167] – во текстот прави впечаток изразувањето на посвојност со предлогот **од**: *и со́јо ут та́тко* (м. 'на татко'), што претставува специфичност за западното и за јужното наречје; **оште речта не дорече** (= многу бргу, веднаш) ~ *едни кирацие проминаха приз талу и вел'аха: "ама чиница олан таја нива!" И тој кату чу, рече*

да са похвали и му вели: "моја е таја чиница!" И ошти речта не доречи, падна вогин от небету и са запали чиницата [V,PM,86]; ~ *тоги што си веле Стујанува мајка: ["Земи си Стујане, зилен бардак вода; [да не ти пусаке младата нивеста". [Још̀те она риче и реч не дуриче; [и тога си веле Стујанува л'уба: ["Дај ми, Стујан, дај ми зелен бардак вода"* [ТГ,99] – во контекстот среќаваме употреба на номинативната форма во функција на вокатив: **си веле Стујанува л'уба: "Дај ми, Стујан, дај ми зелен бардак вода"** ; ~ *му ве́ли: "Сега́ ке да́ излѐзи стра́шна ла́мја да ли изјáди". Тогáс тójнака га ве́ли: "ку́ни си, дивójко, нелój плáчиш, нелój ти е стрáх!" И óшти речтá не доре́чи, е́ту и ла́мјата дофáдиши, кату арсла́н ривјáши* [V,PM,135]; ~ *му вели: "јазе сичките кони ки ги залинал; тогас ки сакат да ми купат от тебе, и ти да ми продадеш, сал капистрата наѕат да ја зелиш, да ја не дадеш на човекот, што ки ли купи". – И тој ошти речта не доречи, кон са чини хубав, хранент* [V,PM,217] – во текстот се забележува дијалектна посебност во линеаризацијата: глаголот и кратката зам. форма се одделени со негацијата: **да ја не дадеш** (место 'да не ја дадеш'); ~ *рукна Петкана да пое, [Стојан хи вили гоори: [– Петкано л'убе хубао! [Што ти срце развесели [та грукна л'убе да поеш, [лепа песна речовита, [оште л'убе гласовита* [Б(С,ДХ),14]; **от реч на реч** (= од еден до друг се пренесе мислата) ~ *така кату са вревиши таја болка, от реч на реч отиде, са причу дур на царјут. И кату чу царјут, и тој са чудиши сос таја болка* [V,PM,194]; **реч да не повриш** (= да се согласиш со она што се бара) – кога кумот ја дарува невестата *пусестримите* пеат: ~ *ти дадеја, моме, дујна ем наранџа... [ми те канат, моме, дур на чужда кука; [кајил да са чиниш реч да не повриш!* [ТГ,176].

р'е́ч'ину adj 1. 'договорено' ~ *му вили́: "ја́ сă устáв'ах гудини́цата на с'е́луту и имáх р'е́ч'ину да м'а ч'áка"* [MS,t,19] – уште една потврда за присуството на конструкцијата: **има (нема) + гл. придавка** во југоисточните македонски говори; 2. 'предодредено, судбинско' ~ *мăжут ѝ тога си-наумил што и направил тој, кога она била малка и заверувал вече оти от "реченото" или "писаното" не може да се отбегне* [ШГ,V(402)].

речица f, dem. од **река** ~ *горка горкицă, под врба седи; [седи и плаче за прво либе; [нејните сăлзи бистра речица; [нејните гласе безброј речове* [БД,152].

речовит* adj 'нешто (во случајот песна) што соопштува нешто важно' ~ *рукна Петкана да пое, [Стојан хи били гоори: [– Петкано л'убе хубао! [Што ти срце развесели [та грукна л'убе да поеш, [лепа песна речовита, [оште л'убе гласовита* [Б(СДХ),14]; ~ *кинисале пу бели друмови; [гу навали Марку тешка дрелка; [– Ој ти мори млада Марковице; [ме навали многу тешка дрелка; [ја запеј ми идна лепа песна; [мауце речувита многу гласовита; [дур од гора листе да пупаѓат* [БМ,46] – во контекстот е присутен лексичкиот архаизам **леп** 'убав'; освен во југоисточниот, од каде што е примерот, односната лексема ја имаме сретнато и во југозападниот дел, конкретно во Костурско.

реш f, bot. 'вид мочурливо растение'

~ вија листијна окулу реката ки бидăт по ниски ут друјзте на околу, и сă пăлни су урман, најногу: дива трăскă, рогус, сас, шиварика, блатцки гингир, реш и ногу друзи турлиј треви [МЕв(Р),76].

ре́ше (сă) impf 'се чешла' *~ нă-ме́н гắзо ми-пу́ке уд-рăбо́та, о́на ми-кăжу́ве нă-го́сте д-о́јме – се́ло сă-пле́не ба́ба сă-ре́ше, тăка́ и́де тво́јта рăбо́та* [ПК,2(Гăр),192].

Решета́р top. 'планинско место на кое има остатоци од стари рудници', на североисток од Сенгелово, Валовишко. Ј. Иванов називот го поврзува со перењето на рудата (златна) со **решето** + наставката **-ар** [ЛИ,М...,183].

реше́то n 'домашна направа, нешто како голем, длабок сад со дупки на дното, служи за отсевање на жито' *~ зева́л да ви́ка "Уто́ри, дво́јко, ќе-ти-ја́да, ќе-ти-пу́л'а". Уна́ каза́ла: "Ути́вај и дука́рај еди́н ко́н' ". Он га-дука́ра ко́н'у и зева́л па́к да ви́ка. Маче́нцето и куче́нцето ѝ ка́заха: "Ка́жи да-ти дука́ра во́да сăс реше́то ус Сру́ма"* [ВСер(Кал),336] – во контекстот среќаваме нерегуларна употреба на предлогот **ус** наместо 'од': **да-ти-дука́ра во́да сăс реше́то ус Сру́ма** (м. 'уд Срума' – за односниве нерегуларности кај предлозите в. во граматичкиот дел); во употреба е и редуцираната форма **ришето**: *~ тогас Половингăзју вели: така не е научен тојнака да спие, л'у научен е да му носат вода от далечна чешма сос ришето, та да пие и така да спие"* [V,PM,104]; *~ утиваш'и за ги нава́ди главн'а́т'а, з'е́ваш'и во́да у риш'е́туту, и́диш'и на по́лувинију па́нт'* [MS,t,44]; *~ ба́бăта ве́ле: "Зă-во́да ќ-о́м, по́бли́зу е че́шмăта. Ти о́ди нă-пла́ни́нта, зе́вăј дăрва!" Оде де́уто зă-дăрва, ба́бăта о́де зă-во́да. Гу-зе́ва ришето. Ришето дăрже во́да? Дупки сè ре́т* [ДК-(Лип),116].

ре́ши* pf 1. 'одлучи да стори нешто'

~ ришили мăга́рто и ко́чо дă-о́дăт нă–пла́ни́нта. Турили дисајките нă-мăга́рто и тăргнали. Ги-виде́л ку́что: "У-уу, е-е-ј, прија́тăле де́к о́јте?"–"А-бе, о́јме нă-пла́ни́нта." – "Е, шо́ ќи-пра́вте та́ли бе́?" – "Шо́ ќи-пра́јме, ќи-пи́јме студе́на во́да" [ПК,2(Ним),275]; *~ ти́а сјаа че́ка т: адна́ гуди́на не́лго, две́ гуди́ни не́ли-го. На-тре́тта гуди́на ричели: "Ќ-о́јме, ко-те́риле, па́рте ни-ј-зимá, нă-ј-излăжа́". Ришили: де́к ќи-că-ви́де пра́во дă–с-уби́е, не́ли мăрдăне... ~ Ти́а, кă-că-нăспа́ја, că-ръзбу́дувăт, са́кăт дă-că-сфа́л'ăт се́га. Пу́л'ăт – скала не́ла. Ви́кăт пăндăрут дă-му-că ја́ве, дă-му-ă-да́де скалта, ни́кој не́ла. И ришиа се́а дă-ско́кнăт утта́му* [ВКај(Ран),322] – во контекстот има две посебности: прво остатоци од ринезам **пăндăрут** (м. 'пăдăрут') и второ проширена употреба на кратката заменска форма за м. род, едн. **му**, место множинската **им**: **ви́кăт пăндăрут дă-му-că-ја́ве;** ваквата употреба на **му** се шири од егејските говори на север и преку Битолско и Прилепско достига до Велешко. Оваа нерегуларност беше позната и до сега, но се третираше индивидуално, како посебност со поограничен ареал и тоа само на заменката **му** – нашите истражувања покажаа дека појавата има пошироки размери што ги зафаќа и другите зам. форми, во смисла на мешање на формите за прав и за неправ предмет, на кратките и долгите форми, исто така констатиравме како номинати-

вот навлегува во сферата на акузативот, односно на дативот (за ова в. во граматичкиот дел); 2. – **(сă)** ~ *еди́н по́п уд-Влăда́та, та́м купи́л не́каа ко́личка, уд-Бугáрја, а́ма во́та гă-смута́ла ко́личката, гă-уткăра́ла нă-ќо́ше, та́м по́-ти́ха во́та, та́м сто́. "Кój ќ-утпре́гне, ви́ке, то́о ко́јно, ќи-му-да́м то́лко па́ри". Мо́от та́тко и а́јн дру́к чувéк că-ришúа д-о-утпре́гнат ко́јно* [ПК,2(Мор),220] – во текстот имаме членување на географското име **Влăда́** – **Влăда́та** (име на село во Дојранско, сега во Грција) ; ~ *ка́ тăка́, ка́ că-ришúте дă до́јте?* – така реагира домаќинот кон гости што долго време ги немало да дојдат [ПК,2(Гăр),160]; ~ *зăпре́ вујна́та. Кăт ти́а гуле́мите дăржа́ви се́гичка шо́ да́ват кулúанда, тăка́ запре́ војна́та. И кажáа по́сле: "Кój са́ке дă-с-јо́де, слубо́дно-ј, дă-с-јо́де до́ма, ро́днуто ме́сто". И ни́ă стујáме петна́јс де́на, па́ нă-мо́ж că-ре́шме, с-јо́дме* [ПК,2(Мор),219] – повторно во текстот ја среќаваме дијалектната посебност: употреба на перфективни глаголи во презент, на која укажавме поодамна: **нă-мо́ж că ре́шме**; 3. 'одгонетне' ~ *а-вто́рио сắн', го-сắн'и, ви́ка, на-су́во м'а́сто се́дам кла́са изл'а́гали, а́ла кру́пни кла́сови от-пчни́ца, а-до-ни́ф изл'а́гали ису́шни кла́сови, ги-потúснали на-ти́а... и-не-завăрзали л'а́п. И ви́ка не́говити сове́тници. "Сắн'о дă-ми-гу-ре́шити"* [ЛС(К),112].

решка f 1. 'црта, длабнатина' – сп. на **рабушот** (парче дрво) со **решки** се бележат потребни податоци, пр. за бројот на овци од повеќе сопственици и др. [ТГ,379]; 2. изр.: **прăки ре́шкăта** (= нешто пресилно, преголемо) ~ *но́го дибе́л, гуле́м, прăки ре́шкăта* [ПК,2(Гăр),39].

ри́ба f, zool. 1.'животно што живее во вода и дише на шкрги' ~ *сјала мюла дун'а и калина; [сјала ги е покрај езерото; [научи се риба златнокрила; [да ги коси, гиди, да ги пасе* [Б(С,ДХ),20]; ~ *дујде́ле су кајúкот (не би́ле дале́ко ут су́хуту, туку́ ду́ри две́ста аршúни). Ка испадна́ле на су́хуту, а гле́дат о́гин запале́на, и ри́ба шо că пе́чиши, и ле́п. Ве́ли на них Ис...: Дунсе́јти ут ри́бити шо фати́хти* [MV,K,338] – имаме уште еден случај за несоодветна конгруенција: именката од машки оди со придавката од ж. род: **о́гин запале́на**; од лексички аспект прави впечаток именувањето на 'брегот' со '**суху**'; ~ *ре́кал на ни́х: Имати тука ни́што за јаде́ни? Па о́ни му а даде́ле на не́гу ри́ба пиче́но идно́ па́рча, и ут во́сук пче́ла ме́т* [MV,K,260] – во контекстот имаме неколку посебности, првата е во врска со линеаризацијата: атрибутот е поставен зад именката **ри́ба пиче́но**, што се третира за балканизам, од истиот пример (**ри́ба пиче́но**) се покажува дека категоријата род не функционира: именката е од ж., а придавката од ср. род, трето употреба на формата **ништо**, наместо 'нешто': **имати ни́што за јаде́ни**? и четврто: лепење на именките една покрај друга, без придавско образување: **ут во́сук пче́ла ме́т** (наместо 'пчелин мед'), што носи знак за влијание од турскиот јазик; 2. изр.: **си-уста́на́ ку́ту ри́ипта на-писо́ко** (= кога некој ќе се најде во тешка ситуација, особено материјална) [ПК,2(Гăр),194]; ~ *и ки-м кáжиш: уд-у́тре нă-тăка́ бăркáјте си кăсме́т, нă-мю́жум јáс дă-вă-гле́дум, ету гле́те, кути ри́бăта нă-пăсо́кта устăна́х* [ПД,-144]; **ри́ипта уф-мо́рто, о́н та́фта**

а-турýве нѝ-óгино ~ *нéкаа рăбóта тéшко а-бúве, а óн вúке гутóво-ј; сă-фал'óте* [ПК,2(Гăр),190].

рибáр m – в. **рибáрин** ~ *а видé двé брáтка, на Силиóн шо гу вéлеа Пéтро, и на Андрéа на брáт му, шо фарлúја грúпот уф лúрито; óти бéа рибáри* [MV,K,263]; ~ *и тóо пýсто лáче сă-фăрлúл врăзадна рúба. Рúапта фájке, пăрстăно о испýште. Уддé. А, ут-тáлı излéват, пăрстăно о-нéлıа. "Оди дóл, вúке дéтто, úлıа, лóват рúби, рибáре фăркат рúби; бéлки нéкаа рúба ки-т-фăрл'ат"* [ПК,2(Ним)-265]; ~ *пóсле ут-тáлı ки-пулúниш úлıше лéсто* ***Дишл'áнува Кулúба, ду-Арцински Гóл'****, тáлı рибáрто дéк лóваа, грúп úлıше тáлı. Имше и* ***Брăбóрка*** *лу-вúкихле édно лéсто, élıи úлıше една рéка, вúришта* [ПК,2(Коц),350]; ~ *úлıше адна дувúца сус-аднó лăшко дéте. Тáа гу-учú зéнеет. Нúшто зéнеет нефáти – салıо рибáр* [ВД,276].

рибáрин m 1. 'тој што лови риби', почесто: **балакш'éја** ~ *еднó врјáлıе úлıаши едúн рибáрин, жената му и бúла безчéдна та и бúла лóшни бóлна. Му вéлиши нá лăжó и: "úди лăжо, да ли докáраш нéкоја рúба, да чúнал една чóрба да јáл!"* [V,PM,143]; ~ *жената му, кýчката и кубúлата фрéт останáли трýдни от рúбата. Рибáринот пóсле трú дéна умрјá, и гу зарúха áф бахчáта на гробот, штó и чинúл сáл* [V,PM,144]; 2. 'тој што продава риби' ~ *кату излезé рáно от кăштата му, да úди на чаршúата да рабóти, тихúса, пролинá приз пазарúштето тáлıо, дéка се продáваха рúби. На един рибáрин úлıаши една гол'áлıа рúба крáпова* [V,PM,17] – впечаток прави линеаризацијата, имено зад двата атрибута стои именката: **една́ гол'а́ма ри́ба** – ова се третира за позајмен образец од балканските јазици; за проширената употреба на наставката **-ин (риба́рин)**; в. и: **лува́ч'ин** [MS,s,98]; уште: **голин 'гол'**.

ри́бин* adj 'нешто од риба' ~ *тúасă рúбини пáрички, шо сă-пукрúјни рúјпте уд-гóре, ус-пáрички. Нéкуј сéла пá ин вúкат стăргáчки* [ПК,-2(Драг),83].

ри́бичка* f, dem. – в. **риба** ~ *Ис... рéкал на нúх: нéлıат гајлé да си хóдат нúгден; давájти на нúх да јáдат. Па óни му вél'ат на нéго: Нéлıами тýка, сáл пéт лебóви и двéчки рúбички* [MV,K,266]; ~ *купú-му мájка-му трú .вăдички. Тó отúде нă-рéкăта рúба дă-лóве. Фáти-си аднá рúбичка* [ВК,280]; ~ *рúбичка фатúх, скăпо га прудадéх. Брáшно купúх, лáлıо, сóл' купúх и устáнăлите пáри ги дунсéх. – Утре зáстра, ка-ки-óдиш, áко излóвиш другá рúбичка, пóскăпо дă-га-прудáдиш* [ВК,280] – во контекстот имаме случај на архаична уотреба на л–формата како придавка: **устáнăлите пáри** (м. 'останатите'...).

рибник m 'јадење од печена риба и кромид' – заглавниот збор (рибник) го запишавме во описот на јадењата што се спремаат кога се чекаат гости, тогаш на трпезата се поставуваат следниве јадења: *кисала чорба*, па едно од триве јадења: *сарлıа сус кисала каша*, или *кýфте сус каша, или дулıа* (млади тиквици полни со ориз и мелено месо), потоа: *рибник*, па *пичено месо, пил'аф* (варен ориз без шеќер), *сутлијач* (варен ориз со шеќер), или нешто сукано, како: *баница, сусалıница, сарлија* (вид баклава) [ТГ,21].

рибник–јангулник m 'јадење од риба јангула', в. **рибник** ~ *кинисал Марко да шете, да шете село да гледа; [пу него Струма нивеста. Еј, што му веле, гуворе: "Врни се, Марко, ступано, врни се малце пучеки! [јас правих рибник јангулник, сус кого јас ки гу ручал?"* [ТГ,-53]; ~ *она си е дошла од нова пазара; [и се пудсукала вичера да праве; [вичера да праве рибник ми јангулник; [они вичерале и сакат да си легнат* [ТГ,99].

ри́бник-кра́шник m 'јадење од сукано тесто – зелник, во средето риба' ~ *сă-пра́ве ус-ко́ри шо́-ј су́кат же́нте. Адна ко́ра сă-кла́ве уддо́л нă-типци́ита, а дру́јсте ко́ри сă-ви́ит кра́шник пу-кра́јта нă-типци́ита. Нă-стре́ди сă-кла́ве у́буво испа́ржăн крули́т ус со́л, пипе́р и ма́гдăно́с, а вра́с не́го сă-ре́да́т ри́ипте и сăкла́ве да сă-пе́че. То́-ј у́буву ја́дне* [ПК,2(Грам),97]; ~ *а́ј до-ја́дле то́о ри́бнико, зе́р за́бица чини́х;* сп.: *за́бица-ј бо́лис шо а пра́ват ко́јнто (уф-у́стта)* [ПК,2(Гăр),165].

ри́бник-гулуфа́рник m – в. **ри́бник-кра́шник** ~ *мо́же и ри́бник бис кра́шник, сă-ви́ке* ***ри́бник гулуфа́рник*** [ПК,2(Грам),237], или: **ри́бник го́л** ~ *сă-пра́ве и́сто кут-дру́го, са́мо бис кра́шник* [ПК,2(Грам),97].

рибро́* n 'тесна, долгнавеста коска меѓу градната коска и 'рбетот '; освен со акцент на крајниот отворен слог, има случаи со акцент на коренот: **ре́бру** [MS,s,97]; ~ *Го́спо ка́ нăриди́л не́ко: вре́ме си́чко, нăпрăви́л чуве́к. Пу-чуве́ко нăпрăвил, без о́н дă-ви́де, уд-не́гăвите ре́бра иска́руве и нăпра́ве ѧднă-же́на. Сăба́јлин ка́ стану́ве то: ла́ѫжо гле́де и ắднă-же́на ду-не́го. Му-ви́ке Го́спо: "Ти, ви́ке, слу́ши, јас ви́ке ти најде́х друга́р, ви́ке, дă-живе́јте"* [ПК,2(Шек),280]; ~ *или́ м на Ис... ка дуј де́ле, не́ му скаршиле но́зити, ка́ гу виде́ле ско́ро умре́н, туку́ иде́н ут ју́збаши́а му удупи́ су муздра́к на ре́брити* [MV,K,252]; ~ *аку́ не а ви́дам уф рӑ́ците ду́пките ут карфи́ите... и рӑ́ката да кла́дам уф ре́брите, каби́л да веру́вали* [MV,K,252]; ~ *ве́ли на Толма́: До́ниси ва́ка прӑ́стот, е́м ви́ди ми и рӑ́цити, да до́ниси рӑ́ката, да кла́ди си на ре́брити; да ни́м сă чи́ни низве́рнин, тук(у) верува́н* [MV,K,337] – во контекстите срекаваме и две граматички посебности: проширена употреба на предлогот 'уф' наместо 'на': **уф рӑ́ците ду́пките; да кла́дам уф ре́брите** (место: 'на рӑците', 'на ребрите'); втората нерегуларност се забележува во множинската форма **ребрите** во која именка од ср. род се јавува со множинска наставка **–и**, која како да станува универзална, можно дека се работи за образец позајмен од турскиот јазик во кој исто така постои една општа наставка за множина: –lar, (–ler); 2. 'тесни дрвени ленти, наредени во форма на ребра' ~ *душули́ето и́ли р'е́бра;* 3. изр.: **ќи-т гу на̄ме́стум то́о ре́бро шо-т-игра́а** (= ќе те изнатепам) [ПК,2(Гăр),-158]; ~ **му-сă-бро́от ре́бра̄та** (= толку е слаб што дури му се познаваат ребрата, т.е. можат да се избројат) [ПК,2-(Гăр),178].

ривé (и: **ревé**) impf 1. 'кога животно, (пр. мечка, магаре) испушта глас' ~ *и се качили секој на по адно дрво, та от тамка да фрл'ат сус пушките, да га утепат. Мечката кату подушила оти л'уди дошле, земала да реве колку шчо можела и се пушчила врз нихка да ги изеде*

[ШК,V(433)]; ~ *Македонци се кумити, наперили калпаците; [засукале мустаците, навивали навивките, засукале сиџимите... [куче лае сред село, мăгарина ревали* [Б(С,ДХ),81]; ~ *јоткаќ си ми дошла; [гиди габрофцка нивјасто; [гиди стамболцка керацо; [дома дошла, фнетре фл'ала; [кучета ми грозно лајат; [говеда ми грозно ревăт; [л'у си ми болна, та болна* [БД,93]; ~ *му вéли: "штó да нé плáча, јунáче? Сегá ке дá излéзи стрáшна лáмја да ли изјáди". Тогáс тójнаќа га вéли: "кýни си, дивójко, немój плáчиш, немój ти е стрáх, дúлма јáзе тýка си нájдох!" И óшти речтá не дорéчи, éту и лáмјата дофúдиши, кату арслáн ривјáши* [V,PM,135]; ~ *тамо, дека чуваши, едвали дојде една страшна ламја, ревјаши ешти от далеку; царјувут син, как ја виде, млого си оплаши, та згасна светилуту и са скри осат корен'ут* [V,PM,219]; в. **рувé** [MS,s,98]; 2. 'кога некој плаче на сиот глас' ~ *шó рéвиш тóлко, сă-слýше чáк нă-пăто* [ПК,2(Мор),97]; ~ *ббéкọ рéви* [ДЧ,140].

ригáвица f 'кога човек плука стомачна киселина се вели дека има **ригавица**' [ЛС(К),94].

ригано n, bot. 'вид растение, запишано во Воденско' (Грците го стават во јадењето) [BV, 139].

рúдạ f 'крпа' [ЛС(К),94]; со односно значење во Долновардарско е раширена формата **риза** (в. таму).

ридúа (< **редиа**, со редукција) f 'редица, нешто по ред' ~ *кăмилáрт'о гу-пруддéе, сéтне испаднáа уд-нáште Măкидóнци, шо бúй читвурýјца, гу купúа тóо мéсто, нé знáм пу-кóлко, пу-кóлко нé, сè гу-јскупúа, нă-рéт бúше, а тăкá сè, ридúа бúше, нă-рéт* [ПК,2(Иц),281].

ридинка f 'крпа', dem. од **рúдạ** (в. таму) ~ *сạс ридúнкạ лицéтọ сạ брúше, ридúнката б'áше мạлéнкạ и б'áлạ* [ДЧ,140].

рúдно adj – в. **рит** ~ *рúдно мéсто, дéк úма дăрмăлăци, трéва* [ПК,-2(Ним),22].

риж'éну* n 'ражен' ~ *гу пúта пóфтур: "ш'тó клáди да сă пукáци?" "клáх риж'éнуту на пýмпу да сă пукáц'ạх!"*[MS,t,51].

риз'á f 1.'крпа со која се завиткува леб'; сп. **мисáлч'а** [MS,s,98]; ~ *мóма мéте мáле рáмни двóри, [сăс двá стрáка мáле бéл бусúл'ук, џáнум. [Ја уздóлу édно лýдо млáдо лéле, [измăмúл-ја с-една рúза грóзде, џáнум* [ПК,2(Гăр),328]; 2. 'крпа со која си бришеме рацете, лицето' [ПК,2(Мут),97]; сп.: – откако ќе се измијат се бришат со *риза*, дома ткаена [ТГ,18]; 3. 'крпа украсена, везена, што се користи во верски и свадбени церемонии' ~ *ут грат Едесашо а зеле сфетенаја риза Хри...-ува, шо си бриша, да му пуштил на царот, шо беши кел'оф, да си лекува* [MV,K,329]; ~ *тогас от јунакот за врăзат една кăтка, за ја варакосат с фарак, и четри пет алтăни, и един прăстен от стребро, и един от мјад, и една шалпиа и една везена риза* [V,PM,245] – во текстот се забележува проширена употреба на предлогот **от** наместо 'за': **тогас от јунакот за врăзат една кăтка;** ~ *нúạ кú-илм-дáдлe цáло (срéбăрна пáра), алтăнче, зạлáнска пáра, и цвéке и кúткичка (кăрăмфúл'че), вăрзáни ус-цăрвéн кóниц, сус-вăрáк, бухчăлăк: кушýл'а, гáшти, рúза, чиврé (пăчéта), чураńе,*

вăркузу́н [ВГ(Ст),269]; ~ *свéкурут, дéвирут, ќи-донесат ѧлтăјне, пăпу́ци, купри́нин кăвра́к, шăлиа, ко́лба, сéнка, спалéто; ќи-јмбáкниш рăка, ќи-ј дăру́виш, нă-ко́ј ри́за, нă-ко́ј пăчéта* [ВГ(Ст),269]; 4. 'горна облека, кошула (обично машка)' ~ *нив'áстата мăжо́ сас ри́за гу-прико́са, б'ála взéна по-врáто и по рака́вит сас цăрвéно-цăрн конéц* [ДЧ,140]; ~ – *Е бре лудо, е бре младо; [ела мене извади ме; [га са жен'а шче те дарја; [тăнка риза купринена* (свилена); ~ *в пониделник тој на вăн излизе; [та хи донесе крвава кошул'а; [подаде јă на Продана деојка; [да си пире крвава кошул'а; [кат ја обзе Продана деојка; [писна Продана да си плаче: – Оj Боже ле, мили Боже; [тја е риза братова ми* [Б(С,ДХ)30]; ~ *Дилке ле, Дилке, црноока! [доста вејке ергеновај; [ергеновај, левеновај; [ергенско рухо носила; [син'а риза и бјал хустан* [Б(С,ДХ),23]; во мал број примери **риза** се однесува на женска кошула: ~ *фрут лолите на хоро; [л'у Калина немаше; [– Чи оти ја њамаше? Оти си риза њамаше; [и шарени чорапи; [и срмени папуце* [БД,22]; ~ *девер Стојко вјали: [–"Нивјасто Стојанко, мари прјалијан'аj са; [мари нарјадјај са, мари надјан'аj са; [син'ата си риза и бјалија хустан* [БД,31]; 5. изр. (клетва): **на-ри́за да-ру́чиш** ~ *дă-ста́ниш то́лко сјурмáх шо дă-не́лиш ни́што* (т.е. да немаш маса и да јадеш на крпа) [ПК,2(Гăр),185].

риза бојндрук f 'пешкир што се префрла преку рамењата на младите за време на венчавката' [ТГ,470] (сп. **бојндрук** = јарем).

Ризарски 'фамилијарно име запишано во Мегленско' ~ *лиого години Турчин не мачи; [а Грци сакат да не погрчат;[Мицко Ризарски, четник вардарски; [и тој на старост четник излезе* [БМ,68].

ризик m 1.'судбина' ~ *л'у отиде талука царјувата лоја и кату здигнала очите и, виде аф чингел'ут илаши обесана една мрăшја от човек удран, лилогу са оплашила и фатила да плачи ризико и да си кăлни дните* [V,PM,62]; 2. 'среќа, благодет' ~ *без ри́зик човéк* (= тој што нема среќа) [BV,139]; ~ *вил'ат: "добро вечер, добрја ти најдохли, куле!" И он: "дај Бог добро, добрја дојдохти!" Здравоживо чинат. Зева акалеснарницата кулот, благославја и здрави: "добрја ли дојдохти, да са здрави и жјуви, да ло и чистито, от Бога ризик да илат!"* [V,PM,247].

ризи́л (и: **резил**) m 1. 'срамота'; 2. изр.: **рези́л (да) ми чини́** (= да ме посрамоти) ~ *кату ч'у така́ по́пот, лу фтекна́ за ме́чката, што́ чини́ сос не́ја, и за едно́ч си ха́пна јази́кот... пра́ве оти́де на ца́рјут, на не́гов побра́тим, лу ве́ли: "аман ца́рју, лој побра́тим, ло́гу ти са ло́л'а! Ми дојде́ еди́н Половинлица́н на доло́ ли, са́ка рези́л да ли чини́: ли вели́, чја́ лу са́л ја́з та́тку"* [V,PM,106]; ~ *па шо фа́јда и́ла човéк, а́ку да пуве́ли са́ти л'у́ди, да ки загу́би не́гова́та ду́ша?... Оти ко́ј ки ли чи́ни ризи́л ту́ка на зе́лин'а, и ло́јти прика́зни ту́ка на ва́ ро́да бирбатли́а и греховитна, и Човéшнуо Си́н ки лу чи́ни ризи́л на не́гу* [MV,K,284]; ~ *си ути́ди до́ла лу, и пу ти́и дни́ти на́пăкон устана́ те́шка Елиса́ва же́ната му, и си скри́иши пе́т месе́ци, ем ве́леши: Ету така́ ли чи́ни Го́спот на ло́јти дни́... да си*

чи́нали ризи́л пу л'у́дито [MV,K,295]; со исто значење: **зă ризи́л стăна́те** — *прăт-л'у́јто га́аре;* односно: **ризи́л мă-нăпрăви́** ~ *ка́ ли-дујде́ зăризи́л лă-нăпрăви́ прăт-то́лко све́т* [ПК2(Гăр),97].

ризилăк m 'безобразие, срамота' ~ *шо́-ј то́о ризилăк уд-ва́с, зăстрăле́јте сă-адно́ш* [ПК,2(Гăр),97].

ри́ј (< рие) impf 1.'копа' (површно) ~ *ни ли́аха сăс ш'то́ да купа́јат, з'е́ха пу-ина́ прăнчка, сто́риха ч'ивија ... и фа́т'ąха да ри́јат. Ри́јат сăс прăнч'кит'ą, ја л'а́тат прăста́ сăс ш'ли́пит'ą* [MS,t,48]; и: **ра́ј*** (во с. Зарова и Висока гласот ы се рефлектирал во **ă**) ~ *ја́с ръ́ја ...*; сп. **зарăе** 'закопа' (мртовец) ~ *зарăхą гу з грăцкăју по́п* [ПСт,ЗС,64]; 2. 'кога животно растура нешто, пр. земја и сл.' ~ *сă-вăрну́ват на́зăт. Кла́ва ка́зăнут, ва́ре жи́то, ки́лки* (обредни лепчиња) *пра́ве, а о́н у-дво́рут се́де и сă-ми́сле. То́ пе́тлут у-буни́што у-дво́рут ри́е су куко́шките сăте* [ДК(Бош),138]; ~ *ти́ шо́ ри́ăт, ко́рăнто ги ја́т, ско́ке, и́ла кри́ла, ло́ж дă-ле́те* (објаснување за инсектот **ра́чка**) [ПД,(Ник),124]; ~ *шикну́ви-ј пи́лците, дą-не́ ри́ат уф-та́хтите* (леите) [ПК,2(Мут),-139]; ~ *изре́ш-се* (исчешлај се), *испра́в-го то́о пăт* (патец) *ли́лко, ка́ сјо-нăпрăви́ла, чи́ниш куко́шките тја-рија́ли ко́-ста* [ПК,2(Драг)-,95]; ~ *ут-стра́к шо-с уплăши́ле лăга́рто фăти́ло дą-ри́ка, ко́чот фăти́л дą-бу́ца на-дире́ците, а во́лците си-ричéле о́ти кăрфи́и ко́ве ко́чот зą-дą-и-убе́сăт. Леси́цăта фăти́ла дą-ри́е у-зе́мин, а во́лците си-ре́кле: "Гро́бови ни ко́пăт"* [В Мег(Сар),315]; 3. 'буричка во некои работи, разоткрива' ~ *ти́ą били́ три́, чти́ри бра́тą. Ти́ą ра́ботąт о́н се́дал на-ба́ąтą, нąоąа́ко. Едно́ вр'а́ли, на́ли, до́лу по́висо́ко, жа́рта де́ка-е. И-о́н дна́ пăрчкą, дно́ ста́пчи и-са́ліо го-ри́и пе́пло* [ЛС(К),110]; ~ *ни́ли ги-ри́ј нă ти́а ста́ри ръ́боти* [СК,334] – уште еден случај кога директниот предмет е придружен со предлогот **на**: **ни́м ги-ри́ј нă ти́а ръ́боти**.

ријиш'т'е́м adv 'риејќи' ~ *хајди, хајди, ријиш'т'е́л ги на́јдуха пари́т'ą и ги извад'ąха на лигдан'* [MS,t, 48] – архаична форма.

ри́ка impf 1. 'кога животно (пр. магаре) испушта глас' ~ *кого́ го-виде́ле умре́ниот во́лк фăти́ле дą-сă-ви́кăт зą-дą бе́гăт. Ут-стра́к шо-с-уплăши́ле лăга́рто фăти́ло дą-ри́ка, ко́чот фăти́л дą-бу́ца на-дире́ците, а во́лците си-ричéле о́ти кăрфи́и ко́ве ко́чот зą-дą-и-убе́сăт* [ВМег(Сар),315]; ~ *вра́тăта сăзăтфури́ла и се́а ме́чкăта са́мо ско́ка нăтре, а не́ зна́е удде́ка д-изле́зе. Ут-стра́ и о́на сă упла́ши. Одли́а му-до́ј, та́ка зăина́ш, са́мо ри́ка, ско́ка* [ДК(Бош),143]; и: **ри́ке** ~ *"ни́ą друга́ре бăркле, а́јде". Оде и о́н. Биде́ли ше́с ду́ши. И, вăрвăт, по́ нăтăка́ ви́ждат еди́н вăлк, сăка́л дă-ги-изе́де, или-сă-пушти́л. Ги́би лăга́рто зе́ло дă-ри́ке, ко́чо ка́ му сă-пу́ште, гу-фа́штат нă-вăлко, гу-дуте́пат* [ПК,2(Ним),276]; ~ *ни́а еди́н кăритăни́к и́лиле... о́н усадна́ то́рба и адно́ де́те* (зн. 'син') *и адна́ мо́мичка тăка́-ј кини́син, го́л, ка́ жна́л тăка́ бига́л... а пăедна́ на́ша ба́ба, систрăни́ка... о́на устąна́ла,... Ее, о́на збра́ла па́рте, о́т-туга́ј си́чко устăна́ло. И ка́ рăспра́ве о́на, ка́ дујде́ли нă-ве́чăрта,*

тӑва́ би́ло гро́зно. Нис-се́лто гуве́да ри́кат, не́ма ко́ј ди-ј-прӑбе́ре [ПК,2-(Крец),309]; 2. клетва: **куту вол да рикиш, па така душа да дадиш** (= да имаш тешка смрт) [ТГ,320]; ~ *ка́ к-уми́ре и́ма да-ри́ке* [ПК,2-(Гӑр),160].

рикне pf 1. – в. **ри́ка**; 2. клетви: **Госпут да те свате, магаре уф куќи да не ти рикне** (= да станеш неподвижен, куќата да ти се запусти, дури и магаре да немаш дома – ретко која куќа во минатото немала магаре) [ТГ,319]; **црно магаре на ўпак да ти рикне** (= да ти се запусти куќата; **ўпак** овде има проширено значење: дом, огниште) [ТГ,319].

рикнуве impf – в. **ри́ка** ~ *то́ сӑ-излаӑжа́л па́, кӑчи́л-се нӑ-мӑга́рто и оде уф-сре́т се́лто а мӑга́рто рикну́ве. Ка́ пугле́днуват сел'а́нто: нӑ мӑга́рто вӑ́лк. "Бре́ј, вӑ́лк, гл'ӑда́јте, вӑ́лк, дӑржа́јте"* [ПК,2(Мор),-224].

Ри́ла top. 'рид и дол на југ од Трлис, Драмско', според Ј. Иванов изведено од првичното **рыло*; сп. стсл. рыти 'рие, рови' + суф. **-ло**; – со именки што означуваат дејство (изведени од глаголи) [ЈИ,М́...,184].

римукӑтули́к* m 'тој што ја прифаќа католичката вероисповед'; – дел од населението во Кукушко во борбата против Цариградската патријаршија, т.е. против грчкото духовенство се приклонило кон римокатолицизмот: ~ *и се́тне ути́шли дӑ-те́рӑт цӑ́рква прӑ ри́мско̀ влӑди́ка. Он ре́кӑл: "Ќи-ви-да́м цӑ́рква уф-Со́лӑн, ак-би́јте кӑтули́ци". И тӑка́ стӑна́ли кӑтули́ци. Кӑтули́цвуто ут-то́-ј прӑши́рино уф-Ку́кушко, са́мо о́т гу-нӑтипа́ли алексуфча́не нӑ-гӑрчко́о по́п. Ти́ӑ ут-Ку́кушко сӑ-римукӑтули́ци* [ПК,2(Крец),306].

ри́мски* adj 'нешто што се однесува до градот Рим' ~ *гӑрчко̀ по́п дӑржа́л цӑ́рква в-Але́ксуво, а́ма гуле́ли̇ците нӑдгувури́ли, ре́кли: "Изгуне́јт-јо̀ гӑрчко̀ по́п, ќи-ту́риле слуве́нски по́п". Фа́јкӑт адна сӑ-ба́јлин, н-е́дин Вили́дин, гӑрчко̀ по́п дӑрже цӑ́рка, м-упи́нӑт ќуте́кут. Ш-о́де гӑрчко̀ по́п, дӑрже на́ш по́п цӑ́рква. Се́тне нӑ-си́ла Гӑрците мӑ зӑтво́рӑт цӑ́ркваӑта. Осум гуди́ни Гӑрците ги-дӑржа́ли бес цӑ́рква. И се́тне ути́шли дӑ-те́рӑт цӑ́рква прӑ ри́мско̀ влӑди́ка. Он ре́кӑл: "Ќи-ви-да́м цӑ́рква уф-Со́лӑн, ак-би́јте кӑтули́ци". И тӑка́ стӑна́ли кӑтули́ци. И де́н дине́ска зӑ-то́о сӑ Ра́дово, Но́ва Ма́ла кӑтули́ци и де́л уд-на́ште. Кӑтули́цвуто ут-то́-ј прӑши́рино уф-Ку́кушко* [ПК,2(Крец),306] – во контекстот предаваме едно "народско" видување за тоа како католичката вера има продрено во Кукушко.

ринди́* (тутун) impf 'лисја од тутун става на игла, а потоа на конец' (во други говори: 'ниже') ~ *ги ту́рнува́ли ко́ш'уве́ту на зил'а́та и фа́ш'тали да ринди́ми сӑс игла́та; и́мӑли ла́ксус т'ут'ю́н'уви и́гли* [MS,t,5]; ~ *ринди́ли линг'е́ри* (= ги подредувам садовите, пр. на полица) [MS,s,97].

риндўсан* adj 'овошје иситнето со помош на направата ренде' – во јужните краишта има многу овошје и медитеранско; од овошјето се приготвуваат повеќе видови слатка, џемови: **суви смокви** варени со **пикмез**; **риндусана тиква, сус пикмез варена**, попрскана со **печен сусам**; кори од лубеница **изрендосани**, дуњи **рендосани** или парчиња; грозје, зрна во **пикмез** варени и др. [ТГ,89].

ри́не impf 1.'чисти со лопата' ~ *учи́тӑло уф-на́с устӑна́л дуде́к дӑ-до́-*

те́јко ут-пазáр, дă-ги-смúре кулúтто. Дујдéл тáтку-ли ут пазáро, илı-дунцéл сúчко шо-лу-кăжáли и учúтăло си-уддéл. Уф-аúро пукýжда удúли кулúтто, лáјкăли ринáла [ПК,2(Гăр),320]; – заглавниот глагол (**рине**) го запишавме во една лазаренска песна: на празникот Св. Лазар девојчиња во групи, облечени во нова облека, закитени *сус лазаренска китка* одат по селото и пејат: *Ej Лазаре, Лзаре; [море лладо војниче; [чији са вија дворуве; [с бел бусил'ок литени; [с црвен стратур ринани* [ТГ,47]; сп. уште: ~ *изрúн-јоо аéро кá нé сă уф-нăтре гувéта* [ПК,2(Мут),320]; 2. изр.: **нé-j ри́нум (=** немам многу пари – та да ги **ри́нум** со лопата) [ПК,2(Гăр)180].

рипáн' m, bot. 'вид зеленчук, има корен што се јаде, најчесто како салата – морков' [MS,s,98].

ри́пе impf 1. – в. **ри́пне** 1. ~ *лунаправúла пашка, лу-турúла у гăзо. И другáрто кá о-глéт, знáат óти нé-j нéгăва тá пáшкăта и рéкли: "Aj ќи-навáл'ле óгин, ќи-рúпле, дă вúјле кój ќи-рúпне óќно". И рúпат, рúпат* [ПК,2(Мор),225]; ~ *па-се-кáчи Турунцúла, [па-се-кáчи лéле нă-врáна лу-кójна, [па си-óди лéле у-Будúла грáда. [Сúте пóрти зăтворéни, [сúте гóсте лéле јáдăт, пúјăт, [Турунцúла гúди нúкуј нé го-кáни. [Турунцúла на-кójна лу вéли, [вéли ел говóри: рúпај, рúпај кóнче, [дă-прерúпниш тúја тéшки пóрти* [ПК,2(Мор),217]; 2. – **(сă)** 'се чеша' [ДК(Лип),103]; од содржината што следува (од истото село) излегува дека е поточно: 'се драпа' ~ *Крăстáфчито устáнва сéа. Е, крăстáфчито: "Сéди, лу вéле. Сéа лój е рéдут". А чéка бáбăта, сă-рúпе, нă-лóж дă-зáспе он* [ДК(Лип),117].

ри́пке impf, dem. – в. **ри́пне** 1. ~ *лóлıта устáнăве тéшка и брáтıј сă-ситúл, а устăвúл сéстрă-лу. Дујдéло врéме – рудúла. Лижáки лáјка-лу, óн, óште кá пáжће ут лáјкă лу и рúпке* [ИГ,110]; ~ *шó árно си-рúпке низ-двóро дéтинцто, глéј кá си-пудрúпке чúниш áгăнце-j* [ПК,2(АЌ),98]; Саќов запишал: **ри́пке** 'скока, игра' [СК,334].

ри́пне* pf 1. 'направи движење со скок' ~ *кугá ги–исфăрлúла сúте рúби, рипнáла ут-кóлта. Мăтрă-пáзо нúшто нé пикăсáл и гинúш-гинúш си вăрвéл·пóнăтăкá пу-пăто* [ВК(Пат),286]; ~ *еднá слăза и капнáла на-лицéто-лу. Молчéто са разбудúло. "Зáшто, мари лóме, плачéш?" Унá казáла: "Сигá ќедójде лам'áта и ќе-ма-из'áде". Дујдé лам'áта и óн рипнáл и сăс тупýзо ја-утепáл* [ВСер(Кал),337]; ~ *алıăн, кулı-Вóлчо, нă-лóжăлı дă-óдăлı, крéни-ме, пуднóси-ме!" Е, видéл нé видéл, пá-а-качил кýма-Лúја на-гăрбут, пá-а-нóсе, а-нóсе ду-дýпкăта. Рипнáлă – лу-са-скрúлă. "Ах, си-рéкăл: јáс бис-пáшка, кума-Лúја бис-лóзук, ама са-скрú"* [БМег(Сар),204]; ~ *"Е, кá с-и фăтú, лурú кýлıо лúсо?" –"Си-вăрsáх нăпáшкăта ăднá лéјка, влизéх уфрéкăта, лéјката сă-нăпăлнú сусрúби и ас рипнáх нăкрáјта и коглéдум – пăлна лéјка сус-рúби* [ВК-(Пат),286]; 2. 'се крена, тргна' ~ *срп пуд глава кладела, Велико лори! [сус трева са пукрила, ej ѓузел лори! [јотад иде сијленче, Велико лори! [право тегле в ливади, ej ѓузел лори! [рипна лома да беге, ej ѓузел лори! [и пу неја сијленче, Велико лори!* [ТГ,345]; значењето под 2. го среќаваме во описот од еден доживеан настан за тоа низ што

поминале жителите од Кукушко, притиснати од грчката солдатеска за време на Втората балканска војна 1913: ~ *и фӑти́ле нӑ-го́ре пу-пла́нинта. Пӑтут ти́ска, зна́че. Ко́ли те́гл'ат нӑ-мо́ш дӑ-пули́нат, то́пишта вӑрват, вујни́ци сто́от и ти́ске, зна́чи, зӑ-дӑ-испа́ѓат. И та́а ве́чӑр испӑдна́ле. Лижа́ме нӑ-Кру́ша, пла́нинта го́ре. Ко́га усӑлна́ зима́ ади́н арӑпла́н, зима́ дӑ-вӑрте. Фатија дӑ-ви́кат, а́ма не́ нӑпрӑви́ па́кус. И зима́ наро́до вӑрве зӑнӑ-Паро́ј дӑ-сӑ-сле́зе, кӑде Кӑнцӑли́ј та́м. Ут-та́м* **рипна́ме,** *замина́ле Дили́р-иса́рско: мо́с и пу Стру́ма нӑ-го́ре ду-Ду́пница бига́ме. И, у-Ду́пница, та́м, сиде́ме нӑ-пала́тки* (шатори), *у-по́л'то сиде́ме. Та́м сиде́ме кулу-штири́јсе де́на, пе́јсе, нӑ-мо́жум, ти ка́жум. Нӑ-по́л'то, нӑ-по́л'то ду-Стру́ма. Нӑро́т но́го. И а́ј, ка́ о́дихме нӑго́ре, ка́ бе́гихме, кӑде Силитли́ј ли би́ше, кӑде Цула́та, бе́ѓме. Одат вујни́ци ускоје́. Ни́а кут-де́ца: "Чи́чо да́ј ма́лко ле́п!"* [ПК,2(Коц),353]; 3. 'се устреми да се тепа' ~ *ка́ чуја́л то: о́ти и ку́чӑто не́ ја́де и пӑте́ло и-шо́ пӑрка́жувӑт, рипна́л: "Шо́ са́киш же́но, пӑри́, пӑри́ ли?" Ка́ си-зӑма́л, у́дри по́-го́ре, по́-до́ло, у́дри ус-та: туја́гӑта* [ПД,153]; ~ *и ни ви́кӑт: "Ви́а сте уд-улеерта фа́тни, а́јде сја́а кулиси́јта ки-вӑгле́де". Кӑлде́е кулиси́ја, нӑ-глида́а уд-гра́до нӑ-во́нка. Нӑ-јспулина́а си́те, нӑ-глида́а ко́ј шо́-ј зӑра́зин и ко:-зе́мат, ко:-фӑрл'ат у-ва́рта... Умре́ нӑ-дру́зјут ми бра́т адна́ мо́личка, га-зимаа да:-но́сат уфадно́ се́ло да:-зако́пат. И-ми́и, ка́* **рипна́ли** *шо́пито, ка́ зе́ли п-а́дна бӑлти́а. Буга:рто, сѐ шупа́ци би́а та́лиа. Ка́ зе́ли бӑлти́јте, с-ја́а зимаа и н'а:, мо́личката, с-ја́а дунсе́е. И н'а: с-ја́а зӑкупа́мӑ нӑпӑто. Не́ да́вӑт уф-гро́бишта. Не́ да́вӑт. Мӑкидо́нци, ви́ке, нӑва́ска бӑлти́а, пу́шка. И ни́а, нӑпӑто искупа́а ду́пка, а зӑкупа́а и ус-тӑрне а-пукрија́ле. И вӑрве́ле зӑ-Са̀локо́ф* [ПК,2(Драг),340] – уште едно мачно доживување на бегалците од селото Драгомирци (Кукушко) – кога не им било дозволено мртвото дете да го закопаат в гробишта.

рипну́ве impf 1. 'се устремува' ~ *е, о́дат на̀ го́сте уф-ма́јка-ј. Удри́ла зми:та на-пӑрвӑта вра́та, са̀-ја̀ви́ла ма́јка-ј. Рипну́ве ма́јкӑта до:-а́пне нӑ-де́тто. "Не́м, то́:-ј мо́јоо спӑси́тӑл", ви́ке змија̀чкӑта* [ПК,2(Ним),262]; 2. 'скокнува' ~ *е, и́дат ут-та́м, де́тто сӑчини́л а́јн за̀га́р, о́дат ус-ма́јк-му. Удеја̀ки та́м пу-пӑто рипну́ве ади́н за́ја̀ц. Сӑ-пушту́ве то́о де́те, сја́а шо-зӑга́р, фа́ште за́ја̀цо, о-да́ве на-*

ма́ја̀к-мо [ПК,2(Ним),269] – кратката заменска форма за дат. предмет 'му' се јавува во формата **мо: о-да́ве на-ма́јк-мо,** што е резултат на неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали, односно на обратната редукција **у > о** (вакви примери има и на други места); ~ *та́тку му* (рекӑл): *"Душе́л ре́т и на̀ ста́рте – да̀-ј зе́ме вујни́ци". Ма́јкӑта ре́кла: "о́ди ти, де́тто ќи се́де до́ла". Во́а, ка̀ лижа́л та́м, рипну́ве: "Ја́с, ќ-о́:м, та́тко, ре́кӑл, ја́с биде́ќи, зӑшто́ ќ-о́јш ти"?* [ИГ,115] – во контекстот прави впечаток зачуваната глаголско-прилошка употреба на 'бидејќи': **ја́с, ќ-о́:м, та́тко, ре́кӑл, ја́с биде́ќи, зӑшто́ ќ-о́јш ти?**; како што е познато во литературниот израз 'бидејќи' има функција на причински сврзник; – в. **рипне.**

рипче n, dem. од 'риба' ~ *што се вртиш, море, што се кршиш? [како*

змија, море кујнашница; [като рипче, мори, ју водата? [Јовано-ј мори Јованке [БМ,146].

ририф m, bot. 'зрнесто растение, успева на југ – наут, откако ќе се испече се јаде, се вика **леблеби́ја**' ~ *после хорото си собират и акалесаните сватови, зеват ракиа едно крондирче и ририф едно бл'удо, и зентјут сос них, сос тъ́мпани ч'укајке, хождат да земат кумот* [V,PM,248]; ~ *ки си собрат десетина жени да подат на* **повиш**, *за занесат една зја папуци, скахуни, шалии, фес, ририф, еден крондир вину и еден ракиа. Секоја жена по едно н'ашто ки земи на рънката* [V,PM,245] – во текстот има уште една потврда за широката употреба на предлогот **на**, во случајот наместо 'во', евентуално 'со': **едно н'ашто ки земи на рънката;** ~ *тогас от јунакот за врязат една кътка, за ја варакосат с фарак, и четри пет алтъни, и еден пръстен от стребро, и еден от мјад, и една шамиа и една везена риза, и за кладат на еден лингер малко ририф* [V,PM245] – во текстот има присуство на лексичкиот архаизам **мјад** со значење 'бакар', сп. во рус. јазик.

Рисáнта (женско лично име од Солунско) ~ *на-връ́х дв'ъ́т'ја гуди́ни ми дáди Гóспут' ина́ мумýш'ка, ја кръ́ст'ах Рисáнта* [MS,t,3]; сп. **Хрисанти́** [MS,s,98].

Риса (ж. лич. име запишано во Мегленско) ~ *на лулката фидан Димо: [јод гранка, јод гранка, Рисо-ј мори; [на Ристе у раци. [Ширu раците Ристе, море; [Риса ки падне, и! [ти да ја фатиш, и!* [БМ,28]; ~ *мома се лула, ој мила гранко; [мома се лула; [тај фидан Риса, ој мила гранко; [тај Ристива-та; [мо́лче ја пуле, ој мила грано: [мо́лче ја пуле; [тој фидан Ристе, ој мила гранко* [БМ,28].

Рисин* adj 'она нешто што ѝ припаѓа на Риса' ~ *ми никнало цвете трýфанда; [у Рисината градина, градина; [поминува Мици скинува; [– Дејгиди Мици будала, будала; [неми ли го бери цветето* [БМ,26].

рисканúца* f 'удар, тракање од удар' ~ *Тъ́кат, плáч'ат, рисканúци дáват сăс балтáци, ч'ýкат, ж'ёл'ąзу јаку-ј сă ни утфáра хúч'* [MS,t,53]; сп. **ратанúца** [MS,s,98].

рисја́н* m – в. **ристе́н** ~ *но́го мъ́ка сме тигл'áли ф-ту́рско. А-бе́, нăвéчăре, знáјш ќи-сă-зáпниш уд-зáјслъ́нце. Зăјдé слъ́нце и дóмја, кój дéка-ј, тáм д-устáне. Нéли сăзбијáа тóги, сúте нáши рисјáне шо-бúа, нă-Тýрција г-удрúа. А-пă зăшó бúше бójо, зă-Сóлăн сă-бúит* [ПК,2(Иц),280]; ~ *у стáро врéме, у-иднó рисјáнцко сéло, имáше сăмо иднă-тýрцка кýјќа. Гáздăта нă-тá кýјќа сă-викáше Асăн... árно мубéше, áма сăмо иднă-мъ́ка гу-јăдéше, чúнки бéше уд-дрýга вéра и нé сă-мишéше су-рисјáните* [ДК-(Деб),153].

рисја́нцки* adj 'нешто што се однесува до верата христијанска' ~ *у стáро врéме, у-иднó рисјáнцко сéло, имáше сăмо иднă-тýрцка кýјќа. Гáздăта нă-тá кýјќа сă-викáше А сăн* [ДК(Деб),153]; ~ *дивојко, млада, убава; [турчинска душа мириса; [като на сено спарено; [иврејска душа мириса; [като на гнило јабауко; [рисјанска вера мириса; [като на ран беу бусилок* [БМ,31]; ~ *идну-дéн Асăн клáл ниéт дă-и-упúта сил'áјнте: Ако мóже дă-зéва и óн рисјáнцка вéра и дă-мóже дă-си-óде нă-гóсти, а и дă-му-грéдăт гóсти* [ДК(Деб),153]

– присуството на гл. **греде** 'доаѓа' ни потврдува дека во овие говори (како периферни) постојат голем број архаизми, во случајот лексички; поткрепа за овој случај наоѓаме во словенечкиот јазик.

ристе́н* m 'тој што се придржува до христијанската вера' ~ *ако не му фӑрлӑт на Турчинот, коа ки гу закопӑт ув гробут су пиштол, он ки стана ут гробут, ки сӑ чина диво прасӑ и ки му (оди) на руднијнте дом му; ристејнту пӑ сӑ чинеле вампирӑ* [МЕв(Р),77]; во минатото со поимот **ристен** често се покривала и националноста, тоа се потврдува и од контекстите што следуваат' ~ *сӑ-ви́кум Го́це Нико́луф, ро́дин сум уф-Ку́кушко, уф-се́ло Шикирли́а. Ут-Ку́куш са́ат и де́сит лину́ти, по́вке не́ма. Лӑжа не́ма уф-ме́н. Двана́јсе кӑшти би́ше. Сѐ ристе́не. На-бе́го имо́т би́ше* [ПК,2(Шек),277]; ~ *ас сум ро́дин ил'а́да до́витсто́тин и пӑрва гуди́на уф-Куџумӑрли́а. Ф-Сики́рник сум до́јдин трина́јста гуди́на. Би́ше три́-читири́јсе кӑшти. Не́ише Ту́рци, не́ише Ѓу́пци, са́мо Макидо́нци – ристе́не. На́што се́ло, та́м бли́ско Биглири́а, Кӑза́наво. Ни́ӑ о́дӑхме нӑ-пӑза́р нӑ Ку́куш и нӑ-Со́лӑн, а́ма ста́рте о́даа* [ПК,2(Коџ),349].

Ристе́на 'ж. лич. име' (запишано во Кукушко) ~ *ка́ флизе́ та́а Ристе́на, нӑ-На́нчо гу-нӑпрӑви́ ла́т и мӑскӑра́* (= го посрамоти) [ПК,2-(Гӑр),158].

ристенцки adj – в. **рисјанцки** ~ *ристенцки селӑ устӑнаа ногу малцјӑ и тијӑ што беа сӑ нӑогиа нӑ подолнӑ, по плӑнинцкӑ земјӑ. Ув Сулунцката рӑмнинӑ и окулу неа, ногу малцјӑ ки имаше ристенцки села* [МЕв(Р),84]; ~ *а зӑ то силајнту уд ден нӑ ден се по сиромашејат, се по си-ј скусуват арџујвту и фӑтијӑ да гу уставӑт селту и дӑ пуминувӑт или нӑ Пазӑр или нӑ Солун. Сӑтӑ ристенцки мали нӑ Пазӑр сӑ туку речи сӑл ут силајнӑ, шо имӑт утидену там за крајните 40 гудини* [МЕв(Р),91].

Ри́сто 'м. лич. име' (запишано во Кукушко) ~ *удде́ме пу-ре́кӑта, флизе́ме уф-е́дна је́ла, шо-о-ви́кме ни́ӑ, та́ма да-прӑну́ка́вме. Ле́п не́ма, во́да не́ма, ни́што не́ма. Де́тто нӑ-ци́цка нӑ-ма́јкӑ-ми пла́че зӑ-ја́дӑне, пла́че, о́но пӑ, ки-нӑ-издаде. И флизе́ме та́ма, мра́фки ки-нӑ-дујадат. И ма́јка-ми ви́ке: "Де́ бре Ри́сто, ти сӑ-мо́че? Да-му-да́јме, ви́ке, нӑ-де́тто, зе́р ки-н-издаде, тӑ ки-нӑ-ј-сте́пӑт ту́ка, нӑ-мо́ш ни́кој да-нӑ-на́јде. Слубо́дӑн ка́-ј чуве́к, и́де муча́не, да-ми-про́стиш, а́с зима́х дӑ-сӑ-мо́чум, сте́нки, сте́нки кулку една́ лӑжи́ца мале́нка, двӑ-три́ ка́пки и пра́во уф-рӑќте, му-ма́чкиме нӑ-у́стта нӑ-то́о бра́тчто шо́-ј гудина́ко. Му-ма́чкиме нӑ-у́стта дӑ-за́пре пи́сканто, дӑ-не́-пла́че, дӑ-не́-н-издаде* [ПК,2-(Ал),358] – од контекстот е многу јасно до која степен бегалците од Кукушко, пред стравот за биолошки опстанок, останале без достоинство, па дури на бебето, му ги мачкат усните со мочка за да не плаче, за да не бидат откриени од грчката војска; и **Ристе:** ~ *на лулката фидан Димо: [јод гранка, јод гранка, Рисој мори; [на Ристе у раци. [Шири раците Ристе, море; [Риса ки падне, и! [ти да ја фатиш, и!* [БМ,28]; ~ *мома се лула, ој мила гранко; [мома се лула; [тај фидан Риса, ој мила гранко; [тај Ристивата; [момче ја пуле, ој мила грано: [момче ја пуле; [тој фидан Ристе, ој мила*

гранко [БМ,28]; во Гевгелиско се запишани следниве варијанти: **Ито, Ичко, Индо** [ТГ,114].

Ристив* adj 'нешто што му припаѓа на Ристе' ~ *мома се лула, ој мила гранко; [мома се лула; [тај фидан Риса, ој мила гранко; [тај Ристивата; [момче ја пуле, ој мила грано: [момче ја пуле; [тој фидан Ристе, ој мила гранко* [БМ,28].

Ристо́с m 1. 'името на синот божји' (според верувањето на христијаните) ~ *тоги ричеа Кулужек, Сечко и Мартин: "не можеме да му празиме бирикетут, ами да гу угорчиме, да гу фӑрле". Земаа малце ут просто, утидеа тамо, дек ке заминише Ристос, гу пучикаа, ето ти го и Ристос ке замине...* [V,PM,294]; ~ *ке замине Ристос, да му речиш: "Даскале! Ти са мол'ум, воа леп е ноф, да гу благословиш да е блак!" Ристос рйче: "Да е благословен, да е блак, да са ранат л'ујто!" Стана офчарут, си дујде дома, апна блак, по-блак – здраве* [V,PM,294] – сп. го изразот: **по-блак – здраве** (= многу блак); ~ *пу́шката бе́ше нӑ-Апусто́л Пе́ткуф. Кундаку́т нӑ ӑдна́та стра́на зла́тно кӑрс, нӑ-дру́гӑта стра́на Ристо́с, Бугуро́дица су-Ристо́с, зла́тни бе́а нӑ-кунда́кут* [ВЕв,299] – во контекстот има јасен пример за нарушена конгруенција: именката од машки, а атрибутот од среден род: **зла́тно кӑрс**; 2. изр.: **Ристос са руди** – со овие зборови се честита *Бужи́к*, се изговараат веднаш кога гостинот ќе влезе в куќи за да го честита празникот. *Бужи́к* се слави три дена [ТГ,88]; **Ристос да је тука** – со овие зборови се бара помош од синот Божји. Ст. Тановиќ запишал: "Кога прашувам некоја жена за одредена болест и за нејзиното лекување таа ќе ми одговари: *"Ристос да је тука, не са пите за тија работи, који ѓавул та буце... тија работи не са арни..."* [ТГ,2].

Ристосуви мӑки pl.'големи маки и тешкотии, што се поврзуваат со голготата на Ристос – синот Божји' ~ *дали ти не знајше, Петре; [оти немум јаска никој; [ни рода руднини, ни татко ни мајка; [на кого молба ки правум; [Зашто, Петре, јас устанах; [оти, Петре, јас не умрех; [да не гледум вија мӑки; [вија мӑки Ристосуви!* [ТГ,-264]; сп. како народот ги доживува последните моменти од животот на член од семејството: – от-како свештеникот, на тешко болниот ќе го причести и ќе му ја прочита *прустената мулитва*, домашните ќе се соберат околу болниот, и домаќинот ќе се помоли на Бога: *"Што са вија Ристосуви мӑки, што са вија тигоби? Чиј са вија толко греуве; зарди кого толко са мӑче? Ваја душа не је толко..."*

Ристосуви дни pl.'времето од Божик до *Вудици* се вика *Пугани дни* или *Некрстени дни*, а некои ги викаат *Ристосуви дни*', бидејќи (според верувањето) во тие дни Исус сè уште бил некрстен и ѓаволот се трудел да го излаже и да не се крсти, т.е. да не се исполни божјата волја. Се верува дека во тие денови сиот свет е усмерен против човекот, и билниот и животинскиот. Ноќно време не треба никаде да се оди, особено *уд вичери па ду први петли* [ТГ,12] – суеверие наследено од минатото, но денеска ретко кој го уважува.

рит m 1.'мало возвишение, низок рељеф' ~ *и ју́стата му сӑ утвури́ на во́а саа́т, и изи́ку́т му, да фати́ да си прикажу́ва, и благосо́ви на Бо́га. Да му си дујде́л на ти́и шо седе́ле*

уф ку́ки но́го стра́х и на са̀та ри́дишти и плани́нити [MV,K,322]; ~ *Дедото гу питал: "Дека одиш, бре синко?" –"Одум на чуждина, да ќарувум, да си ранум̀ децата". Ќи ти кажум̀ едно нешто, ама ќи ми слушиш?"* (погрешно пишува: 'ама ќи ти слушиш') – *"Зад тоа, зад тоа рид има едно пăсто село..."* [V,PM,273]; ~ *са-гра̀бна́ле и Ѓу́птино почна́л да-и-белее о́чте, а змéо го пита́л шо́ то́лко са̀-кукóте. Во́а му о̀дговори́л о́ти гле́де на ко́ј ри́д да̀-го-фӑрле* [ВГ(Мир),272]; ~ *на ти́и дни́ти, стана́ла Мариа да си ути́шла тăрчани́ќ пу ри́дут на гра́т И..., и флéга̀л на Заари́нита ку́ќа, и радува́ла на Елиса́вет* [MV,K,300] – во контекстот има убави примери за нарушена конгруенција: за истиот субјект **Мариа** како предикати се јавуваат л-форми и од м. и од ж. род: **ути́шла, флéга̀л, радува́ла**, што потврдува дека категоријата род во југоисточните говори е сериозно нарушена. Називот е регистриран и во микротопонимиската номенклатура: **Бо́јчуф Ри́т** ~ *на́што сéло та́м би́ше куту ба́ирско сéло. Имше ади́н ри́т о-ви́кме Бо́јчуф Ри́т и уд-не́го, ут-та́м на-до́лу са̀-гле́јше Сулу́нско По́ле* [ПК,2(Мор),-223]; **Ри́дишта** ~ *па́мнум, ка́к не́ па́мнум. Лузи́нта де́к ни би́а то́а са̀-ви́кше* **Ра̀зли́вух**. *Та̀ка са̀-ви́кше ме́стто, зна́чи. По́сле ќа ќи-зами́ниш* **Ба̀зла̀ците** *и́мше* **Ри́дишта**. *По́сле уд-Ри́дишта ќа ќи-пуми́ниш на̀-до́ло и́мше е́дно ме́сто му-ви́кихме Бербáтки* [ПК,2(Коц),349]; **Гувида́рцки Ри́т** ~ *и́михме дру́го ме́сто Гувида́рцки Ри́т. Тумбу́р би́ше та̀ка́, ри́т би́ше, Гувида́рцки Ри́т му ви́кихме; цр̆ква и́михме, и́михме, Шви́ти Атана́с. Па̀нӑгу́р и́михме на-Свúти Атана́с. Ем на-ле́то пра́ваа панагу́р, ем на-зи́мта. По́сле ут-та́м на-до́лу ќи-испа́дниш и́мше ме́сто* **Пе́трин Ка́мин** [ПК,2(Коц),350]; 2. 'гатанка': **два брата сус един рит раздилени; дејна ноша са гледат па на можат да са видат** ? (одг.: 'очи') [ТГ,290].

ри́та (во с. Висока и Зарово: **рӑта**) impf 'удира со нога, клоца' ~ *магáр'а̀нту рӑта* [MS,s,98]; ~ *"Јазе сам Мајдон, што сакаши да ми испечиш на ражен да ми јадиш, туку сега јазика ки ти закарам на мој цар, он да ти изјади" Кату чу така протударку, фати да си ѕаска аф сандăко, фати да рита* [V,PM,76]; ~ *дéтто, утта́м с-и́де до́ма. "Е, ви́ке, ма́јко, маа-ебáх на̀ца́ро, сјáа слу́ши ма́јко: ќи-са̀-чи́нум, ве́ле, ајга̀р. Ти ќ-о́јш да̀–ма̀-по́јш на-че́шмăта, ќи-ри́тум, ќи-ско́кум, ќи-т-а́пум зă-рӑци, зă-гра̀п, да̀-не́ са̀-пла́шиш* [ПК,2(Ним),269]; ~ *чу́в-са̀, то̀ ко́јн ри́те* (сп. стсл. **ритъ** 'задник') [ПД,(Ник),132]; ~ *и они кату, кату отиваха на пăтјут, земаха от един кон мухи и кладоха на мулитата, и, как фатиха мулитата да ритат, си разбегаха по гората* [V,PM,49]; ~ *ко́н'ут рӑта; да́ј му идна́ рӑта̀ни́ца* [ПСт,ЗС,64].

ри́тка* f , dem. – в. **ри́т** ~ *Ла́зăрца-ј ту́мба, ри́т. Та́а ту́мба би́ше му́ќи Гăвăл'а́нци, Дра̀гуми́рци и Кре́цáво, а Кре́цáвска бише. Та́м и́мше да̀-ка́жме три́ куту мигдани́шта. Гăвăл'а́нци са̀-збúраа бăшка́ о́ро, а-па̀-дра̀гумирча́не бăшка́, крицува́не бăшка́. Лузи́на и́мше, пра̀ку ри́тќăта би́а, а ри́тќăта са̀-ви́кше Свúти Атана́с* [ПК,2(Крец),295].

риткач m 'клас од пченка на кој зрната не се едно до друго, туку се ретки, оттаму и името: *риткач* <

'реткач' (со редукција)– кога пченката ќе се излушти се мери со **каца** (голем дрвен сад, од едната страна отворен); ретките **груздаци** (класови) се одделуваат и посебно се мерат [ТГ,347].

ри́тке impf – в. **ри́та** ~ *е, сă-чини́л адúн а́т. Оде ба́ба̀та дă-о-по́е ве́чăрта, ри́тке, ско́ке, г-а́пке нă-ба́пта зă-гăрбо, зă-ра̀це. Ца́ро гле́де: ај-ана́сăна, уд-де́к нă-та́а баба то́о ко́јн тăко́ф си́лен* [ПК,2-(Ним),269]; ~ *де́чка̀та сă-ри́ткăт* [ПК,2(Гăр),98]; изр.: **сј-оо ри́тке ка̀сме́то** (= кога некој не го прифаќа понуденото, иако е корисно) ~ *но́го будла́ мо́ма: не́ о-са́ке, ста́р би́л, шо́ дă-ј пра́виш, са́ма сј-оо ри́тке ка̀сме́то* [ПК,2(Гăр)-194]; **а́туфте сă-ри́ткат** (= големите, силните се караат) [ПК,2-(Гăр),153].

ритки́ни́ца f 'удар со нога, клоца' ~ *а́к ти да́м адна́ ритки́ни́ца дурта́л к-о́јш* [ПК,2(Гăр),98].

ри́тне* pf – в. **ри́та** ~ *кугá дуjдéл ду-лисúцта, глéде у́мрăна лисúца нă-пằто. Сă-свăли́л ут-ко́лта, ă-ритна́л* (пишува: рипна́л) *лисúцта, та: не́-мăрдну́ва. Сă-зăрăдува́л и си ричéл: "Ха, тăма́м мо́јта же́на не́ма ку́рк"* [ВК(Пат),285]; ~ *бе́ги, ут-ка́т мăга́рто, зе́р ќи-тă-ри́тне* [ПК,2(Гăр),98]; ~ *и́махме а́дна ко́за, но́го уjли́а* (со лоши навики) *би́ше, сè гу-исту́рвише мле́кто. Емéн ка: измо́лзиме о́на ко: ри́тне* (садот со млеко) [ПК,2(Грам),120].

ри́тнин–а adj, fig. 'набркан-а' – сп. **ри́та** 'удира со нога, клоца' ~ *а̀цăба ри́тнина-ј же́:нта, шо сă-ше́те са́ма* [ПК,2(Гăр),98].

ри́тче* n, dem. – в. **рит** ~ *ми кăкво́ би́ше? Ни пла́ни́нцко, ни по́лцко би́ше се́лто Ште́мница. Тăка́ би́ше кути-до́jдăно, ни́вите му би́а кути нă-ритчи́на тăка́, а́ма сă-рабо́таа* [ВК(Шт),285]; ~ *Кру́ша-ј пă ут-кăд и́згрева.Ни́а и́ма:ме дру́ги ритчи́на сăс баи́р прăт Кру́ша. Му́ѓи Кру́ша и му́ѓи на́с и́мше дру́ги ритчи́на пă зăт ти́а ритчи́на-ј Кру́ша-Балка́н* [ПК,2(Шт),247]; ~ *на панагúр и́даа ут-си́те се́ла. Ќи до́jдат, о́ра ќ-и́ма, го́сте. Тава́-ј панагúр. Ут-та́а кра́ј па̀ и́махме па́ ри́т, сă-ви́кăше Гуле́мjут Ка́мин. Нă-ва́а кра́ј пă де́к би́ше Сви́т Атăна́с и́мше па Инча́руф Ри́т. Имше Цил'уво Буни́ште, ри́тче би́ше то́о* [ПК,2(Крец),295]; ~ *ти́а̀ ру́сали́jте фăти́ли: са́мо сă бико́л'ат и вăрват. Сè-тка́ о́:рто гу-бико́л'ат. На́ште ка́к сă-стуjа́ли нă-не́куj ритчи́нка, куту висо́чко-ј би́ло, гле́дат, ти́а̀, ви́ке, ќи-сă-jско́л'ат. Ру́сăлиjте сè сă-дубли́жуват, сè о́дăт. Тăпăнто чу́кат нă-жа́л: да́м, ду́м, да́м, ду́м, а ру́сăлиjте ус-кăлăчките ќи-сă-jско́л'ăт* [ПК,2(Ал),355] – во контекстот ја забележуваме множинската наставка **-инка** кај именки од ср. род: **нă не́куj ритчи́нка;** односната наставка често се јавува со хипокористичко значење.

рицал m 'советник, близок до високата власт, до престолот' ~ *кату чу царjут таков одговор от малко дjате, си усрамоти, та тогас извади една шенпа алтăни, му даде на дjатето и си утиде на конаќут, си расчуди и вели сам на себеси:"Това дjате толко ум што има, харно е да гу зема и да гу чина на конаќут ли един рицал"* [V,PM,95]; ~ *то́j му ве́ли на̀ ца́рjут:"о́твори сандăкот да видиш!" Отвори́ ца́рjут сандăкот. Што́ да ви́ди? Пăлно се́какава пара́... Тогáс ца́рjут си́чките не́говите рицáли ги*

изгони́, ги утепа́ и не́гу гу промина́ пъ́рв човеќ, и пак са чини́ ка́ту та́тко му бога́т [V,PM,119].

рица́–идера́м изр. со кој се искажува почит и се бара помош ~ *о́на фъ́тила дъ́–о́хке и жа́лно дъ́ пла́че: "О-о ле́ле гла́вичка, о-о ле́ле гла́вичка!" – "шо-те́-j, лури́ ку́мо ли́со?" –"Вудничъ́ро мj-а-скъ́па́ гла́вта дъ́-ми-те́че мо́зуко. Аман, рица́-идера́м, ка́чи-ме нъ́-гъ́рбо и уднесиме до́ма!"* [ВК(Пат),286].

рич'е́* (и: **р'е́ч'и**) pf, 1. 'проговори' ~ *р'е́ч'и еди́најут урта́к: "да ста́ни-ли сфа́туфци!"* [MS,t,78]; ~ *д'ъ́т'а нту и р'е́ч'и на ма́јка-му: "јас за по́да на касаба́та да бра́кам ра́бута"* [MS,t,81]; ~ *и гу пъ́та мума́та: "ш'о́ сто́ри?" – то́j и вили́: "как ми р'е́ч'и, тъ́j сто́р'ах"* [MS,t,82]; ~ *ка́за сфа́т'ата: до́јди з'е́нт'ут, му да́духми про́ск'е́фал, на р'е́ч'и: "и́ма въ́лна на гансо́т"!* [MS,t,78]; ~ *ути́ва калита́тата дума́, му вили́ измика́рката: "икимц'и́јата ми р'е́ч'и да ја ни разбу́дими"* [MS,t,13]; ~ *ти ни р'е́ч'и пак да по́ш' ?* [MS,t,10] – во прашална реченица негацијата **ни** (**не**) стои меѓу заменката и глаголот; ~ *кугá за т'а стра́ти по́пут, да му рич'е́ш', да до́јди вич'аро́т на усимт'а́ са́тут* [MS,t68]; ~ *и да му рич'е́ш' на ч'урбаџ'и́јата: "б'ъ́луту ч'е́рну ста́нува и ч'е́рнуту б'ъ́лу ста́нува, пи́сано́ту съ́ ни распи́сува"* [MS,t,15]; 2. 'запеа' ~ *и малкото, кога плачаши, тја песна му пејаши и вел'аши: "ох чендо без илија, да ти знај баба ти, ча е Константиново дете, да ти стори стребрјана л'ул'ка, да ти л'ули". Тја тас песна ја речи еднош и дваш, на третојут пак вели: "ох чендо без илија..."* [V,PM,229]; ~ *аj зафатиме да веламе; [ка рекоме една песна; [ќи речиме јуште једна; [ќе се сторат две песни; [две очи мома има* [БМ,166]; 3. 'помисли' ~ *и Алéксандро́ту съ́ пуч'у́ди и но́с р'е́ч'и да по́j напр'ъ́т', куту́ ка́к съ́ врна наса́т'* [MS,t,60]; ~ *и от тогас типъ́ра не рече веки за негу да купи ништу за неговот къ́смет, туку се за жената му и купувал. Така са чини млогу богат* [V,PM,86]; ~ *"ути́дух на перивол'у за да суберá смо́кфи и там ви́д'ах ино́ пи́л'а маламо́сану и р'е́кух да гу фа́т'а и то́j пуб'ъ́гна"* [MS,t45]; 4. 'се обиде' ~ *р'е́ч'и за да ни́кни д'ъ́т'а Кати́нч'у за да в'е́ни ка́лч'а, съ́ уд'а́ли́ ут пулуви́на, па́дна на зил'а́та* [MS,t,39]; ~ *Ч'уба́ниту ме́ш'л'ънта́та ги уста́ха да фл'а́зат на ро́пката; р'е́ч'и да фл'а́зи и д'ъ́ тинце́ту, гу фа́тиха ч'уба́ниту* [MS,t,16]; ~ *ути́ди и у Ати́на, там ви́ди идна́ ху́бава мо́ма на ш'испа́јси гуди́ни; р'е́ч'и за да ја в'е́ни* [MS,t,9]; 5. 'измисли (име)' ~ *"а́ку руди́ ж'ината-му, как да му рич'еми ино́ и́ли'а? да гу рич'е́ми – Дијуни́ш' !"*[MS,t,46]; 6. 'препорача' ~ *Што не кладеме?! Што ричеја сè правиме; да речаа уд пиле млеко – и тоа ки најдохле! Ама кога нимал дни?!* – изреката: **кога нимал дни!** ја одразува немоќта на човекот пред смртта [ТГ,248]; 7. 'се реши, одлучи' ~ *афу́ ни на́јди ра́бута на су́ху, р'е́ч'и: "за по́да ... да ра́бут'ъ́ на мо́ри!"* [MS,t,84]; ~ *р'е́ч'и да съ́ пука́ци, фл'а́зи риж'е́нуту на пу́липу, усл'е́кна м'е́ч'ката* [MS,t,51]; ~ *има́ло двýјца бра́та. И та́ка́ ричéли, нъ́пръ́ви́ли но́ви къ́шти. Нъ́пръ́ви́ли а́јн аéр, но́ф аéр нъ́пръ́ви́ли. Фе́тук има́ли, нъ́пръ́ви́ли и но́ф. Има́ли гуве́да но́го. Му-ви́ке: "Ајде бра́те*

ќи-сă-де́л'ме" [ПК,2(Коц),344]; 8. 'означи нешто' ~ *ста́р'у му вили́: "хував'а ти р'е́ч'и ца́р'у, куж'а́та му ја ка́раха" – "ти сă мо́л'ам да ли кăж'иш', ш'ту си рич'е́ куж'а́та му ја ка́раха"?* [MS,t,40]; ~ *ду прид 15 –20 гудини бејзте териа бејлик, шо ки сă речă, они и имиа најблиските ду селту и најарните ниви и си-ј рăботиă су ăнгăријă* [МЕв(Р),89]; 9. 'искажа благослов' ~ сп.: кога пијат вино мажите благословуваат, а жените обично го прифаќаат благословот: *ка ричете, така нека биде* [ТГ,-20]; 10. изр.: **рече сос умот** (= си помисли) ~ *виде, паравиде Мајдон, рече сос умо си: "от типăра веки ке да живувам, туку ади нека станам да ида сос времето ми!"* [V,PM,74]; ~ *фа́шќăт дă-игра́ат. Една́ш, два пăта, три пăта, пе́т пăта сè та́тку му па́жќе. Де́тто си ре́кло на у́мут: сто́ј да́ пắднум и ја́с една́ш, да ви́дум, шо́ ќи пра́ве во́а та́тко* [ИГ,114]; ~ *Икаро́ту си р'е́ч'и сăс умо́ "ч'а́ј да сто́р'а ина́ во́лта, па́к за гу фтаса та́тку"* [MS,t58]; ~ *Куумциата, кату ги виде ушниците, рече сос умот да са на жената му, али пак сос друг ум велиши, кој можи да влези аф неговата кăшта* [V,PM,69] – во контекстот има две дијалектни посебности, прво употреба на сврзникот '**да**' со интенсионално–декларативно значење, место 'дека', и второ употреба на сврзникот **али** со адверсативно значење: *рече сос умот да са на жената му, али пак сос друг ум велиши...*; **ричé и прăсичé** 'цврсто се држи до кажаното' ~ *шо́ ќи-ка́же, ла́фо не́ гу вăри́не нăсăт. Ќи-ка́же и ќи-нăпра́ве, ла́фо мо-ј* [ПК,2(Гăр),191].

рече(ј)н* adj 'споменат' ~ *сака оша да се кажа оти не сăлде така му са трача оти Постул ăј токму утдаличен ут ричејнјут планинцки шокал, али оти токмо ј далек ут сăта кажани градишта, шо са наогјат на надулијнте на ричејнте планијни* [РЕв(Р),71].

рични́ци* pl. 'наречници': тие што на третата вечер ја "одредуваат" судбината на новороденчето (од митологијата) ~ *Ину-де́те уд-се́ло нă-се́ло ути́шăл нă-ни́кој* (некој) *кра́ј. Му-ре́кăл: "Ако мо́же дă-спи́јăм ту́ка". Ти́а има́ле же́нцко руде́но. Тре́тта ве́чер... сă-утвури́ла вра́тта но́шќăта. До́шле рични́ците и пу́л'ат. –"Се́га шо́ дă-пи́шиле нă-во́? То́, ве́ле, шу ле́же та́му, то́ ќ-ă-зе́ва чу́пăта!"* [ДК(Ем),151].

рич'и́на f 'вид вино со некаков додаток' [MS,s,98].

ришéние n 'административен акт со кој нешто треба да се изврши' ~ *се́тне фа́на́а да-да́ват кој де́к са́ке д-о́де. Не́кој уддéé за-Скéче, бугáрско Скéче. Ни дéе та́м д-о́јме, дă-живéјме. То́ се́ло ли, гра́т-ли, не́ зна́м шо́-ј, Скéче – Бугáрија. А та́тку-ми нијќа́л, гу-вăрна́л о́н тăва́, ка́ сă-ви́ке дé, ришéние, вăрна́л гу нăсăт. Он ричéл: "Ас са́кум зă мо́јто ме́сто, де́к би́х па́ та́м д-о́дум"* [ПК,2(Гăр),323].

Рјазнови́ца top. 'планински гребен, остри карпи' во реонот на Мраморица, Височен, Драмско. Ј. Иванов наведува: од исчезнатото име **рјазен**, односно од стсл. рѣзъ 'цртица, рецка' + топономастички суфикс [ЈИ,М...,185]; сп. забелешка кон наведеното толкување на Иванов: терминот '**резен**' не е исчезнат во македонските дијалекти, пр. Саќов го наведува како **ре́жин**' од кукушкиот, исто така тој постои и

во струмичкиот говор со значење: 'парче лубеница исечено со нож'.

рјача (добрата) f 'добар збор, односно: радосна вест' – така се именува вечерта пред Велигден, кога се пее Христос воскресна ~ *дојде времја, татко ѝ и маштеха ѝ кинисаха за Великден да подат на добрата рјача, ја викнаха и неа: "ади, кутро пипелашку, ела и ти да појми на добрата рјача!"* [V,PM,205].

роб m 'тој што е во крајно потчинета положба' ~ *кату чу това лаф, Теодорак си зачуди много. Тогај му вели на Марина и на друзите: "ако можите виа испат да го чините това, јазе на вас да сам роб и сичкото мој имане да и вашо! Хем първо да чиними кондрати!"* [V,PM,166]; ~ *тогај калек му кажува раната, што и била връзана, хем му вели на църју: "таја сирвета да не и, што ми върза?" Хем му вели: "тиа поголемите твоите зентјувци са на татко ми робови и на гънзувите имат и двата по една дамга от татко ми"* [V,PM,161]; ~ *и тогај Марин изваѓа алтъно и чеврета, хем му вели на Теодорак: "ету, господине, тиа не са ли от невеста ти?" Тога и он поверува. –"Е харно, сега от вас сакам три дена мјухлет, та јаз сам на вас роб, ќуле"* [V,PM,166]; ~ *кад си јана това брзо кон'че; [од дъхо му мъгла замъглило; [од пените роса заросила; [и ги стигна Марко крај морето; [двам замахна таја остра сабја; [исече им тија руси глави; [и си врна три синџири роби* [Б(С,ДХ),35].

ро́ба f 'долг домашен фустан на раскопчување' [ПК,2(Гър),98]; Саќов запишал: **роба** 'машка или женска облека за спиење' [СК,334].

робе́нчица f 'робинка' [ИГ,128].

робина* f 'жена во крајно потчинета положба'; сп. **роб** ~ *Половина му от кон' паднă; [де е дочул Крали Марко; [разиди са, разл'ути са; [разл'ути са на Филип Мађара; [чи погуби Дете Дукадинче; [и други седемдесет јунака; [и пленил седемдесет жени; [та ги робини закарал* [Б(С,ДХ),41]; ~ *поробил Марко, попленил; [поробил Марко ропчета: [робчета в синџир одеше; [робини в кола караше. [Кадăн Имера под кон'а; [под кон'а окована; [мăшко дете в рăките* [Б(С,ДХ),33]; ~ *тие му вел'ăт гоорјăт: – Назад, назад Крали Марко; [тој е јунак над јунаци; [та шта си та тој погуби; [как погуби наште лăжи; [та нас робини закара; [голи, боси, гологлави* [Б(С,ДХ),41];~ *Делчев ми, Делчев војвода; [кăде се готвиш да врвиш; [мене на кого оставаш; [мрсна робина да стана; [на Турчин мен да зал'уби; зал'уби ошче погуби* [Б(С,ДХ),41]; в. **робинка**.

робинка f 1. – в. **робина**; 2. 'домашна помошничка, слугинка' ~ *скрихол от татка ѝ един ден сос неколку робинки и сос кучициата вјахна на кучиата, да иди на бан'ата да са бани* [V,PM,56];~ *и, кату проминаха приз халваџиски дјуќан, л'у мăра тјанака гу и блăснала молчету и гу ареса мошни. И от млогу мерак пуснала една робинка, зема за десет пари халва* [V,PM-56]; ~ *врнала са бјала Нада от бан'а; [ја прид неја дванаасте робчета; [робчета хи рамна пăтја размеват; [пăк по-нејă дванаасте робинки; [робинки хи златни крила дигат* [Б(С,ДХ),30]; и: **рубинка** ~ *тамо ја виде царицата таквас*

мундра, што стојаши в портите, пусна една рубинка ја викнна при неа, тја ја земаха и неа рубинка [V,PM,209]; во текстот што следува паралелно се употребуваат и двете форми: со и без редукција (**робинка** и **рубинка**). За нестабилноста на редукцијата зборува и К. Мирчев во работата "Неврокопския

тъ говоръ; ~ *полека-лека отиде на мајчини бунари; беши станала веки кату шѓупка; стојаши тамо при бунарот кату ч'узда ч'удна. Ету дошли мајчини робинки, вода да нал'ајат. И тја им вели на рубинките: "ох, мили робинки, кажите на кралицата, и јазе да дојда во нејни конаќа* [V,PM,195].

робува* impf 'кога некој е во потчинета положба и работи како роб' – *Бре Јоване, бјалограѓанине; [Бјалоград ми гори, шче изгори! [Като гори, нека да изгори! [Ја сам на нек три години робувал; [прва година за мајка, за татко; [Фтора гофина на кон'а, за мен'а; [трета година за малка диуојка* [БД,180].

ро́ве* impf 'ја разрива земјата, прави дупка' ~ *змиѓата ровејќи таму, правејќи дупка н'агд, дојдела до-н'акој злато, до-н'акој пари. Н'акој куп с-скаршил, лижејќи многу, нногу врʼами и-с-истурили парити* [ЛС(К),128].

Ровиштето top. 'место со остатоци од стари рудници', северозападно од Руждене, Драмско. Ј. Иванов наведува: од **ров, ровиште** (= голема дупка, јама), од стсл. ровъ [ЛИ,-М...,184].

ро́вна adj, f (формата за м. род ја немаме регистрирано) 'желна, страдна' ~ *ро́вна мајка и за ќорво чедо* [ПК,2(Гар),98].

роглина m (f) 'тој (таа) што има рогови' ~ *на патот и стретел бравот и ги питал: "Дека така, Самарина и Капаклина ?" – "На гости, роглина", му одговорили тие* [ШГ,V (403)].

рогузинар m 'човек што плете (ткае) рогузини' [ПК,2(АЌ),98]; заглавниот назив го забележивме во следниов опис на занаетите во Гевгелиско: освен *ругузинарски*, познати занаети уште се: *кувачки, арабаџијски* (тој што превезува), *варџијски* (тој што пече вар) и др. Занаетите се пренесуваат од колено на колено: *кувачки син са уче да биде кувач, а сумарџијски* (тој што изработува самари) *да биде сумарџија* [ТГ,350].

ро́гус m, bot. Tupha latifolia 'висока мочуришна билка, шавар' ~ *расте високо кулку трăскăта, уд-нʼаа сăплетат ругузини* [ПК,2(АЌ),98]; ~ *гулемо шиште, уд-десит кила, за ракија, за-вино, плетно уд-вонка ус рогус, а мош и ус-вăрбови пăрчки* [ПК,2(23)]; ~ *вија мистијна окулу реката ки бидăт по ниски ут друјзте на околу, и сă пăлни су урман, најногу: дива трăскă, рогус, сас, шиварика, блатцки гингир, реш и ногу друзи турлиј треви* [МЕв(Р),76]; – спомнатиот назив го запишавме во еден поширок опис на рогозинарската работа: **рогузот** се набавува летно време од мочуриштата, а *ругузините са ткајат* зимата; при ткаењето прво ќе ги одделат широките лисја, а срцето, (во гевгелискиот говор го викаат *лико*), *са цепе* на *тенки* делови, што *ќи са сукат* и ќе се прават *врвци*, што ќе бидат основа на *ругузината*. Потоа *врвците са топат* (во вода за да се работат полесно) *и са праврзуват*. При ткаењето *врвците* се опнуваат на две дрва *(деми)* што се наслонуваат на sид [ТГ,252].

ро́д m – 1. 'лица сврзани по крвно сродство' – в. **ро́да, рудни́на** ~ *и ходи́ли по селата, пи́тали, те́рали по селата да научѫ́т кој чув'а́к е знаел... Кѫ́де е умр'ал поп, "Ам па има ли род?" Идват брата му питат* [ВДрам(Кал),334]; ~ *зар не са, лудо и младо; [тате и чико два брата; [чина и мама – јатрви; [није сус тебе братчеди!" [– "Хеј, мори, моме, јубава; [дробни камејне број немат; [широко поле крај нема; [длӑбоко море брод нема; [јубава мома род нема* [ТГ,-99]; ~ *тогај фати царјут да му вели: "от дека сти , господине?" И тој му вели: "оттука сми, царју, но малук останах от татко и от мајка, та не знам, от чие род сам"* [V,PM,191] – предлогот **'од'** се среќава на местото од различни предлози, во случајот го заменува предлогот 'без': **малук останах от татко** (= мал останав без татко) ; во употреба е синтагмата **род-руднина, во која со** удвоен сигнал се засилува значењето: ~ *сѫ́л то шо живел 8-10 (г.) на чужбина (чуздина), за толку гудини не е видел ништо от шо му-ј најмило на дујната: род-руднина, пузнајници, другаре ут дитинството, су шо си гу има поминато нарадосното време ув живот* [РЕв-(Р),68] – скратената партикула за суперлатив **'на'** (место 'нај') се среќава и во соседните влашки говори; 2. 'плодови од растение' ~ *Бо́ју мари, бјала Бо́ју; [малкѫ́ моме, бјала Бо́ју; [букуу дѫ́ру род рудилу; [свјака вјајкѫ́ и јабѫ́лка; [на врѫ́хѫ́ му славеј пјае* [БД,12]; 3. 'потомство' – називот **род** го запишавме и во следново суеверие: овошката која не дава род треба *да са пустраме.* На Велика сабота треба да се оди в црква и да се однесе едно јајце. Кога ќе се врати домаќинот треба јајцето да го врзе за овошката, но тоа никој да не го види. Утредента, в недела пред луѓе треба да се рече: "*Чудин асилат, чудин род!*". Овошката ќе се посрамоти и идната година ќе роди.

ро́да m (f,n) – 1. 'блиски по род' – в. **рудни́на** ~ *и ре́кал Марија: Голе́мо и сѫ́рцито ми на Го́спот, и радувала ду́ша му кри Бо́га, мо́јо уткина́ч, о́ти приглидна́ на на́јдо́лна измиќа́рка не́гова. Ету ут се́га на́ка сѫ́ти ро́ди ки ми благосо́ват* [MV,K,301]; – синтагмата: **и ре́кал Марија** (место 'рекла...') претставува уште една потврда дека случаите *'тој рекла'* не треба да се третираат поинаку освен како реперкусија од нефункционирањето на категоријата род. Погрешното објаснување дадено од Ј. Иванов беше прифатено од повеќе слависти (за ова поопширно в. во граматичкиот дел); ~ *ниве́стта по́виќе сја́а са́ке ни́јнта ро́да, а зе́то не́гуфта, о́н нѫ́-мо́ши дѫ́-би́де си́н* [ПК,2(Гѫ́р),204]; ~ *и су упину́а, и си тре́си зѫ́бити, и си су́ши, и му рекох на Учени́ците да гу изва́дат, и не́ мужа́ле. И он му гувори, и ве́ли на не́гу: А бизве́рна ро́да, ду́ри ко́га ки би́дам су ва́с* [MV,K,285]; 2. 'потомство, род' ~ *па дру́зи ве́леа: Ми́на Хр..., ут Галиле́а ки испа́дни? Не ве́л'ат кни́гити шо ѝ ут Дави́доа ро́да, и ут се́лото Ви... шо бе́ши Да́вид, ут та́му ки до́јди Хр...? Да фати́а да си раздел'ат лафо́ви ми́ѓу них за́рди не́го* [MV,K,255]; ~ *па на те́б ки замини́ уф сѫ́рцито – тфо́јо кѫ́лѫ́ч су две́ врѫ́с'; ду́ри да си чи́нат били уф но́гу сѫ́рци скри́шнити ла́фуви. Бе́ши и А... Профи́тница ке́рка на*

Ф..., ут ро́да А... не́ испа́гиши уф валта́рут [MV,K,314] – во текстот има две граматички посебности, прво употреба на множинската наставка **-и** кај именка од ср. род: **уф но́гу са́рци**, истава наставка се проширила и кај еднослоżни именки од м. род, што зборува дека таа (наставката) како да станува универзална множинска наставка; втората посебност е употребата на предлогот **'уф'** (во) наместо 'од': **не́ испа́гиши уф валта́рут** (наместо 'од *валтарут*'); 3. изр.: **да са чинат рода** (= да се ородат) — изразот го запишавме во следниов опис на свршувачката: во минатото без стројник не можело да се замисли свадба. Макар и колку да се сакале младите, макар и колку да биле согласни родителите и од едната и од другата страна, да се реализира врската, т.е. ***за да се чинат рода***, сепак мора да има стројник. Тој мора барем два пати да оди, да ***струјуве***. Тој е еден вид сведок, тој е "третиот во пазарењето".

роде́ни* n 'кога низ чинот на раѓање на свет доаѓа нов организам – раѓање' ~ *да му ре́кал Ангилут на не́гу: Ни́м са́ пла́ши Зах..., о́ти мо́лбата си слуша́ на Бо́га, да же́на ти Елиса́вет ки си роди́ла де́ти на те́бе. Да ки би́ди на те́бе ра́дус голе́м и шанла́к и но́гу л'у́ди на роде́нито ки си раду́ват* [MV,K,321] – во контекстот имаме образување на гл. именка од перфективен глагол (**роде́ни-то**), што не е познато во македонскиот стандард. За ова в. во трудовите на Т. Димитровски; во Зборникот на Верковиќ ја сретнавме формата **роденье**: ~ *домакинот, дојде врем-ја, и дошел от хаџиликот, на пăнтјут му зеха мињдету, чја дјате има женаша му; и тој, кату ч'у, много си зарадува... много гозба и сторел на човеците зарди родението* [V,PM,183].

родина f 'земјата во која човек се родил, татковина' ~ *родино мајко мила, Македонијо; [сите тебе те знајат. [Излегоја шпијони, Македонијо; [продадоја ти земјата, ку-ќи јем дворове; [за јефтини пари* [БМ,63].

роднинка* f, dem. 'близок по род' – в. **рудни́на** ~ *месечинко ле роднинко; [роднинко леле, роднинко; [шо зарана ле захадаш? [–Кон'а ми је до чаирја, [чаирја ми је закл'учен; [ју мома ми је јоткл'уча* [БД,119].

Родоби́тни Ни́ви top. 'ниви што раѓаат добро', во реонот на с. Старчишта, Драмско. Според Ј. Иванов називот е изведен од **родъ** + добыти (= плодороден) [ЛИ,М...184].

ро́дăн (и: **роден**)* adj 1. 'за организам што се појавил на свет, што се родил' ~ *л'у отиде талука и кату здигнала очите и, виде аф чингел'ут имаши обесана една мрăјија от човек удран, млогу са оплашила и фатила да плачи ризико и да си кăлни дните и, што беши родена аф них* [V,PM,62]; ~ *Бог му рекăл: "Сăте деца ти са родени на крајнта вечар. Воа, што ти са роди сега, – на прăвната вечар, кога дојде ти. Оди си сега: су неговото касмет ки пумините арно"* [V,PM,267]; ~ *фл'ăзе́л уф-дво́ро и чукна́л на-вра́тта. Ти́ спадна́ле га́здите и-о-прăима́ле на-го́сте. Та́ вечăр о́ни па ки-прави́ле паржешка, има́ле ро́дăно де́те, же́нцко* [ВД,277]; и: **руден** ~ *дал уд Бога, малој моме, си паднала; [ил уд земја, малој моме, си-никнала? [море лудо, море младо, ађамија! [нит уд Бога, лудо младо, мома пажгје; [нит уд земја, лудо младо,*

мома никне; [туку сум ти, лудо, уд мајка рудена [ТГ,96]; 2. 'се кажува за оној со кого имаме роднинска врска' ~ *нă-ро́дăњоо бра́т за́лăко ту́ткин мо:-зе́. Сѐ му збра́, ни жа́л, ни гре́х* [ПК,2(Гăр)164]; 3. 'за дрво што раѓа' – сп.: за **Бắдник** или **Бắдни вечар** во огништето се става дебело дрво *(бắдник)* што треба да гори цела ноќ. За *бắдник* избираат **родно** дрво, што многу раѓа, за такво (дрво) се третира дивата крушка, што ја викаат **горничка** со верување дека тоа ќе им донесе среќа и цела година ќе им биде **родна**, т.е. изобилна [ТГ,82]; 4. 'земја на која успеваат земјоделските култури' ~ *та́тко кугá гу-виде́ Сру́мичкото по́л б'а́ш но́гу рàдо́сн. Он ка́за: "Т'а́а зе́мја е ра́мна, сас ра́мно и ро́дно по́ле, но́гу наличу́ва на-на́што С'а́рско, на на́шата зе́мја"* [ДЧ,169]; 5. 'место, куќа, каде што некој се родил' ~ *сра́шна рàбо́та д'а́т!... Оста́на-ни та́м ро́дната ни га рму́да сас две́ кӑшти, пле́вна, а хắр, е́сли, тӑрло, àлба́р, зàсу́дан кла́дник, ц'а́лио имо́т сас дво́ро, а́вли(ј)а́та, ни́вите* [ДЧ,168]; ~ *там сре́тих но́гу чув'а́ци от-мо́јто се́ло Чуфлици́к.Ти́ја ми ка́заха де́ка и мо́јо со́ј са-исе́лил от-ро́дното м'а́сто и де́ка са ту́ка* [ДЧ,167]; ~ *најмалкија брата вјали и гојвори: ["Брате погол'ами хајдја да са молим; [молбă да сă молим од двамина једăн; [једăн да на пуснат, та да си идиме; [та да си идиме на родното мјасто* [БД,86]; ~ *зăпре́ вујна́та. Кăт ти́а гуле́мите дăржа́ви се́гичка шо́ да́ват кума́нда, тăка́ запре́ војна́та. И кажа́а по́сле: "Ко́ј са́ке дă-с-јо́де, слубо́дно-ј, дă-с-јо́де до́ма, ро́днуто ме́сто"* [ПК2(Мор),219] – во текстот имаме случај на беспредлошки додаток за место, што се третира за навлезена особеност од балканската јазична алијанса; б. изр.: **удма́јка ро́дăн а.**(= без облека, сосема гол); ***б.*** (= добар, со племенита душа) [ПК(Гăр)].

ро́(ј)е (сạ) impf 'се размножува, станува **рој** (пр. пчели, или свилена буба) – спомнатиов глагол го среќаваме во следниве описи: пчелите на пролет *са ројат*; за да не побегне *ројут* секое утро треба да *са накадат* со измет од говеда, а околу кошот треба да се расфрлат лисја од *пчелок* (матичник) [ТГ,-399]; ~ *то́-ej е́дна тре́ва шо лири́се, че́л'те шо ги-збу́рăт. Ко́шувуто ги-нăма́чкуват, че́лăта ка́ ќи сă-ро́е дă фле́зе у-нă̆тре, ѝ мири́се нă-сла́тко* (објаснување за тревата **чăлок**) [ПД,(Ник),123]; ~ *и ка́ ки до́јде у-то́плуто вре́ме, укулу Вели́гдин, ки по́чне то́ дạ-сạ-ро́е, и ки-си-гу-удви́виш ка ки-и́ма пл'уска́ни се́мијна и ки-до́јде вре́ме ки-збу́вне та́ кути́јта дạ-сạ-ро́е и ки-си-зе́виш ки-си-нàбе́риш кăпи́на... ки-си-ста́виш* [ВМег(Стр),317].

рожде (си)* impf 'се јавува, се раѓа нов организам' – в. **рӑж'да** ~ *старицот му вели: "виде ли прӑмнојут вечир трапезата, как беши пăлна и три кандили горјаха; и фториј вечир две кандили, што горјаха; и третиј вечир една кандила; и по хил'ада душа, што умираха, и по хил'ада, што си рождат"* [V,PM,85]; ~ *уф Гра́цко Ба́лдуфци и́мше ади́н алти́пăрмăкли́а* (човек со 6 прсти на раката). *Ти́а такви́ сă-ро́ждат* [ПК,2(Грам),19]; и: **ро́жда** ~ *и же́нта кăт шу-ре́чи та́ка: две́ де́ца су-зве́зда у су-мишчи́на и чу́пăта тăква́. Ле́пи и ро́жда. Ружда́штем му-туру́ва две́ кучини́шта та́*

[ДК(Лип),114]; односно **ро́јде (са)** ~ *то: го́сто си-рачел: Та: мо́ма е́нус са-ро́јде, ја́с-сум два́јсе гуди́ни и-о́шче два́јсе да-че́кум, ја́с са́ке да-устаре́м* [ВД,277]; и: **рожќе*** ~ *првно зафати чиница* (кара башак) *да са фале, вил'аќи: "Мене сите ма палат* (ме бараат). *Ма јаде и крал' и сирумах. И еден сусем сирумах чувек, ка ки му дојде некуј арин ден, мене ки ма пале. Биз мене никуј на може. И кога са рожќат трабувум, и кога умират – па трабувум"* [ТТ,342]; 2. 'кога растение дава плодови' ~ *по́лито би́ло ле́по и сѐ сӑ-ружа́ло. А и нӑ-висо́ките ме́ста ло́зјата но́гу ружа́ле. У-се́лто живи́ле рисја́ни и Ту́рци, а л'у́ѓата кӑко л'у́ѓа а́рно живи́ле* [ДК(Деб),154]; 3. 'за земја (нива) што дава приноси' ~ *то-ј место (нива) шо не рожде ништо (шо ќи-даа тоо прегор)* – објаснување за земјоделскиот термин **прегор** (неквалитетна земја на која посеаното не успева, прегорува) [ПК,2(Мут),88]; 4. 'се појавува нов, млад месец' ~ *ка̀ сӑ-ро́жде михчи́нта* [ПК,2-(Грам),78]; 5. пословични изрази: **бӑрза̀та (ку́чка) сле́пи ро́јде** (= темелноста е важен услов за квалитетот) [ПД,137]; ~ *ви́кме зӑ-не́каа же́на: фа́те не́што, не́ гу напра́ве кут шо тре́бе* [ПК,2(Гӑр),154]; **то́ шу-ро́жда и уми́ра** [ДК(Дебр),107]; ~ *му-ве́ле: "Ви́а би́дите жи́ви, кумши́а, ӑрӑни́ата у́мре!" – "Кӑко мо́же бре́, ба̀кӑр д-у́мре!?" –"Ааа, кумши́а! Кӑко мо́же дӑ-ро́де, та́ка мо́же и д-у́мре. То́ шу -ро́жда и уми́ра"* [ДК(Деб),154] – во текстот вокативот е изразен со номинативната форма: *"Ви́а би́дите жи́ви, кумши́а"*, што зборува дека и последните траги од деклинацијата се губат ; **ќи-ви́јш де́к сӑ-ро́жде ле́бо** (= ќе бидеш сериозно казнет) ~ *ак тӑ-ча́тнум ади́н шӑма́р ќи-ви́јш де́к сӑ-ро́жде ле́бо* [ПК,2-(Ним),129].

рожделна adj, f 'мајката во однос на роденото чедо' ~ *да идеме и да пиеме; [и добра дума да думаме; [на чужда земја шта ид'м; [чужда е земја усилна ; [кат чузда мајка маштеха; [соја е земја умилна ; [кат соја мајка рожделна* [Б(С,-ДХ),29].

рождене* n 'чинот кога на свет се појавува нов организам, раѓање' ~ *пъ́рво викнали две стари баби, за да ја одродјат. Царицата, от млогу болки, дојде дури на крај омирало. Двете баби са чудјат, што да прават, и, л'у призирнеха за да видат, как дохожда рожденото малко, за еднош на бабите души му изл'али и умрјаха* [V,P-M,275].

рожденик* m 'тој што е од с. Рожден' ~ *мајка му го ни пушчаше: ["Седи сину, нимој ходи; [в нӑзи гора бустанлӑчка; [руждене са касканжије* (завидлиивци)*; [јелешане са пушкобије!"* [БД,86].

ро́к* m 1. 'коскен израсток на главата на некои животни, ги има два, со роговите животното напаѓа, односно се брани' ~ *е, сја́а и́де до́ма, де́тто ве́ле: "Ма́јко, и нӑ-ца́ро ма-еба́х; ма́јко а́с сӑ-чи́нум ади́н во́л ус-ади́н ро́к. Ќи-мӑ-иска́риш нӑ-пъза́ро, ќи-мӑ-пруда́диш, а́ма и ара́пино ќе-ј-та́мӑ"* [ПК,2(Ним)-270]; ~ *Ру(ј)на пасе сио стадо; [по Пирина, по планина; [с братоо си мӑшко дете. [Овен има четирога: јалӑци му подресила; [рогове му оковала* [Б(СДХ)18]; ~ *та кој*

ки јади от сноквите, ке да извади рогови. Ониа рогови сетника ки сакат да ги загубат, та некој лекар не знаи л'ак за них [V,PM-35] – во содржината среќаваме употреба на заменката **некој** со значење на 'никој': **та некој лекар не знаи л'ак за них;** ~ *роговиту, колку дена проминат, они по-гол'ами са чинат: ден за ден си нарастат, дури веки са не земуваши удајата, и ниту можеа да излезат вăнк от удајата... му рече: "царју, јазе мога да ти чинам да паднат роговиту, ама аку ми даваш за жена твојта мома"* – во текстот не се почитува правилото за удвоен објект: отсуствува кратката заменска форма за директен објект '**ја**': **ама аку ми даваш за жена твојта мома** [V,PM,35]; ~ *кóлку вр'ăм'ą "úма ут тугáс?" т'á му вилú: "брóі ги рóгувéту! кóлку ч'атáл'ą úма, тóлкус гудúни úма"* [MS,t,19]; ~ *кату ловиши, најде една змиа страшна, сакаши да изјади един елин, ама еленот, кату имаши големи роговови, не можиши колај да гу изјади* [V,PM,80] – во контекстот освен нерегуларната линеаризација: атрибутот е во постпозиција во однос на именката: **една змиа страшна,** прави впечаток множинската форма '**роговови**', којашто е изведена од еднинската 'рогов', форма добиена со цел да се зачува парадигматичноста на акцентот – спрема **рогóви** се има изведено и '**рогóв**'; 2. 'нешто испуштено, издадено напред како заб' ~ *тá-ј вúла, дăрвăна, ус-штúри рóга (зăба) зă-збúрне, зăубрăштине слáмта – ká вăршиме нă-гýмăнто* [ПК,2(АЌ),55]; ~ *óна нé-ј цéла* (како што е лопатата), *óна-ј куту бунéла* (вилушка), *úма куту рăгóве, рóшки. Сă-упутрéбуве зă-вéјне нă-врáо дудéка úма слáма, ус-н'áа сă-фăрке* (објаснување за земј. термин **кăрпăлóк** = вид вила) [ПД(Ник),122]; ~ *úма двé рăгóве, зăба. Ус-нéго сă-кóпе лóзе* (објаснување за земј. термин **дикел'** = вид копачка) [ПК,2(Грам),39]; 3. изр.: **рок тимница** 'кога е многу темно и од никаде нема светлост (како во рок)' ~ *флéвум уф-удáата, а тáм, уф-нăтре, рóк тимнúца, стрáх дă-т-фáте* [ПК,2-(Гăр),191].

рок m 'определен временски термин до кога нешто треба да се стори, односно има важност' ~ *и ká дујдéме тýка, а-брé вáадăн, а-брé ýтре, ду-дéн-дăнéска сè нą-Кýкуш óјме... јá вáадăн дă-мă-пýштат ми-сă-óде нă-дóлу, тáм дă-живéм. Јá, пáшуш прăвúх вáа нидéл'а, тóо пумúнал рóкут* [ПК,2(Пос),293].

рокче n, dem. од 'рог' ~ *жејнте носăт фустајни ут алаџај и други купечки арџувă. Месту кăлпак, фес пувијен су цăрнă ширвета (ка му велјат они шалијă) и су идно, кăту рокче прăвену су ширветтă нă деснăтă странă* [МЕв(Р),81]; ~ *мăлéчкичка, шăрéнка тúквичка зą-лúчне. Ќи-сјáа тýриш нăврăс пулúцта, нóго árно мирúсе. Она-ј жăлтичка ус-шárки бéли, зилéнки, чúниш чувéк а шăрáл. Мóре óшпóárно. Адни-пă сă кут ус-рóкчта. Тúą сă-бéли, крéмуви пóвиќе* – објаснувањето се однесува на бот. назив '**цинцарка**' [ПК,2(Мут)-127]; во следниот текст ни е претставен еден начин на примитивно лекување со **рокче**: – летно време од сонцето некои луѓе се жалат дека ги боли глава – за да им помине, на тилот, на неколку места им се боцнува кожата и таму се стават мали **рукчијна** на кои на

врвот има дупчиња; низ тие дупчиња со смукање се извлекува воздухот, потоа дупчињата се затвораат со прст, безвоздушниот простор се полни со крв и кога ќе се наполни **рокчето** само се одделува од кожата. Се верува дека на тој начин организамот се ослободува од притисокот [ТГ,...].

ром – само во сложениот назив: **ром-ракија** (сп. **рум-ракија**) ~ *крај селото шарена чешма течеше; [на чешмата до три моми переха. [– Ја дајте ми моми студна вода. [– зарад тебе л'ута ром-ракија* [Б(СДХ,69)]; ~ *ај, дајти ли, моми, мори, једна чеша вода; [да пијам, моми мори, да с-опијам. [– На теб ќи ти дадме, лудо, лута ром ракија; [да пијеш, лудо мори, да-с јодиш; [да пијеш, лудо мори, да врвиш* [БМ,160]; ~ *ако нејќе ситно сено да јаде; [да му дадиш дробин бисер да зобе; [ако нејќе дробин бисер да зобе; [да му дадиш ром-ракија да пије; [ако нејќе ром-ракија да пије; [да му дадиш рујно вино да пије* [ТГ,370].

ро́ни (и: **руни́**) impf 1. 'симнува зрна од кочанот на пченка' [MS,s,98]; односно: 'одделува од целоста ситни делови'; 2. – **(се)** ~ *не јоди, Лено, мори, по брегот! [брегот се рони, Лено, ки падниш. [– Јако да паднам, мајко, да јумрам; [да не го зевам, мамо, јувчарче* [БМ,137]; ~ *ним стој Перло на брегут; [брег са роне, ки падне! [– "Кам да падне, да јумрам; [да не гу земам млад Јумер"* [ТГ,369]; 3. 'кога некој плаче и солзи му течат (се ронат)' ~ *јахна Марко брза кон'а; [та наврви да ми иде; [да ми иде при ФилипМађара; [кога мина приз Марица; [да си најде седемдесет жени; [че си бел'ăт црно платно; [и си ронăт дребни сăлзи* [Б(С,ДХ),41]; ~ *кату ахкаши и пешкаши просикот за кривакот, еден човек пита го: "што дедо ахкаш и пешкаш така?" –"Ох чендо ... Ногите ми, ми откраdoха";... –"Ах чендо, кривакот ми открадоха"... Си отиде просикот на дома му, плач'ајке, слăзи рунејке* [V,PM,189]; ~ *и о́на са́ си-се́де та́м нă-крива́то. Ка́ о-дуне́суве ка́зве́то: "Ајде", му ве́ле. Фл'ăзе́ло де́тто, не́ гу-зи́ме мо́мăта фăлцја́но, туку ка́ зăјде́ла уф-не́го. Де́тто ут-стра́м фăти́ло сăлзи дă-ро́не... "Шо́, ръче́ла, сăлзи ро́ниш?"* [ПД,145]; fig.: 'кога место солзи од очите течат бисерни зрна' ~ *двете самовили не стрексаха, да ја извадат очите. Туку малката рече: "јазе за ја дам еден марифет, от очите и безер да рони"* [V,PM,219] – во текстот има нерегуларност во употребата на заменките: формата за акуз. предмет на местото од дативен: **јазе за ја дам еден марифет** (место: 'за ѝ дам') ; ~ *и кату ја виде мајка ѝ, млого са зарадува, хем плакаха и двата: от молините очи безер си рониши, от устата ѝ маргарит са нижиши* [V,PM219];~ *нај-малечката рекла: "Мен да ми земе, да му родам едно дете, косата да му е од злато, и кога ки плака, бисер сăлзи да роне"* [V,PM,267].

ро́нка* f 'трошка од леб' ~ *па идéн сиромáх бéши, и́мито му Лá-зар, тóа па си вăртиши ду пóртата нéгува, éм и́маши рáни и пичáлиши да си најáди ут ро́нкити шо паѓáле уф трапе́зата зингúнцка* [MV,K,270] – во контекстот имаме нерегуларна употреба на предлогот '**уф**' со значење 'од': **ро́нкити шо паѓа́ле уф трапе́зата**

м. 'од *трапе́зата*' (такви нерегуларности има повеќе, за некои се мисли дека се калкирани според туѓ образец) – поопширно за ова в. во граматичкиот дел; ~ *нѐ і а́рно да зе́ли чове́к ле́пут ут де́цата и да му да́ди на куќи́ните. Же́ната ре́кла: Така́ Афе́ндо, о́ти куќи́ните ја́дат ут ро́нкити шо па́ѓат ут со́фрата ут ни́њото стопа́н* [MV,K,272] – во текстот имаме случај кога обезвучувањето на согласката условено од позицијата (крајот на зборoформата) се пренесло и во позиција кога односниов услов не по́стои: **ле́пут** (м. 'лебот') [ТГ,288].

ронка adv 'малку, нешто во мала количина' ~ *а́дна ро́нка му сӑ-скара́х, фати́ дӑ-пла́че* [ПК,2(Гаp)-98]; [СК,334]; ~ *на третта вечар пак му донесле измитчијте мо малко вичера и малко видоло, т.е. една ронка вичера и колко една искра видоло, па гу питале куту по-напрешните вечери. Он му рекаl: "Што имум на софрата пред мене, тоа касмет е и на децата"* [V,PM,266].

ро́нка̀ф* adj 'сосем мал' (сп. **ронка** 'трошка') – обично во синтагмата: **а́дин-ро́нкаф** ~ *де́лт Го́це о-пувлӑди́л нӑ-не́го. Му-зе́л но́жо, о-за̀кла́л, г-устави́л лиша́но врӑс-не́го, си-бига́л пу-Ѓо́л'о, пу Арди́нско̀о Ѓо́л'. И-ни́што па́кус уф-се́лто нѐ стана́ло, о́ти излизе́л пра́в де́ут Го́це. Ет зӑто́о и дине́ска о́ни сӑ-ви́кат Куми́тӑфци. И де́чкӑта сӑ-кумитла́ре. Адни ро́нкӑви кумитла́ци, кумитла́ре* [ПК,2-(Крец),310]; ~ *а́дна ро́нкуфка би́ше ка́ ко́пше ус-ме́н бӑрба́р* (заедно) [ПК2(Гаp),98].

ро̀нка́чка f ~ *мӑши́на за ро́нкине нӑ-мису́рка* [ПК,2(Гаp),98].

ро́нке impf – в. **ро́ни** 1. ~ *а-ро́нкиме мису́рката* (= пченката) [ПК,2 (Гаp),98].

ро́па impf 1.'удира, чука' – в. **ропне** ~ *има́ло висо́ки по́рти ца́рут. И о́де е́линут дӑ-ро́па пу-се́стрӑ-му. Ро́па, ро́па – а-скаршу́ва по́ртта, си о́де. Стаку́вӑт нӑра́нто – по́ртта скаршена* [ДК(Ран),125]; 2. 'звони' ~ *му-ве́ле: "Ска́чите-сӑ го́ре, дӑ-ви́те шо́ сто́ка и́ӑм кӑди-гве́чер, ко́га о́фците уфча́рите и-пу́штат". Сӑ-скӑчу́вӑт пу-ину-ри́т го́ре и слу́шат де́ звонци ро́пат* [ДК(Ран),139].

ро́пка f 1.'дупка, отвор' ~ *но́с гу р'е́ч'и: "дрӑш' рӑнка́та да гу фӑр-л'а!" и му пл'у́сна, му ја удри́ рӑн-ка́та, уста́на ро́пка* [MS,t,39] – случај на нерегуларна употреба на кратките заменки: формата за прав предмет употребена на местото од неправ: **но́с гу р'е́ч'и** (м. 'му речи'); ~ *и з'е́ват двами́на ду́ш'а пуина́ фитифти́ра и ут крӑхч'а на крӑхч'а прува́л'ат ро́пки* [MS,-t,3]; ~ *и иди́н чув'ӑк напо́сл'ат кла́ва ло́зи на ро́пкит'а и двами́на ду́ш'а... ги фти́скат ло́зит'а* [MS, t,3]; 2. 'живеалиште на диво животно, дупка во карпа' ~ *иди́н д'е́н' ме́ч'ката, кога́ исл'а́ваш'и за да по́ј да брка ја́дини, му кла́ваш'и и-на́ ро́пката на уста́та, иди́н гул'а́м ка́мин'* [MS,t,16]; ~ *и гу на́јди ма́лкуту там д'е́ пла́ч'иш'и, гу пуж'али́, си гу з'е́ сӑс н'е́ја на ро́пката* [MS,t,16]; 3. 'гроб' ~ *и ди́гнува брат-му ка́лин'у, гу удри́ва у глава́та, гу уклава́ва, гу зари́ва на на́с ро́пка* [MS,t,48]; ~ *адна стара баба, ка го видела посакала да го поруге на лудото и му рекла: "Ним сино, не чинувај така сос мајка ти..." А, то, наместо да и отгуворе га уждире*

на старата баба адин крлик по главата и га убиве... вике на баче му: "Баче! Две ропки копи, две баби ти носум!" [ШГ,V(419)]; 4. изр.: **се́кој ќи-си-нāпа́лне ро́пката** (= секој ќе умре кога ќе дојде неговиот ред) [ПК,2(Гāр),192]; сп. клетва: **ро́пката да мо-напра́ват** (= да биде мртов, да се најде в гроб) [ПК,2(Гāр),98].

Ропките top. 'место во реонот на Просечен, Драмско', в. **ропка** (= дупка, јама) [ЈИ,м...,184].

ро́пне* pf 'чукне, тропне' ~ *"Мāр зе́л-мā, ба́бо!" Му-ве́ле, му-ве́ле па́... Гу-зе́ва – о́деее. Ути́шле та́му, си-лигна́ле. Сто́рāл шо сто́рāл. Ро́пнāл, шо нāпра́вāл, нāпра́вāл, му избе́гвāт о́фците. Идна́ о́фца не́ уста́нва* [ДК(Лип),117]; ~ *кај се чуло и видело; [моме на сон да се украде; [меѓу мајка, меѓу татко; [меѓу девет мили братќа. [А качиле на пајтонот; [ја однеле во Турција; [там ропнале тапаните; [тогај моме се разбуди* [БМ,100]; ~ *Ину-де́те уд-се́ло нā-се́ло ути́шāл нā-ни́кој* (некој) *кра́ј. Гу-стимни́ло. И му-ро́пнāл та́му. Му-ре́кāл: "Ако мо́же дā-спи́јам ту́ка". – "Е, а́рно, му-ре́кле. Не́мме ме́сто, ма́ е́лај!"* [ДК(Ем),151].

ропче* n, dem. од 'роб' – 1. 'комплетно потчинет' ~ *поробил Марко, попленил; [поробил Марко ропчета: [робчета в синџир одеше; [робини в кола караше* [Б(С,ДХ),33]; 2. 'тој што помага дома, слуга' ~ *врнала са бјала Нада от бан'а; [ја прид неја дванаасте робчета; [робчета хи рамна пāтја размеват; [пāк по-нејā дванаасте робинки; [робинки хи златни крила дигат* [Б(С,ДХ),30]; ~ *врна се Вела јот уода; [с дванајсте робинки; [с тринајсте робчета. [Робинки напреж врвјаха; [и хи пāтишча метјаха; [робчета после врвјаха; [и хи крилата дигаха* [БД,62].

ро́пч'инка f, dem. од **ро́пка** (в. таму), сп. **душкич'ка** [MS,s,98].

ро́са f 1.'ситни капки од дожд' ~ *уф јуна́кāви дво́ри [сла́нце прāпиче́ло, [уф-мо́мини дво́ри, [ро́са зарусила [отди́ли-се мо́ма, [од-ма́јка, утма́тко* [ВГ(Ст),271]; ~ *дарувајте дудулито; [дудулито сирачито; [да попадне темна магла; [да зароси ситна роса; [да навади рамно поле; [да се роди берикетот* [БМ,-34];~ *кад си јана това брзо кон'че; [од дāхо му мāгла замāглило; [од пените роса заросила; [ги стигна Марко крај моретo. [– Оj ти Марко, Марко кралевити; [и за тебе празна халка има* [Б(С,ДХ)-35]; ~ *Мори почна Павле огајн да ми вале; [ми го вали три дни ем три ноќи; [мори, тамам огајн мајце се развали; [ми зароси сиуна ситна роса* [БМ,99]; 2. 'кондензирана водена пареа што наутро се фаќа по тревата, лисјата' ~ *твојата душа се леје; [куту снегут на сла̄нце; [куту ледут јуф вода; [куту каранфил на слана; [куту чубрика на роса* [ТГ,98]; ~ *и та́м за стујáт дур да усдхнат ... с'ётн'а сабáлин кугá и́ма ро́са, ум'éкнуват ... ги пра́вили сандáла* [MSt,5].

ро́си* impf 'кога врне дожд со ситни капки' [СК,334]; ~ *нā-зāкāра́ то́ чувéк, нā-искāра́ ут-Со́лāн нāво́нка, ве́ле: "Ду ту́кā мо́жум, ут-ту́кā нā-на́м гáаре...". Ни́јā ка́ пāтува́ме, ка́ пāтува́ме, адно вре́ме ка́ сāмна́, па́ нā тāва́ ме́сто... Же́нцко му-ви́кāт, ф-Же́нцкуто По́ле. И до́шче, ја́ кути че́ра ка́ ро́сише, тāка́* [ПД(Пат),172]; ~ *роси, роси, вај Дудуле, ситна роса, мили*

боже; [да наросиш сѫта земја, вај Дудуле, мили боже; [да се чине бирик'етот; [да се ранат сирумаси [МЕв(Р)97]; ~ *карај мајчо, когу караш; [ама мене немој карај; [мен ми вече дотежало; [дотежало домѫчн'ало; [на врхчето роса роси; [на Дунава мома носи* [БД,13]; на исток од Солун: **руси́** 'врне ситен дожд' [MS,s,98].

ро́син* adj 1. 'кога врз некоја растителност (пр. врз трева) се има нафатено ситни дождовни капки – роса' ~ *деојка е боса поминала; [гола, боса оште гологлава; [да ми иде фаф росно ливадје; [да нажѫне росна детелина* [Б(С,ДХ),19]; ~ *истом по ранината хрѫтлето сос опашката си земуваши от реката вода и напрѫскаше околу момата тревите, и, кога стана утринта, царјувут син најде момнуту месту по-росну* [V,PM,71] – поодамна констатиравме дека во југоисточните говори среќаваме имперф. (и презент) од перфективни глаголи; сп. од контекстот: **земуваши от реката вода и напрѫскаше околу**; очигледно дека појавата има пошироки размери (в. ***Кукушкиот говор***, т. 1); ~ *ама аку сакаш да га докимасаш, дувечира, кога ке да си легнити аф чаирите, талу она дека ки спие, аку е моја, утринта ке да е тревата увјахната, пак аку е јунак, тревата ке да е росна* [V,PM,71] – во текстот прави впечаток линеаризацијата, имено партикулата за идно време '**ќе**' и глаголот не се во контакт: **ке да си легнити**; истово важи и за помошниот глагол: **ке да е росна**; 2. 'нешто што ја има свежината на росата' ~ *китка ми падна од росно лико; [јунак ја најде ни ми ја даде; [иди ја терај, белкин ки ја даде; [терах ја терах, нели ја даде* [БД,114] – случај на употреба на препозитивна употреба на кратката заменска форма во однос на глаголот во императив: **иди ја терај**; ~ *мла́до, мла́до, ги́ди ро́сно зла́то, [ги́ди ро́сно зла́то, пра́вно л'у́бо! [на ра́нка му ле́га шипе́рница, [ф па́зуха му ба́рка ка́т ф копри́на* [ПСт,ЗС,72]; ~ *гу-зѫкла́ле, гу-извѫри́ле. Она де́ка пѫди́не ко́ска се́ ѫ-бе́ре и пла́че. И фа́шта ти́а ко́ските и-зѫкупу́ва у-ба́фшта. Никну́ва ину буси́л'ук ро́сно, кѫк...* [ДК(Лип),116]; ~ *и тја го и чувала умрјант тамо нетри тукму три години без л'ап, без вода, и пак* **росна стојала** *ка-ту* **росна триндафил** [V,PM,209] – случај на нарушена конгруенција: атрибутот во женски а именката во машки род (***росна триндафил***); сп. top. **Ро́сен** – во реонот на Елешница, Валовишко, изведено од ***роса*** [ЈИ,М...,184].

Росица 'ж. лич. име запишано во Драмско' ~ *Росице, пуста Росице; [всекога јо вас да дојда; [все тѫ насметка намирам; все жална, све разжалена; [дѫли та мајка карала; [ил тѫ са братја бедили* [БД,148].

росица f, dem. – в. **ро́са** ~ *му ве́ли: "бра́те, ме́ни ми са́ пика́и! Ки са по́пика от ту́ка". Бра́т му му вели́: "сакѫ́н, бра́тко, одо́л и́ма чове́ци!" Па́к то́јнака: "мо́ре ки са по́пика!" Отго́ре брјасто́т са попика́. Тогас фати́ха бизирѓа́ните да вел'а́т: "о-хо-хо! ми́ла ма́јува ро́сица по дја́дова бради́чка!"* [V,PM,126]; ~ *ама на лудојут млого зорт му дојде, са пика отгори наврах базирѓаните. И базирѓаните фатиха да вел'ат: "охохо... о-хохо! от Бога топла росица дојде"* [V,PM,229]; ~ *папаруда л'аташи, л'аташи; [ут дѫб нѫ дѫб*

кацаши, кацаши; [и сă Богу мол'аши, мол'аши – [фати Боже росицă, росицă; [дă навăдим пченица, пченица; [дă нăхраним дјачица, дјачица [БД,25]; ~ *росица ми прироси, ни је било росица; [ја мă сă били момин, момините сăлзици. [– "Оj калугер, калугер! Калугер са ни жени; [јод Бога је грехота, јод л'уде је срамота!"* [БД118] – во текстот прави впечаток употребата на номинативна место вокативна форма: **оj калугер, калугер!**; ~ *русицă руси, тревица никни; [пахон гу пасе, перја гу фрлја; [моми гу бирjăт, китки гу кичăт; [та гу прудавăт – китка хрулија* [БД,25].

ро́снек m 'домашна направа, воденица за мелење бунгур, каменот се врти со рака' [ДК(Лип),104]; во односнава регија за истата направа е регистриран и друг назив: **бунгу́рцки ка́ме́jна**.

рот m 'уста на свиња, чурилка'; називот го немаме забележано во други македонски дијалекти, се работи за архаизам, сп. во рус. јазик [ДК-(Емб),106].

ро́уф* m 'голема дупка што служи како заклон на војската' ~ *тăка́, стăна́мă, сă-зе́ма - о́jмă. Во́jскăта на-идно-пăти́ште бе́ше, а то́ пăти́ште, о́ти баирли́во ме́сто-j, кăту-ро́уви пра́ве́но, дăлбна́ту ме́сту. Едни́ на-та́ стра́на во́jска ле́жăт, дру́ѕи на-ва́* [БМег(Волк)-193]; и: **роф** ~ *а́вли́(j)а́та ни б'а́ши гул'а́ма, се́дам-о́сам де́кара. На о́кол а́вли(j)а́та би́ш иско́пан ро́ф. До-ро́фо би́ха посаде́ни кава́ци* [ДЧ,158].

рофjа́н m 'лош човек, тој што кодоши' [BV,140].

ро́фке impf 'кога свињата испушта глас' ~ *и вăлко удде́л си-гла́дин. И тăка́ о́де пу-пăто гла́дин, на́jде едно пра́се не́где ро́фке и гу фа́ште. "Ки-тă-изе́дум". – "Фа́т-ме, ви́ке, з-у́хто ...дă се́тне мă-jа́ди"* [ПК,2(Мор),224].

ро́чка f 'уста на свиња, чурилка' [ДК-(Лип),104]; в. **рот**.

ро́шка f 1. 'гранка' (во случајот сува) ~ *му-ве́ле и сă-ури́ва до́лу, си-бе́ре ро́шки. Бе́ре ро́шки, е, зăка́чва чити́ри ко́jл'а, а вăрзва ме́чкăта ле́по су-фăрто́ма, ă-лигну́ва и зăпа́л'ва уздо́ла о́гăн* [ДК(Паљ),119] – за лексемата **леп** 'убав' тешко може да се допушти влијание од српскиот јазик бидејќи се работи за говор од крајната јужна периферија каде што немало услови за меѓујазичен контакт; 2. 'нешто издадено, шилесто како заб' ~ *што́ си́тнăме зе́мăта, и́ма ăлезни ро́шки* (објаснување за земј. термин **дăрлắча**) [ПД,121]; ~ *то́-j уз-две́ ро́шки, зă ко́пăне нă-ло́зе* (објаснување за земј. термин **дикел'**) [ПД,121]; ~ *о́на не́-j це́ла* (како што е лопатата), *о́на-j куту́ буне́ла* (виљушка), *и́ма куту́ рăго́ве, ро́шки. Сă-упутре́бува зă-ве́jне нă-вра́о дуде́ка и́ма сла́ма, ус-н'а́а сă-фăрке* (објаснување за земј. термин **кăрпăло́ќ** = вид вила) [ПД(Ник),122].

Ро́шлуво top. 'име на село на север од Кукуш' ~ *И, ут-та́м, нă-футрината тăргна́хме дă-бе́гме. Имахме сто́ка: о́фци, ко́зи, и́махме вăло́ве, кра́ви, би́вуле, ко́jне, măга́ре. И устăна́, се́ ра́спус удде́. И бигаме. Дуjде́ме уф-Грăма́дна. Сиде́ме а́jн де́н и се́тне сăба́jлинта, шо-ве́лиш, а́j па́ нă-га́ре нă-Ра́шлуво* [ПК,2(Шек),278].

Ро́шлуфска Ре́ка top. (сп. с. **Ро́шлуво**) ~ *нă-Питро́вдин нă-де́но смă бе́гни. Спруму Питро́вдин нă ве́чăрта не́ сă-пугуди́ли Гăрцте и Бугăрто. Фăти́ли вуjна́, о́ти Со-*

лăн сакáла Бăлгáрија дă-гу дăрже. И ка́-j зăфájкăт нă-нáште, уфжéтва, гóли, гóли бигáли. Ут А мбáр Ќój ка́ сă-дигнýвăт, зи́мăт нă ва́ки, пу-стрáнта, пу-Гáлик. Едни́ зимáли пу-Ро́шлуфска Ре́ка [ПК-(Крец),308].

ро́шуф adj 'тој што е со неуредна коса, незачешлан' [ПК(Грам),60] ~ *кут бис че́шăл' дă сă-до́ма.*

ру́би pl. 1.'облека, алишта' ~ *иди́н д'е́н' зл'áзи цáр'ут на ш'е́дба, скопóту би́ш'и н'е́тр'ą у мур'е́ту го́л ('бис ру́би')* [MS,t,78]; ~ *и фáш'-тат, ги звáждат н'е́јнит'ą ру́би ут вăнк по́ртата* [MS,t,11]; *по́-ситн'ą прумина́ и иди́н про́с'ąк ... т'á му вили́: "ми ги ни дáваш' тфо́јт'ą ру́би и на м'е́н'ą"* [MS-t,23]; ~ *"ми́лата сфита́ Бугурди́ца, ш'ту т'ą ви́д'ąх у гурáта и си ги м'ąнихли ру́бит'ą"* [MS,t,25]; ~ *фтáса д'ăт'ąту на б'ăла вóда, си извáди ру́биту и фл'áзи на кури́ту-ту* [MS,t,14]; ~ *и на́ тес трите косми, кога ки ми сакаш мене, да ги лизнуваш, та јаз ки идам да ми вјахнуваш; та сториш и еден кат харни руби, да си имаш по тебе* [V,PM,159] – прави впечаток предлогот **по** наместо 'со': **и еден кат харни руби, да си имаш по тебе**; ~ *тáти, ... на м'е́н'ą иди́н ко́н' да ми дукáраш' и иди́н кáт му́ш'ка ру́ба... и иди́н дисäјќ ли́ри* [MS,t,29] – забележлив е рефлексот **у** за големата носовка во зборот **му́ш'ка**, кога, од една страна, зборот не се третира за црквенословенизам, а од друга (страна) нормална, очекувана замена е **ă**; ~ *гу калосури́саха и и р'е́ч'и на мáлкатá-му мóма: "иди́н јунáк инá ру́ба имáш'и кутý слă-нцитy"* [MS,t,35]; ~ *нáјди иди́н ч'убáн, му сă мо́л'ąш'и да мин'áт ру́бăт'ą и ч'убáнут и ха дáди и ... з'е́ ру́бăт'ą ут ж'инáта* [MS,t,68]; ~ *ја ви́д'ąха мумáта, такфáс хýвава и прим'ąн'éнта сăс то́лкус хýвава ру́ба* [MS,t,23]; 2. 'предмети – шиени, ткаени (вклучувајќи и облека)' но со издиференцирано значење: 'стварите што младата невеста ги носи како дар во новиот дом'; се јавува во еднинската форма: **руба** ~ *нáпкулта ќи–зи́ме тáткото шо да-би́де ут-ру́апта, ќи-благушóве, ќи-фăрле уф-куфчé-гут* [ВГ(Ст),270]; ~ *кога ја питала бабата: "што пошташ синко?", тја пак хи рекла: "Стребро и маламо, бабо!" Тога тја ја завела и ја откарала дома си, та хи дала три товара руба от голо злато, товариха хи ја на убави кон'ă и ја пратила да идјă дома си* [V,PM,286]; ~ *тувáрна, азăр, ко́лта сјáа-устăви́ме, тăкá избигáме ус-адна́ ду́ша. Ус-житвáрски ру́би, кăкви́ би́ли, ус-тăкви́ с-јóдаа чувéцте, ус-дри́пуви ру́би. Ру́бăта ни устăна́ тăкá* [ПК,2(Иц),282] – во контекстот се забележува разликата меѓу **руби** 'облека што се користи' и **руба** 'облека и др. што се чува'; ~ *маштеха хи, като видела толко руба, каскандисала и утринта, като сја научила, у-де хи ја, пратила сојăтă си дăштерја да пасе оловето и хи порачала, да идјă на нози мјасто да најде бабăтă* [V,PM,286]; 3. сп.: **ру́ба за ут вăнка** 'горна облека' ~ *му ку́пи ру́ба ... за ут вăнка* [MS,t,81], односно **ру́ба за ут нăтр'ą** 'долна облека' ~ *... гу зан'éси на ч'арш'и́-јата, му ку́пи ру́ба за ут нăтр'ą*

[MS,t,81]; пог.: **рýба крáсе, рýба гнáсе** ~ *рýбта о-прáве чувéко, áк с-ублéчиш уф-ýбува рýба пóарин ќиси* [ПК,2(Гăр),191].

рубија f 'вид златна монета' ~ – *Жени ме, стара ле мајко, жени ме![; дудека ме сакат момите. [– Не можа сино, ле мори Стојане; [ваја гудина е скапија; [ришето ченка жалтица; [ведруто вино рубија* [БМ,152]; — заглавниот збор (**рубија**) го сретнавме во описот на следниов празничен обичај од Гевгелиско: за празникот Прошка, *армасáнте* (свршените) девојки *бакнуват рăка* на постарите роднини од страна на свршеникот и добиваат поклон *игла* (брош) *сус рубија* или *петлинце* (петле направено од сребро што се носи како брош) [ТГ,34]; на вториот ден од **Бужи́к** *армасанта* девојка *бакнуве рăка* прво на свекрвата и на свекорот. *Свекурут* обично ја дарува со некој *алтăн*, а свекрвата со златни пари (*рубија, чарклија рубија, мамудија, барбут* и др.) [ТГ,90–91].

рýбич'ки* pl., dem. 'алишта' ~ *и си з'éва рýбич'кит'ą прóтумáстóру, си јáхна кóń'у и трăгна* [MS,t,19].

рувé impf 'реве' (силно вика) ~ *да му фл'áј ш'иш'éту на гăзó да си фáти да цúка, да рувé* [MS,t,50]; ~ *магáр'ąту рувé* – в. **ривé** [MS,-s,99].

рувé impf 'рие' (копа површно) ~ *бúшкатą рувé* [ДЧ,140].

рувéл'* m 'мало огнено оружје, револвер' ~ *и óн завóдуве кóјнто дă-бéге. Адúн'о: кумúтин му-сă-пýште зă-пулвúнте, путúснуве-гу. Гу-фáјќе, о-фáште ф-рăцто тăкá, а дрýкјо: кулúтин нé сă-пýште нă-дрýкјо Арнýтин. Искáрве рувéл'о: тăк, нé фáште, тăк, нé фáште. Нé му рăбóте. Арнýтино кá видéл нé му-рăбóте рувéл'о и му-сă-пýште дă-бéге* [ПК,2(Даут),335]; ~ *ąндáртo, óни-сą сąс рувéл'* [ДЧ140]; ~ *озодолу иде едно клето Грче; [та на Рума вели, вели одговори: [– Мар дај си ми Руме една студна ода! – Душата си дава, ода си не давам. [Разл'ути се Грче, та искара рувелј; [та искара рувелј, рувелј од поеса; [та удари Рума на клетото срија* [БД,138].

рýво* n 'облека (надворешна)', в. **рýби** ~ *нивéјсти идно́ врéме и-прáва, нă-нáште мéста, тýа гóре, ут-Илúнúву нă-гóре, су-шáрове или сăгúа му-с-вúкăше рýвуто нă-нивјсти, су-кăлпáк нéкуј, тýа супýлуви* [ВЕв(Ил),307]; и **рухо** ~ *ја Јанкула хи вели отгоори: – мăри малчи, малчи млада Јанкулице; [премини са, нариди са; [што ти рухо најприлега; [шта ти јахнă на мојто сио конче; [и шта ти подăм мăжкото дете* [Б(С,Д-Х),38]; ~ *и заеднош си собераха и влезоха в царскио двор, и пак излезоха сите на рен, на рен. Тогај царјут примени 300 дивојки, се на един бој, на едно рухо, и неговата дивојка талю, сите покриени невести* [V,PM,158]; ~ *Димке ле, Димке, црноока! [доста вејке ергеновај; [ергеновај, левеновај; [ергенско рухо носила; [син'а риза и бјал хустан* [Б(СДХ)33]; ~ *Рáда úма трú дивójки – де, гúди де, [ја и трúте édно лúко, édно рýхо нóсат* [ИГ,108]; ~ *рăзтарја порти момкова мајка; [снăха ти довевалı, в руху куприн'ану* [БД,61].

рýга f 'ангажман на човек да пасе овци' [BV,140].

ругáт* adj 1. 'добиток што има рогови' ~ *óфцą сąс ругóв, т'áą е ругáтą* [ДЧ,140]; 2. изр. **éм шýто, éм ру-**

га́то (= *е́м не́ гу зна́, е́м са́-фа́ле)* [ПД,138].

ру́ге impf 'кара' ~ *са́ба́јлинта о́дӑт, гле́дӑт, сӑ-фӑти́л ґа́вуло. Оште ка́ гу виде́л га́здта, пучна́л дӑ-гу-ру́ге: "И, и-бре́, вика́л, не́ ве́-ј стра́м, пра́вите мо́стуве да вӑрвӑт л'у́-то, а ви́ӑ курди́сувате фа́ци дӑ-ги-фа́штите"* [ПД,166]; ~ *то́о мо́јо чуве́к* (= мојот маж) *но́го-ј ру́ге де́цта* [ПК,2(Мут),98]; ~ *ни́м гу-ру́ги то́лко* [ПД,(Пат),115].

ругози́на* (и: **ругузи́на**) f 1. 'постилка од ткаен рогоз, се постила на земја за седење или одмарање' ~ *тјанака угладн'а, извади што да е да јади, ама не можа, зашто мирисаши на човек, и, кату не можала да јади, извади една парча месу, гу фӑрли под ругозината* [V,PM,62]; ~ *ми вели: "на царјувут син ја оставих, да ја чува. Ако ја открадн некој сестра ни, сетне чохап не можиш да на дадеш. Ајди, карај поскору да појми, ча пот ругузината има една дупка; оттамо излева един дјадо* [V,PM,233]; ~ *ама тојнака знаиши ча тјанака не беши јала; фати да вика: "месу варену дек ми си, ела". И то пусто месу беши враговчина, знаиши да вреви и заедноч излезе пот ругозината прет негу* [V,PM,62]; кај Малецки: **рагузи́на** [MS,s,95]; 2. изр.: **пуд-ругузи́нта гӑ-пу́ште** (= кога некој тајно прави пакости) ~ *тӑко́ф-ej о́н, пуд ругузи́нта гӑ-пу́ште, Ќи-ј нӑ-сӑске́, се́тне си-гле́де гу́сто* [ПК,2-(Гӑр),189]; – сп. **рогуз**.

ругузинов adj 'нешто што се однесува на **ругузина**' – односнава придавка во контекст со врвка ја запишавме во следново празноверие од Гевге-лиско: во минатото голем страв имале селаните од *сеховскиут вампирин* (селото Сеово сега е преку граница, во егејскиот дел), којшто "направил многу грозотии" и затоа еден ден зеле и го раскопале гробот и таму го нашле "како седе", еден од селаните му ставил на вратот *ругузинова врвца* (таа не се кине) ја затегнал и така го довлечкал *вампиринот* до Вардар [ТГ,260].

руд adj 1. 'нешто свежо, убаво, црвеникаво' ~ *мори, што си налутена, Недо; [јот не ли зборуваш, севдо; [ка ми зборуваше? [мори, ка ми зборуваше, Недо; [су тенката јуста; [мори, со тенката јуста, Недо; [со рудото грло* [БМ30]; почесто за **јагне**: ~ *Галапке моме, Галапко; [оште ли мома што ходиш; [хората мали да лажеш. [Оттам замина Галапка; [Кичо си на друм седеше; [с негува верна дружина; [рудо си јагне печеха; [црвено вино пиеха* [БД,140]; 2. 'кадрав' (за волна или коса) ~ *там седјахӑ осем зими, девет лета; [да стигнахӑ, та добихӑ: [руди овци, вакли охци; [та станахӑ, наврвихӑ; [да си дојдӑт от планина* [Б(С,ДХ),45]; ~ *па на Стојан вили гоори: – Стојане, л'убе Стојане; [стигнӑ ли л'убе, доби ли; [вакли охци, руди овни?* [Б(С,ДХ),45]; [ПК,2(Мут),98].

руда f 'дел од запрежна кола, дрво што ги поврзува предните и задните тркала'; со исто значење и: **пашка** [ДЧ,63].

руда́н'* m 1.'направа за предење волна, памук – чекрк во др. говори' ~ *усӑхнува ут слӑнциту пре́луту и си гу суби́рами ина́ ку́па и з'е́вами руда́н'у ... и калами́сами* [MS,t,6]; ~*Ка́ сӑ-приде́ли? Руда́но? Ка́ те́-ј курди́син и́ма ѕеле́зно вӑрте́но, то-та́м не́-ј тӑкво́ вӑрте́но. То́ е нарӑка вӑрте́но, а на-руда́но-ј ѕеле́з-*

но. Вăртéнто ка́' ко:-клáјш úма рудáно тăкá чăпăрáшка, ќи-те-ј курдúсин и ќи-си-прéдиш [ПК,2-(Пл),254]; ~ *зáпрјоо тóо рудáн гáаре, ми-флизé уф-глá-фта* (станува збор за шумот што се прави кога се преде со **рудáн**) [ПК,2-(Гăр),176]; 2. 'обичај, верување' – кога *стројникот* ќе тргне од дома да уговори свршувачка, *да струјуве,* домаќинката ќе земе шишенце во кое има ракија, ќе го приврзи на ***рудан*** којшто почнува да се врти (заедно со шишенцето) со верување дека девојката и родителите така ќе се вртат околу стројникот.

руди́ (и: **ро́ди**) pf 1. 'донесе на свет нов, млад организам' (кај човечкиот род и во животинскиот свет) ~ *"áку руди́ ж'ината-му, как да му рич'елми ино́ úм'а? да гу рич'é-ми – Дијуни́ш'!"* [MS,t,46]; ~ *за и кáж'иш' на н'éја за да м'а ни ч'áка и ш'ту за руди́ úти мóма úти д'ăт'а да гу крăстити Инсáф* [MS,t,48]; ~ *уткрáва инá јáблăка ут парáдиса и исл'áва на зим'áта, прумúна прис цáрувáта кăш'та и вúка: "тó ни рáж'да, јас úмам л'ăк да руди́!"* [MS,t,30]; ~ *вá трéќата устăнáла трýдна, áма ја нéма дă рóди. Ама кóа рудúла óна, си-кýчúла и кýчката, сăмáчила и мáчкăта* [ВЕв(Кр),301]; 2. 'дава плод' (за дрво, растение) ~ *Боју мари, бјала Боју; [малкă моме, бјала Боју; [букуу дăру род рудилу; [свјака вјајкă и јабăлка; [на врăхă му славеј пјае* [БД,12]; ~ *сјала мома есено грозди; [и гу е сјала, и се фатило; [та е родило есено грозде; [та направила ројничко вино* [БД,111]; 3. 'се појавува сонцето' (но само наутро а не од зад облаци) ~ *от тáму киниса полека-лека, от две дена сетника отиде на слăнцето; ошти не беше родило. Тáму најде слăнчова мајка, на неја вели говори: "сакам слăнцето да ли кажи кăсметјут"* [V,PM,99] – во контекстот среќаваме две посебности, едната морфолошка: проширена употреба на предлогот **'от'** место 'по' (**от две дена сетника отиде**), втората синтаксичка – отсуство на кратките заменски форми како конституенти на удвоениот објект, сп.: – **на неја вели говори** (наместо: 'на неја ѝ вели') **и "сакам слăнцето да ми кажи кăсметјут"** (наместо: 'да ми го кажи кăсметјут'); 4. – **(сă)** ~ *јáс сă рудúх на хúл'а октакóш'а éнининда ин'á* [MS,t,87]; ~ *ричé на нéгу Ангелот: Нúм сă плáши, Зааријн, зáшто тфójото мóлба сạ чý на Гóспот, и тфójта жéна Елисáва ки си рóди дéти на тéбе* [MV-,K,294]; ~ *на тóа врéми, удéки пу пăтут Ис..., а видé иднó човéк шо бéши слéп ут ká си родú. И му питáа Ученúците нéгови, ém вél'ат: Дидáскале, кój и грешú... да си родú слéп* [MV,K258] – нерегуларна употреба на кратките зам. форми: дат. 'му' наместо акуз. 'го': **му питáа Ученúците** (м. 'го питаа'); ~ *каталахý на нóс сирумáх жинáтаму бúши дитúн'а, ја фáтиха булúки за да сă рудú мáлкуту* [MS,t,15]; ~ *одат тáквú адни́ стáри куту мéне, нé избрúчини. Турúл еднá кáпа – пулвúна óфца, знáјш тúạ шóпто, ус-цивúлна рýба, ус-трилéјна пýшка, нóжут нă-пýшкăта. И сăсмéат, гувóрат: "Е, е дéца, вúке, нúа нé сме кату млáјте вујнúци, вúке, дă-бéѓме. Сигá, вúке, нă-Гăрцте шó ќи-му-напрáјме". Шо нăпрăвúли нé знáм. Утúхме на-гăрчкăта грáница за-дạ-шóјме уф-нáшто сéло. Знáјш, кăт-се-ј рудúл чувéк,*

та́м мо-ј ми́ло, ќи-сă-пукло́ниш зă-дă-живе́јш. Тă-шо́-Гра́к, шо́ Бу́гарин [ПК,2(Коџ),353] – дадовме подолг текст зашто во него среќаваме не само историски факти (доживеани) за судирите во Втората балканска војна, туку има и елементи од народниот бит, пр. за облеката; ~ *се́тне, уд-Мукри́во стăна́ме, удде́ме нă-Сви́дувица. Та́м сиде́ме. И-та́м, зă-то́о сја́а ко́рно н-е́ј ут-та́м. Та́м ме́-ј. Тугáј тăка́ би́ше. Сă-ро́диш, не́ сă-зна́а шо ќи-сре́тиш, шо ќи-па́тиш* [ПК2(Шек),279] – нова потврда за фреквентноста на перфективниот презент: **сă-ро́диш, не́ сă-зна́а** (м. 'ќе се родиш'); за ова поопширно во трудот "Кукушкиот говор", т.1.; 5. 'кога некоја работа се пресоздава во нова форма, односно во нова содржина од постоечкото' — кога жената ќе почне да ткае треба да се прекрсти и да каже: "*Боже пуможи! Сус леко да родум!*", т.е. без тешкотии од преѓа да се стори ("да се роди") платно [ТГ,363]; 6. изр.: **дур не роди врбата грозде** (= никогаш) ~ *наздравицă ти Калино; [јот твоја здрави на моја. [– Стојане мори Стојане; [не ти преимам здравето; [дур не роди врбата грозде; [и жăлта дун'а ниранза* [БД,20]; "**Роди ме, мале, сус касмет** (или: *касметлија*), **па ме фрли на пăт!**" – народот верува во судбина, односно како што е предодредено од "севишниот" [ТГ,311].

Руди́ните top. 'планинско пасиште во реонот на Ливадишта, Драмско'; Ј. Иванов наведува од: стсл. **родина** 'ливада' [ЈИ,М...,184]; **Рудина** 'рид во близина на селото Стојаково, Гевгелиско' – односниов топоним го запишавме како дел од народниот бит, но и од верскиот жи-вот: на празникот **Чисти Пунидел-ник** (тоа е прв *пуниделник и прв-нијут ден уд Вилигденски пос)* се-ланите се качуваат на споменатиот рид и тука варат грав, играат и се веселат; истото го прават и жителите на соседните села Богданци и Богородица, првите се качуваат на ридот **Пугана**, а вторите на ридот **Куфил'ок** [ТГ,42].

руди́тал* m 'татко или мајка во однос на своето чедо' ~ *о́н бил но́гу бугáт, а́ма намáл ни же́на ни де́ца. Ива́н и Ти́на устáнале при-де́уто. Он са-трудил да-им-ги-заме́не руди́тал'то* [ВД,277].

Ру́диште top. 'место во Мрвашко во кое се копало железна руда', Ј. Иванов наведува од стсл. **родда** + суф. **-иште** [ЈИ,М...,184].

рудни́на f 'тој со кого имаме крвно сродство' [MS,s,98]; ~ *и му ричé Ма... на Ангил: Ка́к ки би́ди во́а, шо не́ зна́л ма́ж? И гуворú Ангил, и ричé на не́а: Сфе́ти Ду́х ки флéзи на те́б... И е́ту и Елиса́вет, тфо́а рудни́на, и о́на устана́ те́шка* [MV,K,316]; ~ *и жените кату за подат на дивојкини каштú, сплăзноват рăнки с девојкините роднини, прајат здраво живо и седнуват неколко ч'ас, дур да пијат по едно кајвé* [V,PM,-246]; ~ *вéлиши: Ету таká сакá Го́спот да ми чи́ни на ме́н на ло́ити дни́, шо му са видéл а́рно на не́гу да ми си би́јат пе́за л'у́дите. И му дујдéл вре́миту на Елиса́вет да си ро́ди. И слушáле иникато́ри ... и сắта рудни́на му* [MV,K,321]; ~ *Јо́сиф и Ма́јка му не знајáле. Тра́чиа шо бил су дружи́ната на́при, удúле бајá виздéн, и гу пáлаа на рудни́нити и на пузнајáти л'уди* [MV,K,294] – во контекстот имаме проширена употреба на предлогот **'на'** наместо 'кај': **гу пáлаа на рудни́нитѣ** (м. 'кај рудни́нити').

рудни́нски adj 'нешто што се однесува на **руднина**' ~ *та́а на́шта излезе́ пу-рудни́нски* (т.е. така како што не му одговара) [ПК,2(Гър),188].

руднинство n 'врска заснована врз крвно сродство' – заглавниот збор го сретнавме во описот на следниот обичај: на заедничката вечера кај девојката кога се дојдени роднините од момчето да ја бараат девојката за нивниот син, прво благословува таткото на девојката: ~ "*Ка е арно Госпу́д нека даде! Мисла аирлија да ни биде! Ново **руднинство** ду века да траје, и Госпут на сите ваја радуст да ја даде!*" [ТГ,163]; – и останатите гости пиејќи вино слично благословуваат: *"Ајарлија руднинство!"*, и обраќајќи се еднаш кон таткото на девојката, друг пат кон таткото на момчето ќе кажат: "*Чистит ти сват"!*; ~ *уднапре́ди си́те о́дъ̀хме пу-ви́зи, съ̀-зна́јше **руднинство**, сја́а га-не́ма та́а* [ПК,2(Гър),121].

руд'ова* impf – в. **руди́** (со исто имперфективно значење се употребува и **ра́ж'да**) [MS,s,98], што зборува за широката употреба на суфиксот **–ува (–ова)**, констатирано од предходните истражувачи на долновардарските говори.

руду́ве* impf 'има роднинска врска со некого' ~ *е́дна мо́мичка испа̀дна́ла, гъ̀-пита́ли: "Де́ка-j ма́јкъ̀-ти и та́тку-ти?". Мо́мичкъ̀та ре́кла: "Е, ма́јка и та́тко та́м-съ̀ уф-ре́-къ̀та зъ̀ко́л'ни". И ту́к и́ма сво́ј уф-се́ло Ту́рнуво, ко́ј съ̀-бли́ску ро́да, дур руду́ват и сус на́с ма́лко* [ПК,2(Крец),305].

ружа f, bot. Rosa damascena 'повеќегодишно растение со убави мирисливи цветови во различни бои' ~ *билижило млад јунак; [е́дно дрво в гората; [едно јовен стадото; [једна ружа в градинче; [ка јотиде на војска; [што остави не најде* [БМ,33] – во контекстот се забележуваат две граматички посебности: првата е во врска со нерегуларност во категоријата род: субјектот е во машки а предикатот (л-фор.) во среден род: **билижило млад јунак**, а втората се однесува на отсуството на предлог во додатокот за место: **едно јовен стадото** (место: 'во стадото'). Во Дојранско 'ружата' се вика **трънда́фъ̀л**, а **ру́жа** е друго растение; в. ру́жин.

ружґа́јне n 'чинот на појава на новиот организам, раѓање' [ТГ,471].

ружи* impf 'дотерува, украсува (пр. коњ)' ~ *фркнали ми са фркнали; [девет реда гъ̀лаби; [–Чи де ми са къ̀цнали? [– Къ̀цнали ми са къ̀цнали; [на кумови дворови; [– Мари Лено нивесту; [што правеха кумовци? [– Брзи си кони ружјаха; [за свадба ги готвеха* [БД,50].

ру́жин m, bot. ~ *ки́тка, ра́сте висо́ко, дуде́ка пъ̀ не́кој убра́тно ви́къ̀т ру́жа нъ̀ трънда́фъ̀ло. Ру́жин ej дру́го, а трънда́фъ̀л ej дру́го.* Фактички *ру́жино* е едногодишно растение, расте високо до 2 м., има цветови со различна боја, но со многу куси рачки, т.е. цветот е веднаш до стеблото [ПД(Ник),123]; ~ *теја му одгојворјат: "Стојане, Стојане; [бре горцки дјаволе, бре наимаш ли са; [бре, та да ни идиш, фъ̀ф нашта градина; [та да ни набереш до црвен ле ружен"* [БД,31].

руја́к m 1.'рој од пчели, но и од други инсекти кога се на куп' (кога "семејството од пчели" се дели, односно се подновува оди во **руја́к**) [ПК(2),8]; ~ *ади́н руја́к би́ше зъ̀ста̀на́л нъ̀-ја́вуро, а́j-го, го́ре-j*

о́ште [ПК,2(Мут),98]; ~ *руја́к ут че́ли, руја́к лу́(х)и али руја́к ут ба̏ба́чки* [ДЧ,140]; 2. 'кош во кој се прифаќаат пчелите кога се ројат' [ТГ,471]; 3. 'жиците што при ткаењето претекнуваат (излегуваат) од брдото и мора постојано да се враќаат назад, се викаат **руја̏к;** сп. празноверие: ако во **руја̏кот** жиците се парен број *(чифт)* се верува дека жената што ткае ќе роди женско дете, ако пак се *тек* (непарен број) ќе роди машко [ТГ,364].

Рујна 'ж. лич. име запишано во Серско' ~ *тој ки ходи сио стадо; [звѐнец дрѐнка Рујна пое; [та се тија два зглашават; [кој ги чуе и се чуди: [– Што̀ту е тузи хубавина?* [Б(С,ДХ),18]; ~ *Ру(ј)на пасе сио стадо; [по Пирина, по планина; [с братоо си мѐшко дете. [Овен има четророга: јалѐци му подресила; [рогове му оковала* [Б(С,ДХ),18]; исто така во Драмско ~ – *Мари Рујне, моме Рујне! [ф петѐк Рујна јоглавена; [во сабота са разбол'а; [па лижала малко, млого; [малко, млого три мјасеца; [три мјасеца и полвина - јот Петровден до Петковден* [БД,73].

Рујо 'м. лич. име запишано во Драмско' ~ – *Јабре Рују делија! [Рују вино пијаша; [Рују хабер допадна* (слушна, разбра); *[Маруда са грабнали горанцките момчета; [чашата си отпусна* (остави); *[та ли стана наврви* (замина) [БД,121].

рујно adj (n) 'црвено' – во контекстот: **рујно вино** ~ *Стојан на Петкана зборува; [– Петкано л'убе хубаво! [фтакцувај* (вети) *Петкано, фтакцувај; дано са море отмрзне: [дај да изградим црква от тимјан; [да излеем бѐчви от осѐк* (восок); *[да ги напѐлним со рујно вино* [Б(С,-ДХ),14]; ~ *изјали са девет јувна* (овни), *девет јувна ваклешати; [испили са девет бѐчви, девет бѐчви рујну вину; [десетата баш ракија* [Б(С,ДХ),52]; ~ *и мен мѐ мајка родила; [на ден Велигден, Гергивден; [ф тенка ме книга завила; [с бјало мѐ мл'ако забизала; [с ројно ме винце запоила* [БД,111]; ~ *рѐките ти чаша држѐт; [нѐ чашата ројно вино; [ја в виното росна китка; [ја в китката била пара* [БД,54] – во текстот имаме уште еден пример за проширената употреба на предлогот **'на'** наместо 'во' (кога упатува на внатрешност) : **нѐ чашата ројно вино** (м. 'во чашата'). Освен познатата појава - редукција на 'о' > 'у' има и случаи со обратна редукција: **рojно** место 'рујно'.

ру́ка* impf 'вика' ~ *Спроти отговорот н'амскио траговецот разби сандиките и двата. Та гленда, што да види: курш'ум и камини беха пѐлни. Тогас траговецот фати тамо да плачи, да рјука и на н'амојут му вели: "господине пари сакам!"* [V,РМ,178]; ~ *зѐру́кѐлу: "Киндизлу́шку, Мару́шку, у́мрал мѐш шта-зе́меш". Вѐрнѐла-са т'а плачѐштем при-мѐјка-си. На-тре́тија дѐн' пѐк ста́нѐлу сѐштуту. Мѐјкѐта са-мно́гу зѐчуди́ла и зѐве́ла Мару́шка да-пи́та бу́дѐн от-тѐј ру́ка пи́лету* [ВДрам(ГБ),330] – во контекстот имаме архаична употреба на партиципот, л–фор. како придавка: **у́мрал мѐш** (м. 'умрен мѐш'); ~ *ре́че: "Л'у́бе, ма́лка мо́ме, мо́е весели́у, на-ску́та-ти ма́лку шта за́дреѐам, та-да-гле́даш прос* (sic!) *зла́тно пе́нж'ура, аку да ви́диш от-на́зи ба́рчи́на да-са-подаде́ н'а́ква мѐгла, и на-чеса да-ма-ру́каш* [ВДрам(ГБ),326] – на редакторот на Зборникот на Верко-

виќ обликот на предлогот '**прос**' (< през) му се сторил сомнителен и допишал во текстот (sic!), меѓутоа односнава форма е реална и се среќава и во други текстови; во контекстот има уште една посебност: несигурност, или поточно рушење на категоријата род, сп. **зла́тно пе́нж'ура** (именката во ж., а атрибутската одредница во ср. род).

рука́н' m – в. **ре́спа, струк** [MS,-s,98].

ру́кне* pf 'повика' – в. **рука** ~ *че́ла Мару́шка три́ дни́ и три́ но̆ќи. Ага́ ја-исче́ла, умр'а́лија мӑш са-сажу́ви́л и ста́нал. То́ј зо̆ве́л Ма рушка при ма́ка-хи, ру́кнӑли мно́гу рудни́ни и нӑр'ӑдили гул'а́ма сва́дба* [ВДрам(ГБ),326]; ~ *го́ попи́тали ко́лку гу те́ра, – и чорбажи́ата му казал* (погрешно пишува: 'казах'): *"хил'а́да гро́шја". И но́зи изва́да та му да́ва, ко́лку поте́рал, и зе́л ха́на на не́к, за да седјат сос хала́јтката та́м; ру́кнал и хизмичја́те та плати́л и на тја́х* [V,PM,255]; ~ *бре јахни си брза кон'а; [та ми иди ф Сјар на пазар; [та си купи баш коприна; [от жӑлтата ниранзија; [та си иди ф тјахно село; [та си рукни и подрукни* [БД,112]; ~ *рукна Петкана да пое, [Стојан хи били гоори: [– Петкано л'убе хубао! [Што ти срце развесели [та грукна л'убе да поеш, [лепа песна речовита, [оште л'убе гласовита* [Б(С,ДХ),14]; и: **ро́кна** ~ *и очи́те му-б'а́ха мло́го гол'а́ми и све́теха като́ о́ган. И са-опла́ши офч'а́рина та са-вӑрна да б'а́га. И но́зи б'е́ше зли́ј, и си-дигна́ зми́е очи́те каде́ охче́ре та го-ро́кна: "Ела при л'е́не побра́тиле! Н'а́шту и́мам да-тика́ж'а"* [ВДрам(ГБ),332].

рукузин m 'дебела врвка исплетена од конци или од тесни платнени ленти' ~ *га́(ш)ник, са плет от пре́ѓа, или са круи́ от-пла́тно* [ДЧ,140].

Руманинка (и: **Румалинка**) f – бидејќи стои како определба на името (Ленка) возможно дека упатува на прекар (евентуално на потекло)? ~ *на Ленка гојвори: – "Ленке Руманинке, мар кога та пита; [тојта стара мајка: "Каде ти са Ленке, тојте девет брата?"] Мар ти да хи кажиш: "Мају, мила мају; [мају главихме ги, ма оженихме ги; [за долноземл'анки"* [БД,32].

румен adj 'со црвеникава боја' (обично за лице што делува убаво и здраво) ~ *добро јутро густа шумо зелена; [и ју шуља бунар вода студена; [и у бунар девојчица румена; [та е тенка и висока, румена* [БД,73]; ~ *толку дјуне* (свет) *да обиди; [като Стана да не најди; [нито тӑнка та висока; [нито бјала та червена; [нито руса та румена* [БД,129].

Румена (во истата песна се среќава и скратената форма **Рума**) 'ж. лич. име запишано во Дрямско' ~ *сетила се вечер моја ми Румена; [на ода да идја, лице да јомија; [лице да јомија, коси да натопи; [озодолу иде едно клето Грче; [та на Рума вели, вели одговори* [БД-138]; ~ *мари Ленке, Рума Ленке! [Седнала је Рума Ленка, [долу–долу в градината; [в градината под дун'ата; [там си везе тенак јаглак; [тенак јаглак главеников ...*

Руменка 'ж. лич. име запишано во Мегленско' ~ *море, јодоздола јиде, бре џанам, момата Руменка; [јоре, ширум, ширум, јоде, бре џанам, кату рибица; [ајде, кршум, кршум тегне, бре џанам, право*

на чешмата [БМ,152]; исто и во Гевгелиско ~ *кинисала Руменка за вода; [и калеш Питруш пу неја; [ја тука, ја таму да ја фтасе; [ја стигнал дури на чешмата* [ТГ,205].

Румјана* 'ж. лич. име запишано во Драмско' ~ — *Румјано кузум хубава; [мар като беша на дрва; [нили ли видја стадото?; [– Стојане, море Стојане; [бре и да сам го видјала; [јела ни сăм го познала; [– Румјано кузум хубава; [моје са стадо познава* [БД,38].

Румјанче* n 'како додавка, определба на име' (прекар ?) ~ *Ванчо Румјанчето; [Петăр Ванчу дума: [– Хајде Ванчо, хајде; [на нашето село; [на наша вел'ајат! [Шче ти дадем Ванчо; [ѓурежичка мома; [вакла јаребица* [БД,124].

Румка 'ж. лич. име запишано во Гевгелиско' [ТГ,115].

румоне impf 'зборува' ~ *завел ја Марку, одвел ја; [на н'ази вишни барчини; [по длибокине долои; [и по дребнине камини; [бис цурапе, бис папуце; [Сул'уманица румоне: [– Бре Марко, бре мацарине; [бре продај си ми дјатено* [БД,23]; ~ *Иван ли лежи умира; [на мајчини си скутове; [мајка му сјади над глава; [руси си коси мăкнеше; [на Ивана ги фрлеше; [и си му вели ромоне: – Иване, сину Иване; [бре повздигни си главата* [БД,75].

ру́но* n 'волната од овца острижена и задржана цела', називот го објаснува Тановиќ на следниов начин: стрижењето го почнуваат од стомакот и тоа од половината, така што една половина од **руното** останува на десната страна а другата на левата [ТГ,374]; ~ *ка-испра́х ми ве́ле: "Ашко́лсун мăр ма́ле, а́фирин", мă-путчу́куве пугăрбо. Гă-јстриби́х ду-двăна́јс са́ато, гă-јсчисти́х та́а вắлна. Устăна́а три ру́нци. Де́лто и́мше но́го о́фци* [ПК,2(Иц),286].

руп m 'мала монета во турско време, четвртина од грош' [СК,334].

рупкил'а́ф* adj 'нешто што создава шум кога се грицка' ~ *та́-ј чуре́ша, она́-ј гуле́ма, рупкул'ава-ј, но́го-ј у́бува* – станува збор за видот црешна: **стамбулка** [ПК,2(АЌ),106].

Ру́пата top. 'пештера, наоколу карпи', во реонот на Ловча, Драмско; сп. **ропка, рупа** (= дупка) [ЛИ,М... 184].

Рупе́л top. 'име на село во теснецот меѓу планините Беласица и Сенгел'овската Планина, каде што се пробива реката Струма, Валовишко'; Ј. Иванов наведува: од **руп** + суф. **-ел** [ЛИ,М...,185]; сп. уште топ.: **Рупе́лско Дефиле́** (пак таму).

рупе́л' m 'опака кожна болест', ја викаат и **цăрве́н ве́тар** ~ *рупе́л'о сă-лику́ве ус-ужешкина и́гла, сăго́ре ме́сто шо́-ј бо́лно* [ПК,2-(Грам),98].

ру́пке impf 'кога се крши нешто и се прави шум' ~ *то́о шо́ и́ма зăбе мо́ш си-ру́пке бăнбо́нчта, нибли-би́јчка;* исто: *ка́ о́јме пу-сне́го ру́пке пуд-но́јсте* [ПК,2(Гăр),98]; в. **ропне**.

рупла́н m 'превозно средство што се движи во воздух, аероплан' [ДЧ,63].

ру́п-ру́п-ру́п onom. 'подржување на звукот што се создава при кршење со заби на нешто тврдо' ~ *то́о де́те де́н виздéн го-пасе́л ја́гнăнцто и-вичиртá сă-вăри́не до́ма сус-ја́гнăнцто. Ја́гнăто пра́во на пизу́л'о ути́ве и ру́п-ру́п-ру́п фăти́л да-жва́ќе ади́н вắглн* [MS,s,98].

рупиланка f 'жителка на с. Рупел' (во југоисточниот дел) ~ *Маруши ле*

мелничарке; [дегиди пуста рупиланке; [ја си излези в градината; [Маруше ле Мелничанке; [дегиди пуста рупиланке; [в градината зад кашчата [Б(С,ДХ)60].

рупну́ва impf 'чукнува' – в. **ро́па** ~ *гу-фа̀ти́ло не́ку до́ш, ни́ку гъ̀рми-ти́на у ни́ку пустили́а ме́сто – не́ма де́ка дъ̆-съ̆-скло́не. Би́ло идну виде́лу та́лу. Си-ве́ле:"Ќ-о́дъ̀м та́му дъ̆-съ̆-скло́нъ̀м ва́ но́ш". Оде та́му, рупну́ва нъ̆-вра́тта* [ДК,(Ран),127].

рус adj 1. 'тој што има светол тен, светла коса' ~ *што видов мале пак видов; [једно дивојче градјанче; [високо скемле седише; [руси си коси чешлаше; [тенки плитенки плетише* [БМ,32] – прави впечаток беспредлошкиот додаток за место: **високо скемле седише** (м. 'на високо' ...) , што се третира за позајмен образец; ~ *тогас много попот и пападјата си наумила, та фати, собера коматите наедно, ги залепи и фати сос змиината трјава гу помаза детенто, јужувјало. И кату ужувјало, праве отиде на самовилата, руса глава сос остра сабја му ја посече* [V,PM,216]; ~ *затори са руса малка мома; [што да хи дадем, та да ми отори? [дадох хи лоза сăс гроздје; [да ми отори – пак ни ми отарја; [дадох хи вејка сăс дуни; [да ми отори – пак ни ми отарја* [Б(С,ДХ),24]; ~ *кад си јана това брзо кон'че; [од дăхо му мăгла замăглило; [од пените роса заросила; [и ги стигна Марко крај морето; [двам замахна таја остра сабја; [исече им тија руси глави* [Б(С,ДХ),35]; 2. 'нешто со светла боја' ~ *но́го ру́си ша́рки си клӑде́ла на-ира́мо* (вид постилка) ; 3. 'нешто што ја изгубило бојата од стоење на сонце' ~ *ира́мо ут-сла̀́нцто изруси́л* (станал *рус*) [ПК,2(Гăр),98].

Руса 'ж. лич. име запишано во Драмско' ~ *Русо мар нивјасто: јод Бога да најди! [јод Бога да најди кој Руса наслуби; [на девет девере и на уосем снăхи; [и на четир зăлви, четир л'ути змии* [БД,94].

Руса́лица top. 'ниви во реонот на с. Лехово, Валовишко'; според Ј. Иванов: веројатно од лич. име *Русалија,* сп. стсл. **Рѹсалиꙗ**, или од **русалка** 'митолошко суштество што живее во вода' [ЈИ,М...,185].

русали́а* m 'играорец на **русалиско** оро' – бегалците од Кукушко со себе ги "донесле" обредните игри за "русалиите", кои што долги години опстојуваат во новата средина во Струмичко, особено во селата: Секирник, Сушица, Турново и др. Главен организатор за опстанок на русалиската традиција е Гоце Петров од Секирник; пренесуваме дел од неговите искажувања: ~ *уф-ста́ро вре́ме, до́лу уф-на́што, Куку́шко, зăбра́нно би́ло дъ̆-игра́ат о́ра, мъ̀кидо́нцки о́ра. Ама пра̀ку вла̀ди́кта му-с-удо́бруве дъ̆-игра́ат дъ̀ва̀најс де́на. Тѝа̀ съ̆-вика́ли русали́ј. Ти́а̀ русъ̀ли́цки о́ра съ̆-вика́ли, зăшо́ му би́ла ру́бăта рăзли́чна. Ка́пте му-би́ли ту́рцки, ама нъ̆-ка́пта има́ло пъ̆-кра̀с, съ̆-зна́ло не́ съ̆-Ту́рци, о́т съ̆-христе́не. То́лко дуби́ли удубре́не, дъ̆-игра́ат ут-стре́дн'оо де́н нъ̆-Бужи́к ду-Вуди́ци, дъ̀ва̀најс де́на. И ти́а̀* **русали́ј** *игра̀ја́ли на́ши о́ра, куку́шки о́ра, а́ма на-ту́рцко и́ме о́рта съ̆-вика́ли. Ста́рто о́ро, съ̆-вил'а́ло* **кърмъ̀зи́-фуста́н**: *цъ̀рве́н фуста́н – пу на́шо. Се́тне съ̆-ви́ке адно́* **те́шко о́ро**, *ру́съ̀лицко,* **алико́чъ̀во о́ро**, *то́о съ̆-ви́ке ту́рцко. Се́тне* **То́л'о-капита́н о́ро**. *То́о* **куми́цко** *или* **дили́-орма̀на́лси**. *Ту́рците о-крăсти́ли о́т нъ̆-мужре́ли*

дă-му-нáат крáјо гáаре, о-збăркáли, нé рăзбирáли шó кажýве. "Шó чýке тó: тăпăн тáм уф-ýрмáнут?" "Ее-е, нé знáјте, лýјте óро играат: **дилú-ормăнáлси**". *Нáј-áрăнто óро-ј тóо – русалúцко óро. И тăкá că-прăдăлжúло дăлго врéме уф-кукýшкоо крáј и că-рăширúло и фăтúли ус-тúа óра дă-збúрăт пáри, дă-гráат цăркви. Нáште кóга că-прăсилúли тринáјста гудúна, кá избигáли тýка, тóо óро că-рăширúло и тýка...И ќи-кáжули óти читúрстóтини, гудúни пустó:т рýсăлијте. Кáк că-срéтнăт русăлúјте, двéте чéти ќи-застáнат нă-пéјсе, нă-стó мéтра дăлéко. Ќи-чýкне тăпăнут нă-кóл'не и тугáј бáлтаџúита, шó-о-вóде óрто úма прáво д-удлýче дăл' дă-că-кóл'ат, дăл' д-óде дéсăт мéтра óн нăпрéт. Они, бáлтăџúјте, трéбе до:-пóчнăт кóлинто, двýјџта бăлтăџúј. Сéтне că-нăмíестат чéтте, ák-că-суглáсăт еднáта чéта дă-дáа пуклóн, ќи-зăстáне шó-ј тăнчáрут нă-ó:рто, ќа:-дúгне кăлăчкăта прáво и сúте ќи-пумúнат пут-тáа кăлăчка. Ако нé сáкăт дă-чúнăт, ќи-засвúрат óро:* **цăрвéн фустáн**, *нă-турцки* **кăрмăзú фустáн** *и ќи-пóчне кóлине. Пóсле кóлинто, кój ќ-устáне, ќ-устáне, кój ќ-ýмре, ќ-ýмре* [ПК,2(Крец),306]; ~ *адно врéме дујдéли уд-Сăлмáново русăлúј и уд-дéка Амбáр Ќój* (имиња на села во Кукушко), *кăј нáшто сéло* (информаторот е од с. Алексуво). *Дóбро áма тáм кăј-Гáлик шо бúла рéкта, тáа бúла нóго ширóка адá и тáмо тăпăнто чукнáли. Тúа рýсăлијте фăтúли: сáмо că-бикóл'ат и вăрват. Сè-ткá ó:рто гу-бикол'ат. Нáште кák că-стујáли нă-нéкуј ритчúнка, куту висóчко-ј бúло, глéдат, тúа, вúке, ќи-că-јскóл'ат. Рýсăлијте сè că-дублúжуват, сè óдăт. Тăпăнто чýкат нă-жáл: дáм, дýм, дáм, дýм, а рýсăлијте ус-кăлăчките ќи-că-искол'ăт* [ПК,2(Ал),355]; – во микротопономастичката граѓа од овој крај често се среќава името **Рýсалицки гробишта;** сп. **Русалúјско Гробе** во реонот на Старошево, Валовишко [ЈИ,М... ,184], исто така во материјалот што го запишавме од с. Крецово:

~ *ут-тáм утúдăх нă-***Русăлúјските гробишта.** *Уф-Крéцăво нéма нáши* [ПК,2(Крец),307].

руса среда f 'име на празник – тоа е првата среда по Велигден', во црква не се служи, но сепак жените го празнуваат, т.е. не работат, бидејќи според суеверието, децата на мајките што не го служат празникот нема да бидат здрави [ТГ,63].

Русин adj 'нешто што ѝ припаѓа на Руса' ~ *наела се Руса, најрано да стани; [стоплила ми уода, омјасила л'аба; [и го подложила, прогима зготвила; [Русини четир зăлви, касканисали ја* (ѝ завидувале) [БД,94].

Русин 'м. лич. име запишано во Енициевардарско' ~ *сата к'ијај на Солун одат; Русин к'ијаа ут Солун иде; [ej Русин, Русин, Русин к'ијаа; [Русин к'ијаа моли ки мăжа, дете к'и жена* [МЕв(Р),93].

руси рани pl. 'кожна болест кај децата' – овој назив го сретнавме во еден текст во кој се опишува болеста, односно се укажува на народското лекување на истата: кога на детето ќе му се појават *руси рани* по кожата ги лекуваат со тоа што ќе земат млади ореви ќе ги испечат на жар, потоа ќе ги измешат со масло и со тоа ги мажат раните; втор начин на лекување: на празникот ***Руса среда,*** пред-*Ѓурѓовден, прајасана жена* (таа што престанала да раѓа) ќе земе лајно (пр. од крава) ќе го залепи

на ѕидот и кога ќе се исуши ќе го изгорат (лајното), пепелта ќе се измеша со пресно масло и со тоа ќе се намажат раните [ТГ,126].

Русина Дрма top. 'место на стариот пат Стојаково – Солун' (кај *Сајдилија);* **дрма** зн. 'грмушка' [ТГ,423].

Русија 'ж. лич. име запишано во Гевгелиско' [ТГ,114].

Русимка 'ж. лич. име запишано во Гевгелиско' ~ *крај Морава градинка; [крај Морава јуф градинка Русимка; [росно цвеќе бирала; [вит ми венци вијала* [ТГ,206].

ру́ске impf – в. **ру́шке** ~ *áска но́го са́кум да-си-ру́скум прăпе́чно ле́пче* [ПК,2(Грам),98.

руски adj 'нешто што се однесува на Русија' ~ *прид кинисувајнето му удрих иден телј: шо права да права, да си-ј зева по ихтизалијте шејва и поскоро да са најда на Питирбург, оти он имаше нает пишин да ода на-јдно руско село* [МЕ(Р),76] – во контекстот има диј. израз што треба да се објасни: **му удрих иден телј** (= му испратив телеграма).

рускут m 'шум што се прави при допир на предмети (пр. метални)' ~ *– Ела Ристе у назе. [– Мајка ти е дома, не идам. [– Она си отиде ју цркви; [да си раздади за душа; [а није со тебе за гуша; [Sнгр, мнгр, Донке гримните; [Рускут, плускут, Донке, гримните* [БМ,124].

русник-чорба f – ова име на јадење го сретнавме во опис како женатá се исхранува по пороѓајот: породилката првите дни јаде само **русник-чорба** (супа од испржени трошки леб), варен **урис** во кои има малку сол [ТГ,109]; обично жените доаѓаат да го ***обидат*** (посетат) болниот и при тоа му носат *понуда: пугача,* **чорба русник**, *калинка, миндале* (бадеми) и др. [ТГ,228].

русни́ци pl. 'јадење од испржени ситни кори од леб' ~ *вудничáрут имáл росни́ци и ѳти́шла лси́цта, сă-нăјăдéла су-русни́ци и та: шо-му-ѳстăнá си-а-нăмăчкá глáвăта и си избгá* [ВМег(Сар),316]; во Кукушко објаснувањето за нијанса се разликува: ~ *вáрно тráно ус-зáлци ут-сýх лéп, сă-пупáруват ус-шăрлáн* [ПК,2(АЌ),98]; кај Саќов, пак од Кукушко, ја среќаваме еднинската форма: **рушни́ца** (= попара од леб, вода, шеќер и растителна маст) [СК,334].

русо́ле impf 'врне дожд со ситни капки' – в. **руси́** [ПК,2(Грам),98].

руспија f 'неморална девојка (жена)', со исто значење: **путана** ...

руф'а́ни n 'употреба на навредливи зборови', со исто значење: **псо́вани** [MS,s,98].

рухте impf 'офка, стенка' ~ *фати да рухте, да ахха* [V,PM,559].

ру́ча (и: ру́чи) impf – освен основното значење 'јаде на пладне', глаголот **руча** развил и пошироко значење: 'јаде' (воопшто) ~ *положи́ха трапе́за на́ цáрјув си́н, му докарá ахчи́ата мáнците, фати́ цáрјув си́н да ру́чи, на́ горјáни му мири́сат мáнците, не́ сла́тки* [V,PM134]; ~ *и извади́ гри́пот пу сýхуту, пăлно бе́ши ри́би гуле́ми, сто́ и пе́десит и три́, да то́лко шо би́ле, не́ си скина́ гри́пот. Ве́ли на ни́х Ис...: Вла́јте да ру́чити* [MV,K,338]; ~ *фати да прикажува на дервишинат: "динеска, ианăм дервишо, ка-ту седнахми сос тој мој другар да ручими, јазе..."* [V,PM,91]; – со значење на 'јаде' (вопшто) се употребува и синтагмата: **руча леб** ~ *там, дека ручеха леб покрај една*

рекичка, кривоју една суха кора кату ја тури да си накăсни аф водата, реката га зема кората на дол. И тој фати криф-куц да га тера [V,PM,91]. Паралелно, со исто значење ('јаде'), се употребува и синтагмата: **јаде леб**, што ја констатиравме во нашите материјали, сп.: *на прóјма за пýсни кóниту у враш'úлуту да идáт и да пучúнат и л'ýд'ету да пучúнат и за идáт лéп* [MS,t,66]; исто така може да се слушне и во јазикот на Циганите. Во продолжение ќе претставиме текст, што служи не само како илустрација на гл. '**руча**', туку зборува и за односот меѓу верникот и свештеникот и тоа кога "тонот" е "повишен"; се разбира на оригинален дијалектен израз: *"Си ми дунсел цал леб, за десит души да ручат! Не је ваја н'ива. Ваја је црква! Малце дунеси, ама сус сè срце дунеси! От ки дунесиш цал леб, Госпуд не са свал'уве да руче или да ти рече: "Аферим! Ти најгулема пугача дунисе!"* [ТГ,220].

Ручáко top. 'ниви покрај реката Струма' – според Ј. Иванов чл. форма од **ручáк**, а тоа од **ручи** 'бучи', сп. **ручúло** (на гајдата) [ЈИ,М...,185].

руч'áса* pf 'урочи' ~ *да ни гу руч'á-сам* (= да не му сторам урок) [MS,s,98]; сп. **уруч'é*** [MS,s,122].

Рýша – ж. лич. име запишано во Гевгелиско (в. **Рушка**) ~ *гуша преврзала Руша с алова шарветка* (крпа со која жените се забрадуваат); [*глава преврзала Руша с белоградска шимијка* (крпа за покривање на косата)... *којна му е дошал, мале, него си гу нема! [на којна на седло, мале, книга бела книга; [јуф книга си пише, мале; ["Руша нек се мăже, Руша нек се мăже, мале; [мен нили да ме чеке"* [ТГ,38].

рушвéт m 'поткуп, мито' ~ *димéк дăдéл рушвéт нă-нéкуј гулéм чувéк, дóо* (< 'да го') *тýре нă–рăбóта, ил' пă дă-му-свăрше нéкаа вáжна рăбóта* [ПК,2(Ним),265].

рýше impf 1. 'растура (нешто)' ~ *ричéл: "Ки-зéмиш, ки-фáтиш éдин ґáвул, ќо:-изгóриш, уд-нéгувăта пéпăл ќо:-пустéлиш мóсто и нúкуј нé мóже дă-гу-рăстýре вéче". Зéме, гу-зăпáле нéго, гу-изгóре. Гă-пусóле пéпăлта и-гутóво, мóсто не гу-рýше вéче нúкуј* [ПД,(Ник),166]; 2. – **(се)** ~ *Манол мајстор кула граде; [кула граде с негови браќа; [ден'е граде, вечер се руше. [Сон сонило Манол мајстор; [сон сонило, курбан сака; [таја кула курбан сака* [Б(С,ДХ),47].

Рýшка – ж. лич. име од Кукушко – заглавниот збор, името **Рушка** го запишавме во едно болно сеќавање на Војната (1913), за ужасите, за тоа како при бегањето некои мајки не можејќи да ги спасат двете деца едното го оставале покрај патот: ~ *и мáјките си-ј-устăвáа дéцта. Видéх, јá уд-Кумăрлúа, тá-ј уф-Сóфја, сјáа нé-ј жéнна, другáрка ми-бúше, зá·дно учúме, гă-устăвúла мáјка-ј, нă-мóж дă-а-нóсе вúќе гáаре. Арно áма уд-Кумăрлúа а-нóґе кумшúкта, рéкла: тóо килúмче-ј нă-бá·лта Рýшка и мóлта нéјна-ј. Гă-зéла* [ПК,2-(Крец),296].

рăблак m 1. 'дел од искршен глинен сад, што сепак се користи, пр. за ставање вода за кокошките'; 2. клетва: **уф рăблак да сериш** (= да бидеш неподвижен – и основните работи да не можеш да си ги вршиш) [ТГ,319].

рăбóтичка* f, dem. – в. **рáбута** 1. ~ *имáл, ét нă-прúмер, уф-нá·што сé-*

ло и́ма дисти́на, дваjсе ду́ши сиру-ти́ни, устӑна́ле уд-ра́то изго́рӑни ...то: чуве́к ли давал месе́чие... и па́ а́ку си-на́jде не́ко: рӑбо́тичка, то: не́гуво-j [ПД,143]; ~ *ни ве́ле: "Слу́шта́ ва́ка, другари, дӑме́к де́ца, се́га ќи-си-о́jте до́ма ама са́мо рӑбо́тичка́та ќи-си-а-фа́jќте, ама не́-ви-чи́не jо́к да-са-ме́шӑм та́м или ва́м!" Па, ни́е ни́што не ме́шӑмӑ, му-ве́лимӑ* [БМег(Волк),193].

рӑ́ве impf 'кога коњ или друго животно кине, кубе трева, пасе' ~ *"Е, ви́ке ва́лко, а́рӑнто са-забра́уве. Ќи тӑ-изе́дум". "До́бро, ре́кӑл ура́чо, а́j д-о́дме пу-пӑто нӑ-тӑка́, ко́j ќи-стре́тме, ќо:-пи́тме да́л' са–забра́уве а́рӑнто". Одӑт. Стре́што гле́дат ади́н ко́jн па́се, рӑ́ве ко́jно су́у тре́ва, дими́к па́се су́у тре́ва* [ПК,2(Ним),265]; кај Саќов: **рӑ́ве** 'раскинува' [СК,334].

рӑве́се pf – в. **рӑве́суве** [СК,334]; ~ *не́ о–рӑсмӑ́рдуви о́лӑн, сjа́а ќи-рӑ́ве́се, ко́j ќо:-слу́ше* [ПК,2(Гӑр),99].

рӑве́син adj 'налутен' ~ *дуjде́ рӑ́ве́син* – в. **рӑве́суве** [ПК,2(Гӑр),98].

рӑве́суве impf 'премногу се нервира' ~ *ги нӑ́фрӑска́* (ги изнатепа) *де́ца, уд-ни́што рӑ́ве́суве* [ПК,2(Гӑр),98].

рӑгу́ша f, zool. 'овца со рогови' [ПК,-2(Гӑр),98].

рӑ́да* impf 'плаче силно' (сп. рыда-ти) – во говорот на с. Зарово, Солунско гласот ы се рефлектирал во **ӑ**; сп.: ~ *не́ка пузарӑ́да* [ПСт,ЗС,64].

рӑ́ѓа f 1. основно значење на зборот: 'жолтото што се фаќа на железото ако стои на влага' (првичната форма е сочувана во придавката **рӑ́ж'даф**) [MS,s,97], в. таму; 2. fig. 'тешка болест' (душевна?) ~ *си развикна́, му падна́ на кули́ената, и му сӑ пуклуни́ на не́гу, и су гулем гла́с риче́: шо и ва́ на ме́н?... Ти сӑ мо́лам ни́м мӑ мӑ́чи. По́вели ва дjаво́лцка рӑ́ѓа да испа́дни ут чове́кут* [MV,K,275]; ~ *Учени́цити му пита́а на не́гу иде́н пу иде́н са́ми: Оти ни́а не́ можа́ми да гу изва́дими? И му риче́ на ни́х: Ва рӑ́ѓа су дру́го ни́што не́ и чире́ да испа́дни, туку́ су мо́лба и су по́ст* [MV,K,285] – уште една потврда за нерегуларната употреба на кратките заменски форми: формата за неправ предмет **'му'** употребена наместо 'го': **му пита́а ва не́гу**; во случајот што следува јасно е дека се работи за болеста епилепсија: ~ *И он му гувори, и ве́ли на не́гу: А бизве́рна ро́да, ду́ри ко́га ќи би́дали су ва́с... Дунсе́jти гу ва́ка на ме́не. Да ка́ гу виде́, ско́ро еме́н гу путрисе́ на не́гу рӑ́ѓата, и падна́ на зе́мн'ата, си ва́лкаши су пе́на на у́стата* [MV,K,285].

рӑгесӑ́н* adj – в. **рӑ́ж'даф** ~ *чӑнако му се напӑлнил муи, околу 500. Тогаj тоj рекал: "И, колко души сӑм отепал!". Зел от тавано една рӑгесана кӑлӑ́чка и га дал на кӑлӑ́чкаро да-j заостре* [ШК,-V(436].

рӑжа́н m 'слама од 'рж од која зрната се отстранети со чукање'. Се употребува за покривање на трла и за врзување на снопје [ПК,2-(Крец),98].

Рӑ́ждавица top. 'ниви во реонот на Ливадишта, Драмско'; според J. Иванов од стсл. **ръжда** + топон. суфикс [ЈИ,М...,185].

рӑ́ж'даф adj 'предмет (железен) врз кој се има нафатено 'рѓа ' [MS,s-,97]; ~ *Не пиj Калино тазӑ вода; [тази се вода не пиje; [сношти е војска минало; [крвави крпи переха; [рӑ́ждаво саде мијаха* [БД,38].

рӑ́ждаса* pf 'фати 'рѓа, 'рѓоса' – в. **раж'д'асува** ~ *отиде еден ден на мајка и га ве́ли: "мале jаз са чиних от петнаjси година jунак, и*

чуем децата да ми викат авџиоли. Сега ти питам:... татко ми, мале, што занаџат имаши?" Тогас мајка му си качи на тавану и му извади татковата му пушка, која беши рӑждасала [V,PM,41] – во контекстот како дијалектна и архаична посебност се јавува употребата на сврзникот **'да'** со интенсионално–декларативно значење: **чуем децата да ми викат** (м. 'дека ми викаат').

рӑж'и́* impf 'кога животно испушта глас', пр. **ко́н'у рӑж'и́;** ~ *и бабата, как јади от рибата, и она стана тешка. Дојде времја, кобилата и родила мӑско тајче, и бабата родила мӑско дјате. И кату си нарастаха, штото рӑжјаши тајчинто, познаваши дјатенто, што му велеше* [V,PM,158]; ~ *един ден порӑнчја на бабата да тури на манџата зехир, да го утруи дјатенто. И как влезе нетре от портата дјатенто, фати да ражи тајчинто, вел'ајке: "да не јадеш, калеко, от манџата динеска, оти ки утрујат с зехир!"* [V,PM,158]; сп. уште: ~ *ко́јно рӑже, ку́что рӑже ка́-ј л'у́то. Рӑже и чуве́ко: сѐ ту́ку рӑже нӑ-де́цта* [ПК,2(Грам),98]; има случаи со неорганск назализам: **рӑнж'и́** – *ха́т рӑнж'и́* [MS,s,97].

рӑжи́ште n ~ *ка́-ќ сӑ-ижни́е рӑшта, ни́вта-ј рӑжи́ште; рӑжи́штто ќо-се́јме пра́зи́а* [ПК,2(Грам),98].

рӑ́жин* adj 'нешто од 'рж ' – в. **рӑжо́в;** сп. гатанка: ~ *четѝри тумпа́ла, два́ кӑнга́ла, цӑрве́н чукунду́р сус рӑ́жина сла́мка* (= кола што ја влечат биволи) [ИГ,122]; в. **рӑжо́в**.

рӑ́жна pf – в. **рӑж'и́** ~ *кату отиде на морету, еднош рӑжна кон'ут, и морету са беши на две разделилу, пӑнт са отвори, и тој промина, отиде на царјут* [V,PM,237]; ~ *тогас пак рӑжна неговата кон'а, и тој сос момата промина настрешта... тогас вели на момата: "е, дивојко, моја л'уба, сега да знајш: јазе ти носем за еди́н арапин, та не за мени"* [V,PM,237].

рӑжо́в* adj 'нешто од 'рж (пр. леб, брашно, слама)' ~ *дујде́ме уф-се́лто, на́што се́ло, флизе́ме, сла́нцито зӑјде́, пу-те́нкӑта мра́чка, што му-ви́кӑме. Флизе́ме уф-се́лто. Сӑбутна́ме уф-а́дна сла́ма, рӑжова сла́ма* [ПД(Пат),172].

рӑз (рӑз и намӑз) m 'почитување на нормите, совесност, чесност' — сп. обичај, ритуал од свадбената ноќ: утредента, по свадбената ноќ невестата и младоженецот стануваат рано. Во *колибата* во која спиеле младенците (во гевгелискиот говор така ѝ викаат на една соба во која нема прозорец), влегува свекрвата со уште неколку жени, да го *разгледат невестинството* – капки крв на кошулата од невестата. Штом ќе се уверат во чесноста на невестата, сите излегуваат надвор и свекрвата гласно ќе извика: *"Ајарлија! Дајте блага ракија!"* Кога тоа ќе го изговори *адет е* (обичај е) да пукнат 2–3 пушки за да се објави во селото дека невестата *била сус рӑз и намӑз*, и дека *им го обелила лицето на:* свекорот, свекрвата, на родителите и на младоженецот, т.е. дека била *поштена мома* [ТГ,185] – овој обичај е на исчезнување.

рӑзбу́кина би́шка – fig. 'неморална жена' ~ *не́каа мо́ма ли, же́на ли, шо ше́те но́го, зна́јш пу-тӑкви́ рӑбо́ти, не́-ј думӑќи́нка* [ПК,2(Гӑр),-191]; сп. гл. **сӑ-бу́ке** (= кога свињата се оплодува).

рӑзбул'ува́чка f 'opp. на здравје, на здрав живот' ~ *адна гладиа бише фати́ла, жи́ва рӑзбул'ува́чка* [ПК-(Гӑр)].

рӑзбура́ве* pf 1. 'растера, набрка' ~ *рӑзбура́ви-ј ти́и де́чкӑта, но́го шӑмӑта́ пра́вӑт;* 2. – **(се)** 'ми се поврати' ~ *нӑ-аднóч ми-сӑ-рӑзбурӑви́, цре́фта си-ј-истури́х* [ПК,2(Гӑр),98].

рӑзвие́н adj 'расцветан, кога пупката станала цвет' ~ *а бре-у бре, а бре – да́п нӑ-триндафил'ут. Сӑ-сто́ри инӑ-змија. Г-убико́ли не́го. Кӑ-вида́а у-дво́рут тӑкфо́ тринда́фел' рӑзвие́н, чу́пите нӑ-то́ сӑ-пушти́а. Ууу, ко́ј ут-ко́ј дӑ-гу-ски́не* [ДК(Бош),141].

рӑзвратин adj 'тој што не ги почитува нормите, неморален' ~ *и Гӑ́рцте им тури́ли е́јн кут-чувар, д-цј-чу́ве, д-цј-бра́не. Алиа то́о бил не́што рӑзвра́тин чувек. Пучна́л пу-же́нте ди-ј-го́не та́м, ди-ј-зӑка́чуве. Дур не́каа не́-се-ј да́ла и се́кӑл ци́цкӑта и же́нта умре́ла з-е́н-две́ де́на* [ПК,2(Мор),221].

рӑзга́штин adj 'разгален, непристоен' – в. **рӑзга́ште** ~ *но́го ве́-ј рӑзга́штин си́но, ма́нӑм* [ПК,2(Гӑр),99].

рӑзга́ште pf, fig. 1. 'разгали (некого)' ~ *но́го сте-ј рӑзгӑшти́ли де́ца, ма́ка ќ-и́мте* [ПК,2(Гӑр),99]; 2. – **(сӑ)** 'непристојно се однесе' ~ *то́лкува тӑка́ мумити́на ка́ сӑ-рӑзгӑшти́ла, са́мо прӑвра́ште о́чи* [ПК,-2(Гӑр),183].

рӑзгӑла́те (сӑ)* pf 'почна да зборува непристојно' ~ *ко-е́ј та́а шо́ сӑ-рӑзгӑлатила́ то́лко, чи́ниш нӑ-ва́шӑр де́-ј ро́дна* [ПК,2(Гӑр),183].

рӑзгува́ра (се)* impf 'зборува' (со некого) ~ *дӑне́ска ше́те, у́тре ше́те, и сус-ца́рскӑта мо́ма се рӑзгува́рӑт. Дне́с се рӑзгува́рӑт, у́тре се-рӑзгува́рӑт и фли́зӑт уфадна́ гра́ди́на... си-пуприка́жвӑт зӑ-л'убо́в* [ВК,282].

рӑзде́не (сӑ)* pf 'пред да се појави сонцето, кога ќе почне да се гледа' ~ *и о́н, ни-пе́т, ни-ше́с, мо́ра д-о́де ус-ни́х. И трӑгну́ве. Арно а́ма на тӑргина́нто, о́н зна́ о́ти ки-сӑ-рӑзде́не, не́гувите бра́те ки-ви́ӑт не́гу гу-не́ма ту́ка, а ла́мјӑта зӑко́л'на и не́ма дӑ-зна́т шо́ стӑна́ сус не́го* [ПД,(Ник),168]; ~ *вр'а́мто си-ми́нш, а у́јко Ди́на гу-не́ма ш, да-са-вӑ́рне сас уфци́те. Ве́чар падна́, но́ш'но вр'а́ме полина́, а них ги н'а́ма. Са испла́шихм. Да не са-ги-изе́л вӑ́лци? Да не са га нападнал у́јко Ди́јна зли́ чув'а́ци. Утриде́н штом са-разде́ни, сн'а́го прста́на да ве́е. Та́тко и чи́чко отидо́ха да ги ба́рат* [ДЧ,165]; ~ *то́ бра́то сѐ слуша́л го́ре нӑ-типо́лта. И сӑба́јлин, ка́ сӑ-рӑздини́ло, ка́ уса́мне, о́н сӑ-сле́ве пуле́чка ут-типо́лта. Ту́кӑ минува́ли сӑба́јлинта л'у́ге и ги-зӑмо́ле дӑ-гу но́сат нӑ-не́ко во́да* [ПД,(Ник),166] – во контекстот има неколку случаи на перфективен презент, несоодветен за литературниот исказ: **ка́ уса́мне, о́н сӑ-сле́ве пуле́чка... и ги-зӑмо́ле** – за односна посебност на јужните (егејски) македонски говори ние укажавме поодамна (1988 г.).

рӑзде́ре* pf 'раскине' ~ *но́го дӑрли-пан де́те, сѐ рӑздра́; ви́ди, ви́ди ка́ се́-ј рӑздра́л, чи́ниш ме́чки гу-дӑр-пали* [ПК,2(АЌ),99].

рӑз(з)е́не* pf 'широко отвори' ~ *шо сте-ӑ-рӑзијнали вра́тта, не́л' гле́јте ко́лко-ј студе́но* [ПК,2(Гӑр),99].

рӑзе́нуве impf 1. – в. **рӑз(з)е́не**; 2. fig. 'кога некој многу зборува'...

рӑзжва́куве (сӑ) impf 'продолжително жвака' [СК,334].

рӑзла́гин' adj 'нешто што е длабоко обмислено' ~ *та́ рӑбо́та е а́рно*

рăзла́гна [СК,334]; сп. гл.: **ла́ге** 'мисли, планира'.

рăзлагуве impf 'добро обмислува пред да стори нешто' [СК,334].

Рăзли́вук top. 'место каде што се разлива, истекува реката' ~ *па́мнум, ка́к не́ па́мнум. Лузи́нта де́к ни би́а то́а сă-ви́кше* **Рăзли́вук**. [ПК,2(Коц),349].

Рăзли́вците top. (pl.) ~ *Ре́ка и́мше, и́мше ма́ле́чка ре́ка, не́ а зна́м, ма́ле́чка би́ше. Рăзли́вук сă-ви́кше, и́јше во́да та́лка, па разли́увише та́ка́. И Рăзли́вук, Рăзли́вците сă-ви́кше* [ПК,2(Коц),349].

рăзли́че pf 'распознае нешто, оддели едно од друго' ~ *отко́га ќи-ијгу ре́чиш то́а, о́на ќ-избе́га, а ти у́баво ќă-с-изми́јш и ќă-сă-ба́бниш ми́ѓу де́цта и дă-сă-испо́тиш, а а́ку до́јде па́к, не́ ќă-мо́же дă-тă-рăзли́че* [ВГ(Пир),276]; ~ *тăва́, ви́ке-ј у гуди́ни, а́к о-пу́штиме то́о ќи-по́мне о́ти та́тку-мо ќи-г-уби́јме. По́-а́рно, ви́ке, де́ка-ј та́тку-мо и о́н та́м... А, ас зна́м ту́рцки, ка́ чу́х смăрт... нăпăлни́х о́чте дă-пла́чум. Гле́м кăм-за́вуда сă-витре́е не́куј, а́ма нă-мо́жум да-гу-рăзли́чум шо́-ј. Мă-пушти́а, ас тăрчум, о́ни прăпука́а, о́дум кăт ма́јка, о́ни пла́чат, ас пла́чум. Удде́ме фăф-се́лто, си́чко изго́рно: жи́тишта шо и́мше суберно* [ПК-2(Ал),258].

рăзме́ши (сă)* pf 'кога на едно место ќе се најдат различни работи' ~ *удештем нă-пристăни́шшто, изле́гле на́дру, ко́ пу́л'ăт... Та́м би́ле ви́а де́цăта шу-јăде́ле. Па́к ви́ă ăпăши́нта и кра́лцкуто де́те та́лу. Сă-стури́ле су-ни́. Сă-рăзмиши́ле та́му* [ДК(Ран),131].

рăзмо́туве* impf 'прави нешто да не биде замотано, да биде одвиткано' ~ *о́н зна́ о́ти ки-сă-рăзде́не, не́гувите бра́те ки-ви́ăт не́гу гу-не́ма ту́ка, а ла́мјăта зăко́л'на и не́ма дă-зна́т шо́ стăна́ сус не́го. А има́ло пă две́ кăлби́на, едно́то би́ло де́не, едно́то би́ло ве́чăр. Едно́то сă-рăзмутува́ло, дру́гуто сă-зăмутува́ло. И удде́л, ги зăва́рзе ти́ă кăлби́нта дă-не́ сă-рăзмотуват* [ПД,(Ник),168].

рăзмăрсе pf 'размота преѓа што е заплеткана ("зăмăрсена")' ~ *ми сă-зăмăрси́ пре́дăнто, нă-мо́жум до-рăзмăрсум, ко-шу́тнум га́аре* [ПК,2(Ал),141].

рăзно́суве impf 'носи нешто на повеќе пати' ~ *но́го си и́мат алăш-вери́ш мо́јта и тво́јта сна́а, сè а́нџак си но́сат си-разне́суват* [ПК,2(Мор)-19]; ~ *це́л де́н кут ама́лин рăзне́суве вре́јки* [ПК,2(Рош),19].

рăзре́де* pf 'стори нешто по ред, распореди' ~ *кăжу́ваа уф-Кăза́нуво дујде́ли, уф-се́лто, куми́те. Флизе́ли уф-се́лто и ги-рăзриди́ли та́м уф-неко́лко кăшти. Ама туга́ј има́ло сăјме́ни, не́ли. Е, уф-та́а кăшта де́к бил вујво́та та́м флизе́л и сијме́но. Чукну́ве, фле́ве* [ПК2(Даут),335].

рăзрăбо́тăн* adj 'нешто кое, со вложен човечки труд, е доведено да може да функционира' ~ *ни́ва а́ку не́-ј рăзрăбо́тăна, уста́нна не́ о́рăна сă-ви́ке це́л'на* [ПД,(Ник),121].

рăзтарја impf 'отвора' ~ *рăзтарја порти моликов мајка; [снăха ти довевам, в руху куприн'ану* [БД,61].

Рăкавела m (f) 'име изведено според именката **ракав**' ~ *та и речел: "Ајде жено, да ми ткаеш една кушул'а!" Она зиме да ткае; а шчо ќе ткае? Само еден рăкав едвај исткала и му го облекла, па отишла на орото. Мăжо и седнал нејде, а она фанала да му вике: "Рăкавела хој, спрути мене стој"* [ШК,V(422)].

рӑкичка f 1. dem. од **рӑка** ~ *и о́н по́фте ба́ничка... по́фте дӑ-зе́ме, а́ма си-збра́ рӑкичката, сӑ-зӑстрӑмѝ* [ПК,2(Ним),271] (значењето на гл. **пофте** 'посака' и формата упатуваат на архаизам од стсл. гл. **хъте́ти** ; во малешевските говори ја имаме запишано формата **(х) теше** 'сакаше'); 2. 'железна алка со форма на рака, прицврстена на надворешната врата, служи за повикување на домаќините (место звонче)' [ПД,120] – остаток од минатото; 3. **Бугуро́јчина рӑкичка** (уд хацилӑк) 'некаков сунѓер, што нема одредена фо́рма додека не се натопи со вода, но штом ќе се натопи добива облик на рака со 5 прсти'. Со овој сунѓер бабицата ја прска и мие породилката за да се "олесни пороѓајот"– суеверие. Сунѓерот го носат ации од Ерусалим; 4. изр.: **му-че́пкӑт рӑчките** (= има обичај да поткраднува) ~ *то́о не́ о пу́шти уф-кӑшти, му че́пкат рӑчките* [ПК,2(Гӑр),130].

рӑкове́тка f – в. **рӑкӑве́нка** [ПК,2-(Ал),99].

рӑкувуди́тел* m 'тој што е одговорен, што ја организира работата' ~ *е се́га, ти́ја кла́дéа тӑкво́ внимание ло́шо, нӑ-мисле́јне о́ти зашо́ дӑ-ре́чи: бил'а ќи-ку́пиш, ка́к мо́жи бил'а дӑ-ку́пи ко́га о́ни-сӑ рӑкувуди́тели нӑ-це́лта дӑржа́ва, шо́ са́кӑт то́ пра́вӑт* [ВЕв(Кор),304]; ~ *на́ште ко́га сӑ-би́ли уф-Нимáнци, де́ду-ми е бил рӑкувуди́тӑл нӑургӑнизáцјӑта. Де́до Ми́тре, се́тне кӑжу́јфше де́до-ми: има́ло не́кој Сто́јче и бра́т-му нӑ-Го́це Де́лчуф – Милáн* [ПК,2(Ним),274].

рӑкупи́с m 'индивидуален начин на пишување со рака' ~ *о́де, сӑ-бутну́ве уф-адна́ канцала́рја, да-с-у́че та́м пи́сар. Чáто шо ви́кат. Уче, пи́ше, у́че, пи́ше, не́гӑвјо рӑкупи́с нӑ-мо́ж да-нӑпра́ве ни́кој* [ПК,2-(Ним),271]; ~ *о́на писмо́то го-дӑржи. Искáрува, гле́да, с-чу́ди. "Се́а, ви́ка, ác, да-б'áх пиáн, н-пи́јам (да-пиéл, бáрм), јá, пиáн ќе-кáжам, нӑпишáл-сам-го. (Не́гоф рӑкопи́с). Кáк-сам-го пишáл твá пи́смо?"* [ЛС(К)126].

рӑкӑве́нка f 'ракатка' ~ *жи́тто шо ко-збе́рме уф-рӑкӑта дӑ ду-се́чуме ко́га жни́јме; по́вике рӑкӑве́нки кинӑпра́вӑт пӑло́к, а по́вике пӑло́зи сно́п* [ПД,(Ник),121]; кога ќе се почне со жниењето, има обичај (во Гевгелиско) првата **ракавенка** со појасот да се притегне на половината, за да не го боли крстот на жетварот додека жние. Тоа класје жетварот го носи дома и го закачува на sид, да стои [ТГ,336].

рӑмбе* impf 'работи' ~ *з-áдна пу́кница рӑмбиме, зӑ-дру́го динáр не́ устáнуве* [ПК,2(Гӑр),188].

рӑмби impf 'порабува, шие раб, пр. на алишта' [MS,s,98]; ~ *кушу́л'а рӑмбá* [ПСт,ЗС,67], примерот е запишан во Солунско – со зачуван назализам.

рӑмини́к m 'нарамник' ~ *ка́-ќ сӑ-увéјш нӑ-гӑрбо сӑчки ли, трéва ли, то́-ј рӑмини́к; дујнцéх áјн рӑмини́к сӑчки* (= суви гранки) *зӑ-пе́чне ле́п* [ПК-,2(Грам),99].

рӑмник m 'рамно место, поле' ~ *ка сӑ-утвури ајн рӑмник прӑднаска, дӑ-те-ј мирак д-ојш* [ПК,2-(Гӑр),99].

рӑмп m 'опшиен крај на некаква материја, пр. на облека, исто така: ивица каде што се зашиени два дела од некоја материја, односно од облека' [MS,s,98]; ~ *пáрам рӑмбуви ут пурӑмбинуту* [ПСтЗС,67].

рӑмӑн m, bot. Matricatia chamomilla 'вид полско цвеќе, вртипоп'

[ДК(Лип),104]; при анкетирањето во Гевгелиско со исто значење запишавме: **рӑмóјн** – сп.: на породилката првите денови ѝ даваат да пие чај од **рӑмојн**, за да се исчисти [ТГ,106].

рӑнéт' adj 'повреден од оружје, било со стрелба, било со удар' ~ *су-тó буздугáнут мӑнýве, удúра. Тóгӑј мусичéл нéкуа глáва. Лáмјӑта имáла дéвит глáви. Рӑнéта, та: избигáла, ӑбóлкуту нӑ-мужúла дӑ-гу-јáде* [ВВ(Крон),311]; ~ – *Раду ле, Радо јубава; [не пеј си песна л'убовна; [тук пеј си песна жаловна; [твојто момче се рани ; [на врв на Кајмакчелана; [– Војници, млади зговорни; [дали је луто рането* [БМ,81]; ~ *Мицивата мајка, Мици го жалаше; [Мици го жалаше, Мици го плакаше. [– Стани Мици, стани, мајка да те виде; [мајка да те виде, каде си рането* [БМ,67]; ~ *мóмите му-рéкле: "Амӑн, брáте, бéгӑј уттýка, тýкӑ-ј лáмјӑта, си дуjдé, му-удрúле глáви ӑднú, јáа рӑнéта, ӑку стáне, ќи-тӑ-изéде"* [ВВ(Крон)312]; – во контекстите имаме употреба на кратката зам. форма за неправ предмет за м. род **'му'**, наместо формата за ж. род **'ј'**: **му-сичéл нéкуа глáва. Лáмјӑта имáла дéвит глáви**... (за неправилната употреба на зам. форми в. во граматичкиот дел).

рӑнúк m 1.'свиња што не е за приплод, штроена' ~ *óш мáлко ќ-оо зӑкóл'ме рӑнúко*; 2. fig. за 'дебел човек' ~ *кá сé-ј чинúл алúс рӑнúк* [ПК,2(Гӑр),99]; во Мут: **рӑнóк**; кај Саќов: **рӑнник** [СК,334].

рӑнка (и: **рӑка**) f 1. 'горен екстремитет од човечкото тело' (со неа се фаќа, се удира и сл.) ~ *га гл'éнда, д'ӑт'ąнту и з'élу иднá книга на ранкáта, п'ӑј* [MS,t,81]; ~ *попот гу не уставиши. Тој не послуша на татко му, туку зема един бардак на ранката му, та и учел на чешмата за вода* [V,PM,225] – во текстот прават впечаток две посебности; прво: глаголот и зам. форма се одделени со негацијата: **гу не устаниши** (место 'не гу уставиши'); второ: преддлогот **'на'** се јавувава **во функција на предлогот** 'во': **зема един бардак на ранката му** (место 'во ранката му'); ~ *и он одговори: "котра има наврӑх неа милос и л'убоф, она е похарна на земјата". Тогај го зева нас дјун'а ѓузели от рӑнката, го изваѓа вунка на сухо* [V,PM,162] – освен предлогот **'на'**, и предлогот **'од'** се јавува со проширена употреба, во случајот го заменува предлогот 'за': **го зева нас дјун'а ѓузели от рӑнката;** втора специфичност присутна во текстот е употребата на зам. форма **котри**, што претставува архаизам, непознат во другите дијалекти (сп. во рускиот јазик); ~ *и гу фáти за ранкáта и гу клáди н'étр'ą у бакал'éту и гу пукрú ас иднó вр'ӑтиш'ти* [MS,t,68]; ~ *лам'áта гу змáч'ка у ранкáта кáминут и стáна кумáч'анта* [MS,t,75] – во примерите големата носовка М. Малецки ја предава со **'а'**: **ранкáта** (регуларна замена е **'ӑ'**), бидејќи неакцентираното **'а'** и неакцентираното **'ӑ'**, реално имаат блиска, односно иста реализација; 2. 'одредена работа што се врши во еден период, пр. при собирање на тутун има: **пӑрва, фтóра рӑка**...' ~ *и как за усӑхни с'étн'ą гу звáж'дами ут стр'ąхáта, гу закáштами на бинáта и т'ут'ýн'у на п'ém', на шéс рӑнц'ą сӑ дубúра* [MS,s,95]; 3. 'дланка со собрани прсти, шепа' ~ *нӑ-трéтјут дéн му*

устáва иднă-кǎрпа вǎрзáна у-бáсмите унǎтре. –"Жéно ма, вójден иднă-кǎрпа устǎвúла вǎрзáна у-басмите", му-вéле. И ă-зéвăт кǎрпăта ă-утвурувăт. Шо ќи-вúăт унǎтре у-кǎрпăта: иднý-цáм пáрче, иднă-рǎка пéсук, иднă-лузúнка пáрче, иднă-цǎрна кǎрпа [ДК(Ран). 134]; 4. изр.: **ни-и-дáва рǎнка да рич'éми** (= ни недостасува волја да го сториме тоа) ~ *идúну икимџ'úја му вилú: "бóлкит'а ни кáцат, алá на нáм ни-н-дáва рǎнка да рич'éми, ч'а ни кáцат ... и такá ни глáдни за устáними!"* [MS,t,42]; **дă-зéме уд-рǎка** (тестото) (= да кисне) [ПД-,118]; **уф-рǎцуто о-дǎржум** (= *мупрáм ихтибáр*, т.е. 'му правам чест') [ПД,137]; исто: **нă-рǎце гу-дǎрже** (= го почитува, му овозможува многу работи) ~ *касидná дéтто уф-нéговију áн, и нăанџúјата нăпридná рáботта. Ако рéче на-дéтто пéт грóша - дáва дéсет грóша. Анџúјата гу-глéде нóго, нă-рǎце гу-дǎрже* [ВК,282]; сп. уште: **нă-рǎце гу-дúгат** ~ *óдăт уф-цáрскио двóр, нéмă мéсто дéк до:-клáт дóктуро, нă-рǎце гу-дúгăт гóре. Он тóлко дóкторе исклáл, тă са: то: дóктур кá мужéл дă-сă-нájде лéк зă-нéгувуто дéте, ко:-нăграде нóго* [ПД,149]; **úма широ́ка рǎка** (= има големи можности) ~ *игрăјáјки, то: сирумáшкуто дéте ма:нáл кáмăн, нă-цáрско: сúн мускăпáл глáвăта. Цáро, нéли кути цáр úма широ́ка рǎка, пувлáдуве и сă-мúсле кáк до:-кáзне дéтто* [ПД,154]; **да ти клам аф рăката ми** (= да сторам да зависиш од мене) ~ *тогас Мајдон му вели на протудраку: "ej море, протудраку де! Јазика от кога са мăчах да ти клам аф рăката ми! Јазе сам Мајдон, што сакаши да ми испечиш на ражен"* [V,PM, 76]; со блиско значење: **ќи-ми-пáдне на рǎцто** (= ќе дочекам кога ќе зависи од мене) ~ *ká-ќ устăрée ќи-ми-пáдне на-рǎцто; ќ-устáне áска до:-глéдум, до:-ул'ýдувум* [ПК,2(Гăр)201]; или: **клáде нă рǎци** (= завладеа) ~ *Турцијă, коа а клáде нă рăци Măкидонијă, зајдну су друјзте земји нăоколу и удбра нај плодородните земји ут кăурјту* [МЕв(Р),84]; **белким ја клавам на рǎнка** (= се надевам дека ќе ја совладам) ~ *таја самовила ката година изјавала и издавила по еден от тиа дванајсите синови... Сетни нај-малкиот син сакаши да поди на воденицата, но татко му и рекла: "Синко постој мăра да пода јаз, белким ја клавам на рăнка самовилата!"* [V,PM, 277] – уште еден случај за несоодветна конгруенција: субјектот во машки, а предикатот (л-фор.) во женски род: *но татко му и рекла;* **му-флизé уф-рǎцто** (= го дочека, го направи зависен) [ПК,2(Гăр)178]; или: **ми-дóе нă-рǎкăта** (= го фатив) [ДК,106]; **бис рǎци устăнáх** (= се преморив од работа) ~ *ут-кóпăнто бис-рǎци устăнáх гáаре* [ПК,2(Гăр),154]; **рǎка крина: а.** 'се обиде да удри некого'; ***б. Госпуд уд нас рǎка крина*** (= кога добрината на Господа не ни е наклонета) ~ *пред Св. Димитрија пак за службинта вичера што вичера са правише, ваден толко не прават ни за две-три свадби!... Ама тоги и Госпуд друг бише, давише, имише бирúкет... Ка са уставија тија адéте и Госпуд уд нас рăка крина* [ТГ207]; со блиско значење : **дигнáх рǎци** (= се откажав од нешто, изгубив надеж) [ПК,2-(148)]; **неје тоја уф наша рǎка** (= не зависи од нас) ~ *домаќинот благословува: "Куту нас ка на ми-*

лува Госпут ... вредин е он и ки даде на сите братја". Гостите му одговараат: *"Ка е арно така Госпуд нека даде!" Другите: "Не је тоја уф наша рӑка. Госпуд знаје, и дека трабуве он даве"* [ТГ,306]; **уф ваши рӑци душта си ја давум** (= така верникот ја моли Света Богородица и ангелите да го чуваат) – сп.: пред спиење верникот се крсти, прави метанија и се моли со овие зборови: *"Свита Бугуројцо и Свита Нидел'о, на помош да ми бидиш, уд лоши работи да на чувиш! Свита Бугуројцо и Свита Варваро, на вас ви са мол'ум, уф ваши рӑци душта си ја давум, на вас тислим си ја чинувум..."* [ТГ-306]; сп. уште: **з'éват рӑнка** (= се поздравуваат) ~ *"...éзми си и тýс синдýч'ạ, нӑтр'ạ ти сӑ сúч'кат'ạ парӑ!" и з'é д'ӑт'ạнту рӑнка ут афиндикóту, сӑ бáкнаха и зл'áзуха вӑнка* [MS,t,85]; ~ *и си з'éват рӑнка ... ут пéт' дакúка с'éтн'ạ трӑгна пампóр'ут* [MSt,84]; **ки му гу дáдат уф рӑцити** (= некому ќе му биде овозможено да има полна власт врз одредена личност) ~ *и ки му присӑдат за улирéни, и ки му гу дáдат на нéгу на Чифýтити уф рӑцити, и ки му си бúјат пéза* [MV,K,285]; **биз рӑци** (= кога нешто се прави неспретно, пр. ако му паднало нешто од рака) [ПК(Гӑр)]; **биз рӑка фатено** (= нешто ново и убаво) ~ *да му кажиш на твој сина: "... на морету нетри, што има гимии, риби, пилца и други работи, да ги чини едно кадро и да ги избери нетри аф мигдало! И ошти да ми чини един таким дрехи, кату биз рӑка фатени!"* [V,PM,89]; **писмо от рӑката ти** (= писмо што сам си го пишувал) ~ *úди да му кáжиш на цáрјут:... да ти дáди еднó пúсмо за оновá цáр... И тójнака отúде на цáрјут, му вéли: "цáрју ... да ми дáјш еднó пúсмо от рӑката ти, да му закáрам нá оновá цáр, што га повéли онáја зéмја!"* [V,PM,121]; ~ *на ти и едно писмо от мојта рӑка, да гу дадеш на царјувата керка, сама да гу пеј! Писмото така велиси: "царјува керка, харна дивојка, моја л'убоф! Тинака да знаиш, оти јазе не сам магарешка глава, туку сум јунак харин..."* [V,PM,90] – во текстот вокативната форма е заменета со номинативна: **царјува керка, харна дивојка!**, што зборува дека во овие говори се губат и задните траги од некогашната деклинација; **рӑци стúскум** (= под силен стрес сум); со исто значење: **прӑсти кӑршум**) ~ *тáм úмăх бáба, ќо:-нóсăхне, тáтко усни́х, ус-Гóцé Дéлчуф óјше. Тáтко пá ќи рéче: "Ајде Слáво, ти сјáа ќи-дójш ус-нáска". Ас рӑци стúскум, ме-ј-стрáх. Дибéјќи, дибéјќи ќ-о:-нóсме пá нă Кăлúнуво* [ВК(Мал),-289]; **кл'ýч'увéту на рӑнкáта** (= кога нешто, пр. куќа, дефинитивно е готова и се предава на сопственикот) ~ *у тимéл'у да ја фáти ш'úч'ко да битúса, кл'ýч'увéту на рӑнкáта да ги парадóса и клáди* [MS,t,19]; **са-фатúте на-рӑкăта** (= се фативте во стапица) ~ *трú пӑти гу-удрúја тó другáрин-ми. И тóгăј другáрин-ми му-ричé: "Брé, госпóдине, му-вéле, áку сákăш убú-ме, а не ма-тéпајте". Еве ти, госпóдине, шó станýва, ет-уд-вúја бéгмă. "Ми сéга са-фатúте на-рӑкăта", ми-вéле* [БМег,(Волк),192]; **кýси му-сă-рӑцто** (= тоа што сака не може да го реализира) [ПК,2-(150)]; **си-измија рӑцто** (= *нă-друк винáта а-фăрлú)* [ПД,137]; **дă-сă-прăкрăстум ус-двéте рӑци** (= крајно

сум изненаден, просто не ми се верува) [ПК,2(Гар)161]; **дӑ-т сӑ-пузла́тни рӑцто** (= изразува благодарност за сторена услуга, во случајот со раце) [ПК,2(Гар),161] ~ *на Ацо зӑбулекӑро пузла́тни дӑ му-сӑ-рӑцто, шо-у́бува ми-ј-напрӑви зӑјпто, си-ја́дум кут ус-мо́ј зӑбе, ич не́мум мӑка* [ПК,2(Гар)189]; **прӑс рӑка ме́-ј** (= не ми одговара, не ми е згодно) ~ *нӑ-мо́ж дӑ-т свӑршум, прӑс рӑка ме́-ј* [ПК,2-(Гар),189]; **пӑлни о́чи, пра́зни рӑце** ~ *така́-ј уф-живо́то, но́го пӑти чове́к уста́нуве пӑлни о́чи, пра́зни рӑце. Но́го-ше́јве ни-с-аре́сат, а́ма нӑ-мо́жме дӑ-ј-ку́пме* [ПК,2(Гар)-190]; **рӑцто не́-т-сӑ уф-гӑзо** ~ *шо́ сто́јш дӑ-т-те́пӑт, у́дри и ти́, рӑцто не́-т-сӑ уф-гӑзо* [ПК,2(Гар)-191]; клетви: **рӑци и нози да ти са фатат** (= да даде Господ да се парализираш) [ТГ320]; со исто значење: **да ти се исушат и рӑци и нози** [ТГ,320]; сп. послов. израз: **чо́ику са́мо су инӑ-рӑка прӑс сӑ-наси́тфа** (= апетитот на човекот кон богатство се завршува со една рака земја, што му се става на гробот) [ДК(Емб),107] ~ *на́шле ни́кој ко́ска, ӑ-зе́ле, ӑ-пу́л'ӑт сӑти. –"Утшо́-е ва́ ко́ска?" Му-кла́вӑт идно́ – не́-сӑ си́те нӑ-ва́гата, кла́вӑт дру́го – не́ сӑ си́те... Ути́шал ни́кој ста́р чо́ек... нӑ во́ му-тикна́ло. Зе́ва иднӑ-рӑка прӑс* (земја) *му-ӑ-фӑрл'а узго́ра – ста́на. Чо́ику са́мо су-и́нӑ рӑка прӑс сӑ-наси́тва* [ДК (Емб),151].

Рӑнка* – прекар ~ *е-ее, ој Рӑнката дӑ-ти-да́а не́што... ни́што не́ да́ве то́о* [ПК,2(Гар),195].

рӑнка́вница f 'направа од кожа или од волна со која се заштитува раката (дланката) кога е студено' [MS,s95]; ~ *рӑнкави́ца са но́си зи́ми* [ПСт,ЗС,67].

рӑнка́ф* m 'дел од облеката со кој се покрива раката – ракав' ~ *да ти ш'ту стӑпна до́л на дво́ру ду́рата за уста́ни да пу ду́рата за т'а фа́т'ат; и катра́н'у сӑ нал'ӑпи́ на ранка́в'у на палто́ту* [MS,t,22]; ~ *ми са урва́ рӑнка́ву* (= ми се скина ракавот) [ПСт,ЗС,67]; и: **рӑка́ф**.

рӑнки pl. 'две дупчиња на носот низ кои се излачува секрет, и низ кои се диши, ноздри' [ПК,2(Гар),99].

рӑнч'и́ца (и: **рӑчица**) f 1. 'рачка на предмети за домашни потреби', пр. кај **ч'акрӑк-ут** (= направа за предење волна) [MSs,95]; односно дршка на садови: ~ *тогас дјун'а–гу́зели му вели: "да флезиш аф морету, има четирији кубили, да земиш един казан сос девет рачи́цки, да ги царкаш кубилите, да са кӑпи царјут аф онова мл'аку"* [V,PM124]; ~ *тога́с и то́јнака ги фати, му искина́ по едно́ вла́кно от па́шка и по едно́ од шиа́та, влакна́та ги вӑрза́ нӑ прӑсти́те му и тури́ со́с де́вет рачи́цки каза́но, и куби́лите са чини́ха кро́тки кату о́фци, и то́и ги исцӑркал* (= ги измолзал) [V,PM, 124]; 2. 'рачка на плуг' (**дрӑшкӑ на ра́лту**) [MS,s,95]; во Кукушко: ~ *ус-н'а́а сӑ-дӑрже ра́лто. Она-ј сте́гнина уз-баски́ј* [ПК,2(Грам),237]; в. **рӑчка**.

рӑнч'улка f, dem. 'рачка на мала направа, пр. на воденичка за мелење кафе' [MS,s,95].

рӑсе́чуве impf 'реже со нешто остро, пр. со нож' [СК,334].

рӑскӑва́т m 'незакостена коска, 'рскавица' [ПК,2(Драг),99]; сп. **рӑцкува́ица**.

рӑскӑрше (сӑ) pf 'се изгуби компактноста' ~ *ко́га сӑ-изма́лзе, сӑ-исце́дуве и по́сле, ко́га е о́ште то́пло, сӑ-туру́вӑ си́рише и сӑ-*

турýвă нă-тóпло мéсто дă-сă-фáте, и пóсле сă-турýве уфцăдúлкăта, сă-рăстрéсувă нéколко пăти, дă-мóже дă-сă-рăскăрше уфнăтре, дă сă-исцéде вóда шо úма [ПД(Ник),156].

рăсмéве impf 'предизвикува смеа' [СК,334]

рăспáсна кубúла f 'жена со неморално поведение' ~ *кá-j зăбудинáла кутy рăспáсна кубúла* [ПК,2(Крец)-,99]; сп.: кобилата кога се оплодува се вика дека **сă-пáсе**.

рăспáсуве (сă) impf 'се оплодува' – в. **рăспáсна кубúла**; според Саќов освен кобилата **сă-пáсе** и кравата [СК,334], но според нашите сознанија само кобилата 'се пасе', додека кравата **сă-вóде**.

рăспáтрин adj 'човек (маса, стол) со криви нозе' ~ *мáста нóго-j рăспáтрина, сáке дă-сă прăзăкóве мáлце* [ПК,2(Гăр),99].

рăспóрин adj 'она што било сошиено се стори на делови, т.е. се оддели едно од друго' ~ *пăпýко мé-j рăспóрин*, и: *пăпýцта мé-j рăспóрна* (= кондурата ми е раскината) [ПК,2(Гăр),95].

рăспрáснуве impf 'растура нешто на сите страни' ~ *тă сă-вúкă пуjрá. Прăку-нéă, óти-j тéсна, вóта сúлно удúре нă-чáрго. Нă-пуjрáта сăтурýве édно дăрво шó сă-вúке сăвăк. Тó гă-зăпúре вóта, нé гă-зăпúре, нéго гă-рăспрáснуве дă нé удúре нă-чáрго* [ПД(Ник),171].

рăспýке (сă)* pf 'се отвори цвет, расцвета' ~ *кăрăнфúл'ут сă-рăспукá* [СК,334]; ~ *трéва, ká-j млáда гă-вúкат мáчиц, гă-бéрăт зă-зéле. Ká-ќ пурáсне, пýште висóки рăчки, нă-вăро дáве пýпки, сă-рăспýкăт, цăфтăт кут-афиóн. Нéкуj гă-вúкăт* **бýлка**, *нúă* **цýпуниц** [ПК,2-(Грам),92].

рăспýкне pf 'скрши нешто' ~ *нúм тăкá, ќă-рăспýкниш лубунúцта* [ПК,2(Крец),99].

рăспýкуве impf 1. 'кога пупката се отвора, цвета' ~ *трăдáфуло фăтúл дă-рăспýкуве, aj-го цăрвинáвă-j*; 2. 'кога со притисок се отвора рана за да истече гнојта' ~ *нóго бол'áви си-úмăх, и ут-ушúнăта, и ут -тóпкит* (крајниците) *уфгýшăта. Лéл'а Гúна кинéш ми-ги сăс пăрстит, рăспýкувáше-гу гнójо* [ДЧ,159]; 3. 'кога некој многу се нервира' ~ *тóо дéтто вáадин цéл дéн мă-рăспýкуве* [ПК,2(Крец),99].

рăспăртăлéсе* pf 'раскине нешто, го направи на **пăртáле**' (сп. **пăртáл** 'крпче') ~ *кá пучнáл дă-плáче ѓávулчто, пугл'ăднáл нă-гóре и гу-вúде тó брáт-му сăс-искáрăнте óчи. "Ми jáс, ричéл, нé кăжáх, а тó кăжá". И пóсле гу-искáрăт уттáм, гу-слéзăт, гу-рăспăртăлéсăт ѓávул'то* [ПД,(Ник),167].

рăстăркáле (сă)* pf 'се придвижи со тркалање' ~ *сúн-му нă-Птрýш и тă Пéна нă–Прójче и óна ут-кăде нáс, уткăде свáтут Грóзде нúкуj. Е, нáм, шó, фájќăт, му уттигнáле иднă-фóртума, а-уттигнáле зă-дăнé-вăрвăт. И тă Măрýшка дáм у-тá фóртумита, сă рăскăráле, сă-рăстăркăл'áле, сă рăзбурúле* [ВМег-(Цăр),320].

рăстáрте (се)* pf 'се здебели многу, особено во задниот дел' ~ *ká сé-j рăстăртúл, ут-сúте стрáни мéсишта му-вúсат* [ПК,2(Гăр),99].

рăсципóрка f 'пукнатина' – в. рăсципул'ка [СК,335].

рăсципýл'ка f 'тесен меѓупростор, пукнатина' [ПК,2(Гăр),99].

рăсчикáруве (сă) impf 'си ги раширува нозете' [СК,335].

рăсчико́рин adj 'кога некој стои со раширени нозе' ~ *ка́ сто́јш тăка́ рăсчико́рин?* [ПК,2(Ал),99].

рăсфăрлен* adj, орр. на 'подреден' ~ *полјто и планијнте така сă рăсфăрлени спроти Постол шо гу прават ногу тифиричлија и лично место. От Постол чувек гу пулја сăто поле су зилинилото му, су сăта му села и курији изридени като бели и цăрни бамки уф стредин на чудбина гулемата зилена рамнина* [РЕв(Р),71].

рăцке impf 'се прави шум, крцка' ~ *уф-ле́бо не́што ми-рăцке* [ПК,2-(АЌ),99].

рăцкувúца* f 'млада, неокостена коска' ~ *е тáа ко́скăта* (покажува на адамовото јаболко), *не́ко: вре́ме устана́ло: ка́к же́нта гу-излăжа́ла , змúата а-гăлтна́л мăжо и ту́к тăка́ рăцкувúцта шо: нăпра́вăна, то́: гу-гăлта́л, ду-ту́к ка́ дуjде́л до: пл'у́: нă-мужéл; нă-мăjшто и́ма, нă же́нте не́ма* [ПК,2(Грам),237]; в. **рăскăва́т**.

рăчúна f, bot., Ricinus communis – в. **рачино́во** [СК,335].

рăчица f, dem. од **рăка** – **в. рăкичка** ~ *девер снăха водеше; [за рăчица десница; [снăха са назад врашташе; [на девер са молеше: [– Оj деверје братко л'о; [попусни ли рăчица; [назад да се обрнам; [на мајка да порăчам: [Мале оj мале милинка; [оставjам ти, оставjам ; [до два срăка босилек* [Б(С,ДХ),27].

рăчка f 1. 'испуштен дел од некој предмет, погоден за држење' ~ *нă-то: су́кат, уд-дăска-j нăпра́вăно. Има рăчка до:-фа́штат, дăрвăна рăчка* (објаснување за називот **крăк**) [ПД,(Ник),120]; 2. 'испуштен дел од некаков сад (во вид на полукруг), служи за фаќање и држење' – сп. **мăштăрбá**: *'сăд зăпúне вóда, мóж дă-бúде уд бăкăр, алмúн ус рăчка'* [ПД,(Ник)120]; ~ *чóику рăдóсен си-гу-зéл гăрнито и трăгнáл нă-пăт зă-дóма. Ама пăту бил плăнúнцки и дилéку и пустáнăл. И нáшăл нă-пăту идну-стáп. Гу-зéл стáпу и гу-нáврăл нă-рăчкăта и гу-прифăрл'ăл прику-рáмо* [ДК-(Рак),152]; 3. 'стебленце на кое се крепи цветот' ~ *трéва, ká-j млáда гă-вúкат мáчиц, гă-бéрăт зă-зéле. Ká-ќ пурáсне, пýште висóки рăчки, нă-вăро дáве пýпки, сă-рăспýкăт, цăфтăт кут-афúон. Нéкуj гă-вúкăт бýлка, нúа пýпуниц* [ПК2(Грам),92]; в. **рăнчúца**.

рăчóк m 1. 'јадење што се консумира на пладне' ~ *сéтне ká ќ-уддéла бáпта да:-искáре крáвăта, тáа сè ќи-исчúсте. Ká-ќ дójде бáпта сè исчúстино бúло, сè тăká: ќи-правúла рăчóк, ќи-j чистúла* [ПК,2(Пл)260]; ~ *гу кáниа Ученúците, éм вéлеа на нéго: Дидáскале jáди. Пак óн рéкал на нúх: Jáс úмал jадéни, шо вúи нé гу знáити. Вéлеа Ученúците мúгу них: Дáли му нусúл нéкоj рочóк на нéго?* [MV,K,258]; ~ *кажájти на калисувáните: éто ручóкут азăр гу готфúх, данáците и ранéтити курбáни сăти сă азăр; елájте на сфáдбата* [MV,K,270]– мешањето на формите **рочóк** и **ручóк** (во последните два контекста) е резултат на неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали (во случајот 'о' и 'у') на што се должат и појавите **редукција и обратна редукција**; ~ *прăвúа ручóк, сиднáа, пуручáа, му-вúка: аj, ричé, вó пóрциито зéви-го дă-мунóсиш нă-тó шó нáj-ми-j-мúло. Гáздăта му-вúка, знáчи нă-жéнтаму дă-му-нóси* [ВЕв(Кор),304] – во контекстот забележлива е поинаква

линеаризација отколку во македонскиот стандард, имено партикулата за суперлатив и придавката што се степенува се одделени со кратката зам. форма и формата на помошниот глагол: *дă мунóсиш нă-тó шó* **нáj-ми-j-мúло**; 2. 'време на пладнина, кога се руча' – зборот **рăчок** ќе го илустрираме со мал исечок од сеќавањата на информаторот врзани со бегството на кукушаните од родната грутка (1913): ~ *нạ-дéнта стạнáме, адно сéло úмше Грăмáдна, тáм. И нăрóт збéрин, кój ус-кóли, кój тăкá, мóже úмше цл'áда ли, двé ил'áди дýши: жéни, дéца. Адно врéме едúн висóк чувéк тăкá, еднá интерúа, дулáма и вúкихме, и тóо чувéко извикá: "Бигájте, брé, вúке, Гăрцте о-зимáли Кýкуш, о-гóрат". И тóо нạródo já тăкá стáнá. Кулу* **рăчóк** *зимáа вујскá дă-вăрве пák* [ПК,2(Коц),352]; ~ *и тјáнака га заклá, га готвú, га кладé нétри áф долáпју. Нúа, от скол'ýто кák дојдóхми за ручóк, прáве отúдохми áф долáпју. Јáзе јáдох главáта от кокоштá* [V,PM,130]; ~ *уф Шикирлúа* (име на село во Кукушко) *нă-мужéх да-вúдум нáш чувéк. Кăштте видéме, áма нáш чувéк нé знáм, нé видéме. Нúạ утидéме тáм, видéме,ájде за-рăчóк сă-вăрнáме* [ПК,2(Шек),277]; 3. изр.: **два рачока не са карат** – сп.: кога е празник околу 3 часот попладне се става *софра да са руче*. Ако некој гост дојде подоцна, тој обично кажува дека веќе ручал, но сепак домаќините го нудат зборувајќи: *"Ако де, два рачока не са карат уф меут! Луѓе да са па да са карат, ама рачоци – не!"* [ТГ,221]; **рачок да зафатат** (= да почнат да јадат) ~ *рибник да ја прават, рибник ми јангулник; [рибник направиле, на софра гу кладеле; [сите седат на софра, Јана си ја чекат; [Јана да си дојде, рачок да зафатат* [ТГ,329].

рăш'* f, bot. Secale cereale 1. 'житно растение со ситни зрна' ~ *за фăрлúш' с'ăм'ạ на инá л'áха úти пш'инúца, úти ич'умéн, úти рăш'* [MS,t,..]; ~ *кọгá зạ-тéби, Мáгдọ, дójдахми, [приз-дéвạт гóри, Мáгдọ, зилéни; [прис-óсạм јóди, Мáгдọ студéни; [вúшни чур'áши, Мáгдọ, цăфтјạ, [зилéни рăжи, Мáгдọ, рис'áја* [ЛС(К),134] – во контекстот прави впечаток множинската форма **рăжи (зилéни)**; ~ *мрафките фатиха едни да носат ичмено, други чиницата, едни рăшта, други мисиро и така на един вечир гу чинили зăрно по зăрно* [V,PM97]; ~ *раш'тá ја ч'ýкалии на враш'úлуту сăс кóпани и з'евами л'ăбут и ражанúната устáнува на нúвата* [MS,t,67]; ~ *ми шó рăбóтăхме: сéехме сéдби, тит'у:не, бýба. Сéдбăта знáчи тăвá сиúдбата шó-ј, шó-сă-жнúи, шó сă-вăрше: чинúца, рăш, ичмéн, увéс* [ВК(Шт)289]; 2. 'нива на која има посадено 'рж ' ~ *Дéдо Мúтре, сéтне кăжýјфше дéдо-ми: имáло нéкуј Стójче и брáт-му нă-Гóце Дéлчуф – Милáн. Они сă-бúли уф–нéка: нáша нúва, уф-нéка: рăш* [ПК,2(Ним),274].

рăшéнуве impf 'развеселува' – в. **рашене** ~ *óн ká-ќ флéзе сúте нарăшéнуве* [ПК,2(Гăр),99].

рăшúрва impf 'прави нешто да биде распослано' – в. **рашири** ~ *жéнăта ќи-ми-рóде дéте и јáс ќи-му-рéчам "Ел у-тáте!" Кóга гу рéкăл тó "ел у-тáте!" зăбурáвăл сирумáу дéка нă-плéштте нóсе гăрне, и-рăшúрва рăците и стáпу су-сè пáднăл, сă-искăршăл, сă-истурúла и бинúцăта* [ДК(Деб),152].

рăшитáр m – в. **рăшитáрка** ~ *шкúтник* [ПК,2(Гăр),18].

рăшитáрка f 'жена што не седи дома, што шета по куќите' [ПК,2 (АЌ),99].

рăшник* m – в. **рăшн'ица** ~ *"е, ричéл, ќи-засвúрум, áма тýри, ричéл, дéцта уф-адúн куфчéк, дáј или пуáјн нóш уф-рăцто. И тú, ричéл, ќи-си-вăрsиш кăркут", нéкаа сóфра – кăрк му вúкиме. Пóпут ќи-си-вăрse рăшнико, едúн кáмин шо-мéл'ат бăлгýр, едно врéме* [ПК,2(Коц),-346].

рăшн'ица f 'примитивна домашна воденица на која каменот се врти со рака'; сп. **мʼéлница** [MS,s,98]; пообична е множинската форма **рăшници**, која што се употребува како pl. tt. (бидејќи има два камена коишто функционираат заедно: долниот е прицврстен а горниот се врти) ~ *на часо сички фного силно са разиграли; рăшницето на попо, копано на пападиката фанали силно да пл'ускат по грбовете или; и кофчегут на гредата разл'улен силно паждине на земјата* [ШГ,V-421)]; ~ *мóмити... а изгутвýва нивéстăта, тáм шáлува, рáзни пригáча, приќúјăта, чурéпи плéтиа и пóсле трéба жúто, бăлгýр. Бăлгýр тó-и жúто, гу-трéбиа, пăгу-мéлиа нă-рăшници и гу-вáриа* [ВЕв(Кор),306]; – називот **рăшници** го среќаваме во описот на заедничката вечера кај девојката, како дел од свадбениот церемонијал: прво благословува таткото на девојката, а потоа другите. По вечерата следува игра во која *пубратимите* од женска страна ќе донесат *рипици*, сад полн со жито и еден *мисал'* (крпа со која се завиткува лебот), откако ќе се стави жито во *рипиците*, еден од *пубратимите* ќе се обиде да го врти горниот камен, но работата ќе "запне" бидејќи каменот "не е *куван*", а ќе "проработи" откако таткото на младоженецот ќе фрли извесна сума пари врз *рăшниците* [ТГ,163] – се разбира дека овие обичаи се однесуваат на минатото и денеска изумираат.

рăшýка* pf 1. 'разнебити (нешто)'; 2. изр.: **ќ-у-рăшýкăме мăбéтут** (= ќе се скараме, ќе престанеме да комуницираме) [ДК,106] ~ *и óна сéга гу-зáпна тýка нéго. –"Кáжи, вéле, кáжи! Вó зăслиýăте úма нúшто* (нешто)... *Нă-мóж дă-бúде тăкá". – "Нé, мăр жéно, вéле, јá, тáка шу-пúјме, шу-сă-висéлиме сáло". – "Кáжи! Или кáжи úли ќ-у-рăшýкăме мăбéтут"* [ДК(Бош),140].

рăшукáн* adj 'растурен, разнебитен' ~ *си-грéде, нóшќа гу-фáтăл. Тó пăтут – нúкуј плăнúни. Нóшќа устáнăл, áма вăлци лéво-дéсно вúјăт. И дéка дă-сă-пúкне, дéка дă-сă-пúкне? Иднă вудúница рăшукáна имáло и нăóжца врéме сă-пикнýва у-тá вудúницăта* [ДК(Бош),142]– во контекстот го забележуваме лексичкиот архаизам: **си греде** 'си оди'; фактички се работи за прекината изоглоса, сп. во словенечкиот јазик.

рăшýкува impf 'растура' – в. **рăшýка**

1. ~ *му-вéле: "А бé кăýрин, сфáли ми тúа тупój бáсма!" Му сфăл'ýва кăýринут. Шýка-шýка, шýка-шýка, нé зéва. Дéсет тупój му рăшýкува, стăнýва – бéга* (**бега** зн. 'заминува, си оди')[ДК(Ран),134].

С

с'а́ adv 'сега' ~ *с'а́ ја па́та: "пи́ч'-ку, ко́гу т'ạ иба́?"* [MS,t,78] – во контекстот ген.–акуз. форма **ко-гу** се јавува со значење на номи-нативната 'кој'; ~ *с'а́ в'е́јки до́јди ринд6 и на бо́лин Дујич'и́н с'е́стра му* [MS,t,51]... *гу пи́та - дур с'а́ би́ш'и магар'ạ, да с'а́ ста́на ч'ув'а́к* [MSt,55]; ~ *и пурча́нч'и на изми́карката: "са́ за заспи́ кири́јата, да ја ни разбуди́ш' , да ни по́ш' бли́з'ạ хи́ч'!"* [MS,t,13]; ~ *Му вили́ Настради́н-хо́м'а на фурна́рину "ја́ла да ид'е́ми с'а́ га́ска!"* [MS,t,57]; и: **с'а́j** ~ *ута́ра ко́низма́та, му вили́: "с'а́j сара́та, ш'о́ за сто́риш'?"* [MS,t,71]; односно: **сја́**: ~ *дру́гạта ве́чạр ти́а па́к уди́ле дạ-кра́дạт, га́зта уди́л нạпре́т. Ама и́ма при́мка* (стапица) *сја́. Изми́ка́рча́то уста́нạве, а га́здата нạпре́ди и та́п, у-ка̣тра́но прạпа́жде* [ВД(Ник),279]; ~ *о́н ин ка̣жа́л: "Сја́, ди́ми та̣ква́-j ра̣бо́тта, тува̣ре́јте е́дна ка̣ми́ла па́ри. Ќа:-ше́тте на̣ис се́лто, ко́j са́ке па́ри, ко́j ко́лко са́ке дạ-му-да́јте"* [ВД(Ник),279].

сааде́ adj 'чист, без додавки' ~ *пи́х едно́ сааде́ каавé* [СК,335].

саалам adj, indecl. 1. 'сигурен' ~ *јас да т'ạ враза ту́ка да са́ саала́м, о́ти за м'а́ ч'а́каш'* [MS,t,77]; 2. 'добар, здрав' ~ *са ҷасна протудраку едноч-дваш "сандя́кот, му вели, са чини саалам, туку ади отвори да излезам! И да гу најдиш, гледај Мајдона да гу фатиш, та да дојдиш и от меника бакшиш да земиш"* [V,PM,76]; ~ *да́j ми не́ко: сала́м ме́со; – и о́н не́-j саала́м* (= не е добар. пр. со здравјето) [ПК,2,100].

саалам adv 'добро, здраво, вистински' ~ *саала́м гу вăрза́ли нӑ Ва́но* [СК,-335]; ~ *кату си пофали́ господа́рот со́с ти́а ре́чи, оти́де на дома́ и на̀ жена́та му са пофа́ли. Де́тето фати́ ве́ки ра́ботата да га го́ни мо́шни саала́м, ја́ко; пе́рвиот писа́р фати́ за зуле́псува на не́гу и са́каши да на́јди вре́ме да гу утру́и* [V,PM,153]; ~ *види гу некуи пăт прит тебе вампирут саалам* [BV,140].

саан m 1.'бакарен сад во кој се става јадење, порција' [ПК,2(Грам),100]; ~ *са́н от бакӑр* [BV,143]; во постарите материјали: **сахан** ~ *му вели: "мӑжу, зашто си толко кахарлиа (загрижен)? Дали немаш да јадиш, или немаш да пиеш, или*

жена намаш харна?" Тогас тојнака отговори: "ах, жену, царјут сака от меника сос еди́н сахан манџа неговот аскер да наситја" [V,PM,79]; ~ *вечерот, кога си дојде манжот и́, и штаха да јадат, кладе жената софрата и кеноса на еди́н сахан едната јарибица и биската и́ и го кладе саханот на софрата* [V,PM,240]; 2. 'плиток сад со јадење што се носи в црква и се раздава за умрените'; сп. религиозен обичај: – за празникот посветен на умрените *Мртвин* (или: *Задушница*) домаќинката ќе свари пченица, ќе ја полие со ладна вода, ќе ја исцеди и без други додатоци ќе ја стави во *лингер* (плиток бакарен сад). Потоа површината на пченицата ќе се накити со цвеќе, со разно овошје и со шеќер. Сето тоа се вика *са́н;* со секој *са́н* се прават и 5 *литургии.* Штом црквеното sвоно *(камбаната)* ќе удри, домаќинката ќе земе чиста везена крпа (*мисал'*), ќе ги завитка заедно *са́н-ут* и *литургиите,* ќе земе уште шише со вино и онолку свеќи колку што има умрени во нивното семејство и ќе појде в црква [ТГ,30]; ~ *ма̀ртвин пра́вѐт спурти Митро́вдин, спурти зѐпусте́јне за Бужи́к, спурти зѐпусте́јне вили́ко. На гуле́мта (велика) са̀бута но́са̀т са́јне куту ка раздава̀т за умре́л* [ИГ,118] – партиципот, л-формата **умрел** се јавува со својата архаична употреба наместо придавката 'умрен'.

саба́лин m **'утро'** ~ *с'е́дна лума́та и ка́та саба́лин и на вич'еро́ и пуме́ваш'и ка̀ш'тич'ка́та* [MS,t,62].

саба́лин adv 'наутро' ~ *саба́лин ста́нахми, си ути́духми са̀с ба́бата* [MS-t,73]; ~ *е́то́с в'е́ч'ер са̀ о́ш'ти ту́к, у́тр'а за си по́да дума́ пукра́ј тајфа́-та-ми!и и ста́на, си ути́ди саба́лин, си иш'иха́са пукра́ј тајфа́та-му* [MSt,42]; ~ *ста́наха саба́лин, му вили́ на ступа́ниту: е́тузи́ ма́лку ш'ту са̀ руди́, ви са̀ мо́л'а мло́гу, да д'а̀ти гу на м'е́н'ѐи́* [MS,t,16]; ~ *дур да по́да јас саба́лин, дур да с'е́дна, ја́-ти-гу ман'џ'о́-јии́* [MS,t,10]; ~ *и та́м за стујат дур да уса̀хнат ... с'е́тн'а саба́лин кугá и́ма ро́са, ум'е́кнуват ...ги пра́вили сандáлѐ* [MS,t,5]; 'рано' ~ *уса̀мна саба́лин, ста́нува ба́бата, си з'е́ва ко́низма́та, си хо́ж'да* [MS,t,71]; ~ *утринта́ саба́лин за ста́на, за о́ција с'а̀м'ѐнту да́-ј ч'и́сту* [MS,t,66]; ~ *но́с д'е́н' му пура̀нч'ува на ч'уба́ниту: е́утр'а саба́лин, кутри́ за до́ј да навѝка на ко́зит'а, тут ед'е́нса̀на̀с на ку́чѐнта́та н'е́ка гу изида́т!и́* [MS,t,17]; ~ *ста́на саба́лин, на́јди ино́ храбу́лч'а, на́јди и ино́ ш'иш'е́нци, напу́лни во́даи* [MS,t,24].

саба́чка f 'бакнеж' [MS,s,99].

саба́х-а̀лдузи – sвезда Деница; со исто значење: **Ра́ниш'на́та зв'а́зда** [MS,s,95,99] од Гевгелиско: штом на исток ќе се појави **саба-јилдизи** (споменатава sвезда) значи дека наскоро ќе се раздени [ТГ,10]; во Дојранско запишавме: **са̀ба́ја̀лда̀с** [ПД,130].

са̀ба́ччѐ f – в. **саба́х-а̀лдузи** [ДС-(Ч),62].

саба́карш'и adv – 'наутро рано, кога се разденува' [MS,s,99].

са́бе* impf 'кога предмет што бил остар (пр. нож) се стори така што повеќе не може да сече' ~ *ба̀лти́ата ка̀жа́ла: "Убви су́ј дра̀ффца ди-ј-це́пум, а́с не́ и́дум". "Не́ и́јш, а́ма ќи-ка́жум на-ка́мно да̀-та̀-ј-са́бе". Ка́лино ре́ка̀л: "Убва би́с-тра во́јчка си-те́че вра̀з-ме́н ту́ка, а́рно ме́-ј, на̀-мо́жум а́с на̀-те́п ба̀лти́а да̀-ти-са́бум"* [ВК-(Иц),291].

сабја f 1. 'долг нож, вид оружје, го имале (обично) офицерите' ~ *тој-нака не послуша́ на го́лојут, што му рече́, ту́ку едно́ч сто́ри ниет, кинúса на пътју да úди, извади́ са́бјата му, на ръ́ката му га и даржа́л* [V,PM,21]; ~ *кату чу́ така́ јуна́кот, кату́ арсла́н хрипна́ на вра́х змиа́та, извади́ са́бјата, га закла́; дур да сти́гни да га зако́ли, едно́ту ма́лку гу изја́ди* [V,PM,23]; ~ *зивајте а риче мојта сабја, риче, [сичејте ми а русата глава и јас да са уткинам, [и тогај ми а зеа Михаил'човата сабја, [али пуста сабја риче Михаил'чева, [друга ръ́ка не а утвара* [ME(P),51] – во текстот го среќаваме адверсативниот сврзник **али**, необичен за мак. стандард: **али пуста сабја друга ръ́ка не а утвара**; ~ *седна дјадото да ги ч'ува, зема и сабјата на ранката; диту ч'уваши дјадото, га гленда една страшна змиа излези до половина от мумината уста и си мънчеши да го јади детенто* [V,PM,174] – во текстот се забележливи 2 посебности, едната фонетска, зачувани траги од назализам: **ранката**, втората е морфолошка, проширена употреба на предлогот **на** наместо 'со', односно 'во': **зема и сабјата на ранката;** и: **сабл'а** ~ *адин јунак големо дрво влече ув ръ́цето и без да се уплаше иде право врз нихка, а двуицата брате јунаци се фпушчуват от другата страна сус саблите* [ШК,5(434)]; 2. изр.: **през сабја ке промине** (= ќе биде убиен) ~ *там, дека ручаха, една ланџица си загубила. Фатили л'удето да ја брăкат. Царјут и рекла: "дурде си не најди ланџицата, нема кабил да стана јаз. На кого ки си најди ланџицата, он през сабја ке промини"* [V,PM,176].

сабор (и: **сабур** – со редукција) m 1. 'разум' ~ *бо́же да́ј-мо са́бор да́-са́-пра́бе́ре, да́ си-гле́де де́чка́та;* заменската форма за дативен предмет **мо** место 'му' би можела да се објасни како резултат на неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали што резултира со појавата редукција, но и со обратна редукција каков што е случајот; 2. 'мир, спокојство' ~ *да́ј си-са́бор ма́лко, и́ма по́лоши ра́бо́ти, чу́ув-си здра́фто, сѐ са́-купу́ве, здра́ве са́мо не́ са́-купу́ве;* 3. 'лекарство, средство за смирување' ~ *са́боро са́-прудáве уф-аптéќте, о́нéј кути тимéн, зрънцта, зрънцта. Си–гъ́лтниш адно́-две́чки да́-ви́јш ка́к те́-ј по́-а́рно, не́ са́-нарви́риш* [ПК,2(100)]; – сп. народски начин лекување на болеста **заушки**: ќе се сожвака жив темјан помешан со *собор* и тоа се става на болните *заушки;* потоа ќе земат малку памук, ќе го накадат со темјан и ќе го стават врз смешата од темјан и *собор* и потоа ќе го стегнат со крпа [ТТ,124]; 4. изр.: **са́бур чине́јти** (= бидете воздржани, трпеливи) ~ *ти́даа и те́ на паша́та, му ве́л'а́т: "паша́ ефе́нди, ни́а татку на от те́би гу и́сками, на тво́јта зе́мја са загуби́, ни́а н'а зна́ими друг". Тогáс паша́та им ве́ли: "са́бур чине́јти, си́нку, ја́з пусна́х л'у́ди да те́рат"* (бараат) [V,PM27]; исто: **са́бор са́-чина́х** ~ *и о́на пра́д-не́го ин ви́ке: "Игра́ј ку́клич-ко, игра́ј но́шче, ја́с читири́јсе де́-на у́мрăн гл'ắдах и читири́јсе ве́-чăра, па́ са́бор са́-чина́х"* [ПД,164]; **чинил сабур** ~ *тојнака и сторел нает два три пăтја, да ги заколи и двата, ама пак не кăјдисуваши и чинил сабур да види, как ки усумни* [V,PM,87]; **сабар да си чиниш** ~ *го стретел*

старецо и му вели: "Продавам еден лаф кој ќе го купи и кој не ќе го купи пишман ќе биди". Човеко и сега си ги дал 500-те гроша, а дедото му рече: "Сабар (трпение) да си чиниш" [ШГ,5(407)].

Сава (Лисава) – ж. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,114].

сава́к m 1. 'специјално дрво за запирање или распределба на водата во воденицата' ~ *бу́кӑта* (дрвено корито преку кое се тера вода до *чаркот на* воденицата) *до́лу те́сна-ј, та́ сӑ-ви́кӑ пујра́. Нӑ-пујра́та сӑ-туру́ве едно дӑ́рво шо сӑ-ви́ке сӑва́к. То́ га-запи́ре во́та, не́ га запи́ре не́го гӑ-рӑспрӑ́снуве дӑ-не́ уди́ре нӑ-ча́рго и не́ вӑ́рте вудни́цӑта* [ПД,170] – во текстот среќаваме употреба на адверсативниот сврзник **него** 'туку', што претставува архаизам, не се среќава во нормативниот македонски јазик, но затоа е присутен во други словенски јазици; 2. 'дрвена преграда пр. кога од река се зема вода за воденица'; сп. top. **Сава́к** 'име на место во Дели Хасан Махала, Валовишко' [ЈИ,Ми...,185].

са́ван* m 'платно со кое се покрива мртовец' ~ *на то́а вре́ми, стана́ Пе́тро, утиде́ на гро́бут; и са́ на-виде́ да гле́да са́ванут шо бе́ши са́мо, да си бига́, да са́ чу́диши за ва́ чу́дба* [MV,K,253]; ~ *и испадна́ умре́нјут, варза́а на но́зити, и на ра́ѓити субра́ни, и на ли́цито су саван завие́н. Ве́ли на ни́х Исус: Ува́ рза́јти на не́гу, и уставе́јти гу не́ка си о́ди* [MV,K,253]; ~ *ка́ стана́л Пе́тро еме́н оти́де на гро́бот, да ка́ си навиде́ а гле́да сава́ните шо би́ле са́ми, и си ути́ди зачуде́н са́мо во шо си чини́л* [MV,K,334].

Са́век (и: **Са́вјак, Са́вет**) top. 'име на село во Валовишко' [ЈИ,Ми...,185].

Савечкио Герен top. 'ниви и ливади', с. Просеник, Серско (кон с. Савек, Валовишко) [ЈИ,Ми...,186].

Саговата Кузна top. 'ковачка работилница на сем. Сагови во с. Г. Броди, Серско' (**кузна** – арх., сп. во рус. јазик) [ЈИ,Ми...,186].

саде́ adv 'само' ~ *ама си научих, ча на нејната земја има дефови, што чуват, та они можи нас да на погинат; сетника бари саде јазе да загубјам живот, и тиѕака сос менека да не погиниш* [V,PM,44]; ~ *дјатету му вели: "куме, на това нема нешту! Аку сакаш, иди да га докараш и кумицата тука, да га видими да ли са омјасат!" Тогас кумицата му вели: "Саде това не бива! Јазика жената ми не га искарам да га гледат други мӑжи"* [V,PM,70]; ~ *момта му беши најхарна и нај-прокопсана от сичките свјатски моми; саде един кусур имаши момата му: носо и беши малку крив* [V,PM,53]; ~ *тјанака ги чини́ деца́та то́лку мӑ́ндри, штото бе́ха кату ја́гнета, ама не промина́ мло́гу вре́ме, на еди́н де́н измре́ха че́три де́ца, и бе́ха оста́нали саде́ два́ жи́ва* [V,PM,26] – во текстот има уште еден пример за проширената употреба на предлогот **на**, во случајот како замена на предлогот 'за' ('во'): **на еди́н де́н измре́ха че́три де́ца** – за ова в. во граматичкиот дел.

с'ӑ́ди* impf 1. 'кога некој мирува, потпрен на задникот' ~ *да сӑ наид'е́ш' , да сӑ напи́ш', да в'е́ниш' кни́гата, на скумин'о́ ва́са но́ш' да с'ӑди́ш'* [MS,t,31]; ~ *ка́к фле́гле уф гро́бот, виде́а мла́д дете́нци, се́деши на де́сната стра́на, убличе́н бе́ла ру́ба. Ричé на ни́х: Исус На... а па́лате на ставроса́н,*

стана́, не́ і тýка [MV,K,255]; ~ *ја ви́д'ạ на идúн балкóн, ш'ту с'ạдú ина́ ж'ена* [MS,t,10]; ~ *úдат и т'éс гу гл'éдат тáм удóл букó с'ạдú идúн ч'ув'ăк такфóс прим'ạ н'éнт* [MS,t,36]; ~ *с-ọблéкạвạ кáọ бạрóн, óди тáм. "О, дóбре-дójди Срạдúн Оџạ". Нạ-нájýбạвọтọ м'áстọ гọ-сéдạт* [ЛС(К),120] – во случајот среќаваме употреба на глаголот *седе* како преоден: **нạ-нájýбạвọтọ м'áстọ гọ-сéдạт**; ~ *с'ạ дúм на скумин'ó* 'седам на стол (клупа)'; ~ *пл'étам с'ạдáш'кум* (= седејќи плетам) [MS,s,99]; 2. 'постојано живее некаде' ~ *двáта з'éнт'уфци гул'ámит'ạ ги клáди гóр'ạ у пујнá удајá да с'ạд'ám* [MS,t,34]; ~ *да дад'éш' т'éс двáта пуртукáл'а на ж'инáта-ми, сидú у бáбата кăш'тат'ạ* [MS,t,86]; ~ *Исус ка си вạрнá, да и видé на ни́х шо удúле пу нéгу, вéли на ни́х: Шо пáлати? И óни му рéкле на нéгу: Дидáскале Чифýцки дéка сéдиш? Вéли на них: Елájте да ви́дите* [MV,K,302] – во пропратниот текст имаме употреба на сврзникот **шо**, со интенсионално-декларативно значење, наместо 'дека': **да и видé на ни́х шо удúле пу нéгу**; ~ *идúн д'éн' прумúнá ут нас махалá, ш'ту с'ád'ăш'и цáрувáта мóма* [MS,t,26]; ~ *да гу нájда уж'éн'ạнту сăс мумáта и да гу клад'éти на гóрнију кáт, тáм да с'ạдú* [MS,t,17]; ~ *ја закáраха гóр'ạ да с'ạдú и ш'úч'куту имáни н'éјну дă-ј* [MS,t,48]; ~ *фтáса у Атúна, утúди на инó ки'énодóхију, фáти инá удајá да с'ạдú* [MS,t,10]; 3. 'поминува извесно време некаде' ~ *си утúдух у мójта братуч'énка ... и тáм си с'ạд'ăх млóгу вр'ăм'ạ* [MS-t,2]; ~ *ви́е жéните двéте: "Хé–хé, мăжу, éла дă-ви́диш трéќăта жéна шó ти-рудúла!" – "Шó ми-рудúла?" – "Кýче и мáче!" И óдма нăридýва дă-сéди ду-гудúна врéме пут-скáлăта зăкупáна ду-пулувúна, дă-му-скáпăт нóгите* [ВЕв(Кр),302]; ~ *му вил'áт на д'ăдуту: "ти-си стáр ч'ув'ăк, с'ăт' у думá сăс мáлкат'ạ"* [MS,t,80]; ~ *амá ж'инá-та му ни мóж'и да трăпú с'é у кукуш'кáрнику да с'ạдú, за кáж'и в'éјки* [MS,t,37]; ~ *кату чýха такá му рекóха на граматикот: "Ба' господúне, не требýваши тúнака да доúдиш на нáс, нúа сákахми да дójдими ... тýку стáни от тýка éла да úдими, аф мójта кăшта, да сéдиш, дýр да чúниш таксúл тúа пáри"* [V,PM-20] – во контекстот среќаваме проширена употреба на предлогот **на** место 'кај': **да доúдиш на нáс**; втора специфичност е присуството на наставката **-ува** кај глаголи што во основа се имперфективни: **не требýваши** место 'не требаше'; односнава проширена употреба на суф. -ува кај имперфективни глаголи ја забележале и претходните истражувачи, пр. Ст. Романски во работата за долновардарските говори; 4. 'се наоѓа во будна состојба' ~ *ти за ји вилúш': "дáскалу м'ạ клáди млóгу мáтима за да п'ăја, тр'ăбува вáса нóш' да с'ăдим да наýч'им"* [MS,t,31]; ~ *и ти цáр' стáна да утúди у ч'éркфа; тр'ăбувáш'и да с'ăд'úш', да си ч'ýваш' бахч'áта!* [MS,t,33]; 5. 'останува да преноќева некаде' ~ *т'á му вилú: "јáла да с'ạд'úш', амá л'áп н'éмам да јáм!"* [MS,t,21]; 6. 'се задржува' ~ *по дно време еден дјадо имал само еден син, и тој имало трăда глава. Дјадото на занајат гу даваши, тој не седјаши* [V,PM,216];~ *чувéџте фáштат* (зема, приграбува) *нúви,*

фа́штăт дво́руве. На́ште пустулча́не нијка́ли дво́руве, си-вика́ли: "Аа-а, ни́а ту́к не́ се́диıе, ни́а ки-ш-о́јме до́ма". Има́ли та́м но́го гуле́ми дво́руве, у́буви [ПК,2(Пос)-293]; ~ *"Симни се ле доло, млада чорбаџијке, [уд вишни дивани, акут да ми платиш, [што сум ти рабутил три гудини, [оти ки си јодам на мојут вилијат". – "Седи, Тодор, ним си јоди"* [ТГ,157]; ~ *имало еден цар, пувил'ал уф градут мо л'ујто да не седат ного доцкана на вечара; пу вичери напкум да не свитлее никуа куќа!... Една ут момите рекла: "Мале, царут пувил'ал, да не седе никој доцкана на вечера"* [V,PM,267]; 7. 'го поминува времето' ~ *би́ло до́цкӑна и то́ тăрговӑцо виде́л де́ка свӑ те́ уф-не́ко кӑшча свити́ло (туга́ј нама́ло ла́мби, сад̣е́ле на-канди́ла, на-све́шчички), фл'ăзе́л уф-дво́ро и чукна́л на-вра́тта* [ВД277]; 8. 'чека' ~ *па на три́ти саа́та испадна́, а виде́ дру́зи шо се́диа на паза́рот ајл'а́к, и на ти́и му ре́кал: Уде́јти и ви́ја на ло́зити* [MV,K,315]; 9. изр.: **ајла́к да ни с'ăди́ш'** (= да не останеш без работа, т.е. без заработувачка) ~ *пурӑнч'ува: "да ни гл'е́даш', мӑнц'и, мло́гу скắмпа ѓулн'у́к, у́тр'ă за сă на́јди по́скắмпа ѓулн'у́к; сид'ă̆ ајла́к да ни с'ăди́ш' "* [MS,t,47]; **седи сус здраве** (= поздрав кога некој заминува) ~ *стана да с-јоде тоја лудо младо јабанџијче, [и што си вела, младо јабанџијче, јубаво; ["Седи сус здраве, тенка Малишовка јубава!"* [ТГ,156]. Сп. уште: **с'ăди́м на кул'ăна́** (= клечам) [MS,s,99].

сади (и: **сеи**)* impf – в. **с'а́ј** 1.'фрла семе на разорано земјиште за да никнат растенија, сее' ~ *тогај крајта блатто пустолци, елбет и друјзте сила шо сă крајта блатто, садиа пчинички; истом дека-ј сеа пăлно вода* [МЕ(Р)77] – во контекстот се среќава беспредлошки додаток за место, посебност што се има развиено под влијание на балканските несловенски јазици: **крајта блатто пустолци садиа пчинички**; ~ **цица́рка** – *то́-ј куту ди́јничка, мăле́нка, шăре́нка. Ти́й зă-ме́рис ги са́ат, зă лицбути́и, не́-ј зă-ја́дне* [ПД,124]; ~ *на пчиничките ут "Старто блато", шо не и садат сеа уд вода, тогај ллујто одиа да тражăт диви свијни, шо ногу и расипувиа пчиничките* [МЕ(Р)77]; 2. 'става в земја дрво, со жили, обично младо, за да се прими' ~ *Кăрцката земја-ј песоклива, цăрвеница, цăрна прăс а најповикје-ј стена покриена су тенок ред* (слој) *прăс. Там кăд се садени лозјата на угри-слăнца ут селто ридиштта сă сăл песокливи* [МЕ(Р)78] – во контекстот го среќаваме архаизмот **прăс** 'ситна земја' (назив со прекинати изоглоси, познат во рускиот, полскиот, чешкиот со основно значење 'прав'; сп. стсл. **пръсть**).

Сади top., pl. 'градини крај с. Караќој, Драмско'; во односниов топоним се зачувал стсл. **садъ**, 'градина' [ЈИ,Ми...,186].

Садина top. 'име на место, с. Мертатово, Серско', според името на тревата *садина* (бузалак) [ЈИ,Ми ...,186].

Садово top. 'име на место, ниви', с. Крушово, Валовишко; Ј. Иванов го цитира Заимов којшто називот го изведува од *сад* 'новозасадено лозје' [ЈИ,Ми...,186].

са́жди pl. 'ситни прашинки од чад што се нафаќаат во ќунците и оџакот' ~ *е́дна же́на, н-е́дин Бắдник, Бужи́к, гу-зăпắлú, изгуре́ то кунáко. Глида́ла уа́ците ка́-ј чи́стăт сус сла́ма, и о́на*

до-нападне уѝако сла́ма, да-ј-згорѝат са́јште. Ве́тѝарут ду́е, се́вѝарут, са́зѝапал'ѝат ти́а дѝарвѝата. Си́чко изгуре́ [ПК,2(Ним),261]; во Серско: **са́жги** [ДС(Ч),56]~ *о́ни цѝарнила́та от ќу́нќо са́ сѝа́жги* [ДС(Ч),140].

саи* impf 'цица'; **са́ја** (и: **са́јам**) – 1 л. едн. [MS,s,99]; ~ *по Ѓурѓувден от ли́ного болка* (болест), *што имало на офците, беши услекнала на јагнето мајка му, да остана без мајка; да фатих една кучка, што* (пишува: 'цо') *беши родила тогас, оклавах кучинтата, да кладох јагнето, саиши от кучката* [V,PM,182].

саирџијка f 'жена што сака да посматра, пр. нешто интересно, но да не учествува' ~ *ка зимаја да се борат, тенка Ванѓелино, [се бурија, се мајаја цал ден ду пладнина. [Аман тоги што си вели Попово Јован-че: "Ванѓелино – сајирџијко, моја верна л'убо, [земи моја остра сабја, удри на ког сакиш"* [ТГ,41].

саи́с m 'слуга' ~ *и́маше и адин саи́с по не́го шчо о́деше, изме́т шчо му чи́неше, ара́пин беше* [BV,141].

с'ѝа́ј (и: **сеи**)* impf 1.'фрла семе, сее' – в. **сади** ~ *как исл'а́ха т'ут'у́н'уту фа́т'ахми да с'ѝа́јми т'ут'у́н* [MS,t,1]; ~ *"Ка́де та́тко ти?" – "Та́тко-ми не́-ј, де́ва ти́ди да-бе́ре от тѝа́рн са́ме да-са́је, да зни́кнат* (пишува: 'да здикнат'), *да се-нара́стат, да ќе вѝа́рват кирајџи́ји со баба́ки, да ќе-се-закачу́ват баба́ките по-тѝа́рн'ите, да ќе-го бе́ре та́тколи"* [BC(Кир),294]; ~ *му вили́: "ти да по́ш' на иди́н распѝа́нт' да с'ѝа́ш' бустанлѝа́к и то́ за прумѝи́на, за гу запи́раш' да му да́ваш' пу ина́ либѝа́ни́ца"* [MS,t,43]; и: **сеј(и)** ~ *тојнака отиде да га ори и да га сеи чиница и, как га ориши, отдол един камин најде един казан алтѝани, ги искара и ги закара* (однесе) *скрихом дома* [V,PM,86]; ~ *неговата работа га благослови Господ, отиваши напрет, и си чинил тој нај-богат от сички тамошните. Каква нива невредна да сеиши, тој от неа жетва за чуду ке да жниеши* [V,PM,82]; ~ *да виде́јте ни́вите шо си пубиле́а, са́ка да си жни́јат ви́ки. И то́ шо жни́и да́рот гу зе́ва, и кла́ди се́ми на жи́вот ду ве́ка; да си радува́т за́јно и то́ шо се́ј, и то́ шо жни́и* [MV,K258]; 2. 'прочистува брашно или нешто друго ситно со тоа што го поминува низ сито' ~ *"Биз аршин нужици ти да ми гу кројиш, [биз игла и конац да ми гу сошијеш!" – "Еј Дилке, Дилке, јубава ми Дилке, [ама ки те мол'ам и јазе за нешто: [ти да ми направиш бела ми пугача, [брашно ти да сејиш сус твојите клепки"* [ТГ,204]; 3. – **(сѝа)** ~ *т'ут'у́н'у за да сѝа с'ѝа́ј тр'ѝа́бува пра́ву да гу с'ѝа́јми с'ѝа́м'ѝату* [MS,t,4]; ~ *иди́н ч'ув'ѝа́к ... кла́ва ло́зи на ро́пкит'ѝа и двалми́на ду́ш'и и́мат пу пујно́ ко́лч'ѝа и ги фти́скат ло́зит'ѝа и така́ сѝа с'ѝа́ј луз'е́ту* [MS,t,4]; ~ *и́ш'ти ... друк да бо́цка ко́рин'ѝа, ... друк да ка́ра во́да сѝас ко́н'у и сѝас магар'ѝату и така́ сѝа с'ѝа́ј т'ут'у́н'у* [MS,t,5]; ~ *за са убрѝа́ниш' пак да си пукри́ј с'ѝа́м'ѝату и така́ сѝа с'ѝа́ј ш'и́ч'ката ни́ва* [MS,t,6]; 4. изр.: **от кого сам сејан** (= кој ми е татко, од какво потекло сум) ~ *то́јнака бе́ши мло́гу јуна́к ја́к. И ве́ли́ еди́н де́н на ма́јка му: "от ко́го сали сеја́н, ма́ле, ја́зе?" И тја́нака му вели́: "ти́нака, си́нку, та́тку и́маш еди́н по́п"* [V,PM,106].

саја f 'волна од овца или облека од таква волна' [V,PM,377]; во Серско, според Лаброска: 'гуна' [ЛС(К),94]; според наши сознанија во повеќето македонски говори, а така

е и во РМЈ: **саја** зн. 'горна женска облека без ракави'.

сајбúа* m 'сопственик, господар' ~ *отúде тел'áлот, му вéли на сајбúата: "господúне, ела дур на хáнот! Ти вúка едúн јабанџúа трăгóвец, да ти пúта нéшто". Стана сајбúата сос тел'áлот, отúдоха* [V,PM,15]; ~ *и тугáј извикáл: "В ăлче, мéче, лисúче", па, "вăлче, лéче, лисúче". Лисúцта ричéла: "Нáшјо: сăјбúа úма нéко: гулéма бил'á"* [ПК,2(Мор),228]; ~ *дудéка гу ижнúйат дуjдéл сăјбú:та: "Кój ви кăжá нă-вáска тóă ичулúен до:* (< да го)*-жнú:те?"* [ПД,158]; ~ *ка си отишле, детто се направило един кон' и го продадела бабăта за тријсет лири. Ка стојало у то, сајбијта умрел. Пак си отишăл кăдă бабăта и се чинил една тазиа* (куче ловциско) [ШС,5(412)]; – називот се среќава и во следниот обичај: кога се става покривот на нова куќа, роднините и пријателите носат подароци на мајсторите, овие се заблагодаруваат: *"Хе, на ви пуклон, мајсторе, Трајко чурбаџија пуклон ни дунисе; на нашјо сајбиа атăр му лаге; нас на зарадува, на млади калфи мирифет; на сите ураче бирикет"* [ТГ,297].

сајбúка f – в. **сајбúа** ~ *мáадăл óна-j сăјбúкта, ká-j-зăдăвáла кулúнди* (се однесува на жена што се однесува арогантно) [ПК,2(АЌ),72].

сајгасăз* m 'немирно дете' – сп.: децата што не се воспитани ги викаат освен *сајгасăзе* и: *ашлаци, кујнарчијна, урсузе* [ТГ,131].

сајдúсуве impf 'зема предвид некого (нешто)' [СК,335].

сајдăр m 'безалкохолен пијалок, вид лимонада' [ПК,2(Гăр),100].

сак m 'мев за носење вода' [СК,335]; в. **сáка** 'торба'.

сáка (и: **саке**)* impf 1. 'има желба (за нешто)' ~ *Тó: дéте сăкáло дă-ýче. Мајкá-му гу-пуштувáла нă-ýка д-óде. Е, дéк ќ-óде? Гу-пуштúли надóлн'о свéт* [ВК(Мал),290]; ~ *ти остáвам толку стока, ниви, кăшти, лозjá, бахчи, олóви и другу, што úмам фрéт, тúнака ки ги повéлиш, áма да си отвóриш óчите, сос ум да си вратúш, заштó сákам мójто úме пак да рабóти* [V,PM,7]; ~ *Кулýф áф морéту а тýка да си одáви, а тáмо, далгúте го извадúха понапрет тáмо, дéка сákаши да излéзи, гу фăрли морéту на сýхо, и дур да си дójди на сéбе си, проминáха двé-три дéна* [V,PM,8]; ~ *тогас бабата, кату гу виде таков приминет, оружен, му вели: "синку, тези дивојки не са за тебика; л'у кога сакаш тинака л'уба, јазе да ти најдам"* [V,PM,9]; 2. 'гледа внимателно, набљудува' ~ *"да пójми пудúн д'éн' да гу фáтими тузú д'ă тинци; за ја сákали мéч'ката кугá за си пój, ни тугáс за пójми да гу фáтили"* [MS,t,16]; 3. 'планира' ~ *кату чýха такá му рекóха на граматикот: "Ба' господúне, не требýваши тúнака да дојдиш на нáс, нúа сákахми* (планиравме) *да дójдими ...тýку стáни от тýка éла да úдими, аф мójта кăшта, да сéдиш, дýр да чúниш таксúл тúа пáри"* [V,PM,20]; ~ *му вéли: Стáни си, и зéвај-си дéтито и Мájка му да бéгај си на Мúсир; и тáму да бúдиш, дýри кóга ки ти рéчам јáс; óти Х... сáка дéтито да гу утéпа* [MV,K, 21]; ~ *тогáс му вéли на хајдýтинот: "е брáтку, сегá да ти пúтам, дýр когá сákахти да гóрити сиромáшки дýша и за кого го собéрахти товá имáни?"* [V,PM,21]; ~ *царјут беши стар; ни-*

вјастата гу неќаши и сакаши да гу утруи... еди́н ден му рече на царју́т: "царју, сега, меника што ми докарахти тука, јазе тебика ки ти зема стопан да ти чинам!" [V,PM,46]; 4. 'треба' ~ *"Стројник да бидиш не е кулај работа! Саке уд сто реки вода да им дунесиш, – ниту уд една да не им дајиш да са напијат".* Поради тоа и не се нафаќа секој да *стројуве* [ТГ,148]; ~ *ету ви ве́л'ам: упуле́јтисти, да виде́јте ни́вите шо си пубиле́а, са́ка да си жни́јат ви́ки. И то́ шо жни́и да́рот гу зе́ва, и кла́ди се́ми на жи́вот ду ве́ка* [MV,K,258]; ~ *уд него се повељат селта шо са ут солунцкју́т јукумат и са пагјат утъ́да уд Вардар. Пътниците тука сака да си го кажат таксирјато* (товар, багаж; во други македонски говори, а така е и во РМЈ **таксират** значи 'несреќа, мака') [МЕ(Р),72]; ~ *дојдоха двајсит и осом дена, хизмикарот му вели на дјатинто: "ајди, да си појми, ча дојдоха тријси дни, и сака да си најдими на татковата ти къ́шта, какту как на и поранчал татко ти"* [V,PM,238]; 5. 'може' ~ *и стом оти́доха а́ф стреду море́ту, ету гле́дат еди́н човек на море́ту, една́ дъ́ска и́маши под не́гу и си бо́риши сос стра́шните далги́. И кату гу ви́доха от дале́ку, гу пожа́лиха, ча са́каши да си одави* [V,PM,24]; ~ *му вели на царју́т: "ах царју, сношти засоних, ча бех аф среду морету, и таму беши изл'алу еди́н шуп кату губерна игла, и јазе на връ́х. И кату саках да падна аф водата, си оплаших и са спосрах"* [V,PM,50]; ~ *от јунаците сос авџиолиа стана букосвиец, ги фати падарите, сакаши да ги свие ту въ́жета* [V,PM45]; 6. 'бара' ~ *и му чини́а но́јм на та́тку му... Па он сака́ кни́га, да му писа́л, ем ве́лиши: Јоа́нн ки би́ди не́гувуто и́ли* [MVK,321]; ~ *та́му на́о́жџа иднъ́ба́ба и идну-де́до. Има́ле тро́ о́фци. Съ́ка́ле измика́р о́ни. Во́ па́ла ръ́бо́та* [ДК(Ран),127]; ~ *пак тојнака му вели: "старчу, да ти питам, дур кога можиш да га сечиш таја бука?" Стариот му вели: "дур кога ке повели Господ, дур тога ки си сечи". – "Ами тинака, синку, што сакаш тука аф таа гора?"* [V,PM,83]; 6.а. – **(си)** ~ *писмото така вели: "сам јунак харин, ама сарцето ми на друг не гу кажувам, сал на тебика". Мајка му отиде на царју, му вели: "на ти царју , што си сакал от синот ми, сичко ти ги докарах!"* [V,PM,90]; 7. 'љубува, милува' ~ *тогас тја́нака му ве́ли: "о́н си и́ма жена́". Па́к тојнака га ве́ли: "о́ная не́говата жена́! Он не га са́ка; о́на би́ла ку́чка: ку́тле и ма́чле роди́ла"* [V,PM,143]; ~ *еее, ка́ г-утипа́а Го́це, ка́к не́ по́мнум. Емен усумдисе́ и пе́т гуди́ни сум-а́с. Ка́к не́, туга́ј а́с са́къ́х рге́н, туга́ј Ми́це Го́шовјо: рге́н би́ше, мъ́-са́кше ме́н, а́ма не́ мъ́-да́въ́ха уд-до́ма. Са́кше дъ́-съ́-же́не, а́ма гу зима́а вујни́к* [ВК(Мал),290]; 7.а. – **(се)** ~ *бре нивесто, грејна душо, [три гудини се сакахме, [се сакахме, бре нивесто, [се сакахме, се зимахме, [ду три дена, бре нивесто, [ду три дена се имахме* [ТГ,334]; 8. 'уважува' ~ *Пе́на, но́јкта къ́-дујде́а пугъ́зе́јте, дъ́-ре́кне, то́гин ути́де но́јкта, му-скъ́ршиле не́колку съ́а́ни и па́ дъ́-ъ́-не́ма. Ет тъ́ка́, му-скъ́ршиле две́-три са́јне, тъ́ка́ бига́. Ми не́ съ́-са́кија* [ВМ(Цъ́р),320]; 9. 'предлага' ~ *му ви́ке: "Шо́ и́ма? Шо́ са́киш?" – "Ја́с, ве́ле, дујде́х дъ́*

сă бúăм ус тéбе?" "Ка́ сáкиш дă сă бúјме ус кóпи (со копја) *úли дă сă бóрме?"* [ИГ,113]; 10. 'очекува' ~ *сјáа млăдéжо нéма пердé-ки, шó сáкиш дă-úма нăпридúа. Нé сă-знáа кój-е стáр, кój-ej млáт* [ПК-2(Гăр),181]; ~ *рăчéл: "Стó ил'áди, стó ил'áди, јáс, рăчéл, ќо:* (< ќе го)*-зúлум то: дéте". "Зăшó о-сáкиш дă-ти рăбóте?" "Нă-чéдо лéсто, рăчéл, јáс ќо:-зúлум"* [ПД,144]; 11. 'ќе се случи' ~ *тó гóсто си-рạчéл: "Тá: мóна énус сạ-рójце, јáс сум двájсе гудúни и-óшче двájсе да:-чéкум, јáс сáке дạ-устарém. Шó нé бúвạт рăбóти. Тýку дáј да:-зém, да:-нóсум вóнка"* [ВД,277]; 12. 'зема' ~ *дóбро-ạма, тó: ká дујдéл ду-нéгạвạта кăшта, лéсто пáри дạ сáке, уддéл и нạ-камúлта тáп углáмнико гу сéче, гу-свáле тувáро. А тó: си-óде сус-пулвúн углáмник* [ВД(Ник),279]; 13. 'се обидува' ~ *устăвúл кóлта ус-сè кукóшки и óн úде ф-Канџалúа. Е óн ги-видéл, óти бúле изгóрни уф-Крéцăво, нă-тăвáно н-áдна кăшта, ká сăкáли дă-јзлéзăт си-ј-пудăвáли глáфте, му-бúли нă-дăрвата, нă-грéјте, ги-фăтúл óгино, изгурéли тáлı нă-грéјте* [ПК,2(Крец),312]; 14. изр.: **не сака да знај** (= не зема во обзир) ~ *отиде да копај гроб на гробите, пак лудојут зева една карлига да ја наврја приз мајчинот му нос, ја занева на гробот. Кату виде така, умовитојут фати да му са кара. И тој не сакаши да знај от неговото карани* [V,PM,229]; сп. поговорка: **за ја сáками мéчката, кугá за сн пój** (= нешто што е лошо, "го сакаме" кога ќе го снема) [MS,s,99].

сáка f 'торба со која децата ги носат книгите за в училиште' [MS,s,99]; сп. **тóрба.**

сакáјќ m 'вид горна облека, блуза' [MS,s,99].

сакал m, zool. – редакторот на Зборникот на Верковиќ упатува на 'сокол' или на 'скала' (?) ~ *на Стáра плáнина гóре úмашја адно сéло, што сá зовé Пирúн сéлото; и нáт сéлото гóре úма péштери от сакалé. И там на péштерéта седéше адúн змúа* [V,PM,259] – во контекстот има пример за расколебаност на категоријата род: **седéше адúн змúа.**

сакалдúса (се) pf 'се вознемири, се нанервира' [BV,142].

сакалдисáн adj 'неспокоен' [BV,142].

с'áканд'ạ adv 'секаде' ~ *с'áканд'ạ имáш'и дијадóсану ... óти на кутрá скáла да пójат, да ги ни устáв'ат да јáхнат на гимúјата* [MS,t,58].

сакáт' adj 'човек со повредена рака, односно нога' [MS,s,99]; ~ *еднó врјáме еднó чорбаџúјцко дјáте останáло сирák от тáтко, отúваши нá скол'ýто. Едúн дéн са заоблачú небóто, та от гóре падná на земјáта еднó жрјáпче, такá сакáто* [V,PM,120]; ~ *тýку нéјсине, адно дéте устăнá, óно уд-úгла* (инекција) *сибéп сăкáто устăнá, сјáа ус-пáтирици óде. Здráво бúше дéтто, инжéкција ká мо-удрúа, устăнá сăкáто* [ПК,2(Иц),289].

сакачка f 'желба' ~ *рабојтте така терсене дујдеа ут ка са вăрнах јас на Питирбург шо не сăл ништо не испадна уд мојта сакачка, ами трибувише тикмилј и да не си клам на умут таквија будаллăци* [ME(P),69].

сакмалија adj 'женска облека, вид фустан' ~ *Димка си е флегла јуф масăр чаршија, [ного си глидала, малце арисала, [малце арисала, жлăта ми калуда, [она је нусила на Митре терзијче, ["Ного ти са мол'ам, кузум баче Митре, [ти да ми сушијши сакмалија фустан, [горе сакмалија, доло чадрлија"* [ТГ,204].

сакмаџа f 'болест кај децата' – кога детето *тримежде*, т.е. ќе ја обеси главата, не сака да јаде а има и температура. Болеста *(сакмаџа)* во минатото ја лекувале на следниов примитивен начин: со разблажен оцет и истолчен лук ќе му истријат грпчето и рамениците на детето; во случај ако детето е многу жолто: ќе се земе жолта *крушница* (измет од кокошка) и жолчка од јајце, тоа ќе се измеша и му се дава на детето да го јаде [ТГ,123].

с'ăкуј pron (формата за машки се јавува и како определба на именка од ж.р.: *с'ăкуј прăнч'ка*, т.е. ги покрива и двата рода, што претставува сериозна потврда дека категоријата род не функционира добро) 1. opp. на 'некој' ~ *ги нарéвали прăву прăнч'киту, му прумúнали на с'ăкуј прăнч'ка и инó карýлч'а* [MS,t,6]; и: **с'ăкуј** ~ *сид'ă на с'ăкуј лúсту му фăрл'ат пу мрăва мáслу* [MS,t,8]; и: **секој** ~ *кату умре татку ил, они двата братќа си гу делиха иманиту братску. И кати чини делен'ету меѓу них, сетника фати секој да си работи за себе си* [V,PM,82]; ~ *сéкој парúте што длагóваши му ги дáдоха, и сéкој си земá пóдпис от негýвата рăка. Тојнака, кату собрá тóлку пáри; са чинú товáрот* [V,PM,20]; ~ *еднó врéме úмаши едúн сиромáх човéк, бéши млóгу мераклúа за сéкоја рáбота; úмаши и три сúнови. Женáта му си разбол'á тéшка бóлка, штóту лижáши до три годúни* [V,PM,9]; односно: **секи** ~ *Дефа станал пăрв крал на земета, и родил шеесет сина и трееста керки и кога дошло вејке времја да се женет, скарали се, кој да земе по една от сестрите, зашто за секи немало* [V,PM,266]; во Мегленско за ж. род е регистрирана формата: **секва** ~ *И óна тóгин не-мóш да-јáде, лóкут* (сокот?) *сáл гу-смýка на-лúстут. Áма пу-идná нидéл'а ки-пóчне црăвче да-са-пујáвуве éндрăчку и ки-пóчниш пу-éндро лúшче да-дрóбиш. Сéква нидéл'а óна сă-сличýве* [B M(Стр),317] – станува збор за одгледување на свилена буба; 2. изр.: **ут-сéко шúле мéсто нé сă-јáде** (= луѓето се различни и не треба да се очекува од секого добро однесување) [ПК(Гăр)]; в. **с'ăкутрăј**.

сакýл' m 'вид покривка' ~ *дибéла по-крóфка, и-тáа е от-вăлна* [ДС(Ч),-141]; в. **сакýла**.

сакýла* f 'паричник' ~ *и му брујú хил'áда лúри, му дáва, ги з'éва стáрију и си ги клáва у сакýлата* [MS,t,40].

с'ăкутрăј pron 'секој' ~ *с'ăкутрăј д'ён' хóждаха са сарá за óда сăс м'а хóт* [MS,t,74]; и: **с'ăкутри** ~ *ги замрач'á и там си л'éгнаха за да спáт, си з'éха с'ăкутри пу идúн кáмин' , си клáха прускéфалу* [MS,-t,47]; ~ *алá тój бајалдúса ут стрáха и кулиш'ýјиту дúлму пруминá, "ш'тóгуд'а н'ă-ј тузú" и си утúха с'ăкутри пу думá* [MS,t,37]; ~ *"да калéсам прóтипургúту, диикит'éту, да му стóр'а инá гóзба за да кáзуват такфéс рáбути, ш'ту úмја стóрину с'ăкутри"* [MSt,12].

сакăн adv 'никако, ни по која цена' ~ *му вéли на погол'ámојут: "бráте, јáзика ки остáнам тука, ки чáкам дýр на другата годúна да си чúнат смóквите". Тогáс брáт му отговорú: "сакăн бráте, нелój остáнуваш тýка, чја лóшу ки налитјаиш". Тójнака не послушá останá тáмука* [V,PM,28]; ~ *му вéли: "скóру, мăжу, кáжи ми, што си*

засони́л?" Па́к то́јнака га вели́: "о́х же́ну, ка́к да ти ка́жа? Ми е стра́х да не ка́жиш на дру́к не́кој". Па́к тја́нака ве́ли на не́гу: "сакăн ма́жу не сам барли́ва да и́да да ка́жа" [V,PM,30]; ~ *кату чу мажо́ и́, не отговори ни́шту на жена му, туку рече: "таја работа, жену, харна е, што начини царју́т, ама сакăн да не кажиш на не́кој таја работа!"* [V,PM,31].

сакăс m 'засладена материја што се жвака, но не се јаде, мастика' [MS,s,99].

сал adv 'само' ~ *и кату ти́ваха два́та, хизмика́рот се́ гле́даши да на́јди н'а́кој скри́шно мја́сту да гу уте́пи. По́сле на́колку де́на стигна́ли на еди́н балка́н, не́три на една́ го́ра, штоту сал едно́ не́бо са гле́даши* [V,PM,26]; ~ *ричé на не́го: Ти си стопа́н, ти си Го́спот мо́ј. Ве́ли на не́го Исус: За́шт'о ли виде́ верува́; блазе́ и шо не видо́а да верува́ле; и дру́зи но́го ви́ки ниша́ни* (пишува: 'иншани') *прави́ Исус. Ви́а са́л са писа́ле да веру́вате* [MV,K,254]; ~ *писмото така вели си: "царјува керка, харна дивојка, моја л'убоф! Тинака да знаиш, оти јазе не сам магарешка глава, туку сам јунак харин, ама сарцето ми на друг не гу кажувам, сал на тебика"* [V,PM,90]; ~ *гу најде кепиту и гу зема; дава и́ на момата една смоква. Л'у јади, и паднаа роговиту. Тогас царју́т млогу са благодарил, ама злату и сребро му даваши млогу на детето, сал момата га не даваши* [V,PM,35] – во текстот среќаваме редослед што не е обичен во литературниот исказ: глаголот и кратката зам. форма се одделени со негацијата (**сал момата га не даваши**); кај Мисирков: **сăл** ~ *сăл то шо живел 8–10* (г.) *на чужбина, за толку гудини не е видел ништо от шо му-ј најмило на дујната, сăл то, велјам, ки може да знае се то, шо му идише на умут прид нашто трăгнувата* – во контекстот имаме гл. именка со наставката **–ате(а)**: **прид нашто трăгнувата**, што не ни е познато од други материјали, ниту се среќава во нормативниот исказ [МЕ(Р),68].

саламура f 'солена вода во која се ставаат продукти за јадење (пр. сирење) за да се сочуваат од расипување' – сп. уште: *сусамот* (зрнесто растение) се носи на специјална воденица каде што се става во солена вода *(саламура)* а потоа се пече во фурна и на крај се меле; по мелењето се добива *тараун* (или: *таан*), што се користи во исхраната [ТГ,359]; ~ *ка́де на́с ни́й са́мо о́бично пра́вăме, о́бично си́рне, и́нăче кăшкăва́л, тăкви́ рăбо́ти не́ зна́јме дă-пра́вăме. Гу-кла́ваме уфсăлăму́ра* [ПД,156].

саланме́к adj 'нешто завршено, сторено' [BV,142].

салгăн m 'болест, настинка' – сп. примитивен начин на лекување на настинката: кога ќе застуди времето обично се јавува болеста *салгăн*. Често се случува болеста да нападне повеќе деца, затоа уште ја викаат и *пуридија* (< 'поредија' – значи редум ги тера децата). Болеста се лекува на тој начин што целото тело на болниот се трие со спирт, камфор и зејтин; други пак ќе земат парче штоф, што ќе го намачкаат со лој од овца и ќе го стават на градите на детето [ТГ,232].

салде adv 'само' – в. **сал** – на еден час по *пувичери* настанува *никује доба*, тогаш сè што е *благословено* спие. "*Салде вода и душмајне не спијат*" [ТГ,11]; ~ *на ичуменут малце мăка му падна и нал'утино-*

нал'утино удгувури: "Најстина сите та палат, ама не трабуве да та палат. Оти, који апнуве уд тебе са чинуве жлăт куту болин. Ама јас, јас сум салде кувет" [ТГ,342]; ~ *сăлде ти би́ше та́ма, а́ска тă-видéх, ни́м лăжи;* сп. уште: *сăлде скăрна сă-чини́л-си, да́ј тă-испе́рум* [ПК,2(Гăр),109]; ~ *ла́ни шо́ ста́ро искăра́ме. Ва́а гуди́на нă-мужа́а дă-се́ат, су́ша би́ше. Ич нă-мужа́а ста́ричко дă-се́ат. Да́ли пе́јсăт и́ли ко́ј зна́ ко́лко тинки́ј сăлде искăра́а* [ПК,2(Иц),288]; и скратено: **салт** ~ *на то́а вре́ми дуј де́ иде́н чуве́к на Исус и́мито му бе́ши Ла..., и падна́ ду но́зити Ис...–ви, му си мо́лиши да му о́ди на ку́ката му, о́ти има́л салт идна́ мо́ма и о́на уми́раши* [MV,K,253]; ~ *ве́ли: Ни́м сă пла́ши, са́лт веру́вај, и ки си лику́ва. Ка флизе́ уф ку́ката, не́ устави́ ни́кој да флези, туку́ на та́тко ут мо́мата и на ма́јка* [MV,K,-276] – во контекстот имаме изразување на посвојност со предлогот **ут** (од) наместо 'на', што се смета за влијание од балканските јазици: **туку́ на та́тко ут мо́мата.**

салди́са pf 1.'се нафрли, зграпчи' ~ *те ко́лку одри́јаха, то́ј хаба́р не́маши, и едно́ч салди́са прет ни́х сос но́ктите му еди́н чове́к, гу распо́рна и гу изја́ди* [V,PM,24]; 2. 'замавна' ~ *тогај дјатенто му вели и на двата: "варај, змиа и ламја, јазе хатир не мога да расипјам; тук за вјахна на кон'ут ми и за извадја остра сабја, за салдисам веки, кој за куртулиса от сабјата на кăсмет"* [V,PM,-184]; ~ *му вели: "ајде, побратими, хождај си у дома, ча сестра ти за ти ја везма, брак да сторими". Как мо рече така, си разл'ути тој и салдиса косата да гу одриј, и не можа* [V,PM,233]; 3. 'пушти рака' ~ *"не верувам да е лăж: на мома ми мириса, ама не знам как да чинам да га позна!" Пак мајка му му вели: "синку, на јабăлката да са качити, тјанака напрет, ти на после! Таму да салдисаш рăката ти отдол, да га фатиш. Тогас ке да познаиш веки, што је мăж, али мома"* [V,P-M,71]; ~ *тогас фати тјанака, ошти как са качиши, скинала две јабăлки и ги фăрли аф гаштите и́, и тојнака после, кату си качуваши, салдиса рăката да побара нешту, али фатил јабăлките аф гаштите* [V,PM,71].

Салимското Дере top. 'дол и ниви' (од тур. име *Салим* + *дере* 'река, суводолица') – Везмен, Драмско [ЛИ,Ми...,186].

сали́стра f 'украсно крпче што им се става на децата под брадата за да не се валкаат'; сп. *висо́чка сали́стра* (ако е шиена, везена во с. Висока) [MS,s,99]; во Серско: 'градник на женска кошула' [ДС(Ч),54].

сăлкăм m, bot., Robinia pseudacacia 'дрво багрем' [ЛС(К),96].

са́ло n 'мрснотија' ~ *бе́ре ро́шки, е, зăка́чфа чити́ри ко́јл'а, ă-вăрзва ме́чкăта ле́по су-фăрто́ма, и зăпа́л'ва уздо́ла о́гăн. Фăти́ла дă-го́ре ме́чкăта нăкăј-ме́. – "Го́ре, бра́те!" – "А, тăрпи, се́стро, тăрпи! И ја́с та́ка бе́". Фăти́ло дă-те́че ли́гда, са́ло уд-не́а, дă-ка́пе* [ДК(Паљ),119].

салгана́т m 'помпезност, луксуз, раскош' ~ *су гуле́мо салтана́т си дојде́* [BV,142]; ~ *му вели на траговците: "јазе мога да ја смамја чилиби Теодораќовата жена, ама да ме купите един харин кон". Тогај нос ѓавол фатил често да промина през челеби Теодораќовите порти с кон'а и сос много салтанат* [V,PM,164].

са́лтанатлúа adj 'тој што многу се дотерува и сака да се покаже, пр. со скапи работи' [ПК(Гăр)].

сам adj 1.'кој е без друштво, осамен' ~ *мајка и вел'аши на неа: "мари керку, што залудјала си това вечер? Ету аф удајата нетри ниа сами сми". Пак тјанака: "ах мале, човек има, скрихом ми земува хупките"* (залците) [V,PM,34]; ~ *и că варна́ кăд Учини́цити, ричé са́м на ни́х: Блазé му и о́чити шо гле́дити ти́а шо си гле́дати, о́ти но́гу Пруфи́ти и царо́ви сака́ле да и ви́дат, ма не́ и виде́ле* [MV,K,328]; ~ *па Ма... си чисту́аши ку́ката, има́ла но́гу рабо́ти; застана́ и ре́кла: Афе́ндо, не́ ли жа́лиш шо ми а устави́ се́стра ли са́ма да рабо́там?* [MV,K,328]; 2. 'за потцртување на важноста на некое лице или предмет' — кога се става темел на куќа мајсторот зборува: *"Воја чакан трабуве да са праве; сус жилезо не са праве, сус бакăр не са праве... или сус сребро или сус злато! Куќа ки са праве, тимел' ки са удре уд сами карагрошуве"* [ТГ,295]; ~ *чуре́ко-ј пугáча, а-пра́ват прăд-Вили́дин, напро́чка, за-три́мурто, чуре́ко că-но́се на-ар́маса́нте. Că-пра́ве уд-у́буво, чи́сто бра́шно, а уд-го́ре-ј но́го у́буво наша́рна ут-са́мто те́сто* [ПК,2(Гăр),132]; 3. во изрази: **сам на (со) себе** ~ *да́рвоту гу посјачи и собра́л ониа драгоцените ка́мини а́ф вреките нетри и речé сам на се́бе си: "ej Бо́жи, та́тко ли зна́иши, оти ја́зе ки западна́м от у́мот ли и затова́ га искри тука не́три"* [V,PM,8]; ~ *това са случи и на Кулу́фа. Кату ги затвориха аф те́мна удаја́, вати жената да пла́чи и да си наре́кува са́ма се́бе си* [V,PM,11]; на **сăм де́н** (+ име на празник) ~ *падна́ бо́лин на сăм де́н нă-Прăбрăждéн и не́ стана́* [ПК,2-(Гăр),109]; в. **самос**.

самáк m 'човек што живее сам' ~ *стăна́ стре́т но́ш, ни́што не́ că јави́. Мо́јта ра́бо́та изгу́бăна е ве́че, И вăрвум низ-а́дни дăрва пу-бăи́ро, сивéл'ум: "Ки-те́рум да прăнăшту́вум ве́чăр". Са́м га́:ре устана́х, самáк, де́к ки-фа́тум, ej-ги-ди ма́ле. Мина́ но́го вре́ме, ма́лко вре́ме, а́с сум-си сè са́м* [ПД,173].

самáм m 'помошна просторија' [ДС (Ч),56] – в. **саманлук**.

саманлук m 'вид штала, помошна просторија без прозорци', служи за чување храна за стоката (сено, слама); исто така таму се оставаат и алатките [ТГ,301]; и: **сăмăлăк** ~ *то́о-ј кут заградно уф дво́ро, дă-с-јустáвиш ше́јве уф-не́го* [ПК,2-(Грам),109]; ~ *су неколку лăкăрдиј, туклечкăтă бишă тăква, бегут му дава на јăрăмијтă: кукјă су тремиштă, килар, аарă, кушуварник и сăмăлăк су пулена́, гумну и грăдини* [МЕ(Р),87]; сп. top. **Саманлăко** 'ниви до Кешишлăк', Валовишко [ЛИ,Ми...186].

Самарчета top. 'терасовидна месност'; името е изведено според формата, сп. *самар* 'вид седло (дрвено)' [ЛИ-,Ми...,186].

сама-самуница f 'жена на која ѝ умрел сопругот' ~ *"Аман, Петре, милин ступано, [ка кајдиса, ка на устави? [Оти, Петре, така прави, [ма устави сама-самуница? [који на деца мирам* (воспитување, наук) *ки даде; [на сираци леб ки даде!?"* [ТГ,263].

с'ăм'а* n 1.'зрнце што се оформува во цветот, од него (во одредени околности) може да изникне ново растение' ~ *т'ут'ýн'у за да că с'ăј*

тр'ăбува прăву да гу с'ăјми с'ăм'ạту [MS,t,4]; ~ *фатú да-кáзọва лаж'á дирминџ'úјата: "иднó вр'ăме с'ăх на-крајóт на-ѓóл'от иднó огнúш'ти либин'úци с'ăлни. Н'úкна дóл, фатú да-растé иднá властúнка, кáди ѓóл'от, пулéка пулéка, нарáсна, тúди утáтак ѓóл'ọт"* [ВБ(Бал),344] – случај кога именка се јавува како атрибут на друга именка (без придавско образување – образец позајмен од тур. јазик): **либин'úци с'ăми;** ~ *за закáцищ' урáлуту и за фáтиш' да урéш' , за фăрлúш' с'ăм'ạ на инá л'áха* [MS,t,6]; ~ *зентјув татко, ја изважда* (симнува) *от кон'а сос две ламбади запалени, ја дава ламбадите на нивјастата, сос свјатило да влези на удајата. Сетне викат поповиту, да ги венчават. На венч'аваниту мјатат сјамја или житу* [V,PM,250]; и: **семе** ~ *кá вăрне нóго дéништа, кá úма гулéма влáга, тóги вúкме: фăтú áдна дăрча, сăто сéме изгинá* [ПК,2(АЌ),42]; ~ *молчéто земá от мáјка му десéтакот, купú дéсет парú сéме, гу турú áф еднá тóрба и фати да вúка по чаршúата, да гу продáва сéмето, вел'áјке такá: "сéме продáвам да гу сéјат и да зникни злáту"* [V,PM,154] – во синтагмата: **купú дéсет парú сéме,** отсуствува предлогот 'за' (особено е забележливо отсуството на предлогот **аф** во додатокот за место, што се третира за влијание од балканската јазична унија); сп. верување: — спроти празникот *Крстов-дин* попот оди од куќа до куќа и чита молитва за изобилен *берикет*, а кај некои домаќинства и *пеје семијна жито* (ги благословува за убав род) [ТГ,76]; 2. 'семе од свилена буба од која се добива свила' ~ *и ка ки-дóјде у-тóплуту врéме укулу-Велúгдин, ки-пóчне тó дạ-сạ-рóе, и ки-си-гу-удвúвиш ка ки úма пл'ускáни сéмијна* [В М(Стр),317]; ~ *ки-дóјде врéме кизбúвне тá кутúјта дạ-сạ-рóе, ки-си-нạбéриш кăпúна, ки-си-нạбéриш лúсте и ки-си-стáвиш. Сéмто шо ки-пл'úске, шó ки-сạ-рóе тó, ки-сиклáвиш иднá нóвина нạ-тó еднúдăрче* [ВМ(Стр),317] – во текстот се присутни 2 лексички посебности: архаичниот збор **одар** со значење 'кревет' и позајмицата: **новина** 'весник'; 3. 'икра од риба' ~ *нă-лăшкăта рúба сéмто гу-вúкиме млéко* [ПК,2(Гăр),74]; 4. 'сперматозоиди од машко суштество, односно од *Светиот Дух*' – според Библијата ~ *да как сạ чýла Елисавéт на Марúнина радувáни, му сạ-грајáло дéтито нéјно уф сăрцито; и сạ наблудú Ел... ут Свéти Дýх и рéкла: Блажéна ти на жéнити и блáгослóвин сéмито уф твóа сăрци* [MV,K,301]; 5. изр.: **кладu семи** 'посеа' ~ *ету ви вéл'ам: упулéјтисти, да видéјте нúвите шо си пубилéа, сáка да си жнúјат вúки. И тó шо жнúи дáрот гу зéва, и клáди сéми на жúвот ду вéка* [MV,K,258]; в. **сéмка**.

самáр' m 1.'направа што се става на грбот на коњ или магаре за да може полесно да се јава, односно да се товара (добитокот)' ~ *кýп'ах идúн ч'éрна кóн' за усимнáјси ж'лăти фрáнги и тój гóл бис самáр'* [MS,t,2]; ~ *тогáс отúде на мéчкини дýпки, распúта којá мéчка изјáди мýлинту, и онаја мéчка га фатú и га вăрзá, га турú самáр на гăрбо... донéси мéчка, товáрена сос дăрви* [V,PM,107] – во случајот имаме пример како множинската наставка **-и** има навлезено и кај именките од ср. род: **товáрена**

сос дъ́рви; ~ *му вели: "ко́лко га да́ваш смо́квите?" И тја́нака му да́ва еди́н алтъ́н, зема́ една́ смо́ква и, л'у га ха́пна, са чини́ дуби́тук. Тогас то́јнака га кладе́ прет цъ́рјут самъ́р и ју́зда, га вјахна́* [V,PM,29] – во контекстот кратката зам. фор. **га** се јавува во две функции: и како форма за директен објект од 'таа' (наместо 'ја'): **една́ смо́ква и, л'у га ха́пна**..., и како форма пак за директен предмет, но во множина од 'тие' (наместо 'ги'): **му вели**: "**ко́лко га да́ваш смо́квите?**", што зборува дека и категоријата 'број', иако не во размер како категоријата 'род' сепак е засегната; 2. 'дел од плугот, на него се прицврстува паличникот' [ПК,2(Крец),109]; 3. 'дрвена направа врз која се качуваат мајсторите кога sидаат куќа' ~ *на самъ́ро sидъ́ро са качу́ва, къ́шта да sи́да* [ДС(Ч),141]; 4. 'грбна коска од кокошка, кршало' ~ *кръ́шало́то ут-кокју́шка сас б'а́ло м'а́сц. Мале́нкит са залажу́ват, кој пъ́рф ќе прла́ж* [ДС(Ч),141].

самарина f 'потсмешлив назив за магаре' (бидејќи носи самар) ~ *некое, научено на воденицата магаре, еден ден, ка се отпушчило от дома, бегало на воденицата. На пътот го стретел петелот и го питал: "Дека така самарина?"* [ШГ,5(403)].

самари́(ти)ца f 'жена на **самаритин** (= милостив човек)' ~ *ве́ли на не́го же́ната Самари́тица: Ка́к и ти шо си Јуде́ин, ут ме́не са́каш да пи́иш, шо сам же́на Самари́ца? Ету не́ са бъ́ркат Јуде́и су Самари́ти* [MV,K,256].

самарник m 'грбната коска од кокошка' ~ *от цъ́рна кокошка коската самарник* служи за вражење [BV,142].

самбатизи́ра impf 'присакува нешто, симпатизира' [BV,143].

сами на глава pl. 'момци што и кога ќе се оженат сакаат да се интересни, да бидат забележани – се облекуваат модерно и сл.' [ТГ,133].

самичок adj, dem. 'осамен' ~ *а пак на урману двамина да флезиме, четорица да излезими, тој беши това: "јазе сам двамина, ами тинака си самичок, и как сакаши да си чиними четорица"* [V,PM,54]; ~ *тогас то́јнака му ве́ли: "да ми докара́ш, ма́јстори, две́ о́ки л'а́шки и една́ о́ка ви́но, и ја́зе ки зе́мам чики́чот, ки вле́зам а́ф една́ одаја́, са́м самичок да ги на́прав-јам!"* [V,PM,137]; ~ *ја зева лудо-јут, ја отпира на фтисот и, кату беши зината устата и́, зева тој едно ице та ја клава на устата и́ и ја остава самичка* [V,PM,228]; има случаи кога, за да се засили аргументот придавката се удвојува, еднаш во деминутивна, друг пат во обична форма: ~ *ка́ стигна́л ъ́-пи́тъ́: "Ка́ ти-о́де, ниве́сту, тка́јниту, ти-спо́ре?" – А-тъ́ка́, ке́рку, ъ́-тъ́ка́. Ами-ко́ј тъ́-на́учи́ тъ́ка́ ле́сну и спо́рну дъ́-тка́јш, ниве́сту? – Их пъ́-ти́! ко́ј ќи-мъ́-у́че? му-ричé ва́ будъ́ла́тъ́ же́нъ́: са́мъ́-съ́ми́чкъ́ къ́ту-мла́дъ́ нивисти́чкъ́* [BB,310].

само adv 'единствено, исклучиво' ~ *Јане се скрил пот кошот, шчо го хранили на кон'от. Жента му видела се редум сам (само) пот кошот не видела и си отишла и речела: "Нема ништо"* [ШС,5(411]; ~ *да си ути́ди Исус, а фати́л на ни́х, да риче́: Стане́јти, да ним съ́ пла́шити. И ка́к си упули́ле, не́ виде́ле ни́кој, туку́ на Исус са́мо* [MV,K,256] – во материјалите за Речникот директниот предмет (под влијание на влашките говори) се јавува во придружба на предлогот **на**:

виде́ле на Исус – освен во јужните говори, односнава појава зафаќа пошироки ареали и на Запад.

самовил m 'митолошко суштество' – в. **самовила** ~ *кога са чини от петнајси години, беши чуло, ча една царцка моја ја беха зели самовилите, та ја затвориха у една златна кула, и са клали крив самовил да ја чува* [V,PM,215]; ~ *от них излезе еден јунак, пак самовил, сос него три дена и три ноќе си борјаха. Тој самовил му сечи на јунакот главата, та му ја зема момата* [V,PM,216].

самовила f 'митолошко женско суштество што "живее" в шума, покрај вода' ~ *Грујо Шкиндерлиа речи: "јазика ки ида през мори, Марковата керка да га зема". Тогас кон'у му вели: "тинака на моите греди да кладеш остра сабја, ча на средја морету има една стара Јуда самовила"* [V,PM,77]; ~ *имáл áдно врéме ф-áдна гóра адна самувúла. Сéкуј дéн п-áдна кóза кул'ála и вăрúла уф-кăзáно. Она, знáче, кóрва бúла, а áдно дéте óде сéкуј дéн, кă зáно крáде мрăфки* [ПК,2(Мор),230] – во текстот има 2 посебности; прво – несоодветна конгруенција: **имáл áдно врéме**; второ – беспредлошки додаток: **сéкуј дéн, кăзáно крáде** (место 'од кăзáно'); ~ *земá двé кáдја, тýри áф ни́х по еднá кутúа сóл, турú и вóда, ги разбракá и когá дójдоха самовúлите, накусúха, видéха, ча бéха солéни* [V,PM,132]; ~ *и тјáнака бúла самовúла и му вéли на цáрјут: "си чýдем цáрју сóс ýмо ти, какóф ум úмаш? Си видéл перóто и са почýди, ам да вúдиш пúлето, што нóси перóто?"* [V,PM,120] во текстот има несоодветна употреба на предлогот **сос**, наместо 'на': **си чýдем цáрју сóс ýмо ти**.

самовилин adj 'нешто што се однесува, односно што ѝ припаѓа на самовила' ~ *това кату рече самовилин син, заедноч зема мегдан и прискокна три пăтја от кал'ата. Кату видоха така сичките свадбари, фатиха сос голем и велико глас да пејат славна песма* [V,PM,61]; ~ *кога отиде на средја морету виде куприниште самовилини мрјаже, ама кон'ут, кату промина сос сабја на гредите, ги разсечи мрјажите* [V,PM,77]; ~ *фатиха јунаците да скакат кал'ата и, колку јунаци скокнаха, некој не можа да прискокни, л'у сички аф водата си одавјат. Дека и чул и един дјавол, син самовилин, излезе на мегдан* [V,PM,61] – во материјалите од овие говори често се мешаат заменките 'некој' и 'никој': **некој не можа да прискокни** (м. 'никој').

самовúлцки adj 'нешто што ѝ припаѓа на самовила' – в. **самовилин** ~ *и тјáнака са вăрнá, отúде на горáта; бéши умрăкнáло. Тáмо најдé еднá мрáфкана* (пишува: 'мрафка на' – печатна грешка) *дýпка; фатú, га раскопá мáлко онája дýпка, пот нéа најдé самовúлцки конáци* [V,PM,132]; ~ *еднó врјáме úмаши еднú самовúлски кéрки, трú сéстри. Едната речé: "мéни да ми зéми цáрјувут сúн, сóс едúн тáс мáнца фрéт аскéрут да гу насúтјам"* [V,PM,141]; ~ *така вел'ајке: "ох, Боже, и сиромаштиа е била млого тешка ама това-ј било по тешко! Да не е писано, Боже, подин брат на самови(л)ски рăнци да промине кату мене"* [V,PM,195].

самовúлчи* n, dem., в. **самовила** ~ *пák најдé еднá стáра самовúла нá еднá рéка – хéм перјáши, хéм бúските ú ги úмаши зафăрлéни приз рáмото и уsáт гăрбо,*

та бизе́иха самови́лчита ма́лка [V,PM,116]; ~ *момата са умила, са чудила, што да чине; напкум рекла: "К̀-одум да зимум огин ут самовилите". Утишла. Тамо биле са̀лде самовилчијната* [V,PM,268]; fig. за височко, слабикаво девојче: ~ *ма́н-ми-са̀ уд-гла̀фта са̀муви́лче ниа́дно* [ПК,2(Гă р),109].

Самоков top. 'примитивна работилница за обработка на добиеното железо од руда, со ковење' - оттмаму и името: *сам + кове* [ЈИ,Ми...,186]; истиов топоним Ј. Иванов го посочува од Долно Броди, Драмско: 'ниви и остатоци од обработено железо - згура', покрај реката; сп. уште: **Самокове** 'остатоци од стари работилници - самокови', покрај реката Белица (Крушово, Валовишко) [ЈИ,Ми...,186].

самоладарник m 'сад во кој се чува **самолад**' (= вид масло) ~ *мишката отиде на самоладарникот сос самоладу, си намака пашката, и пак оттаму отиде на червен пипер, си упипели пашката, и сетне отиде, дека спјаши царјувата мома* [V,PM,204];и: **саломада́рник*** ~ *тогáс кăрпáчинот вéли на жената му: "мари жéну, áми áку нéмали ни́ту сóл, ни́ту пипéр, ни́ту ширлагáн, дáј ми саломадáрникот, да ида да зема ширлагáн!"* [V,PM,17]; ~ *му дадé жената му саломадáрникот, и тój киниса да и́ди да зéми ширлагáн, пáк богáтиот гу насл'áди, кату земá кăрпáчинот ширлагáн* [V,PM,17].

самолад m 'вид масло' – в. **самоладарник** [V,PM,204].

саморо́ден m 'директен потомок'(?) ~ *и Слóва сă чини́ снáга, да сă варшá су нáс; да му видóми слáвата, слáва кату́ саморо́ден ут Тáтко, пăлни дáр и истúна* [MV,K,251]; ~ *ép кój шо ки си верýва на нéгу, да нé си загúни, тукý да úма живóт ду вéка. Оти такá си милýва Гóспот на л'ýдите, дýри на саморо́ден негову Сúн му и дáл за нúх, кój ки си верýва на нéгу да нé си загúни* [MV,K,292].

само́с 1. adj 'осамен, без друштво' ~ *и т'á му дáва инá гáска пýлна лúри н'éтр'ă и му вилú: "само́с да си ја изид'éш!"* [MS,t,33]; ~ *го викна пак, мо и рекла: "ету на тавлаханата има шес кон'а, тамо пот самос, ако познаиш, кои е тајл'акот, земи го!"* [V,PM,184]; ~ *Тóс палáту кăк а вúда мумáта д'улбéр, сă утфóри само́с* [MS,t,52]; 2. pron 'укажува дека лицето се обраќа кон самиот себе' ~ *жинáта си вилú самáс: "да ја ни óстаја да усл'éкни!"* [MS,t,77]; – за потцртување на важноста на лицето ~ *и мáјката самáс му вилú: "за ти ја дáм мумáта јас на т'éб'ă"* [MS,t,14].

са́мосе́б pron 'самиот' ~ *да ричé на нéго: Ти са́мосе́б сă сéдеш на Јерусалúма, да па нé знáиш шо сă чинúле на вúи днúте?* [MV,K,253].

сăму́н m 'бел леб, купечки, со тркалезна форма' ~ *уф-сéкаа прăгрáда сă-турýве пу-áјн сăмýн дă-кúсне, сéтне сă-нóсе нă-фýрăнта* [ПК,2(Гă р),94]; ~ *ká о-нусúл дóла и вúке: "Máро, шчéрко, сјá: дă-зéлиш, до:-испéчиш Тýнтăлчто". Гу-зăтвурúли уф-ăднáта удáјчка и Мáра ко:-пéче, мáјкă-ј к̀-óде нă-пăзáро, к̀и-дóнсе самýн, к̀и-јá:т* [ПК,2(Пл),254]; сп. **пиш'ни́к** [MS,s,109].

самсија f 'парче од *баклава* или од *сарлија* (засладена пита) ромбоидно исечено' – сп. опис на дел од свадбениот церемонијал: во минатото посестримите (тие што помагале на свадбата) ќе го повикале зетот, во *колибата* (така ја викале собата каде што ќе спијат младоженците),

таму е и невестата и ќе донесле *сарлија*, зетот ќе се прекрсти и ќе земе 4 *самсии*, унакрс поставени парчиња, но не смее да касне од нив [ТГ,179].

сąмăрцúцка úгла f 'голема игла со која се шие мекиот дел **(стел'ата)** од самарот; и воопшто: голема игла' [ПК,2(Гăр),51].

Сąнда (Кустанда) – ж. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,114].

сандакóсах = сă удрúх [MS,s,99].

сандáл* m 'пет врвки од тутун, закачени заедно прáват **сандáл'** ~ *и тáм за стујáт дур да усăхнат ... с'ётн'ą сабáлин кугá úма рóса, ул'éкнуват ... ги прáвили сандáлą* [MS,t,5].

сąндукче n, dem., в. **сąндăк** ~ *слепио просик влезе нетри и еднош си завратја сос стапот си около удајата, да нема некој човек нетри. И, кату не закачи стапот му ништо, и седнал, отворил малко сандукче, извадил парите* [V,PM,188]; и: **сăндуче** ~ *и гу-пúтăт: "Е, дă-ни-кáжиш ут-дéка и нájде вúја дéца?" – "Вúја дéца ги-нájдух пу-Вáрдăр: лóвăм рúби пу-Вáрдăр и глéдăл иднó синдýче. Ми-си-глéда ýбăву сăндýче. Јáс су-трăскăта гу-зăкăчýвăм, извлéкувăм нă-крájта* [ВЕв(Кр),302].

сąндăк m 'дрвена направа, ковчег во кој може да се стават различни работи' ~ *кату ки чуј тој за Мајдона, и тојнака ке да ти помогни, алá тинака гледај негу да гу кладеш аф сандăко* [V,PM,75]; ~ *кату видоха така тес троица побратими, ч'а н'амојут фати да врјави двете лафови – отидоха, направиха две сандици, ха донесоха на удајата, а беха напăлнили сандиките курш'ум и камин* [V,PM,-177]; ~ *да земиш и една балтиа, да идиш на протудраковата куриа, да сечиш едно дрăво, да гу чиниш дăски, дăските да ги чиниш един сандăк* [V,PM,75]; ~ *пák пópот на пападúјката му вéли: "пападúјко, сóбери сúчко нéшто аф сандăкот та да побéгними, úнак не чúни: това дјáвол и нáс ки ни отéпи!" Пападúјката собéра сúчко нéшто аф сандăкот* [V,PM,128].

с'ăнка (и: **сенка**) f 1. 'место што не е изложено на сончеви зраци, ладовина' ~ *и с'éднаха на иднá с'ăнка и фáт'аха да идáт* [MS,t,77]; ~ *гу дúгнувáми дрăнгó с'éтн'ą, гу клáвами на чардáку на с'ăнка* [MS,t,5]; ~ *он кату дојде аф Рапица река, тој га прискокна и така си куртолиса* (се спаси). *И кату са куртулиса, отиде аф една круша на пăтјут, пот сенката си легна. Ногите му ги кладе аф сенката, главата му аф слăнцету* [V,PM,66] – во текстот предлогот **аф** (во) покажува широк спектар на употреба, се јавува наместо предлозите 'до' ('кај'): **дојде аф Рапица река;** 'под': **отиде аф една круша**; 'на': **ногите му ги кладе аф сенката; главата му аф слăнцету** (ја кладе); називот **сенка** го запишавме и во еден опис на мајчинството: – сета грижа за малото дете ја има мајката... *она гу пувијве и развијве,* таа го учи да јаде, таа сè; дури и кога оди в поле да работи го зема и детето со себе и таму ќе му направи *сенка* (да го заштити од сонцето) [ТГ,117]; 2. 'темниот одраз што "го фрла" осветлен предмет' ~ *кóјно нé пијáл вóда тáм, нăsăд сă-тăгл'ál. Кá пуглéднуве фнéтре, фнéтре, áдна мóма слăнце грéе уф-вóта. Сéнкăта му-сă-кăжýве* [ПК,2(Пл),259]; ~ *сă мăн'ч'аха да гу јáхнат кóн'у, кóн'у сă плáш'иш'и*

ут с'ăнката-му [MS,ť,59]; ~ *Дујдé гарвáнката и кáк га-вид'ála тóс чув'ák, з'ála да му-искáра учúте. Гарванчéта реклú: "Нимój, мájко, да-му-ги-звáш на-нéгу учúте, тój ја-утепá змиáта". Унá му-правúла с'ánка дoдéка спéше* [ВС(Кал),337]; ~ *тогас фатиха карталчитата да викат и да вел'ат на мајка си: "немој, мајко, му чиниш некоја лошотиа на това човек, ча он утепа страшната змиа". Кату чу карталот така, фати да му чини сјанка сос крилата му* [V,PM,96]; 3. 'направа за заштита од дожд, чадор' [MS,s,100] – сп.: на орото не се познава која девојка е богата, а која сиромашна, бидејќи секоја носи *сенка*, свилена *блуза*, свилен *каврак*, *"жăлти папуци"* (чевли) [ТГ,138]; 4. 'предмет (во случајот крпа), што заштитува од сончевите зраци' ~ *чевре́, та́-j кăрпа зă-се́нка, сјаăрзу́ват же́нте ка́ ко́пат на-по́л'то* [ПК,2(Крец),129]; 5. fig., изр.: **се́нка сă чина́** (= се кажува за човек што многу ослабнал); или: **се́нкăта му о́де** ~ *нă-чуве́ко га́аре се́нката му-о́де, та́а же́нта пу́пунци му-ви́е* (го малтретира) [ПК,2(Гăр),190]; сп. гатанка: **Дăлга Ена бис сенка** (= река) [ИГ,122].

санким adv 'божем, небаре' ~ *н'ákој врјáме имáло едúн млóгу богáт човéк и бил џифаирџúја, санким и продáвал млóгу скăпи кáмини. И кату му са собрá млóгу стóка , úскаши да га продáди* [V,PM,26]; ~ *му вели: "ах мăжу, што чини тинака, си загуби? Кăсметјут отиде да тераш, тој сам дојде; санким ти вел'ам, ча џарјут, на, чул, ча сми сиромаси, на пусна алтăни"* [V,PM,31]; ~ *са улúј лúцету и седнá мнóгу зачýдин. Кату гу вúде жена́ му така́, гу пúта и му вéли: "éј мăжу, што мóлку са чýдиш? Дали ти потăнаа курáбите или пари нéмаш?" Сáнким тјáнака тúа лакардúи ги вéлиши на нéгу кату на шака́* [V,PM,30]; ~ *кога са повратил одзаде да види, дали стојат снопите, кога гледа, две или три снопи санким човек ги караши, отидоха на братовата му нива. Тогас тојнака поверува совсем ча нема кăсмет* [V,PM,82] – во формата **сноши** може да се посматра проширената употреба на наставката **-и** за образување на множина кај еднослоżните именки од м. род; в. **сăнки**.

сано́ќ adv 'во текот на сета ноќ' ~ *Вангилино, моја прва л'убо, [саноќ ми си на рăка лижала, [дури рăка, рăка јутрпнала, [дур на можум чибук да запал'ум* [ТГ,53]; ~ *сно́шти, ка-м сă рăзбú со́нут. Зăшо́ вéл'ăт, чувéк о́чте áко-j лижáл, сăрцто ак нé заспе, сăно́ќ сéдум* [ИГ,121]; и: **сăно́ш** ~ *вáа вéчăр сăно́ш сă-нăрпилúх, зéр уджишќáфта* (не можел да спие, од жештина, само се преметкал) [ПК, 2(Мор),95].

сапкăн m 'железна направа со шилци, слична на вила, служи за ловење (убивање) рúби' – еден вид харпун. Сп. како се употребува **сапкăнот**: има вешти рибари што умеат да нуркаат, тие се завлекуваат во *лагумите* (= длабнатини во брегот, каде што водата од реката навлегува под некоја карпа или под коренот на некое големо дрво), рибарот со *сапкăн* в рака, кога ќе види некоја поголема риба, со удар го забодува во грбот на рибата; *сапкăнот* е врзан со јаже, а другиот крај од јажето е надвор в рака на друг рибар, којшто откако ќе добие сигнал го извлекува јажето заедно со *сапкăнот* и рибата.

Во дел од Долновардарско, во реонот на Гевгелиско се познати следниве *лагуми: Мачуковски Лагум* (с. Мачуково се наоѓа на самата граница во Грција, сега преименувано), *Богороички Завртоκ* (во близина на с. Богородица), *Ѓавочка Спила* (во близина на с. Ѓавото; *спила* 'карпа') и *Дервент* (клисура) [ТГ,397].

с'а́пна (се) pf 'се штрекна' ~ *по́дуна в'а́тар јут-мо́ри, [скъ́ршила́ гра́нка масли́нка, [уда́ри Бе́са, мо́ри, по гъ́рди, [С'а́пна-се Бе́са, разбу́ди, [на ва́тар л'у́то, мо́ри, калн'а́ше* [ЛС(К),134].

сапу́н' m 1.'средство за хигиена' (купечки или дома правен) [MS,s,100]; – *"Не съм рге́н, но посъ́рнн, [ма́јка ми зла́ невъ́ст, [харо дра́мливо, мо́шне спа́нливо, [фа́шта да пе́ре, пе́ре и дра́ме, [га́рги въ́рвја́т, са пу́н и ди́гат* [ЈИ,Ми...,74]; ~ *уф пунидели́кут пусе́стримте ц-съ ублечъ́т уф нивестини фуста́јне, пубра́тимте ус шъ́мијки (тул'бе́јне) на гла́вта – игра́ат о́ро, съ цъ́рнат, нивестта пули́ве на свекурут и свъкъ́рвъта, они туру́вът пе́пъл: "нивестта гу дунсе́ тоа сапу́н!"* [ИГ,118]; 2. изр.: **бнс сапу́н бри́че** (= се кажува за некој **што** многу скапо наплатува) **[ПК,2(150)]**.

сапунџ'и́ја m 'мајстор што изработува сапун' [MS,s,100]; ~ *едно време имаши еден сиромах, којто пу сапунциите носиши пепел и са хранѓши, и Господ му и дал едно дете само* [V,PM,47].

Сапунџи́јската Ло́ква top. 'ниви во блатисто место' (сп. прекар *Сапунџиев* + *локва* 'место каде што лежи вода'), во реонот на с. Радово, Валовишко [ЈИ,Ми...187].

сара́* f 1.'момент, време' ~ *утара ко́низмата, му вили́: "с'ъ́ј сарата, ш'о за сто́рии'?"* [MS,t,71]; 2. 'ред' ~ *с'ъ́кутръ́ј д'е́н' хо́ждаха са сара́ за о́да със м'ахо́т ... до́јди сарата да по́ј за о́да хи́тра Пе́три* [MS,t,74].

с'а́ра f 'првото млеко од крава што се отелила' (не се употребува за јадење) [MS,s,100]; во Серско значењето се проширило: **с'а́ру мл'а́ку** ~ *на пъ́рвото мл'а́ко отофцата што са ојагни́ла са кажу́ва с'а́ру мл'а́ко* [ДС(Ч),54].

сараѓол' аваси m 'име на машко оро од Гевгелиско, почнува со клечење'; сп. опис на споменатово оро: воопшто машките ора се одликуваат со "витешки" движења, тие час потскокнуваат, час се удираат по колена, час клекнуваат и *кликнувајќи* се приближуваат кон гајдацијата или тапанарот [ТГ,321].

сарај* m 1. 'царски дворец, ограден со високи ѕидови' ~ *оттаму Мајдон стана, отиде на царјувите сараи. Царјут гу виде и му рече: "не идиш на меника да си цениш?" Мајдон му вели:"идам"* [V, PM,-72]; ~ *и о́н, ни пе́т ни ше́с мо́ра д-о́де ус-ни́х. И тръ́гну́ве. Арно а́ма на-тъ́ргина́нто, о́н зна́ оти ки-съ́раздене́, не́гувите бра́те ки-ви́ат не́го гу не́ма* [ПД,168]– Т. Димитровски поодамна има забележано во југоисточните говори присуство на гл. именки од свршени глаголи, нашиот пример (од контекстот) : **на-тъ́ргина́нто** претставува само дополнување кон неговата теза; ~ *ги пусна и децата потамо да ловјат, и кату ловјаха они, ги најдоха тамо: царјувото дете зема острата сабја, чамурлиата зема тешката бозлугана. И са дошли децата пак на сарајут* [V,PM,-232]; ~ *тогас царјут и двата деца ги милуваши и, колко удаи имаши на сарајут, от сичките му*

даде кл'учовету на децата, сал от едната удаја му не даде [V,PM,-232] – во текстот се забележува посебност во редоследот: глаголот и кратката зам. форма се одделени со негацијата: **от едната удаја му не даде**; 2. 'убава, голема куќа, палата' ~ *Госпот рече на ангел да гу шета на прикрасни сараја, кату гу шеташи барлив најде една свирка тамо, га зема и отиде на Господа, му вели: "ти са мол'а Господи, да ми га дадиш на меника таја свирка"* [V,PM,126]; ~ *ако ти ја дадат, мила де мале, [по-скоро абер да чиниш, [море да растурам ветки куќи, [да направам висок сарај, [мори пинџерки му сидифлији, [а пирдијна кадифилиј* [ТГ,97]; 3. 'зграда на градска (општинска) управа' ~ *Кák нé, тугáј ác сáкăх ргéн, тугáј Мúце Гóшовјо: ргéн бúше, мă-сáкше мéн, áма нé мă-дáвăха уд-дóма. Сáкше дă-сă-жéне, áма гу зимáа вујнúк Тýрцте. Уф-Кýкуш и-нусúа, и-зăтвурúа тáм уф сăрáј. Ут-тóо бúа скукнáли двýјца. Избигáли, уф-нáс дујдéа* [ВК(Мал),290]; 4. 'висок ѕид, ограда на палата' ~ *и ут-тáм, трăгнат óни, óдăт кăј цáро. Тáмо зéмăт гу-прувáл'ат сăрáјо, нéгувио, дýпка нăпрáвăт и гу пýштат нéго пăрво уфнăтре* [ПД168] – во контекстот има повеќе случаи на перфективен презент: **ут-тáм, трăгнат óни; зéмăт гу-прувáл'ат сăрáјо; дýпка нăпрáвăт**.

сарак* m, zool. 'црв што го јаде дрвото' ~ *видела ја бабата и ја рукала да ја попоште. Тја утишла, и питала ја бабата: "Што поштеш синко?" – "Цăрве и сараче, бабо". Бабата завела и нејă, откарала ја дома си* [V,PM,286].

саралăк m 'болест од која кожата и очите (на човек) стануваат жолти'; со исто значење: **ж'лăт'éц** [MS,s-100]; сп. примитивно лекување на болеста жолтица: на темето на болниот ќе му ја расечат кожата унакрсно, а потоа местото се трие со лук [ТГ,229], и: **сăрлăк** ~ *нúм јáди уд-нéго, ут-сăрлăкут е фáтин* [ПК,2(Ал),109].

сарандáподо n, zool. 'стоногалка' [ЛС-(К),96].

сарапук m 'навредлив збор: проклетник, изрод' – сп.: кога се караат жените паѓаат и тешки навреди; освен *сарапук* можат да се слушнат уште зборовите: *вошла, смрдлива, маразлива* (болникава), *ѓутурум, уруспија, арамија* и сл. [ТГ,319].

сарáф m – в. **сарáфин** ~ *му гувóри Афéндот на нéгу, да му ричé: А лóшо измиќáр, да тешковúт', ми пузнајá ти на мéн шо жнúјам дéка нé сијáх, и приберýам дéка нé сам дáл; требýаши и ти да гу дáдиш на сарáфити мójто злáто* [MV,K, 271].

сарáфин m 'во минатото, во Турско, банкарски услуги се вршеле на улица, човекот што тоа го правел се викал **сарафин**' ~ *Удóл џ'амúјата илáш'и идúн сарáфин, páж'да на врăх сарáфину и гу уклавáва* [MS,t,56].

сарацалива (билка) f, bot. – сп. начин на народско лекување (со билки, односно со *сарацалива билка*): на празникот *Инов-дин* (Иванов-ден) рано наутро жените одат в поле и берат различни лековити билки; се верува дека билките собрани тој ден имаат посебно силно дејство. Меѓу споменатите треви има една што се вика *сарацалива;* со неа се лекуваат болни *"уд срце, уд треска"* [ТГ,72].

сарацалива рана f 'тоа е рана што многу тешко или никако не се затвора, туку непрестано тече' – се

лекува на тој начин што се зема *сарацалива билка,* ќе ја изгорат, а потоа пепелта ја мешаат со масло и ја стават на раната [ТГ,234]; в. **сăрăцá**.

сара́ч m 'човек што прави седла, узди за коњ и сл.'; сп. top. **Сарачов Брјаст** (од прекар *Сарачо* + брест, дрво) — во реонот Горни Пороj, Валовишко [ЛИ,Ми...,187].

Сарбúне 'прекар' (запишан во Дојрански) ~ *а́јде тăргна́ме сја́: зă-ф-се́лто, са́нки ма́јка ќа-ви́дум а́с та́м! Удéjки нă-стрăте́ ади́н чувéк уд-на́што се́ло, глу́х би́ше, Сарби́не му ви́каа, ба́ш Сарби́не, пу-ту́рцко сарби́не зна́чи глу́х* [ПД,172].

сăргáло n 'направа, ренде' [ЛС (ЈК),95].

Сарија́р top. 'место каде што има *карпа* со *жолтеникава боја*' – позајмица од тур. јазик (с. Фраштене, Серско); во Валовишко има слични топономастички образувања: **Сари́су** 'извор со жолта вода' (с. Дели Хасан) и **Сараѓо́л**' 'блато на кое водата е жолтеникава' (с. Царвишта) [ЛИ,Ми...187].

сăрли́(j)а f 'слатка пита со кори, вид баклава' ~ *нă-ора́чо ка́ ќи-зăфа́те да-о́ре, дă-сéе сă-но́се кăни́ска. Уф-кăни́ската и́ма сăрли́а, пуга́ча и кали́нка* [ПК,2(Гăр),64]; сп. уште: називот **сарлија** го среќаваме во описот на постот **тримери** – тој што држи *тримери,* тридневен пост за *Виликденски пос,* на третиот ден оди в црква и со него доаѓа некој од неговите блиски и носи: погача, *сарлија,* засладена варена пченица и малку ракија [ТГ,14].

сарма f 'јадење од ориз и мелено месо завиткани во лист од зелка или штавел' – сп. освен **сарма** во описот на видови јадења од Гевгелиско и Кукушко, се споменуваат и следниве: кога ќе се постави *софрата* се носат следниве јадења: *сарма сус кисала каша,* или *ќуфте сус каша, дулма* (млади тиквици полни со ориз и мелено месо), *рибник, пил'аф или сутлијач* [ТГ,21]; ~ *пе́т то́пки сарми изде́х* [ПК,2(Крец),113].

сармалија adj, indecl. 'нешто направено од сребрен конец, од срма' ~ *"Ти кога ки с-јодиш, лудо, [и јас ки ти дојдам, лудо, [сус теб на мимликет, [сус теб на вилајет!" – "Јазе да ти купам, Злато, [руба, ли̏шка руба, [сармалија ле цама-дан, [алталија фустан* [ТГ,94].

сарно́к m, bot. 'вид печурка на која горниот дел, "капата" е свртена на долу' [MS,s,100].

сарп adj 1.'строг, решителен' ~ *и са случи, паша́та са разбол'а́ и умрjа́. По́сле се чу́деа, ко́го да кла́дат паша́. Ре́коа едни́ бога́ти меjу ни́х: "ади да кладе́ми това́ јабанџи́а еди́н паша, зашто́ е мло́гу бога́т!" И ка̏ту влезе́ то́j, и би́л мло́гу са́рп и фати́л мло́гу харами́и* [V,PM,27]; 2. fig. 'остар (за нож, секира)' [СК,335].

са́рп па̏нтиш'та pl. 'патишта стрмни, каменливи, урвиште' [MS,s,100] – во заглавниот збор се среќаваме со остатоци од назализмот.

сарắбуру n, bot. (pl.: сарăбуру́нта) 'цвеќе нарцис со жолта боја' [MS,-s,100].

сарă̏к m 1. 'долг стап, мотка', кај Малецки: 'тутунови лисја што висат на една мотка' [MS,s,100]; но возможно дека тој не го доразбрал информаторот; веројатно низите од тутун биле потпрени со стапот (т.е. **сарắкот**); за ова в. [BL,155]: **сăрă̏к** 'долг прат'; 2. 'вид весло, долга мотка што ја користеле *корабарите* кога управувале со *коработ,* што пренесувал луѓе и стока од една на друга обала на Вардар' [ТГ,428].

сас m, bot. 'водено растение, вид трска со која се плетат рогозини' [MS,s,-100]; ~ *и погăрмја оште аднăч посрáшно, и ви́де, чи, ади́на óган ди́гна са та пáдна фаф полéто фаф ади́н сáс. И офчéре рéче: "Нéка и́да да ви́дим, какăф бjéше товá óган, што пáдна фаф сазá!"* [V,PM,261].

сас m 'ориентален инструмент на жици' [СК,335].

саска f 'вид болест', ја викаат и **водена болес**; се лекува на тој начин што ќе се ископа коренот од тревата *зрнешника* (од видот *Solanacea*), ќе се вари во вода и потоа се пие [ТГ,228]; во Кукушко запишавме **сáска** 'туберкулоза' ~ *сăступи́ чувéко, ут-сăскáта-j фáтин* [ПК,2(Грам),110].

сáт m 'лозје што е посадено само пред една година' ~ *сáт – прăвната гудúна, ш'ту гу с'ăjми лузéту*; архаизам (сп. во рус. јазик), називот го забележил Малецки во с. Сухо, додека во соседното село Висока не се употребува, односно се кажува: **нóву лузé** [MS,s,100]; сп. стсл. **садъ**, 'градина' [ЛИ,Ми...,186].

саталик m 'нешто што се продава' [V,PM,377].

сатанá f 'зол дух, ѓавол' ~ *и ричé на ни́х: А видéх на Сатанá кату здрáк шо падná ут нéбито. Ету ви дадéх на вáс пувéлјата да стăпнити уфузгóри уф змúити* [MV,K,292]; ~ *шó ќи-му-дáj, вéчи н'áма ни́што, уф-буни́шт'и-е. Изв'áдал цăрви, му-дáл. Пá му-дáл знáчи. И-тóга цăркнал сáтанáта* [ЛС(К),118]; ~ *и Бóг дозволúл, тój н'áмa дa с откáжи, áмa сéa сáтанáта ќи-гумăчи. И пáсéjќи óфцити, тáквá сúлa сéa н'ákaквa, гróм, товá, оновá и óфцити г-изгóрé* [ЛС(К),118].

сатéн m 'тенка, свилена материја' ~ *кил'áфка-j кáпа ут-цăрăн сатéн, бес-кузúрка, нóшше тéjко* (татко), *нóсаа и пóпуфто нáши* (се мисли на католичките попови што ги имало во Кукушко) [ПК,2(Гăр),58].

сáтка f, bot. 'вид пченица'; и: **усáтка** [СК,335]; – сп. освен **сатка** во имињата на житни растенија во Гевгелиско среќаваме: *ичумéн, рăш, увéс, урóф, лéшта, (у)сáтка – за чинúцта - жúто. Има цăрно клáс. Бéла-j чинúцта, амa цăрно клáсе. Дрýгто – цăр-вéнка. Сáткăта пá три јурнéка* (типа) *сă* [ИГ,119].

сатрýе pf 'сотре, уништи' ~ *л'у кój хóдjовал за нáзикáна вóда, изjáвала го ламjáта. И ќосéто, като са покáзал на визúрја сúн, глéдал да сатрýе детето. За дá го изедé ламjáта, дáл му едúн сăт и го испрáтил да донесé от назикáна вóда* [V,PM,257]; ~ *пак ламjáта е бол'áли очúте, та хú са озравúли от пепjалá и му дáла та си нал'ál от водáта. И са вăрнал та отнél водáта при ќосéто. Пак тój немál тóлко благодарéниа за водáта, но глéдал да го сатрýе* [V,PM,257]; ~ *свăршúла са клéтвата, штó са проклéло детéто на ќосéто, óти, акó омрéа та нá пофтóр да стáне, тогá да кáже. И отишел та казал на баштá си, чи му е тój сúн, пак ќосéто фáтили та сатрýли* [V,PM,259].

сатăр m 1. 'широк, месарски нож' ~ *тăрнóрицо-j* (земјоделска алатка) *кут-сăтăр, ус-длáга дăрвина рăчка* [ПК,2(Рош),117]; 2. изр.: **сатăр не гу фајкја** (не може да биде убиен) ~ *и надуjдеа, веле, неверни цел'áти, [да му а сечат русата глава, [ала никак сатăр, веле, на Бано Михаилăче, [ала никак сатăр веле не гу фајкја* [МЕ(Р),50]; **ýдри мосăтăро** (= убиј го, заколи го, немај

милост) [ПК,2(Гăр),204]; [ПК,2-(Гăр),58].

Сауренија Мост top. 'руиниран, разрушен мост во реонот на с. Волково, Драмско'; според Иванов од дијал. придавска форма *саурен* 'разрушен', и понатаму од гл. *разорува* 'уништува' [ЈИ,Ми:..187].

сафи́ adj 'чист, вистински' ~ *"пуртукáлит'ạ, ш'у ми пу́сна сăс Го́рґạ, н'ă-са пуртукáл'ạ, т'é-сă сафи́ злáту"* [MS,t,86]; ~ *сăфи́ мéсо, бис кóска, бис-лóј, сáмо цăрвéно мéсо; ~ мáјка пи́јше сăфи́ каавé* [ПК,2-(Гăр),74].

сафрагăн m 'лошо време' ~ *"Е, што уткраде, кажајте де?!" – "Ето што: беше еден убув бустан. Заграден сè сус црни трјне. А воја урсус* (немирник) *што праве?! Ка му са прајадуве лубаница, и то сношти, пу воја ветар, пу воја сафрагăн и не глидаќи ни оти плет има ни, флеве уф бустанут и салде една лубаница беше, па и неја а скинал. Остави да, и сат бустан виран* (во лоша состојба, упропастен) *гу правил... се уд крф!"* (алегорично претставување на првата брачна ноќ) [ТГ,187].

с'ạфт'é adv 'првпат' ~ *с'éднува бáбата на крусно́ту, з'éва инá прăнчка и фáш'та с'ạфт'é, с'ạфт'é ('прăву, прăву') да навúва* [MS,t,7].

саханче n, dem. – в. **саан (сахан)** ~ *"Стани да идиш тамука, мени дека ме најди. Да викниш, да подрукниш, ке да излези мојта лел'а, да ја речиш от меника кланети, да ти даде нај-малкото саханче, онова саханче, колку да јадат, толку повики извира!"* [V,PM,79]; ~ *царјут извадил аскер без број. Катарџиата, кату и пл'унал аф саханчиту, колку јадјаха, толку извираши. Сичкиот акер јади, си најади и пак саханчиту пак пăлно остана* [V,PM,79].

сахáт'* (и: **саáт'**) m 1. 'направа, механизам со кој се мери времето' ~ *пóпут ... сахáтут гу им'ăш'и у ранкáта и гу гл'éндаш'и, кугá да дóјди óсим* [MS,t,68]; ~ *Тýрци шо имáло, Гăрци шо имáло, сè избигáли ут-Петри́ч, óти, кăжáли, тăвá ќе: нă-Бугáрја. Флизéме уф-грáдо, срéт грáдо. Имше áјн сáат, гу-рăстури́ли, сáато нă-кăмбáнта, сáат дă-чýке, тăкóв* [ПК,2(Мор)74]; ~ *ступаницата на тăрговецо прашила, кој хлопа на порти. Тој сă узовал и рекал: "Ела да ми утвориш, зашто мăжо ти ма прати да преспим тука у вас, та, ето и сахато си даде за нишјан"* [V,PM,280] – арх.: **сă узовал** (одговорил, се јавил); сп. стсл. **зъвати** 'повикува'; 2. 'временска отсечка од 60 минути, час' ~ *ут идúн сахáт' гл'éнда, н'éма да сă клăтни н'ăфту ут трит'á* [MS,t,70]; ~ *"си хазăр' да дóш' сúга?" – "мáлиста! за пóда дур у думá и за-сă вăрна за пулувúн саáт' "* [MS,t,84]; ~ *"хáла! хáла! јас úмам пулувúн сáт', ш'ту úсл'ázух ут манастúру и за пулувúн сáт' н'éтр'ạ ш'úч'ку сă изм'ạнúлу* [MS,t,45]; ~ *стáна д'ăт'ạ ту, утúди на ж'инáта, пруминá пу идúн чирéјќ сáт', ч'ýка и манц'ó* [MS,t,10]; ~ *гу клáвами плáтнуту н'éтр'ạ стујú двáјсич'éтир сáтạ* [MS,t,8]; ~ *на нúвата му тихúса да úма еднá стáра крýша, и тój-нака, кату ориши млогу саат, са умури́ и отúде, легна пот крушата мăра да поспúе* [V,PM,30] – во контекстот еднинската форма **саат** е употребена наместо очекуваната множинска: **кату ориши млогу саат** (м. 'млогу саати'); 3. 'момент' ~

ч'урбаџи́јата сă нáјди разбуд'éн нóс сá:т' и ја ч'ý нарúч'ни́цата [MS,t,16]; *~ и как хождаши, уврéјнот ката ден у дума му зеваши ицата, и рекла един ден на нос човековата жена: "ох, госпоџа, ако сакате да са куртулите от борч и да добијти пари, сега е сахатут да ја заколиш кокошта"* [V,PM,230] во текстот имаме уште еден случај на нарушена конгруенција: субјектот во машки, а предикатот (л-фор.) во ж. род: **уврéјнот** ... **и рекла**; *~ ја викна на дивојката: "ела тука Еленку!" И она отидел, гу бакна рăнката и тој ја дава един алтин многоценно... Онова сахат он направи на Лиму кехајовите кýка една одаја башка* [V,PM,164] – во пропратниот текст среќаваме нарушена конгруенција: **она отидел**, случај што од претходните истражувачи (Малецки, Голомб и др.) останал незабележан и затоа обратните случаи, кога субјектот е во машки а предикатот во ж. род ги објаснуваат како фонетска појава, а фактички се работи за морфологија – губење на категоријата род; 4. 'единица за мерење на простор со одење пеш' *~ и си отиде неколко саат пăт и, га гленда, на едно мјасто една риба гол'ама, половината бјаши на морету и половината по суха земја, не можеши да са собери на морету* [V,PM,172]; *~ кога трагнала старата самовила кату вăрла чума и за един приближи да ха прифтаса. Тја ошти две сахати мјасто далеку била, младата самовила познала* [V,PM,279]; *~ тогá викнá едúн хизмикáр домáшин, му дадé пúсмото и дéтето го закарá на магазúите. Магазиите му бéха двé саáти далéку* [V,PM,152] – формата на бројот 2 за ж. род: **две**, нашироко во овие говори го покрива и машкиот род: **двé саáти** (според Бл. Конески се работи за образец позајмен од грчкиот јазик, иако би можело да се вклучи и факторот што повеќе пати го повторуваме: нестабилност на категоријата род во Долновардарско); 5. изр.: **уф лóш сáат сă-згудúло** (= се случило нешто кога среќата не била наклонета) [ПК(Гăр)]; сп. суеверие: народот верува дека во вторник не треба да се почнува важна работа, бидејќи може *да сă пугоде на лош сат* [ТГ,8]; **на што сахат** (= во било кое време) *~ един човек, гу викаха името му Константин. Тој на свирката и бил млого ќамил и така без него не трăгноваха јунациту: дегоде да подат, на што сахат да го викновали, он хатăр не расипуваши* [V,PM,227]; уште: **сá:т'у на двá** (= два часот) *~ éми р'éч'и ýтр'ą да пóа сá:т'у на двáи* [MS,t,10]; **сá:ту на идúн** (= еден часот) *~ éш'тó вилúш'?и éда сă пуч'ýд'ą тóс в'éч'ер, да ýтр'ą сá:т'у на идúн да дóш' за ти кáж'ąи* [MS,t,10]; 6. сп. top. **Саато** 'стара кула за часовник во центарот на Сенгел'ово, Валовишко' [ЛИ, Ми...,185];.

сáхатá adj 'многу лош' *~ си устáнах јас ивдувéц ... и живóту ми н'éса сáхатá (млóгу бéт') да ут утр'ą натáтак Гóспут' знáј* [MS,t,3].

сáч' m 1. 'испуштен дел на капата, надвес'; 2. = **врăш'ник** 'железна направа како капак со кој се покрива лебот кога се пече на отворен оган' [MS,s, 99 и 129] (значењето под 1. 'дел од капата' – дадено од Малецки, од други извори не ни е познато); од Серско Давкова наведува: **сăч** *~ сắчǫ е кąпáк. Сąс*

не́го се по̀кла́па ли́́сниο л'а́п, о̀тго́р, и са̀-ту̀ру́ва̀ жа́ро̀ да̀-са̀-пче́ [ДС(Ч),141].

с'ạч'é (|| **сич'é**)* impf 1.'со помош на нож или друг остар предмет нешто прави на делови' ~ *ја крастóсуват тапс'áта и с'éтн'ạ фáш'тат да с'ạкáт кумáт'ạ баклáва́* [MS,t,8]; ~ *и по́пот са качи́ на врӑх кирами́дите, от димини́ко да гле́да. И земá барли́војут еднá балти́а, и кату гу одри́ на по́пот со́с балти́ата, му га сја́чи главата, га́ фӑрли́ аф буна́ро* [V,PM,125] – неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали доведува до познатата појава, карактеристична за овие говори – редукција, поретко, како што е случајот во контекстот, се јавува и "обратна редукција": **одри́** м. 'удри'; ~ *тогас царјут му извади ониа царските дрехи и ги примени сос нихните пак сиромашки дрехи и му рече на сиромаху: "ади сега побратими, да идиш пак аф гората да сечеш дăрви"* [V,PM,65] – во текстот имаме уште еден пример за проширената функционалност на множинската наставка **-и** кај именките од ср. род: **дăрви**; 2. 'направи застор на вода, да не тече' ~ *и затова, синку, тинака, л'у да идиш таму да видиш, дека е мајката на водата, да га сечиш да не иди хич вода на чешмата* [V,PM,42]; 3. изр.: **заедно̀ч гу сечи** (= кога нечија иницијатива не се прифати, или поточно: биде остро одбиена) ~ *и жената тогас му вели на мăжо и́: "мăжу, тогас, как да е, и јазика ки дојдам сос тебика на свадбата!" Куумиата вели на неа: "сичку бива, жену што да сакаш, само жена јазика на свадба не карам!". Заедно̀ч гу сечи* [V,PM,7042]; **ќи-ми-се́че на̀-пра́зо во́-та** (= не може да ми стори ништо) [ПК(Гăр)]; **му са сичеја жилте** – се кажува кога некој е немоќен, односно се однесува немоќно [ТГ,248].

сачма f 'обработено, наѓубрено земјиште на кое се фрла семе од специјален вид црница (служи за храна на свилената буба), и откако ќе никнат млади црници тие се негуваат и дури идната година се садат во бавчи' [ТГ,405].

сацак m 'железен триножник (пирустија) врз кој се става јадење за да се вари, односно вода да се грее'– називот **сацак** го среќаваме во описот на следново верување: кога врне град народот го изваѓа надвор, на дворот триножникот – *сацакут*, уште лопатката со која се чисти пепелта од печката – *катџија*, а освен тоа тие што имаат пушка ќе испукаат по неколку куршуми; на прашањето: зошто тоа го прават? – немаат одговор, туку ќе речат:*"Така трабуве"* [ТГ,432] – суфиксот **-ува** се додава кога од свршени се изведуваат несвршени глаголи, т.е кога се менува гл. вид,, меѓутоа во долновардарските говори го среќаваме и кај глаголи што во основа се несвршени, каков што е случајот од контекстот: **трабуве** изведено од 'треба'.

саш'ти́са* pf 'крајно се вознемири, се збуни' ~ *ла́фуве́ту т'éс гу саш'ти́саха Ѓо́рги* [MS,s,100].

сбăркан* adj 'тој што губи контрола, што е психички исцрпен' ~ *ста́рата на сина́ си, ре́че му: "Че́до, јас та сам биза́ла и хра́нила, и ни штеш да ма ожéниш". И сина́ хи са ч'у́деше, дали́ е лу́да или ни е. Отгово́ри сина́ хи: "Ма́ју, ти́ си лу́да и сбăркана. Ко́ј та зи́ма, и да та о́жене?"* [V,PM,264]

сва́дба f 'церемонијал во врска со склучување на брак' ~ *кату чу така царјут, познал ча беши не-*

това момата, и заедноч стана и му даде познание на сички. И си зарадуваха млогу и чиниха и свадбата, га уженихa [V,PM,37]; ~ *царјут, кату чини кал'ата, зема и секакви свирки да свират и тъпани да тъпат, свадба курдиса* (организира) [V,PM,61]; – штом ќе удри *тъпън* ќе речат: *"Ха, саји било свадба... е, сега праличе, умјасе на свадба... Свадба биз тъпајне, црква биз поп! На свадбата душа даве тъпън"* [ТТ168]; ~ *момата знаиши за него. И царјут га даде, от лафот* (зборот) *са не вързна. И дојде врјаме сфадба да чинат, да идат за нивеста, царјувата момa да га земат* [V,PM,-90]; ~ *блúзу трú годúна га úмаши кату добúтук. И пák отúде, земá от дрýгата смóква, га дадé накýси, и пák са чинúла прилúчна цáрјува мóма. И тогáс вéки чинúха свáдба гулéма, пуснáха хабéр и на цáрјут* [V,PM,29] – во контекстот имаме уште еден пример за специфичниот редослед: атрибутот во постпозиција во однос на именката: **чинúха свáдба гулéма**.

свадбар* m 'учесник во свадбената церемонија' ~ *"Царјут му вели: немој скокнуваш кал'ата! Ми е жал, да не си одавиш!" Али тојнака са вързна образот каде царјут и му вели така страшно-страшно: "царју, царју, јазика аку сам јунак, сакам прет свадбарите да си покажа!"* [V,PM,61] – во контекстот има повторување на прилогот со цел да се потенцира неговото значење: **му вели така страшно-страшно**; ~ *сфатбарите го пречекале на Госпо. На вечерта Госпо рекăл: "Утре, да знајте деца, ќи врне снег". А тије му рекле: "Не вируваме"* [ШД,5(438]; ~ *зă-нивéстăта ќи-спрéма дрýга кóла, брúшка му-вúкăме нúе, нă-нéкуа пó-árна брúшка, пó-árни кójна и ќи-óдиа дă-ă-зéвăт нивéстăта. Удéќи дă-ă-зéвăт ќи-ă-причéкăа свăдбáрито* [ВЕв(Ил),307]; ~ *тójнака киníса от тáмо да си úди. На пăтју срјáти свадбáри и нá нúх ги исмáми, нивјáстата нásат га вăрнáха* [V,PM,61]; ~ *това кату рече самовилин син, заедноч зема мегдан и прискокна три пăтја от кал'ата. Кату видоха така сичките свадбари, фатиха сос голем и велико глас да пејат славна песма* [V,PM,61].

свадбарски* adj 'нешто што се однесува на свадба' ~ *кога месјат, онаја дивојка за надјани от зентјут фесот, да така ки фати да меси, па другите около за пејат песми свадбарски* [V,PM,247] – случај кога предлогот **од** укажува на посвојност: **надјани от зентјут фесот** (м. 'на зетот').

свали pf 1.'симне нешто од повисоко на пониско место' ~ *и бéше млóгу студéну, штóту са кáмене пýкашја от стýт. И стáрата сичкá нáш си триéше забúте, и кугá сáмна, рýкашја на синá си: "Сúну, éла ма свáли и ожení ма!" И тój са зáч'ýди пак, штó да е прáви* [V,PM,264]; ~ *си-óде дóма, му-вéле нă-иднă-бáба: "Măр бáбо, му вéле, нă-фил'áн мéсто, нă-фил'áн чéшма úма иднă-чýпа нă-тупóлта кăчéна, му-вéле вóа, áко мóжиш бáбо, дă-ми-ă-сфáлиш* [ДК(Ран),125]; ~ *дóбро-дóма, тó кá дујдéл ду-нéгавата кăшта, мéсто пáри да сáке, уддéл и нă-кăмúлта тáп углáмнико гу сéче, гу-свáле тувáро. А тó си-óде сус-пулвúн углáмник* [ВД(Ник),279] – во контекстот среќаваме употреба на свршен глагол во презент: **тáп углáмнико гу сéче, гу-свáле тувáро**

(место: '... свал'уве...') ; 2. – **(се)** ~ *и-вóа гу-пи́те: "Да не виде́ тако́ф и-тако́ф чувéк?" – "Сéа замина́. Свáл-се ут-кóјнут, бéл'ки тăрчини́к кă-гу-фтáш"* [ВГ(Ѓ),274]; ~ *зéва сúто, зéва но́шви, зéва брáшно – бáбăта óде тáму. Гу-клáва сúтто нăóпко, но́шфите нăóпко – ќи-сéе брáшно. Тá чýпăта му-вéле: "Бáбо, нéму тáка". – "Е, сфáли-сă дă-ми-кáжиш, не́-ми-сă пýле"* [ДК(Ран)-125]; ~ *и му вéле: "Инă крýша úма тýка". Запúрăт тáму. Сéа кój ќи-сă-кáче? Пá слéпјут, крúвјут нă-мóже, скăршéна нóга. Сă-кáчфа слéпјут. Му-вéле: "Јáс ќи-дрăсăм – ти ќи-бéриш. Кóа ќи-сă-сфáл'ăм, тугáј ќи-јáјме"* [ДК(Трем),136]; ~ *жената вечерта влела в худајăтă да си легне, распăсала сă, свалила си гердано от гăрлото и го закачила. Овчаро в сăндăко през сăрчето* (= стакло, погрешно пишува 'сăрцето' – очигледна печатна грешка) *гледал и видел, чи на корема имала нишан маслинкă* [V,PM,281] – во текстот има употреба на именка, наместо придавка, како атрибут на др. именка: **имала нишан маслинкă** (позајмен образец од тур. јазик) ; ~ *тоги момата и детто а прагăрнале и рекле: "Ти си нашта мајка"! Си свалиле капите* (пишува: 'камите' – очигледно печатна грешка), *косата да му виде* [V,PM,268]; 3. изр.: **гу свалúх тувáро** (= свршив важна работа) [ПД,137].

свáл'уве impf 1. 'симнува' (в. **свале**) ~ *ăнăмкăта тóлку изгурéна бúла зă-мăж. Е, óде бáсми дéка прудáва. Мăкидóнцут бúл лéп чóек. Му вéле: "А бе кăýрин, сфáли-ми тúа тупój бáсма!" Му-сфăл'ува кăýринот. Шýка-шýка, шýка-шýка, нé зéва* [ДК(Ран)134]; ~ *сáмо сфéкурут úмăше прáво дă-ă-сфáли нивéстăта. Ќи-ă-фáтише уд-рăкăта и ќи-ă-сфáлише. Кóга ă-сфăл'ýвăше па úмăше иднá пéсна зă-сфăл'ýвăнето нă-нивéстăта* [ВЕв(Ил),307] – во текстот среќаваме нерегуларна употреба на предлогот **уд** (од) наместо 'за': **ќи-ă-фáтише уд-рăкăта** (место: 'за рăкăта) – за ова в. во граматичкиот дел; ~ *мома јоде за вода, [биќар јоде пу неја, [викна биќар, продвикна: ["Бре стој, моме, пучекај, [да ти стомни пуносам, [да ти рамо улекне". [Спрсна мома да беге, [и он спрсна пу неја. – [Свал'уваќи стомната, [зилен прстан са скрши, [викна мома да плаќе* [ТГ,368]; 2. – **(сă)** ~ *бáбăта óде тáму. Гу-клáва сúтто нăóпко, но́шфите нăóпко – ќи-сéе брáшно. Тá чýпăта му-вéле: "Бáбо, нéму тáка". – "Е, сфáли-сă дă-ми-кáжиш, не́-ми-сă пýле". И вáа сă-сфăл'ýва. Пу-трó, пу-трó; пу-трó сă-сфăл'ýва* [ДК(Ран),125]; ~ *тăргнáле да-и-гóнат мăските тáкă-нáка. Вó убисéн кă-бúл, сă-свал'ýва ут-бýкта и свăртýва óкулу аден-рúт, минýва пред нú и-сă-убисýва на-адна-другá бýка. Ко-гувúшле аскéрте, сă-субрáле сăта* [ВК,(Ран)323]; глаголската форма **свал'уве** е регистрирана во описот на религиозниот обичај – носење *панагија* в црква: ако селанецот однесе в црква голема *панагија* свештеникот се лути со овие зборови: "*Си ли дунсел цал леб, за десит души да ручат! Малце дунеси, ама су сé срце дунеси! От ќи дунесиш цал леб, Госпуд не са свал'уве да руче*" [ТГ,220].

свате pf 'парализира'; сп. клетва: **Госпут да те свате, магаре уф куќи да не ти рикне** (= да се парализираш, поради што и магаре в куќи да немаш) [ТГ,319].

сватин adj 'парализиран' (со вкочането тело или само дел, пр. раката) ~ *алúс сва́тин, не́ мъ́рдúне* [ПК,2-(Гъ́р),152].

сва́ште impf 'ги разбира работите, сфаќа' ~ *бил'ме́с Тýрцте ви́кат на то́о шо́ не́ сфа́ште: "Шо́ му кажýвиш нъ́-то́о бил'ме́с, съ́нки ќи-т-ръ́збе́ре* [ПК,2(Пост),23]; ~ *путсе́тин, ги сфа́ште рабо́тте* (се кажува за младич од 15–16 г.) [ПК,2(Крец),41].

сва́ште (съ́) impf 'се парализира' – в. **свате** [СК,335].

све́кур m 'таткото на сопругот е свекур за жената' ~ *пра́вно дуjдé свé-курут. Мъ́ арисá сус вýjкото на мóмчто* [ИГ,116]; ~ *ашколсýл сúнко, шо́ измитла́к* (помош, грижи) *му-прáувá на-свéкур-ти* [ПК,2-(Ним),51]; ~ *свéкурут или тáткуто си бъ́кнýвăт рáка, кój е пó-млáт. Ќи си лáфăт. Стáнá свéкурут гу кладé нújнут нишáн прăт тáтко, стá нá тáтко – нáшут гу кладé прăт свéкурут* [ИГ,116]; ~ *свéкъ́рут ќе-отúде у-мóмата на-годúна, наполовúна, кóга ќе-му-пáдне пăт, – за-свáдба да-се-прикажýват. Ќекáже свéкъ́рут: "Ќе-дájш мóмата, за-ф-недéл'а свáдба да-прáвиме?"* [ВЕв(Бар)300].

све́не (съ́) impf ~ *'съ́ стрăмýве'* [ПД,132].

Свентил'а top. 'руини од голем манастир "Свети Илија", во реонот на Клепушна (Зилјаховско)' – со траги од назалното **ѧ** (**Свѧти** ...) [ЛИ,Ми... 188].

све́нтиц* m 'личност што е посветена, на која луѓето се молат и бараат помош' ~ *свнцéту сă нăпúсăнă* (нацртани) *нă икóнăтă; чувăк сă пусвнтúл* [ПсС(З)69]; ~ *вúкă: "Нúкогаш не́ мóжиш дă го-отклóниш. Зáштo дă-го–мăчими чов'ákо! Оти с'ákoj свéтци сè сă-мăчини тúă, зáтоă сă-свéтци"* [ЛС(К),118].

све́нче n, zool. 1. 'мала, штотуку излупена вошка' [СК,335]; 2. fig. 'слабо, неразвиено дете: ~ *адно свéнче-j, áма já-инáт пăлăн* [ПК,2(Гъ́р),100].

све́сто n (и: **свјаст** f) 1. 'способност за осознавање и восприемање на реалноста, на она што не́ окружува и што се случува'; ~ *Ас о-глéдум Кýкуш дéка-j, áма пá пúтум, ýш не́ знáм, де. "А, тóă грáтче-j Кýкуш. Изгóрăно, сáмо пипилúште-j, нéма грáт, нéма нúшто". Ас, си-вéл'ум нă-акăло: "Кóлко пăти сум-бил уф н'о", áма свéсто не́ ми дáве дă-кáжум* [ПД,172]; ~ *ác трăгнáх. Ут Пăтăрóс ду Гóлăк óдум, и тúă, ká ки му-зăслăбé: нă-чувéк свéсто, тúă гăрчките уфицéре, шо мă-кáраа нăýчăне сè сă прăд-мéне* [ПД,173]; 2. изр.: **свјаста му са зе** (= стана неспособен да мисли) ~ *"али сега как да ти куртулисам од мајка ми? Ади за ти метна у морету, ти ки си чиниш патка. Мајка ми ки дојди, ки ти тера"... патката са обвăрна да ја види, и л'у са обвăрна и свјаста му са зе* [V,PM,279]; со исто значење: **свéсто ми сă зăвăрте** ~ *свéсто ќи-ми-сă-зăвăрте нă-тóо слăнце jáко* [ПК,2(100)].

свети* impf 1.'испушта, излачува светлина' ~ *тојнака, кату излезе уданăд, најде чешма, на чешмата беши Маркова керка: кату слăнце светиши, кату месичина греиши* [V,PM,77]; ~ *кога влезоха аф нетри, гледа човекот, некој* (никој) *човек талу нема, само една трапеза пăлна сос секакви слатки манци и три кандила на врăх трапезата беха запалени, што свитјаха*

[V,PM,84]; ~ *как беши трапезата пăлна и неговата кăшта така ке да е пăлна дури до век, и кату как трите кандила свитјаха на трапезата, така и твојут брат ки свети на светут дур до век* [V,PM,85]; и: **сф'ăти** ~ *гл'éда на главáта-ји идúн ш'андáн' сф'ăти; и на нуs'ăт'ạ друк ш'андáн' сф'ăти* [MS,t,21]; ~ *прастá и сф'ăт'ала в'éч'ер* (= земјата светкаше навечер) [MS,s,101] – во контекстот е зарегистриран архаич-ниот назив **прс** 'ситна земја', сп. рус. *персть*, пол. *pierść*, чеш. *prst'*, ст.сл. **пръсть**; 2. 'осветлува, прави да се гледа' ~ *тиникúјно-ј, уф нăтре úма гáс, уснéго си-свéтме кá óдме уф-штáлто, прă-дубúцте* (станува збор за направата **гăсенúк**) [ПК,2(Драг),37]; ~ *шо и вúдело истúнцко, шо му сфéти сéкој чóвек шо и уф инсáнот, бéши на инсáнот, и инсáнот зарди нéго сạ чинú, да нé гу пузнајáле* [MV,K,251]; ~ *звездата Кирванка* (сп. 'керван') *испаѓе сабајле рано, нă-кирџијте д-им свете дудек сăпрăвиде* [ПК,2(АЌ),58]; ~ *биз нéго нúш'то не сạ стóри, шо си чинúле. На нéго му бéши жúвот, и жúвот му бéши вúдело на л'ýдите; и вúделот сфéти на темнúца, и темнúцата нé гу пузнајáле* [MV,K,251] – во текстот имаме беспредлошки додаток за место: **и темницата не гу пузнајале** (м. 'во темницата'); 3. 'пропушта светлина надвор (пр. низ прозорец)' ~ *кóга нăпрăвúла жéнта тăкá, бáбта Срéда избăгáла и жéнта шо-рăбутúла спрути срéда си-легнáла лиѓу дéцата. Арно-ама бáбта Срéда пăк дујдéла и видéла оти кýкăта нé свéте* [ВГ(Бог),276]; ~ *сиромахот казал: "Ее! Ако не ли даваш, ќе си отдел'а", и си отделил. И зенгинот си врнал, а сиромахот врвел и стигнал до една гора. Видел на гората сфетела една колиба* [ШС,5(415)] – во текстот срекаваме проширена употреба на предлогот 'на': **видел на гората** (место 'во гората'); 4. 'блеска' ~ *уф-прăсна мúса* (бокал од глина) *сă-клáве вúно. Глигóсна-ј и уд-вóнка и фнăтре, пóвичко úма кафéни буú. Свéте, гạ-нóсаа за-суúш адно врéме нă-свáдби* [ПК,2(АЌ),90].

свети (се) impf – религиозен ритуал: на празникот *Вудици*, в црква, откако ќе се испее тропарот *"Во Јордан'е..."*, штом ќе заврши литургијата, *свети се водица*. Водата *се свети*, или *крсти* пред црквата во еден поголем котел. Откако водата ќе *се крсти*, свештеникот со китка босилек ќе ги попрска верниците по челото, а тие го бакнуваат крстот.

свети adj 1. 'тој што е "божествен", кон кого се има религиозна почит' (во состав со имиња на светци) – : колкава важност кај народот имале светците, односно празниците на нив посветени се гледа и од тоа што постарите луѓе годишните времиња ги одредуваат според празниците, а не според званичниот календар, така во Гевгелиско: пролетта трае од *Свети Чтирасат* па до *Питров-пос* [ТГ,7]; – времето на 2 недели пред Св. Илија се вика: *Свити Илијув огин, или Св. Илијув пек* [ТГ,15]; ~ *кул Свúт-Илúа, тугáј ќи-фáтат тúạ крéчуфто дă-прáват, дă-крéчат* [ПК2(Гăр),174]; – празникот *Свити Јован* се слави неколку пати во годината и во врска со тоа во Гевгелиско има изрека: *"Кога не ли са рабутило, сè пу един Св. Јован кладеле"* [ТГ,26]; ~ *сфитú Ифтúмус* [MS,t,43]; ~ *ја вúд'аха мулáта, такфáс хýвава и ... сăс тóлкус*

хýвава рýба и си р'éкуха: étác-и сфитá Бугурдúцай [MS,t,23]; ~ *де един ден беши заминал от дома му, друг един просик та му вели: "ади Петку, стани да појми на сфети Илиа, динеска панаир станува, тамо да просими!"* [V,PM,196]; ~ *ричé на нéа: Сфéти Дýх ки флéзи на тéб и тó шо ки си рóди ут тéб, Сфетéнио, ки си кáжи Господúново Сúн. И éто и Елисáвет, тфóа рудни́на, и óна устанá тéшка за дéти сéа на стáрос* [MV,K,316]; 2. изр.: **свéти вáзăл** (= парите се издигнати до пиедестал на светост – сп. **вáзăл** 'свиткано крпче во кое се чуваат пари') [ПК,2(Гăр),192].

Свети Добăрчина top. 'карпест гребен', над Клепушна, Зилјаховско. Во врска со потеклото Ј. Иванов упатува на 2 можности, прво на синтагмата од предлогот *до+бăрчина* (= до ридот) и втората од лич. име *Доброчин* [ЈИ,Ми...,189]. Нам ни е по уверлива првата претпоставка бидејќи во југоисточните говори многу често се среќава апелативот *барчина* со значење 'рид'; доволно е да се погледне во "Зборникот" на Верковúќ кадешто на многу места е фиксирана односната лексема.

Свети Ґóрги top. 'могила и параклис со истото име во близина на Горно Броди, Серско'; има голем метален крст, којшто над 250 год. му се одупира на времето и не 'рѓосува, така што натписот се чита: "**ИС ХР НИ КЛ**" [ЈИ,Ми...,189].

Свети Ено top. – во односниов назив е засведочена една фонетска појава карактеристична за југоисточните говори, особено за кукушкиот: прегласот ***а*** > ***е*** ; според тоа во прашање е името *Јано*, односно *Јо-ан;* споменатава појава во кукушкиот говор е регистрирана во мно-гу случаи зад мека согласка, или што некогаш била мека: *éјце* < јајце, *еска* (< лич. зам. 'јаска') и др. [ЈИ,Ми...,190].

свéтилно adj 'кога нешто е светло, осветлено' ~ *как беши трапезата пăлна и неговата кăшта така ке да е пăлна дури до век... Но тинака, напротиво, аф светилни вечир ке да умриш, штоту тешку казуваши стариот за онаа што умрјаха* [V,PM,85].

свéткă impf 'испушта светлина на моменти' ~ *óде тáмо, глéде уф-пóл'-то нéгде свéткă óјгин. И уддéл тáмă нă-тó: óјгин. Кóга уддéл, глéде тáмă éдин гулéм кăзáн вáре и-укул-кăзáно читирúјсе дýши спúит* [ПД,168]; ~ *уддéх, мáјка нéмум, вýјку úмум. Одум, глéдум свéтке пумáлко, вúкум: "Дă-чýкнум, дéцăта ки-стáнат". Сáкум дă-нé мă-вúдăт дрýгите* [ПД,173].

Свéтла – ж. лич. име запишано во Кукушко ~ *дóд Свéтла* (*дод* < 'дода' – постара сестра, односно братучеда) [ПК,2(Грам),244].

свéтне pf – в. **свети** ~ *удиле да му речат: "Воа конак–арин конак, ама, ако да земите безценни камајне ут тоа место да да кладите уф конакут, уште толко ки светне. (На тоа место најстина имало безценни камајне, ама кој удил тамо, не са варијнал жив)* [V,PM,268].

свéтло n 'виделина' ~ *и кóга а вúде óн, прáво ус-тúй нóжувуто, двáта, уф-глáвите, двéте, ú ги-зăбóде. Пучнáла тá: дă-рúке и сус пáшкăта гу-мáне кăндúлто, гу-изгăсе и нéма свéтло. Гă-утипáл лáмјăта, áли нă-мóже сéга дă избрúше крăфта* [ПД,167] – уште еден пример за присуството на адверсативниот сврник **али**: **-утипáл лáмјăта, áли нă-мóже**...

свéтăл* adj 'рус' ~ *дaскáлкá ми бéше Кaтúнa. Т'áa б'áше от-Дмúр-Хисáр. Б'áше свéтла, сас бóено плáво кóсме, висóкa и с'ákуjпaт дýтрaнa пу-грáтцки* [ДС(Ч),160].

свешник m 'црковен реквизит, обично од бакар, на кој се ставаат и се палат свеќи' ~ *там наградила едни сарајă, на котри доварето били от голо злато, потонето от сăрче, и на сjакă камаркă светил златен свешник* [V,PM,285] – во текстот се забележува архаичната зам. форма **котри** 'кој'; сп. стсл. *къторыи*, рус. *который, пол. który.*

свштéнaк m 'звање на духовникот во православната црква' ~ *вúка: "Дрáги сл'áни, ќи-си-помóлими нa Гóспо, нóгу сýшa-и, вúка, áс кáо свштéнaк, áс ќи-си-мóл'aм, áмa сéлотo дa бúди слóжно* [ЛС(К),-119] – во контекстот именката *село* е употребена со значење: 'селани'.

свешта* (и: **свеќа**) f 1. – в. **сф'áш** ~ *от сиромáх, што бéши, заеднóч биде́ од брáта му побогáт. Вечерта са применúха, облечúха, и децáта му земáха свештúте му и си отúдоха нá дéн велúкден на цéрквата* [V,PM,148]; ~ *ут-свéштте нaпрáва, ќóa мăртóвец, дă-рéчăт óти чýпата умúра и дă-зăкóпăт. И му-пýшта нă-цáрут ăбéр óти чýпата ýмра. – "Е, áко ýмре, нéка ýмре", вéле* [ДК(Дур),144]; ~ *пăнгáро-j мáса, стóо уф-цăрквăта ду-врáтта, нă-нéго стóот свéќте* [ПК,2(Ал)94]; ~ *што си веле ем гуворе Попово Јуванче: ["Дали сакиш, Ванѓелино, свеќа да ми светиш? [Или сакиш, Ванѓелино, сабја да целиваш? [Или џанум чаша рујно вино да ма служиш?"* [ТГ,41]; ~ *хај си стана, хај си зима једна ругузина; [си ја зави, си ја врза куту права свеќа, [јуд уд згоре ја пулија сус смола и катран, [како, џанум, ја запали уд пладнин сабајлин, [она му свитила, џанум, дур ду црна мрака* [ТГ,42]; 2. изр. клетва: **зă-тимéн и свéшти дă-j-дáде** (се упатува кон некого што присвоил нешто туѓо – *тименот* и *свештите* асоцираат на смрт, на погреб) [ПК,2(Гăр),165].

свешчичка* f, dem. – в. **сф'áш** ~ *бúло дóцкăна и тó: тăргóвăцо видéл дéка свăтé: уф-нéко: кăшча свитúло – тугáj нăмáло лáмби, сăдéле нăкăндúла, нă-свéшчички* [ПД,151].

Свидово top. 'ниви на стрмно место'; според J. Иванов: од името на растението **свид** *Cornus sanguinea*, запазено во други словенски јазици [ЈИ,Ми...,191].

свии* pf 1.'направи нешто да не биде право, т.е. свитка' ~ *от јунаците сос авџиолиа стана букосвиец, ги фати падарите, сакаши да ги свие кату вăжета* [V,PM,45]; ~ *как отиде две дена пăт, и на пăтју најде еден јунак, на гората буките га свиши га чиниши вăжета. И л'у гу виде му рече: "поможи Бог јунак!"* [V,PM,43] – во текстот има 2 посебности, едната е лексичка: растојанието се мери со потребното време за да се помине тоа растојание: **как отиде две дена пăт**, втората посебност е морфолошка: изразување на вокатив со формата за номинатив: **му рече: "поможи Бог јунак!"** (место: "јуначе"); 2. – **(са)** 'се замота' ~ *и на чесá пудý тúхан вјáтар, јýди* (ветар што се врти во круг и крева предмети, виор) *са свúха сас вјáтар. И са евú едúн ч'ул'ак сас сúф кóн, дојде фаф хóрото на срéде сас кóне и си завăртја главáта* [V,PM,259]; ~ *и вó шó прáве? А пýшта гáгăта, шу-фăштáше*

о́фци га́гăта, ă-пу́шта у-кăпи́нта д-ă-изва́е зми́јта. И зми́јта сă-зăфа́ти пу-га́гăта, пу-га́гăта, му-сă-сфи́ нă-ти́лут [ДК(Бош),137]; 3. изр.: **му-гу-сфи́ ти́лут** (го уби) ~ *"Аман, ве́ле, шо́ са́кăш зе́вăј, устáј-мă жи́ва!" Му-гу-зе́ флóринут и сă-то́кле д-ă-зăко́ле и ва́ мисичи́нта удри́ла. Мисичи́нта удри́ла, не́ма ни́куј у-о́рмăнут дă-сă-пужа́ле. –"Мисичи́но, ве́ле, би́ди сфе́дук ти́!" То́ му-гу-сви́ ти́лут, ă–зăкла́ же́нта* [ДК(Бош)139].

свијна* f, zool. Suc scrafa 'животно од кое се добива месо и мас' – во случајот дива ~ *на пчиничките ут "Спарто блато", шо не и садат сеа уд вода, тогај љујто одиа да тражăт диви свијни, шо ногу и расипувиа пчиничките* [МЕ(Р)77]; ~ *иднăш сăл утипаа идно, и на то сăл кожта маа издраа, а место му гу фăрлија, оти сироти шо вируват силјајнту, дивите свијни сă ут Турци чинети* [МЕ(Р)77].

свијýве impf – в. **свии** ~ *сă-нăве́дуве ус-гла́фта ду-зе́мта, а́ма не си-ј-свијýве куле́нта (шо сă-нăпучи́л-си?)* [ПК,2(Шек)80].

сви́кне* pf 'кога нешто се прави по навика' ~ *ја́с, ка сум сă свикна́ла са́ма, нă мо́жум ус чуве́к. Да и́ме ни́куј зо́р вике́, да тăка́. Јас сă на учи́х – тук си спи́ам* [ИГ,120].

сви́ла f 'тенки нишки што се добиваат од свилена буба; материја од такви нишки' ~ *калу́ѓр о́н бил, от Гăрција. Калу́ѓро о́тишал сас ба сту́н, пробу́шал го бастýно, и го напăлнал ја́јца от-сви́ла и така́ го прнéсува пре́ку гра́ница уф Евро́па* [ЛС(К),137].

сви́ли́н adj 'нешто направено од свила' ~ *бирињу́к (ej) сви́лин ко́ниц, шо гу-ва́дат до́ма ут-кужу́рците* [ПК,-2(Крец),23]; ~ *жăлта, жăлта та копри́на, ле́ли! И б'ала и́ма. Си пра́ја хми дивојки сви́лини фуста́ни, па ве́зани ту́ка, еее, мно́го би́ло у́бавo! Цвăрста е копри́ната ка́к те́л' е, не́ се ки́ни* [ЛС(К), 137]; ~ *шке́по-ј сви́лин, гу-но́сат по́мла́јте же́ни нагу́шта, ил' па сă-зăбра́ждат* [ПК,2-(Грам),140]; ~ *но́гу ја-са́ках ма́јка. Б'а́ш до́бра же́на, и ма́јка, та́тко ви́каш на́јдо́бра стопа́нка. Кóсме́то и б'а́ше ка́ко сфиле́но* (пишува: 'фи́лено'), *сплите́но уф-пли́тки* [ДС(Ч),162].

свинге́р m, zool. Spongia officinale, сп: **сунгар** [СК,335]

свира́ч* m 'тој што свири на некој народен инструмент (гајда, тапан, зурла)' ~ *на́јно́го ма́-арися́ уф-Лагади́на, не́ уф-Мура́рци. Уф-Су́хо и уф-Бараклѝ Цумáа свира́что це́л-де́н ми-свира́а. Та́м купи́х две́ зу́рли, му-ј-да́де́х на-Сте́фчо. Ут-Су́хо на-ва́ки чи́сто макидо́нцко гувóрат, ду́р по́а́рно и уд-на́с. Уф-Лагади́на над две́ста и усу́мсе ка́шти и́ма на́аши* [ПК,2(Крец),308]; ~ *До́лна Цумаја́, на́шта, на се́дам киломе́тра о́т-на што се́ло. Сè свира́чи-са. По́лови́нта гра́т и по́вќ са масарма́ни, с-ви́кат, ка́у́ри, Ци́гани. Ка́у́ри, Ци́гани, ти́а са на́ша в'а́ра* [ЛС(К),121]; ~ *и чи́сти, на́ли, ти́а са домаќи́ни. И сè макдо́нцки п'а́сни сви́ра и она́ вр'а́м. И се́а спре́ма нд'а́ла, ка ќе-насе́дат, ц'а́ла ве́чар и свира́чити: ба́м, ба́м* [ЛС(К),121].

сви́рени n 'звуците што ги емитира музичкиот инструмент кога некој свири' ~ *грăнчја́рино му ве́лиши да па́псa* (прекине), *о́н по́вике сви́реши. И от мло́гу саа́т се́тника и па́псал то́јнака от сви́рени, и доби́ците и грăнча́ринот и си́чко не́што па́псa, не игра́јаха* [V,PM,126]; ~ *тој зема*

лирата му, отиде на змиината дупка, свириши три дена и три ноќа, змиата не излези вäнка. Тогас остави свиринету и фатил со сѐ глас да плачи [V,PM,198]; ~ *свирка за ти дам, алма ако можиш да ја чуваш, ча тиа свирки кога ки фати да свириш, што нешто има по земјата сичка ке да играт и, дур не папсаш свиринето, неште си запрат* [V,PM,230]; ~ *тогас змиата и зела неговата торба (таистру), та алтäни му гу напäлни и му порäнче пак: "утрината да дојдиш да сфириш, да играја хоро, ча млого биендисах тојто сфирини"* [V,PM,197]; ~ *зело лудото да сфире и на часо сички фного силно са разиграли; рäшницето на попо, копано на пападиката фанали силно да пл'ускат. Зафашчат да викат: "Бре стој лудо", до кату најпосле престанал сфиренето* [ШК,5(421)].

свúри impf 1. 'исполнува мелодија со некој инструмент, односно издава некаков звук со уста' ~ *с-крушуво лишче Јанка свираше, [сус гора Јанка збор си чинише; ["Еј, горо, горо, горо, зилена [јас ки те питам, горо, распитам: [дали ти виде, горо, који мина, [пу твоји страшни горо, дирвенти?"* [ТГ,93]; ~ *грäнчјáрино му вéлиши да пáпса* (прекине), *óн пóвике свúреши. И от млóгу саáт сéтника и пáпсал тóјнака* [V,PM,126]; ~ *от тáмо киníса да úди на пäтју. Нај-напрет дострјáти едúн грäнчáрин сóс две-трú добúци, нóсиши гäрнита, стóмни, чанáци: отúваши да продáва по пазáрите. И тóјнака, л'у го вúде, фати да свúри* [V,PM,126]; ~ *и чúсти, нáли, тúа са домакúни. И сѐ макдóнцки п'áсни свúра и онá вр'áм. И сéа спрéла нд'áла, ká кенасéдат, ц'áла вéчар и свирáчити: бáм, бáм* [ЛС(К),121]; 2. 'кога дува силен ветар, односно кога некој предмет се движи брзо и се слуша шум' ~ *човекот отишел на зимни Атанас на планината. Като чул тија дрва как свират от ветрот, си рекäл оти сфире офчарот сос сфирол и утишел на кулибата и видел – никој нема* [ШД,5(437)]; ~ *бäлгарските вујнúци флизéä уф-Мóкрäне с-нóжуфто нä-пýшките, тéрät пу-кäштте дä-нéма Гäрци устáнни уф-сéлто. Пá прäпукáа и цéл дéн куршýмто свúреä нäднáс, áјде низ-нáшо двóр: пá-у, пá-у* [ПК,2(Мор),222]; ~ *тéнко кáминче, ká к-о-мáниш лéте, чáк и свúре* [ПК,2(Грам),31]; 3. 'бучи во увото, шумот е внатрешен, не од надвор'; сп. : – кога на некого во увото му брмчи ќе праша: *"Које уво ли свире?"* и ако прашаниот одговори точно тогаш значи дека и двајцата некој ги "оговара" [ТГ,313].

свúрка f 1. 'музички инструмент' ~ *и тој седнá на едúн крај, ча мóмите при едúн хавýз едни пéсни пéиха, други свúрка свúрјаха, еднá мýзика и сéкакви оргáни* [V,PM,9]; ~ *Госпот рече на ангел да гу шета на прикрасни сараја, кату гу шеташи барлив најде една свирка тамо, га зема и отиде на Господа, му вели: "ти са мол'а Господи, да ми га дадиш на меника таја свирка"* [V,PM,126]; ~ *царјут, кату чини кал'ата, зема и секакви свирки да свират и тäпани да тäпат, свадба курдиса* [V,PM,61]; 2. 'музика' ~ *един човек, гу викаха името му Константин. Тој на свирката и бил млого ќамил и така без него не трäгноваха јунациту: дегоде да подат, на што сахат да го викновали, он хатäр не расипуваши* [V,PM,227]; 3. 'долгата коска од

коленото до стапалото' [ДК,103]; ~ *плтéн чурáп от-стáпка до-кулéно е сфи́рка, прáвио дéл* [ДС(Ч),142]; 4. 'чорап без стапало' [ЛС(К),94].

свѝрки pl.tt. (fig.) 'тесни, модерни панталони' [ПД,118].

свирне pf – в. **свѝри** ~ *му вели: "ефендим, јазе имам една свирка. От што му са виде на них и на добиците харна, фатиха сички да играт. Сетни јазе што кабаат имам?" Тогас кадиата му најде на него правината и му вели: "свирни малко, и јазе да поиграм"* [V,PM-126]; ~ *и ја донела малкото дете отпрет карпачин, диван престој и мо вели: "мојут брат го сакам, крал да ми го донесе, до три дана (?) мјухлет му давам"* [V,PM,244].

свирóл (или: **дудук**) m 1. 'направа за свирење што ја изработуваат самите овчари од сува трска'. За свирол се бираат *женски трски*, со тенка кора врз која ќе извртат (избушат) внимателно 7 дупчиња [ТГ,323]; ~ *гу-пуштúл уф-рýбите, уф-мăгăзúнто, дă-сă-ублéче уф-кăквá рýба сáке. Нé зúме, нéјке. О-пуштúл уф-сфирóлто, си-зел еднóчко* [ПД,162]; ~ *"Твá-ли тă-арăсá?" – гóспо му кăжáл. "Твá мă-арăсá, ричéл, нé сáкум ни рýби ни пáри". "Ус-тó свирóл, кá ки-зă-свúриш, дудéка му сă-слýше глáсо, сúчко дă-игрá óро. И дрáмка, и стóка, шо дé-ј"* [ПД,162]; ~ *човекот отишел на зимни Атанас на планината. Като чул тија дрва как свират от ветрот, си рекăл оти сфире офчарот сос сфирол и утишел на кулибата и видел – никој нема* [ШД,5(437)]; 2. fig. 'слабо, високо момче' ~ *кá сé-ј чинúло тóо нáшто нýче алúс свирóл* [ПК-2(Грам),100].

свити-јуванство n 'кумство' – овој назив (за *кумството*) е запишан во Гевгелиско, на др. место го немаме сретнато. Сп. обичај: – *свити-јуванството* (или *кумството*) се третира како најсилно роднинство што се наследува од колено на колено и тоа не може да се менува. Ова роднинство се датира од старо време, често и не се знае од кога имаат *свити-јуванство*. Крштеникот го почитува кумот повеќе отколу роденият татко, бидејќи клетвата на кумот е многу тешка и *на аминут се пугодуве*, т.е. веднаш се извршува [ТГ,275].

свитѝлу n 1.'нешто што осветлува, што овозможува да се гледа' ~ *стáна прис вич'ăрóт и вид'а иднó свитúлу* [MS,t,74]; ~ *и Кулуф стрéкса, и чинúха пазарлăк; и такá гу земá, гу закарá* (одведе) *аф бáн'ата, от тáмо го закарá аф кăштата, му дадóха харни дрехи, са и применил. Вечерóт туриха женáта аф еднá одајá без светúло* [V,PM,11]; ~ *как беши трапезата пăлна и неговата кăшта така ке да е пăлна дури до век... А пак тинака си роден аф такоф един вечир, кату четвертиј вечир, штоту немахни ниту трапеза, ниту светилу* [V,PM,85]; ~ *тогас отиде да ја чува; зема и две шандани, запали светило прет него, за да не заспие* [V,PM,219]; ~ *царјувут син, как ја виде, млого си оплаши та изгасна светилуту и са скри осат корен'ут* [V,PM,219]; и: **свјатило** ~ *тогај излева зентјув татко, ја изважда* (симнува) *от кон'а сос две ламбади запалени, ја дава ламбадите на нивјастата, сос свјатило да влези на удајата* [V,PM,250]; ~ *вúди инó сф'атúлу на крајó с'ёлуту, утúди на пóртата* [MS,t,15]; 2. 'црковна направа на која се стават запалени свеќи' ~

ричé Гóспот на нéговите Ученúци: Вúи сте вúдело уф л'ýдити. Нé мóжи да си скрúи грáд шо и узгóри уф планúната; нúту кандúл'ут, кá ки гу запáл'ат, нé гу клáват пут свитúлуту, тукý гу закачýат наврăс свитúлуту [MV,K,299]; 3. 'осветлен простор, виделина' ~ *прумúнаха ут мрăч'увáта, исл'áха пák на сф'ạтúлу* [MS,t,59].

свитино adj 'нешто направено од чоја' (пр. елек) ~ *јубујаја ти, моме, кундуре, папуци, [јуд јунак купени, јуд девер дунсеи! [јубличеја ти, моме, свитино џубенце, [јуд јунак купено, јуд девир дунсено* [ТГ,179]; – придавката **свитин** ја среќаваме во описот на облеката што во минатото (во Гевгелиско) ја носеле момците (ергените): *свитин илек, мор дулама* (кошула, со светло сина боја) *сус сидифлиј купчијна, џамадан* (горна облека со расечени ракави), *појăс, бели барнавези* (вид панталони), *бели чурапе и папуци* (кондури) [ТГ,134].

свитлее impf – в. **свети** ~ *имало еден цар, пувил'ал уф градут мо л'ујто да не седат ного доцкана на вечара; пу вичери напкум да не свитлее никуа куќа!... Една ут момите рекла: "Мале, царут пувил'ал, да не седе никуј доцкана на вечера"* [V,PM,267];

свјасти (са) pf 'стане свесен за тоа што се случува' ~ *така и на Црнодреха чини и га откраде от таму, га закара и, л'у га извади на суха зелја, Цăрнодреха са свјасти и, л'у отидоха при царските конаки* [V,PM,53].

свјатски adj 'кој се носи, т.е. кој ги има светските вредносни мерила' ~ *момта му беши нај-харна и нај-прокопсана от сичките свјатски моли; саде еден кусур имаши момата му: носо и беши малку крив* [V,PM,53].

свој* pron 1.'кога нешто му припаѓа на некого, сопствен' ~ *адна măште-ха имала сфоја љома донесеница и нашла и адна завареница у măжут си; аднош măштехата направила адна пугача от пипел* [ШК-,5(427)]; 2. 'член на семејството во поширока смисла, близок' ~ *свóј сме ѓóо* (божем), *áма нéјќе да-мипумóгне* [ПК,2(Гăр),43].

сворче n 'дувачки инструмент од дрво'. *Сворчето* се купува на пазар, со него свират овчарнте и чобаните, но обично в поле [ТГ,323].

сврдле n 'алатка за отворање дупки на дрво (со вртење)' [ТГ,304].

сврекнуве impf 'свикува, се лути' – сп.: на домашното воспитување на децата особено внимава домаќинот. Тој ги подучува, советува, кога треба им *сврекнуве*, понекогаш и ги удира, бидејќи децата *уд кýтек растат* [ТГ,272].

Свречек top. 'ниви и ливади во близина на с. Карли–Ќој, Серско'. Ј. Иванов упатува на стсл. име **сврьчь** къ 'штурец', запазено во микротопонимијата, но исчезнато од апелативната лексика [ЈИ,Ми... 191].

свăкăрва* f 'мајката на сопругот во однос на жената' ~ *мă зăстăнáа на врáтта уф мóлчто, испăднá свéкурут и свăкăрвăта, ми дăдéа едúн лéп прăд мéне, мă прăчикáа сус лéп, му сă зăклăјнáх трú пăта, им бăкнáх пишúн на нúх рăка, гу бăкнáх лéбут, кạ ли гу дạдéа, гу фăрлúх врăз кýкта* [ИГ,118]; ~ *уф пунидéлникут пусéстримте ц-сă ублéчăт уф нивéстини фустáјне, пубрáтимте ус шăмúјки (тул'бéјне) нạ глáвта – игрáат óро, сă цăрнạт, мéчки сă прáвăт, нивéстта пулúăве*

на свéкурут и свăкăрвăта – ритуал поврзан со свадбените обичаи [ИГ,118].

свăртýва impf 'заобиколýва' ~ *тăргнáле да-и-гóнат мăските тăкăнáка. Вó убисéн кă-бúл, сă-свл'ýва ут-бýкта и свăртýва óкулу аден-рúт, минýва пред нú и-сă-убисýва на-аднадрýга бýка. Ко-гу-вúшле аскéрте, сă-субрáле сăта* [ВК(Ран)323].

свăрши pf 1. 'стори нешто, некоја активност ја приведе до крај' ~ *јазе имам адет... : аку можите марифетите да ги и свăршите виа, да ви га дам момата* [V,PM-45]; ~ *тогас каза на вујко му, што е теглил сос диавола, и га зема нивјаста. Тој пак дјаволо пукнал, што не можја да и свăрши ништо* [V,PM,98]; ~ *тогáс тój му рече за парúте, и óни извадúха, му дáдоха, кóлку штó му длагóваха. И кату си свăрши тój рáботата му от онáја адá, стана та отиде на дрýго мéсто* [V,PM,23]; ~ *кату си научиха сел'аните и околиата, гу чуваха оној сиромах да не си чини нешту. И сетни отидоха царските л'уди пак на царјут, му казаха, ча сфăршиха поранката му* [V,PM,33] – во текстот имаме уште еден пример за нерегуларна употреба на предлогот **на** наместо 'кај', односно 'при': **отидоха пак на царјут;** 2. 'исполни нешто што е договорено, што е обврска' ~ *пак óн рéкăл на нúх: Јáс úмам јадéни, шо вúи нé гу знáити. Вéлеа Учнúците миґу них: Дáли му нусúл нéкој рочóк на нéго. Вéли на нúх Исус: Мójо јадéнито, да чúнам пувéл'ата на тó шо ми пушти́, и да сфăршам нéговóто лáф* [MV,K,158]; ~ *јáс ти прислáвúх уф зéмн'ата, пувéлата а сфăршúх, то шо ми си дáл на мéн да чúнам* [MV,K,261]; 3. – **(се)** – в. **свăрши** 1. ~ *éту ка ми дујдé глáсот у-тфój рáдус на ýшити ми, си-грајáло дéтито су рáдус уф сăрцито ми. И блажéна шо верувáла, оти сéга вики ки си сфăршат тúи шо са кажáни* [MV,K,301]; ~ *нóсăт-гу* (погрешно пишува: 'носут') *при-чорбаџúјата. Штóм гу-видé, тáа услубóжда-ги нă-стражáрто, им кăжýве: "Нéма дă-чýвите нă-чéшмата, свăрши́-се". И тóзи стрáх-му-е дă-сéдне, себóе, вúке тáа: "Не-бój-се, не-бój-се – мáа-му су-рăкăта – услубóди-се"* [ВК,284] – во заменскиот систем на долновардарските говори често среќаваме нерегуларности, пример мешање на формите за прав и неправ предмет; во конкретниот случај во нерегуларностите е отидено понатаму: формата за номинатив се јавува во функција на датив: **и тóзи стрáх-му-е дă-сéдне** (место: 'и нему страх му е ...'), за ова в. во граматичкиот дел; 4. – **(са)** 'се потроши нешто, го снема' ~ *истум наближиле да испаднат, са свăршило месото, оралут викнал "Га". Немало месо. Други пăт викнал, па ништо не му дал детто. На трите пăта ка викнал, си сичел детто от икрата* [V,PM,271]; ~ *му-рéкăл: "Шó збурвáте вúа?" – "Е, шó збурвáме!? Јáс тáка рéку: Мéне дă-мă-зéвăш ќи-ти-ткáм инучăдăр сăто áскер дă-гу-пукрúш". Јáс рéку: Инă-пугáча ќи-ти-прáм сăто áскер дă-јáт дă-нă-мóже д-а-сфăрше* [ДК(Лип),113]; 5. – **(сă)** 'умре' ~ *и на тóа чáс а зéл на нéа Ученúќут су нéгу. Пу сăти вúи си пикасáл Исус шо сă сфăршúле сăти вúки, му си навидé глáвата му, си а дáл дýшата му* [MV,K,-293]; 6. поговорка: "**Он** (т.е. мажот) **нека носе сус кола, ако она**

(жената) **ваѓе низ иглини уши, па ки са свршe"** [ТГ,269].

свăршин* adj 1.'нешто завршено, приведено до крај' ~ *ýтрата ден тр̣гнáле да-а-бркат мéчката. И ствáрно а-нај̣дéле дéка лéже удáвăна, а кýчто жúво си-сéде до-нéа. Уфчáро з̣адувóлан от-тóа шо гу-видéл, му дадéл на чувéко пáри, вăлна. И такá и двýјц̣ата бúле з̣а довóлни от сфршента рабóта* [ВГ-(Мир),273]; 2. изр.: **му са свршени дните** (= крај на животот) – народот верува во "судбина": *"Ако е уд Бога ричено да биде – ки биде"*. И кога ќе умре човек, пак веруваат дека е *"уд Госпут"* и дека *"му са свршени дните"* [ТГ,312].

свăтéе impf 'болска' – в. **свитлее** ~ *бúло дóцкăна и тó: тăргóвăцо видéл дéка свăтé: уф-нéко: кăшча свитúло – тугáј нăмáло лáмби, сăдéле нăкăндúла, нă-свéшчички* [ПД,151].

свăтúна m 'однос, врска меѓу родителите на децата што се во брак' [ПД,130] - в. **сфат**.

сготвиш f 'јадење' ~ *тогај дјатенто тури на вогин от карталите мишјано, и дојде илчиа от них и му вели: "да му кажиш на карталките тас сготвиш тос вечјар да си махни оттука!"* [V,PM,258].

сгради* pf 'направи куќа' ~ *котри ошта от малички сă крили там, зашто имали братјă дур осăм змăјувă, и ги тăрали да ги утрăпат, и, ч'унки мајка хми ни могла да ги скрија, сградила хми златни сарајă* [V,PM,290].

Сгура top. 'купишта згура од некогашната обработка на железна руда' [ЛИ,Ми...,191].

с'ѐ adv 1. 'секогаш' ~ *и пулéк, пулéк си нарáстуха; д'ăт'ąту ... с'ѐ на ж'др'ăпч'ăту, утúва, гу хрáни* [MS t,31]; ~ *на дрýгију в'éч'ер д'ăт'ą ту пáк утúва, кутукáк си утúваш'и с'ѐ* [MS,t,22]; ~ *ги рáбут'áш'и ... дв'ă гудúни, дур на трúт'ą гудúни кутрú прумúнаш'и, му дáваш'и с'ѐ либăнúци ...* ~ *дрýгит'ą пăнтиш'та с'ѐ му ја спúваш'и дјáвулу вудáта* [MS,t,44]; ~ *гу вúжда инá бáба и гу пúта: éд'é такá ти, трú дни т'ą гл'édам, с'ѐ тук úдиш'!ú* [MS,t,9]; ~ *д'ăт'ąту пак стáнува нóс в'éч'ер ... са пукáш'та пу скáлата на гóр'ą, как си утúваш'и с'ѐ* [MS,t,22]; 2. 'постојано' ~ *три в'éч'ерóви с'é п'ăјаш'и иґýпката* [MS,t,53]; ~ *ка утишăл на планинта, тамо го нашăл Дедо-Госпуд. Работил су него три дни и не му збрувал, и сѐ гу пулил, што чинувал* [V,PM,266]; ~ *амá ж'инá-та му ни мóж'и да трăпú с'é у кукуш'кáрицику да с'ądú, за кáж'и в'éјки* [MS,t,37]; ~ *Ги над'ăнаха крилáта и му пурăнч'и на д'ăт'ąту "с'é напóсл'ąт м'éн'ą да úдиш' "* [MS,t,58]; 3. 'само' (исклучиво) ~ *му утúдуха на чурбаџ'ýјата трú кóни тувáр'ąна с'ѐ хрисó* [MS,t,81]; ~ *з'éвали лóзит'ą и т'é сă удбирáни пујнá, пујна, с'ѐ рáвни лóзи* (= исклучиво рамни лози) [MS,t,3]; [MS,s,101]; ~ *на тиа празници на млого кашти има от тези ипсоми, што прајат и кол'ат корбани, сѐ овни, не друг добитук. Перво за везмат овенот, или чарно или бело, динеска си коли, утре ки си јади* [V,PM,251].

с'ѐ pron 'сиот, сет' – в. **сăт** ~ *т'á му стóрила инá пúта, н'étр'ą с'ѐ лúри пýлна* [MS,t,34]; ~ *и хóжда с'ă сăс с'ѐ рáдус, да си вéзми лúрата* [MS,t,70]; ~ *тогáс вéки са чини товáрот: сиромáхот направú тáмо еднá гимúа сѐ од злáто,*

га напăлни алтăни [V,PM,14]; ~ *на змиината дупка, свириши три дена и три ноќа, змиата не излези вăнка. Тогас остави свиринету и фатил со сѐ глас да плачи* [V,PM-198]; истава форма (**с'ѐ**) освен со значење на 'сиот', се јавува и за множина, наместо 'сите' ~ *т'éс ифти́м'увит'ạ глáвн'ạ стáнаха мло́гу рáвни дрăвé, стáнаха диб'éли, с'é за гр'éнди* [MS,t,44]; ~ *јáдуха, пи́ха и дáди и бакш'и́ш' прăстин'ạ, цурájќạ, булч'у́ци, с'é маламо́сани* [MS,t,10]; ~ *вили́: ém'éс гáлица да стáнат с'ѐ о́фцă да дáм на ш'и́ч'кајут инсáн мл'ăку!и́* [MS,t,80].

Сéаво top. 'име на село во Гевгелиско, сега во Грција' ~ *жéнтă му би́ше ут Кăнту́рăвте ут Сéаво. Адна тăнчáрка би́ше* [ИГ,120].

себе (се) (си) 1. pron ~ *това са случи и на Кулу́фа. Кату ги затвориха аф тéмна удајá, вати жената да плáчи и да си нарéкува сáма сéбе си* [V,PM,11]; ~ *кату умре татку им, они двата братќа си гу делиха иманиту братски. И кати чини делен'ету меѓу них, сетника фати секој да си работи за себе си* [V,PM,82]; 2. изр.: **дóјди на сéбе си** (= се созеде, се смири) ~ *Кулу́ф áф морéту а ту́ка да си одáви, а тáмо, далгúте го извадúха пона-прет тáмо, дéка сáкаши да излéзи, гу фăрли морéту на су́хо, и дур да си дójди на сéбе си, промина́ха двé-три дéна* [V,PM,8]; **си гледе себито** – *широк чувек, не сă л'уте, не сă-каре, си-гледе себито* [ПК,2(Гăр)34].

себéп m 'причина, повод' ~ *тогáс тáтко му фати́ на мајкá му да вéли: "é жéну, глéдаш ли товá, нашио господáр што́ чини́ нá нáс? Дéтето, от нéгу себéп гу чинúхми хајдамáк ету сéга кату си нарáсти не кé да рабóти"* [V,PM,150]; ~ *т'а, като видела и сă уверила, чи шта јă убијă, побјагнала и сă скрила, без да знајă, за какав себеб искал да јă убијă мăжо хи. Вечарта, като сă вејке смрăчило убаво, влела дома си* [V,PM,281]; и: **сибéп** (со редукција на неакцентираното **е** > 'и') ~ *ту́ку нéјсине, адно дéте устăнá, óно удúгла* (инекција) *сибéп сăкáто устăнá, сјáа ус-пáтирици óде. Здráво бúше дéтто, инжéкција кá мо-удриа, устăнá сăкáто* [ПК,2(Иц),289]; ~ *Да кáк видé жéната шо нéма да си скрúи, дујдé путрисéна, и му кажá на нéгу за што сибéп гу фати́, му си кажá на нéгу áлут* [MV,K,276]; ~ *ти́ сă чини́ сибéп éс дă úмум кăшта* [СК,335] – прегласот **а** > **е** (зад мека согласка) е особеност на кукушкиот говор, оттаму **ес** < 'јас'; ~ *не трибувă дă сă зăбравă, оти уд негу сибеп сă турија* (се уништија) *и лозјăтă: ут прибруждејнă дур нă тригускăтă* (гроздобер), *састрă и катă вечăр пăдајрјуту носăт пу две кошници гроздă нă горнјут и пу две нă долнјут кунак* [МЕ(Р),91].

севдá f 1. 'милост, љубов'; 2. изр.: **гу úмаши на севдá** (= го сакаше) ~ *от млогу мýндр што беши, цáрјут гу земá сос нéгу аф еднá трапéза, јадјáха кату брáтќа, му чини дрéхи хáрни, гу úмаши млóгу на севдá* [V,PM,9]; ~ *кату работил Мајдон малку време, царјут толку на севда имал, штоту да беши кабил; да гу земи сос негу на една трапеза* [V,PM,73]; со исто значење: **севда влезе на сăрцето** (му) ~ *така кату чу царјут от лалата, влезе на сăрцето му един мерак, една севда за ламината керка, и заедноч пусна човек, гу викна*

авџиолиата [V,PM,43]; односно: **гу зема на севда** ~ *царјут гу зема веки гнусниот млогу на севда и фати да праша таин сос негу на царицата му* [V,PM,60]; **имам севда** (= имам желба) ~ *та сам армасан на вил'аатут ми, сакам тиа да ги чинам по-харни и да идам, белким сос тиа га излăжам армасницата ми да га земам тука. И кату си куношшисах сос ваша милос, имам севда да ти чинам и кум* [V,PM,-69]; **да не му остане севда** (= да не му остане желбата неостварена) ~ *после пуштил крапачино малкото дете да земи женаша му, да ја донесе на конакот, да ја види и крал'ут, да не му остани севда за неа* [V,PM,244].

севдалйа adj, indecl. 'тој што често се заљубува' [СК,335].

севдалина f 'сакана личност' [V,P-M,377].

севăр* m 'студен ветар што дува од север' ~ *ёдна жёна, н-ёдин Бăдник, Бужйк, гу-зăпăлй, изгурё то: куна́ко. Глида́ла ума́ците ка́-ј чйстăт сус сла́ма, и о́на до-нăпăлне ума́ко сла́ма, да-ј-згора́т са́јште. Вётăрут ду́е, сёвăрут, că-зăпа́л'ăт тйа дăрвăта. Сйчко изгурё* [ПК,2-(Ним),261].

сёгне (că) pf 'протегна рака' ~ *сйте другáре скинáја, [и-ác că-сегнáх дă-скйнам, [лóза нă-гóре мáле седйгна. [Л'ýто-că мáмо нăл'утйх; извадйх нóш уд-нужнйца, [удрежáх лóза уд-кóрин* [ПК,2(Крец),314].

сёдба* f 'житни култури, реколтата што ја дава нивата' ~ *Шó рăбóтăхме? Ми-шó рăбóтăхме: сéехме сёдби, тит'ýне, бýба. Сёдбăта знáчи тăвá сийдбăта шó-ј, шó-că-жнйи, шó că-вăрше: чинйца, рăш, ичмён, увёс. Тйа рăбóти* [ВК(Шт),-289]; ~ *áма скăрáа се Бугáрто и Гăрците зă-Сóлун. Стипáа că-тáм. Бугáрска вójска нёмше, слáбо нă-Сóлун, дáл' ймше áдна дивйза. И Гăрците цёла дăржáва кá пудбрáа, пучнáа тйă тóпуве дă-пýкат уфсёлта, зăпáл'увăт сёдбите, жйтта* [ПК,2(Мор),218]; ~ *на идён чувёк зингйн му дадёа нйвите нóгу бирикёт. Да си чýдиши сáм и вёлиши: Шт'ó да чйнам, шо нёмам дёка да си прибёрам сёдбата* [MV,K,277]; ~ *кога сеал, кога работил вел'ал: "На Богувто име и на дедувто касмет!" Ту, си рудила една седба, нё су кажувајне. Един ден, ка жнале, пуминал ут кăде негувта нива Дедо-Госпуд и гу питал: "Чиа е ваа нива, бре синко?"* [V,PM,267]; и: **с'ăдба** ~ *прáвими надáс за да с'ăјми л'áтна с'ăдба* [MS,s,70].

седеф m 1. 'светликава супстанца со која е обложена внатрешноста на некои школки' – в. **сидифлија;** 2. 'вид лековито растение' – сп.: кога некој има запек (не може да оди по голема нужда) ќе скинат лисја од растението *седеф* ќе ги испржат во зејтин, а потоа зејтинот се цеди и се пие, а прженото лисје се става на стомакот [ТГ,...].

с'ёдим num '5+2' ~ *и вилй на гудинйцатáму: "јас за пójă на гурбёт ... ти за м'ạ ч'ákаш' с'ёдим гудйни"* [MS,t,19]; ~ *ут тал, н'ă закáраха у Бад'ёмч'ифлйк и там с'ạд'ăхми пу на с'ёдим, óсим м'ăјинц'ạ* [MS,t,2]; ~ *сидимт'áх гудйни că напýлн'аха и т'á за că уж'ёни, ни мóгам да ја прифтáсам* [MS,t,19]; и: **седăм** ~ *ниа ч'ухми, оти имаш јунак зент, молим на вашо величество да го пусните: на нашито поли има една страшна змија, штото седăм саати место даржи крăстома* [V,PM,187];

сп. уште: *сид'ам̀нájсти*, односно: *сидимнájси* (= 17), *сидимдис'ѐт* (= 70) [MS,s,101].

седли impf 'става седло на коњ, го приготвува за јавање' ~ *Грујо Шкиндерлиа речи: "јазика ки ида през мори, Марковата керка да га зема". И заедноч отиде кон'а му да седли. Неговата кон'а, кату беши морска, знаиши што има аф морету* [V,PM,77]; ~ *– вѐрен другáр мисичúна, [на висóко стójиш нóгу глѐдиш, [да-л' ја видѐ мójта мájка? [мójте брáтќа, мójте сна́и?" – "Твојте братја којне седлат, [којне седлат, те ки дојдат, [те ки дојдат, да калесат"* [ME(P),94].

сѐдло n 'наковално – поголемо железо врз коешто се коват, т.е. обработуваат железни предмети' [ДК-(Лип),104].

седлу n 'направа од кожа што се става на грбот на коњ за удобно јавање'; Малецки во с. Сухо запишал: *м'áсту на гăзó* [MS,s,101] – веројатно: 'м'ácту за гăзó' ; ~ *тајл'акот ошти гу не беши удрил, са вăрна каде него, и тој тогас извади от неговот кон седлото, го кладе на тајл'акот и го извади вăнка* [V,PM,184] – во контекстот се среќава нерегуларна линеаризација: кратката заменска форма и глаголот се одделени со негацијата: **ошти гу не беши удрил**; ~ *ни мájка жáл'ум, ни стáри бáшта, [тýко си жáл'ум пăрвото лúбе – на вójнаójде,ójде не дójде, [кójнут му дójде, нéго гу нéма, [на сéдлото úма пúсмо пишáно: ["Жéни се, жéни, бéла Вилúко!"* [ИГ,108]; ~ *јунакот извади седлото от тајл'акот, гу кладе на белата бесна кубила да ја вјахна. Сос гол'ам ихтибар отиде прет царјут* [V,PM,186].

сѐдмица* f 'период од 7 дена, недела' ~ *бéше дóцкана на тóа дéн, прăвниут ут сéдмицата, и бéа врáтите затфорéни, тáму дéка бéа ученúците собрáни зарадú стрáхут јудéјцки* [ВЕв(Кон),308].

с'ѐдни pf – в. **с'áди*** 1. ~ *вид'ам̀ дјáкут и тój ја пригăрна и т'á му р'éч'и: "ц'ál вéч'ăр сă тója!" и с'éднаха да идáт* [MS,t,68]; ~ *имáш'и инá кампúна; си с'éдна н'ѐтр'ам̀ у кампúната и тáм-си млăч'áш'и* [MS,t,24]; ~ *за умрăкни, за пójат у думá, зăса мýјат сăс óда, за с'éднат у думá, за пучúнат* [MS,t,67]; ~ *дур да пój, да с'ѐдни тój, ја-ти-гу ч'ýка пак ман'ц'ó* [MS-t,11]; ~ *"с'ѐдни – вилú – на тáс купáн'а, јáс – вилú – за ја пăтам пúч'ката"* [MS,t,78]; ~ *и с'éднаха да идáт; ил'ăха тóч'ину ('пúта') и брăкаш'и сфáт'ам̀ата идúн нóш'* [MS,t,78]; 2. 'отседне, се настани некаде' ~ *и дójдух у Атúна, с'éднах на тýзи ки'ѐнудухúју и брќах инá мóма* [MS,t,12]; ~ *сиромáхот отúде на домá му, вéли на женáта му: "áди жéну, сегá нúа кé да сéдними нá брáтовата ми кăшта; сóс кутúјката трáмпа чинúхми"* [V,PM,149]; ~ *ут тáм с'ѐтн'ам̀ с'éднах два трú л'ăсници у Сулýн* [MS,t,1]; ~ *му вéли: "кади ефѐнди, прáти минсúл да пúташ за мéни, туку јáзе на чýзда кăшта не мóга да сјáдја сос женáта ми, но ке да фáтим другá кăшта да сéднам, дур да дójди минсúл'ут"* [V,PM,12]; 3. 'се симна, застана' ~ *вúд'ам̀ ч'ам̀ пáдна у мур'éту, кундúса ('с'éдна') и тój на инá адá* [MS,t,58]; ~ *сă ч'ýд'ам̀ш'и д'é да пój, ни знájаш'и н'ăфту; с'éдна на сукáкут* [MS,t,81]; 4. 'се постави' ~ *вечертá, кату*

сéднаха да вичéрат, по вéчера му вéли нá дéтето: "сегá, сúнку, јáзе сáкам и милýвам да ти чúнам зéт, да ти дáм керкá ми на тéби и да ти úмам нá домá ми кату чéдо" [V,PM,153]; 5. изр.: **на кол'аното ти да седни** (= да ти се моли, да ти се умилкува) ~ *"... ету от тука да познаеш, ча кучката е помилна от царицата. И хич немој бериш гајле за царицата! Јазе да га чинам да дојди, пак на кол'аното ти да седни самас"* [V,PM,60]; **седни та прапејви** (= кога на некоја работа тешко ќе се наоѓа крај), пр. кога се ткае и на разбојот се заплетуваат и кинат жиците, ткајачката ќе рече: *"Псешка работа; седни та прапејви"* (плачи) [ТГ,364].

сéдини n 'седење' ~ *и прéмa п'áснaта чýкa, и к' зaсвúри и к' зaстáни. Он к' збóри пá: Нa-прúмар. Амa нa-сéдини, тóa сéир. Нa-сéдини, нé нa óрo. Цумбúш нa сéдини* [ЛС(К),122].

с'éднува impf 1. – в. **с'áди*** 1. ~ *клáват и идúн т'éш'ук (|| т'éш'ка) кáмин' на врăх кóтката за да сă гирдúсува óснувáта; и с'éднува бáбата на крусно́ту* [MS,t,7]; ~ *и с'éднуват двáта, ја изјáдуха гăската* [MS,t,57]; ~ *стáна забúтинут да пój пák нă кáфинéту, с'éднува на карéглата* [MS,t,82]; ~ *момата отиве дори доло по долут, воф адна виран вуденица. Тамка наожде адно куче и адно маче, и си ги прибира при неа. Ка замркнало, си затфоруве вратата и си седнуве да си повичере* [ШК,5(428)] – запишувачот, редакторот (?) на "Зборникот" на Верковиќ коментира дека би требало: 'при себе' (место *при неа*), но во долновардарските говори употребата на формите на лич. заменки во ваквите конструкции е скоро редовна; 2. 'се настанува' ~ *утúва у Сулýн, на иднó ки'éнудухúју с'éднува* [MS,t,9]; 3. 'се задржува' ~ *с'éднах два три м'áсници у Сулýн* [MS,s,101].

седум читвртока – народот ги празнува сите *читвртоци* од Велигден до Спасов ден и ги именува *Седум читвртока*. Според народното верување четвртокот е среќен ден, сепак навечер жените не предат и не шијат. Некои четвртоци имаат свои имиња, пр.: *Вели Читврток* [ТГ,8].

сéдăв adj 'човек со обелена коса' ~ *гу-пузнајáх пу-сéдăфта глáва* [ПК,-2(Драг),100].

сеедно adv 'непрестано' ~ *едно време имало еден богат човек со една шчерка, а комшијата му бил сосем сиромах. Шчерката на богатио сеедно му вел'ела на татка си оти нашијо комшија је сиромах само от жената* [ШГ,5(406)]; и: **с'éјну** (< сé едно) ~ *и си рéкух сăс умó: н'ăј анáнки да дóа да ти кáж'а и дăса с'éјну склáвус* [MS,t,15]; ~ *сéјно уф нúх сă збрáни – úграт кáрти* [ПК(Гăр)]; сп. уште: **с'é ино́** ~ *нájди идúн кáл, гу закувáва мýл'а ту дур на кур'éму у калó н'éтра и тáм гу мáч'ка с'é инó* [MS,t,34].

сеиз* m 'коњушар' – в. **сиизин** ~ *дур да фати да кажува на жената му, дошли клети сеизи пак да го земат, и го занели на конакут. А крал'у му вели и му са кăлни: ошти на една работа да битишиш: ако ја битишиш, ки ти предам моја столнина* [V,PM,244]; ~ *излела девојката, да помети рални двори. Проминали кралски сеизи приз рамно ú двори, да напујат бăрза кон'а, и видели сеизиту на девојката, шјаштисали* (се избезумиле) [V,PM,243] – случај кога директниот предмет е

придружен со предлогот **на**: **видели сеизиту на девојката.**

сéјне n 'активност кога се сее брашно (да биде чисто)' ~ *чéстинта-ј засéјне брáшно. Она-ј нóго пó-чéста ут-сúтто* [ПК,2(Крец),131].

сејан adj 'зачнат, оплоден' ~ *ја вели: "мале, мила мале, јазе за ти пита н'ашто, ама праве да ли кажиш, ч'а хич ти не жал'а за една дуката". – "Мале, да ми кажиш, јазе дали от татко ми сејан сам, или от иѓуптин"* [V,PM,182]; ~ *едно врéмја татко ти го беха зели на кавгата, та ми остави тука сос идно иѓупче, хизмиќарче, та јазе сос него са збраках. Так ти си асил сеан от иѓуптин* [V,PM,183].

секде (и: **секăде**) adv 'на секое место' ~ *ув во село сă имă сăчувано и такво старинцку тукмејне мигју бејзте и силјајнту, шо било едно време секăде и шо-ј устанато сăл ув Аваре, во е – кăршилукут* [ME,P,87]; ~ *от секде се брали јунаци и никој не можел да заколе каменут, а само се чудили как може да се заколе камин? Вăф адно село имало адна фного јунак мома, отишла при царут и му рекла: "Цару, ез закол'увам каминут"* [ШК,5(423)] – удвојувањето на објектот (при определени услови) е општа особеност на македонските говори, но во долновардарските ќе сретнеме примери во кои тоа правило не се почитува, сп. од контекстот: **цару ез закол'увам каминут** (место: 'ез го закол'увам') .

сéкаков* pron 'било каков, од најразличен вид' ~ *и тој седнá на едúн крај, ча мóмите при едúн хавýз едни пéсни пéиха, други свúрка свúрјаха, еднá мýзика и сéкакви органú* [V,PM,9]; ~ *кату бéши млóгу ихтибарлúа човéкот, му úдиха млóгу гóсти на дóма му, сéкакви л'ýди, едúн дéн са случú да дóјди кадúата за нéкоја сéлска рáбота* [V,PM,25]; ~ *отиде с много радос на Марин базирґан и на другите да му вели: "е море, господари, де она е била кахпеа! Играј с секаков човек. Ето јазе хем ја фатих и една мишјан земах от неа"* [V,PM,166].

сéкел m, bot. Polyporus fomentarius 'вид печурка со која се секнува оган – трат' [ДК(Лип),106].

секоги adv 'секогаш' ~ *жената секоги си пила вино, а фногу пăти и се опивала. Еден ден во зимно време, зашчо ú било студено, дошло ú на ум да го стопли виното* [ШК,5(417)] (во врска со образувањето сп.: **тоги** место 'тогаш').

сéкој pron ~ *сéкој шо пúи ут вá вóда пак жéдин; úлим тó шо ки пúи ут вóдата шо ки му дáдам јáс, нé ј кабúл да жéдни ду вéкот* [MV,K,257]; ~ *óти нóгу Пруфúти и царóви сакáле да и вúдат, ма нé и видéле и да слýшат тúа шо вúи слýшити, и нé слушáле. И сè пу пăтот си óдиши, и на сéкој грáт и на сéкоа сéло си прикажýваши и пăт си прáвиши* [MV,K,328]; ~ *ричé на нéа: Сфéти Дýх ки флéзи на тéб и тó шо ки си рóди ут тéб, Сфетéнио, ки си кáжи Господúново Сúн. Оти нéма кабúл сéкоа пувéла Господúнова да нé си чúни* [MV,K,316].

Сексéно top. 'место во реонот на Карадово, Серско', поврзано со бројот "80", сп. тур. seksen [ЈИ,Ми...,192],

сéкăк adv 1. 'било како, во секоја солуција' ~ *сéкăк сум кăúл' áска, сáмо дă-нéма кáвги* [ПК,2(Гăр),-100]; ~ *сéкăк бúве ус-свój чувéк;*

2. 'сигурно' ~ *сéкăк ќи-ми-дăјш, ăк нăјдиш...*

сел'ам m 'поздрав, желба за успех' [V,PM,377].

сел'амет m 1. 'милост, среќа' ~ *на кон'у са попита, и кон'у му вели: "сега да ми вјахниш и, как ки проминими от златната јабăлка, да гледаш да искиниш един дал и да побегними, ча ако усјати лалијата, и тебика и мени ки ни изјади; хич нема сел'амет!"* [V,PM,-113] – во текстот се забележува неправилна употреба на предлогот **от** наместо 'покрај': **как ки проминими от златната јабăлка;** 2. изр.: **излезе на сел'амет** (= се усреќи) ~ *ти да собереш мојте кокали, да ги кладеш у јасилот и да седниш на врăх кокалиту, да ми а лижиш четиријси дни и тогас за ти дојди хубав кон со златно седло, това за ти извади тебе на селемет* [V,PM,205]; ~ *и тој вели: "скоро златното пиле да ми го најдиш!" Ја картал'ут еднош ка си пусна и, тука и таму, го најде пиленто, му го даде на Ил'а и му рече: "хајде сос здравје! Сега веке нема да теглиш захмет". Оттамо Ил'у излезе на сел'амет* [V,PM,172]; **на лек и селимет!** (= така се кажува кога ќе се заврши лекувањето, т.е. се изразува желба да биде среќно лекувањето) [ТГ,247].

сел'анин* (и: **сел'анец***) m 'жител на село' ~ *от дéе-трú днú пóсле проминáли еднú нéгови сел'áни, гу нáјдоа џифаирџúата на пăтју утéпан, гу познáли, фатúли éди-тáму гу зарúли, после тúдоа на кон'ákут, дадели хабéр* [V,PM,27]; ~ *като зели да се борат, се борили, се борили, мечката се уморила и рекла: "Ее, јуначе, да има некој сел'анин, да ли даде една топла пита, крфта ти бех испила"* [ШД,5(440)]; ~ *и т'а си разедила, да отиде вăнка от селото, на една пл'амн'а да спии. Ја запали пл'амн'ата, ја згорја. Утрината, га глендат сел'аниту, коџабашиовата пл'амн'а са изгорјала* [V,PM,209]; ~ *на во извор пăтниците Пазарејна и силјајнто ут друјзте села на окулу гу велјат "Бајната", друзи па ут Водин ут та страна – "Маркова Бајна"* [МЕ(Р),69]; кај Малецки: **с'éл'ąнин, сил'áнину**.

сел'анка f – в. **сел'анин*** ~ *тјанака познала, ча за носо и така вревиши гостут, и заедноч му дала каршилăк, му вели: "ej господине, џиако е крив, но кадешут изл'ава праве". Кату чу царјут такос отговор от една сел'анка мома, са почуди* [V,PM,54] – од статистичките податоци, особено од оние на К'нчов, узнаваме дека до Балканските војни турскиот етнос во Долновардарско бил изразит, оттаму освен лексичките позајмици, турското влијание е забележливо и во структурата на односниве македонски говори, таков е случајот од контекстот во кој именката се јавува како атрибут на друга именка: **отговор от една сел'анка мома** (место 'селска'). Вакви примери се забележани и во други говори, тие се споменуваат и во "Историјата на мак. јазик" од Конески, но овде се среќаваат многу често.

Селвúите top. 'место во реонот на Бутково, Валовишко'; сп. во тур. јазик selvi 'дрво кипарис' [ЛИ,Ми...192].

Сéлене top. 'ниви' во реонот на с. Крушово, Валовишко; сп.: при обработката на земјата селаните наоѓале делови од икони и од глинени посатки и оттаму се мисли дека на тоа место имало стара населба, преселена. Врочем на тоа асоцира и името (*Селене*) [ЛИ,Ми...192].

Селимсу́ка top. 'ниви и чешма' од тур. л. име *Селим* и *su* 'вода' + суф. *-ка* – во реонот на с. Чифлицик, Валовишко [ЈИ,Ми..., 192].

Селиште́то top. 'руини од старо село' (преселено) во близина на с. Руждене, Драмско [ЈИ,Ми..., 192].

се́лски* adj 'нешто што се однесува на село' ~ *кату бе́ши мло́гу ихтибарли́а чове́кот, му и́диха мло́гу го́сти на до́ма му, се́какви л'у́ди, еди́н де́н са случи́ да до́јди кади́ата за не́која се́лска ра́бота* [V,PM,25]; и: **селцки**: ~ *ништо не испадна уд мојта сакачка. Работта са-јзмени су дујдувајнто на П. Лавров на нашто село. На него најстина толку гу ареса селто су негувјут башкамурлија живут, шо ма насăрчи, да зем да написам сѐ шо можам да научам за селцкјут полин ув Постул* [ME(P),69]; ~ *кату чу́ха така́ от та́тко им, и трои́цата сплăзна́ха ръ́ка и излѐзоха от та́тковата му ка́шта, кини́саха и трои́цата да те́рат кăсмѐт. Нај-гол'а́мојут на едно́ село си фа́ти гувида́р, да пасе́ се́лските гуве́ди* [V,PM,20] – во контекстот ја среќаваме множинската наставка **-и** кај именка од среден род: **се́лските гуве́ди**; такви примери има повеќе што зборува дека не се работи за превид, туку оти споменатава наставка станува општ сигнал за образување на множински форми (независно од родот) ; во случајот може да се допушти позајмен образец од тур. јазик; ~ *селцкјут мухтар кăт сакăше гу удирише селцкјут мијур зă селцкă рăботă, сеа тикмилј сă минијă рăботте* [ME(P),90].

с'е́лу n 1. 'населено место, помало од град' ~ *им'ăш'и иднó вр'ăм'ą у иднó с'е́лу иди́н ч'ув'ăк сирума́х, у дв'ă нид'ăлą уж'е́нинт* [MS,t,67]; ~ *ути́ди ж'ина́та у иднó с'е́лу да бръ́ка ра́бута* [MS,t,68]; ~ *тръ́гна пу пăнт' да и́ди, д'е́ да на́јди с'е́лу да по́ј* [MS,t,23]; ~ *нара́сти на ч'урбаџ'и́јата мума́та, и́ш'ти да ја та́кми, гу ш'е́та ш'и́чкуту с'е́лу* [MS,t,14]; ~ *пујно́ вр'ăм'ą и би́л иди́н ч'урбаџ'и́ја и такш'иде́псувал ут с'е́лу на с'е́лу, ут касаба́ на касаба́* [MS,t,9]; ~ *му вили́: "ја̀ сă устáв'ąх гудини́цата на с'е́луту и има́х р'е́ч'ину да м'ą ч'а́ка"* [MS,-t,19]; ~ *тугáс по́пут р'е́ч'и: "ко́гу за ва уклąвé? хи́тра Пе́три!? то́си на́јкуркáкут ч'ув'ăк ут с'е́луту"* [MS,t,75] – во контекстот ген.–акуз. форма **когу** се јавува наместо номинативната 'кој': **р'е́ч'и: "ко́гу за ва уклąвé?"**; ~ *гу пи́та ... : "гу ни да́ва на м'е́н'ą, да гу ја́хна да сă раш'е́там пу с'е́луту?"* [MS,-t,20]– овде имаме неправилна линеаризација во прашална реченица: негацијата доаѓа зад кратката заменска форма (*гу ни да́ва?*), а освен тоа отсуствува честичката **ли** (што се третира за балканска посебност); ~ *з'е́ пуна́ стути́на ко́зи и ерке́ч'а и и́ш'тиш'и да му ги закáрат на с'е́лутóму* [MS,t,17] – во зборoформата **с'е́лутому** имаме употреба на заменската форма во постпозиција (значи имаме развој на членска морфема), но и траги од падежните форми кај заменките. Во примерот што следува истава форма (**с'е́лутóму** = неговото село) има посвојно значење ~ *и н'е́с си ути́духа на с'е́лутóму да си ж'ивóват* [MS,t,13]; 2. има случаи кога со именката **село** се означува населението (на селото), место 'селани': ~ *кату за доакалесат селото, за си вăрнат за да подат у дома на зентут. Тогај*

викат со сé му глас триш: "и ху, ху!!!" [V,PM,247]; ~ *ви́ка: "Дра́ги сл'а́ни, ќи-си-помо́лими на Го́спо, но́гу су́ша-и, ви́ка, ác ка́о свштéнак, ác ќи-си-мо́л'ам, а́ма сéлото да би́ди сло́жно́* [ЛС(К),119]; ~ *и нáро́т бéге сéга, нáдолу и пу та́а ре́кта нă-до́л, пу-Га́лик, цắрно стăна́, мра́фка. Си-ви́кме: ду-та́а пла́нна ќ-о́јме и па́к сă-вắрниме. И удде́ме, де́-ту́к, де́-та́м дă-та́ уф-Бугáрја. Цéло сéло бигáхме, ус-фали́ита* [ПК,2(Гăр),218]; ~ *сто́ри идна́ гул'а́ма ка́ш'та: пала́т'; с'е́луту фáти да гу мило́ва мло́гу* [MS,t,87]; ~ *шо сă-пукри́ни ри́јпте уд-го́ре ус па́рички, па́рички. Не́кој сéла па иви́кат стăргáчки* [ПК,2(Драг),83]; ~ *шо́ ќи-кри́јш, си-кăжа́ла нă-ади́н, сјáа цéло сéло зна́а* [ПК,2(Гăр),192]; 3. 'месност' (?) [MS,s,101]; – ова, последново значење што го наведува Малецки не ни е јасно, ниту познато од други материјали.

сéмка* f 1. 'зрно од семе на растение од кое, при одредени услови, може да никне ново растение' ~ *и жéнта, то́ вре́ме ко́га би́ла у бо́чфăта удгла́дус, три́ де́на би́ла нắтре, сиидéла сéлки уд-дру́гăта гуди́на шуима́ло у-бо́чфăта* [ДК(Рак),150]; ~ *пре́сево сă-пра́ве ус-учлиéн, сéлки уд-бубáјк, бăлибо́ни, наут и па́ри, си́тни динáрчта. Ус-то́о сă-прăсéве нивéстта ка́ а зи́ле ли́лчто уд-до́ма* [ПК,2(Гăр),88]; ~ *шо́ сја:-скинáл чăкăрли́а* (незрел), *не́ гле́јш сéмките и́ сă-бéли* [ПК,2(Гăр),134]; 2. 'семе од тикви, печени се јадат' (обично во pl: *сéлки*) ~ *ма́ма ќи-ти-до́нце бо́бо ут-та́мка: ниблиби́а, сéлки, бомбо́не. Ка́ ќ-о́де не́гдин ма́јката, о-уста́ве ма́лéчкуто и тăка́ му-ви́ке* [ПК,2(АЌ),24]; – в. **с'ăм'а**

смкáр* m, zool. 'вид мала птица' ~ *симкáрчта пу-грójсто но́го о́дăт* (го напаѓаат грозјето) [ПК,2(Грам),-100].

сéмне (сă) pf 'се пристори' [ДК(Лип),-103].

сéне impf 'прави да се стори сенка, засенува' ~ *и удде́л по́по нă-бăмáта. То: ши́ре сус вре́јкăта, бра́т му мăру́ве сус-ку́тлăта. Е, ка́ гу зăсенáл нă-бăмáта, сéне. Пугл'ăднáл нă-го́ре, та́м по́по. Ка́ о-пуглăвéте е́дин ка́мăн и-по́по та́мо устăна́л, нăвра́с кирми́јте си-умре́л* [ПД,161].

сéнек m 'дрвен сад (за течност)' [ДК(Лип),104].

сéнет m 'запис, писмена потврда' [ВК-144]; сп.: во минатото имало голема доверба меѓу луѓето, си позајмувале пари (па дури и меѓу Македонци и Турци) и тоа без сведоци и *без сенет* (признаница) [ТГ,227].

сенка f 'митолошко суштество, некои го замислуваат како ужасно тешка жена полна со крв, други пак како животно, тие "ги притискаат луѓето кога спијат, особено породилките" [ПК,2(9)]. Породилката кажува дека *сенката* се појавува навечер во вид на мачка или друго животно, дека се движи без шум и има таква сила што кога ја притиска, жената може да изгуби и *свест и глас*. Породилките од оваа болест се бранат на следниот начин: секоја вечер, откако вратата ќе се затвори, постелата на породилката ќе се попрска со *света водица*, односно ќе се накади со темјан. Од овие две работи бегаат *лушутиите (сенките)*. Суеверјето во минатото одело до таму што се надевале дека *сенката* ќе ја исплашат со мечка (оние што по селата ги води мечкар за атракција); за тоа имало 2 начина: едни породилки во сабота рано наутро пред да се појави сонцето

сă путкадуват сус мечкина коса, други (исто така во сабота рано) го викаат мечкарот да дојде со мечката во куќата на породилката, породилката ќе легне а мечкарот ја шета мечката покрај жената и при тоа ќе ја згазне неколку пати на грбот, така што болеста ќе се исплаши од мечката и повеќе нема да ја *путиске* породилката, а мечкарот ќе добие награда *"за лек да са фате"*. Запишувачот С. Таневиќ заклучува: сето тоа доаѓа од болно вообраување и од страв [ТГ,-110]; ~ *и нéкоі жéни ут нáс ни си присонúле на нáс кá му сă дóшле рáно на грóбот; и как нé му сă нáшле на снáгата му, дóшле ем рéкле на нáс гија ки видéле сéнка* [MV,K,253].

сено n 'искосена трева' ~ *ја испадни црна-јока нивесто, [да причекиш првно л'убе л'убено, [да му фатиш врана којна за узда, [да гу врзиш за благата јабулка, [да му дадиш ситно сено да јаде* [ТГ,370]; ~ *зăпнéли уф-кăштте тéрăт јăдéне, тéрăт пáри, нúă дă-јм кáжле, áла нúшто гăрчки нé рăзбúрме. И сéтне устăнá ф-сéлто едúн тăкóф, што-ј пузăдúнта, убóс пу-стáро. И тáм ф-áдна бáшча нăвăрзáа мулúнта, úмише сéно, бугáрско сéно* [ПК,2(Мор),223]; ~ *Срáшна рабóта д'áте!... Останá-ни тáм рóднатă ни гармýдă сăс двé кăшти, плéвнă, ахăр, éсли, тăрлó, ămбáр, sasúдан клáдник* (бунар), *цáлиó имóт сас двóро, ăвлú(j)ата, нúвите, останáа идúн нáсăд от смóкви, лóза, вúтки, топóли, трú шл'áди килограмú чнúца, ч'éнка уф-зăрнó двé шл'áди килограмú, фасýл' пéнт стутúни кúла, слама, сено, идná кубúла, двé крáви, чтирúис и пéнт óфци...* [ДС(Ч),168] (автентични сеќавања за егзодусот на Македонците од Серско). Од контекстот заклучуваме дека фонетската појава преглас на **а** > **е** (зад меки согласки), позната од говорот во Кукушко се среќава и во Серско, сп. **если** м. 'јасли' (направа во која се става храна на добитокот – обично покрај sид, на подигнато место); ~ *уф-плéмăнта чýвме: слáмта, сéнто и стóкта;* ~ *áдин фăндák úма двă нájсе óки: дунцéх áјн фăндák сéно, јóнца, слáма* [ПК,2(АЌ),86,126].

сенлив* adj 'внимателен, нежен' ~ *малој моме јубава, [дур јубава, сенлива! [сата каза прешитах, [твоје лико не најдех, [дур јутидох в Цариград, [тамо ти најдех лико* [ТГ,52]; ~ *хеј мори, моме јубава, [јубава дури сенлива! што ти е бело то грло, [куту на филџан то дано! [филџан је палин ракија, [да пијам, да се јопијам, [на скути да ти преспијам* [ТГ,159].

сенце n 'мониста' ~ *сúтни зăрнцúна, шарéни сă: царвéни, жăлти, úмă ги мóдри, ппл'áви. Сéнцто сă-нúже нă-конéц, или сă прáват чумбéре* [ДС(Ч),141].

сеовба f 'љубов' [V,PM,377]; в. **севда**.

с'ёпак adv 'повторно, пак' ~ *и т'é си сă фл'áвали с'ёпак у мурéту ... му гу прибăрнувáха пампóру* [MS,t,61].

Сер (и: **Сăр**) top. – град во југоисточниот егејски дел, Серес ~ *мори, југријала мисичина, [пу Сер пол'е, рамно пол'е, [пу Јуванови рамни двори. [Мори, Јувануве вичерале, [сирак Јуван не вичере* [ТГ,97] – во контекстот среќаваме 2 именки од кои едната е определба на другата, наместо придавка: **Сер поле** (сп. 'Серско поле') – карактеристика позајмена од турскиот јазик; втора посебност е употребата на множинската наставка **-и** кај оние еднослоѓни именки, што

обично одат со наставката **-ови** (во овие говори **-ове**): **рамни двори;** ~ *утúдух у С'ăр, ут С'ăр утúдух на Димúр-Исáр* [MS,t,1]; ~ *как сă вркаш'и утúди у С'áр, имáш'и идúн аратлúк там* [MS,t,37].

сéр m 'нечиста вода од волната кога се пере' ~ *тóо сéр зăшó стј-о-истурúли нă-стрéт двóр дă-смăрде* [ПК,2(Грам),100].

сербéс adj (indecl.) 'решителен, смел' ~ *удгувурúл дjáкунут сербéс* [BV,14]; – сп.: народот верува дека *Св. Павле* бил брат на *Св. Петар. Св. Петар* бил богат и *сербес, кабадахија* (властољубив), па поради тоа народот пости прет *Питровдин.* Меѓутоа *Св. Павле* бил сиромав и *повидлив* (помирлив), па поради тоа и не го ставиле редум со *Св. Петар* [ТГ,73]; в. **серт**.

сердисува* impf 'паѓа (пр. на земја)' [BV,14].

Сердóко top. (< *Средоко* – со метатеза) 'рамно место, *средишно* во однос на други топоними' [ЛИ,Ми...,193].

сéре (сă)* impf 'врши голема нужда' ~ *тáа стăнáла, рúбите адná пуадná исфăрл'ála-j нă-пăто и рипнáла. Că-j-сирáла ф-кóшуфто и бигáла. Тóо флéве уф-сéлто: "Ej, рúби, о-о крáпуве, сóмуве"* [ПК,2-(Мор),225].

сéрт adj (indecl.) 1. 'лош, нервозен' (за човек) ~ *кúптен серт чувек бише, зăтоо бише кут пардиа, ного слап...; ~ сеă сă питă кăква му-j лăкăрдијтă нă бегут су силјајнту? Да се рăзберă ва рăботă сакă да се кажă најнаприд, оти сăтă лăгачки му стоат нă кјефут нă бегут. По кротките безu по-путпушкјăт, по серттă по грабăт* [МЕ(Р)85]; ~ *нóго-j сéрт, прăт-н'áа нé că-испáѓе, вúке, пúске* [ПК,2(Гăр),174]; 2. 'остар' (нож) ~ *нóго сéрт ej нóжо, пулéка дă-н că сéчиш* [ПК,2(Грам),-100]; 3. 'лут–а' (за ракија) ~ *и с'éтн'а ja бир'éми ракúјата у идúн гарнóк дур дăj сéрт' ракúја тич'éми* [MS,t,4]. Овде гл. **тич'é*** е употребен како преоден.

сертме n 'вид мрежа за ловење риби'; сертмето го плетат од јак ленен конец, во вид на *конус.* Врвот на конусот се вика *кубе*, а основата (на конусот) со *ќостеците* се вика *кесе.* За да пропаѓа (потонува) *сертмето* во водата на *кесето* му врзуваат олово. Постојат следниве начини на ловење со *сертме: на ранила, на фрл'увајне* и *на вличејне* [ТГ,393].

Сéслуво top. 'име на село во кукушко-солунската регија' ~ *низ нáшто сéло замúна, низ Нимáнци. Утúде Стрéзуво, Сéслуво, надóл утúде, уф-Дóлно Поле. Нé знájме ут-тáм нă-тăкá, áс ду-тáм знáм, нă-тăкá нé. Дóлнуто Пóле, Сóлунцко Пóле* [ПК,2(Пл),251]; ~ *уф-Кукýшка укол'а сáмо úма устáвно дистúн-петнájсе кăшти уф-Драгумúрци, другто сé-j-изгóрно. У-Крéцăво-j устáвно сáмо цăркăфта и двé кăштички. Гăрмáдна-j цéло брúшино, Гавăл'áнци-ej цéло брúшино... Лăгăдúн-ej устăнáло, Сéслăво-j устăнáло, Стрéзăво-j устăнáло, а тúа дрýкте сéла сè că-изгóрни* [ПК,2(АḰ),34];

с'éстра f 1. 'женско суштество во однос на другите деца од исти родители' ~ *и с'éстра-му идúн д'éн' с'éдн'а на врăх главáта-му, плáч'иш'и* [MS,t,51]; ~ *тогáс тóјнака фати да одрjáви жáбин јазúк и вéли на жáбата: "ох сéстру, тја чýх гласó ти и ти познáх. Излези вăнка да ти кáжа, ча от мájка ти донéсох пóклон"* [V,PM,28]; ~ *еднá кубúла, имáло сос дéвет*

жрја́пчинта стредја́ мореѓу, и та́мо и́маши една́ зе́мја: жи́в човек не оставиши тајá кубúла. Пáк тójнака оти́де на кóн'у му са пúта, и кóн'ут му вéли: "немój ти е стрáх! Онáја кубúла е мójа сéстра" [V,PM,113]; *~ идúнајут ил'ắш'и идна́ с'е́стра, и́ш'т'аш'и да ја дад'е́ на дру́гајут* [MS,t,70]; *~ му ја дáвах сéстра-ми да е́зми ж'éна, ја ни з'е́* [MS,t,73]; *~ и на Алéксандрус с'éстрит'ắму д'ен' и н'éса óш'ти ж'и́ви сă* [MS,t,61] – во контекстот се среќава преодната фаза од заменската форма употребена постпозитивно во смисла на определен член, но како нерегуларен остаток од падежна форма (со посесивно значење): **с'éстрит'ắму**; 2. 'обраќање со милост кон женско суштество' *~ ă-вắрзва мéчкăта лéпо су-фắртóма, и зăпáл'ва уздóла óгăн. Фắтúла дă-гóре мéчкăта нăкắј-мé. – "Гóре, бráте!" – "А, тắрпи, сéстро, тắрпи! И јáс тáка бé". Фắтúло дă-тéче лúгда, сáло уд-нéа, дă-кáпе* [ДК(Паљ),119].

сестрени́ча f 'сестра само по мајка или само по татко'; со исто значење: **нé алúс сéтра** [ПД,117].

сестри́н* adj 'нешто што се однесува, односно што и́ припаѓа на сестрата' *~ ету јазика ке да идам на работа, тинака да сјачиш от сестрина ти мрăша една парча да готвиш да јадеми! Ами тјанака, братку, сос какво сắрце да готви от сестрино и́ месу?* [V,PM,62].

сети (сă) pf 1. 'се присети' *~ тá па мáјкăта му-и-вắрзáла у-инă кắрпа, му-и-клáшла у-сéндику нă нéјна кéрка óчите шу-му-и-извáди. Тáа сă-ситúла, си-рéкла: "Мáјкă-ми мúкла́де двé óчи у сéндику. Чéкăј дă-мудам"* [ДК(Паљ),122]; *~ И тóзи стрáх-му-е дă-сéдне, се-бóе, вúке тáа: "Не-бój-се, не-бój-се – мáаму су-рắкăта – услубóди-се". Сáкум дă-ми-кáжиш аднá прúкăска, – áма тáа гу-познá.Тóо не-мóже дă-сесéте, óти нéгувта л'убóвница-е, и му-кázве: "Ајде сигá зăпóчни прúкăската"* [ВК,284]; *~ блúзо дéка што б'áш засáдн бубáќо б'áха нáшит óфци. Прајдéх им пópулéнка уф-т'áмницáта и ги допирáх. Што да чúнам сигá? Са-сéтих. Пуштúхгу мáгарéто* [ДС(Ч),166]; 2. 'си помисли' *~ малкото дăтă зăло да врăви: "Мајка ми ма закла, тато ми ма испади, лăла ми ма уживи!" Тато му и ратајă сă сăтили, чи нăзи ж'ăна јă сăстра му* [V,PM,292]; *~ на гроб да ми сејиш, Стано, [дрво дафиново, Стано, [за дрво да врзиш, Стано, [мој ми брза којна, Стано, [кога којна, бела Стано, [висне и пудвисне, Стано, [тогај да се сетиш, Стано* [ТГ,94]; 3. 'сфати, осети' *~ А скријува ину-кýп мéт, árно ма, лисúцăта сéки дéн јáде утмó мéдут. Дéка сéдăт: "Иии!, чúне. Е, мă-вúкăт" –"Кój тă-вúка?" – "Мă-вúкăт, вéле, дă-крắстăм". Она óде – јáде мéт. Тúа вулójте нă-мóжăт дă-сă-сéтăт* [ДК(Бош),139]; *~ дудéк сă-сéтиш, óн ќи-ти-ј-зăмáчке óчте, ќи-тă-излắже* [ПК,2(48)]; *~ мóмта устáнăве тéшка и брáт ij сă ситúл – а устăвúл сéстрă му. Дујдéло врéме – рудúла. Лижáќи мájка му, он, оште ка пáжге ут мájкă му и рúпке низ удáата, скóке* [ИГ,110]; 4. 'открие' *~ викáл нă-бáтуфците тáм, нă-брáтто: "Ни́м спијáјте, дă-глéјте дă-избéгуме, ét тăкá, тăкá нă-жéнă-му кăжá: "Зă-тóă јáдăне ас ни́х ки-ј-изéдум". Фắтúли óни, избăгáли. Избăгáли, и тóă ги ситúл, зéл пу-ни́х дă-тắрче* [ПД,159]; *~ кó ќи-гу-вúде, ствáрно сăндýчито нéјно. Одма ги-зéма цáр-*

виут сúн сăта (сите). *А-викнýва бáбицăта: "Кáжи шó рудú жéнами? Мúсли, сéга сè се сéти рăбóтăта. Аку-излăжиш – ричé – глáвăта, глáвăта ќе-ти-ă-сéчăм. Ако кáжиш, ќе ти прóстам"* [ВЕв(Кр) 303]; 5. '(пре)познае' ~ *и óна прăд-нéго ин вúке: "Игрáј кýкличко, игрáј нóшче, јáс читирújсе дéна ýмрăн гл'ăдáх и читирújсе вéчăра, пá сáбор сă-чинáх". Знáчи чувéко сéга за да сă-сéте. И ки-му-кáже нáј-нă-кусýро, áку нă-мóже да сă-сéте* [ПД,164]; ~ *"Јáс, вéле, ќи-сă-стóрăм идно-кóч, алма углáмникут, вáрди, дă-нă-гу-дáјш!" Сéга му е стрá ут-тó дјáулут, ут-тó шу-гу-учéше. Кóа гу-пýле – тó. Грéде. Чúм гу-вúди тó, гу-сéтăл и углáмникут* [ДК(Бош),141] – во текстот прави впечаток дијалектниот сврзник **чим** (= штом): **чúм гу-вúди тó**...

сéтин adj 'поголемко дете коешто почнало да има сознанија за повеќе работи' [ПК(Гăр)].

с'éтн'ą adv 'во временски сегмент што следуваа – после' ~ *с'éтн'ą за вáр'а трáхна ('мáнџ'а ут брáш'ну' : прајат ч'áсту, гу сăхнуват, гу трăјат др'éбну)* [MS,t,65]; ~ *и такá утúди Ифтúлу у гурáта с'éтн'ą да ни гл'éда хúч' л'ýди за да сă ни гр'ахóва* [MS,t,44]; ~ *ут мрăва вр'ăл'ą с'éтн'ą гу гл'éдат úди насáл сăс кóн'у* [MS,t,59]; ~ *с'éтн'ą с'éднах два трú м'ăсници у Сулýн* [MS,t,1]; ~ *и си з'éват рăнка ... ут пéт' дакúка с'éтн'ą трăгна пампóр'ут* [MS,t,84]; и: **сéтни** ~ *тáлю седнé около двé мéсеци; сéтни господáрот излезé на магазúата, му направú дéсет корáби, ги напăлнú стóка, му дадé и едúн пăрв гилициúа* [V,PM,13]; ~ *тогáс тój стáна прав, са поклонú на господáро му и са прости сос нéгу, земá сéтни двájсите гилúи* [V,PM,15]

сéтника adv (в. **с'éтн'ą**) ~ *си разбú вăрхот от дăрвóто и тój не си одави. Л'у от мăра час сéтника отвори си учúте и прогледнá на гори кăдé дăрвоту и когá видé хáрно, дăрвоту е бúло халóпо* [V,PM,7]; ~ *вл'áгал фнéтре в-еднá кăшта и вид'ál еднá мóма как плáче. "Зáшто плáчеш, марú мóме?" – "Плáча оти ќе-дójде лáм'ата да мą-изéде".– "Ела с'áди" – и главáта си-клавáл на-скýту-му и сéтнека т'á пучнáла да-плáче* [ВС(Кал),337].

сéтнин* adj 1. 'наредeн' ~ *змејут сос млого чест ги дострјати и гу зема гори на удаја. Та на сетнојут ден, кога иштиши да си пои бабин син, змејут му и давал млого злато и стребро, но тој нифтја* [V,PM,203]; ~ *и пак си станали чаплоци, и ч'ул'ака станал чаплок. На дорă му имало един кавак, на нег направил гн'аздо и четри години прил'атовал там. На сетнăтă годинă един ден жената му прала на дорă и тој си ја гледал* [V,PM,285]; 2. 'последен' ~ *Марýшка фл'álą в кăштата. Тáм имáлу четрúăсте стáи. Тá утвáр'ала и зăтвáр'ала сúчки врáти, нúјде нúшту ни-нăшлá. Најсéтне, кăтó стúгнăлą ду-сéтнăта стáјą* [ВД(ГБ),330].

с'éтнина adv 'после' — в. **с'éтн'ą** ~ *ги казандúсува н'éјнит'ą парú ... ги казандúсува и н'éгувит'ą... на с'éтнина гу клáва и кш'énудужúјуту мумáта* [MS,t,10]; ~ *на с'éтнина* (< *најс'éтнина* = најпосле) [MS,s,101]. Партикулата за суперлатив 'нај' се среќава во соседните влашки говори, позајмена од македонскиот јазик, но во редуцирана форма, како 'на', оттаму повторно е преземена во македонските југоисточни говори,

во споменатава скратена форма, сп.: **на с'ётнина**.

сéтнăн adv (в. **с'ётн'а** 'после') ~ *нăникáфо úмше пу-трú лúри утстрáнта и он бúше нă-срéт. А пă сéтне и дрýјсте сăкáа. Сéтнăн, нă срéдăнта јăтăрва нăпрăвú пу-читúри* (лири) [ПК,2(Иц),288].

сéтре n 'надворешна машка облека, со ракави, достига до крстот (половината)' [СК,335].

сефте adv 'првпат' ~ *и тојнака, кату зема асправта отиде праве на мајка му га закара и га вели: "мале, јаз кату отидох динеска сефте на лов, имаши тамо млозина авџие, ама јаз отепах фил'ут"* [V,PM,41]; и: **сифтé**: ~ *ричé на нúх: Оти такá му бéши писáно, и такá му бéши да сă мăчи Христос, и да ужúвéи па уф мăртфин на трúти днú и да сă прóстат грéхови на сăта зéмн'а, сифтé чинúло ут Јерусалима* [MV-К,260]; ~ *тăм дé фатúха да-жнăт сифтé злáва идúн зăјăц и му-фăрлават страпóт-му си-уидúса дражл'ăлитó-му фл'ăзи на-газóт. Фатú да-б'ăга зăјицọт, за-да-си-скрúј на пш'н'úцата и страпóт ọзăт' вúра ж'н'é* [ВБ(Бал),344]; односно: **сăфт'é** ~ *и нáз гудúна сăфт'é сăфт'é за дад'é пóмрăва грóздинци* [MS,t,4] – во контекстот имаме повторување на прилогот за да се потенцира значењето: **сăфт'é, сăфт'é за дад'é**.

сефтéшка f – в. **сефтúнкạ** (во Дојран паралено со: **пăрвускúна**) [ПД,125].

сефтúнкạ f 'крава (овца, коза) што прв пат раѓа – првостинка'; се употребува паралелно со **прạвọстúнкạ** [ДС(Ч),60].

сефтóсе pf 'започне прв да пие, да јаде, односно да користи нешто' [ПК,2(Гăр)101].

сечáч m 'човек што заработува за живот со сечење дрва' ~ *сечáчто ус-н'áа (бичкúта) сéчат дăрва нăтéп, нă-мéн, зă-пáри* [ПК,2(Ал),23].

сéче impf 1. 'со остар предмет (пр. со нож) отстранува дел од нешто, односно нешто прави на делови' ~ *и кă-дујдé блúзу гóрнăта зéмна, óшче пред дă-гу-извáде пúл'ту, рéкăл – крáк, а нé му стигнáл мéсуту, нимáл шó дă-му-дáде, уд-нóгта си-сéче ăнăкумáт, тýка уд-жáбта и му-дáва, и стигнáл* [ВВ(Крон)]; ~ *кă-фăтúл дă-óде вó јунáкут, óн крúве. Пúл'ту гу-питáл: "Шó крúвиш?" – "Јáс, тăкá и тăкá, кă-свăршú мéсуту, нéмше дă-ти-дáдум, ут-тýка сисичéк, уд-нóгта". Пúл'ту му-рéкăл: "Јáс тó нéмăм óшче гу-гăлтнáт!"* [ВВ(Крон),313] – во текстот ја среќаваме конструкцијата "има (нема) + гл. придавка", меѓутоа придавката не е од ср. туку од м. род: **нéмăм óшче гу-гăлтнáт** (месото); 2. 'убие со сечење' ~ *Истúнскạта мájкạ нé дọзвóл'ăвạ дạ-гọ-сéчат дéтто. И тóгạ вúкạ нạ нéạ, е-сéгạ нạ-нéạ сéчи-гạ* [ЛС(К),110] – во контекстот директниот предмет се среќава во придружба на предлогот 'на' што се третира за влијание од ароманските говори: **е-сéгạ нạ-нéạ сéчи-гạ**; 3. 'скратува' ~ *му-веле: "Ето, го гледаш тоа човек, шчо седи на ќошето? Ќи ти биде стопанин: ќи јадиш корите и коските, шчо ќи останат от софрата му, и ќи живуваш тридесе години". Кучето му веле: "О Господи! Сечи малце од годините!"* [ШВ,5(399)]; ~ *тóо нóхут мă-бóле, сјáа вúј кá рáсте нă-крúво, ém нóго-ј јáк, úч нé сăсéче, сăнки тăрнáк* (копито на овца, на коза) [ПК,2(Крец),117]; 4. изр.: като **коа сă сиче** (= кога нешто ќе престане) ~ *уд неколку гудини да нанака и ангаријата за пăтиштата като коа сă сиче* [МЕ(Р),74]; **му**

се сечи силта (= стана немоќен) ~ *сă утвурија кăсăбајте Пазăр и Солун; кој шо клади некуј паричкă ув рăци, бегăј нă Пазăр; тија пă шо беа биз пари, су ногу борч и ногу нă мăкă бегаа нă Солун. Нă Пазăр и нă Солун не и трчкаа* (гонеа) *зă борч и му се сечише силтă нă бејзте* [МЕ(Р),88]; **не ти сечам акут** (= не ти земам од она што си го стекнал, заработил) ~ *ем вел'але: Виа понапокошнити шо чиниле иден саат, и на них су нас токмо а чинил си, шо тегл'ахми врукината и туварут визден. И он па гувори, да риче на иден уд них: Пријатил, не ти сечам акут, не ти пазарисах пу две грушови?;* – в. **сичýва**.

Сéчи Кáмен top. 'карпесто место од каде што ваделе блокови за правење на воденични камења' [ЈИ,Ми...,193]; во топономастичката номенклатура честа е образувањата од типот: императивна форма + именка (*Сечи Камен*), особено често го имаме запишано (на различни места) топонимот **Прди Којн** (угорничаво место каде што коњот тешко се искачува).

сечко m 'народен назив на вториот месец во годината, наместо февруари' ~– *Амă ни́куј нé ти-пукăжá? – Ех и ти́ стáру áру! ти кăжáх; сти́гă ви́ке ли збуру́вăш: дă-нă-ми́слиш пă-о́ти ти́ мă-нăучи́? – До́бру, до́бру, нивéсту. Ај сéј-си су-здрáве, ăмă-ут-Сéчку ду-Вили́к-дин дă-ткáјш, пуд-ми́шкă дă-гу-но́сиш!... му-риче́ Го́спут и ă-устăви́* [ВВ,310];~ *му даде просино семе: ка го сеа офчарут, са чини едно просо за памет. Ка дојде време да го вăрше,* **коложек, сечко, мартин** *ричеа: "Ад да му го призимме бирикетут, кулко една инка што бере да му уставиме!"* [V,PM,294]; ~ *ка си дуна* **сечко** *ăдин ветар и дош, ка си зафати една* **лапавица**, *хеј море, хеј, чувек ут студено уф мишији дупки да са напике. Бабата сусе кози и јарци бише таман на среди на пăтут* [ТГ,13]; од Гевгелиско за **сечко** е запишана и оваа изрека: ~ **сечко сече, марта дере, април носе кожи да пурдаве** [ТГ,7].

сéпте (сă) impf 'се досетува, размислува' ~ *ај-го то́лко вре́ме и о́ште не́ сă сéште дă-сјóде* [ПК,2-(Гăр),183].

си impf (2. л. едн. сег. време од 'сум') ~ *му вил'á́т на д'ăдуту: é́ти-си стáр ч'ув'ăк, с'ăт' у думá сăс мáлкат'ạ́и* [MS,t,80]; ~ *ги пи́та цáр'у: é́ти ш'то́-си?и́ éја-сă кујиц'и́јаи́* [MS,t,19]; ~ *му вили́: éјá-су Го́рги! ш'о́ прáиш'? кáк-си?и́* [MS,t,86]; ~ *éнăј ут иди́н сá́т' с'éтн'ạ трăгнувáми, си хазăр' да до́ш' сега?и́* (овде имаме пример за оформување на прашални реченици без партикулата 'ли') [MS,t,84].

си pron (< 'се') ~ *и д'ăт'ạнту клáди на-врăх пуртукáлит'ạ мăра смóкфа за да си ни гл'éндат* [MS,t,86] – во текстот прави впечаток линеаризацијата: глаголот и кратката зам. форма се одделени со негацијата: **да си ни гл'éндат;** истава зам. форма (заправо се работи за редукција: **си** < 'се') ја среќаваме и во материјалите од кај Малецки: ~ *фáт'ạхми да си пруми́нами.*

си pron 1. 'неизменлива форма со посвојно значење' ~ *éézли си и тýс синдýч'ạ, нăтр'ạ ти-сă си́ч'-кат'ạ парăл'и́* [MS,t,84]; ~ *и ш'и́ч'ки фáт'ạха да си пл'éскат ранц'ăт'ạ и да ви́кат "ж'и́ту о– Алéксандрус!"* [MS,t,59]; 2. 'во служба на т.н.

етички датив' ~ *и јас там би́х, с'ӑ си до́х* [MS,t,15]; ~ *си до́јдух думá; ~ си умúрам јас* [MS,s,102].

сива́к m , bot. 'кисело грозје' ~ *гро́зди, ш'ту ни уздр'ӑва, ш'а́рину ста́нува* [MS,s,102].

Сива́ка top. (< *сив* + *-ак*) 'дол со карпи со сива боја' – во околината на с. Височен, Драмско; сп. уште: **Сивата Вода** 'извор со "сива" вода', топ. запишан во с. Куманич, Драмско [ЛИ,Ми...,193].

сивјак* m, zool., Coluber 1. 'голема змија, но не е отровна, смок, се верува дека цица млеко' – сп.: мајката кога работи в поле, и ако има бебе цицалче, плашејќи се да не го нападнат *сивјаци* (бидејќи мириса на млеко), зема и некое девојче (*дада*) со себе, за да го чува [ТГ,11 7]; во Серско Давкова запишала: **сúвк** ~ *о́н е сúф, пп-л'а́ф, не са-пузна́ва у-пипе́ло на-пӑ́т; о́н не ува́па, о́н уда́ра са́с па́шката по-сна́гата* [ДС(Ч),141]; 2. fig. 'така се кажува за оној што пие многу течност' ~ *на́што ну́че ци́це али́с си́вик* [ПК,2(Грам),101].

сиври́а adj 1. 'нешто со остар врв' [ПК-,2(15)]; ~ *а́к гу суберме се:нто уд намли́:та, уд ил'ни́ците, нӑ ку́п, та́а гу ви́куме чиле́нк, о́на-ј вӑртле́ста, сиври́а, висо́ка* [ПД,122]; ~ *зӑга́ро-ј* (ловциско куче) *ус-сиври́а му́цка* (уста) [ПК,2(Крец),101]; 2. 'нешто слабо, издолжено' ~ *сла́ба, сиври́а же́на, ус-дӑ́лги кукале́сти но́зи* [ПК,2(Гӑр),133]; ~ *та́а ко́ска-ј сиври́а ко́ска, нӑ-куле́нто сӑ-дӑ́рже. Истина кӑла́м-ej та́а, не́ ви́куме пи́ска, а́с и ви́кум кӑла́м* (станува збор за коската од коленото до глуждот) [ПК,2(Мор),238].

сивчо m 'име на вол – според бојата на влакната'; името **сивчо** го среќаваме заедно со други имиња на домашни животни што се давани според бојата: *калеш* (со темна боја што "удира" на црно), *шарко, црвенчо, арап* (црн); односно спо-ред однесувањето: *лигач* (мрзливец, при орањето легнува), *челеби* (господин), *деспот, оџа ефенди* (господин); уште според роговите: *чурлин* (има прави рогови), *јајман* (има рогови слични на оние кај козата) и др. [ТГ,374].

сивӑко́шница f, zool. 'вид змија' ~ *гла́фта нӑ-не́-ј си́ва, нӑ-сӑ́т о́на-ј жӑлту́нува. Гла́фта се́ ин-е́ј пу-ди́гнина, гуле́ма-ј (кулк) едно́ ме́тро* [ПК,2(АЌ),101].

сига́ (< 'сега' – со редукција) adv 'во сегашно време' ~ *"а́ за т'ạ пу́сна сига́, ама́ гл'е́ј, да му ни фт'е́саш' на та́тку-ти, да т'ạ пукалн'е́ пак да ста́ниш' магар'ạ!"* [MS,t,55]; ~ *е́м си вил'а́ха "такфе́с пилца́ н'е-ма́ми ви́д'ạну дур сига́"* [MS,t,58]; ~ *сига́ дру́гајут и́ш'т'аш'и да ја сла́ӈ'и (да ја сма́ли)* [MS,t,70]; ~ *ги пи́та: "заш'то́ сӑ ка́рати ви?" "За та́с мо́ма, и́ш'тими да ја в'е́ними ж'е́на, ама́ то́ ја в'е́ни сига́!"* [MS,t,19]; ~ *да ја сига́ стана́ касме́т, да ја в'е́на мума́та-ти и да ти ка́ж'а ш'ту ли р'е́ч'и Го́спут'* [MS,t,15]; ~ *сига́ му вили́ на визи́рину: "за ти да́м питна́јси д'е́н'уви мухле́т, да по́ш' да сӑ нау-ч'и́ш' ш'ту вил'а́т н'ӑ́с, ш'ту ги пи́сахни на тифте́р'у"* [MS,t,40]; ~ *"нӑ́ј ут иди́н са:т' с'е́тн'ạ трӑ-гнува́ми, си хазӑ́р' да до́ш' сига́?"* [MS,t,84]; **сега** ~ *царју́т, как га виде ошти момата, га ареса и, за да га чини да стои прет негу ошти мӑ́ра, га пита: "моми, таја удаја дали сега скору га чинихти?"* [V,PM,54]; ~ *не́ верува́ле Чифу́тите за не́го да бе́ши сле́п, да си упули́,*

дýри а викáле на тáтко му и питáа на нúх, да му вéл'ат: Вóа і вáшо сúн, шо вúи вéлехти шо си родú слéп? Кá глéда сéга? [MV,K,259]; и: **сеа** ~ *и вéли на нéгу: Истúна, истúна вéл'ам на вáс: ут сéа нáка ки вúдити на нéбито утворéна, и Ангели Господúнцки да си качýат и да слéват нáврас Човéшноу Сúн* [MVK,302]; в. **с'á**.

сигашин* adj 'нешто што носи карактер на актуелност' ~ *ут тăбијатут нă мал–сăјбијтă му бише вăрsан кăсметут ɩли тăксиратут нă-јарăɱијтă. Амă идно пурăмнувајнă нă тијă гудини су сигашните сă пулјă оти тогăј јарăɱијте нă погулемите мал-сăјбиј биле по арни* [ME(P),85].

сигúч'ка adv, dem. – в. **сигá** [MS, s,102].

сигýр adv 'нешто потврдено, точно' [BV,146].

сúгурно adv – в. **сигýр** ~ *и си-дóшле мáјкạ-му и тáтко-му ọт цăрква и фăтúле дạ-ạ-пáлăт низ-дóма Кýмка-Кạлúчка. Кạ-видéле дéка ạ нéма нúкăде, сднáле двéте дạ-рýчăт, и ричéа: сúгурно ọтúде да-си-úгра су мóличките* [BB(Крон),315].

сид'á adv 1.'само' ~ *тój-и р'éч'и : "хýбајạ! сóпразни гул'áмата бăнчфа вúнуту ... сид'á да мóжиш', да ха клад'éш' у бăнч'фата!"* [MS,t,68]; ~ *"слýш'ај, заш'тó кóж'а нас, заш'тó илáш'и три ч'éтир д'ăцă, зарáт тузú сид'á куж'áта ја зарúха"* [MS,t,41]; ~ *цáр'у му пăк вилú на визúрину: "тóс умр'ăнт, умр'ăнт јú? ú куж'áта му ја кáрат сид'á?"* [MSt,39]; ~ *гу удрú инá калăч'ка на кăрăсту и гу заминá ш'úч'ка калăчката, амá д'ăт'ạту Катúнч'у ни пáдна сид'á р'éч'и: "óх сăрциту м'ạ забул'á!"* [MS,t,39]; и: **сад'é** ~ *им'ăш'и у нас кăш'та сад'é идна бáба* [MS,t,84]; ~ *фáт'ạха да брăкат, д'е úма óда; нáјха сад'é идúн бунáр* [MS,t,86]; 2. 'единствено' ~ *пурăнч'ува: "да ни гл'éдаш', мăнц'и, млóгу скăмпа ґулнýк, ýтр'ạ за сă нáјди пóскăмпа ґулнýк; сид'ă ајлáк да ни с'ạдúш' "* [MS,t,47].

сидéло n 1. 'пригодно место каде што кокошките сневаат јајца – гнездо' ~ *лéже тáм пуд-ăнă-сéнка, ко:-пýле ăну-пúле цúфка нă-ăнă-дăрвúче и вó ко:-си-фăрле óчите* (погледнува), *пýле тáму ăнă-змúа сă-дéбе ду-сидéлту дă-му-ј-зéва пилúшчăта* [BB(Крон),312]; ~ *станал, кинисал, одеки, одеки, го нашалселто, препалал и нашал, а фатил цăрната кукошка, си а носил дома; и правил сидело. От неколко време напкум снесела кокошка неколко јајца* [V,PM,273]; 2. fig. 'дом за живеење' ~ *да ричé на нéгу: Аку ми а милýва нéкуј, и прикáзната ки а чýа; и Тáтко ми ки гу милýва на нéгу, и кăд нéгу ки сми удéле, и сидéло ду нéгу ки чúними* [MV,K,320]; ~ *"Оти, Петре, така прави, [ма устави самасамуница? [који на деца мирам* (воспитување, наук) *ки даде!? [така ки се мăчат и путиркат, [сите деца татко ки си чекат, [твојте деца грејни пилци, [грејни пилци бис сидело"* [ТГ,263]; ~ *дéк к-óјш кá тé-ј тýк сидéлто* [ПК,2(Гăр),101]; 3. 'дупка каде што се крие змијата' ~ *еднó вр'áли, éв гạ змúатạ дóвạ, ọстáвạ тáм парúти и с врáштạ. И-тúạ пọ-нéạ, пọ-нéạ, гạ-вид'áле у кój бạúр, уф кóи м'áстọ. Н'áкọи дóлче тáм, дéкạ и бúлọ сдéлọтọ, дéкạ óди* [ЛС(К),129]; 4. **на сидело** 'начин на ловење птици' – така се вика кога децата ќе откријат некое гнездо до него ќе стават *примка*

(направа за ловење птици приготвена од влакна од коњска опашка) [ТГ,388].

сиде́лце n, dem. – в. **сидело** ~ *си-има́л адно́ Ќо́с-Кусу́ле и си-прӑви́л сиде́лце н-адна́ дӑби́чка. Та́м си- снисе́л три́ ја́јца и си-л'упи́л три́ пили́шчичка* [ВВ(Крон)313].

сиде́нка f 'собир на млади луѓе навечер, особено зимно време, во некоја куќа и тука го поминуваат времето во разговор, шеги и песни' ~ *цӑро вика́л зӑ-нӑ-сиде́нка д-о́дат, си́те сӑ-збра́ли. Вика́л цӑро: "Ба́бо да:-дука́риш ти та́: мо́мата". "А, вика́л, не́м мо́ма бӑ-че́до, не́м ни́кӑква мо́ма"* [ПК,2(Пл),260].

сидилиште n 'кошара (или сандак) во кој се сместени пчелите, тоа е нивно *сидилиште*' [ТГ,400].

сидиро́сва* impf 1. 'притиска, мазни' (пр. со пегла); 2. 'удира, бие' [ВК,146].

сидифлија* adj, indecl. 'нешто направено од седеф' (украсна материја, ја вадат од внатрешноста на некои школки) ~ *ако ти ја дадат, мила ле мале, [поскоро абер да чиниш, [море да растурам ветки куќи, [да направам висок сарај, [мори пинџерки му сидифлији, [а пирдијна кадифилиј* [ТГ,97]; придавката **сидифлија** ја среќаваме во описот како младичите (ергените) во минатото се облекувале со: *мор дулама* (кошула, со светло-сина боја) *сус сидифлиј купчијна, свитин илек, џамадан, појас, бели барнавези* (вид панталони), *бели чурапе и папуци* [ТГ,134]; ~ *мома стоје јов градина, [в рӑци дӑрже јогледало седефлиа, [јогледуве мома бело лице, цӑрни јочи* [ИГ,107].

сидумна́јсет num '15+2' ~ *има́лу ину-вре́ме ину-та́тко. Же́нӑ-му умре́ла. Има́л инӑ-чу́па ут-сидумна́јсет гуди́ни. Чу́пӑта но́гу и́тра би́ла. То́лку и́тра шу-би́ла, дӑскӑли́цӑта ӑ-сӑка́ла* [ДК(Дур),147].

си́ир (и: **сеи́р**, односно **саир**) m 1. 'весела забава' ~ *от тамо пак влезоха у гимиата, фатиха да прајат ката ден по един марифет, хождаха ката ден свјатот сăир да глендат. Стана един ден и царјут отиде да гленда џумбуш* [V,PM,212]; ~ *и пре́ма̨ п'а́сна̨та чу́ка̨, и ќ засви́ри и ќ заста́ни. Он ќ збо́ри па́. На-при́мар. Ама̨ на-се́дини, то́а се́ир. На-се́дини, не́ на о́ро. Џумби́ш на се́дини* [ЛС(К),122]; 2. изр.: **си чи́ни се́ир** (= се забавува, прави нешто да му биде интересно) [ДС(Ч),106]; **си́ир чи́ни** ~ *и бабата му и рекла: "сину, утри как да и, хабар ти давам јаз" И така бабата утрината излегла с куконата да седи на пенџјарите, и сиир да чинат* [V,PM,165]; ~ *една́та и́маши прет не́ја јарибу́ица со́с де́вет јарибу́чки, на́ тапсја́ игра́иха, и тја́нака на́ гирге́ф ве́зиши и си́ир чи́ниши* [V,PM,135]; **си́ир му сӑ гл'е́нда** [MS,s,102]; односно: **пра́вам сеи́р** (= посматрам забавен настан) [BV,142]; сп. уште: **саир-оро** – на празникот *В удици* младоженците одат на ручек кај кумот а потоа заедно на сред село на *саир-оро* [ТГ,25].

сиизин m 'тој што се грижи за коњите, коњушар' ~ *го ублекоха н'амојут, гу сториха голем базиргӑнин, му дадоха и един гол'ам чибук на ренката. Кој хождаши на удајата му, го виждаши ч'унки пак тес троицата: единојут му беши кафеџиа, второјут сиизин, третојут ахчиа – му готвјаши маџи* [V,PM,177].

сијме́н* m 'полицаец, односно чувар на родот во полето' ~ *му ве́л'ӑт: "а бре́ ти зашто́ гу отепа́ о́нова џифаирџиа тога́с на гора́та? Ади*

е́ла, сега́ ти и́ска паша́та!" И така гу собра́а сијме́ниту, гу закара́а на пашо́ф кона́к, гу затвори́а [V,PM,27]; ~ *тоа, зиме сејменут и отиве прво на один пријател' и му вел̀е: "Чини ми се кефил', оти ќи ме затфорат!" А пријател'ут му одгуворил: "Не можам да се чинам!" Така ходе и на фториут и на третиут* [ШК5(432)].

сијменче n, dem., в. **сијме́н** ~ *на којн трева жнијала, [Велико мори, [дека жнала заспала, [срп пуд глава кладела, [сус трева са пукрила. [Јутад иде сијменче, [Велико мори, [право тегле в ливади* [ТГ,345].

сијнакувица f 'поголема бронка, чир, што помодрува и многу боли' [ТГ,244].

сијнојок* adj 'со очи што ја имаат бојата на небото' ~ *тамо има... [две нивести изметчијки, [ду две люми за глидајне; [једната је црнојока, [а друга је сијнојока, [сијнојока чакрѓозли* [ТГ,53]; ~ *"Книга ми е дошла, млада чорбаџијке, [книга ми је дошла уд моја ми мајка, [оти ме армаса и оти ќи ме жене". Тоги што му веле млада чорбаџијка: ["Оти не ли кажа, Тодоре, на мене, [уф мене има Тодоре, до три ми алаџки: [сакиш црнојока, сакиш сијнојока"* [ТГ,157].

Сијнто Мора top. 'Јадранско Море' ~ *уд кăда ветăрут* (= север) *мегјата на полјто-ј туку речи кăто права бразда изурана ут Солун до Воден и гора долу ода пу една трага су друмут устанат оше уд елимцко време и вăрва ут Солун на Пазар истул пуд Пел, напкум на Воден, Битоља и Драч и ги вăрзува Сијнто су Белто Мора* [МЕ(Р),72].

сикаџи́ја m 'тој што сака да прави шеги – шегобиец' [BV,146].

сики́ра (сă) impf 'се грижи за нешто, се нервира' ~ *сă-сики́ра нă-ца́рут де́тто. Ко́лку о́де – услăбну́ва де́тито. Ма́јкă-му ве́ле: "За́што та́ка бе де́те, услăбну́ваш?"* [ДК(Дур),149]; ~ *ус-не́го нă-мо́ж сă-răспра́ве се́кој, о́н не́ сă-сики́ре* [ПК,2(Гăр),155]; ~ *и о́ни о́дма му-се-нафрли́ле на-малéчкото ку́че. Арно а́ма то́а би́ло но́го л'у́то и си́те офча́рски кучи́н'а са-разбега́ле. Га́здата на-ку́што мукажа́л на уфча́ро да не́ се-секи́ре* [ВГ(Мир),273].

сикирација (и: **касавет**) f 'голема грижа' – називот **сикирација** го сретнавме во описот на болеста **блидица**: летно време кога се работи во голема прашина (пр. кога се врши жито) се случува на оние што работат да им се појават големи меури кои што многу србат. Таа болест во Гевгелиско ја викаат **блидица**. Од друга страна има верување дека **блидицата** се јавува од *сикирации* и *касавете* (грижи).

Сики́рник top. 'име на село во Струмичко населено со бега ци од Кукушко; тăму вршевме дијалектолошки анкетирања' ~ *Но́во Се́ло изго́рно. Адна́ кăшта не́ма, сѐ изгуре́ли гăркуми́нто, са́мо цăрквăта биле́е. Дуј де́ме ф-Сики́рник, пăлно бижа́нци. Дуј де́ сăбăта, кăжа́а к-о́јме пăза́р* [ПК,2(Мор),221]; ~ *ка́ кăжа́а о́ти о́фците дуј де́ли уф-Ри́ла, та́тко сă-вăрна́ ут-Со́фја, уд де́ уф-Ри́ла, да-ви́де ко́лко о́фци, што о́фци устăна́ли. И, ут та́м ги зака́руват о́фците, ги-врăштат па́ тăка́. "Ќи-ш-о́јме па́ до́ло", си ви́кăхме, и дука́рат уф-Сики́рник* [ПК,2(Пос),292].

сиктер изр.: 'бегај одовде, да не те видам' [BV,146].

сила f 1. 'можности – физички или умствени' ~ *Царју́т тебика сака*

напрет да ти тури аф казан'ут нетри, да си кăпиш аф мл'акуту, затова немој ти е страх! Скини от мојата чанба три влакна да ги вăрзиш на големоју ти прăст, и така ке да имаш голéма сила [V,PM,47]; ~ *нá цáрчината твóја úма сиромáси и богáти, штото сúчки плáштат еднá даванúна; не трéбува такá да чúниш, зашто́ кату слáбите добúци са и сиромá-ситу, та спрăти сúлата да си фăрли и даванúна* [V,PM,115]; ~ *бари да ти кажими: 'аку га најдиш да спиј, гледај да ја закачиш за косата ú, та да нема сила да са врати, л'у аку га фатиш от друго место, ки ти изјади!* [V,PM,52] – во текстот прави впечаток употребата на предлогот **од** место 'за': **аку га фатиш от друго место**; 2. 'напрегања, влијание врз срединатá' ~ *сеа кăту шо сă утвури лăкăрдијтă зă субăштă не ки бидă лошо да зăпузнајме тро повичкјă су негувут авăле и су силтă му* [ME(P),90]; 3. 'голема горештина, силна температура' [MS,s,102]; 4. изр.: **му дујде сила** (= закрепна, стана силен) ~ *са утдели ут них малце, си дукара на умут: "сеа да ијăм силта на дефут!" Му дујде сила. Една едра тупола имише тамо, фати а искурна* [V,PM,296]; **уф-сúлта-j**: **а.** 'се кажува за млад, силен човек' ~ *дéк мóјш ти ус-нéго, óн уф-сúлта-j*; **б.** 'кога болеста ќе земе замав' ~ *дéтто о-фатú бáб-шáрка* (сипаница), *сá-j уф-сúлта* [ПК,2(Гăр),208].

Сил'ámскạ top. 'име на место во Демирхисарско (с. Чифлицик)' ~ *Срáшнạ рабóтạ д'áте!...* (автентични сеќавања – збор за егзодусот на Македонците од Серско): *Остạнá-ни тáм рóднатạ ни гạ рмýдạ сăс двé кăшти, плéвнạ, ахăр, éсли, тăрлọ, ạмбáр, sạsúдан клáдник* (бунар), *цáлиọ имóт сạс двóрọ, ạвлú(j)ạтạ, нúвите уф-Окóпите, Орéọ, Цименти́ранóтọ, Кạмилáркạ, Брéстọ, Чáргọ, Сил'áмскạ, Стạ сиóнọ, сè нạ сè шисна́есе и-пóл дкáри, ọстạнáа идúн нáсạд ọт смóкви, лóзạ, вúтки, тọпóли, трú ил'áди килọгрáми чнúцạ, ч'énкạ уф зăрнọ двé ил'áди килọгрáми, ăрж óсạм стутúни кúлạ, јạчмéн двé ил'áди и пéнт стутúни кúлạ, фạсýл' пéнт стутúни кúлạ, иднá кубúлạ, двé крáви, чтирúис и пéнт óфци...* [ДС(Ч),168].

сил'áх m 'оружје' [СК,335].

сил'ахлáк m 'кожен појас на кој се прицврстува оружјето' [СК,335].

сúле impf 'тера, убедува некого да стори нешто' ~ *а-пă бáтă-му викáл: "А, нúм бă-брáто, дóбруто сé-j дóбро, злóто сé-j зло. Злóто нé-j ýбуво дă-гу-нăпрáве чувéк". "Нé, áс вúкум злóто-j дóбро" – сjá гу сúле ѓáвуло* [ПД,165].

силимéт m 'нешто угодно, корист' ~ *иднá жéна имáла бóлка да крăф му течéла дванáдесет гудúни, и нóгу сă мăчú ут нóгу лекáри, и му давáла сăто имáњо шо имáла, и нúшто силимéт не а видéла, тукý на пóлóшо му си чинúла* [MV,K,324].

силимикија f 'средство за прочистување на стомакот' – сп. народско лекување: за *сурмек* се зема: *рачиново* (рицинус), најмногу *силимикија* (шарматеј) што се вари со суви сливи, а потоа се пие (денот кога се пие **силимикија** болниот не јаде ништо освен чорба од ориз) [ТГ,229].

силин adj 'нешто (човек, животно, но и друго, во случајот: **вогин**, **ветăр**) што се одликува со голема јачина'

~ кинисал оттамо чобанот, отиде неколко саати пѐнт и, га гленда, отпрајт него си запали еден силин вогин, пламин здига дур на небету [V,PM,175]; *~ отад иде лудо младо, [дури силин дури вилин. [Ка се вије, ка се крше, [куту прчка царничкова, [куту гранка мандалова* (бадемова) [ТГ,177];*~ На́пкунта то́а ко-му-и-дадѐл ти́е ја́јцата му-ре́кăл: "Ќо́иш на-ти́е ка́мăјнто, ќ-и-ква́ч". Мисте́ќи-се ут-студини́лто (имѝало си́лăн ве́тăр), ни́кој ка́мăн сă-истăркáл'ăве* [ВГ(Г),274]; *~ ги пита: "варај, моја мила дружина, што и тузи врелија, што и тос силин ветăр, што дуи фуртуна?" Те му вел'ат: "еба ти торлачката глава"* [V,PM,179]; *~ и кату шеташи тојнака, дăхна силин ветăр и му гу зема кадроту. И да тихиса кадроту да падни на таткувата му кăшта и л'у га зема царјут, га позна ча е Цăрнодрехин кадру* [V,PM,52].

силну adv 1.'брзо' *~ кубилата фатила да вика, как викат, знаете, кубилите, и сос това викани кажуваши на жрјапчиту: "синку, нелој толку силну ходиш, ча тинака носиш два души, а јазика носам четри"* [V,PM,81]; *~ и е́ту еди́н господа́р голе́м а́с една́ каро́ца со́с че́три ко́ни опре́гнанти, со́с куши́а* (трчање) *дохо́ждаши. Тогá де́тето излезе́ на́ пăтју, ко́лко си́лни хо́диха ко́ните ги запрја́* [V,PM,152]; 2. 'кога нешто се врши снажно' *~ зело лудото да сфире и на часо сички фного силно са разиграли; рăшницето на попо, копано на пападиката фанали силно да пл'ускат. Зафашчат да викат: "Бре стој лудо", до кату најпосле престанал сфиренето* [ШК,5(421)]; *~ уде́јки гу-срăтна́ли дру́ги вăлци и му ве́л'ăт: "Шо́ тăка́ пубра́тиме, бис па́шка го́ре-до́ло сă-ше́тиш?" И фăти́ли да́-му-сă-сме́т ко́лко мо́жăт си́лно* [ВК(Пат)]; 3. 'фрли нешто со јак удар' *~ она му вели: "ним бериш гајле, мажу! таја работа колај има. Кога ки влезиш во кралув конак в удајата, тал да ги туриш силну на бун сос кошницата, они ки си разбијат"* (јајцата) [V,PM,243] – познато е дека во овие говори негативен императив се образува со грчката честичка за негација, но глаголот се јавува со наставките за презент (а не за зап. начин); во контекстот среќаваме комбинација: партикулата за негација е македонска, дијалектна: **ним** (< немој) додека глаголот, сепак, ги има наставките за презент: **ним бериш гајле**.

сил'о́син adj 'се кажува за човек што е многу слаб, туберкулозен' *~ бо́лин, чи́ниш ќ-у́мре* [ПК,2(Гăр),101].

симина́р* m 'тој што продава семе од свилена буба' *~ Ки-ми́нат симина́ри и ки да́ват кути́и ко́ј ка́к ки и́ма ли́с да-и-ра́не* (бубите) [В М(Стр),317] – еднинската форма 'лис' е употребена со значење на множина: **ка́к ки-и́ма ли́с да-и-ра́не** (бубите); *~ ка́ ки-до́јде Вели́гдин, ки-си-и-кла́јме ти́е кути́јте, ки-ј-ту́рме у-идна́ кра́пче, ки-ј-зави́јме и ки-си-гу-дăржме на-то́пло то́ се́ме шо ки-гу-зе́лме ут симина́рут* [В М(Стр),317].

симѝт m 1. 'мал бел леб, обично засладен, пециво' [BV,144]; *~ синчато кога било ошта маличко, питала го: "Да си имаш, брача, пари, што ќу си купиш?" – "Симит, сăстричко", хи рăкло* [V,PM,291]; 2. fig. 'убаво, бело, негувано лице' *~ шо́ и́ма ади́н убра́с, али́с симѝт* [ПК,2(ДРаг),101].

симѝтче n, dem. од **симѝт**, в. таму [BV,144].

Симитли́а top. 'месност во Пиринска Македонија' ~ *удѝме ду Крéсна, ус-чи́ко сă-уддили́ме п-а́јн пắт зăкóјне шó о́т, мăгăри́на шо-о́т, нă-втóрјо дéн пá сă-нăјдéме сăстáтко, мáјка, тáм кắде Симитли́а* [ПК,2(Мор),219].

Симитчи́ка f 'жена којашто припаѓаа на семејството *Симитчи́ци*' [ПК,-2(101)].

симне (и: **слимне**) pf 1. 'пренесе нешто од повисоко, на пониско место' ~ *слези се доло јов јудајче, [земај си тенката пушка, [јодај си јов гора зилена, [палај си* (бараj) *извор студна вода, [копај си бразда длăбока, [слимни ја доло јов чаршија* [ТГ,212]; 2. – **(се)** ~ *"Симни се ле доло, млада чорбаџијке, [уд вишни дивани, акут да ми платиш, [акут да ми платиш, што сум ти рабутил, [што сум ти рабутил три гудини"* [ТГ,157]; ~ *ви́й пăк ут вăртúчката и зăу́шăвăт брáтјата от стóат вóнка, и ви́кăт, нé ú̀ăт. Сă симнáл вóа дóлу и зéме и дунéсăве, ѧдúн по ѧдúн и извăрвăве* [ИГ,114].

Симóн* м. библ. име (според изговорот во Солунско) ~ *па óн а флéгал уф идно́ кáик, шо бéши ут Симóна, му пúта на нéгу да гу влéчи мáло нúшто* (нешто) *пу сýхуто* [MV,K,272]; ~ *ká си папсá ви́ки да прикажýва, ричé на Симóна: Влéчи го сéга на дăлбóко, и фăрл'áјте грúпот* (рибарска мрежа) *вáшо да лóвите* [MV,K,272] – во контекстот среќаваме посебност во редот на зборовите, атрибутот во постпозиција во однос на именката: **грúпот вáшо**, освен тоа и несоодветна конгруенција: именката во машки а заменката на која се однесува во ср. род.

симсилé n 'род, потекло' ~ *нóго лóшо симсилé сă-Вáрнăли-фте*; ~ *ут тóо симсилé нéкум снáа áска* [ПК,-2(Гăр),101; 109]; и: **сăнсăле** ~ *кáквó сăнсăлé-ј тóо, кáквá чудба сă-пугудú* [ПК,2(Грам),109].

си́н m 'лице од машки пол во однос на своите родители' ~ *Тój имáш'и и идúн си́н, Икарус гу ви́каха* [MS-,t,58]; ~ *нé верувáле Чифýтите за нéго да бéши слéп, да си упулú, дýри а викáле на тáтко му и питáа на ни́х, да му вéл'ат: Вóа ј вáшо си́н, шо ви́и вéлехти шо си родú слéп? Кá глéда сéга?* [MV,K,259]; и: **сан** ~ *цáрјут от мáра дни сетне са беши разбол'ал от тешка болка, падна четиредесјат дни болин и после улрја. Устана санот на неговата столнина* [V,PM,195]; ~ *тамошнјј цáр са случи да ýлрри, и останáло санот му на цáрчината. И на онúа дни úлаши кавгá* (војна) *сос дрýг цáр, беши собрал ојска* [V,PM,9] – во лексемата: **санот** (синот) имаме развој на стсл. глас ы во 'ă', односно 'а', оваа појава ја констатирал А. Шопов во селата Сухо, Висока и Зарова и ја соопштува во "Периодическо списание" (Софија) уште во 1885 г.; ~ *Аку Бóк дá вéле, си́нко нăдéк óдиш тú* [ПД,147]; ~ *тогас бабата, кату гу виде таков прилинет, оружен, му вели: "синку, тези дивојки не са за тебика; л'у кога сакаш тинака л'уба, јазе да ти најдам"* [V,PM,9]; ~ *кату чý цáрјут нéговото јунáчво, гу земá на конáќут му и му вели: "си́нку, еднá мóма úлам. Ела да ти чúнам зéт и да ти úлам кату чéду"* [V,PM,22]; ~ *тúдаа и тé на пашáта, му вéл'ат: "пашá ефéнди, нúа татку ни от тéби гу úскали, на твójта зéмја са*

загуби́, ни́а н'а́ зна́ши друг". Тогáс пашáта им вéли: "сáбур чинéјти, си́нку, јáз пуснáх л'у́ди да тéрат" (бараат) [V,PM,27].

син' (и: **сијн**) adj 'нешто што има небесна боја' [MS,s,102]; ~ *кату чу́ такá арáпинов бáрза кóн, еднóч скокнá дури на си́н'у нéбо и гу фáрли́ арáпинат на земјáта. Му пукнá злáшката, оти́де на дјáвола* [V,PM,117]; ~ *дејна мисл'ум, ноќа сонум; [на вичери ми тикнуве, [дур залуг ми залигнуве, [фил'џан слáзи сурунувум, [сијна риза јутупувам* [ТГ,368]; ~ *и оталу кату сос крила и летнал по син'у небе, да беши изл'ал на едно широко поле* [V,PM,184]; ~ *áм да всади́ш еднá топóла, што́ и́ма на Чингú-дилибéјан двóр, – вáрховету на си́н'у нéбе сти́гат* [V,PM,142]; ~ *мáјкә и́ зә тä пòдари, [тéнкә кошу́л'а лéнена; [сéстрә и́ зә тä пòдари, [си́н'ә ри́зә взáнә, [брáт и́ зә тä пòдари, [чи́ф пишто́ли дә мáташ* [ПсС(З),75]; ~ *и кату оти́ваа на пáтјут, Кира Мáргу нá цáрјут му вéли: "цáрју сва́ту, јáзе поná́прет ки си и́дам, хазирлáк да чи́нам". Ви́а дека ки ви́дити си́н ди́м, чéрни кáдови, царвéн плáнин, тáмо да дóјдити* [V,PM,140].

си́ничук* adj, dem., в. **син'** ~ *óни сă-си́нички, си́тнички, али́с муни́стра* (станува збор за плодот: **глугинка**) [ПК,2(34)]; ~ *кýкуфто гро́зде-ј ди́ва ки́тка, га и́ма и уф-пóл'то и уф-баи́ришта. Ни́ско рáсте, ус-си́ничко груздáче цáфте* [ПК,2-(Грам),61]; ~ *тá-ј трéва ус-си́нички ки́ткички, ли́чат нă-карáнфил', рáсте уф-жи́тто* [ПК,2(Гăр),101].

син'а́ (и: **сини́ја**) f 1. 'ниска округла маса, служи за јадење, односно за сучење'; со исто значење: **суфра́** [MS,s,102];... кога се користи луѓето седат на земја, бидејќи *синијата* има ниски нозе; сп. **трапеза** [ТГ,174]; ~ *гóзбăта нóго áрно зăфăти́ла, áма лóшо свăрши́ла, éве зăшчó: Тăмáн зăфăти́ла рáдуста и тăмáн си-клăдéла сини́јта зăрýчăк, пóпут гу-викнáл нă-пáнто дéте и му вéли: "Слýшăј, мóлче, ти-си-нóго пáн чувéк и мóжи ќи-знáјш дă-ми-удгувóриш"* [В(Кал),-293]; ~ *ки-си-нàбéриш кăпи́на, ки-си-нàбéриш ли́сте и ки-си-стáвиш. Сéмто шо ки-пл'ýске, шó ки-сà-рóе тó, ки-си-клáвиш иднá нóвина нàтó едну-óдăрче и́ли мáса, тóгин бéа мáлце* (масите) *па мóжиш насини́ја, нà-шó би́ло* [ВМ(Стр),317]; 2. 'подарок до свршеницата, ставен во тепсија, завиткан во бовча' ~ *сини́а пуштýват руднúнте нă-ą рмáснико ду-мóлта – ąрмáсницта (зă-прáзник)* [ПК,2(Гăр),101].

синáва f 'синевина' ~ *пóл'то-ј синáва ут-тимину́шки* (сп. уште: *дăрвата сă-цăрнáва ут-чáфки*) [ПК,2-(Гăр),101].

синап m, bot., Sinapis arvensis – со семето од ова растение се лекуваат болните коски *("раматизам")* на следниов начин: откако ќе го истолчат семето, го стават на некоја крпа на која претходно има намачкано тесто и потоа крпата со *синапот* се става на болното место [ТГ,229].

синдирмé n 'јагне што постојано оди по својот газда (како што тоа го прават кучињата)' [ПК,2(101)].

синду́ќ* m 1. 'ковчег' ~ *кугá ја гл'éда óш'ти врăзана му стујú; гу з'éва нузú ч'увré, гу клáва на дăнуту на синду́ку* [MS,t,35]; ~ *д'é да м'ą скрúј ж'инáта сă ч'ýдиш'и, м'ą скрú у синду́ку н'éтр'ą* [MS,-t,11]; ~ *Кăрáјанăвта кýка бише тăквá: кă ќи флéјш уф кýкта, нă*

дéсно и́ма удáјка (зạ гóсте), нạпрáво трéмче, нă лéво килáрче. Килáрчто за синду́цте, пустéл'та нăридéна тáм [ИГ,119]; 2. 'сандак во кој се реди тутунот пред да се врзе во денкови' ~ *и и́ди с'éтн'ạ динки'и́јата да гу стóри д'éнґуви, з'éва ч'у́луви и сиц'и́м'ạ и синду́ку ут динґáсувáниту* [MS,t,5]; 3. 'ковчег за мртовец' [MS,s,102].

синду́ч'ạ n (dem.) 'ковчеже' ~ *му стóри иднó синду́ч'ạ и му клáваш'и хакóт нăтр'ạ у синду́ч'ạнту* [MS,t,81]; ~ *éézми си и тýс синду́ч'ạ, нăтр'ạ тисă си́ч'кат'ạ парắ'и́* [MS,t,84].

си́нка f 1. ~ *тáа-ј брýнка, ќи-пусинée, сéтне ќи-дáа áјн бурýн гнóјче. Кá-ќ сă-скáпе тáа гнóјчта, си́нкạта пулéка, пулéка, зéме сă-гýбе. Си́нкă-та-ј лóша брýнка;* 2. fig. 'мал, но зол човек' ~ *ус-тáа си́нка да-нé си-и́миш рабóта* [ПК,2(Грам),102]; в. **сијнакувица**.

си́нку m, vok. 'обраќање од повозрасен кон младич, односно кон дете' (не мора да се во роднинска врска) ~ *а-питáл бáбта: "Ќи-тă-пи́тăм, бáбу, шó лăска прику вá тýмбăта?" –"Си́нку, рéкла бáбăта, тáм жи́ви лáмјăта шо-тувăднéкни ă-рáни́ ти́"* [ВВ(Крон),312].

синоќа adv 'вчеравечер', в. **сноштн** ~ *дека жнала заспала, [срп пуд глава кладела, [сус трева са пукрила. [Јутад иде сијменче, [Велико мори, [право тегле в-ливади, [рипна мома да беге, [и пу неја сијменче: ["Пустој моме, не бегај, [Велико мори! [Синоќа бев јов вазе"* [ТГ,345].

синди́р m 1. 'железни алки споени една со друга, верига' ~ *сă бури́л'е оште и Јарắм-Минăрéто пăпсáл. "Нă мóжум, рóп сум на тéбе, ќулé" (роб). Сă прăдáаве и гу вăрзýве зạ врáтут ус синди́рут зạ кóјнут, кини́сăве* [ИГ,113]; ~ *тóгăј дéјто му-удгувори́л нă-пóпут: "Дéдо пóпе, прóсти ми, áма тó: нé-ј ни́шчо; sи́нгăр-ви́нгăр – му-вéли дéјто пáк нă-пóпут – ќи-си-кáжи кóга нéкои синди́ри и ăнгóрăме у-рắка и ни́шчо дрýго* [В(Кал),293]; ~ *нạ ýтрăта дéн си-ј зăвóдăве двýјцта. И вăрзýве зạ кóјнут сус синди́рто, сă кăчýве он нạ кóјнут и кини́сăве. Оде дéк а устạви́ прăвнạта дујна́-ґузили́јка* [ИГ,114]; ~ *момăта казала: "Остави тука кучин'ата". Детето и́ речело: "Зашчо да и́ оставам? Господ ни дал и офце". Седне* (во другите материјали: *сетне*) *и́ остави кучин'ата. Она и́ врзала со синдири јаки – му кладела на ушите бубаќ* (памук) *за да не му се слуша* [ШС,-5(414)] – во контекстот прави впечаток линеаризацијата, атрибутот е во постпозиција во однос на именката: **синдири јаки; 2.** изр.: **синди́ре ќи-ски́не** (= со преголема упорност сака да го постигне тоа што го наумил) [ПК,(Гăр)].

си́нче n, dem., vok., в. **син** ~ *једнá жéна нимáла-си пиристи́й, нé знáм дáли ви́ќте сјáа. "Бре́ си́нче, нá-ти тáа кирфи́јчкăта* (клинец, шајка), *óди нă-кувáчо дă-нăпráве аднá пиристи́й, да-ми-дунéсиш нă-мáма"* [ПК-,2(Крец),302]

си́нчец m, bot. ~ *тá-ј трéва ус-си́нички ки́ткички, ли́чат нă-карăнфил', рáсте уф-жи́тто* [ПК,2(Гăр),101].

си́он m, **си́он** pl. 'странични дрвца на кои се потпираат страниците на коњска кола' [ДС(Ч),63].

сипаница f – в. **си́пка** ~ *от афоресмоту сетни не проминали млогу дни, дојде на селоту една болика, и она не беши болика ка болика, туку била сипаница; и заедноч са фати от сиромахувата кăшта* [V,PM,39].

Сип'е top. 'место каде што земјата се *сипе*, се рони' – во реонот на с. Белотинци, Драмско; топоним што често се среќава [ЛИ,Ми...,194].

сипе́т m 'домашна направа од плетени гранки, кош' [ПК,2(АЌ),101].

сипе́тка f 'корпа' ~ *пле́тна-ј кут-ко́-шуфто, а́ма не́-ј то́лко дъ́лбо́ка. Уф-н'а́а въ́лната пе́рахме* [ПК,2(АЌ),101]; Малецки запишал: **сап'е́тка** 'кош, кошница' [MS,s,100].

си́пе* impf 1. 'полива (пр. вода)' ~ *и тогас рече"теп'тер", и си раскачиха сички, си содръ́заха; познаха оти он ги чини тиа работи, гу заклаха. Нивјастата плач'аши за негу и отиде, му собера снагата му на едно и му сипа жива вода, и тојнака ужувја* [V,PM,98]; 2. 'става' ~ *"Ej бо́зъ́ши", викну́ве. "Што́ и́ма бе́?" "Оди вам, ръ́че́. Имаш-ли бо́за?" "Имум, ръ́че́л, пъ́лни-си бъ́рдаците". "Си́пи, ръ́че́л, нъ́-си́те пу-една́". Туру́ве пу-една́ бо́за, му-да́ве една́ шъ́ка́ пъ́ри́* [ПД,150]; 3. 'истура (пр. зрна, жито)' [MS,s,102].

си́пин adj 'тој што боледува од болеста *сипаница* (баба шарка)' [ПК,2-(Ал),101].

сипиничаф adj 'тој што на лицето има траги од болеста сипаница (сипка)' [ПК,2(Ал),101].

си́пка f 'кожна болест, најчесто кај децата, сипаница' [MS,s,102]; ~ *извадиха децата му сипка, ама не толку тешка. Ади сетни на братовата му къ́шта извадиха млогу тешка сипка, и му умрја една мома* [V,PM,39]; ~ *после две-три дни фатиха да му услекнуват* (умираат) *добиците, и едно дете от млогуту сипка, што имаши, дури веки кокалиту му са гледаха, ама ниту оправаши, ниту оздравјаваши* [V,PM,40] – во контекстот нема пример за "обратна редукција" **у** > **о**: **омира** место 'умира'.

сипка f, zool., Fringilla coelebs 1. 'мала шарена, појна птица'; кај Саќов "стрчиопашка" [СК,335]; 2. fig. 'мало, ситно девојче' ~ *а́дна си́пка-ј, и́ма али́с ста́ро гуворе* [ПК,2(Крец].

си́пува* impf – в. **сипе** 1. и 2.; во заглавниот збор (**сипува**) има пример за проширената употреба на имперфективниот суфикс **-ува** кога се придава кон несвршени глаголи; ова појава е констатирана и од поранешните истражувачи на долновардарските говори.

сира f 'време, момент, ред' ~ *как го удри, зема го, примениха, јунакат го чиниха зент, ги венчјаха. Така чини и стредната. Доила сира и на нај-малката* [V,PM,159].

сира́к m 1.'дете без родители' ~ *на гудйната па́дна, умр'а́ и та́тку-ми и си устана́х сира́к* [MS,t,87]; ~ *"Аман, Петре, милин ступано, [ка кајдиса, ка на устави? [Оти, Петре, така прави, [ма устави сама-самуница? [који на деца мирам* (воспитување, наук) *ки даде; [на сираци леб ки даде!?"* [ТГ,263]; 2. 'немоќен, беден' ~ *се́днаха на ре́т, фати́ не́говата л'убо́вница да гу ба́ра, да гу инџитисува на тра-пе́зата, ама тој сира́к мъ́лча́ши, ча царју́т, хизмика́р што са чини́ на не́гу, имаши една́ причи́на* [V,P-M,10]; ~ *тојнака им вели: "што да не плача, братќа мои? Кесето сос парити ми падна аф реката. Кату немам къ́смет сирак, што да чинам, пак ки си въ́рнем назат да работам"* [V,PM,87]; ~ *му вели́: "ско́ру от дво́рот ми и от мо́ј-та ца́рчина да побе́гниш, учи́те ми да ти не ви́дат". Така́ сира́к Кулу́ф загу́би си л'а́бот, побегна́ от ца́рју́т... отиде аф една́ го́ра*

[V,PM,10]; ~ *"скóру да ми дадéти да јáм, ча мóшни сам глáдин! И немój глéдаш кебáрски мáнџи: што да е јаз јáм". Кáту чý такá гилиџијáта му вéли на другúте: "ám сегá сирáци, кáк да чúними сóс товá дúвик? Тój и нáс ки ни изјáди"* [V,PM,24]; 3. изр.: **сирак ут занајат'** (= тој што останал без работа по смртта на мајсторот) [MS,s,102].

сиран'ёту n 'испразнување преку дебелото црево' ~ *тýка сéр-сă* [MS,s,102].

сираче n, dem. – в. **сирáк** ~ *едно врјаме имало едно сиромахче или сираче. Тој ката ден не устанувваши некој пăт от училиштето, и са научило млогу уки и прокопсану* (успешно) *изл'ази* [V,PM,96]; ~ *по дно врелија в Солун града едно дете от башта останало сираче, и сос млого захмет мајка му го нарасти. И кога си чини детенто гол'амо, рече на мајка му: "Мале, кога умрја башта ли, не остави што-годе сирмагиа?"* [V,PM,173].

сирáчинце n, dem. – в. **сирáк** ~ *е, кá дујдéли Бугáрто, фájкат áдно дéте сирáчинце, тýрцко дéте, гу-зăкóпувăт тáма. Бúло бéз мájка, бéз тáтко. Гу-зăкóпувăт, му-тăркáл'ат áјн гулéм кáмăн тáмо. И тóо дéте, сă-мăчúло трú дéна, штúри, умрéло пут кáминут. Викáло: "Аман бé áга, бéнди јóка, бéнди јóка (нé сум крúф, нé сум крúф)". Ет-тăкá с-јумрéло* [ПК,2(Крец),313].

сирачка* f 1. 'девојка што нема родители' ~ *сички ки дојдат, за фатат да месјат колачинта, и таја, што ки мјаси, да е дева сос мајка, сос татку, а не сирачка. Кога месјат, онаја дивојка за надјани от зентјут фесот* [V,PM,247] – сп. употреба на предлогот **од** со посесивно значење : **за надјани от зентјут фесот** (фесот на зетот) – посебност позајмена од балканската јазична алијанса; 2. 'таа што е за жалење, кутра' – в. **сирмах** 2. ~ *малкио останал ф-кăшчи и зел да врше кăшните работи; зоврел и вода, за да измие на мајка си главата. А кату подкачил ошче да налива главата на мајка му сос горештата вода, сирачката издăхнала и се озăбила* [ШК,5(419)]; ~ *и на девентја саату дошла бабата да ја вели: "е, сполај ти кукона, това добро, што ми си чинила на мени сирачката! Сега сам нашла кýка, да го везма сандăкó мој"* [V,PM,165] – во текстот имаме нерегуларна употреба на заменките: се јавува формата за директен објект **ја** (од 'таа') наместо формата за индиректен 'ѝ': **дошла бабата да ја вели.**

сирвета f 'марамче' ~ *тогај калек му кажува раната, што и била врăзана, хем му вели на царју: "таја сирвета да не и што ми вăрза?"* [V,PM,161]; ~ *как влезе в трите крал'уви и в аскерот, за две саата сите с неговата тешка бозлугана ги кăрдиса. Ама они го одриха на десната рăнка, малко истече крăв. И тогај царјут извади сирвета царска да му врăза раката* [V,PM,160] – во текстот има 2 посебности, едната фонетска, пр. за обратна редукција: **одриха** м. 'удриха',и втората синтаксичка: пр. за обратен редослед, атрибутот во пост позиција во однос на именката: **сирвета царска.**

сиргéн m 'полица' [ПК,2(Мут),102].

сиргú(ј)а f 1. 'тезга со ситнурии'; 2. fig. 'расфрлени работи, нешто растурено' ~ *шó сте нàпрăвúли дóма сиргúа, збирájте сúчко* [ПК,2(Гăр),102].

сиргиџиа m 'човек што продава ситни работи, што има *сиргиа* (тезга)'...

Сире-Ѓо́л' top. 'име на местност во кукушко-солунската регија, таму проаѓа пругата' (турцизам, во превод "Жолто Езеро", називот е фигуративен бидејќи се работи за широко поле – житница, коешто пожолтува летно време, значи ѓол' – езеро не постои) ~ *Не́ зна́јме ут-та́ли нӑ-тӑка́, а́с ду-та́м зна́ли, нӑ-тӑка́ не́. До́лнуто По́ле, Со́лунцко По́ле, та́м ути́даа. Нӑ-Сире́ Ѓо́л'ут ли сӑ-сӑрте́ли, де́к сӑ сӑрте́ли. И До́от До́нчо че́тта шо́ би́ла и та́а замина́ла* [ПК,2(Пл),251].

си́рини n 'млечен производ, сирење' ~ *е́ти ... – му вили́ – да в'е́ниш' си́рини и л'а́п да иде́ш' и да си л'е́гниш'!и́* [MS,t,31]; и: **си́рени** ~ *по това сетне за седнат сички, колко човеци за има, за му кладат отпрет на трапеза мјасто талвина и напрет по едно бл'удо сирени* [V,PM,251]; ~ *ба́јнца: то́-ј ја́дне, сӑ-пра́ве ус-ко́ри шо́-ј су́кат же́нте, сӑ-ре́дат ко́рте, се́каа ко́ра сӑ-пупӑрске ус-си́рне, ма́с и ја́јца за́адно, рӑзмя̆тни* [ПК,2(Грам),22]; односно: **сирајне** – сп.: за *ужина* (јадење околу 3–4 часот попладне) се користи она што останало од ручекот, или пак ќе каснат: *сирајне, крумид, лук, риба, таратор* [ТГ,18]; Малецки наведува множинска форма: **сирин'а́нта** [MS,s,102]; ние во Кукушко запишавме: **си́рништа** ~ *те́тин ти Ва́нуве пра́ваа си́рништа: адно ста́ро уф-ка́ци, а́дно ме́ко си́рне кут ма́сло, уф-га́ји-меши́ни гу-пӑлнаа; пра́ваа и-а́дно дру́го си́рне, а́ма не́ зна́м ка́ гу-ви́каа* [ПК,2(Гя̆р),102]; сп.: **тил'ме́** 'сосема младо сирење во кое нема ставено сол'.

сирипу́к m 'доведено дете од друг брак' [СК,335].

си́риште n 'маја, потквас што се става во млекото за да се добие сирење' [ПК,2(Мут),102]; ~ *ко́га сӑ-измӑлзе* (млекото), *сӑ-исце́дуве и по́сле, ко́га е о́шите то́пло, сӑ-туру́вӑ си́риште и сӑ-туру́вӑ нӑ-то́пло ме́сто да сӑ-фа́те* (да се потсири), *и по́сле сӑ-туру́ве уф-чӑди́лкӑта* [ПД,156].

си́рка f, bot. 'растение коешто дава плодови што личат на мали урми, внатре се брашнести како печен компир' [ПК,2(Мут),102]; во Воденско од нив се вари ракија [BV,147]; – називот **сирка** го сретнавме во Гевгелиско во имињата на овошките; освен *сирки*, садат уште: *зарзалии* (кајсии), *смокви, калинки, праскавици* (праски), *миндале* (бадеми) и др. [ТГ,350].

сирленциа m 'човек што прави зејтин (**ширлин**) со мелење на семе од сончоглед, сусам' [V,PM,378].

сирмаја (и: **сирмя́**, **сирмае**, односно **сирмагиа**) F 1. 'стока, капитал' ~ *ахтаринот беши млогу сиромах, и нетри на дјуканот му немаши млогу сирмаја: аку имаши една ока орјахи, една ока илиш* [V,PM,34]; ~ *господа́рот позна́ и заедно́ч на́прави́ дру́ги магази́и гу извади́ чира́к на пи́сарат, му дадé и па́ри сирмя́е, и така́ гу и́звади́ детето, гу промина́ пе́рв писа́р* [V,PM,153]; ~ *еден човек по дно времја седјал на дна касаба, имал сирмае, харно работиши; дојде на иликиа, си ожени за една вдовица жена* [V,PM,161]; ~ *по дно времја в Солун града едно дете от башта останало сираче, и сос млого захмет мајка му го нарасти. И кога си чини детенто гол'амо, рече на мајка му: "Мале, кога умрја башта ми, не остави што-годе сирмагиа?"* [V,PM,173]; 2. 'интелектуална моќ' (fig.) ~ *шо́ че́киш уд-не́го, то́лко мо-ј сирми́та;*

3. 'гад, вошки' (fig.: 'богатство'– иронично) ~ *ти́й чувéци шó ми-ј дунцé нă-спúјне ни-устăвúа сирми́-ја, сјáа сáке* (треба) *дă-сă-врúјме, дă-сă-пупáрувме, дă-сă-чúстиме уд вóшки* [ПК,2,194]; исто: ~ *глéј дă-ми-дóнциш нéкаа "сирми́а"* [ПК-,2(Гăр),101]; 4. изр.: **сирми́а нé тă-прáве** (= не те почитува) ~ *какóф сúн ej тóо, óш сáа сирми́а нé тă-прáве, шó устáнáло ká-ќи нă-мójш дă-сă-кумáндиш* [ПК,2(Гăр),194].

Сирма – ж. лич. име запишано во Гевгелиско ~ *мори ју́тад иде, [калеш Андон. Л'у-л'а-је. [Мори што му веле фудул Сирма: л'у-л'а-је: [мори, јоди Андон, [да се л'ул'ме, л'у-л'а-је, [аман, да се л'ул'ме – [век да викувме. Л'у-л'а-је* [ТГ,69]; ~ *тáткọ и кáзал нạ лéл'ạ Сúрмạ дạ-нáјд нив'áстạ зạ-мéн. Уф-нéјниọ кọмшилу́к си-живéш Анạстáсија, мóмạ ọт-сирома́шки сój, зạтóвạ пạк б'áше нóго личнạ* [ДС(Ч),165].

сирмáх* (и: **сирумáх** – поименчен) adj 1.'тој што има скудни средства за живот, беден' ~ *и т'é му р'éкуха: "јáла! сирмáси сни́, н'éмани дру́га удајá пóвики, амá пукráј нам прóмин' и ти́!"* [MS,t,15]; ~ *им'ăш'и иднó вр'ăм'ạ у иднó с'éлу идúн ч'ув'ăк сирумáх, у дв'ă нид'ăлạ уж'éнинт* [MS,t,67]; ~ *и јáс кутý сирумáх ч'ув'ăк битúсах скул'óту, м'ạ дáди мájка да сă наýч'ạ занајáт'* [MS,-t,87]; ~ *и тój, д'é б'ăш'и сирумáх, стáна ѕинги́н'у, стóри нóва кăш'та* [MS,t,48]; ~ *прáј гул'áма гóзба стрáтигóту да субúра чурбаџ'и-јиту и сирумáситу* [MS,t,73]; ~ *еднó врéме и́маши двé брáтќа. Едúнојут бéши млóгу богат, кăшти и́маши кату цáрските конáки, ама не беши мóшни учéн, ниту бéши милостив: не л'убиши сиромáсите* [V,PM,12]; ~ *млóгу беши богат, али понéже Господ не му дадé чéду и за товá млóгу си молиши на Бога и сéкој дéн и дáвал милости́на на сиромáси* [V,PM,8]; ~ *кăрăф тич'é клáјаницу заш'тó на кинóтитáта-ј, кинóтитáта парú з'éва сăс зóр ут сирумáси* [MS,t,40]; 2. 'тој што е за жалење, кутар' ~ *и они ти́даа на еднá чýзда каазá* (општина), *фати́а едúн сиромáх човéк от ни́вата му, му вéл'ат: "а брé ти зашто́ гу отепá онова џифаирџи́а тогáс на горáта? Ади éла, сегá ти и́ска пашáта!"* [V,PM,27]; ~ *и ми казá сúчко, што истрадáл от ти́а џифаирџи́е, нó не чини хáрно, што му дадé прáвина на тиа, а на товá човéк сиромáх крúвината* [V,PM,9] – во текстот среќаваме несоодветен редослед: атрибутот стои зад именката: **човéк сиромáх**, што се третира за влијание од балканските јазици; 3. изр.: **лафут нă сирумајсте не му фајкјă месту** (= не се уважува зборот на бедниот) ~ *и то бивă тăка: зă дă можă по су кулај дă гу пувелјă селту он кунуштисувă су два-триминă по-зијнгијнă, му чине икрăм, и коа ки дојдă некоа рăботă лоша зă субăштă, чункјим сă позингјијнту нă негувă странă, а лафут нă сирумајсте не му фајкјă месту* [МЕ(Р),91].

сирмé п'дрво со кое се потпира главната врата, портата' [ПК,2(АЌ),101]; и: **сјурме** ~ *тó: нă-врáтта шо гу турувáли нéко: врéме уд-săди да сăзáпне* [ПК,2(Крец),102]; [ПД,120].

сирми́јчка f, dem. (в. **сирми́а**) – **сирми́јчка и́ма** (= има парички) ~ *зă-тóо гу-чýват, сéтне ќи-ви́јме* [ПК,2(Гăр),194].

Сирна нидел'а f – цела недела од *Месни* до *Бели поклади* се вика

Сирна нидел'а, уште ја викаат *Бела нидел'а;* тоа се празнични денови поврзани со *Мртвин* (празник посветен на умрените, се вика и: *Умрело дете за баница*), се празнува во саботата *(Шемата сăбута)* од *Сирна нидел'а* [ТГ,32]; ~ *вóа Евангелие сă пéи и за сúти мăртвити, за дýши, за сăта гудúна, за Бужúк, за пустéнито за мéсо, и за сúрната субóта и за Сфúта Трýица* [V,PM,27]; кај Малецки: **Сиринската нид'ал'а** 'првата недела од постот во кој се пости и од млечни производи' [MS,s,102].

сиромахов* adj 'нешто што му припаѓа на сиромавиот' ~ *трăгнаа царјувите четри л'уди, отидоха на сиромаховата нива, најдели крушата, по крушата и плочата, најдоа казану сос алтăните* [V,PM,32]; ~ *близу при сиромахувата кăшта имаши една кăшта, на која седјаши един владика* [V,PM,37] – во контекстот има уште еден пример (од многуте) во кој предлогот **на** се јавува со проширено значење: укажува на внатрешност, наместо предлогот 'во': **кăшта, на која седјаши**; ~ *и така тихиса, по замрачаваниту промина приз сиромахувата нива, гу најде сиромаха тамнука и му вели: "поможи Бог, побратими!"* [V,PM,53].

сиромахче n, dem. – в. **сирмáх** ~ *едно врјаме имало едно сиромахче или сираче. Тој ката ден не устануваши некој пăт от училиштето, и сă научило млогу уки и прокопсану* (успешно) *изл'ази* [V,PM,96]; ~ *и такá господáрот утринáта станá от сóнот, са умú и такá гу викнá гóри дéтето и му вéли: "а брé дéте, от којá зéмја си тúнака?" И тój отговорú: "јáзе сам, господúне, от Солýнска зéмја едно сиромахче"* – возможно дека раскажувачот со синтагмата **Солýнска зéмја** сакал да каже 'Македонска земја' [V,PM,152].

сиромашко лето n 'периодот што доаѓа по празникот *Св. Чтирисат*, кога се затоплува времето и кога доаѓаат штрковите и ластовичките; народот го вика *сиромашко лето, "кога леб може да се најде и на трњето"*; сп. обичај: тој ден (на *Св. Чтирисат*), домаќинките на вратите ќе закачат коприви врзани со црвен конец (според народното верување копривата ја одбива несреќата и не ѝ дава да се шири) [ТГ, ...].

сиромаштиа* f 1. 'состојба на беда, немаштина, скудност ' ~ *дојдé еднó пúле, кăснá на крýшата и му вéли: "éј господáр, што спúеш тýка та нé станýваш?" Стáни да здúгниш онáја плóча, што е пукрáј тéбика! Тáмука аф неа уздóлу úма алтăни зарúини: да ги зéмиш, да си видиш сиромаштúата ти* [V,PM,30]; ~ *еднó врјáме úмаши едúн сиромáх човéк, от сиромаштúа нéмаши л'áп да јáди. И нá дрýго мéсто úмаши едúн чорбаџúа млóгу, кóјто имáл двé сúнови и трú кéрки* [V,PM,145]; ~ *дјатето му вели: "требуваши да обесаш дјада ми по-напрет, штото гу не даде на татко ми да са учи ами татку ми мени ме пушта со сичката му сиромаштиа на училиштето, са уча* [V,PM,95]; 2. 'тој што е опфатен од немаштија и скудност' ~ *а пă гáздăта крăдéл, чинувáл, áма пóвиќе ут-сирмăштúте. Идáл дóма кăжувáл: "Мé-ј мăка, викáл, зăшó дă-крáде пу-сирмăштúј. Нé-ј árна тáа рăбóта"* [ПД,169]; кај Малецки: **сирумащ'тúја** [MS,s,102] .

сирот* m 1. 'дете на кое му умреле

родителите' – в. **сирак** ~ *ăдăн чл'ак имал си само ăдно синча и ăднă дăштарчинкă. Синчато било по-малко, пак дăштарчинката по-гол'ама. Тато хми умрјал, а тијă останали сироти* [V,PM,291]; 2. 'сиромав' ~ *иднăш сăл утипаа идно, и на то сăл кожта маа издраа, а место му гу фăрлија, оти сироти шо вируват силјајнту, дивите свијни сă ут Турци чинети* [ME(P)77].

сиротин'ă f 'сиромав, бедник' ~ *царă, как сă научил, чи мајата сă јă кортолисала и ламјăта сă јă убила, зăл јă на сина си за ж'ăнă, и тăј от сиротин'ă бишла царица* [V,PM,288]; ~ *а пăк то: чувéк, шо-ј стучáро, имáл, éт нă-прúмер уфнáшто сéло úма дистúна, двájсе дýши сирутúни, устăнáле уд-рáто изгóрăни, то: чувéк им дăвáл месéчие* [ПД,143] – во контекстот го среќаваме архаизмот **рат** (освен во Дојран го запишавне и во соседното село Фурка); сп. во српскиот и во бугарскиот јазик.

сирт m 'направа со која се собира житото на гумно, во вид на купа од каде што ќе се вее'. Се разбира тоа е втората фаза, а првата е чинот на вршењето, кога зрната се одделуваат од класот со помош на направата *дикајна*. *Сиртот* е направен од даски, а го влечат волови [ТГ,341]; во Дојранско запишавме: **сјурт** 'криво дрво со кое се собира извршеното жито на куп, на дрвото (*сјурто*) седи човек' [ПД,122].

сиртар' (и: **ш'иртар'**) m 'преграткa, фиока на маса или комода' [MS,-s,102]; во Воденско: **шáртар** [BV,147].

сирумашеј* impf 'станува беден' ~ *су скусувајнту нă семиту, су вагјанту нă сноп, су сичејнту нă кривајнту дел, тăкă мужа дă му флезă нă бегут пут кожă* (да го усвои), *шо не гу-јзвагја негу кипазе. А зă то силјајнто уд ден нă ден сè по сирумашејăт, сè по си-ј скусувăт арџувјту* (трошковите) [ME(P),90].

сирумáш'ки* 1. adj 'беден' – в. **сирмáх*** ~ *имáш'и идúн паш'á инá мóма хýбава; инó сирумáш'ку д'ăт'ă ја и зал'ýб'ăл и утúди да ја прóси* [MS,t,54]; ~ *тогáс му вéли на хајдýтинот: "е брáтку, сегá да ти пúтам, дýр когá сăкахти да гóрити сиромáшки дýша и за кого го собéрахти товá имáни?"* [V,PM,21]; ~ *тóлку ја милóваш'и млóгу, да ја ézми, с'ётн'ă ја ни з'é, з'é иднá дрýга мóма сирумáш'ка* [MS,t,70]; ~ *си ги рáбут'ăхми и нúфкит'ă ... прумúнахми идúн сирумáш'ка ж'ивóт* [MS,t,1] – случај на нарушена конгруенција: **идúн сирумáш'ка ж'ивóт** (резултат на нефункционирањето на категоријата род); ~ *"афý úш'тиш' тú да м'ă ézмиш' м'ён'а за мăнч' иднó сирумáш'ку д'ăт'ă и јáс т'éб'ă т'ă з'éвам"* [MS,t,83]; ~ *и тóјнака му вéли: "от трú мéста ли сáкат да са ужéнал?" Соломóн му велú: "Дјáдо, ивдовúца – зéла ти мăтнúца! Чорбаџúјка – кýни си тúнака, јáзе ки врéвјам, стáни си тúнака, јáзе ки сéднам! Сиромáшката – врéви тúнака, јáзе ки слýшам, сјáди тúнака, јáзе ки стáнам!"* [V,PM,130]; 2. adv 'бедно' – *служба* (верски празник) *служиле сите*, сиромавиот *сирумашки*, а чорбаџијата *чурбаџијски* [ТГ,208].

сирупýче n 1. 'вид слатка пита, баклава од слаб квалитет' ~ *тá-ј сăрлúјчка, шó сă-прáве нă-Бăдник вéчăр* [ПК,2(Гăр),102]; 2. 'немирно дете' ~ *нăтăмá-гу и сирупýчто,*

ко́лкува гра́нка утчикна́ (искрши) *ут-чуре́шта* [ПК,2(АЌ),123]; ~ *нагне́тно-ј то́о сирупу́че, пӑ́лно-ј ус-мӑрфитла́к* [ПК,2(Гӑр),35].

си́рӑнце n, dem. – в. **сирини** ~ *ли, има ле́пче, и́ма лу́кче, и́ма си́рӑнце – кој што и́ме! И ќи зӑфа́тме да жни́јме. Пу рӑчо́кут ќи пуле́гнӑт ма́лце. На́пкумта ќи до́е пӑ ќи ужи́нӑват. Ик индиа. Ќи скӑ́лкӑт лук уф уце́т и ќи ужи́нӑт* [ИГ,119].

систрини́ка f 'сестра само по мајка или само по татко – присестра' ~ *не́-али́с се́стра, уд-две́ ма́јки* [ПК,2-(АЌ),102]; ~ *ади́н кӑрштини́к и́мме сјаа уф-Со́фја живе́е, о́н ус-адна́ то́рба и а́дно де́те и а́дна мо́ничка, тӑка́-ј кини́син, го́л, ка́ жна́л тӑка́ бига́л. До́ма си́чко уста́вино, уф-Куку́шко. А пӑ́-е́дна́ на́ша ба́ба, систрӑни́ка, о́на гӑ ддо́ели дӑди́ка нӑ-не́куј до́ктур* [ПК,2(Крец),34] – во контекстот прави впечаток употребата на зам. форма за ном. **она**, наместо долгата форма за прав предмет 'неа': **о́на гӑ–ддо́ели дӑди́ка**, што зборува дека остатоците од падежниот систем и кај заменките не функционираат; за ова поопширно во граматичкиот дел.

систри́цо f, vok. 'обраќање кон женско суштество' ~ *му-ве́ле нӑ-вӑ́лкут: "Дӑ-до́јш ќи-тӑ-го́стӑм". Сӑ-испул'у́ва вӑ́лкут. –"Ле́ле, ри́би, му ве́ле, Ку́ма ли́со, систри́цо, шо́ но́гу ри́би и́мӑш!"* [ДК(Лип),118].

си́стро n 'вид ноже со кое се струга тестото што се нафаќа на ноќвите кога се меси леб' [BV,147].

сит (и: **сӑт**) adj 'тој што не е гладен, што се најал и напил' [MS,s,102] – во говорот на с. Висока и на Зарова стсл. глас **ы** се рефлектирал во **ӑ**; сп, поговорка: **сӑ́тӑју гла́днӑју ни вӑ́рва** (= тој што се најал не му верува на гладниот) [ПсС(З),65]; ~ *тога́с змиа́та ре-че́: "да́ не́ ми куртули́саши, да ми оста́виши да ми исте́пат, по-ха́рно ки си куртули́сах. Ами сега́ што́ ми остави́ ни́ту гла́дна, ни́ту си́та?"* [V,PM,139]; ~ *кога́ си б'а́х д'а́те во́дӑх* (пишува: 'вуд'рх' – печатна грешка) *бо́рба за го́л живо́т. Б'а́х по́ики изгла́днӑн не́го-ли си́т, по́и-ќи бо́лн не́го-ли здра́ф* [ДС(Ч)158] – во контекстот се забележува присуството на сврзникот **не́го-ли** 'отколку' што сврзува спротивни (адверсативни) реченици. Односниов сврзник зачуван во југоисточните говори претставува архаизам со прекинати изоглоси, него го нема во PMJ, но затоа се среќава во другите словенски јазици, како во поблиските: српски и бугарски (дијал.), така и во подалечните, на исток во рускиот на запад во полскиот јазик.

си́те (сӑ) impf 'се задоволува' ~ *му-кла́вӑт идно́ – не́-сӑ си́те нӑ-ва́-гата, кла́вӑт дру́го – не́ сӑ-си́те, зла́то му-кла́вӑт – ни́шчо. Ути́шӑл ни́кој ста́р чо́ек. Зе́ва иднӑ-рӑ́ка прӑ́с, му-ӑ-фӑ́рл'а узго́ра – ста́на. Ча́ику са́мо су-инӑ-рӑ́ка прӑ́с сӑ-нӑ́си́тфа* [ДК(Ем),151].

ситен* adj – opp. на 'крупен' ~ *ја испадни црна-јока нивесто, [да причекиш првно л'убе л'убено, [да му фатиш врана којна за узда, [да гу врзиш за благата јабулка, [да му дадиш ситно сено да јаде* [ТГ,370]; ~ *ту́шница-ј тре́ва зӑ би́шките, ни́ско ра́сте, пу-зе́мта-ј, жӑ́лти ки́ткички си́тни цӑ́фте, и да́ве но́го се́ме, цӑ́рно, си́тно* [ПД-123]; ~ *ра́сте уф-уризо, да́ве си́тни зрӑ́нита – али́с про́со, си́ви, ус-не́го и́ ра́нат мӑ́ленките пи́лишта* [ПК,2(АЌ)42] – станува збор за растението **дӑ́рдӑн**; ~ *ој ти ба́бо,*

ста́ра ба́бо, ста́ра не́рäзбра́на! [мо́јта же́на, ста́ра ба́бо, пу́шка мäлике́ра, [мо́јте де́ца, ста́ра ба́бо, си́тните куршу́ми, [кäди-фäрл'äм (стрелам), *ста́ра ба́бо, на́зäт не́-си гре́дäт* [ДК(Бош),156].

си́тничук* adj, dem. од 'сито' ~ *не́каа гуди́на сија́ме тит'у́н уф Ке́л' -гире́н. То́-ј са́то ме́сто по́сно, а́ма а́рно титу́нче ва́дäхме, адно си́тничко али́с ли́ри* [ПК,2(АЌ),34]; ~ *си́тнички дрäфта шо уста́нуват ду-чико́ро ка це́пме дäрва ус-балти́а. Не́кој и́ ви́кат ципнати́нки. Ти́а и-збу́рме за по́тпал* [ПК,2(Мор),42]; ~ *о́ни сä-си́нички, си́тнички, али́с муни́стра* (станува збор за плодот: **глутинка**) [ПК,2(34)]; ~ *ус-не́о ги-ма́мат пче́л'те. Ли́стто мусä кут нä-купри́ва, и́ма аргувäли́ј ки́ткички, си́нички, кут-у́стичка сäутво́руват* – за билката **чäлäјник** (= матичина) [ПК,2(Гäр),134].

ситно adv 1. opp. на 'крупно' ~ *Се́лто шо ки-пл'у́ске, шо́ ки-са-ро́е то́, ки-си-кла́виш идна́ но́вина на-то́ едну-о́дäрче и́ли ма́са, то́гин бе́а ма́лце* (масите) *па мо́жиш на-сини́ја, нашо́ би́ло... утпäрвин ки-си-бе́риш ли́шче ма́лце, а́ма то́ но́гу си́тну ки-гу-дро́биш* [ВМ(Стр),317] – начин на хранење на свилената буба (кога е мала); 2. 'нешто изработено со финеси' ~ *мома стоје јуф Дунава, [јуф Дунава, крај Дунава, [тенка бела преминена, [ситно дробно наридена, [ситно дробно јуплитена, [дробни китки наридена* [ТГ,171]; 3.'начин на одење (со мали чекори)' ~ *"Пулека си терај, лудо, [твоја брза којна, [да не ми напрашиш лудо, [мое бело лице, [моје бело лице, лудо, [на бајна бајнано" – "Еј, ти, мури, малој моме, [иди си ти ситно, [иди си ти ситно, моме, [ситно, ти сус мене"* [ТГ,158].

ситнури́а* f 'нешто малечко, односно со мала вредност' ~ *на-кра́јта зало́жува бро́до. И бро́до му-го-зма́ли. Н'а́кој си́тни па́ри о́ште му остана́л та́м. Ко́лку, дв'а́, три́ ли́ри, ситнури́и* [ЛС(К),125].

ситу n 'направа што на дното има ситна мрежа, се користи за сеење брашно и сл.'; има: **ч'е́сту си́ту** и **р'äтку** [MS,s,102]; ~ *е, та́, му до́шло жа́л', сä-урви́ла. Му-гу-прибäрну́ва си́тто. Сее ба́бäта и ä-згрäбна́ја чу́пäта äске́рте и му-ä-зäниса́ нä-ца́рут. Елинут ти́ди, вра́тта к'-ä-судро́бе* [ДК(Лип),116]; ~ *че́стинта-ј засе́јне бра́шно. Она-ј но́го по́-че́ста ут-си́тто* [ПК,2(Крец),131].

сиќава (се)* impf 'си припомнува' ~ *сиќавај се Цвето, сиќавај, [зашто ти врвум низ двори, [зашто ти вел'ум дубрутро, [зашто ти газум прилизе* (место низ кое се поминува за да се влезе в лозје) [ТГ,37]; ~ *ее-е, сä-сиќа́вум, ка́ не сä-сиќа́вум, кут сја́а ме́-ј: уф-пито́ко сäба́јлинта удде́ ба́ба дä-јскäруве гуве́та нä-гувида́ро и ни́а пу-не́а. "Шо́ бре та́м нä пäзäри́шшто сänäпäлни́ло чуве́ци"? Кукуше́не си́чките избига́ли* [ПК,2(Шт),248].

си́ф adj 'белузнав, со боја на пепел' ~ *на три́т'а гуди́ни удго́р'а гл'е́да и́ди иди́н бене́ќ на си́ф ко́н' му вили́: "за́при сä да ти да́м ина́ либäни́ца!"* [MS,t,44]; ~ *си́ф ко́н', си́ва гла́ва* [MS,s,102]; ~ *ко́лку а́дна ма́чка, сäкри́е пут-спи́л'те. Има си́ва буја́. На́јно́го са́ке миси́рка, ама пути́ске* (напаѓа) *и живути́ни* (станува збор за животното **бурсу́к** 'јазовец') [ПК,2(Драг),26]; ~ *и на чеса́ пуду́ ти́хан вја́тар, ју́ди са сви́ха сас вја́тар. И са еви́ еди́н ч'ул'ак сас си́ф ко́н, дојде фаф хо́рото на сре́де сас ко́не и си завäртја глава́та*

[V,PM,259] – во долновардарските говори (центар сепак е кукушкиот говор) поодамна е констатирана фонетската појава преглас на **а** > **е**, оттаму во контекстот среќаваме: **и на чесá** (м. 'на часот'), односно: **са евѝ** (м. 'се јави') **едѝн ч'ул'ак**; ~ *си засука Ванѓелина скути ем ракаве, [оти ќ-оде Ванѓелина јуф мајка на госте, [Ванѓелина, леле џанум, в татко на поврнич; [што си беше, Ванѓелино, Попово Јуванче, јуридил си, дуздисал си ду два сива којна* [ТГ,40].

сифа́л'ка f 1. 'дел од разбојот во вид на мал чамец, со него се вткајува јатокот во основата кога се ткае' – в. **снува́лка** ~ *ѝна-ј кут ло́ткичка, нă-стре́ди и́ма а́дно те́л'че, нă-не́го сă-кла́ве це́вичка ут-тắрска, нă-н'а́а и́ма нăлио́тно пре́дно*; и: **софал'ка** ~ *еднăш един дембелин ткајал на разбојот. Ка мановал со софал'ката, отеповал на едно манован'е по сто муи. Еднăш ка фрлил со софал'ката и мишот г-отепал* [ШД,5(435)]; 2. fig. 'женски полов орган' ~ *шо́ мăри́ сифа́л'ко, не́-си гу-руди́ла тă до:-те́пиш* [ПК,2(Гăр),102]; со значење на **софал'ка** Малецки во с. Висока го забележил и називот **стрили́ца** [MS,s,105].

сифе́р m 1. 'пат' ~ *ко́лко сифе́ра во́да дунисе́ ут саба́јлинта?* [СК,335]; 2. 'религиозен обичај кај муслиманите' ~ *ка́-ќ прăкăрше но́кта* (на полноќ) *нă Бăјра́м, Ту́рџте стăну́вăт дă-ја́дăт, то́ о-ви́кăт сифе́р, се́тне це́л де́н по́стăт*; 3. adv 'нешто далечно и неостварливо' ~ *ќи-гă-зи́ме нă-сифе́р* (зн. никогаш нема да ја земе – во случајот за жена) [ПК,2(АЌ),102].

сиџ'и́м* m 1.'врвка, јаже (тенко)' ~ *и́ди с'е́тн'а динкш'ијата да гу сто́ри д'е́ни́гуви, з'е́ва ч'у́луви и сиџ'и́м'а* [MS,t,5]; ~ *го́ре со́фа и́ма, џа́к и́ма, пут со́фта до́лу дуби́џте си-ј вăрзу́вăт. Ќи ста́не ва́а ве́чăр, ќи-ј ра́не дуби́џте. Ко́ј мо́же, кла́ве џа́м на диминѝкут, кој не́ – гу фра́ске ве́тăрут. Едни́ пă – кăпа́ци, вăрзани ус сиџи́м за зи́дут* [ИГ,119]; во контекстот што следува испуштена е именката 'чул' (врека) и така значењето на **сиџ'и́м** може само да се насети ~ *зă сă врăнат на враш'и́луту, за ве́змат сиџ'и́мит'а да напăлн'ат пл'ава́та ... зă ја заниса́т дума́* [MS,t,67]; и: **сиџим** ~ *на царја ас шта му кажа: "пусни един тел'ал по касабата, л'у колко има сиџи-ме, канапја, хортоми, та ги прекопи!". И бјазарѓанина пуснал е-дин тел'ал та прикупил л'у што имало сиџиме* [V,PM,256]; 2. изр. **сиџи́м-ej** (= врне силен дожд) ~ *гла́ва не́ сă-пуда́ве нă-во́нка, сиџи́м-ej, но́го си́лно до́жде* [ПК,2-(Гăр),194].

сичејнту n 'кога се одзема дел од нешто, односно кога се разделува' ~ *сеă дăвијă нă бегут зă субăштă не факјă месту* (не носи резултат), *оти субаштă су неговите "ступанцки мери": су скусувајнту нă семиту, су вагјанту нă сноп, су сичејнту нă кривајнту дел, тăкă мужа дă му флезă нă бегут пут кожă, шо не гу-јзвагја негу кипазе* (зборот **кипазе** зн. 'тој што е долен, што е посрамотен'; тоа не му било познато на уредникот и погрешно пишува: 'ки пазе') [МЕ(Р),90]; ~ *или ки тă нăкливетă на бегут или кој ки гу кревă делут ки ти нăтписă некуј килу повикјă или нă сичејнту или нă вăршејнту на нумунету ки ти дадă некуа турлăница или нă вăгјајнту сноп, ки ти удберă баштă* (поголемите) *снопувă дă ти удрă*

некулку килӑ кусу [МЕ(Р),90].

сичен* adj 1.'одрежено нешто' (пр. со нож или со друг остар предмет) *~ са свӑршило месото, оралут викнал "Га". Немало месо. На трите пъ́та ка викнал, си сичел детто от икрата. Ка испаднале, детето не можело да оде. Оралот му излижал местото от сиченит меса, му уздравеле* [V,РМ-271]; *~ му́ѓи Кру́ша и му́ѓи на́с и́мше дру́ги ритчи́на, пъ́ зъ́т ти́а ритчи́на-j Кру́ша-Бъ́лка́н. Она сӑ-ви́кше, гуле́мјо-и вър́х Стӑрвица. Аа, висо́к вър́х. На́јвисо́к вър́х нъ́-Кру́ша, Стӑрвица он сӑ-ви́кше. Куту се́чин би́ше уд до́лнъ́та стра́на, куту срӑп, куту со́р зъ́ви́јн* [ВК(Шт),288]; 2. изр.: **сус сичени жили** (= за млад човек што не е решителен, што нема храброст) [ТГ,364].

сичи́ло n 'остриот дел од нож, од секира' [ПК,2(Грам),102].

си́чку́т pron 'сиот'; изр.: **то́ ли те́-j си́чку́т, (да-с-јуста́вум де́цта)** [ПК-2(АЌ),102] (= дали си со сиот ум кога ми предлагаш такво нешто); во фразата недостасува зборот **акъ́л** = памет, но се подразбира.

сичу́ва* impf 1.'со остар предмет (пр. со нож) прави на делови нешто што било цело' *~ Дујдо́а па ти́а, дујдо́а та́м на́ка, видо́а – се́стрӑ-му па умре́на. Ни́што не́ му сичу́-вӑт, ӑ-зе́вӑт кӑк шу-е́ та́ка, му пра́вӑт ле́по се́ндек и ӑ-но́сӑт нӑ-ногу дуле́ку ме́сто* [ДК(Дур),148]; *~ ка́ о́де же́нта, јӑбу́лкӑта си-j-ди́ге гра́нуфто, таа нӑ-мо́ж дӑ-фа́те, дӑ-ски́не. "Се́ч-гӑ ца́ро та́а јӑбу́лкӑта". Фа́ште ца́ро, гӑ-сичу́ве. Гӑ-сичу́ве, а́рно а́ма чука́ји, ка́ а сичува́л, прӑскукна́л не́каа тре́скичка* [ПК,2(Крец),300] – во текстот се забележува нерегуларна конгруенција: **прӑскукна́л не́каа тре́скичка** (место: 'прӑскокнала...'); 2. 'со сечење оформува предмет' (во случајот потковица) *~ не́ма уд-де́ка. Та́тко рӑбо́тше, пе́т де́ца и о́ни дву́јца се́дум ду́ши, а ич па́ри не́мши, ќи-рӑбо́тиш шо́ би́ло. Те́шко, но́го те́шко пумина́ме. До́д Ли́ка сичу́вше пло́чи, јӑ и ба́п-ти Ши́л'ка-j сичува́ла пло́чи* [ПК,2(Крец),323] – во случајот на имперфективниот глагол 'сече' непотребно му се додава имперфективен суфукс **-ува** (оваа појава поодамна им била позната на истражувачите на долновардарските говори).

сја́гнина adj 'бремена овца' *~ о́вца што ќ-и́ма (ќи-ро́де) а́гӑнце* [ПК,2(102)].

сја́рина adj 'коза што треба да се окози (да роди)' [ПК,2(102)].

сју́рме́к m 'пролив' *~ де́цта ка́ ге́-j* (< 'ги е') *фӑти́л а́јн сјурме́к, нӑ-мо́жӑт дӑ-сӑ-j-спра́вӑт* [ПК,2(Гӑр),102].

скад'о́ва (сӑ) impf 'се зачадува' *~ сӑ скад'о́ва удаја́та* (= собата се наполни со дим) [MS,s,103]– **кадеш** 'чад'.

сказа (са) pf 'се објави' *~ кату чу така царју́т, си разл'ути мло́гу и заедно́ч са ска́за за ца́р. Ох, а́м де́ка оти́де онова́ ра́дос от они́а мо́ми? Они фати́ха да пла́чат, ча ги бе́ши стра́х, ца́рју́т да не ги расипи* [V,PM,10].

сказу́ва (сӑ) impf 'се (по)кажува, се објавува' *~ кш'е́нудо́хину хи́ч' сӑ ни сказу́ва* [MS,t,10].

Скак top. 'место каде што водата паѓа од високо на *Шарлијската Река* – водопад' (Царвишта, Валовишко) – од кор. **скака**; во истава регија (Валовишко) со значење на 'водопад' има запишано и топоним **Скок** (од гл. **скока**) [ЛИ,Ми...,194].

ска́ка* impf 'прави брзи движења со нозете, скока' [MS,s.103]; *~ са*

собраха от сичката земја јунаци на свадбата: нај-гол'амата мома га покриха нивјаста. Фатиха јунаците да скакат кал'ата и, колку јунаци скокнаха, некој не можа да прискоскни [V,PM,61]; ~ *дострја́ти еди́н гра̏нча́рин со́с две-три́ доби́ци, но́сиши га̏рнита, сто́мни, чана́ци: оти́ваши да прода́ва по паза́рите. И то́јнака, л'у го ви́де, фати да сви́ри. Кога́ фати́ха доби́ците да игра́јат, да ска́кат сто́мните, га̏рнитата си растро́шиха* [V,PM,126].

ска́каш'т'ém adv 'скокајќи'; в. **ска́ка** [MS,s.103].

скакал m, zool., Rachytulus migratrius 'инсект што скока или лета во роеви, ги напаѓа посевите – скакулец' ~ *еден вечер, што му дошло на сиромахот, кату легнал да поспие, малку сон да земи, отиде еден скакал на триндафилот и гу изјади гонцету* [V,PM,105]; ~ *другиј вечер пак отиде едно врапчанче, кӑсна на триндафилот. Тогас отиде и скакалот да јади гонцету, врапчанчету гу изјади негу* [V,PM,105]; во Серско има запишано: **скакáлка** (паралелно со **скрáчка**) ~ *и́ља ги на л'а́то, жи́то кугá субира́хме, и́ља-ги зиле́ни и кафе́ни, гул'а́ни и маленки, ти́а не а̏пат* [ДС(Ч),14].

ска́каш m, zool. (?) 'јадење за мали пиленца' – в. **скакал** ~ *та́м има́ло едно́ дӑрво, на-дӑрво́то има́ло га̀рванче́то. Гарва́нката ути́шла да-луви́, да-дука́ра ска́каш, да-ими-дадé да-ја́дат на-гарванче́та. Дуј*дé *гарва́нката и ка́к га-вид'а́ла то́с чув'а́к, з'а́ла да-му-иска́ра учи́те* [ВС(Кал),337].

ска́ла f 'пристаниште' ~ *с'ӑканд'а има́ш'и дијадо́сану ('му има́ш'и пура̏нч'ину') ... о́ти на кутра́ ска́ла да по́јат, да ги ни устав'ат да ја́хнат на гили́јата* [MS,t,58] – во контекстот има нерегуларна линеаризација: глаголската форма и кратката заменка се одделени со негацијата: **да ги ни устáв'ат**, втора особеност е присуството на архаичната заменка **котри***, сп. рус. *который*.

Ска́ла top. 'планински гребен со карпи' од стсл. **скала** 'каменна височина', сп. **Сӯхата Ска́ла** 'карсна месност', во реонот на Карлӑково, Зилјаховско [ЈИ,Ми...,201]; во серско-драмската регија има повеќе топоними изведени од истиот назив: **Гарва́нова Ска́ла, Цӑрната Ска́ла, Ма́ркова Ска́ла, В а̏лкова Ска́ла** и др. [ЈИ,Ми...,194].

ска́ла f 1. 'направа по која човек може да се качи на повисоко место (и да се симне)' ~ *наедно́ јадја́ши сос траговецот и кога́ оти́доха на неговата кӑшта, сиромáхот са почу́ди са́мо на скалата што и ви́дел* [V,PM,13]; ~ *гу фа́ш'тат мӑн'ч' и ж'е́на синду́ку и гу ка́рат по скала́та на до́л* [MS, ,11]; ~ *ви́е же́ните две́те: "Хе́–хе́, мӑжу, е́ла дӑ-ви́диш тре́кӑта же́на што ти-руди́ла!" – "Што́ ми-руди́ла?" – "Ку́че и ма́че!" И о́дна на̏ридува дӑ-се́ди ду-гуди́на вре́ме пут-скала̏та зӑкупа́на ду-пулуви́на, дӑ-му-ска́пӑт но́гите* [ВЕв(Кр),302]; ~ *тогас бога́тиот пот скала́та здигна́ еди́н мерме́р ка́мин мишанлиа; пот ка́миното и́маши кл'уч* [V,PM,17] – во контекстот прави впечаток употребата на именка како атрибут на друга именка (посебност позајмена од тур. јазик): **еди́н мерме́р ка́мин мишанлиа**, наместо 'мермерен'; ~ *зл'а́ва заби́тинут ... зл'а́ва и д'ӑт'а̏нту и сӑ ска́ш'тат скала́та* [MS,t,83]; ~ *мо́ш' да клад'е́ш' ниш'а́н'ӑ, на зим'а́та пе́п'ӑл за настил'е́ш'; и на скала́та парма́ку*

катра́н за гу намаж'чи́ш' [MS,t,22]; 2. 'скалило, басамак' ~ *стѫну́ве ца́ро са́ба́л'а́нта, утво́ре вра́тта, нӑстѫпи́л нӑ-пѫ́рвӑта ска́ла, но́·гта му-сӑ-лӑзна́ла. Удри́л нӑ-кулѐно* [ПК,2(Ним),263]; ~ *хо́диш'и, хо́диш'и, ч'итири́јси ска́ли ути́ва е́м на го́рнију пала́т'* [MS,t,53].

скалупа́т' m 'дел од скалата на која се згазнува, скалило'; Малецки називот го запишал во с. Сухо, и додава дека во Висока се употребува: **басама́к** [MS,s.103].

скалјајџки* adj 'училишен, школски' ~ *на крајта на ланцката скалјајцка гудина сӑ стукмих су брат ми Лазар па да си ом на патриата иако уломнани да си имах утидено ув една гудина две пѫ́та* [ME(P) 67].

ска́лус m 'така се вика вечерта спроти среда, петок, недела, и воопшто спроти празник, тогаш домаќинките од религиозни побуди не предат, не плетат, не шијат' [СК,335].

ска́ма f 'пена, сапуница' [СК,335].

ска́ми impf 'кога сапунот пушта (прави) пена' [ПК,2(Гӑр),102]; ~ *сапу́но б'а́ла ска́ма ска́ли* [ДС(Ч),141].

ска́ндалу n 'непријатен настан, белја' ~ *ца́р'у и вили́ "уд'е́ до́јди тују́ скандалу, ми гу раси́па џ'умби́ш'у"* [MS,t,30].

скѧни́ста f 'кога на новороденче му се дава име, крштевка' ~ *ути́шал; са́ма би́ла та́а же́нта куту ме́не, мӑжут-и́ не́ бил до́ма. "Дубру́тро, сва́ќе!" Она ре́кла: "Ут-шо́ дуде́ка смӑ-сва́тӑве?" – "На́шта и ва́шта би́шка би́ле се́стри, мӑ-тира́а да-а-зе́ам на скѧни́ста (крште́нка)"* [ВГ(Ѓав),174].

ска́пе pf 1. 'скрши' – в. **скапуве** 1. ~ *ут ви́нцто ќи да́де прӑвно нӑ мо́мчто, на́пкум нӑ ниве́стта. На́пкум ќи гу прӑфӑрл'ӑт ви́нто прӑку ниве́стта и прӑку мо́мчто, ќи сто́ат та́мка врӑху ни́хка. Ча́шта ус па́рте и с ви́нто ќаа ска́пе та́мка нӑ зе́мјата;~ сто́мната сӑ-скӑпа́, нӑ-ругузи́нта ѓо́л'* (мало езеро) *стѫна́* [ПК,2(АЌ),43]; 2. – в. скапуве 2. ~ *кату се стретили на пӑќот* (погрешно пишува: 'пӑкот'), *првната мома рекла на фтората: "Зилени ти са дрвӑта". А фтората рекла на првната: "Мӑтна ти је водата". И така се задечкали и се збили, дури и главите си скапали* [ШК,5(430)]; ~ *де́ца кути де́ца, и ца́рскуто де́те и нӑ-сирума́шќо· си-изл'ӑва́ле нӑ-дво́ро дӑ-с-игра́т. Игрӑјајќи, то· сирума́шкуто де́те мана́л ка́мӑн, нӑ-ца́рско· си́н ма·-скӑпа́л гла́вӑта* [ПД,154]; во текстот што следува односниов глагол се јавува со значење: отвори дупка на sид, на врата: ~ *ви́ке: "Аj д-о́јме за́дно нӑ-ца́ро па́·рте ку-му-ј-ди́гниме". – "Ќи-би́де, ти са́мо нӑ-ме́не урта́к дӑ-мӑ-зе́миш". Е, утта́м ки-ма·-уберат нӑ-ца́ро ма·за́та. Ма·-скӑ па́ле ма·за́та, удде́ли нӑ-па́·рте. Му-ј зе́ли* [ВД(Ник),279] – директниот предмет е придружен со предлогот 'на': **нӑ-ме́не урта́к дӑ-мӑ-зе́миш**; 3. 'излупи, раскине кора од плод' ~ *тамка работил десет години, и ка му текнало за дома, купил една калинка и а пушчил сос некого дома. Ка а скапала жената му, да види какфа је, калинката била пална сос бисер* [ШГ,5(407)] – редакторот на Зборникот на Шапкарев направил превид и глаголот **скапе** во фуснота го објаснува како 'отепа', меѓутоа станува збор за плод од *калинка* на кој може само да му се отвори кората, а не и да се *"убие"*; 4. 'искине алишта, кондури' ~ *ја армасанте, мила ќерко,*

[ја армасанте, [си уставија млади армаснике, [с-износија, мила ќерко, [мурови фесове, [си скапаја кундуре папуци [ТГ,167]; – во сандакот со кој девојката ги носи стварите кај младоженецот, татко ѝ (на невестата) ќе стави пари, малку овошје и малку *бубаќерно семе* и ќе рече: "*што ти правиме, што ти купуваме, колко мужеме, алал ти чинувме, ти пруступјме* (ти подаруваме), *и сус здраве и касмет да си ја носиш и скапиш* [ТГ,206]; 5. 'умре' ~ *идну-вре́ме нă-инă-пăшúца, ве́ле, јáс му-бе́ измиќáр, се́тне сă-ре́ши ă-зăкла́, му-зе́ во́ флóринут. Кóă сăкá д-ă-зăкóл'ăм шу-сă-пумóли: "Ајде мисичúно, не́ма ни́кој, би́ди сфе́дук ти́!" – "Ааа, та́ е рăбóтта?", ве́ле. Изле́га, ја́ве нă ни́кој* (некој), *гу-фáштăт та́му не́го, гу-ту́рват за́тфур и скáпăл та́му* [ДК(Бош)-140]; 6. 'изгние, се распадне' ~ *ви́е же́ните две́те: "Хе́–хе́, ма́жу, е́ла дă-ви́диш тре́ќăта же́на шо́ ти-рудúла!" – "Шо́ ли-рудúла?" – "Ку́че и ма́че!" И о́дма нăридýва дă-се́ди ду-гудúна вре́ме пут-ска́лăта зăкупáна ду-пулувúна, дă-му-скáпăт но́гите, за́што дă-ро́ди ку́че и ма́че* [ВЕв(Кр),302]; 7. 'разори, отвори нова нива' ~ *вá нидéл'а га-скапáх це́линта* [ПК,2(АЌ)-57]; 8. изр.: **скăпá се фрóнто** (= се прекина војувањето) ~ *а пă кáк сă-скăрáа, петнáјста, ноéмбăр сă-пучна вујната, пă ду-август ли бéше, ду-септéмбăр ли бéше, скăпá се фрóнто, нăпуштúа Бугáрто и Германцте* [ПК,2(Мор),222]; 9. (клетва): **превул (глад) да те скапе** (= сотре) [ТГ,320].

ска́пин' adj 1. 'скршен' ~ *шушéто е скáпно* (шишето е на парчиња – скршено) [СК,335]; ~ *зăшó ќи-мé-ј тóо скáпин бăрдáк?;* 2. 'скинат' ~ *сáке дă-шúм нóф фустáн, тóо гáре сă-скăпá, скáпăн-ej;* 3. 'гнил, расипан' ~ *сúчкоо пипéр ej-скáпин* [ПК,2(АЌ),57]; 4. 'сиромав' ~ *ут-сúте пóскáпин бúше óн;* 5. 'разорана лединa' ~ *нúва сјáа скóро скáпăна* [ПД,121]; 6. изр.: **скáпăн ме-ј цéбо** (= останат сум без пари, во џебовите немам ништо) [ПК,2(Гăр),195].

ска́пна adj, f 'девојка што не е девица' (што спиела со маж) [СК,335].

ска́пнин adj 'преуморен од работа или од одење пеш' [СК,335].

скапуве impf 1.'скршува нешто (пр. сад)', 2. 'со удар отвора дупка на нешто (во случајот на глава)' ~ *на друґут ден устанал да готве ен-малечќут* (најмалиот). *Истум зготвил, па дошал педа човек лакут брада, му посакал малце чорбичка. Он, ка го отвартел каменут, гу удире еднош, му скапуве главата* [V,РМ,270]; 3. 'предизвикува, "отвора" рана на кожата' ~ *ус-пипилóва вóда нúа áдно врéме пéрăхме. Пипилóфта вóда-ј нóго лýта, óна-ј скăпýве рăцто* [ПК-,2(Гăр),84]; ~ *зúме тó: дéтто, о-искăпăве су-сăпýн, о-нăмáжуве зијтúн, зúме ут-тáа пéпăлта. И ствáрно-ј то:, нúи ká прáвăхме вăјци, цăрвăлúј вăјци, ут-пéпăлта, ни сă-скăпýвăт прăстуто* [ПД,148]; 4. се *скапуват* и крајници; сп. начин на народско лекување на истите: — ако болното грло не помине со затоплување, тогаш *грлуто са диге,* некоја вешта жена ќе го вовлече во устата средниот прст и ќе ги притисне крајниците. Ако грлото е *скорашно* по ова ќе помине, но ако је *здрело* треба силно да ги притисне и тогаш ги *скапуве* [ТГ,126]; освен со *скапувајне* на крајниците, болно грло се лекува и на тој начин што во врућа вода се става тревата *лапух,* потоа се натопува крпа и се завиткува вратот [ТГ,231].

скапутија f 'кога производите се скапи и повеќе семејства не се во можност да ги задоволат потребите'; сп.: **скапутија** се очекува кога годината не е родна, односно уште: "кога има помрачување на сонцето или на месечината". Суеверниот народ верува дека тоа *не е на арно;* сигурно ќе дојде *скапутија* (односно ќе фати глад), уште дека ќе се појават *лоши бол'ки,* односно дека во тие моменти ќе умре некој крал, ако се помрачува сонцето, односно цар ако се помрачува месецот [ТГ,433]; в. **скӑмпи́ја** (и: **скӑмпутӗ́ја**) [MS,s,103].

скапа̄нти́ја f (m) 'се вика за некој што е многу сиромав' ~ *уддé, уддé, зӑто́о скапа̄нти́(ј)а сӑ-фӑти́, дӑ-сӑ-ма̄́чиш це́л живо́т* [ПК2(Гӑр),102].

скара f 'дрвена направа, слична на јасли, на **скарата** се става сено за овците' [ПД,125].

скара (се) pf 'се налути, кажа навредливи зборови' ~ *и заеднош котката вјахнува на кучинто, трӑгнаха да си подат на господарот. Кучинто и котката си скараха у стредја морету; котката си оплаши, гу пусна прӑстенот на морету* [V,PM,204]; ~ *седјаши тамо ќусе даи́ около три година, сѐ царјувуто нуче хизмет му чинише. Еден ден са скараха, са биха. Тогас отиди нучинто, му каза на царјут* [V,PM,207]; ~ *Е, зӑшо́ сӑ-скӑра́ја? Сӑ-скӑра́ја зӑ-ко́јзте сва́тут Ди́не и Ко́л'о. Му-и-истира́ ко́јзте сва́тут Ди́не нӑ-Ко́л'о. И зӑ-то́ сӑ-скӑра́ја, не́ сӑ-са́кӑт* [ВМ(Цӑр),320]; ~ *Ваја утиде за вода, а ваја пак за дрва. Ка дујделе, ваја веле* (таа што била за дрва): *"Ваја е вода лоша!" Ваја веле* (таа што била за вода): *"Вија дрва са гнили!" Са скарале, са стипале* [ТГ,119]; ~ *кату ходиши вазиден, умракна; село не можала да најди, туку талу беши нала една водиница и, да утиде тамо вечерта, сос дирменџиата си скараха за една пита* [V,PM,207].

скаросáн adj 'измачен, изморен, со лош изглед' [BV,144].

скáрӑн adj 'налутен' ~ *бјáа скáрӑни, ама сӑ-бӑрӑштисáа* (беа налутени, ама се смирија) [ПД,116].

скаху́н' (и: **скафу́н'**) m 'чорап' ~ *за по́да у дума́ да и́звад'а царву́лит'а, скаху́нит'а, за сӑ му́ја* [MS,t,65]; [MS,s.103]; ~ *тогај пак јунакот за викни роднините му. Ки си собрат десетина жени да подат на повиш, за занесат една зја папуци, скахуни, шамии, ририф, един крондир вину... Секоја жена по едно н'ашто ки земе на рӑнката* [V,PM,246] – пример за проширената употреба на предлогот **на,** кога укажува на внатрешност, наместо **'во': по едно н'ашто ки земе на рӑнката** (м. 'во раката').

скаци (сӑ) pf 'се искачи' ~ *и сӑ упла́ш'и хи́тра Пе́три, сӑ ска́ци на еди́н дӑ́мп на типе́ту* [MS,t,75]; и: **скачи** ~ *"Ја́с, му ве́ле, ќ-и-пу́шчӑм мо́јте две́ ќе́рки, сӑмуви́ли су-ко́лӑта, ќи-тӑ-убле́чӑт, ќи-тӑ-зе́вӑт". И до́шле сӑмуви́лите, ӑ-убле́кле, ӑ-скӑчи́ле нӑ-инӑ-ко́ла* [ДК(Паљ),120]; ~ *а чо́икут знӑе́ше уд-дуби́ци е́зик. И о́дӑт, о́дӑт, о́дӑт. Уд-идну-вре́ме сӑ-скӑчи́а нӑ-иднӑ-угури́на* [ДК(Бош),120]; ~ *му вели: "ету, царју, от Мајдона, што сакаши, туку сам отвори гу сандӑкот, што сакаш чини гу!" И заедноч Мајдон са скачи аф горните удаи, талу, дека беши царјувата мома* [V,PM,76]; ~ *сӑ ска́ч'аха го́р'а у дума́* [MS,s,103]; ~ *се́луто сӑ-стури́ло но́гу ле́по. Е се́га, то́ ца́ру,*

шу-ă-има́ше та́ пудуе́нта, до́шло ре́т ќи-прушёта. Ќ-о́де нă-ло́ф. Нă-ко́јна сă-скăчи́ле [ДК(Паљ),122].

ска́чка f, zool. 'скакулец' – в. **скакал** и **скрачка** [ПК,2(Мор),102].

ска́ш'та (сă)* impf 'се качува' ~ *зл'а́ва заби́тинут ... зл'ава и д'ăт'ąнту и сă ска́ш'тат ска́лата* [MS,t,83] – во контекстот имаме беспредлошки додаток за место: **сă ска́ш'тат ска́лата** (м. 'по скалата'), што се третира како влијание од балканската јазична алијанса.

ске́ле* n 1.'кораб со кој се префрлуваат од брег на брег патници односно стока' ~ *пăрăхутчи́ита зăпа́ле пăрхо́до, ут-та́м прӑку Ита́л'ја, нă-ске́л'то излёвăт, сă-свăл'у́ват ут-та́лка уф-Бе́лград* [ПК,2(Ним),271] ~ *кă-дуjдé врéме Ту́рците, ă̆дно́ Герма́ниц, специјали́с, се кăчи́ го́ре, ă̆-убиколи́ја го́л'ут, ту́рска во́jска, та́м дéка бéа скели́jнăта и чини́а, дă-ка́жиле, и-извă̆ди́ја си́те риба́рă шо-бéа, Ту́рците и прӑви́ја специ́jални ло́тки* [B,EB,297]; ~ *а пă-та́тку-ми пре́д двé дéна ути́де, бéше риба́р о́н и дру́зи, да-и-кре́вăт шéива шо-и́мӑше та́му, дă-нé-и-пу́стăт во́ăта. Бра́шно и́мӑше, тăква́ рӑбо́та, сè. И кăj Кăрка́нско та́мо ă̆дно́ скéле и́мӑше* [B,EB,297]; 2. 'рамка за сушење низи од тутун'; 3. 'дрвена рамка врз која се стават трупци кога се бичат'; 4. 'скеле за sидање или фасадирање на куќи' [ПК,2(Крец),102].

ски́ве impf 'гледа' – само во одредени ситуации, каква што е оваа што следува: ~ *рӑбо́ти о́ти ма́jсту-рут нè ски́ве* [СК,335]; ~ *нé му сă-ски́ве нă-ма́нуко* (не може да гледа човекот) [ПК,2(Грам),102].

скилида f, bot., Allium sativum 'лук' [ДС(Ч),58].

скина́т* adj 1. 'содран, искинат' ~ *но́, кă-му-сă-нă̆бли́зи, му-гу-пу́шта то́ ку́чито. Ка-ă̆-збра́... Ути́шла у-плӑни́нта, си-вле́гла у-ду́пкăта. Куртули́ла, ама сè скина́та* [ДК(ош),138]; ~ *"Нé снӑ пријӑте́ли, ве́ле. На́зăт нă-мо́ж дă-би́jме пријӑте́ли. Ко́а ќи-си-ви́jш де́тито ти пă̆дна́то; ко́а ќи-си-ă̆-ви́дăм jа́с па́шкăта скина́та, ни́а нă-мо́жиле дă-сă-сто́риле пријӑте́ли"* [ДК(Бош),142]; 2. 'дрипав, облечен во дронци' ~ *Срąди́н Оµą ѳти́шал нą-свąдбą, а́лиą ѳти́шал скина́т, нѳбле́чąн. Си́ти се́дат не́го не́ го ка́нат. И о́н ни́кој не́ му ѳбрӑшта внима́нии* [ЛС(К),120]; ~ *Срąди́н Оµą би́л му́дар и си́ти го-бă̆ркąт. Пąрта́лкѳ о́дąл. Ко́гą ќи-си-ѳбле́чи Срąди́н Оµа, ка́ѳ о́µą. А ква́ ќи-о́ди пąрта́лкѳ, ски́нąт* [ЛС(К),120]; – в. **ски́нин**.

скине* pf 1. 'истргне' ~ *аф мл'акуту ке да тури отровачка. Царjут те-бика сака напрет да ти тури аф казан'ут нетри, да си кӑпиш аф мл'акуту, затова немој ти е страх! Скини от мојата чанба три влакна да ги вă̆рзиш на големоjу ти прӑст* [V,PM,47]; ~ *и ка́к ке да ми дрӑпет да ми ха́њат, на́ си́чките куби́ли на у́стите му ке да си залипjа́т ко́жите со́с смо́лата. Тогáс ти́нака да ги фа́тиш да им ски́ниш по едно́ вла́кно от па́шките..., влакна́та да ги завиеш по прӑститjа ти* [V,PM,-124] – во текстот има нерегуларна употреба на предлогот **по** наместо 'на': **влакна́та да ги завиеш по прӑститjа ти**; вакви недоследности ги има повеќе и од различен вид – за тоа в. во граматичкиот дел;

2. 'откине' ~ *који пуминуве, који заминуве на секуj му даве пу една лубаница. Кога една вечар, пред слӑнце заоѓајне, еден чувек пу дру-*

мут трче ли, трче. Арамијата ка гу виде му скина една лубаница, да му даде. Али тоа што трчише не саке да застане [ТГ,147]; ~ *и вудничáрут си зéл днă мăстăгáрка и му-отúшăл нă вóлкут и-ýдри су-мăстăгáркăта нă вóлкут и му-се-ск'инá пáшкăта нă-вóлкут ут-тгнájте* [ВМ(Сар),316]; ~ *дý-ри гóра jéкна – јунáк си пáдна. [Јунáк вéл'е, вéл'е и говóре: ["Искарájт-ме на дрýм, на субéрут, [лéле за байрáкут кóјну ми вăрзájте, [на сăрцéто, пúле Стáно, [кúтки насијájте, [кój дă помúне – сè дă си скúне* [ИГ,108]; 3. 'прекине' ~ *му речел: : "Сега јас на тебка ќи те јадал". Детто казало: "Чекај, да се помол'ам на Бога да ми просте греховето". Като отишăл на едно дрво и викнал: "Мечко, вăлк, лисице! Келеш ме изеде!" Тије като чули, скинали синџирето и отишли* [ШС,5(414)]; ~ *и мóстут тăкá сă л'ýл'ше дă мă субóре. И ут тáм, úмше едúн Тýрчин – прăвикá: "Брéе, нусéјте млáата нивéста, мóстут ќи пáдне". И нúа пумúнáме на идинájстте, на двăнájсте сă скинá мóстут* [ИГ,118]; ~ *"Ќи гу фáтум, си прăмúсл'ăве, ќи-м гу скúнум врáтут куту нă кукóшка". Кă фáшќăт д-сă бóрăт. Јарăм Минăрéто сă-уморúл* [ИГ,113]; 4. 'нешто стори негодно за употреба' (раскине пр. алишта) ~ *Еј, Југнúн, Југнúн, добăр јунáк, [три гудúни бóлин на пустéла лéжиш, [и три гудúни дýша на Бóга не дáвиш, [три загúи пустéла скинá, [и три ругузúни скинá* [МЕ(Р),101]; ~ *нúм мă-ќáски* (тегне) *зă-фустáно, ќи-мјо-скúниш* [ПК,2(Мор),42]; ~ *ричé на Симóна: Влéчи го сéга на дăлбóко, и фăрл'ájте грúпот вáшо да лóвите. И угвóри Симóн да рéкăл на нéгу: Пувéлин, сăта нóќа сă умурúхми, да нúшт'о нé фатúхми. Кáк му фăрл'áле, затфорúле нóго рúби уф грúпут, дýри ки си скúниши* [MV,-К,272]; 5. 'уништи, земе нешто насилно' ~ *арамúата за дрýго нé úди, тукý да крáди, и да скúни и да утéпа; јас додјдóх да úмат жúвот, и пóвики да úмат* [MV,-К,299]; 6. изр.: **ки о скúне кóнцут** (= наскоро ќе умре) [СК,335]; **гу-скинá мéут** (= болеста во стомакот му го разниша здравјето) ~ *цéл дéн мăртке тóо дéтто* (има пролив), *гу-скинá мéут, сáк сă-нóсе нă-дóктур* [ПК,2(Ал),138]; **дýшта дă-т сă-скúне** (= кога некој сочувствува со болката на другиот) ~ *кá глéјш кá сă-мăче чувéк, дýшта дă-т сă-скúне, áмa шó мójш, кá нé мójш дă-пумóгниш* [ПК,2(Гăр),160].

скúнин adj 1. 'кога нешто е одделено од целоста (пр. *скúнин лúст*), односно кога некоја материја не е комплетна (пр. *скúнин фустáн*)' [СК,335]; ~ *зáкăрпи-мј-о тóо ѓутлýко* (задниот дел од панталоните) *дă-нé-óдум и-вáадăн скúнин* [ПК,2(АЌ)43]; 2. 'прекинат' ~ *сáмо кá бигáме знáм дујдéме нă-Струма. Скúнин мóсто нă-Струма, тáлпи* (дебели штици) *тýрни тáм. Пумúнáме и удéме уф-Бăлгáрја, уф-сéло Кучарúново* [ПК,2(Ним),261]; 3. fig. 'кога некој претерал со работа, кога е преморен' ~ *ќуптéн сум скúнин вáадăн уттóо кóпăнто* [ПК,2(АЌ)43].

скину́ва impf – в. **скúне** [СК,335]; ~ *зéва ину-гулéм кáмин. Змéут глáва инá, кулкáва гулéма! Ќи-г-ýдре. И вó - а гулéмуто – таааn нă-пáшкăта, му-ă-скину́ва пáшкăта нă-змéут. Змéут скóкна, тáп, гу-фáти* [ДК(Пач)142].

скисне pf 1.'се вкисели' – откако ќе се изгази грозјето, *ширата* (сокот од грозје) се одделува од *кумијна-та*, потоа се додава во *ширата пичена прс* (вид земја "бела иловача, ума") таа мешавина *се пудваруве* за да не *скисне пикмезут* [ТГ,356]; ~ *Кăјмáк? Нúй му-вúкăме кăјмáк нă-кúслуто млéко кóга ки-скúсне, гóрнио дéл, тó-j нéгуфто мáсло, úсто сус млéко излéве, тó-j кăјмáк* [ПД,156]; во с. Зарова (Солунско), веќе рековме, стсл. ы се реализира како **ă** и оттаму: **скăсна** ~ *лăбу сă скăсна* [ПсС(З),64]; 2. изр.: **дă-т-скúсне** (= кога некој создава нервоза) ~ *уд-нéго дă-т-скúсне, кá ќи-фáте нéкаа рăбóта* [ПК,2(Гăр),161].

склáди (сă)* pf 'се усклади, се договори' (?) ~ *му-вéле: "Сáка дă-пругувóре крáлцкăта ќéрка су тéбе вéчер". Му-вéле нéмјут пу-нéмцки: "Арно, му-вéле, ќи-сă-склáдиме. Ќи-клáјме штúкла"* [ДК(Ран)129].

склáву(с) m 'роб' ~ *илáши идúн ч'урбаџ'úја инó арáпч'а ќулé ('склáву')* [MS,t,14]; ~ *си прáви сăс умó: "ш'то анáнги да пóда јáс склáвус дăсапáк, афý úлам инá камúла парú"* [MS,t,14]; ~ *и си рéкух сăс умó: н'ăj анáнки да дóа да ти кáж'а и дăса с'éјну склáвус* [MS,t,15].

склапéj m 'раздвижена вода, бран' (назив е запишана во Мегленско), во Демирхисарско: **клап** [ДС(Ч),93].

склóне (сă)* pf 'се засолна' ~ *óде нóгу пăт. Гу-фăтúло нúку дóш, нúку гăрмитúни у-нúку пустилúа мéсто – нéма дéка дă-сă-склóне. Бúло иднувúдело тáму. Си-вéле: "Ќ-óдăм тáму дă-сă-склóнăм вá нóш"* [ДК(Ран),127]; ~ *дúн в'áтар дýе, стигнýват дo-днá пл'áмнa, штáлa, шó-е бúло, рaстýранa. Зúдови úмa пo двá мéтра. Знáчи мóжи дa се склóни н'áкoj* [ЛС(К),130].

склóпи (сă)* pf 'се вметна, се вклопи' ~ *му вúкат: "Тáм úма дúн чов'ák лéжи и пúши нa сáб'aтa: "Со едúн ýдар чéтрúиси дýши". Тúa му вúкa т: "Па нé и лóшо дa гo пoвúкaми. Кáко јунák сас нáшaтa грýпa дa с склóпи"* [ЛС(К),116].

скл'учи (сă)* pf 'се сфати' [ПД,114].

скóврăн m, zool. 1. 'вид птица', "скворец" [СК,335]; 'црно птиче, поголемо од врапче' ~ *скóврăнто искăлвáа слăнцуглéдо;* 2. fig. 'слаб човек со црн тен' ~ *кá сé-j чинúл Динúш, алúс скóврăн* [ПК,2(Мут),102].

скóзна (и: **гибеја**) adj 'коза која носи плод во утробата'; в. **сјáрина** [ПК-2(Грам),102].

скóке impf в. **скака** ~ *мóмта устáнăве тéшка и брáт-ij сă ситúл – а устăвúл сéстрă му. Дујдéло врéме – рудúла. Лижáќи мájка му, он, оште ка пáжге ут мájкă му и рúпке низ удáата, скóке* [ИГ,110]; ~ *е, ут-тáмă, кójсте – цéл дéн ин свúре сус то: свирóло – нă-мóжăт дă-пáсăт, глáдни сáмо скóкăт. Кá ки-дójдăт, плéтиштта ги-изедувáли пу-грăдинте* [ПД,162]; ~ *попо скришно отишел да виде козаро кăде и как ги пасел козите. Тоа, попо, ошче от далеко се завел воф адин трн да се прошете, а козаро, ка го видел, фанал сос сфиролчето да сфире и направил, попо гол и ф стреди трнето да играе и да скоке* [ШК5(421)].

скóкне* pf 'направи брзо движење со скок' ~ *скóкна ут џ'a ћјата дóл, сă лáха брáт-ми удóл, пáдна на врăх н'éгу и гу уклáва* [MS,t,57]; ~ ~ *Нáпкунта тóа ко му-и-дaдéл*

ти́е јáјцата му-ре́кăл: "Ќ-о́иш на-ти́е ка́мăјнто, ќ-и:-ква́ч". Мисте́-ќи-се ут-студини́лто (има́ло си́лăн ве́тăр), ни́кој ка́мăн сă-истăркáл'ăве, скукна́л зáјац [ВГ(Ѓ),274]; ~ *са собраха от сичката земја јунаци на свадбата: нај-гол'амата мома га покриха нивјаста. Фатиха јунациту да скакат кал'ата и, колку јунаци скокнаха, некој* (м. 'никој' – во овие говори се мешаат заменките 'некој' и 'никој') *не можа да прискокни* [V,PM,61]; ~ *кладе тил'ал да вика да си собрат сичките јунаци, ча цáрјут чини една кал'а меѓу една вода; кој јунак ке да скокни кал'ата, на негу ке да даде нај-гол'амата му керка* [V,PM,61] – предлогот **меѓу** укажува на положба со која нешто е разделено, овде е употребен со аргументот дека водата, реката има 2 брега (**една кал'а меѓу една вода**), т.е. **кал'ата** била меѓу нив; ~ *заедноч си развикаха за да дојдат нихни човеци да гу биат; ама тојнака беши млогу хитăр да а побегнал: приз пенџерината скокна* [V,PM,35]; в. **ска́ка**.

ско́кнува impf 'се движи брзо, со скокови'; – в. **ско́кне** ~ *ви́д'а ино́ пи́л'а хýбаву, али́с маламо́сану; трăч'и́ за да гу фáти, пи́л'ату ско́кнува, ути́ва по́нагóр'а* [MS,t,45]; ~ *тогас тој му и рекла на них: "јазе ја скокнувам, ама сакам пăрво сос цáрјут да чинам здрав и јак пазарлик сос писмо и со мјухурја"* [V,PM,185]; ~ *му-ве́ле: "Ајде ско́кни ти́, áма ăкǫ сă-ýдриш дă-ми-кáјш дă-нă-ско́кăм јáс". Скукнýва то́, но́гăта си-скăрши, árно-ма не́-му-ка́жва нă-то́* [ВК(Тр),323]; ~ *тамо јунаци без број; скокнували, паждаха на дупката, не са можали да ја прискокнат. Тогај и тој јунакот достигнал тамо и питал: "што-ј тос скокнувани от вас?"* [V,PM,184]; ~ *дека и чул и един дјавол, син самовилин, излезе на мегдан и тој отиде да скокни кал'ата. Цáрјут как гу виде му вели: варај јунак, лудо младо тинака немој скокнуваш кал'ата* [V,PM,61].

скокнувани n 'движење со скокови' ~ *и са собрали тамо јунаци без број; скокнували, паждаха на дупката, не са можали да ја прискокнат. Тогај и тој јунакот достигнал тамо и питал: "што-ј тос скукнувани от вас?"* [V,PM,184].

скола́сува impf 'се ослободува од настава во училиште, односно од други ангажмени' [MS,s,103]; во Кукушко: 'завршува, прекинува со работа' [ВК,148].

скол'у* n 'институција каде што учат, се образуваат децата' ~ *ету и владиката зарано ошти отиде на сиромахувата кăшта. Пили таму по една ракија и, кога са чини време за скол'уту, гу земаха дитету и отидоха на даскалут* [V,PM,37]; ~ *дека збуруваа бугарцки и ут идна-две гудини дă нăвакă сă пувељăт ут Екзăрхијăта и пејăт нă скăљоту и нă цăрквăтă бугарцки* [МЕ(Р),80]; ~ *бахчеванџи́ата му ве́ли: "ej ги ти, господáр мój, ги пу́штам така́ на про́сти учи́тели да си нау́чат ма́лко, зашто́ јáзе не́мам кувéт* (можности) *за да ги пу́штам мло́гу вре́ме на сколи́ите"* [V,PM,149] – уште еден случај на изразување на вокатив со формата за номинатив: **ej ги ти, господáр мój**, што зборува дека и последните траги од деклинацијата кај именките се губат; ~ *сиромахот от две–три години сетни чинил едни конаки кату цáрјувите; синот му гу пушташи на скол'уту, са учаши*

[V,PM,33] – во контекстот се јавува предлогот **от** со значење 'по': **от две–три години сетни**, такви случаи среќаваме повеќе но редовно пред прилогот **сетне** (= потоа); ~ *цáр'у имáш'и инó д'ăт'ạ, тугáс исл'áзи ут скул'óто* [MS,t,20]; ~ *на дрýгију д'ён' си утú на скул'óту и си дój-ди на вич'ерó* [MS,t,31]; ~ *и јáс кутý сирумáх ч'ув'ăк битúсах скул'óту, м'ạ дáди мáјка да сă наýч'ạ занајáт'* [MS,t,87].

ско́мин* m 'стол, клупа' ~ *да сă наид'éш' , да сă напúш', да в'éниш' кнúгата, на скумин'ó вáса нóш' да с'ạдúш'* [MS,t,31]; ~ *с'ạдúм на скумин'ó* [MS,s,99]; сп. **карéгла**.

скопе* pf 'отстрани полови жлезди на животно (или на човек)' – јунецот, односно во̀лот кога ќе го скопат се вика **скупак** [ТГ,374].

ско́пин adj 'добиток на кој му се отстранети половите жлезди, штроен' ~ *вијáк сă-вúке нă-скóпин увéн* [ПК,2(Грам),30].

скопó n 'стражар' ~ *у Сулýн им'ăш'и идúн скопó на крајóт на мур'éту. Тóс скопó ни им'ăш'и н'ăфту да гу гл'éнда* [MS,t,78]; ~ *ја клáва фóтографúјата на идúн клáјанц удгóрạ и клáва скупú, да чýват* [MS,t,25].

ско́пса pf 'задржа' ~ *кату чу такá женáта му, фáти да плáчи и да му вéли: "óх стопáне, дéка ки ми оставиш мéника тýка? Немój хождаш!" Тогас тој вели: "жену, сега си најдех кăсметју, немој ми скопсаш"* [V,PM,13]; ~ *кугá ги вúд'ạ д'ăт'ạту н'ạш'тáта ... и тугáс пузнá, ч'ă на кш'énудóхину ж'инáта-ј, алá тój мухабéт'у хúч' гу ни скóпса* [MS,t,12].

ско́псува impf – в. **ско́пса** [MS,s,103].

ско́пува impf 'кастрира, отстранува полови жлезди' [СК,335]; ~ *дóктуро уддé уф-Тýрнуво дă-скупýве бúшки* [ПК,2(102)].

скорашин* adj 'што е од понов датум' — сп.: ако болното грло не помине со затоплување, тогаш *грлуто са диге,* некоја вешта жена ќе го вовлече во устата средниот прст и ќе ги притисне крајниците. Ако грлото е *скорашно* по ова ќе помине [ТГ,126].

ско́рни pl. 'длабоки кондури, чизми' ~ *дọ-колéнọ сạ-висóки, ọт-кожáтạ нạ бúшкạ ги-прáвạт* [ДС(Ч),141]; ~ *úмам идúн кóн' , за ти гу дáм!" "ни стáнува сид'ă сăс кóн'у!" "амáн, јáс úмам и скóрнит'ạ за ти ги дáм!"* [MS,t,41]; ~ *áска úмах áдни скóрни ус-гудúни и нусúх, не-ј сăбýвах уднójсто* [ПК,2(Грам),102]; ~ *јáс крăстам су вóда, да уфстрéт мигý вáс стóи, шо нé гу знáите; вóа шо úди пу мéне, он ị̀ пóголéм ут мéне; шо нé сам врéдин да удвăрзам рéминут ут скóрните* [MV,K,252].

ско́рне* pf 1.'натера некого да стане (пр. од сон), го крена' ~ *и-вúкạ нạ жéнạ му: "Скóрни гọ Мéчо, дạ úди нạ кóнито". Она кáọ-бáбạ, кáọ млạдọжéнци, нé и бúло удóбно дạ гọ-скóрни, гọ-скорнáла сúно* [ЛС(К),108]; ~ *нă-мójш до:-скóрниш, цéл дéн до:-устáвиш – цéл дéн ќи-сéде* [ПК,2(Гăр),169)]; 2. 'исплаши животно, го натера да бега' ~ *зájц скурнáх, зáенц фạтúх* [ПсС(З),68]; ~ *тăзú:та* (ловциско куче), *пулвúнте ú сă-тóлкувички тăкá* (мали), *тéнка-ј, дăлга-ј. Зájцо кá ќо:-скóрне, нă-мóш д-избéге уд-н'áа. Дéк дé-ј ќо-путúсне. Тăзú:та гу-тăрче зájцо* [ПК,2(Ал),116)].

ско́рос f 'брзина' ~ *и кáк гу вúде господáрот, сос млóгу скóрос излезé дóл, гу приземá сос млóгу ра-*

дос и фати́ да го пи́та как промина́ сос море́ту [V,PM,24]; ~ *тогáс то́јнака земá две́ лáтки, вјахнá нá кóн'ут, оти́де; најдé самови́лите спи́јаха. И то́јнака сóс мло́гу скóрос цăрпнá вóда жи́ва и га докарá на цáрјут* [V,PM,112].

скóру adv 1.'брзо' ~ *"áх – вили́ – н'éма да мо́ж'ити да в'énити!" "заш'то́?" "заш'то́ мло́гу скóру сă утфáра и сă затфáра гурáта, за в'ă фти́сни н'éтр'ạ, за в'ă уклавé"* [MS,t,36]; ~ *"демéк ти такфóс ч'ув'ăк си бил; скóру вин'ăти гу тóс ч'ув'ăк ... да у будру́л'у да гу затфóрити!"* [MS,t,18]; ~ *афу́ пуч'и́на, му вили́ на д'ăт'ạнту: "скóру стáн' хазăр' да б'ăгами"* [MS,t,84]; ~ *утрината станáха от тамо, оти́доха на царскиј конáк, тогáс цáрјут му вели́: "скóру от двóрот ми и от мо́јта цáрчина да побéгниш, учи́те ми да ти не ви́дат"* [V,PM,10] – во контекстот прави впечаток линеаризацијата: глаголот и крат. зам. форма се разделени со негацијата: **учи́те ми да ти не ви́дат**; ~ *и сă разјăж'да тáтку-и: "скóру да пóш' при н'éгу, да ми сă máхниш' ут кăш'тата"* [MS,t,84]; ~ *т'á нáјати ја забúра: "скóру да пóш' да гу нáш', да пóш', д'é утúј врит'énуту и ти тáм да пóш'!"* [MS,t,61]; има случаи кога прилошката форма се удвојува со цел да се засили значењето: ~ *тогáс дéтето му вéли нá господáро си: "господи́не, кáк знáеш, такá чи́ни ти́нака! Ако ми сáкаш за чéдо и́ јáзе ти знáм за тáтка." И такá чини́ха áрмас, дру́гата нидéл'а чини́ха и свáдба скóро-скóро* [V,PM,153]; 2. 'речи си' ~ *илим на Исус ка дујдéле, нé му скăрши́ле нóзити, кá гу видéле скóру умрéн; тукý идéн ут јузбаши́а му удупи́ су муздрáк на рéбрити* [MV,K,294] – влијанието од тур. јазик е силно изразено во текстот, за тоа укажува и фактот дека во највисоката религиозно-христијанска содржина – Библијата, имињата на великодостојниците често се позајмени от турската хиерархија, каков што е случајот, т.е. именувањето: **јузбашиа**, а такви примери има повеќе.

скóруша f, bot. 'оскоруша' ~ *дру́го дăрво-ј тó, слúче на гóрничкăта, дудéка нé прăгни́т и ти нé сă јáат, сáмо ги нéмле ни́ă* [ПД,124].

скóсин* adj 'загрижен, насекиран' ~ *ут-тóо пăлéно шкóло дéтто мé-ј скóсăно* [ПК,2(Гăр),60]; [СК,335]; и: **скусен*** ~ *"Што си толко, малој моме, [што си толко нал'утена, [нал'утена малој моме, [нал'утена ти скусена?!" – "Как да не сум, млад делија, [Как да не сум нал'утена?! [дека јодиш сè са фалиш"* [ТГ,196].

скóтци pl. 'сосема мали, бели црвчиња, се јавуваат во сирењето кога не е добро складирано' ~ *сúринто сă-нạ пăлни́ло скóтци* [ПК,2,102].

скрапи́а* f, zool., Euhorpio europaeus 'вид влекач со осум нозе и боцка на опашката – скорпиа' ~ *и ричé на ни́х: А видéх на Сатáна кату здрáк шо падна́ ут нéбито. Ету ви дадéх нá вáс пувéлјата да стăпнити уф-узгóри уф зми́ити и уф скрапи́ити* [MV,K,292] – во текстот имаме употреба на предлогот **уф** наместо 'на' – кога укажува дека нешто станува згора, на површината: **да стăпнити уф-узгóри уф зми́ити** (има и обратни случаи: употреба на предлогот 'на' место 'уф', т.е. 'во'); и: **скрапи́а*** ~ *и си крăстаа сити на Јордáна рéка ут нéгу, ка си-спувјидýваа грéхови.*

Јоа́нн бе́ши убличе́н ут вла́тно ками́лцко, и по́јас уф ко́жа на пулуви́ната, и скра́пли јаде́л и ут ди́ви пче́ли ме́т [MV,K,307].

скра́чка f, zool., Locusta viridissima 'инсект со долги нозе, се движи со скокање, скакулец' [ДС(Ч),51]; в. **скачка**.

скре́ба f, bot. Clematis vitalba ~ *тре́ва-ј та́а, сă-ло́зе, и́ма длӑги пӑрчки, сă-ви́ат, не́ сă-кӑршат. Цвӑфте бе́ло, ус-не́јнте гра́нки мо́ш сă-пле́те* [ПК,2(Грам),102].

скре́ж m (f) 'замрзната роса, инеј' ~ *зи́мно вре́ме сă-фа́ште нӑ-сѐ шо́-ј мо́кро. Мӑглӑта шо́ ќи-па́дне зи́мта стӑну́ве скре́ш, о́н-еј куту и́глички, и́глички* [ПК,2(Крец),102]; [ИГ,128].

скре́пе (сă)* pf 1. 'исчезна, се изгуби' ~ *пу-а́дна мо́ла му-ле́те акӑло, чи́ниш дру́јсте сă-скрипи́ли* [ПК,2-(Гӑр),177]; 2. изр.: **све́то ќи-сă-скре́пе** (= светот ќе пропадне – иронично) ~ *а́к заги́ниш ти́, чи́ниш све́то ќи-сă-скре́пе* [ПК,2(Гӑр),192].

скри́ва impf 1. 'прави нешто да биде недостапно' ~ *прумина́ пу иди́н чире́јќ са́т', ч'у́ка и манџ'о́ на по́ртӑта; ж'ина́та гу скри́ва удо́л фуста́нуту* [MS,t,10]; 2. – (**сă**) ~ *три́ бра́ќа би́ле ма сирма́шки. Офци си-пӑсе́ле сӑте три́. Оде. Ва́а си ре́кла: "Ќи му ме́там нӑ-ви́а де́цӑта, ту́ка ќи-ја́м ину-ко́мӑт леп". Е, кӑтӑ-де́н му-смиту́ва, му-пра́е, сă-скри́ва, ӑма не́-сă ја́ве нӑ-ни́* [ДК(Лип),116]; ~ *с'е́тн'а на дру́гију д'е́н' ути́ват удуса́т по́ртӑта на мала́та; ма́јката сă скри́ва* [MS,t,52]; ... *То́с манџ'о́ на на́с иѓу́пката пузна́, ја прис̀л'ӑди, пузна́, ш'то́ за сă уб'ӑси, сă скри́ва на ина́ баји́рка* [MS,t,53]; 3. 'наместува' ~ *гу уста́в'али мрӑва да усти́ни и с'е́тн'а гу суби́рами у гарно́к и гу скри́ва̀ми у дула́п'у* [MS,t,4].

скри́вин adj 'нечесен, виновен' ~ *дуј де́ и то́ шо зе́ идно́то карагро́шот, ричѐ: Афе́ндо, ти пузнаја́х на те́б шо си иде́н скри́вин чуве́к, жни́јиш де́ка не сиа́л, и избиру́аш де́ка не́ си дава́л; и му падна́ стра́, да ути́дох, гу скри́х тво́јто карагро́ш* [MV,K, 271].

скриин adj 'нешто што не се гледа, што не е достапно' ~ *тјанака му вели: "наистина, мои синови, на човек ви мириса. Гу имам скриин един млат, ама дурде не си закалнети за мајчино ви златин зааб, нема кабил да гу извадја"* [V,PM,51] – во контекстот е присутна гл. конструкција *има (нема) + гл. придавка* за која рековме дека до скоро се третираше како особеност на западното наречје. Примерот ја презентира постарата фаза кога гл. придавка се сложува со предметот на кој се однесува: **гу имам скриин един млат** (м. 'го имам скриено') ; такви примери, во различни комбинации среќаваме повеќе во материјалите; ~ *една вечер човекот отишел да гледа кој му а испушчува паидата. Скриен бидеќи, поминали самовилите и малечката отишла да му а испушче* [ШГ,5(405)] – во контекстот партиципот **бидеќи** ја сочувал глаголноста: **скриен бидеќи** (= кога бил скриен); ваквата дијалектна специфичност особено е честа во "Кулакиското евангелие"; в. **скришин**.

скри̏ӭ pf – 1. в. **скри́ва** ~ *д'е́ да гу скри̏ӭ ж'ина́та? у дула́п'у н'е́тр'а* [MS,t,11]; ~ *то́а шо бе́ши зе́л пе́т карагро́шови, и рабути́ су ни́х, и и чини́ ќа́р о́шти пе́т карагро́шови. И то́ што а зе́ две́ти, и о́н така́, и чини́ ќа́р о́шти две́. То́ шо а зе́ идно́то*

утúде да купá у зéмнјата, и гу скрú злáтоту ут ágата [MV,K,271] – во контекстот посесивност се изразува со предлогот **ут** (од) место со 'на' **злáтоту ут ágата**; ~ *и гу пúта: "уд'é-ти тóс л'ák, как гу дукáра?" Тój úш'ти да скрúј; гиктéр муктéр ниш'т'é да кáж'и* [MS,t,37]; ~ *тојнака, кату чу така, праве отиде на протудракув конак, са скрил и, кога заспал, отиде Мајдон, открade гăлăбите фрет, без да познај никој* [V,PM,74]; ~ *тогас тојнака отиде, му рече на балтациите да износат ракиата аф чешмата; га износили, и тојнака га турна аф куритата и пак отиде, са скри* [V,PM,43]; – глаголот **скрúј** го забележивме во оплакувањето од мајката за умрениот син: "*Кустадине, мили сино! Мајка ка ки те забраве! Много ми си малечук, сино! Не си сино, јоште сам за пăт да јодиш! Мајка да знајше, Кустадине, уф пазви ки те скријшей* [ТГ,263]; 2. – **(сă)** ~ *вúд'ą ина́ пóрта утвóрина, фл'ázи тáм н'éтр'ą, дúј да сă скрúј* [MS,t,56]; ~ *вúи сте вúдело уф л'ýдити, нé мóжи да си скрúи грáдут шо и узгóри уф плáнина* [MV,K,310]; ~ *Исус па ричé: Ми фатú идéн, óти јас пикасáх шо испаднá кувéт ут мéн. Да кák видé жéната шо нéма да си скрúи, дујдé путрисéна* [MV,K,276]; во с. Зарово: **скрăи*** ~ *сă и скрăлу мáстуту* [ПсС(З),64].

скријýва impf в. **скри́ва** ~ *мéчкăта нúкуј* (некој) *мéт, нúкуј кушój дунéсла и јáдăт. А скријýва икукýп мéт, árно ма, лисúцăта сéки дéн јáде ут-тó мéдут. Дéка сéдăт: "Иии!, чúне. Е, мă-вúкăт" –"Кój тă-вúка?" – "Мă-вúкăт, вéле, дă-крăстăл"* [ДК(Бош),139].

скри́пани (и: **ш'крипани**) n 'скратување на коса, стрижење' [MS,103].

скри́пи impf – в. **скри́пни** [MS,103].

скри́пни pf 'стрижне, отсече' ~ *и му вилú...:"éзми н'éс нóж'ниц'ą, скрúпни ми мăра в'ăж'дит'ą"* [MS,t,86].

скрипничáва трéва f, bot. 'лековита трева со жолт цвет, кантарион' ~ *скрипничáфта трéва а-турýваа уф-зăјтúн, рáни ликýват ус-тáа* [ПК,2(Грам),103]– во текстот имаме нерегуларна употреба на заменките: формата за субјект: **таа** се јавува наместо формата за прав предмет 'неа' **(рáни ликýват ус-тáа)**.

скрипче n (обично во множина: **скрипчиjа**) 'дел од разбојот, кружна направа од дрво преку која се дигаат и спуштаат нишките' ~ *скрипчúјна на кóшничките, шо сă зăкáчăвăт на нúшăлките* [ИГ,121];~ *Јана платно ткаје, [скрипчијна ји фрчат, [куту на плакајне. [Јанина свакрва, [Јанина јатрва, [од рид на рид шетат, [л'ута змија бркат, [л'ута ми л'утица* [ТГ,329].

скри́хом adv 'тајно' ~ *"ми порáчи на дрýг да не кáжа, туку скрúшна да га úмам лакардúата". Мájка ú, кату чу такá са почуди и вели на керкá ú: "мари кéрку, и от мájка скрúхом бúва?"* [V,PM,31]; ~ *така и сегашните девојки требува колај да си не предаваат на јунаците сос малки или големи дарби, ча кој скрихол са лăжи, сос времіе излева на мигдан* [V,PM,31]; ~ *тојнака отиде да га ори и да га сеи чиница и, как га ориши, отдол един камин најде един казан алтăни, ги искара и ги закара* (однесе) *скрихол дома* [V,PM,86]; ~ *мајка и вел'аши на неа: "мари керку, што залудјала си това вечер? Ету аф удајата нетри ниа сами сми". Пак тјанака: "ах мале, човек има, скрихол ми земува хупките"* (залците) [V,PM,34]; кај Малецки: **скри́фом** (и: **скри́хом**) [MS,s,103].

скри́шин* adj (во Речникот на Малецки: **скри́ш'на** и за ж. и за м. род) 1. 'нешто што се чува како тајна' ~ *ама која́ же́на мо́жи да чува скри́шна лакардиа аф сърцето и́? Така́ и тја́нака га чува́ лакардиа скри́шна от ра́ну-ра́ну до ручо́кут* [V,PM,31]; ~ *о́ъата г-упи́тъл ъске́рину: "Шо́ но́сиш, бре ъске́рче, у-та́ гуле́ма то́рба?" –"Ааа, о́ъа! То́ не́-съ ка́жва. То́-е ъске́рцка. Таа-е скри́шна ръбо́та"* [ДК(Деб),156]; ~ *и то́јнака, кату чу́ така́, позна́, ча жената му каза́ на ма́јка и́, пак ма́јка и́ на та́тко и́. Ету жени́те ко́лку мо́жат да чу́ват скри́шни рабо́ти* [V,PM,31]; ~ *ми́ла ма́јку, са́кам ни́шту* (нешто) *да ти ка́жа, ама ли е стра́х от ма́жа ми, ча ми пора́чи на дру́г да не ка́жа, туку скри́шна да га и́мали лакардиата* [V,PM,31]; во "Зборникот" на Верковиќ формата за ср. род **скришно** го покрива и машкиот: ~ *на газетата пишиши: "господине Теодорак, как ки видиш мој писмо, да промине́ш приз мене, зашто имам да ти кажја скришно лаф!"* [V,PM,166]; 2. 'недостапен, непознат' ~ *ричé Го́спот: Ни́кој не́ гу запал'у́а канди́ил'ут да гу завива́ су ни́што* (нешто), *ту́ку наврас сфети́лото гу кла́ва, да му си гле́дат ви́делот ти́и шо си ва́ртат уф ку́ката. Оти не́ма не́кој ше́ј скри́шно, шо да не́ си пика́са* [MV,K,325]; ~ *му ре́кал: На ва́с ви си да́л да зна́ите скри́шнити чу́дби уф ца́рштина Господи́нова; да па дру́зите су прика́зни* [MV,K,274]; сп. **скри́шно мја́сто** 'непрегледно, недостапно (место)' ~ *н'а́кој врја́ме имја́ло еди́н мло́гу бога́т чове́к и бил јифаирји́а, ...и тра́гнали сос хизмика́рот му на па́тјут да ти́ват. И кату ти́ваха два́та, хизмика́рот сè гле́даши да на́јди н'а́кој скри́шно мја́сту да гу уте́пи* [V,PM,26]; ~ *стом ви́де хизмика́рот тако́ф мја́сто скри́шно, заедно́ш изл'а́зи от ко́н'ут, гу фати на господа́рот му, сос ка́мини го би́иши по гла́вата, удри гу, утепа́* [V,PM,26] – во текстот има 2 посебности, едната синтаксичка во врска со линеаризацијата: атрибутот е во постпозиција во однос на именката **мја́сто скри́шно**, а втората лексичко-семантичка: гл. *изл'а́зи* се јавува со значење 'се симна': **изл'а́зи от ко́н'ут**; в. **скриин**.

скришно adv 'незабележливо, тајно' ~ *мъ́ра дни сетне и́ рекла на пехерот му: "дјадо, јазе за пода на мојата столнина да сјадја сос жената ли". И пехерот му му рече: "на́ и тус хамајле, ако роди мојат мола дете да го носи на ранката скришно"* [V,PM,207]; ~ *распи́таши на них: Ко́га си и́дихми пу па́тут, шо си расчу́ди́хти мигу ва́с? Пак о́ни мо́лчиа, оти мигу ни́х си раскара́ле скри́шно уф па́тут, ко́-ј по́гуле́ли ут ни́х* [MV,K,303] – во текстот прави впечаток рефлексот **ол** за некогашното вокално 'л': **о́ни мо́лчиа**, наместо редовната замена со 'ъл', што би можело да се објасни како лабијализација; ~ *и ви́а ка́ си ре́кал, си ути́ди и а вика́ на се́стра му Мари́а скри́шно и му ричé: Дидаскалот дујдé и ти ви́ка* [MV,K,287] – во контекстот директниот предмет се јавува во спрега со предлогот **на**, што се третира за ароманско влијание: **и а вика́ на се́стра му Мари́а**; ~ *на другио ден попо скришно отишел да виде козаро къ́де и как ги пасел козите. Тоа, попо, ошче от далеко се завел воф адин трн да се прошете, а козаро, ка го видел, фанал сос сфиролчето да сфире* [ШК,5(421)];

и: **скри́шмо** ~ *скри́шмо рабо́те о́н ус-н'а́а* (зн. 'живеат интимно'), *а́ма на-гла́фта да-му-са-збии* (клетва) [ПК,2(Гър),103].

скришум adv 'тајно' – в. **скри́хом** ~ *пуминувајтту ут иден чифликј на друкј мојшă дă бидă или скришум нојкјтă или аку си гу најш кулајут чувек да си гу платă борџут. Ако сакăш дă си гу платиш борџут он ки тă извадă бурчлијă повичкјă ут колку си кăдăр дă платиш* [МЕ(Р),88];– сп.: девојка ако подолго време сака некој младич таа *скришум гу даруве* [ТГ,143].

скроји pf 1.'со мерка и со кроење приготви материјал за шиење, за облека' ~ *Бог да јобије, мамо, терзијчето, [аман, аман, мила мале, комшијчето! [што ми скроји, мале, јелеченце, [аман, аман, мила мале, јелеченце! [што ного ме стеге чак јод мишки* [ТГ,39]; 2. изр.: **ка́ ки сă-скро́и, тăка́ ки сă-ски́не** (= работите треба да се постават правилно уште во почетокот) [ПД,138].

скрум m 'нешто јагленисано' – зборот **скрум** го запишавме во следново празноверие: мртовецот може да се претвори во *вампирин* ако за животот нешто многу сакал но не можел да го добие; се мисли дека и по многу време таквиот мртовец останува цел: "*И пу десит гудини да ма раскопите, ки ма најдите цал – здрав!*" или "*Изгурех на воја бел век; ако умрум, ки ма најдите и пу десит гудини куту* **скрум**!" (јагленисан) [ТГ,260].

скрăмăти́к m 'дел од чамецот (**кура́бут**) со кој рибарите ловат во Дојранското Езеро'; **скрăмăти́к-от** *е ут дăрво смре́ка, чăта́л кăту бу́ква Т, еди́нјо де́л о́де пра́во нă го́ре, а ут стра́ната и́ма испу́шчăно де́ка ле́же купи́ита* (веслото) [ПД,128].

ску́би pf 'скубне, откине'; сп. **ску́мнува** [MS,s,103].

скувал m 'житни зрна што при вршењето и веењето останале неолуштени, т.е. со обвивка или во клас'; тие се собираат и повторно се стават во *враут* за да се вршат [ТГ-341]; во Кајларско: **скива́ли** 'глотежот што останува при сеењето' [ДК(Лип),106]; во Кукушко: **ски́вал (скувал')** и **о́тсеф** ~ *то́-ј шо уста́нуве ка́ сă-дăрмуни́суве жи́тто; уф-дăрмо́но уста́нуват уси́ле, дру́го ґу́бре* [ПК,2(Крец),102].

скукајне (на три нози) n 'детска игра, ја играат само машки деца'; назив от го сретнавме во следниов опис и именување на машки игри запишани во Гевгелиско: *брни капа, чилик, дла́го магаре, топарлăк амбар, ќорува кубила, кусо магаре, топка крија́ње, скукајне* и др. [ТГ,325].

ску́ка́лци pl. 'остатоци од класје откако ќе се извее житото' [СК,335]; в. **скувал**.

скул'а́са* pf 'заврши, пр. наставата во училиште' (се ослободи) ~ *е́ди́рму ми сă мо́лиш' то́лку, н'е́ка до́јди кăк за скул'а́сами!и́ ...* ~ *афу́ до́јди са́т'ут да скул'а́сат, д'ăт'ạ нту сă умў и сă прим'ạни́* [MS,t,83]; ~ *и за сă мăнч'иш' да гу е́змиш' д'ăт'ạнту, как за скул'а́са* [MS,t,83]; в. **сколасува**.

скули́ски adj 'училишен' ~ *уф-пе́нти и ше́сти клас пулаґаш-са дујаґони́змос. Аку га-пуло́жиш о́диш уф-гимна́зи(ј)ата уф-Дми́р-Хиса́р. Са пулаґаш напи́смно на чти́ри скули́ски ча́сув* [ДС(Ч),162].

скулӣја* f 'училиште' – в. **школ'у** ~ *Фотини говореше не́што по-гръ́цки. Тугај ју́ште не зна́јах де́ка на́шио изи́к бил-е зăбра́нн уф-скули́јата. Ич не га разби́рах што говори и не са́ках да-о́дам уф-скуло́* [ДС(Ч),160].

скулувра́ниц m, zool., Sturnus vulgaris 'птица преселница – сколовранец' [ПК,2(АЌ),65].

скулупе́суве (сă) impf 'се задржува' ~ *де́ка-j сjáа, де́к сă-скулупе́суве ко́j о-зна́а* [ПК,2(Мут),102].

ску́л'уф adj 'сакат во рацете' ~ *ску́л'уф ej-то́о шо нă-мо́ж дă-фа́ште; ~ да́ржи а́рно, не́ кут ску́л'уф, шо́ ќи-зе́миш, сè ќи-скắршиш* – Грам; во Гăр: **шку́л'уф** и **шку́л'о** ~ *шку́л'уф и нă-шку́л'то, а-скắрши́ та́а у́бува ча́шичка* [ПК,2(102)].

скумни pf 1. 'извади, симне' ~ *ути́ди на гура́та, сăс фо́рца прумина́, з'е́ мра́ва мл'а́кци и гу прифта́са гура́та на затфа́ран'ету, му гу ску́мна дизги́н'у* [MS,t,36]; 2. 'скине' ~ *ску́мна идна́ ќи́тка* 'откина едно цвеќе' [MS,t,36].

ску́мнува impf 'скинува' ~ *фа́ти да купа́j ахур'у, гу ску́мнува вудúлуту и сă гра́мнува, ути́ва и ко́н'у* [MS-t,61].

скупа́ва* impf 'со направа (мотика) ја обработува земјата, ја прави ситна' ~ *с'е́тн'а нара́ст'ува, пу́ш'та три́, ч'е́тир листа́ и гу скупа́вами ина́ мо́тика* [MS,t,5]; ~ *сла́нцето му рекло: "Момите ни сја уженоват, зашто бо еднач ни са сја пред сла́нце омили; лозето ни ра́ждa грозде, зашто всред нег има пари, и ни го скупават да ги најдат"* [V,PM,284].

скупи́j pf – в. **скупа́ва** ~ *нас гудúна ш'ту и сă с'а́j, д'е́сит', дванајси па́нт'а тр'а́бува да сă скупа́j* [MS-t,4]; ~ *на дру́гата гудúна за гу удр'а́ж'иш', за гу скупа́ш'* [MS,t,4].

скупак m 'јунец, односно вол на кој му се отстранети половите жлезди', кога ќе го **скопат** се вика **скупак** [ТГ,374]; в. **скопе**.

скупо́с m 'задник' [MS,s,104]; сп. во струмичкиот говор: **скупе́ш** 'задниот дел од панталоните'.

ску́р'а f 'црнило, ′рґа ' (– в. **скурґа́сан** = ′рґав); во текстот што следува зборот е употребен фигуративно ~ *пуч'ива́ш'т'е́м, пуч'ива́ш'т'е́м си до́jдух у с'е́луту сабака́рш'и (пу пруза́р'ани), си до́jдух дума́ ху́бав'а, ала́ ску́р'а ги на́х и дума́* [MS,t,2].

скур'а́сува impf 'фаќа ′рґа, ′рґесува'; со исто значење: **раж'д'а́сува** [MS,-s,104]; сп. **скурґа́сан**.

скура́ф m 'фризер' ~ *ма́шки брбе́рин, о́н скурви́са-ги ма́жите, и сри́же им куса́та* [ДС(Ч),141].

скурви́са pf 'избричи' [ДС(Ч),62].

скурдар m 'вид салата, истолчен лук со оцет и сол' (се користи летно време по жештините) [ПК,2(Град),102].

скурґа́сан* adj ''рґав' ~ *та́тку-ји вили́: е́ја н'е́ка ги в'е́ни нузи́ кри́вуту мул'а и ина́ скурґа́сана кала́ч'каи́* (= ′рґав нож) [MS,t,34].

скуро́сăн (-ин) adj 'нешто сторено како што треба' ~ *нă-вăркăни́к гу-пра́ви́х ра́чо́ко, да́ле-j скуре́сăн не́-зна́м; скуре́син деме́к а́рин, сла́тук* [ПК,2(Град),102].

скури́не impf 1. – в. скурну́ве 1. ~ *скури́н-го, не́к сă-ра́збу́де, вре́ме-j зă-ра́бо́та;* 2. – в. **скурну́ве** 2. ~ *шо́ гу-скури́не уд-ра́чо́ко чуве́ко?* [ПК,2(...)].

скурну́ве impf 1. 'пробудува некого'; 2. 'тера некого да стане, го кренува' [СК,335].

скурче́ n, zool. 'птица сколовранец' [ЛС(К),96]; во говорот на с. Чифлицик: **скурча́н** [ДС(Ч),60].

ску́се (сă) pf 1. 'се намали, заврши'; 2. изр.: **му-сă-скуси́ле де́нуфто** (= му завршил животот) ~ *а́j-го камба́нта чу́ке зă-не́куj шо-м сă-скуси́ле де́нуфто* [ПК,2(Гăр),178].

скусу́ве impf 1. 'прави нешто да биде пократко' (пр. панталони) [СК,-335]; 2. 'одзема нешто' ~ *секăдă ки дојде нешту ду негуву селу дă-јспаднă сăип и дă-му-ј исчувă интересите нă бегут, он му гу берă акут нă негу; он пулјă зă кукјите дă сă ув ред, кăдă-ј ногу семиту там гу скусувă, кăдă-ј малцă там гу качувă* [МЕ(Р),90] – во контекстот посвојноста се изразува описно (со предл. 'на' + долгата фор. за дир. објект од **тој** – 'негу' наместо посвојната заменка 'негов'): **му гу берă акут нă негу** (му гу берă неговиут ак); 3. – **(си)** 'се намалува' ~ *су скусувајнту нă семиту, су вагјанту нă сноп, су сичејнту нă кривајнту дел, тăкă мужа дă му флезă нă бегут пут кожă, шо не гу-јзвагја негу кипазе. А зă то силјајнто уд ден нă ден се по сирумашејăт, се по си-ј скусувăт арџувјту* (потрошувачката) [МЕ(Р),90].

скусувајнă* n 'намалување' ~ *сеј дăвијă нă бегут зă субăштă не факјă месту* (не носи резултат), *оти субаштă су неговите "ступанцки мери": су скусувајнту нă семиту, тăкă мужа дă му флезă нă бегут пут кожă* (да го усвои), *шо не гу-јзвагја негу кипазе* (= тој што е долен, што е посрамотен; погрешно пишува: *'ки пазе'*) [МЕ(Р),90].

скут* m 1.'делот меѓу бутовите и стомакот, обично кога човек е седнат' ~ *хеј мори , моме јубава, [јубава дури сенлива! што ти е бело то грло, [куту на филџан то дано! [филџан је палин ракија, [да пијам, да се јопијам, [на скути да ти преспијам* [ТГ,159]; ~ *и така вјахна на неговата бăрза кон'а и киниса от тамо: от град на град шеташи и га тераши неговата пăрва л'уба. И тјанака, как гу виде, гу позна и заедноч му седна на скутут* [V,PM,53]; ~ *једнӑч, като́ си л'у́беше ги́здавата девојка, и си кла́де глава́та на ску́та хи и хи ре́че: "Л'у́бе, ма́лка мо́ме, мо́е весели́у, на ску́та ти ма́лку шта́ за́дремам, та да гле́даш про́с (sic) зла́тна пе́нж'ура"* [V,PM,259] – на редакторот на "Зборникот" на Верковиќ не му било познато дека предлогот 'през' во овие говори се јавува и како **про́с** и затоа допишал *(sic!)*; ~ *тојнака как виде, така без кабахат да са утепуват, рече да му чини една хубавина та извади от торбата му три-четри комати, кладе на пăтју, и си собраха сичките мрафки на л'абот, и он ги зема на скутот* [V,PM,96]; ~ *и на чеса́ пуду́ ти́хан вја́тар, ју́ди са сви́ха сас вја́тар. И са евѝ еди́н ч'ул'ак сас си́ф ко́н, јоти́де при мо́мите и си пу́сна рака́та фа́ти хубава́та мо́ма, и е дигна́ та е кладје́ на ко́не на ску́та си* [V,PM,259]; 2. 'преден дел од женска облека, од стомакот до колената' ~ *"јазека си имам, [и татко и мајка, [и девит милни братја. [Тебе ак та видат, [море врашко чедо, [ќи та прават, џанум, [парче пу парче" ["Така ак ма прават, [мори, малој моме, [ти да ме суберии, [уф твојте скути"* [ТГ,102]; ~ *си засука Ванѓелина скути ем ракаве, [си замеси Ванѓелина два чиста кулака, [оти ќоде Ванѓелина јуф мајка на госте, [Ванѓелина, леле џанум, в татко на поврнич* (прва посета на младите сопружници кај родителите на младата невеста) [ТГ,40]; значењето 2. на зборот **скут** го сретнавме и во описот на следниов обичај: спроти празникот *Руса среда* во минатото се практивало ова: домаќинката ќе земе *у скут немирено* (не е важно

колку) бело просо и *ки гу прасеје* сиот двор и ќе помине околу куќата зборувајќи: *"Кога душмајне ду зрно воја просо ки гу суберат, тоги и касмет да ни праземат!"* [ТГ,64].

скуфа́јќ m 'детска капа' [MS,s,103].

скъ̑бри́ца f, zool. Skomber kombrus 1. 'мала морска риба со вретеновидно тело' [СК,335]; 2. fig. 'слаба, сува, често и лоша жена' ~ *та́а Те́на тъ̑ква́-ј, али́с скъ̑бри́ца* [ПК,2-(Грам),102].

скъ̑лке* pf 1. 'со удар направи нешто на парчиња' ~ *ми, има ле́пче, и́ма лу́кче, и́ма си́рънце – кој шо и́ме! И ќи зъ̑фа́тиле да жни́јме. Пу ръ̑чо́кут ќи пуле́гнът ма́лце. На́пкумта ќи до́е пъ̑ ќи ужи́нъ̑ват. Ѝќиндиа. Ќи скъ̑лкът лук уф уце́т и ќи ужи́нът* [ИГ,119]; – сп. кога парче месо со чукање со *сатар* (вид секирче) ќе се стори ситно, како мелено, – *ќи се склъ̑ќе за ќу́фте или за дулма или за сарма* [ТГ,219]; 2. 'сотре, уништи'; сп. топ. **Скъ̑лванија Чинар** 'ниви и чешма' (сп.: **скъ̑лван** = скршен, **чинар** = јавор)' во регијата на с. Въ̑лково, Драмско [ЈИ,Ми...,-194]; – во текстот што следува значењето е фигуративно: неколку дена пред празникот во куќата се гледа голема раздвиженост, дури повеќе отколку за *Бужиќ*. Куќата се чисти, патосот се мачка со специјална земја, ѕидовите *са прскат* (се варосуваат) сите се растрчани, *"да са склъ̑кат"* (= да се утепаат од работа) [ТГ,208]; 3. изр.: **у-ава́н до скъ̑лциш** (= се кажува за некој што заслужува строга казна) ~ *шо́ ло́шо де́те-ј то́о, у-ава́н до-скъ̑лциш-ej, а́ма шо́-ќ му-пра́виш* [ПК,2(Гъ̑р),203]; сп. и клетва: **град да те склъ̑ќе** (= град да те удри и да те уништи) [ТГ,320].

скъ̑мпа́рин (и: **скъ̑мпъ̑а́рин**) m 'тој што не сака да троши многу, скржавец' [MS,s,103].

скъ̑мпи́ја (и: **скъ̑мпута́ја**) f 'кога работите се продаваат скапо' [MS,s,103] – пример со остатоци од назалниот изговор; и: **скапиа** ~ *му веле на уфчарут: "Ајде пубратиме, сега нимо сак'и пари за житто, ами на кило двеста офци да сак'иш, пак да си натамамиш офците!" Са чини една зла скапиа, фатиа уфчарето да идат за жито* [V,PM,294]; ~ *ричé: Исти́на вél'ам на ва́с, шо ни́кој профи́тин не́ ј а́рин уф не́гувуто се́ло... ду́ри си чини́л гуле́м скъ̑пи́ја на са́та зе́мн'а* [MV,K,281]; ~ *да ка си загуби́ има́њото, си чини́ скапи́а но́гу на то́а се́ло, и он фати́ да угладну́а; и си ути́ди, си глави́ на иде́н ут то́а се́ло* [MV,K,281].

скъ̑ндъ̑ле́сува impf 'расипува нешто, го прави негодно за употреба' [СК,335].

скъ̑п adj 'нешто што има висока цена' ~ *и Ла́зар и о́н бе́ши иде́н су не́гу и дру́зи шо се́диа. Мари́а па а зе́ идно́ чире́к* (четвртина) *ми́ру мироели́в, но́гу скъ̑пу и али́з* (вистински), *измажа́ на но́зити Исусов-а, и а бриши́ла су ко́сата ут гла́ва на но́зите, и ку́ќата си мирусува́ла ут ми́ру мирудиа* [MV,K,281]; ~ *Лу от ма́ра час се́тника отвори си учи́те и прогледна́ на гори къ̑де́ дъ̑рвоту и кога́ виде́ ха́рно, дъ̑рвоту е би́ло хрално́, хем е било пъ̑лно сос драгоцени и млогу скъ̑пи ка́мини* [V,PM,7]; ~ *и на мо́јта гуди́на мло́гу би́ш'и скъ̑мпу браш'но́ту* [MS,t,87]; ~ *на иди́ну ж'ината-му пурънч'ува: е́да ни гл'е́даш', ма́нџ'и, мло́гу скъ̑мпа ѓулн'у́к, у́тр'а за съ̑ на́јди по́скъ̑мпаи* [MS,t,47] – во контекстот има уште една потврда

дека во овие говори родот не функционира; имено именката е од машки, а определбата од женски род: **скъ́мпа ґулн'у́к**; уште: **скъ́мпа ш'ик'е́р**; 2. fig.: ~ *не́гувјо маабе́т е скъ̑п* (се кажува за некој што малку зборува) [ПК,2(Гъ̑р),103]; 3. adv 'многу' ~ *е́, се́га, ќи-ми-проода́ш ме́н, ричé, та́ти. Не́ бре-си́нку, идно́ де́те и́мъ̑м. Не́! Ќи-ми-прудаш, ричé, а́ма скъ̑пи па́ри ќи-са́къ̑ш, но́гу па́ри. До́броо! Та́тку-му гу-зе́ва, гу-изва́ќа нӑ-пъ̑за́ро* [ВЕв(Кор),303].

скъ̑п ка́мин* m 'скапоцен (драгоцен) камен, се користи како украс' ~ *н'а́кој врја́ме имја́ло еди́н мло́гу бога́т чове́к и бил џифаирџија, санким и прода́вал мло́гу скъ̑пи ка́мини. И кату му са собра́ мло́гу сто́ка, и́скаши да га прода́ди* [V,PM,26]; ~ *ме́нцуту* (месото) *и скъ̑мпу* – остаток од назализмот [ПсС(З),67]; ~ *и кату уздравјала, фати да му вели на човека: "ох брате, това добро, што ми стори ти на меника, ела, што сакаш от морету да ти дам: злату или млогу скъ̑пи камини!"* [V,PM,100].

скъ̑по adv 'кога нешто се продава скапо, за многу пари' ~ *"Што́ излуви́ си́нко?" Де́тто кажа́: "Ри́бичка фати́х, скъ̑по га-прудаде́х. Бра́шно купи́х, ма́мо, со́л' купи́х и устана́лите па́ри ги-дунсе́х"* [ВК,-281] – во текстот се забележува архаична употреба на партиципот (л–фор.) **устана̀лите** (место гл. придавка 'останатите'); ~ *и рече́ сам на се́бе си: "ej Бо́жи, та́тко ми зна́иши, оти ја́зе ќи западна́м от у́мот ми и затова́ га искри тука не́три а́ф това́ да́рву... а́ли поне́же ја́зе сега́ ќи ги зе́мам та ке да и́дам на дру́го ме́сто, да ги продам по-скъ̑по"* [V,PM,8] – употреба на адверзативниот сврзник **али** наместо 'ама' **(али понеже јазе сега ќи ги земам)**.

скъ̑ржуф adj 'тој што не сака да троши, стиснат' [СК,335].

Скъ̑рка top. 'непроодно место, "планинско грло" ', сп. **Равната Скъ̑рка** 'дол и високо карпесто плато' во реонот на Клепушна, Зилјаховско. Ј. Иванов го поврзува со стсл. **кръкъ** 'врат, шија', познат во повеќе слов. јазици [ЛИ,Ми...,194]; остаток од односниов архаизам запишавме во струмичкиот говор во формата: **на кркач** 'кога мало дете се става да седне на вратот на тој што го носи'.

скъ̑рлуши́на f 'скрлушки' (со кои ди-шат рибите) [ПК,2(17)]; во Дојранско запишавме: **скъ̑рлу́шки** [ПД,128].

скъ̑рна f 1.'нечистотија' ~ *скъ̑рна ут у́ш'и; ж'а̑лта (ж'ла́та) скъ̑рна* [MS,s,103]; ~ *гна̑сно шо сӑ-нӑ-фа́ште нӑ-ко́жта уд-го́ре нӑ-чувéк, уд нечистути́и* [ПД,132]; ~ *ја́кта ади́н пра̑с скъ̑рна ти фа̑ти́ла* [ПК,2(Гъ̑р),103]; 2. fig.: 'обраќање со негативна конотација' ~ *до́л кавази́ну ја го́ни ут по́ртата: "б'а́гај утту́к скъ̑рн'у!"* [MS,t,24] – заглавниот збор (**скъ̑рна**) претставува архаизам.

скъ̑рнил'а́ф adj – в. **скъ̑рнуф** ~ *гъ̑би ќи-фа́тъ̑т дӑ-ти-ра́стъ̑т пу-те́бе* [ПК,2(Гъ̑р),103].

скъ̑рничка f, dem. 1. – в. **скъ̑рна**; 2. fig. 'малку пари со мака спечалени' [ПК,2(Гъ̑р),177].

скъ̑рнуф adj 'нечист' ~ *то́о на́шјоо ста́р но́го скъ̑рнуф о́де;* во бугарскиот јазик освен 'нечист' значи и : 'оној што не јаде сè'; сп. стсл. **скьрънавъ** 'гнасен' [ПК,2(13)]; во Речникот од Малецки: **скъ̑рнаф** [MS,s,103].

скăршéн* adj 1. 'кога нешто со удар, односно со притисок е направено на делови' ~ *прáвăт брáк. А-зéва тá чýпăта. Нăвéчирта ќи-лéгнăт. Имáло висóки пóрти цáрут. И-óде élинут дă-рóпа пу-сéстрă-му. Рóпа, рóпа – ă-скăршýва пóртта, си-óде. Стăнýвăт нăрáнто – пóртта скăршéна* [ДК(Ран),125]; ~ *и му вéле: "Йнă крýша úма тýка. Нé зăстăнýвăме дă-јáдиме трó крýши?" – "Ма áјде, вéле, дă-зăстáниме". Зăпúрăт тáму. Céа кój ќи-сă-кáче? Пá слéпјут, крúвјут нă-мóже, скăршéна нóга* [ДК(Трем),136] – уште една потврда за присутните балканизми во овие говори: прашална реченица без партикулата **ли**: **Нé зăстăнýвăме дă јáдиме**? (Нема ли да застаниме?; 2. изр.: **нијднă скăршенă гăрцка не знаат** (= не знаат грчки ниту збор) ~ *нијднă женă и повичките мăжă нијднă скăршенă гăрцка не знаат ут шо колко за да му сă бијăт пезă* (го исмеваат), *на истинците Гăрци знаат да речăт: кшеро меро – ама па биле Гăрци оти "мајатă" му била гăрцкă* [МЕ(Р),82]; **нема пара скăршена** (= нема никакви финансии) ~ *тогáс гимициáта му вéли: "áди, јáзе зá душáта ми ти искарáх* (доведов) *дур тýка! Тýку úмаш л'áп? Аку нéмаш да ти дáм". – "Нéмам господúне, ниту л'áп, нúту пáра скаршéна"* [V,PM,151] – во контекстот имаме уште една прашална реченица без партикулата **ли (дали)**: **(тýку) úмаш л'áп?**

скăршéни* n 'кршење' ~ *па вúи кажýваа шо видóа на пăтот, да как сă пузнајá на скаршéнито на лéпот* [MV,K,253] – во текстот прави впечаток присуството на гл. именка од перфективен глагол: **на скаршéнито на лéпот** – за ова в. во граматичкиот дел; втората особеност е фонетска – обезвучената согласка во финална позиција останува и кога фонетските околности се изменети, сп. **лéпот** (м. 'лебот').

скăрши* pf 1. 'нешто што било цело, го стори на делови' ~ *как јадоха, фăрли еден кокал едноту дете, скарши цамут. Кату си скарши цамут, блăсна слăнцету нетри аф кулата. Децата кату гу видоха слăнцету, сакаха да гу фатјат* [V,PM,50]; ~ *си-грéде уд-рăбóта, стáпу стóе тýка; жéнта си лéже; рýчук нé нăпрăвéно; вóда нé нăпăлнéто... Сăти рăбóти стóăт. Ни смитéно. "Сéга, му-вéле, дă-знајш: ќи-тă-скăршăм уд-нă-жéнта-ми гăзу"* [ДК(Паљ),124]; ~ *истум приближиле, фатил Предлозан да му веле: "Аз сум Предлозан. Видиш, ка та дунесех пред царут?". Тоги Алате са чинил ветăр, скăршил колта, напкум фатил, утепал царут су сè аскер и са пикнал уф една дупка* [V,PM,273]; ~ *и утúшал да си нокјáва су нúх. Да чýнки сă прибрá су нúх, а зé лéпот и благосови́, да и скаршú и дадé на нúх* [MV,K,253] – за случаите кога промената (обезвучувањето) на финалниот **глас** се задржува и кога фонетските околности се изменети в. во заглавната единица **скăршéни**; ~ *викна биќар, продвикна: ["Бре стој, моме, пучекај, [да ти стомни пуносам, [да ти рамо улекне". [Спрсна мома да беге, [и он спрсна пу неја. – [Свал'уваќи стомната, [зилен прстан са скрши, [викна мома да плаќе* [ТГ,368]; 2. 'откине парче' ~ *дéцта, димéк глáдни сă, ќи-пумúнат, ќи-зăмúнат, ќи-си-скăршат лéпче* [ПК2(Гăр),187]; 3. изр.: **ăмă ја скăрши му гу сăл тро кефут!** (= не дај Боже да се спротивставиш на посилниот!) ~ *и тăка силјанинут ăј бурчлијă дă рăботе*

не сăл зă бегут, ами и зă негувут субашă. Субашта нема ак нă ништу повикjă, ăлă ja скăрши лу гу сăл тро кефут, дă видиш тогăj колку пари чинă [МЕ(Р),90]; со блиско значење: **дă-му-скăрше атăро** (= да не му ги исполни желбите, да го повреди) ~ *тáа нă-уфчáро, нă-брáто мурéкла: "áс сáкум тúй кутрúнта дă-j дукáриш, ди-j-пумилýм, мáлко, ич нé сум ги-пумилувáла". Тóо нă-мужéл дă-j-скăрше атăро, óде дă-зúме лéп и кутрúнта и закáрăве* [ПК,2-(Мор)228]; **и скршил кокалето** (= ја изнатепал) ~ *не знала оти мăжо и́ вечеро и́ скршил кокалето, а салю га болели плешчите, та и́ се чинувало оти от топлото вино га болели; та за то на друшките си им велела: "Ним да пијте топло вино, заре от топло вино кокале бол'ат"* [ШГ,5(418)]; **скршејте му на воја враг ногата** (= да го оневозможите ѓаволот, нека не прави лошо); – сп.: кога се распаѓа семејството, кога се врши поделба на имотот меѓу браќата, луѓето што се викнати како сведоци (*комабашијата* - кметот, *азите* - одборници и роднини), прво ќе се обидат да ги смират, да останат заедно браќата со зборовите: "*Скршејте му на воја враг ногата, смирејт-се*" [ТГ,292]; клетва: **скрши си врато** (= бегај од овде, да те нема) [ТГ,319]; ~ *Момá му вéли – гóри: ["Кó си ргéн, пóстój, чáкај, [дa ти дáм кáтка мăшанa, [кó си жéнен, глéндај си пăнт'o, [глéндај си пăнт'o, скрăши си врáто!"* [ЛС(К), ...].

скăршýва impf 1. – в. **скăрши** ~ *прáвăт брáк. А-зéва тá чýпăта. Нăвéчирта ќи-лéгнăт. Имáло висóки пóрти цáрут. И-óде élинут дă-рóпа пусéстрă-му. Рóпа, рóпа – ă-скăршýва пóртта, си-óде* [ДК(Ран),125]; ~ *рéкăл: "Сéга, вó кýпут ќи-м-гу-кáчте нa-глáфта и ќи-мáнте удузáдин суидúн стáп, тúе шo-ќи-пáднăт придлéн сa-мóи, тúе шo-ќи-пáднăт затлéн сa-вáши". Мáн су-идúн стáп, сa-скăршýве* [ВМ(Зб),321]; 2. изр.: **атăр не скршуве** (= ги исполнува желбите на другите) ~ *што си веле ем гуворе Попово Јуванче: ["Ванѓелино, Ванѓелино моја прво л'убо' [да ми викниш една песна, Ванѓелино, мори, [малце речувита џанум, ного гласувита; [белким дремка, Ванѓелино, ки размине, мори". [Ванѓелина атрџијка, атр не скршуве* [ТГ,40].

скăта impf 'се движи бесцелно, скита' ~ *кој пăта, ни скăта* (= тој што пита, не скита); сп. – ы › ă [ПсС(З) 64]; и: **скúта** ~ *е, тó бугáтjу сè су-бугáти л'ýѓа. Сирулáу су-дéцăта пúта, скúта, зăкăрпéно... Су-зéле, су-трéва и-рáсте дéцăта. Нă-бугáтjу му-вилéле: "Брáт брáт нé ráне – тéшко тó шу-гу-нéма!"* [ДК(Ем),152].

слаб adj, 1. opp. на 'дебел' ~ *имаши еден јунак, името му беши Грујо Шкиндерлиа. Тојнака беши млогу слаб на снагата, но имаши живо сăрце... еден човек му и псул мајката, и тој еден јумрук и му извади душата* [V,PM,76]; ~ *нá цáрчината твójа úма сиромáси и богáти, штото сúчки плáштат еднá даванúна; штото не трéбува такá да чúниш, заштó кату слáбите добúци са и сиромáситу* [V,PM,115]; ~ *е, прăвúла никóлку дéна тáка и му-рéкла вáа зингúнăта: "Măри жéно, мójте дéца úма шó дă-jáдăт а слáби сă, тфójте дéца нéма шó дă-jáдăт а jáки-сă"* [ДК(Ран)126]; 2. 'немоќен' ~ *"Е, лу-вéле, сéга*

дă-мă-зăнéш ри́би дă-фáтăм", му вéле. – "Е, нă-тéбе, му-вéле, ину-ќýп (глинен сад) *ќи-ти-вăрзăм. Ти си јáк, мăкниш ри́би, јáска слáба сум, лéјка, áма нă-мóш дă-бáрăм* (одам), *му-вéле, ќи-мă-кáчиш нă-плéштите"* [ДК(Лип),118]; ~ *вăрвéли и дрýзи кóли, áма пó-јáки сă-би́ли дуби́ците зéре, пуминáл'-а рéкта. Тó слáп, кóјнчăто, мăлéнко óти о-зăмутáла вó·та, уткăрáла-гу нă-нéко ќóше тáм* [ПК,2(Мор),220] – во контекстот имаме уште еден случај на несоодветна конгруенција: именката во ср., а атрибутот во м. род: **тó· слáп, кóјнчăто**; 3. 'со лош квалитет' ~ *тýка ти́ја ни́ви сă-слáби зă-стáро. Лáни шó стáро искăрáме. Вáа гуди́на нă-мужáа дă-сéат, сýша би́ше. Ич нă-мужáа стáричко дă-сéат* [ПК,2(Иц),288]; ~ *товá нéшту е от чини́ца зắрно: от таквá чини́ца јадјáхми ни́а, та затовá живýвами тóлко годи́ни. Та затовá сегá, кóлко чини́чиното зắрно са чи́ни слáбо, тóлко и човéците са чи́нат слáби и́ живýват по-мắра годи́ни* [V,PM,119]; ~ *тá-ј знáчи укăпáла снáга, крắфта слáба, јáдинто слáбо и се нăмáл'уве чувéк уф-тéлто, кувéт нéма. Зăшó стáрте ус-стáпче сă-путпи́рат. Стáпчто нóго пумáге нă-чувéк* [ПК,2(Грам),241].

сла́бо adv 'малку' ~ *сéлто, дéка-ј стáрто сéло ни́што нéма нăпрáвăно. Сéа дéка-ј, сè-ј сéлто нăвóнка, пу-кắро. Сè пу-крáјо кắшти, гắрчки кắшти. Нáши, ти-кáжум слáбо и́ма. Дáли и́ма двă-трú кắшти стáро Мурáрци. Сáмо адна́ жéна најдéме тáм уд-нáште, шо знáа нáшо дă-гувóре* [ПК,2(Мор),217]; ~ *áма скăрáа се Бугáрто и Гắрците зă-Сóлун. Стипáа сă-тáм. Бугáрска вójска нéмше, слáбо нă-Сóлун, дáл' и́мше áдна дивúза. И Гắрците цéла дăржáва ќá пудбрáа, пучнáа ти́ă тóпуве дă-пýкат уф-сéлта, зăпáл'увăт сéдбите, жúтта* [ПК,2-(Мор),218].

Сла́ва* 'ж. л. име запишано во Кукушко' ~ *Гóце Дéлчуф сè уф нáшто сéло ијше. Пá ни́ја ќи-гóтвиме, ќи-ј-прăчéкме, пá ќи-сј-óде. Тáтко пá ќи-рéче: "Ајде Слáво, ти́ сјáа ќи-дójш ус-нáска". Ас рắци стúскум, ме-ј-стрáх. Дибéјќи, дибéјќи ќ-о-нóсме пá нă-Кăли́нуво* [ВК(Мал),289]; в. **Славка**.

сла́ва f 'признание, репутација, кога некој е окружен со почести' ~ *и такá Гóспот гу лилýваши, и когá да прóсиши нéшто от Бóга, му дáваши на нéговите рắци. Умрјá брáтовата му жéна и га закопá сос млóгу слáва и елванли́к* [V,PM,16]; ~ *сúчките ги земáха, ги закарáха áф грáдот, и когá чýха граждáните, ча тój ги утепá хајдýтите, нéмаха сос кóја слáва да гу слáвјат* [V,PM,22]; ~ *ама Бог кога сака један човек да гу чини, да прима или царчина или друга слава, колку душмани да има, пак не могат ништу да му чинат* [V,PM,74]; ~ *и Слóва сă чини́ снáга, дă сă варшá су нáс; да му видóми слáвата, слáва катý самороден ут Тáтко, пắлни дáр и истúна* [MV,K,251]; ~ *тогас татку му му вели: "ми синку, хождаш, бари татку ти сос тебика да си радува!" Тојнака му вели на татка му: "тате, јазика ем ки идам, ем умдисам на Бога да са вăрнам сос млогу слава"* [V,PM,51]. Во контекстот прави впечаток изразувањето на негираниот императив со грчката честичка но глаголот оди со наставките за презент, не за императив: *му вели:"ми синку, хождаш"*.

сл'а́ва impf 1. 'излегува' ~ *и сл'а́ва то́ј ут дулиа́; андю́с да по́ј на теа́т-руту сă пука́ш'та го́р'ą на бр'ąсто́;* 2. 'се симнува' ~ *гу ја́хнува ко́н'у, вра́тнува кл'у́ч'у, прул'е́тнува ута́м, си ути́ва пра́в'ą на ца́рува́та ли́ома. На дво́ру кундю́сува и сл'а́ва ут ко́н'у* [MS,t,21]; и: **слева** ~ *и ве́ли на не́гу: Исти́на, исти́на ве́л'ам на ва́с: ут се́а на́ка ки ви́дити на не́бито утворе́на, и Ангели Господинцки да си качу́ат и да сле́ват на́врас Чове́шноу Си́н* [MV,K,302]; ~ *на ви́и ле́жија но́го л'у́ди бо́лни, сле́пи, кри́ви, су́и, фате́ни, шо че́ка во́дата да си рази́граши. Чу́нки Ангелот сле́ваши на вре́мито на Ка..., да си стре́сиши во́дата* [MV,K,255]; ~ *на ви́и ле́жија но́го л'у́ди бо́лни, сле́пи, кри́ви, су́и, фате́ни, шо че́ка во́дата да си рази́граши. Чу́нки Ангелот сле́ваши на вре́мито на Ка..., да си стре́сиши во́дата* [MV,K,255]; 3. – **(са)*** ~ *рекăл: "Вăрзајте ме сус една ортома, пуштејте ме уф дупката и, кога ки а дрăснум, да ма искарите!" Го пуштиле сус една ортома. Ка са слевал, ка са слевал, дăрснал ортомата, го извадиле* [V,PM,271]; 4 'топи' (пр. маст) [СК,335]; 5. изр.: **сă ни сл'а́ва на́-глава** (= не може човек да те надмудри) ~ *ви́д'ą, ч'ą сăс паш'а́та сă ни сл'а́ва на́глава и му вили́: е́на т'е́б'ą ланнц'а́ ни стану́ва, за ти ка́ж'а на и́стинаи* [MS,t,48]; сп. **исл'а́ва**.

славен* adj 1. 'тој што има, што заслужил почести'; 2. 'нешто што изразува почит, слава' (во случајот песна) ~ *това кату рече самовилин син, заедноч зема мегдан и прискокна три пăтја от кал'ата. Кату видоха така сичките свадбари, фатиха сос голем и велико глас да пејат славна песма* [V,PM,61].

славенцки* adj 'нешто што се однесува на Словените' ~ *"Славенцкуту" имă на полјту ки му бида "Сланица" и во имă ки бишă за сăто полја дур на морјту и дур ду Ембимбо, оти колко повичкја ода чувек ут зајди-слăнцă узгурнинта на земјатă-ј се по-сулена и се повикја се стрекја цеки* (sic!) *лăскави ут сол'та шо е на них* [ME(P),75]; ~ *гăрчко пóп дăржа́л цăркву в-Алéксуво, а́ла гулéмците нăдгувури́ли, ре́кли: "Изгунéјтј-о гăрчко пóп, ки-ту́риле слувéнски пóп". Фа́јкăт адна сăба́јлин, н-един Вили́дин, гăрчко пóп дăрже цăрква, м-упи́нат ку́тéкут* [ПК,2(Крец),306].

сла́ви* impf 'оддава почит' ~ *от мло-гу му́ндр што беши, цáрјут гу зема́ сос не́гу аф една́ трапе́за, јадја́ха кату бра́тка, му чини дре́хи ха́рни, гу и́маши мло́гу на севда́, и то́ј са благодари́ мо́шни сос ца́рјут и сла́виши Бо́га* [V,PM,9]; ~ *на то́а вре́ми, раскране́ Исус о́чите му на не́бито, и ричé: Та́тко си наближи́ вре́мито; сла́вај си на Си́н ти, и тфо́јо си́н да ти сла́ви* [MV,K,260]; ~ *аф те́мнуту дојде́ дру́г еди́н чове́к, гу здигна́ от гими́ата душма́нинот и гу удри́ не́три аф море́ту; и си одави́ аф вода́та. И така́ ка́к виде́ха гимициите, си́чки сла́вјаха Го́спода* [V,PM,24]; ~ *и ка́ кинисáле да си отидóа, си чисти́ле (са лекува́ле). Илим иде́нјут ут ни́х, ка́ виде́ шо си лекува́, си варна́ и му сла́виши на Бо́га су гулéм глáс* [MV,K,260]; ~ *си́чките ги земáха, ги закараха а́ф гра́дот, и кога́ чу́ха граждáните, ча то́ј ги утепа́ хајду́тите, не́маха сос ко́ја сла́ва да гу сла́вјат* [V,PM,22].

Славка – ж. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,115].

славосло́ви* impf 'искажува почит и слава (кон Бога)' ~ *сиромахот, кату виде така́, мло́гу си благодари и славосло́виши Бога за тако́в кăсме́т, што му е да́л на не́гу. Сироми́хот ги зема́ пари́те, оти́де на дома́ му* [V,PM,13].

сла́вур m, zool., Luscinia megarhynchos 'мала птица со многу пријатен глас – славеј' [MS,s,104].

сла́вурч'а n, dem., в. **сла́вур** [MS,s,-104]; во Дојранско запишавме: **сла́вурче** [ПД,130].

сла́га impf 1. 'одговара' ~ *Слајнцата узгора ут друмут ногу-ј помалечка ут та шо ја уздолу уд друмут. Рамнината шо се прифăрлја узгора ут друмут кăда Вардар и не слага за то, на шо му велиме нија "полјто"* [МЕ(Р),70]; 2. – **(сă)** 'се сложува, убаво соработува' ~ *ни́а сме бра́тăни́ци* (брат само по еден од родителите), *а́ма но́го сăсла́гме* [ПК2(Мут),25] ~ *ај-па́ ќи-си-собе́рат. "По́пе, мо́л'а-ти, ác фче́ра жнија́ и не́ ми-си-собра́ни сно́питро". Знáј по́по о́т не́ се-сла́га се́ло, сè ќе-и́ма н'áштo пре́чка н'áкој* [ЛС(К)120] – со зборoформата **село** се покрива значењето 'селани'; 3. 'смета' ~ *зарди шо му-ј парталут* (носијата) *на пустулејна* (жител на с. Постол) *иден* (еднаков) *со кулалцкјут, бузе́чкјут, питровцкјут и на друјсте села удвăда уд Вардар (ут кăд Постол) и нашто село га слагат за уд Вардаријата* [МЕ(Р),72]; ~ *идну-вре́ме му ре́кăл: "Нивéсто, да ли-дојнсиш идин-кýп". Зéле ти́е гу-зăкăра́ле, сè. Слăга́л та́ки-ј-кла́де ти́е па́рте у-то́ кýпут. В о́, да-про́стиш, сă-мучáл у-то́ кýпут унăтре* [ВМ(Цăр),321]; 4. 'планира, има замисла' ~ *сла́гум и éс дă до́м* [СК,335].

сл'á́зи pf 1. 'се симна' – в. **сл'á́ва** ~ *и дójди та́м пукра́ј инса́ну и сл'á́зи ут ко́н'у* [MS,t,59]; ~ *и сл'ázи до́лу, си ја́хна ко́н'ч'ạту* [MS,t,21]; ~ *гу устáви ко́н'у удго́р'ạ на бр'ạ сто́ и сл'ázи то́ј на зим'áта* [MS-t,20]; ~ *си прул'ётнува утáл и кáрат, кáрат, з'éха мло́гу пăнт'* , *алá замрăзнаха на пăнто́ и сл'á́зуха на ина́ го́ра* [MS,t,23]; и: **слезе (са)*** ~ *флегал стредн'ут, и он са уплашил, дăрснал ортомата, го извадиле. Флегал малечкут, са слизел дур доло; најдел една врата, а отворил, нашал една мома; отворил друга врата, нашал друга мома* [V,PM,271]; ~ *сичката праматиа им останала под дрвото, а двата брате си слезели и си га разделили брацки. Малкиот зел за себе си колкото тимен имало, а другото оставил на брат му* [ШК,5(420)]; ~ *рекăл орăлут: Ја едно дете на воа дăрвото, оно нека ни гу деле!". Дефут му рекăл: "Слеете доло бре дете!" – "Не са слевум, ке ма изедиш!"* [V,PM,294]; ~ *ричé на не́го бо́лниот: Афе́ндо, човéк не́мам, ко́га ки сă стре́си во́дата, да ли кла́ди на Кол...; дýр да си о́дам јас, друг при ме́не сле́гал* [MV,K,255]; 2. 'излезе' ~ *и как и́ш'тиш'и да сл'ázи ут по́ртата ут вăнк, сă тýрна ут по́ртата уд го́р'ạ с'é ма́ламу на врăх мума́та* [MS,t,63]; ~ *ама́ д'ăт'ạту ста́на кувитли́ја, гу пăхна ка́мин'у и сл'ázуха вăнк* [MS,t,16]; ~ *... ги накáра цáр'у, сто́р'ạха ид́ин будрýм "лави́ринту".За да фл'ázи ч'ув'ăк, сăс кулáј фл'áваш'и, алá за да сл'ăзи, ни мо́ж'иш'и да нáј пăнт'* [MS,t,58]; 3. изр.: **д'é за сл'ázи тас**

ра́бута! (= како ќе заврши сето тоа) ~ *си вили́ сăс умо́: е́ч'ăј да ви́дими, д'е́ за сл'а́зи тас ра́бута!и́* [MS,t,22]; **сле́зи о́гин ут не́бито** (= удри гром) ~ *ка́к виде́ле Учени́ците Ја́ков и И..., ре́кле: Афе́ндо, са́каш да ре́чими да сле́зи о́гин ут не́бито, да му изго́ри на ни́х, като́ как чини́л и Или́а* [MV,K,329].

Слајнца top. 'име на место во Енице-вардарско, во близина на Пела' (— *Името "Слајнцата" кажува оти е на солј* [ME(P)75]); ~ *полјту пă шо е мигју Берцките, Негушките, В одинцките планини, Пајик–планина, Пазар и блатто, му велјат "Слајнцăтă"* [ME(P)74]; ~ *на угри-слăнца и на зајди-слăнца ут негу има цел ред ридишта и долишта шо се свăрнуват уд идна страна су вардарцкото поле ут друга страна су Слајнцата* [ME(P),70]; ~ *Слајнцата узгора ут друмут ногу-ј помалечка ут та шо ја уздолу уд друмут. Рамнината шо се прифăрлја узгора ут друмут му се велја "Вардарцкото Поле" или сăлдă "Вардарија"* [ME(P),70].

сла́ма f 'остатоци од житното класје откако ќе се одделат зрната'; ~ *му-вели: "Ето, го гледаш тоа човек, шчо седе во ќошето? – Ќи ти биде стопанин; работа ќи ти биди – ќи ореш, и ќи теглеш кола; а јаден'то ќи ти биде трева и слама"* [ШВ,5(399)]; ~ *ќи-ста́ними, мла́ди нив'ăсти, дивójки, кај на́шта ка́шта. И ќи-зе́мими сла́ма. Варша́јми то́гај на-варши́ло сла́ма. И ќи-наре́дими о́колу сла́ма, и ќи-за па́лими* [ЛС(К),135]; ~ *а́дин фăндắк и́ма двана́јсе о́ки: дунцéх а́јн фăндắк се́но, јо́нца, сла́ма* [ПК,2(А Ќ),126]; ~ *Сра́шна рабо́та д'а́те!...* (автентични сеќавања – станува збор за егзодусот на Македонците од Серско). *Остана́-ни та́м ро́дната ни гарму́да сăс две́ кӑшти, пле́вна, ахắр, е́сли, тắрло, амба́р, засу́дан кла́дник* (бунар), *ца́лио имо́т сас дво́ро, авли́(ј)ата, ни́вите, остана́а идин на́сад от смо́кви, ло́за, ви́тки, топо́ли, три́ ил'а́ди килограми́ чни́ца, ч'е́нка уф-зắрно две́ ил'а́ди килограми́, фасу́л' пе́нт стути́ни ки́ла, слама, сено, идна́ куби́ла, две́ кра́ви, чтири́ис и пе́нт о́фци...* – во текстот се забележуваат 2 граматички (фонетски) посебности: прво преглас на **а** во 'е' зад меки согласки: **если** (м. 'јасли'; појавата е позната и во соседниот кукушки говор), второ остатоци од назалниот изговор: **чтири́ис и пе́нт** [ДС-(Ч),168]; сп. **пл'а́ва** 'ситна слама' [MS,s,104].

сла́мка f, dem., 1. в. **слама** ~ *то́ пе́тлут у-буни́штто у-дво́рут ри́е су кукошките сắте. Ку́чито ле́же нă буни́штто. Пе́тлут ри́е и му-фắрл'а сла́мки нăт-ку́чито* [ДК-(Бош),138]; ~ *тугáј ма́мо ме втре́се, [и не́ ме ве́ќе претре́се. [Ша́нко бре́ си́но, вујво́до; [де́вит си гуди́ни ка́к ле́жиш, [ма́јкини кле́тви да сти́гниш, [о́ште де́вит дă-ле́жиш; [нис пắрстин дă-că-пуми́иниш; [ут сла́мка дă-că-супи́ниш* [ПК,2(Крец),316]; 2. fig. 'нешто мало, ништожно' ~ *не́лиум чу́здо ни сла́мка* [ПК,2(Гắр),182].

сла́на f 1. 'замрзната роса' ~ *сла́на па́жда* [MS,s,104];~ *ра́но сла́ната попа́дна, [прет са́ми де́н Илинден, [па́ ми попа́ри, попари, [сè по-по́лето тре́вата, [и по-го́рата шу́мата* [ПК,2(Мор),236]. ~ *утринта́ бишка́ринот стана́, гле́да би́шката пак га не́ма, а́ма на ра́нината бе́ши падна́ло сла́на, и ка́к си о́зиши вӑжето пăт направи́* [V,PM,116] –

иницијалното **в**– пред самогласката **о** во говорите од југоисточната периферија често се елидира, каков што е примерот од контекстот: **си о́зиши ва́жето** (м. 'си возиши'; такви се и примерите: **оло́ве** (м. 'волове'), **удини́ца** (м. 'воденица') и др.; ~ *по́викету ја́з рабо́тех, и сега́, кату остаре́х ету по́вики, ме изгони́, ме остави́; ту́ка на снего́, на́ слана́та ки у́мрам от гладиа́; та́ не тре́бува ули́к да чи́ни челове́к* [V,PM,138]; ~ *ја́зе бе́х на́ еди́н дирминџи́а. Дурдé бе́х мла́т и врӑтја́х ка́минот да ме́ли водини́цата, бе́х ха́рин, и ме зо́беа, и ме по́иха, и ме́ че́шеха, а́ма сега́ остарја́х, е́ту ме извади́ха ту́ка на снего́ и на́ слана́та* [V,PM,138]; сп. ~ *усла́н'енту гро́зди* (грозје што го фатило слана) [MS,s,104]; 2. изр.: **сла́на о-пупари́** 'кога човек изгледа лошо' ~ *шо́ биде́ ус-то́о чуве́к, нӑ-адно́ш сӑ-јзмини́ кут-сла́на до-пупари́* [ПК,2(Гӑр),171].

слани́на f 'дебело, мрсно месо од свиња' [MS,s,104].

сла́п (и: **слеп**) adj 1.'тој што не може да гледа, слеп' [MS,s,104]; ~ *еден ден дедо Госпуд дуј̀де пра една жена што ткајше платно, рече и́: "поможе Бог" и а пита шо рабо-те. – "Дал' си слеп или ќорав па да видиш што работум. На́, уд тенки жици работи правум!" – удгувури она л'уто-л'уто* [ТГ,365]; ~ *бӑркаши некој човек да му го расипи алтунот, питаши тука-таму, та го и ч'ул еди́н просик слеп та му вели: "што иштиш, господине, да расипиш?"* [V,PM188]; ~ *и на н'амата свешта дадоа, на неа свештата и́ догорела, и рӑката и́ фати да гори. Туку нивјастата пот покривалуту га вели: "мари ам аку си н'ама н'аличка, н'а си сл'апа сл'апичка"* [V,PM,72] – во текстот има нерегуларна употреба на кратк. зам. форма за прав предмет **га** наместо за неправ 'и́': **га вели** м. 'и́ вели'; ~ *и така кату ходила три години цели, достигнаха до една страшна гора; таму најде две просици: единоју беши слеп, другио крив* [V,PM,91]; ~ *му питáа Ученúците нéгови, ем вéл'ат: Дидáскале, кój и гриши́, вóа, илим тáткото, или мáјка му да си родú слéп* [MV,K,258]; 2. изр. (посл.): **кога се чува, тога повики слеп си нахожда** (= кога човек не е одлучен може да направи поголеми грешки) ~ *и тојнака са чуваши млогу да гу не загуби кадрото. Но човек кога се чува, тога повики слеп си нахожда* [V,PM,52]; **ба́рзата (ку́чка) сле́пи ро́јде** (= темелноста е важен предуслов за добар квалитет) [ПД,137].

сл'а́пичка adj, dem. – в. **сла́п** ~ *га вели:"мари ам аку си н'ама н'аличка, н'а си сл'апа сл'апичка!" Тогас и тјанака отговори: "мари не сам ниту н'ама н'аличка, ниту сл'апа сл'апичка, туку за еден лав, што сам рекал на царјут"* [V,PM-,72] – во текстот се забележува несоодветна конгруенција: субјектот е од ж. род, предикатот (л-фор.) од машки: **сл'апа... што сам рекал** – уште една потврда дека треба да се бара друго решение за случајот 'тој рекла', а не она што го дава Ј. Иванов и други по него; за ова в. во граматичкиот дел.

сл'ас (и: **ш'л'ас**) f(m), bot.: Malva silvestris 'растение слез' [MS,s,104].

сла́тка* f 'вид десерт' ~ *ва́а и упикасáла, а тúа не́-ӑ упикасáле нéа кáкфа́-е. И ва́ зéва уттáму трó слáтки, му-вéле: "На́, кӑсните и ви́а трó, ја́дите трó!"* [ДК(Паљ),120]; ~ *мӑшчéӑта и та́ пудуéнта ќéрка,*

мóре пýл'ăт – тáка-де. – "Пýкни Пипилáшко! Тй дóма сéдиш. Нúа кă-идéме, шó видóме... Шó имáше иднă-лéпааа! А ни-дáде и нă-нáс дă-jájме слáтки" [ДК(Пал),121].

слáтка (и: **слатук**) adj (кај Малецки формата за женски го покрива и машкиот род) 1. 'пријатен'; почесто за јадење, сп. *слáтка мáн'ц'а* (= убаво, пријатно јадење) [MS,s,104]; ~ *кога влезоха аф нетри, гледа човекот, некој* (никој) *човек таму нема, само една трапеза пăлна сос секакви слатки манџи и три кандила на врăх трапезата беха запалени, што свитjаха* [V,PM, 48]; ~ *jатрва си дојде: ["Jано, мила Jано, [ајде ел да ручме, [стиге те чикаме". [Што си вели Jана, [вели ем гуворе: ["Милна ми jатрво, [рачок нек ве слатук! [на мен не-м са jаде"* [ТГ,329]; ~ *кукурéчо* (вид јадење од јагнешки цревца) *нóго заамéт* (работа) *úма, áма нóго-j слáтук* [ПК,2(Гăр),46]; ~ *си-утúдух дóма, растувáрих магáриту, врàзáх улóиту, му-дадóх мисирлăк да-jáдат, jác сиднáх дóма, са-најáдух зéлник, х'úч' нé ми-бúш'и слáтук, зéх мăра млéкци, хапнáх* [ВБ(Нег),339]; ~ *вечерот, кога си дојде манжот ú, кладе жената софрата и кеноса на един сахан едната jарибица и биската ú и го кладе саханот на софрата. Фати манжот от биската да jаде, му са виде мошне слатка* [V,PM,240]; сп. – речните риби (за разлика од **ѓолските** - **езерските**) во Гевгелиско ги викаат и *арни* или *слатки риби* [ТГ,391]; 2. 'мил' ~ *тjанака са почуди и му рече сос един слаток глас; "дај Бог добро, луду jуначе!' И гу пита: "как си дошел тинака тука? Jазе кату са ужених сос кумциата, некој* (м. 'никој') *не можа да стăпни аф нашта кăшта"* [V,PM,12].

слáтку adv 'пријатно' ~ *тójнака, кату ги најдé алтăните, пák ги зарú на мéстоту им, и заеднóч здигнал орáлуту и си отúде аф домá, без да кáжи нúшту на жéната му. Вечертá вечерjáха хáрно, си легнáха, заспáха слáтку* [V,PM,30].

Слато top. 'пасиште', во регијата на с. Хомондос, Серско; сп. во мак. стандард: **слатина** 'солена земја', стсл. **слатина** [ЈИ,Ми...194].

слаха (са)* pf 'се случи' ~ *а пак трéтиа нáпсóвал на цáрја мájката и рéкăл: "Гóспот да ми дадé, а то цáрjовúте парú ништă" И на нóзикана ч'ас слáхал са та заминóваше о(т) тáм цáрја, катó тивдúл и гу дочýл* [V,PM,254]; ~ *и катó навăрвúло дéтето, на крáj касабáта, слáхал са еднó косé да úде от лóф, та му рекăл: "Дóбра срéшта". А дéтето ни му отговóрило* [V,PM,256].

слáч* m(f) 'вкус, сладост' ~ *úч нă мóжум дă рăзбérум слáчут нă тá мáнца* [СК,335]; ~ *пăпýдăта-j* (зрнесто растение) *кут-фăсýл'о, жăлта-кăфjáва-j, нé сă-нăвáруве и нéма тăкóф слáч кут-фăсýл'о* [ПК,2(АЌ),95]; ~ *ká нé-сă сúте нă-сóфăрта, чúнум нéма слáч jáдинто* [ПК,2(Гăр),103].

слáч'ава (и: **слáч'ува**) f 'вкус, слач' ~ *бис слáч'ува* (нешто без вкус) [MS,s,104]; в. **слач**.

слее (сă) pf 1. 'се стопи' ~ *а-слијá ли мáста? – А-слијáх, сă-слијá* [ПК,2-(Гăр),103]; ~ **лóдус** *сă-вúке дóлн'о: вéтар ќо дýу уд-мóрто; дýнá лóдусо, сă-сл'ăjá снéго* [ПК,129]; 2. fig. 'кога човек ослабнува многу' ~ *брé тóо чувéк сă-слијá, гу-jáде нéкаа тéшка бóлис* [ПК,2(Крец),67].

слéен adj 'кога нешто од тврда премина-нало во течна состојба' ~ *слéена мáс* (стопена маст) [ПД,119].

слегне (са)* pf 1. 'се симна' – в. **сл'ава** 2. ~ *Бог пуштувал едно пиле: врăз чиа глава ки застанал, него гу клавале цар. Испаднал сăт град вонка да са моле. Са молиле, са молиле, ут неколко време напкум са слегло пилето, му застанало на главата на по-големјут брат* [V,PM,274]; ~ *приглидна́, да гу виде́, и му си ре́кал: За..., бăргу сле́зи си; о́ти ва́ден ми и на ку́ката тфо́ја да до́јдам. И слизе́ тарчани́к, да гу прибра́ ра́досин* [MVK,30]; 2. изр.: **слигна́х тува́ро** (= се ослободив од обврските, од грижите) [ПК,2(Гăр),195].

сле́два impf 'треба' ~ *им ве́ле: "Слушајте де́ца, уде́јте дă-му-ка́жте нăцáро: до́ктуро гу-излă'кува́л де́тто, дă-до́јде ус-нăјто́н, дă-нă-зи́ме. И дă-до́нсе це́л кустýм и што́ сă-сле́два зă-то́лко годи́шно (*дете)" [ПД,149].

следи impf 'оди по некого, го прати' ~ *и тој, кату човек са смами, му вели: "ба, братќа мои, и јазе хазир сам да ва следја: дека виа за (*ќе) *умрети, тамо и јаз"* [V,PM,179]; ~ *тогај кату чу това оној човек, фатил послет да следи оној просик, штото имал кривакот, та го ловјал белки пет-шест дни, дур да најди времја да му гу откради кривакот от ранката просицка* [V,PM,189] – во текстот има посебност во врска со редоследот – атрибутот е во постпозиција во однос на именката на која се однесува: **ранката просицка**.

слезен adj 'симнат' ~ *Ка́ ќе-а-зе́ват мо́мата... Ќе-а-до́нсат на-цăркваата, ќе-се-вăрнат – ќе-а-до́нсат на мо́мчето. Ќе-заста́не со́с-кон'ут пут стре́ата на-вра́тата на-ку́ката, и оште не-слезе́на от-кон'ут ќе-и-дару́ва сва́товето* [ВЕв(Бар),300]; в. **сл'а́зи**.

сле́кавúца f 'помор' (на животни) ~ *мло́гу дуби́ци што́м са забо́лат и по́чнат да уми́рат, ви́каме сле́кавúца зафа́та* [ДС(Ч),141].

слепец* m 'тој што не гледа', в. **сла́п** ~ *му вели: "ела да ти дам цела хазната и да не просити веки". И тојнака, кривоју, гу зема дервишинат гу закара* (однесе) *дури на онова место, та земал хазната и са вăрна на другаро му на слепецо сос млого радост* [V,PM,92] – во текстот наместо предлогот 'кај', со проширено значење се среќава **на**: **са вăрна на другаро му**.

слепо врапче n, zool., Vesperugo noctula 'слеп миш, лилјак' [ДК(Лип),104].

сле́пин adj – в. **сла́п** ~ *на то́а вре́ми, ка си наближи́ Исус на Је..., иде́н сле́пин си се́диши на пăтот и про́сиши. Ка́ слушá сфе́т што пумину́аа, пи́таши: Што и ва гирултú? Му кажáа што поминýа Исус На...* [MV,K,280] – во текстот имаме проширена употреба на суф. **-ин** : **сле́пин** (сп. уште: **голин** 'гол').

сле́по ку́тре n, zool. 'вид животинче што живее под земја, прави ходници, поголемо од крт' ~ *сле́пто ку́тре и о́н суби́ре зимувúште: кумпúр, јабу́лки, о́н ej пуд-зе́мăнта* [ПК,2(47].

слепотро́к m 1. в. **сле́по ку́тре** ; 2. 'новороденче, што уште не почнало да гледа'; 3. 'тој што мижурка кога гледа' (со негативна конотација) ~ *не́-о-гле́јш ли, кут слепотро́к гле́де* [ПК,2(Мор),103]; во Дојран запишавме: **слепăрто́к** 'вид змија' [ПД,124].

слет prаер 'по' ~ *и то́о вăлко и́де. "До́бăр де́н ура́че". "До́бăр де́н" – му ве́ле ура́чо. "Аман, ви́ке, ура́че тă-мо́л'ум дă-мă-спáш ут-ти́а лув-*

џијте". "А та́м, у-та́а вре́јкăта фле́зи".Сле́т ма́лко (време) ја́-ти-ј ти́ џ лувџи́јте прӑд ура́чо [ПК,2-(Ним),265].

сли́ва f, bot., Prunus domestica 'овошје што се користи освен за јадење, и за варење слатко и за печење ракија' (називот е ист и за дрвото и за плодот) [MS,s,104]; ~ *зи́мта си-ва́рме ушаф ут-шуше́л'ки (су́ј сли́ви, су́ј јабу́лки, па и су́ј кру́ши)* [ПК,2(Гăр),123]; ~ *па́ уд Цума́:та по́сле, ка̀ фăти́а дă-мри́ăт чуве́ци. Не́коо бо́лес сă-пујавѝ, не́ зна́м, испа́нска бо́лис, ко́ј-зна́а, каква́ бе́ше. Ут-на́ште се́ла а́јн чуве́к, та́м уф-а́дни сли́ви, нă-пуд-Цума́:та уддо́лу умре́* [ПК,2(Шт),249] – во текстот имаме членување на географско име: **Цума́(ја)-та**; ~ *живва́рка сă-ви́ке та́а сли́ва шу здре́е уф-же́тва* [ПК,2(Ним),45].

слигну́ве (сă) impf – в. **слимну́ве** ~ *ше́те то́о ми́шо, гле́де, не́ма-а. Адно вре́ме та̀ка̀ ка-лижа́ла, укул у́стта та̀ка̀, и гу-пл'уна́ла, уф-у́стта гу-чува́ла. То́о ми́шо пă̆рстăно о-грăбну́ве, сă-слигну́ве до́л* [ПК,2(Ним),265].

сли́за impf 'се симнува' – в. **сл'а́зи** ~ *о́н бро́и, дина́јси. И о́н се́ џ с-збу́ни. И ма́лиџ бра́т. Он ги бро́и ко́нитџ, а́ма не́ сли́зџ от-ко́н'џ о́ште. Едина́јси. Сли́за́ от-ко́н'о, ги-бро́и – дваџна́јси* [ЛС(К),115].

слијуве (сă) impf 'се стопува' – в. **сле́е (сă)** [ИГ,129].

слика* f 'одраз на пејсаж, на лик и сл. пренесен на платно, хартија и сл.' ~ *и ка̀ дујде́ла, ма́јка-ј рӑдо́сна гă-чика́ла: "Гă-виде́ ли, мӑр сӑшта же́на?" И та: са̀ка̀ла дă ка́же и уд-у́стта фă̆ти́ли дă-јзле́вӑт зми́ј и гу́штӑре. И сли́ка̀на-ј би́ле, гă-глида́ме нă-сли́кте уф-шко́лто, ка̀ учи́ме* [ПК,2(Крец),302]; ~ *а́с ви́кум: "Не́ гу пузна́вум, а́ма ки-гу-те́рум", тугáј не́ сă-сити́х, ас сум-ги знајáл, и Са́ндо и Бо́ро сă-си́нăв-му, ги знăјáл сум. Ут-та́м* (потоа), *ка̀ си дујде́х, гу-нăде́х Ту́ше Ајтуф, же́нта-му ми-дде́, уф-Петри́ч сли́ки нуси́х* [ПК,2(Крец),307] – во текстот прави впечаток редоследот: формата на помошниот глагол и зам. форма се одделени со глаголот: **ги знăјáл сум** (место 'сум ги знăјал').

сли́кин* adj 'лице што го има на слика, фотографија' ~ *И та: са̀ка̀ла дă ка́же и уд-у́стта фă̆ти́ли дă-јзле́вӑт зми́ј и гу́штӑре. И сли́ка̀на-ј би́ле, гă-глида́ме нă-сли́кте уф-шко́лто, ка̀ учи́ме* [ПК,2(Крец),302].

сли́мне pf 'симне нешто' (од повисоко на пониско место) ~ *о́н ки-ј сли́мне си́чките нă-адно́ш, ни́м о́ди* [ПК,2(Мут),103].

снúга* f 1.'човечко тело (општо)' ~ *и нéкоі жéни ут нáс ни си присонúле на нáс ка му са дóшле ráно на гробот; и как нé му са нáшле на снáгата му, дóшле ем рéкле на нáс гија ки видéле сéнка* [MV,K,253]; ~ *имаши еден јунак, името му беши Грујо Шкиндерлиа. Тојнака беши млогу слаб на снагата, но имаши живо сăрце... еден човек му и псул мајката, и тој еден јумрук и му извади душата* [V,PM,76]; ~ *áјде ó-тáму, пáк најдé другáри, отúде нá Еврóпа и тáмо млóгу врéме шкитáл, нé можá да нájди кăсмéт. И парú не остáнаха вéки, ниту дрéхи на снáгата му* [V,PM,151]; ~ *"Богме, Митро, кучук Митро, [Не сум нашал срма кулан, [ако најдех па те лăжум, [куту него да са чинум, [на твој појис да си лежум, [тенка снага да прапашум, [дејна нокá да ја стегам"* [ТГ,371]; ~ *и тогас рече"тептер", и си раскачиха сички, си содрăзаха; познаха оти он ги чини тиа работи, гу заклаха. Нивјастата плач'аши за негу и отиде, му собера снагата му на едно и му сипа жива вода, и тојнака ужувја* [V,PM,98]; 2. 'надворешниот дел од човечкото тело' ~ *кугá исл'áзи ут курúтуту и са гл'éда б'ăл у снáгата* [MS,t,14]; ~ *фăндýјсто сă-клáват ká-ј чувéк нóго настúнин. Ќи-тýриш мáлчко бубáјк уф-фăндý:ста, ќо:-запáлиш и ќа:-клáдиш на-гăрбо, óна ќи-сăзапúи за-снá:кта. Такá, такá, ќонарéдиш цél'оо грăп. Сă-клáват дă-мо:-извáдат стýдо* [ПК,2(Драг),-126]; ~ *Измиќáрчăто устáнàве, а гáздата напрéди и тáп, у-кàтráно прапáжде. Прапáжде и дудéка музăгúне глáвата, ма:-зéл измиќáрча то. Ма:-зéл глáвата да-нé-гу-пузнá:т. Снáгата знáчи на-мóжат да:-пузнá:т на-кój-е* [ВД(Ник),279]; 3. 'става' ~ *áдна снáга шо úма, да сă-чýдиш*; 4. 'сила' ~ *óн-ej млáт, úма снáга за-кóпне* [ПК,2(Крец),31]; 5.'гради' [MS,s,105] – ова значење наведено од Малецки не ни е познато од други материјали; сп. уште: ~ *и Слóва са чинú снáга, да са варшá су нáс; да му видóли слáвата, слáва катý самороден ут Тáтко, пăлни дáр и истúна* [MV,K,251].

снáинă adj 'нешто што се однесува (односно што ѝ припаѓа) на снаата' ~ *бигáлă, бигáлă, мóмă Пилурјáнка; [бигáлă, бигáлă, кошул'ă нимáлă; [иднáчкă имáлă, снáинă му бúлă; [снáинă му бúлă, мáле, и тá му ја зéле* [...].

снájде (сă) pf 1. 'се сретне, се состане' ~ *му-вéле нă-жéнта: "Жéно, му вéле, дóе иднă-ăнăлмка вójден, сăте бáсми ми-и-рăшýка а нé кýпи нúшто". Жéнта му вéле: "А бе слýшај, тáа сáка дă-ти-кáже нúшто* (нешто); *сáка дă-сă-снájде су тéбе, ама нé мóже кăк"* [ДК(Ран)134]; 2. 'се понесе умешно, итро'~ *ká-а нăвидéл тáа глáфта, алúс пýјка, нăмóже дă-сă-снájде* [ПК,2(АЌ),91].

сн'а́к (и: **снек**) m 1.'мали бели кристали од замрзната водена пареа што врнат зимно време' [MS,-s,105]; ~ *по́викету ја́з рабо́тех, и сега́, кату остаре́х ету по́вики, ме изгони́, ме остави́; ту́ка на снего́, на́ слана́та ки у́мрам от гладиа́; та́ не тре́бува или́к да чи́ни чове́к* [V,PM,138]; ~ *о́ти Ангел Господи́нов исле́гал ут не́бито, ка си наближи́ и а трӑкал'а́ пло́чата ут вра́та, и си се́диши по узго́ри. И ли́цот му бе́ши ка́ту здра́к, па ру́бата му бе́ши бе́ла куту сне́к* [MV,K,389] – во контекстот зборо формата 'лице' се јавува од м. род: **и ли́цот му бе́ши ка́ту здра́к** ; ~ *та́тко и чи́чко Илиа́ ги-чи́стеха тӑрлата, а у́јко излез сăс уфци́т. Вр'а́мто б'а́ш но́го ло́шо, и́маш сра́шна вијалица сас сн'а́к и в'а́тар. Си́чко б'а́ше зале́дно* [ДС(Ч),165]; ~ *ја́зе бе́х на́ еди́н дирминциа* (погрешно пишува: 'диртинциа'). *Дурде́ бе́х мла́т и врӑтја́х ка́минот да ме́ли водини́цата, бе́х ха́рин, и ме зо́беа, и ме по́иха, и ме́ че́шеха, а́ма сега́ остарја́х, е́ту ме извади́ха ту́ка на снего́* [V,PM,138]; 2. изр.: **вре́мто сӑ-пра́ве нӑ-сне́к** (= се очекува наскоро да заврне снег) [ПК,2(Бег),-31]; **утпре́т сне́к вӑрне, утза́ди гра́т вӑрне** (гатанка = кога се дрнда памук семките се одделуваат назад, а памукот останува напред) [ИГ,122].

сн'а́кча n, dem., в. **сн'а́к** [MS,s,105].

сн'е́ва* impf 'снесува јајца, пр. кокошката' (ги одделува од организамот) [MS,s,105]; ~ *по дно вре́ме имало еден сиромах човек, што́то борч мло́го имал на еден у́врејн; а́ма тос човек имаши и една кокоша, му сневаши ката ден по едно ице* [V,PM,230]; ~ *му́тли – ти́а сӑ-го́ре, ду-стре́јте нӑ-зи́до. Уф-ни́х сне́ват куко́шките... ~ нӑ-про́лит сне́ват се́кој де́н* [ПК,2(Грам),75].

снегов* adj 'нешто што се однесува на снег' ~ *Се качих јоште погоре, [там најдех китка сминлова, [на китка вел'ам, гуворам: ["Венај си, китка сминлова, [как што си вене млад Стујан, [за Ѓурѓин Стојна Попува!" [Се качих јоште погоре, [там најдех грутка снигова* [ТГ,101].

сне́же impf 'врне снег' ~ *сне́же, це́ли питри́ки* (кадела) *па́ѓат, ќ-о-нӑа́ке нӑа́дно́ч* [ПК,2(АЌ),85]; ~ *па́ сне́же нӑ-Била́хца* (Беласица) [ПК,2-(Гӑр),104].

сне́ма* pf 'исчезне (нешто)' ~ *ме́чката почна́ла да бе́ге, ама ку́что и́ се-држа́ло за-вра́то и и́-кина́ло де́л по-де́л од-не́го. Уфча́ро ко́а гу-виде́л то́а, каја́л о́ти не́ са́мо што́ мечката избега́ла, ту́ку и ку́что го-снема́ло ус-не́а* [ВГ(Мир),273].

снесе* (и: **сносе**)* pf 1. – в. **сн'ева** ~ *станал, кинисал, одеки, одеки, го нашал селто, препалал и нашал, а фатил цӑрната кукошка, си а носил дома; и правил сидело. От неколко време напкум снесела кокошката неколко јајца* [V,PM,273]; ~ *ја поклела и рекла: "Дано, керко, да сӑ хич ни навревиш, и на животе си дете да не видиш". Тја станала пиле, што се зове "куковица", та затова тја л'у сносе јајцата, пак други пилета ги испил'уват* [V,PM,292] – прави впечаток лексичкиот архаизам **зове** 'вика'; ~ *отишӑл син мо, продавал што продавал, на вечарта отишӑл в човекут и му рекӑл: "Ваа вечар сакум да ли заколиш една кокошка, ама таа, што снесе тиа јајца, што и носиш на татко"* [V,PM,274]; гл. **снесе** го запишавме во следново

празноверие: *кога кукошка снесе нишан* (мало јајце), *некој ки умре* (за да не се оствари тоа јајцето треба да се скрши, да се помеша со брашно и да ѝ се даде на кокошката да го изеде). Во двата контекста среќаваме презент од перфективен глагол: **ама таа, што снесе тва јајца** (место 'ќе снесе'); **кога кукошка снесе нишан** (место: 'ќе снесе'); 2. – глаголот **снесе** се употребува и кога свилената буба го излачува семето: ~ *разли́чни пипиру́ди изл'а́ват, б'а́ли, шаре́ни. И ти́а си и́мат ле́гло ка́ко вра́пчито и та́м ќи и но́си ја́јцата. Шо́м ќи-сне́си ја́јца и уми́ра* [ЛС(К),137]; 3. fig. 'кога човек ќе каже нешто необмислено' ~ *не́ма, не́ма ќи-сне́се не́што* [ПК,2(Грам),104].

сни impf '1. л. мн. од гл. **сум**' ~ *прумина́ куршу́м и ни муж'а́ да гу фа́ти и тугас си р'е́ч'и Кра́л'у Ма́рку: "н'ă-сни в'е́јки за ж'ивот!"* [MS,t,39]; ~ *и два́та би́ха уж'е́н'а нти и ни има́ха ра́бута и т'е́ кутý на́м, ка сни с'ă ни сига́* [MS,t,47]; ~ *и т'е́ му р'е́куха: "ја́ла! сирма́си сни́, н'е́мами дру́га удаја́ по́вики, ама́ пукра́ј нам про́мин' и ти́!"* [MS,t,15].

снигуви́на f 'вода од растопен снег' [ПК,2(Мут),104].

снигуви́ца f – в. **снигуви́на** [ПК,2-(Гăр),104].

сни́зок adj, opp. на 'висок' ~ *уф-фто́-ри кла́с нѐ учи учи́тлкăта Теа́но, Б'а́ше-си ку́ндава, ку́ндав ви́кахме на-сни́зок чув'а́к, и кокал'а́ста б'а́ше* [ДС(Ч),161].

сно́жде (сă) impf 'умее, се поставува добро, се снаоѓа' ~ *утво́рин, но́го мо́ш сă-сно́жде* [ПК,2(21)].

сно́п* m 'повеќе ракатки жито собрани и врзани' ~ *ко́а са-стемни́ло, си-легна́ле да-спи́ат. Арно ама Ѓу́птино осети́л о́ти зме́о не́ма така́ да го-оста́ве и зато́а са-спреми́л; на ме́стото де́ка шо ќе-спија́л о́н, направи́л от-сно́п ăржа́н'е чуве́к* [ВГ(Мир),272]; ~ *ај-па́ ќи-си-собе́рат. "По́пе, мо́л'а-ти, а́с фче́ра жнија́ и не́ ми-си-собра́ни сно́пито". Зна́ј по́по о́т не́ се-сла́га се́ло, сѐ ќе-и́ма н'а́што пре́чка н'а́кој* [ЛС(К),120; ~ *пак по-малкиот, што не му работиши кăсметјут... што да сеиши, гаргите гу јадиха, и оно, што ки никниши аф нивата гу жниииии, снопите хазăр си загинаха от неговата нива* [V,PM,82]; ~ *иди́н за и́ма по́сл'ат, шу завръ́зува сно́питу* [MS,t,66]; – во пропратните текстови има случаи на проширена употреба на множинската наставка **–и** кај еднозложни именки: **не́ ми-си-собра́ни сно́питo**; во Солунско како множински се регистрирани и двете форми: **сно́пи** и **сно́пуви**.

сношни* 1. adj 'нешто што е од синоќа' (пр. вода) – односнава придавска форма (**сношни**) ја запишавме во следново празноверие: народот верува дека младите ќе останат бели и црвени ако во текот на месец март не јадат *сношно зел'е* [ТГ,43]; ~ *пи́ла Не́да, бе́ла Не́да, сно́шна во́да; [шо́ испи́ла бе́ла Не́да, шо испи́ла цăрну вла́кну; [а фати́лу бе́ла Не́да, а фати́лу л'уто сăрце* [МЕ(Р),98]; 2. adv 'синоќа' ~ *о́де то́ у-вудини́цăта, лигну́ва. Си-вел'ăт ти́а л'у́ѓăто шу-би́ле та́му: "А бре, ни́а сно́шни бе́ме ту́ка, збурува́ме. Ти́сут* (видот) *у́ши и́ма". Ти́шле во́тта ă-пушти́ле* [ДК(Ран),126].

сно́шти adv 'ноќта што поминала, синоќа' ~ *така́ он оти́де ра́но ра́но на ца́рјут, са покло́ни́ спроти за́конот, и ца́рјут гу пита: "де́ка бе́ши сно́шти, Кулу́ф?"* [V,PM,10];

~ му-ве́ли на ца́рју: "а́ми ца́рју, о́ни как ки ти ви́дат те́бика, не́ма да чи́нат кату сношти цимби́ш, зашто ки га и стра́м". Тогáс ца́рјут му ве́ли: "ами јазе не и́дам така́ туку. Ки си чи́нам хизмика́р" [V,PM,10]; *~ му ве́ли: "е́ј ма̑жу, што то́лку са чу́диш? Дали́ ти пота̑наа кура́бите или пари не́маш?" Са́ким тја́нака ти́а лакардии ги ве́лиши на не́гу кату на шака́. Тога́ и то́јнака отговори: не ми пота̑наа ниту кора́бите, но сно́шти ло́шо со́н засони́х* [V,PM,30]; *~ то́јнака га ве́ли: "же́ну, сно́шти засони́х, ча една́ какара́ска на бе́лујут о́л му фл'а́зи от уста́та му, та му изл'а́зи от га̑зот"* [V,PM,30] – во текстот прави впечаток проширената употреба на предлогот **от** наместо 'низ': **му фл'а́зи от уста́та му**.

снува́лка* f 'направа, дел од приборот за ткаење' *~ и з'е́вам о́снува па́сму пу па́сму, гу вра̑зувам на чума́ку; и кла́вам иди́н масу́р' на снува́лката и фа́ш'там да м'а́там* [MS,t,7]; в. **стрелица**.

снуванти́на f 'активности околу сновењето' *~ кугá са̑ снувé* [MS,s,105].

снувé* impf 1. 'приготвува преѓа за ткаење, за основа' *~ испа̑дна́ла кумши́кта и ре́кла: "А мури́, шо во́а вре́ме си-са̑-ра̑звика́ла?" Же́нта и ка̑жа́ла о́ти ко́га ра̑бути́ла и дуjде́ла една же́на и и кажа́ла: "а́jде ка̑-гу-сно́виме"* [ВГ(Бог),276]; *~ напу́лнува́ми два́jси, тру́jси кала́м'а анало́гус на мутуви́лата, ш'ту за снуве́ми* [MS,t,6]; *~ после от малко времја и клала момата да ткаи една тенка камуха. Кога ја сновјаши, дојдоха просинити да ја просат за едно царско дете. И мајка и ја даде, чиниха годиш це́л де́н сно́ве нис дво́рут, кој о зна́ шо́ ба̑рке* [ПК(Га̑р)].

сна̑ха f 'жената на братот во однос на другите браќа, односно жената на синот во однос на неговите родители' *~ кату бабата по-скоро и текла да отиде при невјастата, та ја вели: "ох снаху, ох милуту јазе кадара са не девет мјахови, туку осомнајси да турна, л'у Константин мој да дои". Нивјастата тогас ја каза, сичката работа* [V,PM,228]; *~ же́на му му ве́ли: "ej, ца́ним ма̑жу, а́м снаха́та да га ви́ждаши от не́која стра́на, едни дре́хи што и́маши, мо́ите астар не́ си чи́нат покрај не́јните"* [V,PM,148]; *~ седна́ха та́мо, оти́де снаха́ му, му извади́ бла́гу* (слатко) *со́с едно́ ди́ску сѐ зла́то, ча́шите сѐ от сре́бро, са почу́ди бога́тиот и, без да пи́та не́што, стана́ си оти́де* [V,PM,-148]; во Солунско освен **сна̑ха**, се употребува и **нив'а́ста** [MS,s,105]; во Кукушко и Ениџевардрско: **сна̑а** *~ до́д-Ра́јна на̑-мра́ва не́ на̑га́знувше, а́ма па́ не́ пугуди́ на-сна́ата* [ПК,2(Га̑р),185]; *~ бил'ар* (тој што лекува со билки) *ви́ка̨, бе́ла̨ сна́о, бил'ар ви́ка̨ ув се́лото, [да ми зе́виш, бела̨ снао, да ми зе́виш л'ута̨ би́л'ка, [да̨ jутру́jам, бела снао, да jутру́jам л'ута̨ змиjа̨* [МЕ(Р),98]; *~ бре́ ниве́сто ца̑рнуо́ка, [другáр не́маш да збуру́ваш, [– ве́рен другáр мисичи́на, ["Мисичи́но, ми́ла се́стро, [на висо́ко сто́jиш но́гу гле́диш, [да-л' ја виде́ мо́jта ма́jка? [мо́jте бра́тќа, мо́jте сна́и?"* [МЕ(Р),94].

соа f 'чаталесто дрво за потпирање лозници'. Зборов има широка употреба во југоисточните говори, во РМЈ е даден како дијалектен со значење 'скала', напротив во подалечните словенски јазици семанти-

ката на зборот е слична со онаа во нашите дијалекти, така во рускиот јазик **соха** освен: 'примитивно рало со 2 заба', значи и: 'дрво за потпирање' [ПК,2(12)] – архаизам; Таневиќ од Гевгелиско запишал: **соја** 'дрво, греда, што на крај се двои во 2 дела, служи за потпирање'; пр. кога се прави *убор* (заградена и покриена просторија за стока), прво од трите страни ќе се направи *арап-дувар*, а потоа во средина ќе се забијат *сои* врз кои лежи, се потпира кровот [ТГ,302].

со́ба f 1.'просторија, дел од куќата' (за спиење, односно за живеење) ~ *дéтто глéде, уф-тăквá áдна сóба трú мóми вéзăт нă-гергéф. Вéзăт и му-кажýват тúа: "И дă-сă-нăýчиш и дă-нé-сă н-ýчиш сè да вúкиш нé знáм. Ká-т искáрăт гóре прăмáјк-ти дă-кáјж нé знáм, óти, áку кáјш "знáм", áрáпино тăј-зéде"* [ПК,2(Ним),269]; ~ *Пóпут пучнýве дă-пé. Пé и уф-нéа глéа. Ричéл: "Чăкáјте мáлце дă-óдăм ду-дóма, си-гу-зăбрăвúх тăмјáнут". Дудéка дă-излéзе óн, пупăдúăта си-гу-сублéчăве фустáнут и сăднýве уф-нéјнта сóба* [ВГ(Бог),-275]; ~ *тóă уфчáрчăто: "Ти ли си тóă изгýбăњо?". О, о мáјкăта. "Ас-сум", вúкум. "Тăрчи, ричé пумéне скóро дă и-стáсăме". Că-прăбráме, ни-зăкăрá нă-Бăлáсца, нă áдна кáрпа, já кути тáа сóба кáј, сăшта тăквá áдна кáрпа* [ПД,173] ~ *Б'áше с(т)рóг и жúфчан чу'вјáк. С'ákујпат бúше лýт на-нéкој. Ваздадéн тутýн пúиш, и срáмни цóфки кажýваше. Иднó вр'áм нáистна прстáна да пú тýтун уфсóбата, áма затовá грúзаше наýт* [ДС(Ч),161]; 2.'направа во која се пали оган за да се загрее просторијата' (печка железна) [MS,s,105]; ~ *зăпáл'-а сóпта дă-сă-стóплиме, мáлчко дă-сă-смлáче удáата* [ПК,-2(АЌ),104].

собере* pf 1.'повеќе работи стави на едно место' ~ *ги субирá јáблăкúт'а, ги стóри инá кýпа и ги устáви* [MS,t,61]; ~ *за субирáт лајнá ут крáват'а, за ха кладáт у казáн', за тýрнат óда нăтр'а у казáн'ут* [MS,t,66]; ~ *сéкој парúте што длагóваши му ги дáдоха, и сéкој си земá пóдпис от негýвата рăка. Тојнака, кату собрá тóлку пáри; са чинú товáрот* [V,PM,20]; ~ *тојнака отúде на дóма му, земá еднá балтúа и отúде на бахчата; дáрвоту гу посјачи и собрáл ониа драгоцените кáмини* [V,PM,8] – во контекстот имаме удвоен сигнал за определеност – показна заменка и членувана именка: **ониа драгоцените кáмини**; 2. – **(се)** 'кога повеќе луѓе (или животни) ќе се соберат на едно место' ~ *свáдбите зăфáкăа ут-прăвнăта нидéл'а нă-нáшту сéлу. Прăвнăта нидéл'а ќи-си-субéриа тáму дéцăта, рудни́ните уд-зéтут и одма кăдă зетут. Рудни́ните ýдă мóмите óдиа кăј-нивéстăта. Тúја с-вúкăа пусéстрими* [ВЕв(Ил),306]; ~ *идúн д'éн' сă субираха ш'úч'кију аскéр ут Филипýпул на пруáвлиóту на цáр'у* [MS,t,58]; ~ *сă субирá ш'úч'кију ипсúќ* (во грамада се собраа луѓето) [MS,s,109]; ~ *кă видéлу дéка нé-гу-сáкат, утúшлу у-éдна вудúница. А нă-тá вéчăр у-вудúницта сă-субрáле дă-прáват куфирéнција мéчкта, лисúцта и зáјцут. Зăфатúле дă-сă-пúтат кój шó рăбутúл* [ВМ(Трес),318]; 3. – **(си)** 'се прибере, дојде' ~ *тури на вогинот от арслани мишјано, и дојде илчиа от них, и му вели дјатенто: "Сакам динеска на 5*

саатут сичките дивици да си соберат нетре на царскио двор!" [V,PM,158]; 4. – **(са)** 'посегна' (?) ~ *"е́! – вили́ – ш'о́ сто́ри? ми дунéси миш'а́н'а ут ж'ината-ми?" са субира́ парéата, му зва́ж'да прӑстин'ут и ранч'и́цит'а̣: "н'ӑса у то́јта ж'éна?" то́с му вили́: "на паза́р'ут пруда́ват мло́гу такфӑс"* [MS,t71]; 5. 'доведе' ~ *кога здигнова очите, гленда горе на брјастот, што да види? Слáнце са гленда. Ја вели да изл'ази долу, т'а не изл'ава. Собера ӑскер млого сос балтии, да отсекат брјастот, за да ја трокул'ат* [V,PM,240]; ~ *Удéјтисте ви́ки во́нка пу дру́мишти, и ко́лку ки на́јдете, канéјте на сфа́дбата. Ни́л испадна́ле ти́и измика́ри пу дру́мишти, ко́лку а најдéле сӑти и субра́ле* [MV,K,270]; 6. 'покани' ~ *другата кумшијка, што беши родила дете, фатиха, веки дојде на возраст, гу годиха и по годишот собрал кулюви и сватови, брак чинат, ки гу ужен'ат* [V,PM,242]; 7. 'затвори' (уста) ~ *са почудиха, ча му не стигаши водата: дури сос песокот га смрӑкаши. И тогас му вели авџиолиа: "поможи Бог, побратими!" Тојнака дур да собери устата му да му одрјави, проминӑха три саата́* [V,PM,44]; 8. 'земе нешто' (во случајот невеста) ~ *тогас чамурџиата остави тамо царјувут син да' ја чува. Пак тој отиде да тера нејните братја, да а собере, брак да сторјат* [V,PM,233]; 9. 'кога некој ќе биде одвлечен некаде' ~ *му вéл'ат: "а брé ти зашто́ гу отепа́ онова џифаирџи́а тогáс на горáта? Ади éла, сегá ти и́ска пашáта!" И така гу собрáа сијмéниту, гу закарáа на пашóф конáк, гу затвори́а на зандáн'ут* [V,PM,27]; ~ *и таму, дека хесап чиниха, ету дојдоха ламините падари и собраха мулитата, без да рекат ништу на јунациту. От јунаците сос авџиолиа стана букосвиец, ги фати падарите* [V,PM,45]; ~ *"Пу́сни го̣ Стáно̣, пу́сни го̣, [пу́сни го̣ на̣ јоде́нца̣та̣, [бéлки го̣ јóда̣ сӑбéре" – "Го̣ пу́штам мáл, го̣ пу́штам, [éто̣ го̣, мáл гдӑ и́д, [сас страна̣ брáшно̣ на̣ грӑбó"* [ПсС(З),73]; 10. 'прибере добиток' ~ *пак рибите му вел'ат: "ти, башту, ако ходиш на дома ти, молими на жена ти да не кажиш што си видел!" Тогај стана чобанино, собрал овците, отишел на дома му много ч'уден* [V,PM,169]; ~ *уд-во́ кӑшп'а́јнито но́гу, сӑ-уплаши́ле о́фците. Избига́ле. Ба́бӑта пла́че, пла́че, ви́ка, ци́ка: "Кӑ-д-и-субе́ре о́фците?" Инӑ-лиси́ца излéгла утта́ми, му-ре́кла: "Ба́бо, ќи-мида́диш нӑ-ме́не на́ј-а́рната о́фца и ја́с ќи-т-и-субе́рӑм"* [ДК(Дур),146]; 11. 'собере плодови од овошно дрво' ~ *и така́ на дру́гата гуди́на за дад'е́ мло́гу гро́зди, за субир'е́ми мло́гу ука́* [MS,t,4]; ~ *пујно́ вр'ӑм'а̣ иди́н калу́ја̣р исл'а́зи ут манасти́ру, ути́ди на перивóл'у да субире́ смо́кфи* [MS,t,45]; ~ *тогáс собрáл от онáја смóква и са чини́ хикимџи́а, оти́де по касаби́те, ше́тал, хем ви́каши: "хекимџи́а! – ко́ј сáка стáра бóлка да излеку́ва?"* [V,PM,28]; 12. 'откине цветови' ~ *му-вéле: "Сéга ти́, нӑдéуто ба́бӑта, та́а вишчéркӑта, ќи-субе́риш триндӑфи́ли ле́пи, ќ-о́диш у-нӑ-ца́ру дво́ру, ќи-ви́книш: "Цвéќе прудáм"* [ДК(Пал),121]; в. **суби́ра**.

собле́че* pf 1. 'симне од некого облека' ~ *"јаз, бра́тку, кату́ те́бе бех таксилда́рин, и ме најдо́ха едни́ хајду́ци, ми собле́коха и ми земáха си́чко, и сегá ми е стра́м*

как да излéзам прéт господáро ми" [V,PM,20]; ~ *и на вечерта, кога ги беха затворили младите ведна удаја, и двете беха страмни, как да са приближат двата. Така молчету, кату јунак што беши, са соблече и приближи при нивјастата да ја фати* [V,PM,192]; ~ *идéн чувéк си óдиши ут Јерусáлим на Ис..., и гу фатúа аралúите, и му субликóа на нéгу и гу дупúле су нóжуви, гу уставúле, нúто жúф нúто умрéн бéши* [MV,K,277] – во контекстот правиот предмет е придружен со предлогот **на**, и со дативната зам. форма **му**, место акузативната 'го': **и му субликóа на нéгу**; ~ *пáк гу пúта: "ами сегá дéка са онúа хајдýци, што ти собл'ákоха?" Гóлојут му вéли: "ох брáтку, не са далéку; ету тýка osám таја планúна са"* [V,PM,21]; 2. – **(си)** ~ *един ден утишла да се бане на крај морето, и като си соблекла оние златни дрехи, турила ги на крајо и се фърлила в сред морето* [V,PM,265]; и: – **(сă)** ~ *сăвéнча. Ај нăвичéрта ќи-си-лéгнăт. Сă слéче нивéстăта. –"Зáшчо, му вéле, тýк-си дрăснáта?" – "Нúкој* (некој) *мă-уткрáдăл, рéче, мă-зăкáчăл нă-кóјл'ăта"* [ДК(Ем),151]; 3. 'облече некого, му даде облека' ~ *сéтни другата фатú да вéли: мéни да ме зéми цáрјут, сóс еднó вратéно да соблéчам фрéт аскéрут* [V,PM,141].

соблечéн* adj 'кога некој врз себе има облека – облечен' ~ *излéзнал да си шéта по сокáките и, кату шеташи, најдé едни жéни. Хýбави бúли мóми, нúхната гиздавúна не можи да си искáжи; бéха соблечéни сос тýрски дрéхи* [V,PM,9].

сóбор m 1. 'кога на едно место ќе се соберат повеќе луѓе, собир' ~ *Бужано, моме, Бужано, [Бог да јубије татко ти! [Што си прудаде чифлúкут, [двеста погуна ливади! [Там ки се собур субере, [тешко џилезо да фрл'ат' [који ти натфрле џилезо, [тој ки ја земе Бужана* [ТГ,92]; – називот **собур** го сретнавме во описот на следниов обичај: *на Прабраждејне* (празник кога прв пат се каснува грозје) момци и девојки од сите села во Гевгелиско одат на *собур* кај *Мрзенска бајна;* тука во близина има голем јавор со 3 стебла, таму се собираат и играат цел ден [ТГ,-323]; и: **сóбар**: ~ *на тóа врéми бéши Исус на иднó сóбар уф сýбута да прикажýваши. Ето иднá жéна бéши, а úмаши тéшка бóлка гудúни осолнáдесет* [MV,K,277]; ~ *на тóа врéми, дујдé Исус на Назарéт, тáмо шо бéши пурастéл, катý как имáл он адéт, флизé идéн дéн уф сýбута на сóбар; и застанá да прикáжува* [MV,K,291]; 2. 'совет од одбрани луѓе, советници' ~ *дојде времја, ха нарасти жената и двете малки. Царјут беши собрал собор, тога викнал, ха донесе жената и двете малки отпрет соборот. Хем му рече жената на царјут: "царју, дали ки можиш да познаиш, кој малко е твој о-тиа двата"* [V,PM,232].

соборва* impf 'убива' ~ *зел от тавано една рăѓесана кăлăчка* (нож од двете страни со острици) *и га дал на кăлăчкаро да-ј заостре и да пише на неја, оти на едно манован'е соборвал 500 души, го клале најгоре на кăшчата* [ШД,5(436)]; – в. **субóрува**.

сóбрáн* adj 'кога некои работи (луѓе, предмети) се на едно место' ~ *на онúа дни, на онова грáт беши станало един панаир на еднá черква, бéха собрáни сúчките прóсици от*

вунка, че́каха милостина от човеците [V,PM,189];~ *бе́ше до́цкана на то́а де́н, пра́вниут ут се́дмицата, и бе́а вра́тите затфоре́ни, та́му де́ка бе́а учени́ците собра́ни заради́ стра́хут јуде́јцки* [ВЕв(Кон),308]; ~ *тој постоја́ вӑнка портата малку вре́ми: ба́бата оти́де не́три, зема́ женски дре́хи еди́н такӑм, изле́зи вӑнк, и гу зема́ нетри, гу закара́ та́мо, де́ка бе́ха мо́мите со́брани* [V,PM,9]– во текстот имаме случај на употреба на беспредлошки додаток за место: **постоја́ вӑнка портата** (место 'до портата'); и: **собира́н** ~ *на срјадја́ се́лоту и́маши една ахта́рница, та са берја́ха ма́лку у гол'а́му. И кату бе́ха собира́ни си́чките чорбаџи́е, збору́ваха се́кој што си зна́иши* [V,PM,31].

со̣ве́тник* m 'тој што е ангажиран кај некоја моќна личност да му дава совети' ~ *ми́на̣ло̣ вр'а́ми, а на̣ фа̣ра̣о́н му с-сӑн'и на сӑн, изл'а̣ га́ли кај Ни́л се́да̣м кра́ви. И ви́ка̣ не́го̣вити со̣ве́тници: "Сӑн'о̣ да ми го̣-ре́шити"* [ЛС(К),112].

со́вра̣ци pl. 'тесни панталони, сиври' [ПД,118].

совсем adv 'потполно, до крај' ~ *кога са повратил одзаде да види, дали стојат снопите, кога гледа, две или три снопи санким човек ги караши, отидоха на братовата му нива. Тогас тојнака, кату виде сам сос очите му това чудо, поверува совсем ча нема кӑсмет* [V,PM,82] – во текстот има случај на проширена употреба на множинската наставка **–и** кај еднословни именки: **кога гледа, две или три сноши**; ~ *пак јаз, дали немам кӑсмет, не знам, каква работа што да фатја, не и кабил да добиа, туку совсем си загинува от рӑката ми* [V,PM,...].

содвӑрза* pf 'одврза, оддели' ~ *тој-нака не́ послуша́ на жена́та му, л'у оти́де, га отвори́ удаја́та и гу содвӑрза́ ара́пинот. Тога́с ара́пино заедно́ч оти́де, га грабна́ мома́та, га тури́ на бӑрза ко́н'а, вјахна́ и тој и побегнал* [V,PM,116]; и: **содрӑза** ~ *тогас тури на вогино перото от картало; дојде картало, му донеси едно шише жива вода. И тогас рече"тептер", и си раскачиха сички, си содрӑзаха; познаха оти он ги чини тиа работи, гу заклаха* [V,PM,98]; ~ *тогас мајка му гу содраза и му вели: "а бре синку докараха толкус заинци, та тинака ми си докарал дарва"* [V,PM,104]; и: **соврѕе** ~ *отишел пак Јане, на дефот на земјата и на вечерта отишел на куќата на дефот, и ка спали, флезел Јане кӑде кон'от и го чепнал на кон'от да го соврѕе, ка бил врѕан* [ШС,5(410)].

содражи pf 'подржи, прифати' (?)~ *от мӑра саат сетника Половингазју, кату са ѕасна еднош, га извади тополата от корин и га зема на гӑрбот, га закара* (однесе) *ѕјала на мајка му та га вели: "содражи ми мале!"* [V,PM,104].

содрузова impf – в. **содвӑрза** ~ *си содрузова нејнот кораб, да ја пусна на морету самичка* [V,PM,561].

сожа́ли* pf 'почувствува сожалување' ~ *му вели́: "ско́ру от дво́рот ми и от мо́јта ца́рчина да побе́гниш, учи́те ми да ти не ви́дат. Јазе сака́х да ти закол'ам ка́ту ја́гне, ама пак ти сожали́х"* [V,PM,10]; ~ *му ве́ли на ни́х: "аман, бра́тка мо́и, а́ко сти христиа́ни, да ми зе́мити и ме́ника, да до́јдам со́с ва́с на Мо́сха! Бе́лким та́мо ке да на́јдам не́кој кӑсме́т, да изва́ждам када́р л'а́бот". И о́ни гу сожали́ха*

[V,PM,151]; ~ *така кату чу царјут, повики гу сожали и му вели: "ади, братку, јазе ке да пусна човек сос тебика, тел'ал да викни аф селуто, да не ти гибни некој"* [V,PM,32]; ~ *Едѝн дéн са заоблачѝ небóто, та от гóре падна́ на земјáта еднó жрјáпче, такáсакáто, не мóжиши да стáпни на нóзи. Са чýдиши стопáнот, кáк да гу чѝни жрјáпчето. Речѐ да гу отѐпи, áма пáк гу сожалѝ* [V,PM,120].

сожи́вее* pf 'почна да живее во заедница со некого' ~ *ут гул'áма пóмош ни бѝше сójо на-ýјко Дѝна.. Зближѝхм-са и соживéахм-са сас нѝх: ýјко Дѝна, ýјна Мари(ј)а и нѝфнио сѝн Димѝтар. Сплотѝхм-са и пóубáво заживéахм* [ДС(Ч),163].

сój m 1. 'пошироко семејство, роднини, потекло' ~ *устáна з'éнт'у и нив'áстата думá и тугáс нат'а нхá гу пѝта: "ут ш'то сój си ти?"* [MS,t,15]; ~ *на-Сјáрцка кáза, на сéло Фráштене ѝма адéт, когá са-родѝ дéте мáшку и са-сабѝрат стáрците и млáдите, агá му клáдат ѝмето на-дéтету, та са-сабѝрат фрет сóе-хми и роднѝните* [ВД(Фр),326]; ~ *паш'áта вилѝ: "кáк тузѝ ѝм'а гу крáсти брáт-ти? имáш'и ут сójу пу иднó ѝм'а такфóс?"* [MS,t,48]; ~ *пóсле ќи-зéвáше нивéстáта дă-дăрýва пред дă-ă-сфáл'ăт. Ќи-гудăрýвише сójут цéл. Сáмо сфéкурут ѝмáше прáво дă-ă-сфáли нивéстáта. Ќи-ă-фáтише уд-рăкáта и ќи-ă-сфáлише* [ВЕв(Ил),307] – во текстот има уште еден случај за проширената употреба на предлогот **уд**, кога се јавува наместо 'за': **ќи-ă-фáтише уд-рăкáта** – за ова поопширно во граматичкиот дел; зборот **сој** го сретнавме во следниот исечок од семејниот живот: – кога некој сака да расипе некоја врска меѓу младите обично кажува дека девојката е *уд не арин сој* (не е од добро семејство) [ТГ,144]; 2. 'одредена раса на животни' [ВК,149].

сој* (< свој) pron 'сопствен, личен' (на тој што го врши дејството) ~ *една жена си имала еднă сојă дăштерја и другă завареница. Нехината си миловала много, пак завареницăтă ненавиждала* [V,PM,286]; ~ *маштеха хи, като видела толко руба, каскандисала и утринта пратила сојăтă си дăштерја да пасе оловето и хи порачала, да идјă на нози мјасто* [V,PM,286].

сójка* f 'вид мало ноже' ~ *сójкăта гă-прáват нужáрто* (мајстори што изработуваат предмети од железо за домашна употреба: ножеви, ножници и др.), *ѝма дăршка ут-рóк, óна сă-зăтвóруве* [ПК,2(АЌ),104]; [ТГ,379]; ~ *малéнко нóже, нóсат го офчáрто. Сас нéго си-сéчат л'áбо и крумѝдо* [ДС(Ч),142].

сójкичка f, dem. – в. **сójка** ~ *удѝла, удѝла ду-срéди пăт тá бáбăта, сјá, ќи-мă-пруштáвите, ќи-клéкне, сă-мóче. И Тýнтăлчăто фáште, излéве. Имáл сójкичка уф-нéго, гă-сéче тóрбăта, гă-нăпăлнуве тáл, жéл'ки* [ПК,2(Пл),253].

сójкăрица f, zool., Garrulus glandarius 'креслива птица' ~ *пѝле-ј, кулку áјн гăлăп. Бујáта мó-ј бéла и сѝва* [ПК-,2(Грам),104].

сójница f 'просторија свртена на северозапад, тешко се загрева – осојница' ~ *тáа мójта удáа-ј сójница, нă-мóжиш дă сă-стóплиш* [ПК,2(Грам),104].

сојтарѝа m 'слуга, тој што ги забавува присутните, шут' ~ *му-вéли на цáрју: "áми цáрју, óни как ки ти вѝдат тéбика, нéма да чѝнат*

кату сношти џимбúш, зашто ки га и стрáм". Тогáс цáрјут му вéли: "ами јазе не úдам такá туку. Ки си чúнам хизмúкáр на тéбика, такá кату сојтарúа" [V,PM,10]; *~ отиде, најде един кораб, влезе нетре, да отиде на един град далечен; са чини н'ам, и лут и пак на един царско кунак беши влел, тамı на царјут кату сојтариа му беши* [V,PM,192]– во текстот прави впечаток несоодветната конгруенција – именката во м. а атрибутот во ср. род: **царско кунак;** исто така и во редоследот има посебност – атрибутот е во постпозиција во однос на именката: **град далечен;** *~ га вели на бабата: "Бабо, јазе това вечер земах и хизмúкарот ми, ча е млогу сојтарје, да ни прави по малку џимбиш"* [V,PM,10] – во контекстот среќаваме употреба на крат. зам. форма за директен предмет **га,** наместо дативната 'ѝ': **га вели;** за ова в. подетално во граматичкиот дел.

сóк m 'течност што се содржи во овошјето, пр. во грозјето' [MS,s,105]; *~ кугá úмạх бóл'ава уф-ушúнạта, мáјкạ грéеше тýвла потупéнạ уф-гурéштạ вóдạ. Уф-ушéто турувá ми сóк ут цăрнúца* [ДС(Ч),158].

сокардичка (и: **сукардичка**, односно: **сукордичка**) f 'дел од прибор за јадење – виљушка' *~ утишла преко три планни, нашла колиба, внăтре имало три лепчијна, три лажички и три сокардички. Утишла оште три, – нашла шест лебчијна, шест лăжички и сукордички* [V,PM,269].

сóл' f (m) 'бела супстанца што се добива со испарување на морската вода, исто така ја вадат и од земја (на одредени места); има солен вкус, се става во храната' *~ пампóр'ут имăш'и туварину сóл'; и трăгна ... за да хóди* [MS,t,84]; *~ фтáса пампóр'ут другајут д'ен' у Амéрика, прудáдуха сул'тá* [MS,-t,86]; *~ тó утúде нă-рéкăта рúба дă-лóве. Фáти-си аднá рúбичка. Трăгнá нă-пазáро дă-óде, срешнáагу Еврéјто. Адúн дáва дéсет грóша, дрýги – петнáјсе, нăткáчве ду-стó. Дéтто се-зăрăдýва мнóго. Купú-си брáшно, купú-си сóл' и устáнăлите пáри ги-утнéсе дóма* [ВД(Ник) 280]; *~ му вéл'ăт: "Шó сáкăш сéга дă-ти-дáјме, дă-ти-дунéсиме нúа? Шó дă-ти-пуклóниме? Шó нéмте нă-твójта дăржáва дă-ти-дáјме". Вóа му-вéле:"Сóл' нéмме нúа тáму"* [ДК(Ран),133]; *~ хáрнă нạ султá* (= добро засолено) [ПсС(З),65]; *~ кату нéмаши сóл, извадú кутúјката и га отворú, земá прăчката, га чукнá и речé: "úзвади, кутúјка, сóл да тýрили на рúбите!"* [V,PM,149] – во текстот имаме употреба на номинатив со значење на вокатив: **úзвади, кутúјка, сóл!** (м. 'кутијко'); што укажува на една понапредната фаза во губењето на падежите; *~ женáта му вéли: "óх мăжу, хáрно си земáл рúбата и ми вéлиш да гóтва мăра, а дрýгата да га нáсол'а, ами кату нéмами нúти сóл, нúту пипéр, нúту шарлагáн?"* [V,PM,17].

солáк m 'човек што работи со левата рака – левучар' [СК,336]; *~ глéјго* (гледај го), *нáшјо сọлáк* [ПК,2-(Крец),104]; сп. **л'ạвáк** [MS,s,109].

сọлáркạ f 'мал сад во кој се чува сол' [ДС(Ч),51].

солéн* adj 'нешто што има солен вкус' (храна, вода, земја и др.) *~ тјáнака, кату чý такá от змéјут, земá двé кáдја, тýри áф нúх по еднá кутúа сóл, турú и вóда, ги разбракá и когá дójдоха самовúлите, накусúха,*

веде́ха, ча бе́ха соле́ни [V,PM,132]; и: **суле́н*** ~ *"Славенцкуту" има́ на по́лјту ки му бида "Сланица" и во има́ ки биша́ за са́то по́ља дур на мо́рјту и дур ду Ембимбо, оти колко повичкја ода чувек ут зајди-сла́нцă узгурнинта на земјата́-ј се́ по-сулена* [ME(P),75]; ~ *имиту "Слајнца", сувите сулени бари и тревите, шо и велјат сулило кажуват оти идно време по́лјто било мора. Ув некуј книги за Макидонија са́ велјă оти му била воата на блатту сулена то не е аслă* [ME(P),76]; ~ *суле́на ма́н'ц'а* (*присуле́на* – со малку сол, *мло́гу суле́на* – пресолена) [MS,s,109].

со́ли impf 1.'посипува сол или нешто друго ситно' ~ *Бла́гувиц – то́-ј пра́зник уф-про́лит, нă-то́о де́н ло́мичките са́-зăу́чуват дă-ме́сат. Дуде́к ле́сат ла́јките им-со́л'ат шике́р уф-те́стто. Пра́ват бла́га пуга́ча* [ПК,2(Грам),24]; 2. изр.: **ќи-ј-со́л'ат** (= не ги очекуваат, не им се потребни) [ПК,(Мор)].

Соли́ло top. 'рамно место, полјана, каде што им давале крма (со сол) на овците' (во реонот на с. Царвишта); називот е изведен од **сол** + суф. **-ло** (за образување на именки што упатуваат на дејство) [ЈИ,Ми ...,196]; со исто значење е топ. **Со́лиштето** 'широки полјани на кои оставале **сол** (да ја ближат овците) + суф. **-иште'** (с. Долно Фраштене, Серско) [ЈИ,Ми...,196].

соломоника f 'начин на пеење', (сп. **'соло'** ?) ~ *а́м да всади́ш една́ топо́ла, што́ и́ма на Чингу́-дилибе́јан дво́р, – вăрховету на си́н'у не́бе сти́гат... И то́јнака стана́, оти́де на Чинги-дилибе́ини дво́ри, пеа́ соломони́ка* [V,PM,142]; ~ *ко́н'у пота́на, бати́са до коре́ла* (стомак), *не мо́жи да изле́зи. То́јнака фати́ да пе́и соломони́ка, излезе́ и сама́ Чингу́-делибе́ја, са́каши да́ гу изја́ди* [V,PM,143].

сом m, zool., Silarus glanus 'голема слатководна риба, ја има во Дојранското Езеро' ~ *та́а ста́нала, ри́бите адна́ пу-адна́ исфăрл'ала-ј на́-пăто и рипнала. Că-ј-сирала ф-ко́шуфто и бигала. То́о фле́ве уф-се́лто: "Еј, ри́би, о-о кра́пуве, со́муве"* [ПК,2-(Мор),225]; ~ *му-ви́ка: "Те́гли, ку́мчо вăлче, се́ со́муве и кра́пуве". И тигл'а́јки ќу́п му-că-скина́ па́шкăта. Излизе́ уд-во́та, că-истрисе́ и că-спугна́ пу-лиси́ца да́-ă-фа́те и дă-ă-уда́ве, о́ти гу-излăжа́* [ВК-(Пат),287]; називот **сом** е запишан и во Пазарско заедно со следниве називи за слатководни риби: ~ *ут ногуту турлиј риби шо-ј има ув блатту ки-ј речиме вија: сом, јăнгулја, крап, турна, гуџар, глинар и други. Ув вириштта на пустолцкуту "Малто блато" нема сăл сом и јăнгула* [ME(P),77]; – називот **сом** е регистриран и во Гевгелиско: кога в село има слава, служба, сиромавиот ако не можел да купи *јангула* од Енице-Вардар, *сом* од Дојран, или *вардарски крап* (шаран) за да приготви *печуво*, тогаш ќе набавил *риба платица* [ТГ,208].

сон (и: **сăн**) m 1. 'состојба на физиолошки одмор, кога сетилата мируваат; кога човек не е буден, т.е. не е свесен за тоа што се случува околу него' ~ *зајчо́ф со́н* 'спиење на кратко време' [ПК,2(Ир),46]; ~ *ве́ли на ни́х: Ла́зар на́шо прија́тил заспа́. Му ре́кле Учени́цити: Афе́н-до, а́ко заспа́, ки си разбу́ди. И ричé Исус за умре́шут: па о́ни си у́миа шо му ве́ли за со́нот. Тога́ му ве́ли ашикире́* (отворено) *Исус на ни́х: Ла́зар умре́* [MV,K,286]; ~ *и си*

навидéја, му си пуклунúле на нéгу; и утвурúле стóката, му дунсéле ма нéго дáр (бахчúш), злáтно, тимнјáн и смúрна. И на сóнут си суниле да нé си óдат нáзот [MV,K,306]; 2. 'различни слики, личности, настани што на човека му се редат кога спие – во потсвеста' ~ *и р'éч'и тój: éут стрáха и јас сă разбудúх, гл'éдам сă-ји б'ál тóсú* [MS,t,12]; ~ *му вéли: "éj мằжу, што тóлку са чýдиш? Далú ти потằнаа курá-бите или пари нéмаш?" Сáнким тјáнака тúа лакардúц ги вéлиши на нéгу кату на шакá. Тогá и тój-нака отговори: не ми потằнаа ниту корáбите, но снóшти лóшо сóн засонúх* [V,PM,30]; ~ *отúде домá и заеднóч казá на мажó ú: "вáрај, мằжу, снóшти нáцут зéт вúдел на сóнут, ча на бéлојут ól дошлá еднá какарáска* (страчка), *от устáта му фл'ázи"* [V,PM,31] – во текстот среќаваме проширена употреба на предлогот **от** место 'низ': **от устáта му фл'ázи**; освен тоа имаме уште еден пример за испуштено иницијално **в** пред вокалот 'о': **ол** место 'вол' (сп. уште: **осук** 'восок', **ојска** 'војска' и др.); ~ *тогáс женá му му вéли: "вáрај мằжу, товá сóн лóшу е – еднó дéте úмали, лóже и товá да ни úмри", И така женáта му влезé на млóгу гајл'á* [V,PM,30]; 3. изр.: **сằн гу ни фáти** (= кога човек не може да заспие) ~ *énóхýбав'ą н'éка си бúх у хапсанáта, парá сă тýк ш'ту л'égнах на тóс ухтикáсан кривáт, áх, úх!ú – у вáса нóш' сằн гу ни фáти* [MS,t,42]; ~ *и т'á си утúди дóл пукрáј манц'ó и тój васанóш' сă ч'úдиш'и, как стáна тáс рáбута, úч' сằн гу ни фáти* [MS,t,37]; **бúхме искăрáли пу-адúн сóн** (= бевме отспали малку) ~ *бúхме искăрáли пу адúн сóн, ká дујдéте. Дујдéте уф-нúадно врéме* [ПК,2(Гăр),182]; **сóн мằ навăлú** (= почувствував силна потреба од спиење) [ПК(Гăр]; **гу фáшта сóнут** (= заспива) [ДК-(Лип),106]; **сон да земи** (= да поспие, да се одмори) ~ *еден вечер, што му дошло на сиромахот, кату легнал да поспие, малку сон да земи, отиде еден скакал на тринадафилот и гу изјади гонцету* [V,-PM,105]; **тéшǫк сằн** (= кога човек тешко се пробудува – така е обично наскоро по заспивањето) ~ *и тúą сąглáсили, рéшили дą го-утéпат. И лéгнąли вéчăрта, óти вéчăртą, кај дваąнájси, дин сáато, тéшǫк пăрвиą сằн, кój как ќи-стúгни, кój кǫпáч, кój бąлтúą, и, дéкą лéжи...* [ЛС(К),116] – во текстот имаме нерегуларност: звучната согласка, што поради фонетски услови станала незвучна – едначење по звучност (*тежок,* но *тешка, тешко*), останала незвучна и кога околностите се измениле, сп.: **тéшǫк пăрвиą сằн** ; **му фанá на сóнут** (= го затекна кога спие) ~ *Јóсиф, чýнки бéши прáвин, и а нéќаши дą кáжи на сфéтут, тукý си умú да а устáва скрúшно. Кá си умú такá, éту и Ангел Господúнов му фанá на сóнут да му вéлиши* [MV,K,286] – во текстот среќаваме употреба на крат. зам. форма за неправ предмет **му**, наместо очекуваната 'го': **му фанá на сóнут**; **ка станáл ут сóнут** (= кога се пробудил) ~ *и вéли: Гóспот су нáс. Да ка станáл Јóсиф ут сóнут, чинúл кату как му пувéл'а Ангелот* [MV,K,305]; **за сóн утипáн** (= многу преморен, ненаспан) ~ *па Пéтро и дрýзи двéти бúле за сóн утипáни, да кáк си разбудúле, а видéле нéгувата слáва* [MV,K,305]; **на сон да ми дојде** (= да го сонувам) ~

изразот го запишавме во описот на следново суеверје: празникот *Св. Тудурица* (или: *Тудорува сăбута)* е посветен на младите што не се во брак, на тој ден некои (суеверни) девојки ќе украдат пченица, ќе појдат в бавча, со српот ќе разријат малку земја и ќе ги посеат украдените зрна пченица зборувајќи: "*Тоа што ми е таксан, дека да је и как да је, ваја вечар на сон да ми дојде, сус него да жнијам и да гу пузнајум!*" [ТГ,43]; исто така и кај Малецки: **на сăн'а** (= на сон) [MS,s,105].

соне* impf 1.'кога на човекот што спие на сон му се редат различни слики' – в. **сăнóва** ~ *и си навидéја, му си пуклуни́ле на нéгу; и утвури́ле стóката, му дунсéле на нéго дáр (бахчи́ш), злáтно, тимнјáн и сми́рна. И на сóнут си суни́ле да нé си óдат нáзот* [MV, K,306] – на запишувачот, поправо на преведувачот на Библијата му се сторило дека словенскиот (македонски) збор **дар** на читателите (слушателите) нема да им биде познат и затоа го објаснува со турцизмот **бахчиш**, што го потврдува силното влијание на турскиот јазик врз југоисточните македонски говори; ~ *ка је задримала та млада нивеста, [ду којна ду грива, ду девир ду рамо; [и што си му веле, веле ем гуворе: "девир, милин девир, дремка ме нападна' [сон сум си сунила, мојте два ми брата, [два бунара копат, и двата биз вода"* [ТГ,171]; ~ *и му си сóни на сóнут, си бигáл на Галилéјцката зéмнја, и ка утúшал, сиднáл уф грáт шо му вéл'ат Назарéт* [MV,K,306]; ~ *дејна мисл'ум, ноќа сонум; [на вичери ми тикнуве, [дур залук ми залигнуве, [фил'џан слăзи сурунувум, [сијна риза јутупувам* [ТГ,368]; ~ *ка ме сониш, ка ме сониш, [на кого кажувиш? [– ка те сонам, ка те сонам, [на мама кажувам; [ка те сонам на мала кажувам* (погрешно пишува: 'на маму') [ТГ,205]; 2. гл. **сони** го запишавме и во следново верување: *оги уф куки да сониш* – ќе ти се случи голема несреќа, смрт во семејството [ТГ,314].

сонува* impf – в. **сăнóва** и **соне** ~ *ка ме л'убиш, ка ме л'убиш, [дали ме сонувиш, [ка ме л'убиш дали ме сонувиш? [– ка те л'убам, ка те л'убам, јаска те сонувам* [ТГ,205].

сопка f 1. 'препка' (= кога на некого во одењето ќе му подметнат нешто (пр. нога) за да падне); 2. 'врвка со која им ги врзуваат нозете на овците (кога ги стрижат)' [СК,336]; односно на коњите, за да не бегаат: ~ *клáј-му* (стави му) *нă-кóјно сóпка* (врзи му ги предните нозе), *дă нé-бéге, нéк пáсе тýк блúзо* [ПК,2(АЌ),104]; 3. изр.: **сóпки ти-клáве** (= намерно ти пречи во било што) ~ *уф-сéкаа рăбóта сóпка ти-клáве, кá ќи-дúгниш глáва* [ПК,2(АЌ),104]; **сече му сопка** – споменатиов израз го запишавме во следниов обичај: кога на мало дете, кое штотуку проодува му се става препка од конец, и пред да падне некој ќе го пресече конецот, а друг *туруве вода*, зборувајќи: "*Куту вода брз да биде!*" [ТГ,122].

сóпка (си) impf 'се препнува' ~ *гувóри Исус: Нé и дванáдесет сáата дéнут? Кój пуудúл на дéнут, нé си супнýа, óти му си глéда вúделот на вóа сфéт; и ако пуóди нéкој пу нóкја, си сóпка, óти вúдело нéма на нéго* [MV,K,286].

Сопот top. 'ниви', основното дијалектно значење: 'дрвена цевка, отворена одозгора низ која тече вода, чучур'; во срп. (и хрв.) *сопот* 'из-

вор, водопад', исто и во слов. *sopot* 'водопад'; сп. месни имиња: чеш. *Sopoty,* пол. *Sopot.* Се работи за прасл. геогр. термин, стсл. сопотъ; како топоним го има и во др. краишта во Македонија, пр. во Кумановско, во Велешко [ЈИ,Ми ...,196].

сопразни* pf 1. 'извади нешто од некој сад, испразни' ~ *мо́ј-и р'е́ч'и: "ху́баја! со́празни гул'а́мата ба́нчфа ви́нуту ... сид'а́ да мо́жиш', да ха клад'е́ш' у ба́нч'фата!"* [MS,t,68]; ~ *и тојнака му дава кесету и му вели: "ету това продадох". Кату зема ахтаринот кесету, гу сопразни и га брои: двеста алтъни имаш аф негу* [V,PM,34]; ~ *тојнака сос радос млогу отиде на дома му сос онаа капа и рече сам себе си, да га докимаса капата, дали е на истина и фатил да вели: "напални си, капа, сопразни си!"* [V,PM,83] – во контекстот имаме случај на изразување на вокатив со формата на номинатив: **напални си, капа!** (м. 'капо'!), што претставува потврда дека и остатоците од деклинацијата не функционираат редовно; 2. 'истури' ~ *и пуснал сунгарите* (пишува: 'сугарите') *на езера, водата ја беа смрăкнали, тогас сопразна винуту на езера и, кату ож'адн'аха ламите, го испиха виноту* [V,PM,185].

сопразнува impf – в. **сопразни** ~ *да га докимаса капата, дали е на истина и фатил да вели: "напални си, капа, сопразни си!" И капата фатила да си напăлнува пари и да са сопразнува* [V,PM,83].

со́пре* pf 'задржи' ~ *ма́јкăта ре́кла:"о́ди ти, де́тто ќи се́де до́ма". Во́а ка лижа́л та́м, рипну́ве: "Ја́с ќ-о́м, та́тко, ре́кăл, ја́с биде́ќи, зăшо́ ќ-о́јш ти́?" Нă мужéле да гу со́прат* [ИГ,115] – зборофор-

мата **биде́ќи** се јавува со зачувана глаголност, т.е. како гл. прилог: **ја́с биде́ќи, зăшо́ ќ-о́јш ти́?**; ~ *му-купи́ ни́ви уд-Ра́дуво, ни́ви му-купи́ и утту́ка, му-рăздили́. Пу-двајсе декара ниви му-дде. Нă-на́с супре́, е пă и́ма и мăсра́ф* (трошоци), *о́сум дéкăра супре́ме нă-ста́рте нă-на́с* [ПК,2-(Иц),286]; ~ *и о́н ви́ка: "Бга́јти, не́-мо́ж да ги-со́пра, бга́јти, о́дити сти!" И си-отиши́ли ти́а, си-зе́ма́л зла́тото чов'а́ко* [ЛС(К),118]; ~ *де́к ќ-у́мрум та́м, де́к ќи-мăглéет та́м ќе-ј та́а ни́ва, нă-ме́н сјáа супра́х та: адна́ ни́ва. Нă ни́х му-дили́ме дру́ги ни́ви, му-дăде́мă* [ПК,2(Иц),286].

сор m 'земјоделска алатка, направа за сечење трње' ~ *му́ѓи Кру́ша и му́ѓи на́с и́мше дру́ги ритчи́на, пă зăт ти́а ритчи́на-ј Кру́ша-Бăлка́н. Она сă-ви́кше, гулéмјо-и вăрх Стăрвица. Аа, висо́к вăрх. На́јви-со́к вăрх нă-Кру́ша, Стăрвица он сă-ви́кше. Куту се́чин би́ше уд до́лнăта стра́на, куту срăп, куту со́р зăви́јн* [ВК(Шт),288].

со́рче n 'вид нож' ~ *то́-ј но́ш усзăпци, сă-зăтво́руве, ма́лчко-ј кутзăви́јно. Ус-не́го си-бе́рме димил'ус* (нане), *мăгдăно́с и тре́ва зă-ја́гăнто* [ПК,2(Гăр),105].

сос (и: **сус**) prep 1. 'за означување на заедница' ~ *наедно́ јадја́ши сос траговецот и кога́ оти́доха на неговата ка́шта, сироми́хот са почу́ди са́мо на скалата што и ви́дел* [V,PM,13]; 2. 'за укажување на состојба' ~ *излезе́ да са ше́та по касаба́та, фати́ха трагофците да гу питат за имáниту. Кату чу́ха свјатóт за не́говото имáни, оти́доха до гилиите, гу видо́ха и гу цениха сос це́на ха́рна* [V,PM,14]; ~ *си облечи сос вретенарски дрехи,*

зема и вретена аф една кошничка, отиде по сокаките да продава вретена, отиде и на богатиовата кăшта [V,PM,72]; 3. 'за означување на предмет со кој се извршува дејството' ~ *и отаму ,кату сос крила и летнал по син'у небе, да беши изл'ал на едно широко поле* [V,PM,184]; ~ *седнáха тáмо, отúде снахá му, му извадú бláгу* (слатко) *сóс еднó дúску сè злáто, чáшите сè от срéбро, са почýди богáтиот и, без да пúта нéшто, стана си отúде* [V,PM,148]; споменатово значење на предлогот (**сус**) во гевгелиско-дојранската регија го запишавме и во описот на рибарскиот прибор: рибите ги ловат: *сус мрежа, сус сертме, сус грип, сус вăдица, сус баскија, сус лумбар* и др. [ТГ,391]; ~ *еднó врjáме úмаши еднú самовúлски кéрки, трú сéстри. Еднáта речéˊ:"мéни да ми зéми цáрjувут сúн, сóс едúн тáс мáнца фрéт аскéрут да гу насúтjам". Тéнака имáли еднá лéл'а от мájка и сéстра* [V,PM,141] – во текстот има уште една потврда за присуството ма "балканизми" во овие говори: изразување на посвојност со предлогот **од** место 'на': **имáли еднá лéлˈа от мájка и сéстра**; ~ *сéтни дрýгата фатú да вéли: мéни да ме зéми цáрjут, сóс еднó вратéно да соблéчам* (облечам) *фрéт аскéрут* [V,PM,141]; 4. 'за означување на предмети што придружуваатˈ – споменатово значење го запишавме и во следниов благослов: "*плăна куќа бирúкет; сус крави, сус телци, овци, кукошки, пилци, јајца; на сите Госпуд да даде касмет"* [ТГ,16]; ~ *тогáс му вéли на цáрjут: "тáја ти е женáта, тúа ти са момчéта твóја! Ету момáта сос месинчúна на челóто, сос звjáзди на грендú! Ету и момчéту сос слăнцето нá чéлото"* [V,PM143]; 5. 'за означување како некој е облечен' ~ *отúде сиромáхот, застóја сóс децáта децата му срéшта брáт му. Кату гу видé брáт му такá облˈáчен сóс хáрни и скăпицéни дрéхи, нé можá да гу познáj* [V,PM,148]; ~ *фати млого дăжд да дăжди. И тој извади си дрехите, ги собра нетри на кутелот, го тури по куп на главата му. Кога папса дăждот, тој си облече пак сос дрехите му* [V,PM,200]; 6. 'за означување на однос кон нешто' ~ *господáро, кату гу видé дéтето, му вéли: "а брé сúнку, кáк отúваш сос матúмата ти на скол'уто?" И тój му вéли: "áх, господáр мój, јáзе вредéн си показáх на мáтимите ли, у тéзи учúлишта свăршúх"* [V,PM,150]; ~ *јунакот извади седлото от тајлˈакот, гу кладе на белата бесна кубила да ја вјахна. Сос голˈам ихтибар отиде прет царjут* [V,PM,-186]; 7. 'за укажување на кој начин нешто се врши' ~ *у пентук за акалесат момите от махалата и родниците, за си собрат на нивјастинската кашта, пак една чиста девојка ки фати да меси колачинта. Подобно кату как правјат на зентjут, така и на нивестата сос пеjани, сос хоро* [V,PM,-248]; 8. 'за укажување на правец на движење, место предлозите: **а.** 'низ' ~ *еден ден кулмциата кату закл'учи портите, отиде на дjукáнот му да работи без шубе, пак дjатету пот земjата сос лагăмот* (низ **лагăмот** = подземен ходник) *отиде праве аф кулмциовата кăшта* [V,PM,69]; **б.** 'преку' ~ *богатиот сос момите му си легна на дворут да спат, пак тојнака, кату носиши сос негу шише сос мăртва вода,*

га напрäска мюлата и га зема на рамото, га открàди, и заедноч трäгна сос вечир да иди ('преку вечер', т.е. кога е темно) [V,PM,72]; 9. 'за означување дека нешто се случило по извесно време, наместо предлогот **по**' ~ *и тој шаштиса дали да верува, или да не верува. Сос неколко час са познаха харно. Тогас увреjнот курдиса, побjал'а каштата му, и стори свадба на санот му гулема* [V,PM,239].

сосе́д* m 'човек што живее во соседство' ~ *тáтко нáл'утн вдна́га ва рнáл-са. Там сúчко бúло однсéно, и жúтото, и чéнката, сắта остà нáта пóкашнúна и т'áа стóка што остáна. Насéтн и нáшата сосéда, стáрата мамúрка зимáла ги е дắските от-душумéто* [ДС(Ч),168] – партикулата за суперлатив 'наj' во контекстот се jавува како 'на': **насетне**; односнава форма е земена од влашките говори, што го позајмиле македонското 'наj' но го скратиле во 'на' и како такво одново се враќа во jугоисточните македонски говори.

сосечé* pf 'со нож (или со сл. направа) стори нешто на парчиња' ~ *и му кáзало: "Когá úдеш на крáj морéто, да исúпеш пчениúата, медá, просóто по сýхо, а пак кóнете да сосечéш и да разфа(р)лúш по сýхо половúната и по водáта половúната"* [V,PM,258]; ~ *кóнете сосjáкал, рáсфäрлил ги по сýхо и по водáта, та са собрáли пúлетата, пчелúте, мрáфките, најáли са и по морéто рúбите, та му рекло́ еднó пúле: "Ела да та прéнеса прис морéто!"* [V,PM,258].

сосе́чен* adj 'нешто сторено на ситни делови' ~ *дошло врéмjа да úдат на бáн'атá сос другú мóми, и детето сос тjáх. И като застáнало нá вратата, заспáло, пáк кóсéто го пóсечи сос нóжja и са скрú. Когá изл'áли мóмите от бáн'ата, дéтето сосéчено* [V,PM,258].

со́спа f 1.'нанос, натрупан снег на едно место' [ИГ,128]; ~ *нä-пắто зä-Струмúца зúмта úмäше сóспи, нä мóжäхме д-ójме нä-пäзáр; ~ нäáкäн снéк, уд вéтäро нäтрýпäн* [П-Д,130]; 2. fig.'голема, дебела жена' ~ *нé-ä-глéjш, цéла сóспа-j, дéк а-збúре тóо, зä-нéа трéба цéл арáр* (= голема вреќа) [ПК,2(Гäр),105]; .

состáви* pf 'стави некои работи едно до друго' ~ *пулéто наýкол Кулáта б'áше малéнко. Н'áмаше м'áсто дéка да-са пáсат офцúте. Затувá ни(j)а уф грýпа состáвúхми пóвéке стáда óфци, та ги прати́хме на-Пúрин Планина* [ДС(Ч),168].

сотвäрза pf 'отвори (одврза) нешто што било врзано' ~ *"ми дадé едно дрýго да чúнам хазäр и да седнам нéтри дур да дójди тој". И такá сéтни стáна, отиде на домá му, сотвäрза хýрчувету, што и донéл от Стáмбол, и когá извадú онúа пóстели, онúа пéрници, онúа чудá!* [V,PM,19]; ~ *на прóсикат му дojдé рашитýвани* (одење по нужда), *óтиде на потрéбно мéсто да си рашéта. Остави кривакот на земjата та фати да содварзýва чакшúрот* [V,PM,189] (именката 'чакшир' ја немаме забележано во др. материјали); ~ *влезе аф халето да си турни водата Дили Димо, најде време, си сотвäрза рäците и, кату излезе вäнка сос един jумрук* (тупаница) *утепа един челатин* [V,PM,66].

со́тка f, bot 'вид печурка' ~ *тá-j пä уд дóло жäлта, уд гóре бéла, тúа рáстат уф-стäрнúштта пóвичке* [ПД,123].

Сраѓи́н m 'име на итрец од народните приказни' ~ *Сраѓи́н Ода̣ оти́ша̣л на̣-свадба̣, а́ма̣ оти́ша̣л скина́т, но̣бле́ча̣н. Си́ти се́да̣т не́го не́ го ка́на̣т. И о́н ни́ко̣ј не́ му о̣бра̀ште внима́нии* [ЛС(К),120] – во долновардарскиот говор кај заменките се забележува голем број нерегуларности, обично на релација: прав и неправ предмет, оваа ситуација е истражувана, она што останало незабележано е дека и субјектот се јавува во конструкции несоодветни; во случајот се јавува наместо неправ предмет: **и о́н ни́ко̣ј не́ му о̣бра̀ште внима́нии** (наместо: 'нему никој...'); и: **Стратин-о̣да̣** ~ *Имаше дно́ кади́ја да-му-дојде́ Стратин-о́да̣. Му-ричé кади́ја на-Стратин-о́да̣: "Да и́диш Стратин-о́да̣ до́ма-ми, да-ми-прика́живаш". Кади́ја му-пушти́ ма̀ската да-това́ри тифте́рјите-му. Он, ка́к си-је-зе́л ма̀ската, хо́ди и је прода́ва (ма̀ската от кади́ја)!* [ВС(Кир),293] – во текстот среќаваме употреба на предлогот **од** наместо 'на', кога упатува на посвојност: **ма̀ската от кади́ја!**, што се третира посебност позајмена од балканските јазици; во македонскиот карактеристична за западното наречје. За ова сретнавме повеќе случаи и тие се одбележани на соодветното место. В тора посебност во текстот е неправилната употреба на членот (**Му-ричé кади́ја на-Стратин-о́да̣**, наместо: Му-ричé кади́јата), што може да се објасни со аргументот: запишувачот бил проф. со српско потекло (М. Вукчевиќ).

сра́нсво n 'туѓина' ~ *Зе́ме де́тто дă-га-изми́е че́шка̀та и та́а се-нăпăлни́ сус-зла́то. Исту́рве-гу зла́тто уф-кисе́то и ту́рве-га уф-пазва̀та. Напăлнуве-га па́к во́да, па́к ста́нăла зла́то. И-ка̀жа́ де́тто на̀-ма́јка-му: –"Еска, ви́ке, ма́ма, ки-изле́зум уф-сра́нсво"* [ВК,281] – во текстот среќаваме неколку посебности: фонетска – преглас на 'а' во 'е' зад меки согласки (или што некогаш биле меки): **еска** < 'јаска'; морфолошка: употреба на номинативна форма во функција на вокатив (**мама** место 'мамо'): **е́ска, ви́ке, ма́ма, ки-изле́зум**. Во врска со заглавниот збор "**срансво**" којшто напомнува на "позајмен збор" ќе истакнеме дека приказната е запишана (и објавена во Софија) скоро пред осумдесет години.

срахова (са)* impf 'се плаши' ~ *а пак тре́тиа на̀псо́вал на ца́рја ма́јката и ре́ка̀л: "Го́спот да ми дадé, а то ца́рјови́те пари́ ништа̀" И сла́хал са та замино́ваше о(т) та́м ца́рја, ка́то тивди́л и ги дочу́л, што*

вревили за нек, и пуснал л'уде та ги докарали. И като зел да ги пита, пак тиа са сраховали да кажат што са вревили [V,PM,254].

сра́чка f 'стебло на житно растение' *~ на-сте́блинце́то, то́ зле́ното, о́тчини́чка, о́т-жи́то, о́т-о́вес сра́чка му-ка́жу́ваме* [ДС(Ч),142].

сребарн adj 'нешто направено од сребро' *~ тогас тојнака га вели: "дај ми дивојку вода да са напиа!" И тјанака му даде вода сос сребарн ибрик, си напи. Тогас га вели: "идиш ли дивојку, по мени, да ти земам за първа л'уба?"* [V,PM,77]; – односнава лексема се среќава во следново верување: ако на некоја жена ѝ умираат децата, таа уште првиот ден по раѓањето го *пуминуве детто низ сребрин пракуван појас;* овој појас уште го викаат и *сребрин веници*. Појасот е црквена своина и за секое провлекување се плаќа (мала сума пари) *колку лек да се фате* [ТГ,121]; *~ как ки кладиш остра сабја и как ки промениш приз тамунака, мрјажите ки си сечат. Ки идими оданъд морету. Таму има чешма, Маркува керка, ки га најдиш сос сребарни ибрици вода да нал'ај* [V,PM,77]; и: **стребрјан** *~ де от малко време сетне бан'а са чини сос стребрјан тас, дјадото ја чуваши. Отиде стара самовила, ја купи од дјадото за да му стори што годе на детенто* [V,PM,218]; *~ и малката, кога плачаши, т'а песна му пејаши и вел'аши: "ох чендо без имја, да ти знај бабати, ча е Константиново дете, да ти стори стребрјана л'улка, да ти л'ули"* [V,PM,228]; и: **стребрен** *~ "Е, сега, му рекло, јошче адна работа има: на това поле има адин стребрен конак, забиколен от аскер; на вратата има два арчлана; внътре има адна мома најхубава"* [ШК,5(426)]; сп. и: *~ стр'ебна лънџ'ица* [MS,s,108].

среброл'убец m 'човек што претерано многу ги сака парите и е голем скржавец' *~ близу при сиромахувата къшта имаши една къшта, на која седјаши един владика. Това владика беши млогу харин човек, ама млогу среброл'убец: не кајдисуваши на некој да даде една пара* [V,PM,37].

Средеро́к top. 'пошумен рид, место меѓу реки'; Ј. Иванов го објаснува од *Средорек* (со метатеза) – од едната страна тече реката *Дели́ кравја́*, а од другата има дол. Топонимот *Средорек* уште е регистриран во Кукушко и во Благоевградско [ЈИ,Ми...,197].

сред-ноќ f – во следново суеверие е регистриран заглавниот збор: штом првите петли ќе запеат, значи дека **сред-ноќ** поминала или *пракаршила* и дека наближува *зора*. Народот верува дека штом ќе запеат првите петли значи дека се повлекуваат злите духови, т.е. *лушутијте* (како што ги викаат во Гевгелиско) [ТГ,10].

сред-село n 'широк, рамен простор среде село, каде што луѓето се собираат особено за празник, плоштад' *~ и сега царут нъредил нъжена-му дъ-ъ-извадът нъ-срет село, су-плунки дъ-ъ-давът. Дъ-гу-бери цел свет сѐ у-плунки дъ-ъ-удавът ут-стръмутилък* [ВЕв(Кр),302]; *~ разбулел се дете нежинено, [нити жинено, нити армасано. [Пусакало нешто пунуда, [нешто пунуда, шиќер црни сливи... [се удбрала мома уд сред-село, [мома уд сред-село, баш та ми терзијка, [му нусила нешто пунуда* [ТГ,-158]; –

заглавниот збор го среќаваме во опис на народен обичај поврзан со божиќните празници: на вториот ден од празникот *Бужиќ* до пладне луѓето се веселат дома со вино и печени колбаси, а попладне одат *на сред-село, на саир*. Тука ќе се собере многу народ, гајдаџијата ќе свири, а младите ќе играат оро [ТГ,87].

среду́ adv 'упатува на место што е средишно од нешто – среде' ~ *и кога́ дошли́ среду́ мореѓу, они́а двата чини́ха збо́р да гу фӑрл'ат Кулу́фа нетри на мореѓу и да му зе́мат имани́ту* [V,PM,8]; ~ *Марку вјахна на негова кон'а, зема и тешка бозлугана, гу пристигна дури аф среду мореѓу, и как гу виде от срешта ошти, ча е бил јунак...* [V,PM,77]; и: **срјадја́** ~ *на срјадја́ се́лоту и́маши една ахта́рница, та са берја́ха ма́лку у гол'а́му. И кату бе́ха собира́ни си́чките чорбаџи́е, збору́ваха се́кој што си зна́иши* [V,PM,31]; ~ *Грујо Шкиндерлиа речи: "јазика ки ида през мори, Марковата керка да га зема". Тогас кон'у му вели: "тинака на моите греди да кладеш остра сабја, ча на средја мореѓу има една стара Јуда самовила"* [V,PM,77].

среду́лник m 'средина, средиште' ~ *но́го ме-ј сла́тук сридулнико утлубуни́цта; гу са́кум и сридулнико ут-бъ̆клъ̆ва́та* [ПК,2(АЌ),105]; ~ *нӑ-ча́рго у сръ̆ду́лнико пуми́нуве въ̆рте́но. По́сле, го́ре, де́к свъ̆риу́ве въ̆рте́нто, ка́мъ̆но де́к съ̆-фа́ште, то̀ съ̆-ви́ке бъ̆лтъ̆ла́к* [ПД,171]; и: **стридулник** (пр. на леб) [СК,336].

сре́те* pf – в. **сретне** 1. ~ *търгнува̀ пъ̆то, и о́н си-о́ди до́ма̀ зами́сл'а̀ н: "излъ̆жа́ ме, ви́ка̀, то́ј, не́ до́ва̀. Мо́ш е бо́лан, што́ зна́м". По́сли дсти́на̀, птна́јс де́на̀, па́ се срти́ли* [ЛС(К),130]; ~ *а́јде тъ̆ргна́ме сја̀ зъ̆-ф-се́лто, са́нки ма́јка ќа-ви́дум а́с та́м! Удеѓки нӑ-стръ̆те́ адин чувек уд-на́што се́ло, глух би́ше, Сарби́не му ви́каа, ба́ш Сарби́не, пу-ту́рцко сарби́не зна́чи глух* [ПД,172]; ~ *уф-Ку́лата̀ прист и́гнах уф-чти́ри ча́со̀. Та́м сре́тих но́гу чув'а́ци от-мо́јто се́ло Чуфлици́к. Са̀-зачу́дих. Б'а́хм сас-ре́ч та́тко̀ и со́јо̀ да̀-оста́нат на-имо́то̀ уф-сло́то̀* [ДС(Ч),167] – во текстот се забележуваат 2 посебности; првата морфолошка: членување на географско име (и кога е стилски неутрално) – **уф-Ку́лата̀**; втората (посебност) лексичка: присуство на малкупознатата фраза: **б'а́хме сас-ре́ч** (= се бевме договориле); и: **стр'а́ти*** (**стрете**) ~ *иди́н и ути́вал пуј но́ вр'а́м'а̀ за да ра́бути и гу стр'а́л иди́н харами́ја на пант'о́* [MS,t,18]; ~ *и ка́к оти́ваши на пъ̆тју, аф една́ го́ра голе́ма нетри гу стрја́ти еди́н го́л чове́к и му ве́ли: "де́ка и́диш така́, бе побра́тими?"* [V,PM,20]; ~ *кугá за т'а̀ стръ̆ти по́пут, да му рич'е́ш', да до́јди вич'аро́т на усимт'а́ са̀тут* [MS,t,68]; ~ *на пъ̆нт'ут стр'ъ̆ туха иди́н пампо́р' да и́ди ут Аме́рика* [MS,t,86]; ~ *ету на пъ̆тјут гу стретоха три жени: тиа били неговите наречници. Му вел'ат: "синку, дека ке да идиш?"* [V,PM,74]; гл. **стрете** го запишавме и во следново верување: ~ *а́к тъ̆стре́те нӑ-съ̆ба́јле, ка́-о́јш нӑ-о́рне, прӑф нӑ-пъ̆то, не́кој шо и́ма а́рна ду́ша, шо мо́-ј а́рин по́лизо, ни́што не́ма дӑ-т-сӑ-слу́че ло́шо* [ПК,2-(АЌ),87]; в. **стрејќја**.

сретне (и: **срешне**) pf 1. 'кога на некое место ќе се стават двајца или повеќе луѓе' ~ *като въ̆рвјал по пъ̆то радостан и кефлијӑ, срешнал един овчар с три хил'ади все бјали овци. Овчаро го запитал:"Л'у кол-*

чиш поминеш все си радостан... от што ти дохожда таја радост"? [V,PM,280]; ~ *купи́-му ма́јка-му три́ вӑдици. То́ утиде нӑ-ре́кӑта ри́ба дӑ-ло́ве. Фа́ти-си адна́ ри́бичка. Трӑгна́ нӑ-паза́ро дӑ о́де, срешна́а-гу Евре́јто* [ВД(Ник)280]; ~ *Не́ зна́јме ут-та́м нӑ-тӑка́, а́с ду-та́м зна́м, нӑ-тӑка́ не́. До́лнуто По́ле, Со́лунцко По́ле, та́м утидаа. Нӑ-Сире́ Го́л'ут ли сӑ-сӑрте́ли, де́к сӑ-сӑрте́ли. И До́от До́нчо че́тта што́ би́ла и та́а замина́ла* [ПК,2(Пл),251]; 2. 'пречека' ~ *дур да влезе на крал'увата одаја, детето като беши хванал да мо дава каршилик на крал'а, да му отговара преслатки збори, да мо вели на кралу, зашто не излези да го сретне, да го брани от псетите* [V,PM,244] – во контекстот, во една реченица среќаваме два случаи за обопштена употреба на множинската наставка **-и**, еднаш со еднозложна именка: **збори** (место 'зборови'), втор пат со именка од ср. род: **псети-те** (место 'псетата'); што го сметаме за образец позајмен од тур. јазик; се работи за ситуација досега необработена – за ова в. во граматичкиот дел.

сре́ќа f 1. 'пријатна расположба и чувство на радост' ~ *и наре́шниците, и-то́ј и-слу́шал. Пӑрвио наре́шник му-ви́ка: "Тва́ д'а́ти да е зра́во и-жи́во". Второ́ви́ка: "Сре́ќа гол'а́ма да-и́ма, а тре́тио ви́ка...* "[ЛС(К),107]; ~ *ц'а́ла сре́ќа уф-пла́днина, нӑ-ручо́к вр'а́ме, дуј де́ при-на́с иди́н ујни́к, на́ш родни́на от-Спа́тово. Он ни доне́с ра́доснa ве́с. По-пӑто виде́л завеани о́фци* [ДС(Ч)165]; ~ *пӑто б'а́ш ло́што на пра́вн и ко́лата сӑ-првӑрти. Ја́с сӑс си́чкит дӑрва сӑ-на́јдох пут-тува́ро. За сре́ќа гул'а́ма пӑдна́х пот-кри́вото дӑрво и то́ва ми го спа́си живо́то* [ДС(Ч),163]; ~ *"ка́к ќи-му-ста́вим и́мто?" – "Мечо, сга́ уф-ме́чкина дупка го-на́јдаа и-тва́ и́ми ќи-му-ста́вили, ви́ка, сре́ќа е та́а"* [ЛС(К),108]; 2. 'судбина' ~ *ца́рут му ве́ле нӑ-вудинча́рут: "Ви́а де́цӑта тво́ј-сӑ?"– "Ја́с, му ве́ле, де́ца не́мам. Ви́а ми-и-дуне́се стре́ќӑта"* [ДК(Лип),115]; почесто место **сре́ќа** се употребува турц. 'кăсмет'.

сре́шта f 'средба' ~ *и ка́то навăрви́ло де́тето, на кра́ј касаба́та, сла́хал сӑ едно́ ќосе́ да и́де от ло́ф, та му рекӑл: "До́бра сре́шта". А де́тето ни му отгово́рило* [V,PM,256]; в. **сре́ќа**.

сриде́ш m 'средина' ~ *"Мӑ-ви́кӑт дӑ-кӑрстум, а́с но́го крӑштӑлни́ци и́ам". Оде та́м, бли́же, бли́же, изде́ла пулви́нта нӑ-до́л. "Ка́ мо:-кӑлде́ и́мто?" – "Ближе́ш, ближе́ш уд-сридеш нӑ-до́л"* [ПК,2(Мор),226].

Сридопосници pl. 'празник на кој луѓето што постеле се причестуваат'. Сп. суеверие: тој ден рано наутро домаќинките на вратата врзуваат црвена преѓа, со мисла дека тоа ќе им донесе здравје [ТГ,47].

срикме́ n 'вид мрежа за фаќање риби' ~ *ри́баре́то, о́ни на Сру́ма сӑс срикме́ мло́гу ри́би лувиха и нӑ-паза́ро зӑ продава́не гӑ-носиха* [ДС(Ч),61].

Срја́дната Пе́хца top. – на тоа место имало *пехца* (печка за топење на железна руда); споменатава работилница за обработка на железо подоцна била претворена во воденица (Д. Броди, Драмско) [ЛИ,Ми...,197].

Срјадно Гонило top. 'место покрај *Задменска река*' – според Ј. Иванов овде *гонило* се јавува со значење: место каде што реката брзо тече и просто ја промива (*ја гони*) рудата (с. Старчишта, Драмско)

[ЈИ,Ми...,197]. Во односнава регија има повеќе места со остатоци од обработената железна руда, што се потврдува и во микротопонимијата, пр. топ.: **Скура̏а̏та** (место на кое има купишта *згура* = остатоци од претопена железна руда) [ЈИ,Ми... ,195].

срке impf 'јаде на брзина нешто течно' – сп.: летно време место салата се *срке таратор* (ќе се земат неколку *чешина* лук ќе се исчистат и се чука во некој длабок сад, потоа ќе се засоли и се полева со оцет и вода) [ТГ,19]; кај Малецки: **стр̏ка** (и: **стрка)** 'јаде со лажица нешто течно' [MS,s,108].

сркне pf в. **срке** ~ *и сéга, вичéра гáаре дáвăт. Тúа слýкте му-нóсăт нă-нúх двýјцта дă-вичéрăт. Му-вúке нă-дéтто: "Ас шó ќи-прáм и тú тó". Сăркни, тóпни зáлкут, фăрли-гу зăд-нéго, а пă килúме шă-рéни уд-милúна* [ПК,2(Крец),299]; – споменатиов глагол го среќаваме во описот на следново суеверие: болното дете ќе оздрави ако *сркне* од "светена" вода; *крст мијајне* е првиот лек што се користи кога има болно дете; "лекувањето" се состои во следното: крстот ќе се стави во чаша вода (*да се крст измије*) и при тоа се пази дали ќе се сторат меури, ако се сторат значи дека детето е *урочино,* во тој случај откако ќе го извадат крстот му го даваат на детето да го исмука, потоа три пати ќе *сркне* од чашата, за на крај да се измие со преостаната вода (се разбира дека ваквото суеверно лекување се однесува на минатото и денеска ретко ќе се сретне) [ТГ,123].

срмали adj 'направено со срма' ~ *фати се Бојо, на оро, [орото грубе биз тебе, [иргејне питат пу тебе, [– как да се фатам лудо, на оро, [тате не ми купи фустан, [фустанче, срмали кулан* [ТГ,369].

сро́нин* adj 'нешто сторено на мали делови' (пр. кога зрната од класот од пченка се симнати) ~ *кушáр-та-ј амбáр зă-чýвне мисúрка ká-ј сро́нина, ká нé-ј нă-кубáци* (**кубак** = клас од пченка со зрна) [ПК,2-(Драг),60].

Српско n 'Србија' ~ *што си веле, ем гуворе: "Варај Боже, мили Боже! [Ка сум тенка да висока, [још̀те да сум црнојока, [ки ме неме нигде мене, [ни ув Турско, ни уф Српско"* [ТГ,348].

сру́ка* pf 'свика' ~ *и кáто́ са стемни́ло, распла́кал са, што да пра́ви. Та му́ са евúло нозúкана дјáдо и му рекло́: "Ни-бój са сúнко! Јас шта е свăршја тази рáбота"; пак дјáдото сру́кал мрáвките, та отбрáли семјáтата сјáко на башкá* [V,PM,258]; ~ *пак рúбата билá цáрја на дру́гите и отишлá, сру́кала ги фрéт, нашлú прăстен'а, донéле го. Сéтне пак ни зна́е, на котрá да даде прăстен'а* [V,PM,258] – заменската форма **котра** 'која' влегува во лексичкиот слој на архаизми; сп. во рус. јазик.

Сръ́би pl. 'јужнословенски народ' ~ *си дójдух туќá; и тук нáјдух А нгли, Гáли, Италúји, Сръ́би на сулýнската перифéр'а* [MS,t,2].

сръ́вин adj 'нешто искинато' [СК,336].

сръ́ву́ве impf 'раскинува (нешто)' [СК,336].

сръ́к-а̨ m 'гранче' ~ *тăј ми бо̨сил'áк нарáсна̨л, [по̨д нéго̨ óфци плáднăха̨, [по̨д нéго̨ л'ýди сдјăха̨, [о̨т тáм минá лéвн Мúтр, [лéвн Мúтре трзúјчто̨, [скúна̨ си сръ́ка̨ бо̨сил'áк ...*

ссáј (мл'áку) impf 'цица, смука (млеко)' [MS,s,106]; сп. **ц'áска*** .

ста́а (и: **ста́ја**) f 'просторија во куќата, за живеење или спиење' (почесто

се употребува називот **соба**, в. таму) ~ *и вӑрвӑт-си хо́ра нӑ-го́ре, нӑ-до́ле, пи́ӑт, ја́ӑт, не́ пла́штӑт, са́мо при́кӑски нӑ-чурбаџи́јата му кӑжу́вӑт. Чурбаџи́јата не́-ј нӑ-тизгја́ут. То́ се удде́лно, уф дру́га ста́а* [ВК,283]; ~ *та́а зи́ма ни дӑва́а ја́дне, нӑ-шле́н пу-а́дно ки́ло ле́п нида́вше ца́ро уф-Со́фја ка́ би́ме. Уф-адна́ ста́ја ше́с фами́ли се́дӑхме. Но́го нӑро́т. Та́м бӑга́хчӑто, кут не́кој ци́гане ка́к сӑ* [ПК,2(Иц),283]; ~ *бӑра́ките би́хӑ ста́ри, тро́шни, ду́трани. На-дажли́во вр'а́ме о́дӑта тче́ш от-бӑма́та пу-кро́во и пудува́рто у-ста́ите* [ДС(Ч),169]; ~ *Мару́шка фл'а́ла в кӑ̈штата. Та́м има́лу четри́ӑсте ста́и. Т'а утва́р'ала и зӑтва́р'ала си́чки врати, ни́јде ни́шту ни-нӑшла́. Нӑјсе́тне, ка́то сти́гнӑла ду-се́тнӑта ста́ја ви́д'ала умр'а́л мӑш* [ВД(ГБ),330] – во текстот партиципот, л-фор.: **умр'а́л** се јавува во функција на придавка, наместо 'умрен'.

ста́блу* n 'дел од растението меѓу гранките и коренот'; називот **ста́блу** го регистриравме во објаснувањето за тревата **ло́пуф** – *ра́сте висо́ко нӑ-го́ре, ка́ ки пура́сне ста́блуто да́ве куту бо́цки, гуле́ми ли́ста да́ве уд-до́лу* (со него ги трујат рибите) [ПД,123].

ста́ва impf – 1. 'бидува', в. **станува**

1. ~ *и охче́ре стана та е́ ра́спра* (торбата). *И што да ви́ди ф не́е? Што бје́ше пӑлна пари́. И тога́ са восрадо́ва охче́ре, и зи́ма пари́те и ста́ва пӑрф на село́то* [V,PM,261];

2. 'се крева' ~ *"Да ставаме ли?" – Тија са били готови – да заспат, та да станат долу да ги искол'ат. Та – "Да ставаме ли?" Пӑк т'а рекла: – Оште, оште нимој ставајте, оште, оште, нимој ставајте!* [ВД(Кал),335]; ~ *де́јту си-утиде до́ма. Му-ви́ка нӑ-та́тку-му. Ајди та́ти, е́ла да жи́виш се́га уф-Ско́пје, уф-гра́дут. И си-гу-зе́ та́тку-му та́м. Ја́с кӑ́ту ви́дих шо́ ста́више та́м, бо́гӑми и ја́с си увӑти́ј та́м* [ВЕв(Кор)]; 3. 'тура' ~ *ни́ гу-зӑпишу́вахме на-на́шите пл'а́ки, а́рно а́ма дру́гио де́н го-бри́шхм. Уф-фто́рио кла́с ги-научи́х бу́квите. Учи́тлкӑта ста́ваше ни оце́ни от-ше́с ду-де́сат* [ДС(Ч),161]; 4. изр.: **става каил** (= се согласува) ~ *като видела, как сја чашата напӑлне алтӑнјӑ, поискала да ја земе и му давала ду десјат товара алтӑн'ӑ, а тој ни ставал каил. Т'а като видела, чи ни што можјӑ да ја земе сходила сја с нег* [V,PM,285].

ста́ва f – 1.'земјоделски термин': кога снопјето ќе се исушат добро ги собираат во **стогови** или во **стави**. *Ставата* е *крстина* од 13 снопа; се прави на следниот начин: се земаат 4 снопа и се ставаат во вид на крст со класјето на внатре; потоа врз секој сноп се ставаат по 2 снопа; на крај на врвот се става 1 сноп [ТГ,339]; ~ *кӑ сӑ-наака́ли нӑ-ста́фте а́дни бӑбӑма́не* (големи врапци), *ќи–изе́ет жи́тто* [ПК,2-(Гӑр),27]; ~ *ста́фте, сно́пуфто кӑ ќи-ј-раст у́рме пу-гу́мӑнто, и се́тне ки-вӑ́ршиме* [ПК,2(Крец),80]; ~ *за дунисам сно́питу ут ни́вата, за ха растува́ри на враш'и́луту...за ха сто́ри ста́ва гул'а́ма* [MS,t,66]; ~ *вразач'инут ха... врӑ́зува сно́пи; пу д'е́сит' сно́пи ха пра́и ста́ва* [MS,t,66] – во контекстот има потврда за проширената употреба на множинската наставка **–и: врӑ́зува сно́пи** (место 'снопје' или 'снопови'); 2. 'изглед на човекот' ~ *ви́ј-мо ста́фта, али́с уфице́р* [ПК,2-(Грам),105].

ста́ви* pf 1.'намести, остави некаде нешто' ~ *сéга знáе, си вéле: "Шó ми прáе жéнта?" Мóр жéнта ă-пăдúне кăбăтлúа сéга, ама жéнта нé-е крúва. Он-е крúф шу тúде.. – "Шó ќи-прáл сéга? Ќ-óдăм јáс у-Индúа". Ќ-óде. А му стăвúла и пáри тá. Жéнта знăéла, му клáшла нúшто* (нешто) [ДК(Ран),131];~ *мáлкио кажáл: "Нилój тýка да-спúете, тýка úла змúи". Нé-са-га-послушáли и легнáли да спú-ат. Дујдóа змúите да-ги-изéдат. Нájмáлкио брáт ги-утéпа и ги-ọтсéче главúте и ги-стáви у-тọрбáта* [ВС(Кал),337]; ~ *ă-зéле óфцăта, ă-испичúле, устăвúле трó лój. Ма тó лójут гу стăвúле нă-пинцéрта. Гу-стăвúле нă-пинцéрта и вáа лисúцта грéде гу-зéва лójут уттáлу* [ДК(Дур),147]; ~ *и ка ќи дójде у-тóплуту врéме укулу-Велúгдин, ќи-пóчне тó дạ-сạ-рóе, и ќи-си-гу-удвúвиш ка ќи-úла пл'ускáни сéмијна и ќи-дójде врéме ќи-збýвне тá кутúјта дạ-сạ-рóе, ќи-си-нạбéриш кăпúна, ќи-си-нạбéриш лúсте и ќи-си-стáвиш* [ВМ(Стр),317] – станува збор за одгледување на свилената буба; 2. 'постави' ~ *вéчáртạ, два-трóицá билú ловицúи, вúкат: "Слýшај, кáкọ мóжи нúạ дạ-гọ-зéмм дтéтọ, дạ-гọ-спáсили, нáли". И пóмислили, ќи стáвили зас'áдạ* [ЛС(К),108]; ~ *вúкạ: "Слýшај, нúạ ршúхми вéчи дạ нé гạ рабóтили тáа рабóта. Имạми нéшто сọбráнọ. И нạ нéго му стáвạт"* [ЛС(К),108]; 3. 'именува, даде име' ~ *"Кáк ќи-му-стáвил úлтọ? Мéчо. Сéга уфмéчкина дýпка гọ-нájдаа и твá úли ќи-му-стáвили, вúка, срéкạ е тáа"* [ЛС(К),108].

Ставре – м. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,115].

ставрóса* pf 'распне на крст' ~ *кугá гу фáтиха Исус Христóс и гу дикасáха за да гу ставрóсат и брăкаха дрăвé да му стóр'ạт крăс* [MS,t,45]; ~ *му сạ рéкле на нéго: ето за Ис..., шо са чинú човéк Профúтин, стрáшин и на лáфот и на рабóта кри Бóга и на сăто инсáн; да как гу прудусувáле Книговúтите и Старéите за тéшка омрéш, да гу ставросáле* [MV,K,253].

ставросáн adj 'ставен на крст, распнат' ~ *кáк флéгле уф грóбот, видéа млáд детéнци, сéдеши на дéсната стрáна, убличéн бéла рýба. Ричé на нúх: Исус На... а пáлате на ставросáн, стана, нé ј тýка* [MV,K,255]; ~ *и гуворú Ангелут, и ричé на жéните: Ним си плáшити вúа, јáс знáм шо пáлати на Исус ставросáн. Нé ј тýка; стана, кáк си ричé, елájти, видéјти мéстуто шо лéжиши Афéндут* [MV,K,289].

ставрóсува impf – в. **ставрóса**; со исто значење: **крстóсува** (= распнува на крст) [MS,s,107].

ста́ду n 'група добиток, обично ситен' ~ *стаду офци, кози;* но и: **билj'ýк** [MS,s,106]; ~ *тójнака са чýдиши кáк да кáжи на господáро му. Бúшката са научúла, ката дéн от стáдото бéгаши кадé горáта чá тáмо шиáло двé брáтќа* [V,PM,-115]; ~ *бегајке, отиде на рамно поли, најде един чобан, пасиши стадо овци, му вели: "поможи Бог, брате". "Дај Бог добро". Ђаволот пак му вели: "ох чобанче, молим на тебе, нá таја мојта руба, дај ми твојта"* [V,PM,234]; ~ *они му удбúја и тúја шо-прáвеа зулýми тăквúја, тă-с-принудúја кумúтите, Апустóл су-чéтта дă-и-збéрăт стáата, дă-и-истéпăт Гéгите и дă-и-нóсăт уф-нăтре, уф-гóл'ут, уф-*

Ку́лчуфта, дéка бéше Цáм-кули́ба [В,ЕВ,297]; ~ *на-ручóк вр'áме, дуjдé при-нáс идúн уjникˊ, нáш родни́на от-Спáтово. Он ни донéс рáдосна вéс. По-пáто видéл завéани óфци... отúдóа на тóва мéстó. Тáм санáшле половúна от-стáдото* [ДС(Ч) 165]; ~ *и пак са варна уврjанот на полету, га гленда, дjаволот отиде на стадото, са чини чобанин. Тогас увреинот му вели: "а бре, jазе ти метнах нетри на морету, как ти пак изл'ази?"* [V,PM,234].

ста́дна adj, f 'нешто што се однесува на стадо' – изр.: **дéвит-ста́дна ку́чка** (се кажува за жена премногу агресивна, сурова, без обзири; буквално: – кучка што чува 9 стада) [ПК(Гăр)].

ста́клн* adj 'нешто направено од стакло' ~ *и виндýзи стáвахм. Они са-чáши от-стáкло, стáклни чáши. Стоплýват-са сас пáмýк потóпн сас спирúтис. Тáка стóплнит чáши стáват-са на-гăрдит и на-гăрбо* [ДС(Ч),164].

Ста́мбол m 1. 'голем, главен град во Отоманската империја – Цариград' ~ *гáвуло па нă-мужéл дă-гу-грéше. Дéтто си-уддé вúке ус-кăвицúта, уф-Стáмбул ли, дéка уддéл. Идă гáвуло, нă-стáрио му-дáве édна кéл', édна крáста* [ПД,144]; 2. 'златна монета' [ИГ,128].

Стамбóлска пóрта top. 'месност во Стамбол (Цариград)' ~ *киниса да úдат кату нá Стамбол; та едúнojут отúде от дрýг пăт, дрýгиот отúде от дрýг пăт. Единójут отúде по-нáпрет трúи дéна на Стамбóлска пóрта* [V,PM,144].

стамболиа* m 'жител на Стамбол' ~ *кату знаиши он млого враговчини, добили за малко времjа пари млого и беха сторили конаки гулеми, штото нетре у Стамбол кату нихните кунаци други не имало. Отидоха сичките стамболии да а глендат* [V,PM,...].

ста́мбулка f, bot. 1. ~ *тá-j чурéша, óна-j гулéма, рупкул'áва-j* (кога се jаде се прави шум – **рóпке**), *нóго-j ýбува;* 2. ~ *тúква зă пéчне, óна-j бéла, úма кут-дилúме, дилúме, нóго-j блáга, сă-jáде (сă-пéче) зúмно врéме* [ПК,2(АЌ)106].

Ста́мова Бу́к top. 'ниви, наоколу шума' – од л. име *Стамо* + *бук* (дрво), место 'бука' – архаична форма. Освен тоа треба да се одбележи нарушената конгруенција: именката во машки а придавката во женски род: *Стамова Бук* [ЛИ,Ми...,198].

стан m 'голема домашна направа од дрво, служи за ткаење платно, штоф и др.' [ДС(Ч),58]; в. **разбоj**.

Стана – ж. лич. име запишано во Гевгелиско: ~ *на гроб да ми сејиш, Стано, [дрво дафиново, Стано, [за дрво да врзиш, Стано, [мој ми брза кojна, Стано, [кога кojна, бела Стано, [висне и пудвисне, Стано, [тогаj да се сетиш, Стано* [ТГ,94]; ~ *ветар веjе, достум Стано мори, [гласуве ми носе! [гласове момински, [ох, на жетва си jодат, Стано мори, [сус млади мумчијна, [ох, ами нија, достум Стано мори, [куту грejни пилци, [салде си глидаме* [ТГ,338]; ~ *пýшка пýкна, пúле Стáно, [дýри гóра jéкна – jунáк си пáдна. [Jунáк вéл'е, вéл'е и говóре: ["Искарájт-ме на друм, на субérут, [лéле за баjрáкут кójну ми вăрзájте, [на нójзте пúсмо испишájте"* [ИГ,108]; поговорка: **úли Ста́на на-дýша, úли ил'мéк** (замка) **на-гýша** (= или Стана ќе биде моја, или ќе се убијам) [ПК,2(Драг),52].

ста́нат adj 'пораснат' ~ *ричé на нéа Исус: Já-сам велúк стáнат и живóт; кój верýва на мéн, и да ýмри пá ки стáни; и сéкуј жúв, и шо верýва на мéн, нé умúра ду вéка* [MV,K,287].

стане* pf 1.'се стори, бидна' ~ *му-клáвăт иднó – нé-că сúте нă-вáгăта, клáвăт дрýго – нé că-сúте, злáто му-клáвăт – нúшчо. Утúшăл нúкуј стáр чóек. Зéва иднă-рăка прăс, муă-фăрл'а узгóра – стáна. Чáику сáмо су-инă-рăка прăс că-нăсúтфа* [ДК(Ем),151]; ~ *"јáс за ти дáм ш'úч'куту имáни и на т'éб'ạ за стáна измикáрин!"* [MS,t,70]; ~ *Алéксандрóту, кугá умр'ắ тáтку-му стáна цáр' тój и ја казандúса ш'úч'ката з'ém'a* [MS,t,59]; ~ *ги клáват гриндúт'ạ удгóр'ạ – млóгу длăги úдат! Цáр'у ни ш'т'é да ги ус'ạч'é: "кóлку-că гриндúт'ạ, тóл-кус трăбува да стáни и т'ем'él'"* [MS,t,44]; ~ *нацúкува т'á: "трăч'á-ти кумш'úји" и кумш'úјити трăч'áт, пúтат: "ш'тó станáхти?"* [MS,t,37]; ~ *вúд'ạ ч'ạ că ни запúра, убрнува туфéјку, вилú: "д'é бúха дивидис'ém и д'éвит' и т'éб'ạ за т'ạ уклăва, стó н'éка стáнат"* [MS,t,44];

2. 'застана' ~ *нóка бидéки и пóртити бúле затворéни, тáмо шо бúле Ученúцити, субрáни зáрди стрáх ут Чифýтити, дуjдé Исус, да ми си стáна уфстрéт* [MV,K,336] – во текстот има уште еден случај кога зборо формата **бидеки** ја зачувала глаголноста, односно се јавува како гл. прилог, а не како сврзник: **нóка бидéки и пóртити бúле затворéни**; 3. 'се измени, се претвори' ~ *и Гăрците цéла дăржáва кá пудбрáа, пучнáа тúă тóпуве дă-пýкат уф-сéлта, зăпáл'увăт сéдбите, жúтта. Бáш кул Питрóвдин бúше, прет Питрóвдин. Кá пучнáа бý, бý – бý:. И тăвá пóл'то стăнá, Сулýнцкуто Пóле, кăдéш цéло* [ПК,2(Мор),218]; ~ *за ја запáли раж'анúната да згорú и да стáни пéпил* [MS,t,66]; ~ *му кạжýват: "Тạкá и тạкá, нúạ двáмạ шéс јáјцạ издéхн, вáрни јáјцạ, а сéạ, вúкạ, нé тýжạт зạ кукóшки, тúạ к-стáнили кọкóшки, пá ки-имáли тóлку пилúна* [ЛС(К),123]; ~ *вилú: "ėj, Бóжи Гóспуди, т'éс ч'éш'ма, иднáта ч'éш'ма да стáни вúну"* [MS,t,80]; ~... *"á за т'ạ пýсна сигá, амá гл'éj, да му ни фт'éсаш' на тáтку-ти, да т'ạ пукалн'é пак да стáниш' магáр'ạ!"* [MS,t,55]; 4. 'бидне готов' ~ *"ни мóга, ни мóга! – ... вилú – ýтр'ạ за стáни браш'-нóту!"* [MS,t,78]; 5. 'се пробуди, стане од постела' ~ *станах уф зори, питлијнта кога прапијаа* [ТГ,11]; ~ *јас с'ạд'ăх идúн в'éч'ер, стáнах на ýтринáта, си утúдух у мójта братуч'éнка* [MS,t,2]; ~ *стáнаха сабáлин, му вилú на ступáниту: "тузú мáлку ш'ту că рудú, ви că мóл'а млóгу, дад'ăти гу на м'éн'ạ"* [MS,t,16]; ~ *рáнуту станáх на-ш'éсти, си-чинúх идúн ч'áј, санапúх, пустúх дубúциту* (пишува: 'бубúциту' ?) *на-гуидáру, излéгух накавинéту, пúх идно кавé, сéтн' миса-пријáди, утúдух дóма, са-најáдух* [ВБ(Нег),339]; 6. 'се случи' ~ *испáжќе уф грáдут, флéве уф ạдúн дукáн (бирбéрин) дạ că брúче. Тăмáм că избрúчăве пулвúнта и грáдут că зăтвóрăве. Стạнáла ạднạ ґурл'утúја уф грáдут* [ИГ,113]; ~ *дúлму тáка стáна, ýтр'ạ да пój з'éнт'у ут кóзит'ạ да в'éни идúн ерќéч' да закóлими* [MS,t,17]; ~ *си вилú сăс умó : "тáс-и мójта ж'éна, амá да вúдими, ш'тó за стáни?"* [MS,t,10];

~ "дúрму м'ạ з'éваш', л'éгни при м'éн'а!" – и стáна ш'у стáна [MS-,t,84] *~ вилú д'ăдуту: "какó ч'ýдо стáна тýс ?!"* [MS,t,80]; *~ "ш'тó стáна гăската?" "ни знăм! ми сă прáви: прул'éтна"* [MS,t,56]; 7. 'се исправи, се крена' *~ Ч'ý Настрад'úнхóм'а нас ш'аматá... стáна и тóј прáф, гу пúта "запр'ăти сă! да вúјми, ш'тó úш'тити ви?"* [MS,-t,57]; *~ и си р'éч'и мумáта: "тóс н'éма да знáј да киманúса" и стáна за да си пój* [MS,t,27]; *~ ричé на нéго бóлниот: Афéндо, човéк нéмам, кóга ки сă стрéси вóдата, да ми клáди на Кол...; дýр да си óдам јас, друґ при мéне слéгал. Вéли на нéго Исус: Стáне си, крéни си носúлото, да óди си* [MV,K,255]; *~ афý стáнаха с'éтна ут кривáтут и-двáта, зл'ázуха вăнка; ~ úди ман'ц'ó-ји, ја гл'éда, лиж'ú: "стáн' , марú ж'éну, да пójми"* [MS,t,13]; – гл. **стана** со значење 'се крена' го запишавме во следново верување: народот верува дека кога некој јава на магаре, магарето во себе си зборува: *"Уд мене падни, куту на камин падни – на место устани"*, додека коњот зборува обратно: *"Уд мене падни, на душек падни, наеднăш стани"* [ТГ79]; *~ му вéл'ат: "бéлки сáка пóвики алтăни да му дадеми, туку иди да гу вúкниш тýка!" Отúде, гу викнá, и Кулýф стáнá, отиде на кадúата* [V,PM,12] – во контекстот има проширена употреба на предлогот **на** наместо 'кај': **отиде на кадиата;** *~ стáна забúтинут да пój пăк нă кáфинéту* [MSt,82]; 8. 'порасна' *~ и с'éтн'а за нараст'é аналóгус на нúвата на кувéт'у мóж'и да стáни дур на крăсту* [MS,t,5] – во долновардарските говори предлогот **на** има широка употреба, се јавува наместо повеќе предлози (особено често го заменува пред-логот **уф**), конкретно, во текстот го заменува предлогот 'до': **мóж'и да стáни дур на крăсту**; *~ гу вáдими ... дур да нараст'é да стáни аш'ламá идúн ч'óприк* [MS,t,4]; *~ афý нарáсти д'ăт'ạнту, стáна усимнájсти гудúна* [MS,t,82]; *~ тојнака отиде, га сеа нивата чиница, и, кога дојде време, чиницата са чинила мутлак мори и, кој да промина ш приз талу, са чудиши, как стана таја чиница на таков каминливо место* [V,PM,86] – во контекстот прави впечаток нарушената конгруенција: **таков каминливо место** (слични примери имаме забележано во повеќе случаи и од различни извори); 9. 'се измени' *~ "јăс т'ạ ниш'тáм т'éб'ạ за измиќáрин, já-за т'ạ в'éна т'éб'ạ, за т'ạ спудáксам за да стáниш' ч'ув'ăк"* [MS,t,26]; *~ Тогај чобанот го зе каминчјато. И го земаха пак трите јунаци, го занели на морету, пак риби станаха, го приглăтнаха* [V,PM,170]; *~ вилú: "т'éс гáлица да стáнат с'é óфцă да дáм на ш'úч'кајут инсáн мл'ăку!"* [MS,t,80]; *~ та раскопа талю, да и нал един казан алтăна, да по малко, по малко ги износил у дома му скрихом от жената му. Та, дека беши чобанин, стана един гол'ам базирґанин* [V,PM,170]; *~ ја гл'éнда мájка-и и сă ч'ýди кăк стáна тóлку диб'éла* [MS,t,84]; 10. 'се оствари, нешто се заврши' *~ и стáнаха кăш'тит'ạ, битúсаха и úш'ти да сă уж'éни д'ăт'ạту* [MS,t,12]; *~ нóс ч'ув'ăк утúваш'и да тýрни инá аравóна* (свршувачка), *и такá сă уклавá, аравóната сă ни тýрна, стáна, ш'ту бúш'и пúсану уд Гóспут' за да*

ста́ни [MS,t,44]; 11. 'оздрави' – гл. **стане** се јавува во описот на следново верување: кај оној што сериозно боледува блиските ќе донесат освен Евангелие и икона од *Св. Андон*, бидејќи народот верува дека, кога до постелата на болниот ќе се стави неговата икона, ако на болниот му е *"за умирајне, ки умре, ако му е да стане – ки уздравеје"* [ТГ,27]; – истиов глагол (**стане** = се крена) го сретнавме и во една молитва за тешко болен човек; откако свештеникот ќе му испее *прустена мулитва*; потоа домаќинот ги изговара овие зборови: "*Што са вија Ристосуви мáки, што са вија тигоби. Ваја душа не је толко грешувана, ваја душа не је за такви мáки! Госпуди Боже и Свита Бугуројцо... Ако са мáче зарди чуждн греуве, нека са прасече концут, нека прáстанат вија бол'ки: и áко је наш нека биде наш, нека стане, ако пак е ваш... алал!*" [ТГ,285]; односново значење на глаголот го сретнавме и во следниот пасус: ~ *еден вечер веки не можа да тарпи боликата на детето му, пусна жената му на владиката да гу викни да пеи некоја молитва на детету, или да умре, или да стани* [V,PM,40] – во контекстот предлогот **на** се јавува наместо 'кај': **пусна жената му на владиката;** 12. 'ожнве, воскресна' ~ *ричé па нéа Исус: Ја́-сам велúќ стáнат и живóт; кój верýва на мéн, и да ýмри пá ки стáни; и сéкуј жúв, и шо верýва на мéн, нé умúра ду вéка* [MV,K,287]; ~ *Зарзавил му вели: "ти закáлни си сега зарди верата ти: ти да си јаз, и јаз да сам ти, и ако умриш и па да станиш жив, тогај да му кажиш на татко ти!"* [V,PM,-156]; ~ *Тá утвáр'ала и зáтвáр'ала сúчки врáти, нúјде нúшту ни-нáшлá. Најсéтне, кáтó стúгнáлa ду-сéтнáта стáјa вид'ала умр'ал мáш. Нa кнúгáтa бúло нáпúсáна:... Агá јаисчéлa, умр'álија мáш сa-сáжувúл и стáнал* [ВД(ГБ),330] – во текстот има употреба на партицип (л-фор.) како придавка: **умр'ал (умр'álија) мáш** (м. умрен); ~ *иднáш сáл утипаа идно, и на то сáл кожта маа издраа, оти сироти шо вируват силјајнту, дивите свијни сá ут Турци чинети: ако не му фáрлáт на Турчинот, коа ки гу закопáт су пиштол, он ки стана ут гробут, ки сá чина дúво праса* [МЕ(Р)77]; ~ *рече на Зарзавила: "ти са мол'а, брате, извади ма жив от бунаро... ако умра и пак да стана, тогај да му кажја на татко ми"* [V,PM,156]; ~ *хем от ламјата трите златни косми му ха и дал на неа, хем каза на неа, ки – "аку умра, да ми прикадиш, пак ки станам!"* [V,PM,158]; 13. 'наполни извесен број години' ~ *пoрaснáлo a-тóa д'áти, гo-ýчи пóпо, гo-ýчи, и-стaнáлo сдa мнájсе, oсaмнájс гoдúни* [ЛС(К),-108]; 14. 'тргне, замине' ~ *и гу-зéвăт, гу-нóсăт тáм. Кă-дујдé Пúо, ăднó Пúо, ăјдýт-е тó, чýкăт нă-пóртă-та, не-утвáра. Му-вéле: Пúо-бе, él бăрточéт, тăкá, тăкá, свój чувéк, ут сéлăто. Ричé: "Дă-стáниш дă-бéгăш, нă-вó врéме нé утвáрăм. Дă-стáниш дă-си-óдиш"* [В,ЕВ,299]; ~ *Нă-плáнинта спáме. Кýкуш тăкá-ј, пóл'то дóле. Бý-у, бý-у тóпуфто прáват, бéгат Бугáрто, и óни бéгат ус-нáс бăрбáр. Ајн дéн тáм, дрýѓут дéн стăнáме и á-брă, ý-брă нúă и дубúцте бéгме* [ПК,2(Мор),218]; 15. 'остана нешто (само малку)' ~ *ќи-рéче на-жéната-*

му: "Јáс ке-хóдам на цáрот, смóкви бакшíши да му-дáвам; тí клáди на еднá тапсíја смóкви, да-хóдам на-цáрот". Хóди Стратин-óца, хóди по-пáтот, стójне, јáди днá смóква. Станáло пéт смóкви [ВС(Кир),294]; 16. 'дојде' ~ *вíкум ки-стóйм тýка, нéли кá ки-устáвиш адúн шéј трéба да сă-пувáрниш, да гу-путéриш. Стáнá стрéт нóш, нúшто нé сă јавú. Мójта рáбóта-ј изгýбáна вéче* [ПД,173]; 17. – **(са)** 'се состана' ~ *едно врéмја са станали троица другари, и троицáта умовитни, трáгнаха да подат на Стамбол. И кату отидоха, си шетаха две-три дена по ч'аршиата, и пари не имаха за да купјат нешто* [V,PM,176]; 18. изр.: **стáна кувитлúја** (= се засили) ~ *идúн д'ён' ги затфóри мéчката пак такá сăс кáмиңу, амá д'ăт'ąту стáна кувитлúја, гу пăхна кáмину* [MS.t,16]; **дим стăнáло** (= така се кажува за некоја голема раздвиженост) ~ *е, нáпкунте, тúй ги-нăпăлнúле дéцăта уф-éјн куфчéк, ин-дăдéле пу-éдно нóшче и тúй, а бăкăлăм сéга, гутóви к-играт óро. Кá зăсвúруве тоː, мăш и жéна, пýː, дúм стăнáло, играт, чинýвăт* [ПД,163]; **пишмáн стáна** (= се откажа од нешто, се разочара) ~ *и тогá сéтил: "Ах, шó му-напрáјах на-брáт-ми áс". И пúшмăн стáнал и тăргнал дą го бáрą. И, итájки го-нáшал дą дарвóтǫ мăртаф. И тогá рéкал оти: "Нé милýвăм дá живéам"* [ЛС(К),116]; **стáна ут мăртвити** (= воскресна) ~ *на тóа врéми, а чý цáр Х... шо си слýши Исус пу зéмнјата; óти му си чинú билú úмшто му, и вéлиш: Оти Јоáни шо крăстú стáна ут мăртвити, и зардú тó му си рабóтат чýдбити* [MV,K,329]; **нé тăмáн стăнáл** (= се споулавел) ~ *уф-Крéцăво устăнáла днá Кáта Мирдáнува сáлиа, нúкуј, сáмо цикáла, тăрчáла нис-сéлто, нúкуј нé гă-зăлнăт, нé тăмáм стăнáла* [ПК,2(Крец),310]; **стáна т'éшка** 'забремени' [MS.s,106]; **ни са видел, што станал** (= се исплашил, побегнал) ~ *и му рекăл харáпина: "Катó тéраш* (бараш) *от Гóспот и Бóг, за тéбја ги е натакмúл* (спремил) *да едéш и пиеш". И харáпина ни са вúдел, што стáнал, и ч'овјáка си лéгнал сас халáјтката цáрцка и осăмнали зрáви* [V,PM,254]; **стана прав** (= се исправи) ~ *тогáс тój стáна прав, са поклонú на господáро му и са прости сос нéгу, земá сéтни двájсите гимúи* [V,PM,15]; **на нога станаха** (= учтиво се поздравија) ~ *и кák гу видéха мóлите Кулýфа, сúчки нá нога станáха от рáдост и којá по-напред да му речé: "добрја дójди!"* [V,PM,10]; **зă-ризúл стăнáте** (= се посрамотивте) ~ *зă-ризúл стăнáте прăт-л'ýјто гáаре* [ПК,2(Гăр),97]; **јóк стáни** (= бегај одовде, да не те гледам) ~ *јóк стáни, циндимóси се. Кá нé-т-слýше дéтто, мăшко-ли, жéнцко-ли, ки-му-рéчиш тăкá* [ПК,2(Гăр),164]; **кá ки-стáне тéјко уд-гróбо** (= нешто што нема да се случи никогаш) [ПК,2(Гăр),169]; **стана ихтиза** (= се јави голема потреба) ~ *картало му вели: "Јазе добро ти чинам, оти ми куртулиса* (спаси) *малките. Та за това добро, што ми чини тинака, на меника, на ти, да ти дам и јазе едно перо, и кога ки ти стани ихтиза жива вода, перото да го туриш на вогино"* [V,PM,96] – во текстот има уште една нерегуларност во употребата на заменките: кратката форма за дативен предмет наместо долгата:

ни́ ти да ти дам (м. 'на тебе да ти дам').

становйт* (камен) adj 'голем, тешко подвижен (камен)' ~ *и като ви́деха там ка́мене покри́ен, стори хми́ са, чи е ч'ол'ака, и си ре́коха еди́н на друк: "Ха́јде да гу отре́пеме!" И тузи́ си ре́коха и зе́ха ка́мене становйти та фӑрлеха по не́к, за да гу́ отре́пат!* [V,PM,263].

ста́нува impf 1. **'се случува'** ~ *Ма́ ка́к стану́ва, џ'а́нам, ут пиш'та́ да прул'е́тна?* [MS,t,56]; ~ *му вили́: е́стан'! да сă зба́цкали!и́ то́ј и вили́: ни ста́нува, џ'а́нам, вазґе́ч'* [MS,t,37]; ~ *и ма́јката сама́с му вили́: е́за ти ја да́м мума́та јас на т'е́б'ąи́ то́ј и вили́: е́а́ку-ј касме́т ста́нува!и́* [MS,t,15]; **2. 'исполнува** (нечии желби)' ~ *то́лку гу лило́ваш'и ки́хајата, ш'у вил'а́ш'и грамати́кут, му ста́нува́ш'и* [MS,t,68]; 3. 'задоволува' ~ *"ја́с и́мам иди́н ко́н', за ти гу да́м!"; "ни ста́нува сид'ӑ сăс ко́н'у!"* [MS-,t,41]; 4. 'оживува, воскреснува' ~ *Ста́нува то́с умр'ӑнт'у: "то́ м'ą разбуди́?"* [MS,t,53]; 5. 'се разбудува' ~ *усӑмна саба́лин, ста́нува ба́бата, си з'е́ва ко́низма́та, си хо́ж'да* [MS,t,71]; ~ *ста́нува саба́лин пак nasám' у с'е́луту си и́ди* [MS,t,9]; ~ *и о́шти не бе́ши спа́л, дојде́ едно́ пи́ле, кӑсна́ на кру́шата и му ве́ли: "е́ј господа́р, што спи́еш ту́ка та не́ стану́ваш?" (и му показува плочата, што беши таму покрај негу)* [V,PM,30] – во контекстот имаме употреба на вокативна форма без наставка: **е́ј господа́р, што спи́еш?** 6. 'се менува' ~ *да по́ш' да му рич'е́ш' на ч'урбаџ'и́јата: е́б'ӑлуту ч'е́рну ста́нува, ч'е́рнуту б'ӑлу ста́нува, пи́сано́ту о́мус са ни распи́сува.и́* [MS,t,14]; ~ *е́м'ą-и стра́х да ми-ха ни е́змити!и́ – е́ама́ будала́ ста́нуваш', иди́н пампо́р' пӑлин и́мами смо́кфа то́јт'ą за по́јми да е́змими!и́* [MS,t,86]; ~ *ја ура́т ни́вата ч'е́тир, пе́т' урала́, ста́нува ху́баф нада́с* [MS,t,3]; 7. 'се приготвува, се прави' ~ *санда́лу ста́нува ут п'е́т', ут ш'е́с прӑнч'ки, усӑхнува санда́лу зака́ци-ии пу ш'а́јкит'ą, пу стр'ąха́та* [MS-,t,5]; 8. 'се покренува' ~ *д'ӑт'ą ту пак ста́нува но́с в'е́ч'ер ... са пука́ш'та пу скала́та на го́р'ą, как си ути́ваш'и с'е́* [MS,t,22]; ~ *ста́нува ж'ината́-му, кла́ва иди́н прусќе́фал до́л јурга́н'у, гу пукри́ва дур го́р'ą* [MS,t,13]; 9. изр.: **ста́нува тузи́** (= се согласувам) ~ *т'а́ му вили́: е́ми ги ни да́ваш' тфо́јт'ą ру́би и на м'е́н'ą, ја́с за ти ги да́м мо́јт'ą?и́ е́ста́нува тузи́и́ – р'е́ч'и про́с'ąку* [MS,t,23] – во контекстот има нерегуларна линеаризација: меѓу глаголот и кратките заменски форми е вметната негацијата: **ми ги ни да́ваш'** (место: 'не ми ги даваш') ; **дека станува тас работа** (= тоа не е можно) ~ *пусна просинити да ја просат, и цар̆јут рече: "дека станува тас работа, да дам јаз мојта мома на такос сиромах човек, сетни мени да ми са смеат другите цар̆јуви?"* [V,PM,]; **станува детина** (= забременува) ~ *си ста́нуват ем куби́лата, ем ца́рица́та дити́ни; и си ра́ж'да ца́рица́та* [MS,t,31].

стап m 1. 'поголема, отсечена гранка, дрво' ~ *кога приближи при вогинот, гленда, нетре на вогино имаши една страшна змиа, колак завиена. И он фати с стапот да ја намјари на главата, да ја отепи* [V,PM,175]; ~ *на офчарут му паднало грех за змиата, та пушчил стапут, да га искаре* (извади).

Змиата по стапут на 'офчарут се куртулисуве от огинут, и се навиве на шиата на офчарут и му веле: "Ти ме куртулиса от огинут, а сега ез ќи те изедум" [ШК,5(429)] – во текстот среќаваме случај на преглас на **'а'** во **'е'**: **ез ќи те изедум** (место 'јас...'); вакви от преглас (зад меки согласки), во кукушкиот говор често се среќава; ~ *о́де, лигну́ва нӑ-пӑтут лиси́цӑта ѓо́а цувиса́на сӑ-чи́не. Пули́нват риба́рте, м-уди́рӑт две́ стӑпо́ј, ӑ-фӑрл'ӑт нӑ-врӑ-са́мӑрут* [ДК(Лип),118]; ~ *си-гре́де уд-рӑбо́та, ста́пу сто́е ту́ка; же́нта си ле́же; кра́вите у дво́ро ви́кӑт, куко́шките: "Ка́-ка́-ка́" ви́кӑт; ру́чук не́ нӑпрӑве́но; во́да не́ нӑпӑлне́то... Сӑти рӑбо́ти сто́ӑт. Ни смите́но* [ДК(Паљ),124]; 2. 'дрво за потпирање на луѓе (стари, немоќни) кога се движат' ~ *вели на татка и: "от Бога да најдити, тате, мале, што ми оделихти от кӑсметјут! Туку сега на вас си мол'а, да ми дадеш една хазна алтӑни и да ли чиниш един стап от жел'азу"* [V,PM,91]; ~ *"ако му кажеш, мени ки ли загубиш и ки кинисаш по мени да ли тераш, хазна алтӑни ки харџиш и железни стап колко иглин врӑх ки остани, и тога можиш да ми најдиш"* [V,PM,90] – прави впечаток (во текстот) присуството на определена придавска форма: **железни стап** (м. 'железен' ...); ~ *Соломо́н ми каза́: "дја́до, гора́та побел'а́, кла́дниците присуши́ха, две́ биз три́ не́ чи́нат". Ца́р Дави́д му ве́ли: "брада́та ти и ко́смите от глава́та ти побел'а́, очи́те ти присоши́ха кле́пките, но́зите ти без ста́п не чи́нат"* [V,PM,90]; 3. изр.: **гола куту стап** (= се кажува за девојка која што за мажачката не приготвила *руба и даруве*); уште додаваат *"Ништо нема направино"* [ТГ,138]; **ду-ста́п гу-дунце́** (= го осиромаши, го натера да проси – од некоја несреќа или од лошо водење на домаќинството) [ПК,2(Гӑр),160].

стапи́ца f 'направа, обично од железо, за ловење на диви животни' ~ *кога́ узрелја́ха ло́зите, дофа́диши една́ самови́ла, на́ј-одбера́ното гро́зди тја́нака гу ја́диши, и то́јнака, кату не мо́жиши да ви́ди, кој гу јаде́ гро́здиту, зема́ една́ стапи́ца, га курди́са* [V,PM,139].

ста́пче n, dem.; в. **стап** ~ *та́-ј зна́чи укапа́ла сна́га, крӑфта сла́ба, ја́динто сла́бо и се нӑма́л'уве чуве́к уф-те́лто, куве́т не́ма. Зӑшо́ ста́рте ус-ста́пче сӑ-путпи́рат. Ста́пчто но́го пума́ге нӑ-чуве́к* [ПК,2(Грам),241]; ~ *путзанёсн уф и́грӑта, заборӑви́х на бе́л'ӑта што гӑ-пра́вӑм. Учи́тлка́та удари́-мӑ пуглӑва́та сас дно́ ста́пче и мӑ зӑ ста́нӑ уф-ко̆ше́то* [ДС(Ч),160]; ~ *ти́ӑ били́ три́, чти́ри бра́та. Ти́а рабо́тат, о́н се́дӑл на бӑма́та, нӑо̆ма́ко. И о́н, дна́ пӑрчкӑ, дно́ ста́пчи и са́мо го̆ ри́и пе́пло* [ЛС(К),110].

ста́р adj, 1. opp. на 'млад' ~ *хо́ж'да, гл'е́нда иди́н ста́р д'ӑду; и му вили́...: е́е́зми н'е́с но́ж'ниц'ӑ, скри́пни ми мӑ́ра в'ӑж'дит'ӑи́* [MS,t,86]; ~ *и му ричé Заари́н на Ангил: Ка́к мо́жам да разби́рам за во́? Оти ја́-сам ви́ки ди́п ста́р, па же́на му пумина́ вакӑтут. Ја́-сам Гав..., шо си вӑртам накри Бо́га, и си пушти́х ут не́гу* [MV,K,295]; ~ *му вил'а́т на д'ӑду: е́ти-си ста́р ч'ув'ӑк, с'ӑт' у дума́ сӑс ма́лкат'ӑи́* [MS,t,80]; ~ *ути́ди на ино́ м'а́сту, на ина го́ра н'е́трӑ и там на́јди иди́н ста́р д'ӑду* [MS,t,14]; ~ *му вили́: е́дӑј-ми мӑ́ра раки́ја ... зири́м сӑ ста́р ч'увӑки́* [MS,t,80]; ~ *и т'а́ си умр'ӑ на*

вич'ерó и такá си ѵстáнах јас ивдувéц, сăс трú мáлки и инá стáра мáјка [MS,t,3]; 2. орр. на 'нов' ~ *тогáс собрáл от онáја слúква и са чинú хикилúја, отúде по касабúте, шéтал, хем вúкаши: "хекилúја! – кój сáка стáра бóлка да излекýва?"* [V,PM,28]; ~ *стáро врéме нúй пóпук гу-вúкиме. Пóпуко ká гу-вăрте, бăшкá е óн, а курéлю* (стомак) *ká гу-бóле – óн цéл'о* [ПК,2(Грам),238]; ~ *пăрвăта вăлна а-вúкăме стáра вăлна, сéга прóл'ăтта шó ки-сă-стрúжăт, а втóрăта па, éсăнта стрúжăна, тá ја вúкăме јáрина* [ПД,157]; 3. сп. изр.: **старо харо** (= погрден израз за стар човек) ~ *един стар дјадо сос бела брада до појас, му вели на Гăрците: "со здравје мои сина! Дека сторихте ниет да појте?" И те му вел'ат на дјадото: "е море, старо харо, што ти влева тебе на работа"* [V,PM,179]; ~ *Ами-кój тă-нăучú тăкá лéсну и спóрну дă-ткáјш, нивéсту? – Их пă-тú! кój ќи-мă-ýче? му-ричé вá будăлáтă жéнă: сáмă-сăмúчкă кăту-млáдă нивистúчкă. – Амă нúкуј нé ти-пукăжá? – Ех и тú стáру áру! ти кăжáх; стúгă вúќе ли збурýвăш* [BB,310].

стáр m 1.'старец' ~ *Мури, стáни, лýдо, стáни, млáдо, нá нúвѧ дѧ јóдиш! [Мури, нé си слéпа нé си нéмѧ óти рăлу нéмам! [Мури нé си нéмѧ, нé си слéпа, ѓиди мójѧ дóбро! [Мури, стáни, стáро, стáни аро, и рáло ти најдóх!* [ME(P),98]; ~ *пóнагóри утúдуха, нájдуха идúн стáр сăс брáда, рáбут'ăш'и на табáкиш'илýку* [MS,t,40]; ~ *– А рну, чéду, árну! Ами-кój тă-нăучú тăкá спóрну дă-óрăш, сúне? Урáчут убăрнáл óчи нă-нéбту: "Гóспут, дéду, Гóспут мă-нăучú: óн е-врéдин зă-сè нéшчу. И ăдну-стáру кăту тéп ли-пукăжá"* [BB,310]; ~ *и тојнака заедноч отиде крај негу, му са поклони и му рече: "помози Бог, старчу!" Пак тојнака му вели: "старчу, да ти питам, дур кога можиш да га сечиш таја бука?"* [V,PM,83]; ~ *имáло ину-врéме ину-стáр, инă-стáра. Тúа нимáле дéца. Рăнéле инă-бúшка. Е, удвичéрта стáрут му-рéкăл: ...* [ДК(Дур),146]; 2. 'свекор, дедо' ~ *дójди стáрăјут и вилú на сфáт'ѧта, на стáрата* [MS,t,78].

стáра f 'старица' ~ *нájди инá кăш'-тýрка, ш'ту с'ѧд'ăш'и инá стáра н'éтр'ѧ* [MS,t,61]; ~ *"И кутрú шта е тозú человéк, дéту шта те зéме?" И пак одговóри стáрата на синá си, рéче му: "Чéдо, јас та сам бизáла и хрáнила, и ни штеш да ма ожéнии"* [V,PM,264] – нерегуларност во линеаризацијата, глаголот и крат. зам. форма се одделени со пом. глагол: **јас та сам бизáла**.

стареа m 'тој што е главен, старешина' ~ *му сѧ рéкле на нéго: ето за Ис..., шо са чинú човéк Профúтин, стрáшин и на лáфот и на рабóта кри Бóга и на сăто инсáн; да как гу прудусувáле Книговúтите и Стареите* [MV,K,253]; ~ *на тóа врéми дујдé идéн чувéк на Ис... úмито му бéши Ла..., и он бéши напрéжин уф стареити; и падná ду нóзити Ис...-ви* [MV,K-,253]; ~ *на тóа врéми, си субрáле сити Хакáмити и Стареити да си умúле за Исус, да гу утéпат. И кинисáле да утúшле на пилáто ем вел'áле: крéни гу, крăсти гу на нéгу* (стави го на крст) [MV,K,292].

старгáло n 'домашна направа, ренде' ~ *сас старгáло са-стǎрже муркóфче, пǎтáтичка, за сýпа áли чóрба*; сп. гл. **стǎрже** 'струга']ДС(Ч),52].

старéе impf 'станува повозрасен' ~ *перделúй ей он, чувéко стǎрéе, перде́ úма нǎ-óчте, áку нé глéде* [ПК,2(Грам),240].

старúк m 'дете што се однесува како возрасен – стармал' ~ *áко дтéто прúкажýва какó стáр чув'áк, нóгу гувóре, вúкахме му старúк* [ДС(Ч),54].

старинцки* adj 'кога нешто се однесува, односно носи знаци на минатото' ~ *ув во село сǎ имǎ сǎчувано и такво старинцку тукмејне мигју бејзте и силјајнту, шо било едно време секǎде и шо-ј устанато сǎл ув Аваре* [МЕ(Р),87]; ~ *а па ни един нема зено да написа за него нешто повеќе, ут то мадаф, оти тука едно време е била старинцка "Пела" или па оти тука имало биволја. Европејците ду сеа гледаа сǎл ка да истрǎгнат нешто ут там ако са имаше најдено* [МЕ(Р),69]; ~ *таквијǎт људǎ не знаат нови рǎботи, не правǎт нови арџувǎ, сами рǎботǎт и не сǎ ногу ихтизалиј уд јарǎџијте; они и сǎ дрǎжǎт нǎ старинцките редишта* (обичаи, норми) [МЕ(Р),87].

Старите Огради top. 'долина, ниви' (Избишта, Драмско) [ЈИ,Ми...198]; во стариот јазик зборот **ограда** се јавувал со значењата: 'градина во близина на селото' и 'кошара'; првото значење и денеска е многу присутно во македонската микротопонимиска номенклатура.

стáриц* m 'стар човек' ~ *урáчут сǎчудúл – чудúл и си-рéкǎл нǎ-úмут: "Аj дǎ-вúдме и вó мурафéт нǎдéуту" и зǎурáл тǎкá, ká му-кǎжáл стáрицут; кǎ-извǎдúл три-четúри брáзди, дéду Гóспут гу-питáл: "Е, му-вéле, ká ти сǎ-пýле сéгǎ урáјниту"* [ДВ,309]; ~ *неа ја ареса, и му флезе на сǎрцето нетре. Тогај питал на хорото старциту: "чиа е таја мома?" И они му рекоха: "таја мома е на Лилу кехаја"* [V,PM,163]; ~ *крúвǎју стáриц* [ПсС(З)65].

старјув* adj 'нешто што му припаѓа на старецот' ~ *стариот му вели: "синку, благодарим ти динеска, што ми помогна, затова това вечир ти са мол'ам: ела да идимн аф мојта пештера!" Станаха двата от тамнука, отидоха во старјувата пештера* [V,PM,84].

стáричко n, dem. – в. **стáро** 'жито' ~ *тýка тúа нúви сǎ-слáби зǎстáро. Лáни шó стáро искǎрáме. Вáа гудúна нǎ-мужáа дǎ-сéат, сýша бúше. Ич нǎ-мужáа стáричко дǎ-сéат* [ПК;2(Иц),288].

стáро n (= жито) ~ *дéлто купú нúви уф-Рáдуво зǎ-жúто, тáм. Тýка тúа нúви сǎ-слáби зǎ-стáро. Лáни шó стáро искǎрáме* (многу се родило) [ПК,2(Иц),288].

старовремцки adj 'нешто од далечно минато' ~ *на планијнте се наогјат читири старовремцки градишта и на иден уд ридиштта шо му прават мегја на полјто ут ветǎрут* (од север) *ǎj иден град ут турцко врема, а то је Пазар* [МЕ(Р),72]; ~ *тúа ká сǎ-уплáшат, устáвúли пáри и сé. Стáнáл сǎбáјл'то бýмбǎрчто, зúме пáрте. Тǎ ká-с-нǎпráве адна кǎштa. Сǎ-жинúл тáм. Стǎнáл чувéк. Стǎрувремски прǎкǎжнúци сǎ, áма úм* (имам) *нóго зǎбráвно* [ПК,2(Мор),234].

старóлак m 'направа за ткаење платно и сл.' – Малецки назив го запи-

шал во с. Висока, додека во Сухо се употребува општопознатиот назив **разбо́ј** [MS,s,107]; ~ *после годишот момата ја основа камухата, ја кладе на старолакот да ја ткаи. И ткала, што и ткала, дојде и време за свадбата* [V,PM,194]; ~ *курдисали векu, свадба чиниха, дојдоха, ја земаха нивјаста момата. Остана камухата неткаена на старолакот: нихто н'ахто не знаиши да влези на старолакот* [V,PM,195].

старос-та f 'напредната возраст, втор дел од животот' ~ *това владика на сиромахо гу викна и му вели: "господине, млогу ти са мол'а детету да гу пуштат на даскала, зашто, кату гласо што има, сос това глас он ке да ти храни и тебика и мајка му на староста"* [V,PM,37]; ~ *на новá врéме цмашја адúн человéк адна стáра мáјка млого, што не мóжеше нитý да хóди, нúту да гледа ут стáрус* [V,PM,263]; ~ *ричé на нéа: Сфéти Дýх ки флéзи на тéб и тó шо ки си рóди ут тéб, Сфетéнио, ки си кáжи Господúново Сúн. И éто и Елисáвет, тфóа рудни́на, и óна устанá тéшка за дéти сéа на стáрос* [MV,K,316]; ~ *нămужни́цта (нămужáчкăта) и стáруста óдат зáадно* [ПК,2(Грам),80]; ~ *и троúцата áххали и пéшкали вел'á-јке: "óх нии сираци, по еднá-еднá паричка да ги собирéми, пák сéга да на ги открадат! Ох, тешко на нáс! Ка за живувами сегá на старостá?"* [V,PM,189].

старусиде́лиц* m 'жител на некое место од дамнешни времиња' ~ *уф-Кýкуш сă-пóвиче кулишáне, и ут-Струмица úма; нă-Штéрјо úма, нă-Малúно úма, нă-Кăл'нúкăфци úма. Старусидéлци нéма уф-Кýкуш ни-адúн, за-лéк* [ПК,2(Крец),310].

старутúја (и: **старуш'тúја**) f 'стари работи' [MS,s,107].

старчо m, vok. рej. 'старец' ~ *отишел у една гора, кăде одел дефот катаден да пала* (бара) *л'уде, да јаде. Јане зимал сос една балтија да чука на едно дрво. Дојдел дефот и му речел: "Шчо правиш тува, бе старчо?"* [ШС,5(411)] и: **старчóк** [ПК,2(АЌ),106].

стáса* pf 'пристигне' ~ *е пá сjá: кинисáли, кá удúли, удúли, стăсáли гájре ду-áдна чéшма. Кá стăсáли ду-тá чéшмăта вóда пијáли, áма кóј ќи-сă-нăпúе ут-тá чéшмăта елéнче ќи-сă-чинúло* [ПК,2(Пл),-258]; ~ *истăрчувум прă тúй кóјсте; тóй уфчáрчăто: "Ти ли си тóй изгýбăњо?". О, о мáјкăта. "Ас-сум", вúкум. "Тăрчи, ричé пумéне скóро дă и-стáсăме. Нă-фил'áн мéсто бúа, áку и стúгнăме árно, áку нé ки-устáниш"* [ПД,173].

стȧсиóн m 'станица' (железничка) ~ *ф-кăшти сȧ останáле măштéатȧ и ýјнȧ Марúја. Тáткǫ и ýјкǫ отúшле сȧ нȧ стȧсиóнǫ да ги повéдат друзите уф-Пéтрич пȧ дȧ сȧ-вăрнȧт пák уф-слóтǫ. По-н'ákое вр'áме и óни сȧ-дóшли нȧ-стȧсиóнǫ* [ДС(Ч),167].

статива f 'поголем прат на кој има ставено украсени крпи, се користи во свадбениот церемонијал' ~ *тогај кинисуват за нивјаста сички да подат. Кумот вели: "ајди создрави, добар пăт, добро кăсмет!" Така трăгноват, кату за подат на нивјастински двор. Тамо за најдат стативата висока. Тамо за постојат, дур да ја стигнат* [V,PM,249]; ~ *нетре от богазјајту прајат благо вину с мет, ги служат сватовиту и на кумовиту*

по една ч'аша. По служен'ету пак он, што стигна статјавата, сăбира зелени кăтки, нај-напрет на кулот му дава една кăтка и чеврета (украсено крпче) *му дарјува от статвата* [V,PM,250]; ~ *и те на пентук вечерот* (попладне?) *часот на еден за везмат едно деверче сос них, за подат на татка и на отбратките. И как за подат на дворот, перво за извадјат статјавата от земјата нивјастата и зентјут* [V,PM,251].

статмо́ n 'железничка (односно полициска) станица' [MS,s,107].

стафи́да* f, bot. 'суво грозје' ~ *тури еди́н ара́пин покра́ј жрја́пчето и му ве́ли на ара́пинот: "да му да́ваш да ја́ди што са́ка!" Па́к на́ жрја́пчето храна́та му е би́ла: стафи́ди, ми́гдали, орја́хи, ле́шка и дру́ги таквии́* [V,PM,120].

ста́фурид m, zool. 'голем, стар глушец' [ПК,2(АЌ),106].

ствáрно adv 'вистински, реално' ~ *Се́дам годи́ни ќи-би́ди гол'а́ма су́ша, н'а́ма ни́што да и́ма". Су́вото* (поименчена придавка) *го-уни́шти на пло́дното, уни́шти дарва́та, уни́шти се. И ствáрно до́шла су́шата. Па́рвата годи́на истăрпи́ли* [ЛС(К),112]; ~ *зи́ме то́: де́тто, о-искắпăве су-сăпу́н, о-нăма́жуве зијти́н, зи́ме ут-та́а пе́пăлта. И ствáрно-ј то:, ни́и ка́ пра́вăхме вắјци, цăрвăли́ј вắјци, ут-пе́пăлта, ни сă-скăпу́вăт пра́стуто* [ПД,148]; ~ *били́ три́ бра́та. И та́тко-ни и ма́јка-ни жи́ви. И се́га ста́рве́се ка́о ста́р. И до́шал кра́ј ве́чи, при́мар, да ги д'а́ли. И ствáрно, што́ ве́ли фами́лиа и-мо́ра да с-де́л'ат, на́ли* [ЛС(К),112].

ство́ри* pf 'создаде' ~ *"Да́јт-му, ма́јко, ут-ти́а зла́тните пắрстине, еди́н, и о́н дă-пузна́а не́што". Да́ли-му а́јн зла́тин пắрстăн и са́а о́на ка́ гу испра́ште нă-де́тто ре́кла: "Слу́ши, сăс то́о пắрстăн што́ дă-нăмисли́ш се́ ќи-ство́риш. Са́мо ја́ко до:-чу́виш"* [ПК,2(Ним),263].

стеге impf 1.'притиска' ~ *Бог да јобије, мамо, терзијчето, [аман, аман, мила мале, комшијчето! [што ми скроји, мале, јелеченце, [аман, аман, мила мале, јелеченце! [што ного ме стеге чак јод мишки* [ТГ,39]; ~ *"Богме, Митро, ќучук Митро, [Не сум нашал срма кулан, [ако најдех па те лăжум, [куту него да са чинум, [на твој појис да си лежум, [тенка снага да прапашум, [дејна ноќа да ја стегам"* [ТГ,371]; ~ *Бог да јобије, мамо, кундурџијчето! [што ми прави, мамо, пандофлички, [што ме ного стегат, ох јоф прсти, [ох јоф прсти, мамо, чак до пета, [ох глава, ох срци, ох тенки пулувинки, [за комшијчето* [ТГ,39]; ~ *ќа кинисá да си хóди, сфéтут гу стéгаа, бúле нóгу. Ету иднá жéна, му тéчиши крăф дванáдесет гудúни и сáто имáнјо си гу дадé пу икимџúјти* [MV,K,276]; 2. 'притегнува' ~ *óде, пáле, гу нăјдýве нéгувут кóјн. Оăт нă цáрут му кăжýвăт: "Нá сúн ти кóјнут гу зимá". Зимáл сéдлуто дá му клáде. Зúме кулáнут дă гу стéге. Кă гу удирáл кăúшут кóјнут ду кулéни уд зéми фливáл* [ИГ,115]; ~ *бáпка (сăвúке) клúно шо гă-стéге кóста* (го прицврстува косилото со рачката на косата) [ПК,2(Град),22]; 3. 'допира' ~ *на тóа врéми, нóго л'ýди удéле пу Исус, и гу стéгаа. Па иднá жéна имáла бóлка да крăф му течéла дванáдесет гудúни* [MV,K,324]; 4. изр.: **стеги зăбе**! – се кажува кога некој ќе се пожали дека не се чувствува добро, т.е. *стеги зăбе*

(= притискај ги забите за да не ти излезе душата) [ТГ,248].

стéгн'ант adj 1. 'слаб, ненахранет'; 2. fig. 'тој што не сака да троши, скржав' [MS,s,107].

ст'éгне* pf 1. – в. **стеге** 1. ~ *Пéтри изва́ди идно́ ицé ут џ'ибо́т, гу ст'é-гна ицéту сăс ка́минут на-бу́н и пу́сна о́да* [MS,t,75]; 2. 'оптегне, повлече' ~ *Ету ка́к: фắрли сува́л'-кăтă су-дéснăтă рắкă, стéгни-гу на́пкум ко́нцут! А тăка́! А-сéгă фắрли суфа́л'кăтă су лéвăта рắкă удлéву и па́ стéгни ко́нцут!* [ДВ,-310]; 3. 'заврза'~ *прифта́са ч'уф-ч'ијата, ја ст'éгна турба́та, ја фа́ти лиш'и́цата* [MS,t,77]; ~ *то́о нă-мужéл дă-ј-скắрше атắро, о́де дă-зи́ме лéп и кутри́нта и закắрăве. Та́а ги-вăрса́ла ф-по́друмо и зăтна́ла им у́ште ус-бубáјк – дă-не́-слушăт, и́ стăгна́ла ја́ко* [ПК,2(Мор),228]; 4. 'принуди' ~ *си заемнах пет стотини гроша, та, кога дојде времето, не можах да му ја платја. И тој еден ден ми најди на чаршиата та ми стегна многу, сакаши да ми затвори* [V,PM194]; 5. изр.: **дéк си-с стегна́л?** (= каде си тргнал така на брзина); **стéгни сјó–о ѓóто** (= ангажирај се сериозно) ~ *ни́м чéки уд-дру́к, ту́ку стéгни сјó-о ѓóто* (**ѓот** = задник) [ПК,2(Грам),43].

стéгнин* adj 1. 'притегнат, зацврстен' ~ *ус-н'áа (ус рắчи́цăта) сă-дắрже ра́лто. Она-ј стéгнина уз-баски́ј* [ПК,2(Грам),99]; 2. 'прибран' ~ *дибе́л-ej, а́ма стéгнина мо-ј сна́кта;* 3. fig. 'скржав', в. **стéгн'ант** 2. ~ *но́го стéгнăна-ј та́а ма́јкă-ти, ни́што не́ да́ве* [ПК,2(Гắр),99]; *е-ее, о́ј Ра́нкăта дă-т-да́а не́што, стéгнин-ej* [ПК,2(Гắр),195].

ст'éгнува* impf – в. **стеге** ~ *"ја́с то́лку кувéт и́мам да ст'éгнувам ка́минут да зва́ждам о́да!"* [MS,-t,75]; ~ *утига́чка-ј дắрво, ус-не́го о-стигну́вме кро́снуто* (дел од разбојот) [ПК,2(Драг),123].

Стéк Пéтăр top. 'мал манастир во близина на с. Плевн'а, Драмско'. За Ј. Иванов формата *Стек* претставува скратена генитивна форма: *Светог,* а ова од **свѣ́того** [ЈИ,Ми... ,199].

стел'а f 1.'дебела покривка што се става на долниот дел од самарот и на тој начин го чува грбот на добичето од триење и повреди'; од долната страна *стел'ата* е од дебел шајак *(аба),* а од горната со овчја кожа, во средината *стел'ата* е исполнета со слана 'ржаница [ТГ,420]; 2. 'постилка врз која се чува свилената буба' [СК,366]; 3. изр.: **стéл'то мј-о: издéте** (= сè ми зедовте, сè изедовте) [ПК,2-(Гắр),106].

стéл'ка f – в. **стел'а** 2. – називот го среќаваме во описот како се одгледува свилената буба: ~ *Ама пу-идна́ нидéл'а ки-по́чне црắвче да-са-пујáвуве éндрăчку и ки-по́чниш пу-éндро ли́шче да-дро́биш. Сéква нидéл'а она́ са-сличу́ве, са-гулиму́ве, бу́бичкăта ки-стáне пугулéма, сéква нидéл'а ки-ма-а мéни стéл'кăта* [В М(Стр),317] – зачуваниот остаток од назализам: **éндро (ли́шче),** што го среќаваме во контекстот нè упатува дека односна појава (траги од назализам) се среќаваат на поширок терен во Долновардарско, конкретно во Мегленско.

стéлна adj 'крава (или биволица) којашто во утробата има мало' [СК,366].

стемне* pf 1.'фати мрак' ~ *ину-дéте уд-сéло нă-сéло ути́шăл нă-ни́кој кра́ј. Гу-стилни́ло. И му*

ро́пнăл та́му. Му-ре́кăл: "Ако мо́же да спи́јăм ту́ка" [ДК(Ем),-151]; ~ *у-три́ са́ато ки-си-бе́гме, дă-не́ нă-сте́мне* [ПК,2(Град),23]; ~ *пак то́ј ни осли́ушјал, ами́ отише́л фаф ходае́та сас халајтката да приспје́т. И кога́то стемни́ло, е́то еди́н хара́миа сас са́бја фаф рака́та пра́во на не́к да го́ загоби́* [V,PM,254] – во текстот среќаваме безличен глагол без зам. форма 'се': **кога́то стемни́ло** (место 'кога се стемнило'); 2. – **(са)** ~ *и му наси́пали на едно́ вăриило по една́ мјара от фрет се́мјата и го нака́рали "до у́тре ра́но ако́ мо́жеш да ги отбе́реш – ха́рно, и шта та загоби́ме", та си отишли́. И като́ са стемни́ло, распла́кал са, што да пра́ви* [V,PM,258]; ~ *вл'а́гла фне́трека и ги-з'а́ла мачéнцето, кучéнцето и кутле́то. З'а́ла мумá́та да-ја́де и мачéто зам'а́ка, кучéто почна́ да ла́ј. Та́ ги-најáла и-легнáла да-спи́. Кугá са-сте́мни, дујдо́а калика́нзи* [ВС(Кал),336]; ~ *и то́ вéчăрта до́јде, ка́ сă-сте́мне, сă-ка́че нă-то́ дăрвуто и ту́ка се́де. Едно вре́ме, ѓа́вул'то па́к сă-збра́ли, да сă-питу́ват ко́ј шо нă-пра́ви́л* [ПД,167] – во контекстот има честа употреба, скоро редовна, на перфективен презент: **то́ вéчăрта до́јде, ка́ сă-сте́мне, сă-ка́че нă-то́ дăрвуто;** ~ *му-ве́ле: "Арно, чу́по, да́ј ба́ба ки ти испре́де. Оди ти, па́си си ă кра́вăта! Да́ј-му ли́ста уд зе́л'ка дă-ја́де!" И си-ути́шла чу́пăта д-ă-ра́не кра́вăта. Ба́бăта му-испридила́ приде́нуту. И сă-стимни́ло* [ДК,120] – во контекстот има проширена употреба на зам. форма **му** од машки во женски род: **дај-му (на кравата)**.

стена f 'голема камена маса, карпа' ~ *и тој киниса та отиде на планината и викнал "партал мајко". Та излезе прас една стена една стара самовила и му вели: "Што ишиш синко?" И тој ја вели: "Мја пусна вашата керка водинчарка, да ми дадеш златнио тас"* [V,PM,277]; ~ *Кăрцката земја-ј песоклива, цăрвеница, цăрна прăс а најповикје-ј стена покриена су тенок ред* (слој) *прăс. Там кăд се садени лозјата на угри-слăнца ут селто ридиштта сă сăл песокливи* [МЕ(Р)78]; ~ *и тја казала на татка и: "Тате, един јунак дошел, сака да са глави на теби хизмиќарин". И тој рече: "Нека дојди да гу видја". И така младата самовила излезе и гу зема нетри на нас стена, гу закара пред татка и* [V,PM,278]; ~ *се бурија, се мајаја цал ден ду пладнина. [Се излăжа Ванѓелина, удрила на него, [си удрила на него, [си удрила, Ванѓелино, али не го секла... [Сила дујде, леле цанум, на Попов Јуванче, [си ја фати, леле цанум, црна Арапина, [си ја фати, си ја удри јуд бела ми стена* [ТГ,41] – во текстот го имаме адверсативниот сврзник **али** наместо 'но': **си удрила, Ванѓелино, али не го секла**...; сп. top. **Стени́те** 'брдо со карпи', во реонот на с. Савек, Валовишко [ЛИ,Ми...,199].

сте́нке impf 'офка, се жали' ~ *а́нцак сте́нке, нă-мо́же дă-сă-мắрдне* [ПК-,2(Драг)27].

степа (се)* pf 'почна да се мава' ~ *Ваја утиде за вода, а ваја пак за дрва. Ка дујделе, ваја веле* (таа што била за дрва): *"Ваја е вода лоша!" Ваја веле* (таа што била за вода) : *"Вија дрва са гнили!" Са скарале, са стипале* [ТГ,119]; ~ *"Как, как уф селто? Са карат?". Воја чувек па знајал оти ваја застра са нал'ути и леб не зима, и му рекал:*

"Море, ки са истепат! Не знам, може ду сеја и да са стипаја" [ТГ,373]; ~ *кумшијте нăпрăвили чýдба, сă-стипáли з-áјн гăс мéсто* [ПК,2(Грам),133].

Стефчо – м. лич. име запишано во Кукушко ~ *нáјнóго мă-дрисá уф-Лагадúна, нé уф-Мурáрци. Уф-Сýхо и уф-Бараклú Цумáа свирáчто цéлдéн ми-свирáа. Тáли купúх двé зýрли, му-ј-дадéх на-Стéфчо. Ут-Сýхо нă-вáки чúсто макидóнцко гувóрат, дýр пóáрно и уд-нáс. Уф-Лагадúна над двéста и усýмсе кăшти úма нáши* [ПК,2,(308)].

Стéфкуф Бунáр top. 'длабок извор на семејството Стефкови' ~ *úмше и* ***Клáјнци*** (top.), *вудníште, бунáрче тăквó, кăјнáче, сă-цăрпе вóда удníх, úмше и...* **Стéфкуф Бунáр** [ПК,2(Мор),216].

стивасајне n 'дрндање на *бубаќ* (памук) пред да се преде' [ТГ,361].

стивáсе* pf 1. – в. **стивáсуве**; ~ *сáке до:-стивáсум тóо бубáјко, дă-сушúм áјн јурган*; 2. fig. 'тепа' ~ *кá-ќ тă-(нă)стивáсе тáтку-ти, ќи-вúјш дéк сă-рóжде лéбо;* 3. 'многу јаде' ~ *áма стивáсе стáрјо* [ПК2(Гăр),106].

стивáсин adj 'памук исчистен од семето' [СК,336].

стивáсуве impf 'дрнда памук' – в. **стивасин**; ~ сп. **алáч** (= *чувéк шо стивáсуве бубáјк*) [ПК,2(19)].

стига impf 1.'задоволува, не треба повеќе' ~ *пак тојнака му вели: "не сакам да ми отнесиш дур тамука, стига да ми кажиш сокакот* (улицата), *јазе типăра сам отивам"* [V,PM,34]; ~ *и си рéкоха едúн на друк: "Хáјде да гу отрéпеме!" И тузú си рéкоха и зéха кáмене становúти та фăрлеха по нéк, за да гý отрéпат!" И си рéкуха мижду тјах: "Стúга вéјке кáмене да фăрлеме"* [V,PM,263]; ~ *најдоха еден јунак, којто моретy гу смрăкаши сос устата му, и от носот му са убесуваха ледници. Они, кату гу видоха, са почудиха, ча му не стигаши водата: дури сос песокот га смрăкаши* [V,PM,44]; ~ *тојнака вели на мајка му: "дека са тиа моите другари, што утепаха заинциту, да му кажа едно јунацво на них, ча не стига што ми земаха заинциту, л'у и ми вăрзаха за тополата?"* [V,PM,104]; 2. 'досегнува' ~ *áм да всадúш еднá топóла, штó úма на Чингúдилибéјан двóр, – вăрховету на сúн'у нéбе стúгат* [V,PM,142]; 3. 'стасува' ~ *úма пáри, úма влáс, сéгде стúге, сéкуј му прáве éвала* [ПК,2(Гăр),160]; 4. – **(сă)** 'се постигнува' ~ *мóре тáјфата нéк тé-ј жúва и здрáва сè дрýго сă-стúге* [ПК,2(АЌ),111]; 5. 'помага' ~ *карам те сино, јучам те, [мајчина јука не стиге! [слези се доло јов јудајче, [са чини жив ми мртовиц, [сите ки дојдат да те видат, [сите ки дојдат да се простат, [бел'ким Лил'ана ки дојде* [ТГ,213]; 6. 'помина доста време' ~ *јатрва си дојде: ["Јано, мила Јано, [ајде ел да ручме, [стиге те чикаме". [Што си веле Јана, [веле ем гуворе: ["Милна ми јатрво, [рачок нек ве слатук! [на мен не-м са јаде"* [ТГ,329]; 7. изр.: **толку му стигала памиту** (= се кажува за некој со ограничени интелектуални можности) ~ *вáа му-óде нă-стáпу. Зил'áва жéна-е. – "Стáни, бреее, стáп! Стáни, óди бре истéрăј крáвите! А бре, стáни смéти! Стáни нăпрáј рýчук!"Тó си-стóе. Стáпу знáе? Ама зил'áва, тóлку му-стигáла пáмиту* [ДК(Паљ),124]

– во контекстот има употреба на формата за номинатив во служба на вокатив: **"Стáни, бреее, стáп!"**.

стиганúса* pf 'остави, даде' (?) ~ *идúн д'ён' му бúха дукарáли на цáр'у ин'é ирмбúци и му ги стиганúсаха* [MS,t,18].

стúгне pf 1.'пристаса некого' ~ *отúде човéкот, алма кóгу ке да нáјди? Они побегнáха. Тогас кадиата позна́ нихната крúвина, прати да ги тера* (бара), *алма не можá да ги стúгни* [V,PM,9]; ~ *"јáс тáка нé-сă вéрвăм нă-вáс. Вúа ќ-и-субéрте, ќибéгăте. Дек ќи-вă-стúгнăм јáска?" – "Е, шó дă-прáјме?" – "Сăте зăпáшките ќи-вă-вăрзăм зă-крýшта, кă ќи-сă-ýрвăм, ќ-и-дéлиме". Тúа кăндисáле. И сă-кăчýва, и бéре вá* [ДК(Лип),118]; ~ *кинисала Руменка за вода, [и калеш Петруш пу неја, [ја тука, ја тамо да ја фтасе, [ја стигнал дури на чешма* [ТГ,205]; ~ *дошла котката, му ја зе главата и побегнала; оставила само бл'удуту на софрата. Стана тој кахарлиа, котката да ја тера и тука, и тамо, дур на татковата му кăшта ја стигна* [V,PM,211]; 2. 'пристигне некаде' ~ *и кату тúваха двáта, хизмикáрот сè глéдаши да нáјди н'ákој скрúшно мјáсту да гу утéпи. Пóсле нáколку дéна стигнáли на едúн балкáн, нétри на еднá гóра, штоту сал еднó нéбо са глéдаши* [V,PM,26]; ~ *ох, си киниса, грејин Ил'о, [сус кола да јоде, [ох, сус кола да јоде, џанум, [жито да пурдаве, [ох, си је стигнал грејин Ил'о, [јуф града Солуна* [ТГ,39]; ~ *и кату стигнаха на стредја пăнтјут, ету отпрет них излезе една страшна змиа сос златни крили, летна наврăх нивјастата* [V,PM,207] – во контекстот среќаваме пример за проширената употреба на множинската наставка **–и** и кај именки од ср. род: **змиа сос златни крили** (м. 'крила'); ~ *е, дујдéла, нéма вóда, нă-мóмăта ин вúке: "Нéма брă чéдо, чéшмăта нă-мужéх да-стúгнам, нă-чéшмăта нă-мужéх д-óдум". "Амă мă-свáли, јáс ќ-óдум, мă-свáли"* [ПД,164] – во контекстот имаме уште еден пример за необичната линеаризација: крат. зам. форма стои во препозиција во однос на глаголот и во формите на императивот: **"А мă мă-свáли, јáс ќ-óдум, мă-свáли"**; појава непозната во западното наречје, иако таму, под влијание на балканската јазична алијанса, зам. форма по правило се јавува пред глаголот; 3. 'успее' ~ *гу пристигна дури аф среду морету, и как гу виде от срешта ошти, ча е бил јунак... му рече: "ади ајол мадам, таков јунак си, аку га зема момата за тебика халал да ти е; ама аку га дадеш на друг, да не стигниш да излезиш от морету!"* [V,PM,77]; 4. 'досегне' ~ *братите му отúдоха, земáха четирúјси товáра вăжи, гу вăрзáха, гу пýснаха аф дýпката; вăжето нé стúгна, врăзáха и четирúјси лáкт'а пójас, тогáс достúгнал* [V,PM,135]; 5. 'се врати' ~ *му вели на царјут: "царју, јазе сега ки ида да чинам хазăр л'аков и после от три дни ке да дојда да си фатја да ти излекувам". И така царјут му вели: "ах синку, скору да стигниш!"* [V,PM,35]; 6. 'заврши нешто' ~ *кату чý такá јунáкот, катý арслáн хрипнá на врăх змиáта, извадú сáбјата, га заклá; дур да стúгни да га закóли, еднóту мáлку гу изјáди* [V,PM,23]; 7. 'спечали' ~ *дéвăт гудúни трéбă дă рăбóте дă ги стúгне тúă дéвăт лúри* [ПД,113]; 8. 'задоволи' ~ *ăшчúăта му-дунéсăл*

дéе јáјца вăрéни зă-дă-јáде.И чóику јáшăл и си-зăмúнăл. И пу-нóгу гудú-ни сă-вăрнăл уд-гурбéт и кăко чó-ек утúшăл дă-му-плáте. Тугá ăшчúăта му-извáдăл, идну-исáп шчó цéл гурбéт нé-му стúгнăл [ДК-(Деб),155]; 9. 'достаса' ~ *и кă-дујдé блúзу гóрнăта зéмна, óшче пред дă-гу-извáде пúл'ту, рéкăл – крáк, а нé му стигнáл мéсуту, нимáл шó дă-му-дáде, уд-нóгта си-сéче ăнă-кулúт* [ВВ(Крон)]; ~ *и тúа сагласúли, рéшили дă го-утéпат. И лéгнали вéчăртă, óти вéчăртă, кај двăнájси, дин сáато, тéшок пăрвиа сăн, кój кăк ќи-стúгни, кój копáч, кój бăлтúа, и, дéка лéжи...* [ЛС(К),116]; ~ *тóа тăргóвцо, тăкá е нáли, богáт чов'ák сè мúсли нă-парúти, нé заспáл óдма. Мúсл дáли ќ-стúгни на-вр'áми, и-тăкá нă-тăм* [ЛС(К)107]; 10. 'ги има можностите, резултатите, со кои се изделува од другите' ~ *зă-вујк-ти лéсно-ј. Му-нóсе бáб-мо, му-нóсе дéлт-ти, пă сéтне друќте, и кá глéјш, нúкуј нă мóж до-стúгне* [ПК,2(Гăр),203]; 11. изр.: **грехот ќи ти стигне** (= ќе "платиш" за лошото што го стори) ~ *дојде и татко ú от хоруту сос разбиената нога, викајќе: "ох кутро пепелашко, излези да ми видиш, што ми стори еден јунак на хорото!" Т'а пак му вели: "ох тате, на мајка ми грехот ти стигна"* [V,PM,206]; **мáјкини клéтви да стúгниш** (= да се исполни клетвата од мајката) ~ *тугáј мáло ме втрéсе, [и нé ме вéќе претрéсе. [Шáнко брé сúно, вујвóдо; [дéвит си гудúни кăк лéжиш, [мáјкини клéтви да стúгниш* [ПК,2-(Крец),316]; **фáште нă-дéк ќи-стúгне** (= работи нешто не организирано) ~ *димéк сéкуј си-фáште нă-дéк ќи-стúгне* [ПК,2(Гăр),169].

стигну́ва* impf 'доаѓа, пристигнува некаде' ~ *дúн в'áтор дýе, стигнýват дo-днá пл'áмна, штáла, шó е бúло, растýрана. Зúдови úма пo двá мéтра. Знáчи мóжи дa се склóни н'áкoј* [ЛС(К),130]; ~ *тáткo бидýваше пóстáр и пóстáр, а јáс пóвузрáсн. Изнмóжăн от-рáбóтa не-мoжéш сéкaд дa стигнýва* [ДС(Ч),163].

сти́пца f 1. 'бела кристална супстанца' ~ *ус-нéа ú-штáвăт кójште и гу-ликýвăт стáрте бáби дăлáко* (кожна болест); 2. 'скржавец' ~ *шó стúпца си ти, тă знáм, úглин вăăр нé дáвиш* [ПК,2(Гăр),106].

сти́с (и: **фти́с**) m 'основен елемент во изградба на куќите и сл. (направен од камења или цигли) – зид' [BS,151]; ~ *е, óде нă-вичéрта утстúсу викнýва нă-брáт-му: "Брáт, брáт! Вá и вá рăбóтта: ă-згреши, јáс ă-нăпрáј. Шó ќи-прáјме?" – "Нéмăј гájле!, му-вéле. Нéк сăстéлне, јас ќи-дójăм"* [ДК(Ем)152] – во случајот формата за номинатив се употребува во службата на вокатив: **викнýва нă-брáт-му: "Брáт, брáт!"** – натамошното упростување на падежниот систем особено е изразено во заменските форми (како особеност на југоисточните говори); за ова в. во граматичкиот дел.

стиса* impf 'зида, гради (пр. куќа)'; в. **сти́с** [BS,151].

стиска f 1.'она што човек може да го земе и да го држи во една рака' ~ *áк зúлиш тăкá, уф еднáта рăка, а áк зúлиш уф двéте – грáс* [ПД,115]; ~ *кá ќа:-напăлниш шáкта ус-нéшто: да рéчум ус-брáшно-ли, ус-фасýл' ли, тó-ј стúска* [ПК,2(106)]; ~ *човекут и зел, и носил на градут на еден чифутин и му рекăл: "Виа јајце ти и продавум". Он му рекăл: "Колко му сакиш?" – "Колко чинат?" –*

"На ти една стиска алтăјне!" [V,PM,274]; сп. суеверие во кое се споменува зборот **стиска**: трудната жена за да не добие *прекнувици* (пеги на лицето) треба да земе *стиска прс уд незнајин гроб* да ја стави во вода, да се измие и да рече: *"Неканени дујдете – невидени да-с јодите"* [ТГ,104]; – истиот назив е регистриран и во исечок од религиозен (погребен) ритуал: секој присутен пред да си замине од погребот ќе фрли три *грста* или *стиски* земја, зборувајќи: *"Лека ти земја!"* [ТГ,256]; 2. fig. 'мал човек' ~ *ádна стúска-ј, áма сè гу-умée* [ПК,2(Гăр),106].

стиске* impf 1.'стега (во случајот раце)' [ПК,2(8)]; ~ *Гóце Дéлчуф сè уф нáшто сéло úјше. Пá нúа ќи-гóтвиме, ќи-ј-прăчéкме, пá ќи-сј-óде. Тáтко пá ќи-рéче: "Ајде Слáво, тú сјáа ќи-дójш ус-нáска". Ас рăци стúскум, ме-ј-стрáх. Дибéјќи, дибéјќи ќ-о-нóсме пá нă-Кăлúнуво* [ВК(Мал),289]; 2. изр.: **ák ти-стúске** (= ако имаш храброст) ~ *кáж-му ák ти-стúске, зă-óчте ќи-т-фáте* (зн.: очекувана реакција од нервозен човек) [ПК,2(Гăр),165].

стúсне* pf 'стегне (со рака или со некој предмет)' ~ *вó ут-стрá му-вéле: "Е, мóре сéстро, пúли, пúли! И тú си јúнăк, ама јáс óшче пó-јúнăк! му-вéле. Пúли тúка! Кáмину дă-гу-стúснăм – вóда ќи-пúшчăм"* [ДК(Паљ),119]; ~ *мóстут пăднáл нă Крéсна. Нăпрăвúли друг мóс дă пумúнат. Тáма-ј удáвна Чăпăрáзăфта фăмúл'а, цéлта. Кáа сјо-стиснáла жéнта дéтто, тăкá гă-најдéли дóлу чák кăдă бájните. Тáм ги најдéли. Кóлта му сă-убăрнáла уф-рéкта* [ПК,2(Крец),309];~ *ká-ќ сј-а-збéриш шákта дă-си-ј-стúсниш прăстто, тó-ј буфтăнúца* [ПК,2-(АЌ),26]; ~ *змéо кажáл: "Чúм си тú пóсúлен, зéми едúн кáман, стúсни-го и уд-нéго нéка потéче вóда". Ґўптино намéсто кáман искарáл еднó пáрче сúрне и гу-стиснáл* [ВГ(Мир),272].

стúснин* adj 1. 'притиснат' ~ *Тáма-ј удáвна Чăпăрáзăфта фăмúл'а, цéлта. Кáа сјо-стиснáла жéнта дéтто, тăкá гă-најдéли дóлу чák кăдă бájните, Măрăкóстинцките бájни. Тáм ги најдéли, дéтто стúснинко и такá ýмринки. Кóлта му сă-убăрнáла уф-рéкта* [ПК,2(Крец),309]; 2. 'срамежлив' ~ *нóго стúснин-си цáним, ти нă-чýздо мéсто и зă-лéп ќ-ýмриш;* 3. 'скржав' ~ *снáата-ј стúснина, скăрăнта* (нечистотија – арх.; в. во уводниот дел) *пут-нóхто нé сј-áа-дáве* [ПК,2(106)].

стиснýва impf – в. **стисне** ~ *"И тú си јúнăк, ама јáс óшче пó-јúнăк! му-вéле. Пúли тúка! Кáмину дă-гу-стúснăм – вóда ќи-пúшчăм". Мустиснýва ýрдăта су-тá тóрбăта и пúшча вóда. Мéчкăта кă-гу-вúшла, сă-уплăшúла* [ДК(Паљ),119].

стихјá f 'лош дух, носи стравотии' (од митологијата) [BS,151].

стúше pf 'се смири, стивне' ~ *ápут ќи-т-ја стúше бул'áфта, сáмо сáке врéме* [ПК,2(Гăр),26].

стó num 1. '90+10' ~ *вúд'ą ч'ą сă ни запúра, убрнýва туфéјку, вилú: éд'é бúха дивидис'éт и д'éвит' и т'éб'ą за т'ą уклăва, стó нéка стáнатú* [MS,t,44]; ~ *еднăш един дембелин ткајал на разбојот. Ка мановал со софал'ката, отеповал на едно манован'е по сто луѓе* [ШД,5(435)]; ~ *за инá тапс'á баклавá инá укá ш'ќéр, иднá укá лéт, укá и пулувúна брáш'ну и стó дрáма ниш'ш'тé* [MS,t,8]; ~ *дојдé рéд, сáка да úди на хаџилăк, вéли на женáта*

му: "жéну, сè нá чифýтинот да ги дáваш јáиците, ги úмам пазáрени по стó грóша еднóто" [V,PM,129] – во текстот прави впечаток присуството на гл. конструкција: "има (нема) + гл. придавка" уште́ и запазената конгруенцијата меѓу придавката и предметот на кој се однесува: **ги úмам пазáрени (јáиците)** – првична форма, што денес е надмината во западните говори; 2. изр.: **ду-стó и аднó** (= премногу) ~ *кá-ќ свăршиш вујникл̆ăк ќи-пúјме ду-стó и аднó, дă-знáјш* [ПК,2(Гăр),160].

стóжăр m 1. ~ *тó-ј дăрвуто шó-ј нă-стрéт нă-гýлăнто, дéк ги-вăрзувме кóјнто дă-вăршме;* 2. 'кога некој е многу исправен' ~ *шó си-зăстăнáл алúс стожăр нă-стрéт удáа* [ПК,2(Грам),106].

Стоја (Стојна) – ж. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,115].

Стóјко – м. лич. име запишано во Кукушко ~ *Пáша-си при Стójко отúде, [на-нивéста вáло да-дúгне, [на-нивéста лúце да-вúде, [лéлим áман да вúде. [Стójко му-вéле, говóре: [Пáшо-ле, пáшо ефéнди, [лéсно се вáло нé дúга* [ПК,2-(Мор),236].

стójне pf 'застане' ~ *ќи-рéче на-жéната-му: "Јáс ќе-хóдам на цáрот, смóкви бакшúш да му-дáвам; тú клáди на еднá тăпсúја смóкви, да-хóдам на-цáрот". Хóди Стратинóца, хóди по-пăтот, стójне, јáди днá смóква* [ВС(Кир),294].

Стójче – м. лич. име запишано во Кукушко ~ *дéдо Мúтре, сéтне кажýвше: имáло нéкуј Стójче и брáт-му нă-Гóце Дéлчув – Милáн. Они сă-бúли уф-нéка: нáша нúва, уф-нéка рăш. Нúвăта сă-викáла Тúнгувица. Аскéро дуjдéл, сăрдисáл сéлто* [ПК,2(Ним),274].

сток m 1.'наредени снопје во вид на купа, со класјето на внатре'; првиот круг на *стогот* долу е поширок и постепено се стеснува, за на крај, на врвот, се остава само еден сноп, како капак [ТГ,339];~ *лăжа нéма уф-мéн. Двăнájсе кăшти бúше* (с. Шекерлија). *Сè ристéне. Нă -бéго имóт бúше. Уд-Грăмáдна вóзăхме жúто, дă-у-нáшто сéло вăршăхме. Ќи-дójше бéго, вúке: "Кój-сă мójте стóгуве?" "Já твój-те, já нáште"* [ПК,2(Шек),277]; 2. – називот **сток** се среќава и во именувањата во врска со правењето **вăглин**: тенки дрва ќе се наредат во вид на купа, ќе се покријат со лисје и со земја, ќе се потпалат, бавно ќе согоруваат и така се добива *вăглин*. Купата од дрва се вика *сток* [ТГ,...].

стока f 1.'продукти, предмети со кои обично се тргува' ~ *и когá дошлú средý морéту, онúа двата чинúха збóр да гу фăрл'ат Кулýфа нетри на морéту и да му зéмат имáниту. И такá чинúха, гу фăрлúха средý морéту и му земáха сúчката стóка* [V,PM,8]; ~ *и си навидéја, му си пуклунúле на нéгу; и утвурúле стóката, му дунсéле на нéго дăр (бахчúш), злáтно, тимнјáн и смúрна. И на сóнут си суниле да нé си óдат нáзот* [MV,K,306]; ~ *тáмо седнé около двé мéсеци; сéтни господáрот излезé на магазúата, му направú дéсет кораби, ги напăлнú стóка, му дадé и едúн пăрв гимицúја* [V,PM,13]; ~ *н'ákој врјáме имáло едúн млóгу богáт човéк и бил џифаирџúја, санким и продáвал млóгу скăпи кáмини. И кату му са собрá млóгу стóка, úскаши да га продáди* [V,PM,26]; 2. 'имот' ~ *óшти идéн кусýр úмаш: сăта стóка шо úмаш прóдај си и раздáвај на сиромáсите, да ки нájдиш стóка на нéбито; и éла пу мéне* [MV,K,279]; ~ *еднó врéме úмаши двé брáтќа.*

Еди́нојут бе́ши мло́гу богат, кӑши ти и́маши кату ца́рските кона́ки, пари и стока мло́гу, ама не беши мо́шни учёи [V,PM,12]; ~ *ка пурӑсна́ло, а пи́те ма́јка му: "Никоа* (некоја) *сто́ка не́ма ут та́тку му, не́што ни́ви?" – "Има, ре́кла, јарии́ј и о́рат". Оде во́а де́тто уд еди́н ура́ч му-ј зе́ме вуло́вто и ра́лто* [ИГ,110]; 3. изр.: **и о́н не́-ј сто́ка** (= и тој има слабости, не е нешто со голема вредност) ~ *не́-ј кӑба́ат са́мо же́нта, и лйж.о не́-ј сто́ка, о́н-ей а́јн сирупу́к, нӑ-мо́ж ни́кој дӑ-му-пугоде* [ПК,2(Гӑр),167].

сто́ка f 'домашни животни' ~ *чӑи́р – сӑ-уста́ве да-ра́сте тре́ва, за-сто́кта да-на́се* [ПК,2(Ал),133]; ~ *ґа́вуло не-мужё дӑ-гу-гре́ше нӑ-стуча́ро, сто́кӑта изумре́, а нӑ-гувӑда́ро му-пла́ше ко́лко мо́-ј а́ко* [ПД,143]; ~ *чуве́ко сӑ-изнӑлушчи́, не́ма пари́. Дӑде́ еди́н, два́ ме́сци пла́ти и то́лко му сӑ-биле пӑри́те, ус-сто́ка мо́-ј живо́то нӑ-не́го. А пӑ де́тто му би́ло вӑзрӑсно* [ПД,144]; ~ *ба́ба ви́кме и на шке́мбито ут-сто́кта* [ПК,2(Грам),22].

сто́кми* pf 1. 'приготви, среди нешто' ~ *"Не́, или ќи-ка́жваш или ќи-сӑ-вӑрниме на́зӑт" – "Же́но, ки-ти ка́жӑм, а́ма ќ-у́мрам". – "Ка́жи-ми, у́мри!" – "Ама а́ј ту́ка не́ чи́не. Дӑ-сӑ-вӑрниме, дӑ-сто́кмиш жи́то, ки́л'ки дӑ-нӑпра́јш, кӑжва́штем ја́с ќ-у́мрӑм"* [ДК(Бош),138] – во контекстот среќаваме остатоци од стариот партицип: **кӑжва́штем ја́с ќ-у́мрӑм** (= кажувајќи...); ~ *и́лим се́га и а виде́ле и кӑскандисува́ле* (завидувале) *и на ме́н и на Та́тко ми. Туку́ за прика́зната шо и писа́на да си сто́кми на ни́јото но́мо: Шо ми пизми́ле кутуру́* (напразно) [MV,K,297]; 2. – **(сӑ)** ~ *на крајта на ланцката скалајцка гудина сӑ стукмих су брат ми Лазар па да си ом на патриата иако уломнани да си имах утидено ув една гудина две пата* [ME(P)67]; 3. 'се спореди' ~ *су секуа менӑ нӑ субаштӑ и селту или пагјӑ или сӑ кревӑ. Во ногу ачик ки сӑ видӑ аку се стокмӑ живечкӑта ув Постул ут 20 гудини на наприд и ут 20 г. нӑ вакӑ, ут коа је сиднат нӑ Постул чиркезут Хаџи-Мустафӑ* [ME(P),90].

стол m 1.'направа (обично од дрво) на која човек може да седне' ~ *тој, кату чу така и как гу виде сиромахот, от страх ки му изл'азиши душата, стана пашата от столот и тиде, стоја при сиромахот* [V,PM,28]; ~ *и на една́ о́дае фне́тре и́маша зла́тна суфра́ и позла́тни сто́лове, и фсје́кога́ и́деха да едат фне́тре. И на́ софра́та и́маша ца́рцки ма́нжи* [V,PM,259]; – зборот **стол** го регистриравме и во описот на црквениот живот во Гевгелиско: во црквата *има* ***стол за стујање***, тој стол е купен од семејството уште кога црквата се градела, и му припаѓа на најстариот член [ТГ,86]; 2. 'престол' ~ *дојде времја, царјут гу акалесаха на една свадба да пој на друг един цар. Така царјут остави на столот негов сина, та зема царицата му, та отидоха на свадбата* [V,PM,209]; ~ *тој зема царјувата мома... тој му вели на пехерот му: "е, пехер мој, сега ниа адет имами да дадеш на момата ти един хубав кон, и ниа да заврӑтимли три пӑнтја градот и така да седниме на столот"* [V,PM,237] – во текстот имаме случај како вокатив се изразува

со номинативна форма: **му вели ва пехерот му: "е, пехер мој...!"**.

сто́лнина f 1. 'главен град, таму каде што е седиштето на царот, престолнина' ~ *тогáс онова́ цáр, кату га виде́ онáја жéна, са почудú и речé сос умóт му: "наúстина, за тáја жéна човéк са отепýва". Стана́ о-тáмо, пак отúде на хáно, вјахна́ на кон'ут му, отúде на сто́лнина не́гова* [V,PM,12]; ~ *кату са винчаха, мя̆ра дни сетне ú рекла на пехерот му: "дјадо, јазе за пода на мојата столнина да сјадја сос женáта ми". И пехерот му му рече: "на́ и тус хамајле, ако роди мојат мома дете да го носи на ранката скришно"* [V,PM,207] – во текстот среќаваме сериозни потврди дека категоријата род не функционира; сп.: **ако роди мојат мома** (м. 'мојата мома'); исто: **ú рекла на пехерот** (м. **'му рекла'**); како лексичка посебност е употребата на лексемата **дете** со значење 'син': **ако роди дете;** 2. 'престол' ~ *царјут от мя̆ра дни сетне са беши разбол'ал от тешка болка, падна четиредесјат дни болин и после умрја. Устана санот на неговата столнина* [V,PM,195]; ~ *пак тојнака отиде, царјувата мома га зема и са чини цар, седна на столнината. Тогас пусна л'уди, земаха татка му и мајка му, да си радуват* [V,PM,76]; ~ *и т'а им вели: "ох, да ме знаете, ча сам на кралица дя̆штира и царска нивјаста, ама от безумен мя̆ж, што имам, не можа да зач'ува татковата му столнина".* [V,PM,195].

сто́лница f – в. **сто́лнина** [СК,336].

стом conj – за време, укажува на дејство по кое следува реченица со главно дејство ~ *и стом отúдоха áф стреду морéту, ету глéдат едúн човéк на морéту, еднá дя̆ска úмаши под нéгу и си бóриши сос стрáшните далгú* [V,PM,24]; ~ *стом вúде хизмикáрот такóф мјáсто скрúшно, заеднóш изл'ази от кóн'ут, гу фати на господáрот му, сос кáмини го бúиши по глáвата, удри гу, утепá* [V,PM,26].

стомáх m 'внатрешен дел од телото каде што се вари храната, трбушка, мев' ~ *"скóру да ми дадéти да јáм, ча мóшни сам глáдин! И немój глéдаш кебáрски лáнци: што да е јаз јáм, ча мójут столúх нóси сéкакво јáстие"* [V,PM,24]; и: **стомак** ~ *и тój, квá с-заплéскали, ка гу-фáтил дня̆ш, квá го-удрúл уф-стомáко и дробовто му-ги-измя̆кнáл, и на бéго му ги нóси* [ЛС(К),122].

сто́мна* f 'голем земјен сад за вода' ~ *напя̆лни сто́мната, клáди на рáмуту, лý ш'ту úш'т'аш'и да тря̆гни, нáтигу и дјáкут утпр'я̆т' н'éја* [MS,t,68]; ~ *от тáмо киниса да úди на пя̆тју. Наj-напрет дострјáти едúн гря̆нчáрин сóс две-трú добúци, нóсиши гя̆рнита, сто́мни, чанáци: отúваши да продáва по пазáрите* [V,PM,126]; ~ *мома јоде за вода, [биќар јоде пу неја, [викна биќар, продвикна: ["Бре стој, моме, пучекај, [да ти стомни пуносам, [да ти рамо улекне". [Спрсна мома да беге, [и он спрсна пу неја. – [Свал'уваќи стомнта, [зилен прстан са скрши, [викна мома да плаќе* [ТГ,368]; ~ *кату излезоха на едно поли сос млогу бегови да играјат џиритите, и истом кога тој играиши, една стара сиромашка жена промина прет негу и носила стомна сос вода аф рамото ú* [V,PM,70] – употребата на предлогот **аф** во контекстот: **носила стомна сос вода аф рамото ú,** не може воопшто да се подведе под основното значење на предлогот 'во' – да укажува на внатрешност, каде нешто се

наоѓа; ~ **л'а́рна сто́мна – "о́сим ука́ ви́ну з'е́ваха"* (= собираа осум оки; **ока** = стара мерка за тежина, поголема од килограм).

стомни́к m 'место каде што се чуваат стомните' [ДС(Ч),52].

стопа́н* (и: **ступа́н**) m 1. 'домаќин, глава на семејството' ~ *кату чу така́ жена́та му, фа́ти да пла́чи и да му ве́ли: "о́х стопа́не, де́ка ки ми оставиш ме́ника ту́ка? Немо́ј хождаш!"* [V,PM,13]; ~ *ста́наха саба́лин, му вили́ на ступа́ниту: "тузи́ ма́лку ш'ту сѫ руди́, ви сѫ мо́л'а мло́гу, дад'а́ти гу на м'е́н'а"* [MS,t,16]; ~ *"Аман, Петре, милин ступано, [ка кајдиса, ка на устави? [Оти, Петре, така прави, [ма устави сама-самуница? [који на деца мирам* (воспитување, наук) *ки даде; [на сираци леб ки даде!?"* [ТГ,263]; 2. 'сопруг, маж' ~ *царју́т беши стар; нивјастата гу неќаши и сакаши да гу утруи... един ден му рече на царју́т: "царју, сега меника што ми докарахти тука, јазе тебика ки ти зема стопан да ти чинал!"* [V,PM,46]; ~ *сиромахувата жена на рахат не можиши да седи, му вел'аши на ма́јжо и́: "стопане, ади да отворими паницата, што остави царју́т, л'у да видими, што има аф неа"* [V,PM,65]; 3. 'тој што е високо поставен, учител, господар' ~ *сѫ радува́ле ви́ки Уцени́ците ка видо́а на Стопа́нот. Ричé пак на них И...: Ми́рба на ва́с; ка́к ми пушти́ Та́тко ми, ја́с ви пу́шка́л на ва́с* [MV,K, 65]; 4. 'сопственик, тој што има право врз нешто' ~ *типа́ра ма́ра де́на на́ онája зе́мја панаи́р са берја́аши, што́то от ме́стото зему́ваа стопа́ниту пе́тстоти́на гро́ша. Са чу́диши стопа́нот ка́к да го чи́ни жрја́пчето* [V,PM,120]; ~ *во́а і стопа́нот, ела́јте да гу уте́пами на не́го, и да си а зе́мами и ни́а максу́лут. И а зе́ле на не́го, а извади́ле на́двор уф ло́зата, и утипа́ле. Или ко́га ки дуј'де́л стопа́нот ут ло́зата* [MV,K,269] – во контекстот се забележуваат повеќе граматички посебности: нерегуларност во категоријата род – **и а зе́ле на не́го**; во истиот пример правиот предмет се јавува во придружба на предлогот **на**; натаму проширена употреба на предлогот **уф** (наместо 'од') – **а извади́ле на́двор уф ло́зата**; употреба на предлогот **ут** (од) наместо 'на' за изразување на посесивност – **стопа́нот ут ло́зата**; ~ *и тојнака чини една чешма, чини и един тас от злату. Најпосле чини една кратунка. Она векн га оставиха, не га откра́доха. Проминал един ден един сиромах приз таму и пил една вода; там бил и стопанот* [V,PM,67]; – веќе имаме истакнато дека во говорите што се предмет на нашиот интерес се забележува натамошно упростување на остатоците од падежните форми кај заменките (за ова в. во граматичкиот дел); во случајот номинативната форма **она** се јавува во служба на прав предмет: **она векн га оставиха** (место: 'неа векн...').

стопанин m 'господар' – в. **стопа́н*** ~ *му-вели: "Ето, го гледаш тоа човек, шчо седе во ќошето? – Ќи ти биде стопанин; работа ќи ти биди – ќи ореш, и ќи теглеш кола; а јаден'то ќи ти биде трева и слама"* [ШВ,5(399)]; ~ *му-веле: "Ќи ти биде стопанин: ќи јадиш корите и коските, шчо ќи останат от софрата му, и ќи живуваш тридесе години". Кучето му веле: "О Господи! Сечи малце од годините!"* [ШВ,5(399)].

стопáница f 'домаќинка, сопруга' – в. **стопáн** ~ *от што бéши сиромáх и кăрпáчин, са чинú сéтника едúн богáт. Останá сóс úмја, ча брáт му от Стáмбол му дадé пáри и са чинú богáт. Алиа и женáта му бúла вéрна стопáница та не кáза на нéкој товá* (м. 'некој') [V,PM,19]; ~ *му дали едно кајве, и пил, и сега фатили збор да чинат. И заеднош Марин му вели: "ах господине Теодораки, много ти жал'ам, хем јазик на тебе! Отдека ја најде таја кахпеа та ја зема за стопаница да ја имаш?"* [V,PM,166]; ~ *овчаро го запитал: "Л'у колчиш полинеш все си радостан... от што ти дохожда таја радост"? Тăрговецо му рекал: "Как, о пријател'у, да сам не засмјан? Господ ми је подарил еднă ступаница толко умнă, штото никак си ни може н'акој да јă излăже"* [V,PM,280].

стопáнкă f – в. **стопáница** ~ *д'áдото Кóста нáјубáви точúлки* (направа за сучење кори – сукало) *правúл и стопанкúте уф-кăштата са-идáле да-ги-зéват* [ДС(Ч),158]; ~ *ету една магесница промина прет негу и му вели: "што си царју, толкус кахăрлиа?" Тогас царјут покажа на неа кадроту и вели на неа: "аку можиш от това кадру стопанката да ми га докараш тука половината ми царчина бакшиш ке ти дам!"* [V,PM,52] – во контекстот има уште еден пример за тоа дека југоисточните говори биле силно опфатени од балканското јазично влијание: изразување на сопственост со предлогот **од** место со 'на' **(от това кадру стопанката)**.

стопанлăк m 1.'домаќинство' ~ *алú когá ки дóјди едно врјаме да са уженуват јунакот на петнајси години и момата на дванајси години, тога сакам да ми кажиш, каков стопанлăк ке да правјат ониа л'уди* [V,PM,115]; 2. 'економика, господарство' ~ *старата самовила пила от водата и заеднош пукнала. И така са куртулисаха. После са земаха младата самовила сос јунакот и чинили стопанлăк по ветреници* [V,PM,280]; ~ *не трибувă дă сă зăбравă, оти уд негу сибеп сă турија и лозјăтă: ут прибруждејнă дур нă тригускăтă, састрă и катă вечăр пăдајрјуту носăт пу две кошници гроздă нă горнјут и пу две нă долнјут кунак. Во шо сă риче ду сеа достă јасну кăжувă пу шо трага* (т.е. правец) *одă селцкјут ступăнлăк* [ME(P),91].

стопе (се) pf 1.'нешто што било во тврда состојба, под влијание на топлина, помине во течност'; 2. 'се стави со некого, се вклопи во некоја средина' ~ *разбрáл óти во Цăрна Гóра úмја ајдýци, наýчал óти ќи-слúзат, тúја са на-висóкото, а слúзат нúското. И óн вúка: "Кáко да дójда до нúф, да с стóпа со нúф"* [ЛС(К),116]; ~ *Тúја му вúка т: "Па нé и лóшо да го повúкали. Кáко јунáк сас нáшата грýпа да с склóпи". Одат тúја и вúкат: "Ej другáр! Шо прáјш? А–бé вúка, мóш да дóиш со нас, вúка" Он знáј вéчи. "Е сéја, сéја знáчи ќ с стóпам"* [ЛС-(К),116]; 3. fig.'исчезне без трага' ~ *сă-ступú нă-нéгде, ни пóштукта нé му сă-знáа* [ПК,2(Грам),106]; и: **стóп се** – во зап. начин: 'бегај одовде, да те нема' (со пренебрегнување) ~ *стóп се, Вáно* [СК,336]; ~ *стóп-се нă-нéгде, дă не ми-тă-глéдат óчите;* ~ *стóпи га нáка* (= остави ја онаму) [ПК,2(Град),78]; и: ~ *стóпи-ј нáка тúи смăрдлúви рúби* (фрли ги) [ПК,2(Грам),106]; 4. изр.: сă-**ступú куту свéшта** (= кога човек брзо

ќе заслабне) ~ *чувéко трéбе д-и́ма нéкаа мǎ́ка, сǎ-ступи́ куту свéшта* [ПК,2(Гǎр),106].

сто́пин adj 1. 'нешто што било во тврда состојба а сега поминало во течна'; 2. fig. 'за човек што многу ослабнал' ~ *сто́пин-ej уд мǎ́ка зǎ-мо́лта* (ќерката) *шо́ мо-j бо́лна* [ПК,2(Гǎр),106].

сто́пле (сǎ) pf 'се загрее' ~ *Ину-вре́ме уфча́рчито си-и-пǎсе́ло о́фците пукрǎj инǎ-ре́ка. До́шло ину-вре́ме прила́дăл уфча́рчито. – "Aj, си ре́кăл, д-ă-зǎпа́л'ăм ва́ кǎпи́нта". А-зǎпа́л'ува ва́ кǎпи́нта ба́гим дă-сă-сто́пле* [ДК(Бош)137]; ~ *прǎкǎра́ме та́а зи́ма та́м, ви́кме: "Нă-про́л'ăт ќи-с-jо́дме, ќи-ш-jо́дме, сă-сто́пле, ка́к де́-j ќи-с-пудре́де". И тǎка́, устǎна́ме та́м. Нă-мужé сă-пудре́де* [ПК,2(Мор),221]; ~ *зǎпа́л'-а со́пта дă-сă-сто́плиме, ма́ллчко дă-сă-сла́че уда́ата* [ПК2(АЌ),104]; ~ *женáта секоги си пила вино, а фногу пăти и се опивала. Еден ден во зимно врелe, зашчо и́ било студено, дошло и́ на ум да го стопли виното* [ШК,5(417)]; – на породилката ѝ се става *пустел'а на долин кăт,* покрај огништето *да се стопле* [ТГ,106]; ~ *се́дни ду-пизу́л'о* (ниско ситче до огништето) *си-j сто́плиш ра́цто* [ПК,2(Крец),84]– во текстот имаме употреба на перфективен глагол во презент: **си-j сто́плиш ра́цто.**

сто́плн* adj 'нешто што било изложено на температура' ~ *и виндузи ста́вǫхл. Они сǫ-ча́ши ǫт-ста́кло, ста́клни ча́ши. Стопл'у́ват-сǫ сǫс пǫмýќ пǫто́пн сǫс спири́тис. Та́кǫ сто́плнит ча́ши ста́вǫт-сǫ нǫ-гǎ́рдит и нǫ-гǎ́рбǫ* [ДС(Ч),164].

сто́ри pf 1.'направи' ~ *гу пи́та: ... е́ш'то́ сто́ри?; ja на́jди?и́ – е́ja на́j-духи́* [MS,t,10]; ~ *му вили́: "ами́н, мǎ́нu'у, ш'о́ за сто́риш', за ja прували́ш' бǎ́нч'фата!"* [MS,t,68]; ~ *е́хýбajǫ сто́ри! ту́рни ха смо́кфăт'ǫ, да ти гу на́пăлн'ǫ зимби́л'ути́* [MS,t,86]; ~ *е́за да ка́зуват такфе́с ра́бути, ш'ту и́ма сто́рину с'а́кутри, за да ка́ж'и и д'ắт'ǫту, ш'ту сто́ри да да гу фа́т'ат!и́* [MS,t,12]; ~ *"С'ắ, ш'то́ да ти сто́р'ǫ?" – "Ш'ту и́ш'тиш', сто́р ми!"* [MS,t,55]; ~ *и сă руди́ ма́лкуту: ма́лкуту би́ши мǎ́шку, шту има́ха хад'е́т'ǫ, ги сто́риха ш'и́ч'ки* [MS,t,15]; 2. 'завр-ши' ~ *сă пуч'у́ди но́с, му ни фа́ти уко́ту, за да ja сто́ри ма́с ра́бута* [MS,t,57]; ~ *сǫти за́рди не́го сǫ чини́ле, и биз не́го ни́ш'то сǫ сто́ри, шо си чини́ле* [MV,K,251]; 3. 'изработи' ~ *му сто́ри идно́ синду́ч'ǫ и му кла́ваш'и хако́т нǎ́тр'ǫ у синду́ч'ǫнту* [MS,t81]; ~ *и така́ Де́дала́та сă чу́диш'и, ка́к да сто́ри, за да си по́j на патри́дата* [MS,t,58]; ~ *и стуjи́ пу́ на пǫтна́jси дни и и́ди с'е́тн'ǫ динкш'и́jата да гу сто́ри д'е́нґуви* [MS,t,5]; 4. 'помина, наполни' (извесен период) ~ *д'ắт'ǫнту сто́ри мло́гу гуди́на у ну́с кафине́* [MS,t,81]; ~ *та́ чу́пăта шу-сă-руди́ла и то́ де́тто сă-стури́ле се́дум гуди́ни. Ќ-и-пу́шта нă-скул'о́* [ДК(Ран),129]; ~ *фатиха да са биат, и Бог му помогна на страшливоjут цар, и добил от кавгата, не и загубил. Но млого време стори дури да си вăрни от кавгата* [V,PM,210]; ~ *сто́р'ǫх ш'е́с м'ắ сници* [MS,s,107]; ~ *лита́штем не́сă удăви́а де́цăта. И-кре́ва. Ко́га и пу́ле – де́ца. То́ си нимá́л де́ца,*

пу́стјут. Си-и-зе́ва, си-и-пурăсту́ва. Еее, că-стури́ле зă-жине́те де́цăта [ДК(Лип),114]; 5. 'организира' ~ *си ка́заха ха́лу на ц'ар'у, как би́ха... и му сто́ри ца́р'у иди́н бра́к, ги уж'е́ни* [MS,t,26]; 6. 'приготви, свари' (конкретно: чај, кафе) ~ *ба́бата сăс гул'а́ма ра́дус му сто́ри кафе́, му сто́ри ч'а́ј и му да́ди л'а́п да ида́т* [MS,t,84]; ~ *е́иднó кафе́ да ми сто́риш'!и́ и д'ăт'а̣нту му сто́ри кафе́ и му зан'е́си* [MS,t,82]; 7. 'изгради' ~ *и та́м паза́ри да му сто́ри на ца́р'у иди́н куна́јќ* [MS,t,19]; ~ *фа́ти сто́ри идна́ гул'а́ма кӑш'та* [MS,t,86]; ... *е́ш'то ... афу́ и́мам ина́ ками́ла пари́, си ни фа́там ина́ мо́ја ра́бута? ху́бав'а̣ că ш'ќе́псах, така́ за сто́р'а!и́* [MS,t,14]; 8. 'подаде, напиша' ~ *сто́риха парапу́ну* (= подадоа жалба) [MS,s,107]; 9. 'принуди' ~ *тос кеманецииата, кату гу виде н'амојут, и́ рекла на царјут: "царју, јазе за го сторја, тос н'амојут да отговори". Каул стори* (се обложија) *кеманцииата сос царјут* [V,PM,192] – во контекстот има несоодветна конгруенција: субјектот во машки, а предикатот (л–фор.) во женски род: **тос кеманецииата... и́ рекла на царјут**, освен тоа кратката заменка **и́** (за неправ предмет од 'таа') се јавува наместо формата **му** (за неправ предмет од 'тој'); 10. 'роди, даде плод' ~ *и как промина пануклата, неколко година сетне ја сјах нивата пшеница, штото ми стори една чиста пшеница, саде зăрното, и еден алтун врјаднува* [V,PM,182]; ~ *и тој рече: "за пода, дека угрej слăнцето, имам нешто да питам". Тогас јабалката му рече на него: "молим господине, и за мене да питаш, зашто не мога да сторја јабалка, и да поминеш отука на вăрнанти да ме каж'а!"* [V,PM,...] – во текстот среќаваме гл. именка од свршен глагол: **да поминеш отука на вăрнанти**; оваа појава ја познаваат и другите јужни говори, но не е позната во македонскиот стандард; 11. 'преправа' ~ *господин Костандин си молиши млого на Бога, ча беши чуден* (пишува 'гудел'), *велиши: "ах Боже, барим така ако не мога да пода на моја пăрва л'убов, стори ми едно пиле да летна, да пода, да ја видја мојата пăрва л'уба"* [V,PM,227]; 12. 'намести, назначи' ~ *как излези сос остра му сабја, си завратја еднош на л'аво еднош направо; душа не остави жјува. Тогас отива и на царјут, от крăстот на дол гу прai прăст и пепјал. Тогас татко му и мајка му, ги стори царјуви* [V,PM,227] – во текстот се среќава архаизмот **прав** 'десен': **си завратја еднош на л'аво еднош направо (сп.** во северните словенски јазици: руски, чешки); вакви примери забележиме на повеќе места во материјалите; 13. 'науми, се обиде' ~ *Одăт. Та̀ ве́чер, ej, мăбе́т гуле́м, му́зика а́рна. Ко́га до́шло кăди-по́л но́ш нă-де́тто идну а́пче двајсчи́тир са́ти дă-н-că-рăзбу́де и́ч. Ара́пите пту – па́мпурут у-бăрзи́на. Кă-уде́ле, уде́ле стре́т но́ш де́ка уде́ле, стури́ле дă-гу-фằрл'ăт у-мо́рто* [ДК(Ран),131]; 14. – **(се)** 'се извалка, се скина' ~ *та̀ дула́м-кăта гле́j дă-н că-сто́ре* [ПК(Грам]; 15. – **(се)** 'се пристори' ~ *ре́коха: "Ти, пре́тел'о, како́ помина́ тази нӑш сами́?" И то́j ре́че: "Ха́рно помина́х, ама́ ма́лку бằлхи ма едjа́ха". И си ре́коха: "Ви́дје ли? Ниа сас то́лко ка́мене, што вằрлехме, та и́махме, чи го́ сме отре́пали, пак то́j мо са̀ са сто́рили каме́нете като́ бằлхи"*

239]; 3. 'чувства, скриени желби' ~ *писмото така вели си: "царјува керка, харна дивојка, моја л'убоф! Тинака да знаиш, оти јазе не сам магарешка глава, туку сам јунак харин, ама сарцето ми на друг не гу кажувам, сал на тебика"* [V,PM,90]; 4. 'централен дел од нешто, пр. од пупката со која се калеми некое овошно дрво, именно од него се јавува *калемут уд ашладисувајнето*' [ТГ,407], односно: 'внатрешниот дел (семката) од: орев, бадем, лешник и сл.' ~ *шо купи́ме а́дни уре́е, сафи́ сăрце, а́дна те́нка шл'у́пка* [ПК,2(АḰ),110]; исто: *сăрцто шо ќ-о-иска́риш утлубуни́цта (сă ви́ке* **гибе́к***)* [ПК,2-(Гăр),34]; 5. изр.: **су сѐ сăрце** (= со голема желба) ~ *кату чу така царјут, познал ча беши негова момата, и заедноч стана и му даде познание на сички. И си зарадуваха млогу и чиниха и свадбата, га уженихa. Тогас гу чиниха векu со сѐ сăрце зет* [V,PM,37]; ~ *идну-де́н А сăн кла́л ниѐт дă-и-упи́та сил'а́јнте: а́ко мо́же дă-зе́ва и о́н рисја́нцка ве́ра, а сил'а́јнте му ре́кле: "Ни́а су сѐ сăрце тă-са́кăме у-на́шта ве́ра, са́мо дă-гу-упи́тăме по́пу"* [ДК(Деб),153]; изразот **су сѐ срце** се јавува и во следниот контекст во кој се расправаат верникот и попот; сп.: *панагијата* (лебот што се носи в црква) не треба да биде голем бидејќи свештеникот се лути: *"Си ми дунсел цал леб, за десит души да ручат! Малце дунеси, ама су сѐ срце дунеси! От ки дунесиш цал леб, Госпуд не са свал'уве да руче"* [ТГ,220]; **влезе на сăрцето му** (= кога некој многу ќе засака некого) ~ *така кату чу царјут от лалата, влезе на сăрцето му един мерак, една севда за ламината керка, и заедноч пусна човек, гу викна авџиолиата* [V,PM,43]; ~ *цáрјут, кату гу ви́де дјáтето, мло́гу му фле́зи на сăрцето и не́ са́каши да гу оста́ви да си вăрни* [V,PM,142]; **пăлно ме́-ј сăрцто** (многу сум радосен) ~ *ка́-ќ ми-до́от де́цта, пăлно ме́-ј сăрцто* [ПК,2(Гăр),191]; **ча́к нă-сăрцто ми-дупре́** (= ме возбуди, ме трогна) ~ *и тря́гнах нă-гурбе́т, за-да-у́чум све́тут. Удéх уф-еди́н гуле́м гра́д – ца́рски. Сиднéх уф-ади́н анџи́ја сирума́х. Убугате́ чувéкут а́рно, éс лу́да гла́ва, се-зăсăка́х сус-ца́рската мо́ма. Мо́мта вике: "Их, а́ма ху́бава при́кăска-а-а...! Ча́к нă-сăрцто ми-дупре́!"* [ВК,284]; **не́ зи́ми сѐ нă-сăрце** (= немој да се нервираш за небитни работи) [ПК,2(Гăр),186]; ~ **срцето му пеје,** (па за тоа и он пеје) – народот кажува кога некој е многу весел и пее, но додаваат: кога ќе се жени *"гу навѓануват брига и касавет, па и оро забрауве и песни забрауве"* [ТГ,322] – зборот **брига** (грижа) не ни е познат од други материјали, возможно дека е тоа интервенција на Тановиќ (?); **немат ут срце чедо** (= немаат пород, немаат родени деца) – семејство во кое жената е нероткиња, откога ќе ги притисне возраста посинуваат дете, ако е машко се вика *пусинук*, а ако е женско *пуќерка* [ТГ,277]; **от сăрце ма́лку му се роди́ло** (= добил пород) ~ *дојдé врја́ме, му земá от харно ме́сто дивóјка и гу ужени́. И на дéвет мјасици Го́спод му и да́л от сăрце ма́лку му се роди́ло* [V,PM,108]; **не́ и́ éј ут-сăрцто ски́нно** (= детето не е нејзино, не го родила) ~ *ко-те́пе ја́, не́ и́ éј ут-сăрцто ски́нно* [ПК,2(Гăр),180]; **срце јадејне** 'вид болест кај коњите' – кога коњот или магарето ќе почне *да се вргал'е* (да се валка по

земја), народот тогаш зборува дека *срце гу јаде*, го лекуваат со тоа што во грлото ќе му сипат ракија измешана со црн пипер; коњите уште боледуваат од: *текнефеслук, мрдарлук, зазăбица* и др. [ТГ,384]; **да видум што срце имаш** (= да видам колку си храбар) ~ *и што веле Арапине, ем гуворе, џанум: ["Дали знајиш ил не знајиш, Попово Јуванче, [оти сул ти јас заптисал се бели друмуве, [и не давум преко н'ихха пиле да пралете?" [што му веле, Ванѓелино, Попово Јуванче: ["Јас пак дујдех да заминум, црна Арапино, [и да видум, леле џанум, што срце ти имаш?"* [ТГ,41]; **биз срце зимувајне** (= брачна врска што не се заснова на љубов туку на нешто друго, пр. на богатство и сл.) [ТГ,192]; **на сăрцито чист** (= добронамерен, без злоба) ~ *зевáјте јáремут наврáс вáс, и ки си наýчити уд мéне шó сам крóтук и на сăрцито чúст, да ки си нájдити леснотúа уф вáши дýши* [MV,K,310]; **уд сè срце издијнувум** (= со голема тага воздивнувам) ~ *дејна мисл'ум, ноќа сонум; [на вичери ми тикнуве, [дур залуг ми залигнуве, [фил'џан слăзи суронувум, [сијна риза јутупувам, [уд сè срце издијнувум* [ТГ,368]; **ти кажувам сăрцето** (= ти кажувам важна тајна) ~ *Зил'áф–е, зăтó. Јáс читирдéсет úмăм сăте су-инă-слáмка и-лăжăм, нă-ни́кој сăрцито нé-си-гу кáжвăм, вó нă-инă-пустрáна жéна ќи-му-кáже сăрцито и сăкăл д-ýмре* [ДК(Бош),138]; ~ *на царјувата керкa та ја вели: "нивјасто, царјува керко, тинака си моја л'уба! Туку да знаеш, сам закăлнат, аку умра и пак да ужувеам има кабил да кажа; л'у на тебика ти кажувам, сăрцето мој тинака да знаеш"* [V,PM,98] – редакторот на Зборникот (на Верковиќ) во фуснота објаснува дека неправилно е употребена крат. зам. форма за прав предмет **ја** наместо дативната 'ѝ': **на царјувата керкa та ја вели** - тоа е само еден од многуте слични примери. Сп. уште: **срце фашќајне (срце јадејне)** – болест, болно срце; се лекува со: ракија во која има ставено истолчени зрна од пипер и трева: *чубрика уд срце* [ТГ,240].

стрăф m 'мамец' ~ *му-турúх стрăф дă-вúдум дáл' ќи-сă-фáте* [ПК,-2(107)].

студ'ён* adj 1. opp. на 'топол' ~ *гу клáвами плáтнуту н'étр'ą стујú двájсич'étир сáта, гу звáж'дами с'étн'ą, утúвами на студ'éната вóда* [MS,t,8]; ~ *кату излезе млогу царски аскер, ги најдоха харамии аф една гора, аф едни студни води: овни пичаха да јадат таму. Сички ги отепаха* [V,PM,66]; ~ *јузела је Трена ду две стомни, [да ки јоде Трена на Бел-Дунав, [да налије Трена студна вода, [да наваде Трена цвеќе рано* [ТГ,172]; ~ *да ки јоде, мало дете, [да ки јоде на та чешма; [да налије, мало дете, [да налије студна вода, [не му даве мрена риба, [да налије студна вода* [ТГ,49]; ~ *"Ајде да одме плачо – клачо, пу ладни сенки, пу студени води; нија да се врниме, ти да не са врниш, там да устаниш, сенка да са чиниш, уд слăнце да бегиш, пу вода да истечиш!"* [ТГ,125] – мајката ги упатува овие зборови кон селскиот говедар со верба дека малото дете ќе се ослободи од болеста и од плачењето; пр. во именски предикат: ~ *навóнка нéма жúва дýша, нóго-ј студéно (времето)* [ПК,2(Гăр),79]; 2. изр.: **студéн до-цилúвам** (= клетва: да умре, да биде мртовец – мртовците

и иконите 'се *целиват*', сѐ **друго** 'се *бацуве*') [ПК,2(Гър),195]; **тъ-чéкум кут студéна вóда** (потребен си ми, со нетрпение те очекувам) [ПК,2-(Гър),200].

студенина f 'ниска температура, студ, студенило' ~ *Като чул тија дрва как свират от ветрот, си рекъл оти сфире офчарот сос сфирол и утишел на кулибата и видел – никој нема, та зел да вика: "Еее, офчаре брее! Шилегаре! Къде си?" Викал, викал и от студенина умрел на пъ́кот* (погрешно пишува: 'пъкот') [ШД,5(437)].

студено n 'студенило' ~ *ка си дуна* **сечко** *адин ветар и дош, ка си зафати една* **лапавица**, *хеј море, хеј, чувек ут студено уф мишиј дупки да са напике. Бабата сусе кози и јарци бише таман на среди на пътут* [ТГ,13].

Студенчеца top., dem. од *студенец* 'извор, кладенец'; сп. стсл. **стоудѣньць**, регистрирано во Клепушна, Зилјаховско; од истиот корен во Трлис, Драмско е запишан хидронимот: **Студенек [ЈИ,Ми...,200]**.

студини́ло* n – в. **студенина** ~ *и вóа, лъжáчут му-дáве двé јáјца и гу-нáка рáл да-и-квáче. Нáпкунта тóа ко му-и-дадéл тúе јáјцата му-рéкъл: "Ќ-óиш на-тúе кáмъјнто, ќ-и-квáч". Мистéки-се ут-студинúлто (имáло сúлън вéтър), нúкој кáмън съ-истъркáл'ъве* [ВГ(Ѓ),274]; ~ *шó сте а-утчикнáле тáа врáта, нé глéјте какво́ студинúло úде удвóнка* [ПК,2(АЌ),123]. ~ *фъндýјсто* (специјални чаши, се стваат на телото против настинка) *съ-фáштат зъ-мъ́ршта, тъкá о-вáдат студинúлто* [ПК,2(Грам),76].

стуи́ impf 1. 'се наоѓа во мирување, исправен на нозе' ~ *да съ пукáциш' на џ'амúјата, тój за стуи́ удóл, да съ фърлúш' ти на връ́х н'éгу* [MS,t,57]; ~ *му вилú: éкáта трú дни за стуúш' гóл, кóгу за прумúна н'éма да вр'ъ́виш' хúч'ú* [MS,t,78]; ~ *арасля́нут стујú, гу връ́зува ч'уфч'ú́јата; как гу връ́за хýбаја, з'é брáдвата, му удрú у нуs'ъ́та* [MS,t,77]; ~ *Отúде, гу викнá, и Кулýф станá, отиде на кадúата, му са поклонú и стоú прав прет нéгу. Тогáс кадúата му велú сос л'ýтос за да гу оплáши, да га остáви женáта* [V,PM,12]; 2. 'престојува, останува' (некаде) ~ *стујáхми пу идúн м'ъ́ја нц двá у Кавáла* [MS,t,2]; ~ *и тáм за стујáт дур да усъ́хнат ... с'éтн'ą сабáлин кугá úма рóса, ум'éкнуват ... ги прáвими сандáлą* [MS,t,5]; ~ *гу клáвами плáтнуту н'éтр'ą стујú двájсич'éтир сáтą* [MS,t,8]; ~ *и с'éтн'ą си напулн'увáми у ш'иш'ántата, у бóциту и такá стујú дур да битúса* [MS,t,4]; ~ *вúнуту, гу напулнувáми пу бъ́нч'фит'ą и пу варéлиту и такá стујú за ш'úч'куту вр'ъ́м'ą* [MS,t,4]; ~ *кугá ја гл'éда óш'ти връ́зана му стујú; гу з'éва нузú ч'увré, гу клáва на дъ́нуту на синдýќу* [MS,t,35]; ~ *му ричé на нéгу: Арно и, измúкар мој дóбар и верувáн; за мáло нúшто стуá верувáн, за нóгу ки ти унамéстам* [MV,K,271]; 3. 'изгледа' ~ *гу вúда на џáр'у мájка-му, ш'ту съ ч'ýди, утúва му вилú на џáр'у: éш'úч'ки јадáт, пúјат, прóтумáстуру уч'ýдин стујú"* [MS,t,19]; 4. 'има нешто некаде, се наоѓа' ~ *и фáф сараé úмашја адúн ехъ́р, дéту седéшја кóне му на змиата. И кóне фсé си бјéше убрýжен кату кугá навъ́рвја, и на кóне му от гóре стоéше аднá мъ́гла* [V,PM,259]; ~ *пǫ пъ́т'ą змúјчąту кáзълу нą-мъ́жé:*

"ăку-ти-ка́же мáјка-ми шту-и́скаш да-ти-да́м, ти́ хи-по́искај пръ̆стјăн'а де́ту стуи́ пуд-не́хина изи́к. Туга́ шта-мо́жăш да-рăзби́раш изи́ка на-жуо́тните" [ВД(ГБ)330]; 5. 'чека' ~ *тугај лисицата рекла на змиата: "Свали се долу и ќи ви кажум кој има право". Змиата се излăжала, та се сфалила. Лисицата рекла на офчарут: "Удри бе, шчо стоиш?" И офчарут удрил, та га утепал* [ШК,5(430)]; ~ *то́га ве́ли на змиќа́рите: Сфа́дбата азăр сто́и. Уде́јтисте ви́ки во́нка пу́ друмишти, и ко́лку ки на́јдете, кане́јте на сфа́дбата* [MV,K,270]; ~ *му речел: "Шчо правиш тува, бе старчо?" Јане му речел: "Правам гроб* (сандак мртовечки) *от дрво; ми умре едно дете, сакам да го закопам". Дефот му речел на Јане: "Ним се мăчи; јас ќе го напрам поскоро". Дефот направил гробот и му речел Јане: "Стој да го измерам дал' е тамăм"* [ШС,5(411)]; ~ *като се прочул тоа јунак, царо го сакал да оде, да му фаќе живи мечки. Тој рекăл: "Не можам сега, стој, ф-питок!" Дошло питок, царот му рекăл: "Ајде...". Тој му рекăл: "Стој до другиа питок"* [ШД,5(411)]; 6. изр.: **душа нека стоје, (Бог) ки да здраве, ако не вадан, а оно утре** (= надежта никогаш не треба да се губи) [ТГ,-247]; **една душичка оште стоје** (= се кажува кога некој е многу слаб и болен) [ТГ,248]; **дудéк му ду́ша стуја́ла** (= до задните моменти, пред умирачка) ~ *дудéк дă-прăми́нăт гра́ницта, [пăрва пу́шка пукна́ла, [Го́це гу уф-гăрди ра́ни́ла, [в ле́вăта стра́на уф-сăрцето. [Дудéк му ду́ша стуја́ла, [на-другáре ве́ле, гувóре...* [ПК,2(Крец),297]; **си стои на умут** (= присебно се однесува) ~ *и́лили ви́и да си сто́ити на у́мут, да не́ си чу́дити ка́к да си удгувóрити. Оти јáс ки ви да́дам у́ста и софи́а, шо не́ ки мо́жат да ви угувóрат, ни́то да ви субóрат су ла́ф* [MV,K,317]; ~ **ич не́ си-сто́о на-ла́фо** (= не го почитува тоа што е договорено) [ПК,2(Гăр)157].

Стујáкăво top. 'име на село' ~ *уф Стујáкăво прăкáжăвăт куту уф нáс* (*Мачуково* – село на самата граница, но сега во Грција). *Уф Бугдáнци – по́-инăк* [ИГ,120].

стујални руби pl. 'алишта што се чуваат, односно се употребуваат само за важни, големи празници каков што е Велигден' – терминот **стујални руби** го запишавме во религиозниот обичај како се дочекува "воскреснувањето" на Христос: *на Вилигдин рано са оде уф цркви.* Луѓето ќе се облечат во нови или *стујални руби,* и сите брзаат што побргу да стигнат в црква и да слушнат *как ки речат "Ристос Васкрес!"* Жените ги носат в црква сите деца, па дури и малите бебиња – *максăме.* Секој сосед мисли дека му е должност да го пробуди соседот, доколку се успал, односно не го слушнал звонот на камбаната. При тргнувањето секој ќе си понесе по една свеќа (купена порано) и црвено јајце. Во минатото младичите кога поаѓале за в црква, земале со себе и пиштол, па кога свештеникот ќе прогласи "*Ристос Васкрес!*" ќе испалат по еден куршум. За велигденските црвени јајца во Гевгелиско се раскажува оваа приказна: кога *Ристос, Синот божји* умрел, христијаните зборувале дека *Исус* ќе воскресне, додека Евреите се потсмевале зборувајќи дека тоа ќе се случи само ако кокошките почнат да носат црвени јајца. Тогаш сите христијани клекнале и долго се молиле на Бога да им помогне,

не за нив, т.е. не поради тоа што Евреите ќе ги прогласат за лажговци и ќе ги казнат, туку за самата вера, што им ја даде тој, бидејќи ете Евреите бараат видлив знак – црвени јајца. *Пилатот* испратил слуги... И не поминало многу време, а слугите се појавиле на вратата со црвени јајца. В о спомен на тоа христијаните, за да ги уверат *душмајните* (непријателите) дека *Ристос* воскреснал *вапцуват* (бојадисуваат) јајца. И поради тоа кога *се капат* (еден со друг ги удираат, т.е. ги кршат јајцата) велат: *"Ристос Васкрес!"* и *"Ваистина Васкрес"* [ТГ,59]. Има и: **стујални јургане** – тие се чуваат за гости и никој од домашните не смее да ги користи [ТГ,286].

стујáлу n 'дел од направата за предење (волна, памук)' [MS,s,108].

Стујан – м. лич. име запишано во Гевгелиско ~ *тија не са, Стујан, млади ти другаре, [туку ми са, Стујан, врли самувили, [тебе ми те мамат, тебе ми те чекат, [да т-искарат, Стујан, на бели друмуве* [ТГ,178].

стýле (сă) pf 'застане на скришно место, се сокрие' ~ *"Ај влéзи, му-вéле, тýка! Сéа нéма нúкуј". Оше нимáло, ráно-ráно бúло. – "Влéзи у-цăркфăта, му-вéле, сéа ќи-дójдăт". Влéгăл у-цăркфăта. Грéдăт. Тóа кă-сă-стýле, пóпут нéгу вúшăл* [ДК(Лип),118].

стулúсану adj 'подредено, украсено' ~ *вúд'ą инó м'áсту млóгу хýбаву стулúсану óкул, óкул с'é сăс стр'ébру и мáламу заград'éну* [MS,t,60].

стумбóхартó (и: **ступóхартó**) n 'тенка хартија, таа што впива течност, пр. мастило' [MS,s,108].

стумнáрник* m 'место каде што се чуваат садови' ~ *áj-га дéка-j пýкнина стóмăнта, ут-тук пудлúзе, зăтó-j тáа вóда пут-стумнáрнико* [ПК,2(АЌ),91]; ~ *нé-j árно испé чина* (стомната), *ґóл' нąпрăвúла пут-стумнáрнико...*; в. **стąмнúк** [ДС(Ч),52].

ступáнкин* adj (fig.) 'проклет' ~ *óн пă утúде, зимá ájн лéп, дујдé. Пишúн пумнá аднó ступáнкино тăркáло, тăмáм ká дујдé, ác ќи-чúнум тăкá лéбо до:-зăкáчум нă-кóлта; то: тăркáлто, а врăс тóо тýка, а врăс тóо прăс тýка пуминá и мă-изгурé* [ПК,2(Грам),240].

ступáнска adj (m, f) 'кога нешто не е државно туку му припаѓа на поединец, сопственик (стопан)' ~ *áку бúши ступáнска клáјąнц, тугác вóда úш'тиш' да тич'é ч'úста* [MS,t,40] – во текстот атрибутот за ж. род стои како определба на именка од м. род: **ступáнска клáјąнц** (место: 'стопански').

ступлú (сă) pf 'кога нешто било изложено на температура' ~ *фáт'ąха да сă см'ăјат валúту и паш'áта "хúч' бакăру на т'ąп'ăту, сф'ąш'тá на курин'ó, ни мóж' да сă ступлú билé, óхи да сă сфарú"* [MS,t,55]; ~ *и р'éч'и: "клáт' казáн'ут, да ступлúш' óда да стóра бáн'а!"* [MS,t,68].

ступл'óва impf 1. 'загрева нешто, пр. јадење, ставајќи го на оган'; 2. – **(сă)** 'времето станува топло, се покачува температурата' [MS,s,109].

стурýве (сă) impf 'се преобразува' – в. **стори** ~ *дéтто адно врáпче стăнýве, литнýве, óде нă-цáро нă-пулúцта зăстáнуве, сă-стурýве адна кúтка, áма кúтка дă-нé а-фáтиш уф-рăкта* [ПК,2(Ним),270].

стýт' f 'кога температурата е многу ниска се вика дека "фатило студ"' ~ *Инá стýт' имáлу н'éс в'éч'ерóви* –

кла́т' си на умо́ – и то́с сӑ разго́ли [MS,t,54]; ~ *ут стута́ замрӑзнаха ки́ткит'а* [MS,s,109]; ~ *и бе́ше мло́гу студе́ну, што́ту са ка́мене пу́кашја от сту́т. И ста́рата сичка́ нӑш си трие́ше забу́те, и така́ казува́шја и ру́кашја да е слу́шет: "(Тахта́), си́ну, та́хта, ама́ у́тре мла́да невјаста!"* [V,PM,264]; ~ *то́-ј ут-сту́т, а́к измӑрзне ма̣ле́чкуто о́ш ка́ ци́це, ка́-ј три–шти́ри ду-ше́с ме́хци. Уд-н'а́а но́го уми́рат биби́нта* [ПК,2(Гӑр),26]; ~ *дуј*дé *здӑрвин ут-сту́т, нӑ-мо́же прӑстто дӑ-сиј-сви́и* [ПК,2(Гӑр),46].

стути́на num ~ *з'е́ пуна́ стути́на ко́-зи и ерке́ч'а и и́ш'тиш'и да му ги зака́рат на с'елуто́му* [MS,t,17]; ~ *ку́: зна́:, кӑква́ кури́а е пуштини́а. Но́го нӑро́д флизе́ в Гӑрција. Гуле́-мо се́ло, шо дӑ ти ка́жум, у́куло̣ стути́на ку́ќи* [ИГ,122].

стӑвја́ло n 'место за одмарање, легло'; fig. 'роден крај, постојано место за живеење' ~ *се́куј са́ке дӑ се́-ј нӑ-стӑвја́лто* [ПК,2(Крец),107].

стӑке impf 'го засилува оганот' – в. **стӑкни** – сп. исечок од семејниот живот: основната работа на бабата, во работен ден, е да ги чува децата и *да стӑке оги́н'* (да внимава да не угасне) [ТГ,271]; ~ *гу-вӑрза́ле, мӑш и же́на, сја: и двуј*ца̀*та гу-вӑрза́ле, и тури́ле пра́во кӑза́но, во́да дӑ-сӑ-то́пле. Ќо:- (< ќе го) сва́рӑт, ко:-изе́дат. Е то́ӑ удде́л дӑ-зӑму́ве пипе́р, шо тре́бӑ за дӑ-згото́вӑт. Вӑрзӑн-ej, же́на-му стӑке о́јгино* [ПК,159]; ~ *ба́бӑта сја: стӑке о́гино, арни́:та го́ре, гӑ-стӑке не́-с-ступл'у́ве во́:та, с-исту́руве. Ка́ сӑ-исту́руве во́:та и та́ ре́кла: "Не́ би́ве та́ рӑбо́та"* [ПК,2(Пл),259].

стӑкни* pf 'направи да гори силно оганот' ~ *и ка́рат, ка́рат, з'е́ха мло́гу пӑнт'* , *ала́ замрӑзнаха на пӑнто́ и сл'а́зуха на ина́ го́ра уд-го́р'а̣ за да стӑкнат во́гни* [MS,-t,23]; ~ *ај ста́ни, ста́ни го́р ли мо́ме, о́гино̣ да̣ стӑкни, [о́гино да̣ стӑкни мо́ри, бо́рна̣ ли да̣ запо́ла̣ш, [бо́рна̣ да̣ запа́лиш-ли мо́м, мо́ри ли да̣ по̣гле́да̣ш* [ЛС(К),132]; ~ *за стӑкна о́гн'ут* [MS,s,107]; ~ *са́ке дӑ-сӑ-стӑкне о́гино, дӑ-сӑ-чи́не жа́р, дӑ-ј испе́чме ти́а куба́цте* (клас од пченка) [ПК,2(Гӑр),107]; – гл. **стӑкне** го сретнавме во следниот опис на жештините што ја опфаќаат јужна Македонија околу празникот Св. Илија: кога лете ќе фатат големите жештини народот кажува дека Св. Петар ја заклал својата крава и ја ставил да се вари, а кога околу пладне ќе почне воздухот да трепери, се зборува дека тоа е *думан* (пареа) од неговиот казан. Тогаш обично велат: "*А Свити Петар ка е стакнал* (засилил) *огино, оди да, да таја крава не се сваре"* [ТГ,15].

стӑкнува* impf 'разгорува' – в. **стӑкни** ~ *стӑкнувам во́гни* [MS,s,107].

стӑлбо n 1. 'дебела гранка'; 2. 'дрво отстрана на скалите за придржување' [ПК,2(АЌ),107]

стӑмпа̣лка̣* f 1. 'трага од стапнување со нога, стапка' ~ *стӑмпа̣лката̣ сӑ пукри́ ут снӑгу* [ПсС(З),67]; ~ *Ви́шле шо́ не́ ви́шле, фӑрл'ат че́шл'ӑта. Никну́вӑт ини-че́шл'а шо́ не́-сӑ стӑпну́ва та́му. Бига́ле, бига́ле, е, умрӑкна́леее. Зӑго́рва де́тто зӑ-во́да. Во́да – ка́пка ни́где. Инӑ-стӑпа́л'ка уд-е́лен. Та́му сӑ-бра́ла тро́ во́да* [ДК(Лип),115]; 2. 'дел од разбојот (обично во множина: **стрӑпа́л'ки**), на нив се згазнува **(сӑ стрӑпке**) кога се ткае' ~ *скрипчи́јна на ко́шничките, шо сӑ зӑка́чӑвӑт на ни́шӑлките. На ни́шӑлките ќи вӑрзиш пудно́шки, стрӑпа́л'ки* [ИГ,121];

3. изр.: **стăпáл'ките ќ'и–ми–j бăркиш** (= некој што е навреден и си заминува, со овој израз му се обраќа, т.е. му се заканува, на оној што го навредил дека кога ќе го нема "ќе му ги бара стапките (трагите)" [ПК(Мор)].

стăмпạлу n 'делот од ногата со кој се стапнува' ~ *стăмпạлуту мă булú* [ПсС(З),67]; ~ *нă-стăпáлто шо ме-j испạднáла адна нăтăртýшка* (рана, повреда), *нă-лиóжум дă-нăстăпум* [ПК,2(Гăр),81].

стăнглу n 1. 'прозрачна материја, лесно скршлива, се добива со обработка на кварцов песок – стакло' ~ *катý стăнглу чúсту; ~ стăнклуту сạ здрубú* (се скрши); ~ *и виндýзи стáвахм. Они сạ-чáши ọт-стáклọ, стáклни чáши. Стọпл'ýвạт-сạ сạс пạмýќ пọтóпн сạс спирúтис. Тáкạ стóплнит чáши стáвạт-сạ нạ-гăрдит и нạ-гăрбọ* [ДС(Ч),164]; ~ *ут плéк, пó-рáно шó-с сă-служúли мéсто лáмба, нéма стáкло* (објаснување за називот **кăндило**), *сус стáкло уд-гóре áко-j финéр сă-вúке* [ПД,121]; 2. изр.: **стăнглу вр'áм'ạ** (= чисто време, без магла и облаци) [MS,s,107].

стăнува* impf 'настинува, измрзнува'; сп. **истúнува** [MS,s,107].

стăпка f 'дел од ногата со кој згазнуваме – стопало' ~ *нáj-ọтдóл нọгáтạ úмạ стăпкạ, нạ-нéе сạ стạ пнýвạ* [ДС(Ч),142].

стăпни* pf 1. 'згазне (некаде) со нога' ~ *а з'éва мáјка-и ут ранкáта, з'éва идúн пăнт', ч'ув'ăк ш'ту ни стăпна, утúват, утúват* [MS,t,52] – **пăнт' ч'ув'ăк ш'ту ни стăпнá** (= непристапно место, таму каде што човек не згазнал) [MS,s,107]; ~ *идná лáм'а стăпна на нóз дáл, ш'у сид'ăш'и хúтра Пéтри* [MS,t,75]; ~ *и ричé на нúх: А видéх на Сатанá кату здрáк шо падná ут нéбито. Ету ви дадéх на вáс пувéлјата да стăпнити уф-узгóри уф змúити* [MV,K,292]; ~ *да ти ш'ту стăпна дóл на двóру дúрата за устáни да пу дúрата за т'ạ фáт'ат* [MS,-t,22]; ~ *éкáк да ни плáч'а: мáјкати ти клáди ут н'éтр'ạ вратáта идúн брúч' за да стăпниш', да сă ус'ạч'éш'!ú* [MS,t,31]; 2. 'дојде' ~ *во ногу ачик ки сă видă аку се стокмă живечкăтă ув Постул ут 20 гудини на наприд и ут 20 г. нă вакă, ут коа је сиднат нă Постул чиркезут Хаџи-Мустăфă. Во Турчин ут ка стăпна тукă селту фăти дă одă нă турену* (да назадува) [МЕ(Р),90]; 3. 'влезе' ~ *тјанака са почуди и му рече сос един слаток глас; "дај Бог добро, луду јуначе!' И гу пита: "как си дошел тинака тука? Јазе кату са ужених сос куумџиата, некој не можа да стăпни аф нашта кăшта"* [V,PM,12] – заменките 'некој' и 'никој', веќе рековме, се мешаат; во случајот би требало: **'никој не можа'**; 4. изр.: **не стăпна клетвата** (= го додржа даденият збор) ~ *казува на вујку му, ча на мрафки добро и чинил, – "и на чели добро чиних и ме чиниха, на картал добро чиних и он ми донеси жива вода и ужувјах. И така не стапнах клетвата, што си закăлнах"* [V,PM,98]; **не устăвăт дă стăпнă ралу** (= не остават човек да работи на нивите) ~ *силјајнту можăт дă си сејăт уров зă дубицте, да клаат дубици и лиут колку сакăт. Сега истул ка ки дојдă времиту зă урајнă зă уров, арнăујтту шо а шмăт кăшлăтă* (пасиште), *не устăвăт дă стăпнă ралу нă нивăтă* [МЕ(Р),88]; **му-стăпнá нóкта на зингúа** (= се

крена на високо: се збогати или се здоби со власт) [ПК,2(Гъ́р),47]; **ста́пни му на-ши́ита, ни́м дру́го** (= заслужува да биде казнет, сериозно) [ПК,2(Ним)139]; ~ *нъ-тъ́ко́в ста́пни му-нъ́-ши́ита, та ич не́-му-съ́-ми́сли, ни́м съ́-мъ́чи ус-не́го* [ПК,2(Гъ́р),196]; **гу ста́пнаха** (= го покрадоа) [MS,s107]; **дека ста́пни, дека не** (= кога некој се движи со многу брзи чекори) ~ *нъ-зъ́къ́ра́ ут-та́лі, нъ-Ча́лъ́фта вудини́ца уф-Мура́рци нъ-нусі́. Съ́дна́а дву́јца мурирче́не. Нъ-зи́мъ́т ут-тъ́ма́, а́ма дéкъ́ ста́пни, дéка не́: е́ј-гиди ма́ле, ше́с са́та* [ПД,173]; **ста́пна (на) хазна** (= завладее нешто, украде) ~ *тогáс бра́т му му ве́ли: "ти́нака, то́лку па́ри што и́маш, или не́која цáрска хáзна ста́пна или најдé не́која магази́а цáрска"* [V,PM,16] – меѓу многуте примери уште еден случај на несоодветен редослед: атрибутот во постпозиција: **магази́а цáрска**.

ста́пнува* impf 'згазнува' – в. **ста́пни** ~ *Кати́нч'у му р'éч'и: éти си по́гул'а́м, јáс т'ạ ни ста́пнувам т'éб'ạ!и́* [MS,t,39]; ~ *гу з'éва то́ј ко́н'у... и ста́пнува на узингу́јата, и-спрáснува ко́н'у да б'а́га* [MS,t,59]; ~ *и утта́му, по́на́ка, фáрл'ăт че́шл'ăта. Ви́шле шо́ не́ ви́шле, фáрл'ат че́шл'ăта. Никнýвăт ини-че́шл'а шо́ не́-съ́ ста́пну́ва та́му* [ДК(Лип),-115]; ~ *гу јáхнува на врáх, му ста́пнува ината но́га съ́с нуs'ắт'ạ* [MS,t,61]; и: **ста́пнова** ~ *тогас старата самовила и рекла: " ба, виа толко марифети ако ја дадети на тас мома, и јазе пак за ја дам една благословиа: дека да ста́пнова, сè стребро да си чини* [V,PM,219].

ста́пт'а* pf 'ступоти, силно згазна' [MS,s,107].

ста́рви impf 'стекнува навика за некоја погодност' ~ *ни́м ги-ста́рви кучи́нта, зе́р ќи-нъ́-мо́јш уд-ни́х ра́ат дъ́-ви́јш;* сп. – *то́о шо се́-ј нъ́стъ́рви́л, па́ ќи-до́јде, ќо:-фа́тиш* [ПК,2(Мут),107].

Ста́рвица top. 'врв на Круша Планина' ~ *му́ѓи Кру́ша и му́ѓи на́с и́мше дру́ги ритчи́на, пъ́ зъ́т ти́а ритчи́на-ј Кру́ша-Бъ́лка́н. Она съ́-ви́кше, гуле́мјо-и въ́рх Ста́рвица. Аа, висо́к въ́рх. На́јвисо́к въ́рх нъ́-Кру́ша, Ста́рвица он съ́-ви́кше* [ВК-(Шт),288].

стъ́рвули́ј pl. 'различни видови десерт' ~ *дине́шните де́ца са́мо стъ́рвули́ј ја́дат* [ПК,2(Гъ́р),107].

стъ́рвули́ни pl. – в. **стъ́рвулиј** ~ *ја́ди ле́п, ма́нца, ус-стъ́рвули́ни не́ съ́-пура́сну́ве* [ПК,2(107)].

Стъ́рга top. 'тесен планински премин што кривули', изведено од апелативот **стъ́рга** (страга) 'тесно место низ кое поминуваат овците кога ги молзат' [ЈИ,Ми...,200].

стъ́ргáчки pl. 'паринки од риба'; сп. гл. **стъ́рге** (= струже) [ПК,2(8)]; ~ *шо съ́-пукри́ни ри́јпте уд-го́ре ус па́рички, па́рички. Не́кој се́ла* (мисли: жители на некој села) *па им-ви́кат стъ́ргáчки* [ПК,2(83)]; во Дојран со исто значење запишавме: **стъ́ргýнки** и **стъ́ргáчки** ~ [ПД,128].

стъ́ргýнки pl. в. **стъ́ргáчки** ~ *плáти́ца та* (вид риба) *и́ма гуле́ми стъ́ргýнки* [ПД,128].

стъ́ргути́ни pl. ~ *ти́а съ́-си́тни, шо па́ѓат ка́-ј би́чме дъ́ските* [ПК,2(Грам),107].

стъ́ржи impf 'мазни штици со струг' [ДС(Ч),51], исто така *съ стъ́ржат* предмети што се во допир и се движат...

стъ́ринта́ m 'стариот' ~ *шо́ се́-ј ръ зл'утúл то́о стъ́ринта́, па́ гъ́рме* [ПК,2(107)].

стъ̆рк m 'гранче од цвеќе (домашно или полско)' ~ *мо́ма ме́те ра́мни дво́ри ус-два́ стъ̆рка бе́л буси́л'ук; ~ ски́ни не́куј стъ̆рк ут-то́о јӑлдӑзо* (вид цвеќе), *д-о́м ду-гро́бишта; ~ ме́тӑлта устъ̆на́ла а́јн стъ̆рк, не́ съ̆-ме́те га́аре ус-н'а́а* [ПК,2(Гъ̆р),107].

стъ̆ркал'а* pf 'турне нешто по удолница да се тркала' ~ *а-фа́јќе Ну́ла – уд-зе́мин, ъ̆-стъ̆ркъ̆л'а́ла у-та̀ ка́лта. И тъ̆ка́ ви́ке съ̆-влизе́ле ун'ӑтре, а не́ и-пукъ̆ни́ле ни узго́ра, ви́ке ни́къ̆к. И тъ̆ка́ съ̆-искрипи́ле, съ̆-исчини́ле и ки съ̆-пръ̆ви́ла ниве́стта азъ̆р* [В М(Цъ̆р),320].

стъ̆ркǫлец m. zool., Vespa crabro 'вид инсект, поголемо од оса'; и: **стъ̆ркǫ́л'** ~ *на-кон'ǫ́ и́де, мо́же и чув'а́к да-ува́па̨, но́гу бо́ли ǫ̀т стъ̆ркǫ́л' ува́пано* [ДС(Ч),51].

стъ̆рмин m 'јажето од страната на самарот, врзано со едниот крај напред и со другиот назад од самарот, служи кога човек се качува, односно за придржување на товарот' [ПК,2(Грам),107]; кај Таневиќ: **стрмин** – *стрминут* го придржува товарот (пр. вреќата или кошот) [ТГ,419].

Стъ̆рништа top. 'ниви', сп. апелатив: **стъ̆рниште** 'ожниена, неизорана нива'; стсл. **стрьниште, стрьнь** [ЈИ,Ми...,201]; ~ *ка́-ќ съ̆-ижни́и жи́тто, ни́-фта съ̆-ви́ке стъ̆рни́ште, сто́о са́мо ко́рно уд-жи́тто* [ПК,2(Ал),107].

стъ̆ршин m, zool., Vespa crabro ~ *и́ма адна́ гуле́ма, **магаре́шка во́са**, н'а́а гӑ-ви́кат и стъ̆ршин* [ПК,2(Ним),-31]; в. **стъ̆ркǫлец**.

Су́а Ре́ка top. 'суводолица, река што пресушува' – Дојранско (Ник) ~ *гуве́ӑта ги-би́ръ̆ме нӑ-е́дно ме́сто, нӑ-**Збира́лто**, и ут ту́ка по́сле ги-но́сме нӑ-**Су́јте Че́шми, Ики́мци, Су́а Ре́ка, Пуја́цка Ре́ка*** [ПД,156].

суа́р m 'дебела, сува гранка' ~ *са́к-съ̆-збе́рът ти́а суа́рто уд-ни́-фта, ај-го фати́ сту́т* [ПК,2(Мут),107].

субаша m 'полициски началник' (пред 1912 г.); fig. 'тој што наредува' – сп. исечок од семејните односи во минатото: кога некогашните големи семејства се распаѓаат, тој што се одделил вака размислува: *"Нелум никакув субаша, па да ми праве тиртип и куманда. Как сакум така и работум. И ако съ̆-мъ̆чум ама знам биле за кого пичал'ум"* [ТГ,286].

субе́р* m 'место каде што се собираат луѓето, сред-село' ~ *пу́шка пу́кна, пи́ле Ста́но, [ду́ри го́ра је́кна – јуна́к си па́дна. [Јуна́к ве́л'е, ве́л'е и гово́ре: ["Искара́јт-ме на дру́м, на суберут, [ле́ле за бајра́кут ко́јну ми върза́јте, [на но́јзте пи́сло испиша́јте, [на съ̆рце́то, пи́ле Ста́но, [ки́тки насија́јте* [ИГ,108].

суберани adj, pl. 'кога некои работи се ставени на едно место, на куп' ~ *бли́зǫ де́ка̨ што б'а́ш зас̀а́дн буба́ќǫ б'а́ха̨ на́шит о́фци, суберя̨ ни на̨ ку́па. Прије́х им по́пуле́нка̨ уф-т'а́мница́та̨ и ги допира́х* [ДС-(Ч),166].

суберве* impf – в. **собере** 2. ~ *е, та́, му до́шло жа́л', съ̆-урви́ла. Му-гу-прибъ̆рну́ва си́тто. Се́е ба́ба̀та и ъ̆-згрънаја чу́пата ъ̆ске́рте и муъ̆-зънисо́а нъ̆-ца́рут. Елинут ти́ди, вра́тта ќ-ъ̆-судро́бе. Съ̆-суберва̀т ъ̆ске́рте, г-уте́пат. Гу-зъ̆кла́ле, гу-извъ̆ри́ле* [ДК(Лип),116].

субе́т' m 'разговор' [MS,s,109].

суби́ран adj 'одбран' ~ *т'е́ съ̆ суби́рана кустан'а̨* [MS,s,109].

суби́ра* impf 1. 'кога нешто се става во сад – во конкретниот случај во грне (**гарнок**)' ~ *и гу зва́ж'дами ут во́гн'у, гу устав'ами мрва̀ да*

усти́ни и с'ётн'ạ гу суби́рами у гарнóк [MS,t,4]; 2. 'става на куп' ~ *усăхнува ут слăнциту прéлуту и си гу суби́рами ина́ ку́па* [MS,t,6]; 3. 'завиткува' (платно во **трумба**) ~ *и гу ус'ăкувам с'ётн'ạ и гу суби́рам ина́ трумбá* [MS,t,7]; 4. 'полни' ~ *да такá за по́јми да ја с'ăјми ашламáта на ни́вата. Суби́рами идúн кóш', двá, спрути́ л'уд'éту, спрути́ аргáтиту ш'ту за и́маш* [MS,t,4]; ~ *и тугáс фáш'тами да гу бир'éми пу дв'ă, пу три листá; суби́рами пу идúн тувáр* [MS,t,5] – под 'товар' се подразбира 'два коша', колку што носи коњ или магаре; 5. 'прибира' ~ *усăхнува хýбав'ạ, гу суби́рат, гу диплóсуват, гу зéват думá* (платното) [MS,t,8]; 6. 'земам со себе' ~ *ги з'éвам патúтрит'ạ, ги з'éвам хумóтиту, ја з'éвам кр'ă пката, гу з'éвам и крусно́ту, суби́рам и масýр'ạ* [MS,t,7]; 7. 'потерува' ~ *"Еј – рéкăл адéн ут- ни́ – áј да сăвăрниме дạ-ви́јме дáли óште стóе тáмо". Сă-вăрнáле сăта аскéри. В ó сă-свал'ýва ут-бýкта и-суби́ра мăските и му-и-занцýва на-цáрут* [ВК(Ран),323]; 8. – **(сă)** 'кога повеќе луѓе (или нешто друго) ќе се стават на едно место' ~ *а-пă вéчăрта сă-субирáли тáмка ѓáвул'то и ги-испитувáл нúјно: кумăндáнт, кóј шо нăпрăвúл. Пăрвио ричéл: "Јáс, édин мóс прáвăт, дéнта гу-прáвăт, вéчăр гу-рăстýрувум"* [ПД,166]; ~ *сă суби́рат ш'úч'киту ут дванáјситу аратлúци, сă пурăнч'аха ... да пójат за дрăвá* [MS,t,48]; ~ *сă сăбирáли дјáвулéту* [MS,s,99].

субируўва (сă)* impf – в. **субира** ~ *му-вéле: "Тáму, нă фил'áн мéсто, и́ма иднă-чéшма, и́ма иднă-вóда. Д-ă-испýштиш, сéлту-му нéма вóда". И вóа слýша шó му вéле чóикут. Оде ă-пýшта чéшмăта. Сă-субирýвăт сил'ájнте, му-плáштăт* [ДК(Ран),126]; и: **субрува** ~ *кă-киниса́л, тáа пу-пăтут пу-ина́, пу-ина́ ри́ба си-и-фăрл'а нă-пăтут; си-и-субрýва, си-óде дóма и си-и-нăридýва гóре нă-тáвăнут* [ДК-(Дур),143].

субл'ạч'é (сă)* pf 'ги симна алиштата' [MS,s,109]; ~ *малој моме дост јубава, [пре ког легниш, пре ког станиш? – пре мама легнем, пре тате станем. [Малој моме дост јубава, [кој те јублече, кој сублече? [– мама ме јублече, тате сублече* [ТГ,370]; ~ *кạ ќи флéзе дóма, уф нéгувот двóр и́ма óдрина (асма), ќá: сублéче кушýл'та, ќá: зăкáче тáм нạ óдринта, нă дирéкут* [ИГ,114].

сублéчăве (са) (и: **сублечуве**) impf – в. **субл'ạч'é (сă)** ~ *си гу клáве ув цéбут и си рạбóте пак. Нáпкум, кạ сă сублéчăве дóма дạ гу пéре сéстрạ му, прáќи, сéстрạ му гу нạóжће кáмăнчто* [ИГ,110]; ~ *пупăдúạтạ сă-ублéчăве уф-бéл нивистúнски фустáн. Пóпут пучнýве дă-пé:. Пé: и уф-нéа глéа. Ричéл: "Чăкájте мáлце дă-óдăм ду-дóма, си-гу-зăбрăвúх тăмјáнут". Дудéкạ дă-излéзе óн, пупăдúăта си-гу-сублéчăве фустáнут* [ВГ(Бог),275]; гл. **сублéчăве** го запишавме и во следново празноверие: – народот верува дека спроти празникот *Ѓурѓовдин може да са праземе максулут* (млекото, маслото, сирењето) од туѓата стока. Во минатото тоа го правеле некои жени на овој начин: жената што сака да го *праземе* млекото *уф никује доба са сублечуве куту уд мајка рудена, вјануве на едно кросно* и ќе излезе на сред село, а потоа се упатува кон *уборут* на оној од чија стока сака да го

преземе *максулут*. Кога ќе влезе во туѓата штала *(уборут)* става по една рака пепел на колџите за кои се врзани кравите, потоа ќе измолзе по малку млеко од секоја крава и на заминување ќе рече: "*На мене млеко и масло, на тебе г...*" [ТГ,66].

субличувајне n 'фаза од развитокот на свилената буба, кога таа ја менува кошулката' [ТГ,66].

субо́**ре** pf 1. 'турне' – в. **суб**о́**руве** ~ *имáло ре́ка, уф-тáа ре́кта, пукрáјта нăкăлдéли-си тинџирúна, нăпрăвúли умáци, си-турúли мáнџа дă-вăрăт. А ергенчúна – шупчúна, кáмине тóлкуви тăкá, бýн'о: ус-кáмино, суб*о́*рјо: тéнџăрто. Бýн'о:, сăб*о́*рјо:* [ПК,2(Гăр),321]; ~ *и станáле, да гу извадúле вóнка ут грáт, и гу носúле дýри на врăфут планúнцкјут, тáмо шо бúла нéгува грат темилисáна, да гу суб*о́*рат ут тáмо дóло* [MV,K,3254]; ~ *и рýкна: "Побрáтимје, нá ти за захмéте и за мл'акуту, штóто ма хранешје!". И фăрли прóс* (sic) *окнóто аднá зашúена тóрба и штéше сабóри* (пишува: 'саори') *кăштата, кáто фăрли тóрбáта* [V,PM,261] – иако на повеќе места во "Зборникот" на Верковиќ предлогот 'през' се јавува како **прос**, сепак редакторот редовно става (sic!); 2. 'победи' ~ *úлим вúи да си стóити на ýлут, да нé си чýдити кáк да си удгувóрити. Оти јáс ки ви дáдам ýста и софúа, шо нé ки мóжат да ви угувóрат, нúто да ви суб*о́*рат су лáф* [MV,K,-317]; 3. 'убие, уништи' ~ *тогас попов сúн му вели: "е, крив дјавол, дур сега ти беши живот!" и гу одри една бозлугана, гу закопа со сé нетри на земјата. Кату чу пак царјут, млого са нал'ути и пуснал пак аскер, да гу соборјат* [V,PM,226] – во овие говори, освен познатата појава: редукција на неакцентираните вокали, среќаваме и примери со обратна редукција; во случајот 'о' < 'у': **гу одри (една бозлугана)**.

субо́**руве** impf 'симнува нешто од некаде, со туркање или со удар' ~ *чýке, суб*о́*руве уд-дăрвуто јабýлки, крýши, слúви; висóко-ј, зéми áјн пăрт* [ПК,2(25)]; односниов глагол го запишавме и во описот на растението: **грăшúна** ~ *сă-пувúве пужúтто и гу-сăб*о́*руве, дáве зăрна таквú и гу рăсúпуве жúтто* [ПД,-123]; ~ *војв*о́*јте си-вăрвеха, [војв*о́*дите вăрвеха, [кăлдăрмите тр*о́*пкаха, [кепéнци суб*о́*рваха, [нájнапрéт си-вăрвише, [Апустóл' вујв*ó*да* [ПК,2(Пл)256]; уште и во изразот: **сус един камин урех не са суборуве** (работите треба да се решаваат постепено) ~ при првото доаѓање на стројникот, родителите на девојката не го одбиваат веднаш туку ќе му речат: "*да си распитме, да видме* (погрешно пишува "ведме"), *па ела; сус една балтија* (се мисли на удар) *дрво не са сичуве... сус един камин урех не са суборуве*" [ТГ,150].

субујве impf 'ги симнува кондурите од нозете' ~ *Малој моме дост јубава, [кој те јублече, кој сублече? [– мама ме јублече, тате сублече. [Малој моме, дост јубава, [кој ти јубујве кундур папуци? [– мама ми јубујуве, тате субујве* [ТГ,370].

суварúја* m 'војник, жандар коњаник' ~ *хúч' ли м'ą пúташ' , тáти, óстави м'ą, на м'éн'ą идúн кóн' да ми дукáраш' и идúн кáт мýш'ка рýба и двá суварúји* [MS,t,30]; ~ *отиде траговецот на пашата. Пуснал пашата суварие, го земаха н'амојут от ханот, фати пашата*

да го сонди. Он пак што си знаи: "Наистина" и "хубае". Еден сувариа го и познал н'амојут [V,P-M,178].

сувйи* pf 'свитка' ~ *исправјоо тóо вéнцо нă-кóфта, сè că-сувијáл* [ПК-,2(Грам),30].

сувắрзува impf 'го одврзува јажето со кое нешто е врзано (во случајот добиток)' ~ *е уддéл сéга прáво нă кóјно уф-аýро, дéка: зăвắрзан, и еднó пóчне да гу-сувắрзува, кóјно вúке. Вúке: "Мă-зéа, скóро, скóро, мă-зéă"* [ПД,159]; в. **содрузова**.

сугáрче (и: **сугаре**) n, zool. 1. 'јагне што најдоцна се ојагнило'; истиов назив се однесува и на јаре 'доцна ојарено' [СК,336]; 2. fig. 'нежно, слабикаво дете' [ПК,2(Грам),107].

сугла́се (că)* pf 'даде согласност, подршка' ~ *вúке нă-тúа трúјс-и дéвит дýши: "Другáре, дájте вúа нă-мéне п-áдна лúра, ác к-óдум нă-пичáлба. И зă-вáска и зă-мéне". И-тúа пулвúнта că-суглáсат дă-дáдăт* [ПК,2(Ним),266]; ~ *и тúа сạ-глáсили, рéшили дạ го-утéпạт. И лéгнали вéчăрта, óти вéчăртạ, кај дванájси, дин сáато, тéшок пăрвиạ сắн, кój кáк ќи-стúгни, кój кọпáч, кój балтúа, и, дéкạ лéжи...* [ЛС(К),116].

сугла́сува (că)* impf в. **сугла́се (că)** ~ *вúке: "ác к-óдум нă-пичáлба. И зă-вáска и зă-мéне". И-тúа пулвúнта că-суглáсат дă-дáдăт, пулвúнта нé-с суглáсувăт* [ПК,2(Ним),266].

сугра́на f 'вид чешел што ја придржува косата на жената кога ќе е собрана назад' [СК,336].

сýдбина f 'нешто предодредено' ~ *бил сиромáх чов'áк. Имáл трú, чéтири, пéт д'áца. А-сúти д'áца му-умирáли. Тáкá бúла сýдбина* [ЛС(К),107].

судере pf 1. 'искине (лист, кора, платно и сл.)' ~ *кá-а-судрá тáа ýбува антарúи; ~ уд-нéкуј тéл' сј-а-судрáл рăкта, сè кăрвишта-ј;* 2. fig. 'заплаче со силен глас' ~ *ák сáке нéк că-судére, ич бúле нé о-слýшум ác нéго* [ПК,2(Гăр),107]. – Глаголот **судере** го среќаваме и во описот на дел од свадбениот церемонијал: в среда, последниот ден од свадбата невестата прави "проштална" вечера, освен што прави јадење, таа треба нешто и да *суке* (пр. *сарлија* или *сусамница*), некој од гостите под кората ќе стави зрно од пченка или грав и во тој случај кората ќе се *судере* (искине) и тогаш присутните ке се смеат дека невестата не знае да *суке* [ТГ,191].

судéрăн* adj 1. 'скинат' (пр. облека, хартија) [СК,336]; 2. 'кога на кожата има повреди' ~ *"јác сум двájсе гудúни и-óшче двájсе да:-чéкум, јác сáке дạ-устарéм. Шó нé бúвạт рăбóти". Они кá станáле сạбájле, глéдат нéма мóмичка. Дéка ќа:-нájдạт? – нạ-кóло нaдéнна, а рạ звијáле, сáмо нạ курéмо мáлце бúла судéрăна* [ВД,277].

судéруве impf – в. **судере** 1. [СК,336]; ~ *за мáндрите* (ограден простор во Езерото за ловење риби) *нáј-лóш е Дубрувéно* (име на ветар), *óн дýу ут Крýша, ут Сýрл'ăво, пóгулéми дăлгú прáве, ги-растýруве мáндрите, лéсите ги-судéруве* [ПД,129].

судрóбе pf 'искрши (нешто)' ~ *е, тá, му дóшло жáл', că-урвúла. Му-гу-прибăрнýва сúтто. Сée бáбăта и ă-згрăбнáја чýпăта ăскéрте и муă-зăнисóа нă-цáрут. Елинут тúди, врáтта ќ-ă-судрóбе* [ДК(Лип),116].

сујдиса pf 'нападне, повреди' ("среди" некого – негативно) ~ *и тој му каза: "тука сос меника имам ду петнајси кесента". – "И за това ти е страх. Ама јазика, што немам, што да ми е страх?" И така*

двата кинисаа на пътјут, ама Дели-Димо сѐ гледаши да најди време за да гу суједиса [V,PM,67]; ~ *вели на царјут: "царју, на мене ако ми беши страх от царјут и от пашите, не изл'авах на гората харамиа и не изл'авах цар да суједисам! И така секој цар што зададе речта не са вӑрнува"* [V,PM,211].

сујйш m 'подарок што им се носи на младите кога стапуваат во брак' ~ *уф-пра́сна ми́са* (бокал од глина) *сӑ-кла́ве ви́но. Глиго́сна-ј и уд-во́нка и фнӑ́тре, по́вичко и́ма ка̣фе́ни буи́. Све́то, га̣-но́саа за-суи́ш адно вре́ме нӑ-сва́дби* [ПК,2(АḰ),90]. Сп. уште: – во сабота навечер доаѓаат роднините; и кај момчето – *мӑшка свадба* и кај девојката – *женска свадба;* женската свадба е потивка, гостите носат *сујиш:* било *ѓумче* (бакарен сад за носење вода), било *грне,* било некаков сад, било што друго [ТГ,171].

Су́јте Че́шми top. 'чешми од кои водата секнала' – Дојранско (Ник) ~ *гуве́ӑта ги-би́рӑме нӑ-е́дно ме́сто, нӑ-***Збира́лто**, и ут ту́ка по́сле ги-но́сме нӑ-***Су́јте Че́шми, Ики́мци, Су́а Ре́ка, Пуја́цка Ре́ка** [ПД,156].

сука́јне n 'кога од тесто со помош на сукало се прават кори, сучење' ~ *ка́к да сӑм ја́зе ју́бава, [бугѐта кӑ́шта на гла́ва, [че́сто мисе́јне, пиче́јне, [мӑ́шките де́ца дӑржа́јне, [че́сто ба́ници сука́јне* [ИГ,108].

сука́к* m 'улица, обично тесна' ~ *ди́ту и́диш'и, фл'а́ј н'е́тр'а̣ у с'е́луту, н'е́с дру́гиту ма́лки игра́јаха на сука́ку* [MS,t,46]; ~ *как б'ӑ́гаш'и пу сука́ку, ви́д'а̣ ина́ по́рта утво́рина* [MS,t,56]; ~ *сӑс та́блата на глава́та да ш'е́та пу сука́циту, да ви́ка пу махала́та: "пуртука́ла! пуртука́ла!"* [MS,t,26]; ~ *кла́ва т'а̣л'алц'и́ји да ви́кат пу сука́циту да по́јат луд'е́ту ш'и́ч'ки да му м'ӑ́рат ди́рата* [MS,t,22]; ~ *сӑ ч'у́д'а̣ш'и д'е́ да по́ј, ни зна́јаш'и н'ӑ́фту; с'е́дна на сука́кут* [MS,t,81]; ~ *Тогас кадиата позна́ нихната кри́вина, прати да ги тера* (бара), *ама не можа́ да ги сти́гни. И така́ гу извади́ негу от хапу́зот, гу пу́сна. Та́мо Кулу́ф не́колко вре́ме ходи́л, про́сиши по сука́ките* [V,PM,9].

сука́ло n 'специјално дрвце, изработено убаво, со него жените сучат кори' [СК,336]; ~ *ви́јна ба́јнца сӑ-ви́и нӑ-сука́ло, ко́рте сӑ-пра́ват кут-армо́ника и сӑ-ви́ит, сӑ-за̣фа́ште ут-стриди́нта* [ПК,2(Ал),31].

суканѝна f 'јадење правено со кори' ~ *мо́јте де́ца но́го ја́дат суканѝна: ба́ница, млични́к, ри́бник, тӑкви́ рӑбо́ти* [ПК,2(Гӑр),107].

сука́пе* pf 'искрши', в. **ска́пе** ~ *си́те де́ца си-игра́ат ус-пра́шти* (фрлачка од коноп), *не́ ве́л'ат от ќи-си-сука́пӑт гла́фте* [ПК,2(Гӑр),88].

сукарда f 'машка долга облека (до колената), од црна волна, ткаена густо – шајак, во Воденско ја носеле Власите' [BV,152].

Сук Бунару top. 'име на ан (прифатилиште) во Солун, во кој (во минатото) отседнувале македонските кирации и арабации (превозници)' [ТГ,424].

су́ке* impf 1. 'развлекува тесто, со помош на **сукало** прави кори – суче' ~ *нӑ то́о су́кат, уд дӑ́ска-ј нӑпра́вӑно, це́ло дӑ́рво-ј де́лкӑно; и сӑ туру́ве нӑ-ску́то, гу-туру́ват же́нте и су́кӑт нӑ-не́го ба́јнца, ко́ри су́кӑт* (објаснување за називот крӑк) [ПД,120]; ~ *ба́јнца: то́-ј ја́дне, сӑ-пра́ве ус-ко́ри шо́-ј су́кат же́нте, сӑ-ре́дат ко́рте, се́каа ко́ра*

сă-пупăрске ус-сúрне, мáс и јáјца зáадно, рăзмăтни [ПК,2(Грам),22]; – *за* вечерата спроти празникот Божиќ (за *Бăдни вечар*) домаќинката *суќе кори* освен за *бáјница* уште и за *сарлија*, и за *сусамницá* (вид баница во која се става толчен сусам); уште приготвува: *посна сарма, кисела каша* и др. [ТГ,81]; 2. – **(сă)** 'се врти' – гл. **сă суке** го среќаваме и во следниот опис ~ **вăтрýшка** – *вéтăр кá завúиве, кá сă сýке, дúге шéуве* [ПД,129]; 3. 'се мота бесцелно' ~ *"Дóбро, рéкăл урáчо, áј-д-óдме пу-пăто нăтăкá, кój ќи-стрéтме, ќо:-пúтме дáл' сă-зăбрáуве áрăнто". Оạт пó-н-гóре, глéат áдно стáро кýче, сáмо сă-вăрте кулу пăто, сáмо сă-сýке. "Дóбăр дéн, а бе кýче, árнăто сă-зăбрáуве ли?"* [ПК,2(Ним),265]; 4. изр.: **нéма дă-му-сýкум чáлмата** (= нема да го почитувам, нема да му се плашам) [ПД,137].

сукине* pf 'нешто стори на делови, искина' ~ *јас имах којна сус мене, [си гу прудадех за тебе! [дур да са најдум сус тебе, [душа не оста на мене, [срце сукинах пу тебе* [ТГ,328].

сýкнува* impf 'со прстите завиткува хартија со тутун, прави цигари' [MS,s,109]; в. **сýч'и** .

сукóл (и: **сикол**) m, zool., Falco – 1. 'граблива птица'; 2. изр.: **сúф сукóл пуд зéми лéте** (гатанка = дел од ралото што ја разрива земјата, паличник) [ИГ,122]; **уд-бýх сикóл испáжде** (потомството не секогаш го носи белегот на родителите) ~ *уд-вирáн мáјка ýбуви дéца мóш сăрóдат* [ПК,2(Гăр),203].

сýкăнọ n 1. 'јадење од кори (зелник, пита и сл.)' ~ *зă прáзникут ќи напрáвум зéлник-рúбник, ќ-úмме сýкăнọ;* и: **сукáно** ~ *Ручóкут. Кój шо úма – аднăш сукáно ќи бúде – крáшник* (вид баница со краешник), *урúзник, зéлник. Пу икиндúа уше един сáат или двá ќи рăбóтăт, ќ-си óăт* [ИГ,120] – в. **суканúна**; 2. adj 'виткано – сукано' (предено) [ПК(Мут)].

сул'áк m 'солена земја, ја ближат овците' [ПК,2(Мут),107].

сулиен m 'вид лекарство' – со **сулиен** народот ја лекува болеста "**црвен ветар**" – кога детето боледува од *црвиника* (*црвен ветар*), тогаш се лекува вака: се зема *устибеч, сабур, сулијен и смола* од афион, сето тоа ќе се помеша со *комова ракиа* и се мачка на болното место [ТГ,126].

сулило n 1. – в. **сулúште** ~ *имиту "Слајнца", сувите сулени бари и тревите, шо и велјат сулило кажуват оти идно време полјто било мора. Ув некуј книги за Македонија сă велјă оти му била воата на блатту сулена то не е аслă* [МЕ(Р),76]; ~ *едвај се пикасува, сă стрикја на ниско полјто навидену уд зајди-слăнцă на угри-слăнцă. Елјбетен, нимајнту на сулило и сулени бари, ако не ич, бăрă кăту шо сă на полјто и на Урумлукот, кăжува, оти имито "Слајнцăтă" ки бишă идно времă за сăто полјă* [МЕ(Р),75]; 2. 'солена вода во која се чува сирење' [ПК(Гăр)].

сулúна f 'труба, ќунк низ кој поминува чадот од печка' [MS,s,109].

сулинáр m 1. 'замрзната висулка на стреите, мразулец' [СК,336]; ~ *гулéм стýт нă-фăтú, глéјш кăквú сулинáре вúсăт пу-стрéјте*; 2. fig. **сулиндар** 'погрден израз за тој што не работи и само стои' ~ *шó сизастанăл алúс сулиндáр, фáти нéшто, нé вúси такá* [ПК,2(Мор)107]; 3. 'труба' – в. **сулúна** [BV(K),152].

сули́ште n 'слатина, солена земја, ја ближат овците' [ДК(Ран),104].

сулиа́н m 'вид престилка што ја носат жените за да не се валка фустанот; се закачува на раменици' [СК,336].

Султана* – ж. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,115] ~ *ej Султо, Султо мори, Султано, [арам да ти е то лице! [што ти гу Бог дал мори на тебе, [куту на тебе, будала!! [да гу продавиш леле, на светут, [за една ока уреје, [и они сите шупл'иви, [шупл'иви, Султано, црл'иви* [ТГ,204].

султа́р m 'сад во кој се чува сол' [MS,s,109].

Сулу́н top. 'име на град во егејскиот дел на Македонија' – кон крајот на 19. век македонскиот, грчкиот и турскиот елемент биле застапени скоро еднакво, со околу по 30.000 жители; во мнозинство биле Евреите, ги имало над 50.000 ~ *утúва у Сулýн, на иднó кш'éнудухúју с'éднува* [MS,t,9]; ~ *м'ạ извáди ут нóс ч'урбáм'ија, м'ạ пýсна у Сулýн за да сă наýч'ạ пóхýбав'ạ занајạт'* [MS,t,87]; ~ *нă-мужéạ дă-зáпрăт Тýрцте, зăпетнáјс дéна зăвăршú вујнáта. Удгрáницта избигáа Тýрцте, нă-дрýго мéсто нé зăпрéạ. Кăдă-нáс пишúн пумúнáа бăлгăрскăта вујскá, Сóлун прáво вăрвăт* [ПК,2(Мор),217] – во текстот имаме беспредлошки додаток за место: **пумúнáа бăлгăрскăта вујскá, Сóлун прáво вăрвăт** (место '... за Солун'); ~ *мóмта трăгнá мéсто дă тéре. Утидé сигá нóго нă-дăлéко, нă-аднá răскрăсница: дă кáжиме такá дă-óде нă-кăд-Сóлун пăт, дéт нă-слăнце изгрéва, нă-слăнце заóжде пăт* [ВК,283] – во текстот среќаваме позајмен образец од турскиот јазик: употреба на именка како атрибут на друга именка: **дă-óде нă-кăд-Сóлун пăт** (место: 'солунски пăт').

сулу́нец m 'жител на Солун' ~ *имáло иднă-ăнăмка, идну-Măкидóнец. Măкидóнцут – сулýнец, ăнăмкăта – сулýнка. Măкидóнцут бил примитáрен; бáсми прудăвáл* [ДК-(Ран),134].

Сулу́нска (и: **Солу́нска**) **зе́мја** f 'Македонија' (?) ~ *господáрот утринáта стáнá от сóнот, са умú и такá гу викнá гóри дéтето и му вéли: "а брé дéте, от којá зéмја си тúнака?" И тój отговорú: "јáзе сам, господúне, от Солýнска зéмја". Тогáс господáрот му вéли: "óх, чéдо, кату ми глéдаш и јáзе от тáму сам и женáта ми"* [V,PM,152].

сулу́нски* adj 'нешто што се однесува на градот Солун' ~ *си дójдух туќá; и тук нájдух Англи, Гáли, Италúји, Срăби на сулýнската перифéр'а* [MS,t,2]; ~ *на сóлунскúм'ạ пóрти имáш'и кóкалạ убúсн'ạнту* [MS,t,39]; ~ *уд него се повеља̀т селта шо са ут солунцкју̀т јукумат и са пагја̀т утăда уд Вардар. Пăтниците тука сака да си го кажат таксирјато* (товар, багаж) [МЕ(Р),72]; ~ *и Гăрците пучнáа тúă тóпуве дă-пýкат уфсéлта, зăпáл'увăт сéдбите, жúтта. Бáш кул Питрóвдин бúше, прет Питрóвдин. Кá пучнáа бý, бý – бý:. И тăвá пóл'то стăнá, Сулýнцкуто Пóле, кăдéш цéло* [ПК,2(Мор),218].

сулу́х m 1.'воздухот што се зема со едно вдишување' ~ *áска нóго пăти нă-мóш си-зéмум сулýхо* (не можам да дишам) [ПК,2(Град),108]; ~ *и му т'éкна, мóш' да умр'ă, хúч' сулýк ни з'éва* [MS,t,13]; ~ *к-óдме дé, чéк дă-си-зéм сулýхо, пá ќи-киниśме; ~ мă-стиснá зă-шúита, нă-мóжăх дă-си-зéм сулýхо, ќи-мă-удáфше* [ПК,2(Гăр),210]; сп. – ако коњот и од мали напори се заморува па

не може *сулух да си земе,* луѓето зборуваат дека е *текнефес* и само *прфке и кашле* [ТГ,383]; 2. изр.: **на еди́н сулу́к** 'брзо, одеднаш – колку за едно вдишување' ~ *си́чкăта рăбо́та а свăрши́х нă еди́н сулу́к* [СК,336].

сулфа́то n 1. 'лекарство што во минатото се користело против болеста "маларија", кинин' [MS,s109]; – болеста *треска* што долго трае *(тригудишна, тролетница)* ја лекуваат прво со прочистување на стомакот – се зема *сурлиек (рачиново)* а потоа се пие *сулфато* (кинин) [ТГ,229]; ~ *а́дно вре́ме ка́ не́ би́ше ису́шно Мунуспи́туфскуто Бла́то, уф-Стру́мица но́го бул'ду́ваа ут-тре́ска, пи́јахме сулфа́та* [ПК,2(Гăр),108]; 2. fig. 'нешто многу горчливо' ~ *сулфа́то го́рче* (за било што) [ПК(Мор)].

сулџа́н m, zool. 'црв дождовник'; разновидност: **сăлма́н;** сп. во Дрямско: **сăл'ме́н** 'гол полжав' [ДС(Ч),86].

сума f 'обично големо количество (пр. пари)' ~ *тој гу зева и гу занева на увреинот. Кату виде увреинот, така зема сăрцетто сос млого радост, извади от сандукут му, дава на христианинот мижде пет стотини гроша. Така христианинот, кату зема толка сума млого си зарадувал* [V,PM,193].

сумарув* adj 'нешто што се однесува на *самар*' – во минатото *русалиите* (в. таму) играле со ножеви, јатагани и *калăчки,* а во последните години тие (*русалиите)* в раце држат *сумаруви штици* – дрвени сабји ишарани со мастило [ТГ,226]; и: **сумарџијски** ~ *сумарџијски син са уче да биде сумарџија* [ТГ,351].

сумарџија m 'мајстор што прави самари' [ТГ,351].

суме́ле pf 'кога зрна, пр. жито, со триење меѓу камења ќе се претворат во брашно' ~ *идну-де́н идну-кумши́а нă-Нăстрăди́н ума́ до́шăл дă-му-гу-пуса́ка мăга́рито дă-зăне́се жи́то нă-вудини́ца и дă-суме́ле бра́шно. Изле́гăл о́ăта и му ре́кăл де́ка мăга́рто не́-е до́ма* [ДК(Деб),155].

су́мна f 1. 'сомнеж'; 2. изр.: **зимаа сумна** (= почнаа да се сомневаат) ~ *е́, ка́ пучна́а дă că-спре́мат вујни́те: Буга́рто, Сắрбăто и Га́рците, дă-că-би́т сус Ту́рците и Ту́рците зили́а су́мна. Фăти́а дă-те́рат пу́шки уф-нăро́до дă-не́ма, дă-на-ју́драт уф-грăп* [ПК,2(Мор),217].

сунгар m, zool. Spongia officinale 'морско животно, се користи за да упива течности, односно за бришење' ~ *и тајл'акот му вели на јунакот: "пот да му кажиш на царјут да ти даде 40 товара сунгар и 40 товара вину, да туриш сунгарот нетре на езера"* [V,PM,185]; ~ *и пуснал сунгарите* (пишува: 'сугарите') *на езера, водата ја беа смрăкнали, тогас сопразна винуту на езера и, кату ож'адн'аха ламите, го испиха виноту* [V,PM,185].

Сунгурли́те top. 'име на месност во околината на Дојран' [ПД,135].

сундурма́ f 'просторија под куќата, здолу – подрум' [ТГ,304]; ~ *Сăа – ку́кта; на де́сно со́фа с уна́к. Го́ре, нăвръ́с бина́та – два димини́ка. До́лу – гуве́ата. На ле́авта стра́на că ја́слите. Аку не́мăт дуби́ци (гуве́да) на ле́авта стра́на и́ма ќила́р. Сундурма́та е дъ́лга кулку ку́кта, те́сна а̣дно, а̣дно и пулви́на ме́тро* [ИГ,118].

суне́т m 'религиозен обичај (обично кај муслиманите) поврзан со интервенција на полните органи кај лицата од машки пол' ~ *и на со́бота*

чи́ните сунéт на човéкот, да нé са расúпи М...ута нóлюто, на мéн кăскандúсате, шо и правúх здрáв човéк уф субóта? Нили на крúво сăдити, тукý на прáво да сăдити [MV,K,256]; ~ *и кáк си наближúле óсолúта дéна да си чúни сунéт на дéтито, и лу кладóа úлито Исус, шо гу кладé Ангилут, шо нé бéши родéн óшти* [MV,K,307].

суни́сук adj, opp. на 'висок' [ПК,2(А Ќ),8]; ~ *тáт-ти бúше áјн суни́сук чувéк, нă-кóј лúчте дéцта тăквú висóки* [ПК,2(Гăр),108].

с'унт'у́к m 'навредлив израз'; сп. **с'урт'у́к** [MS,s,109].

супи́не (сă)* impf 'се препнува' – в. **супнуве** ~ *тугáј мáмо ме втрéсе, [и нé ме вéќе претрéсе. [Шáнко брé сúно, вујвóдо; [дéвит си гудúни кáк лéжиш, [мáјкини клéтви да стúгниш, [óште дéвит дă-лé-жиш; [нис пăрстин дă-сă-пумú-ниш; [ут слáмка дă-сă-супúниш* [ПК,2(Крец),316].

супи́ре impf 'задржува' – в. **со́пре** ~ *úде áјн бýмбăр: "Шó плáчиш кýма Лéсо?" – "Já ф-мójта дýпка úма аднó јáрче живудéрче". "Ас ќ-о:-искáрум", вúке. Ká му-флéзе: бăр, бăр, јáрчто прăс дýпкăта избигáл. И лисúцта бýмбăро гу-супúре зă-сúн* [ПК,2(Мор),234].

суплáкни* pf 1. 'измие само со вода, исплакне'; 2. fig. 'зема од некого сé, го остави без ништо' ~ *на с'éтнина гу клáва и кш'énудухúјуту мумáта, гу казандúсува и н'éгу, дур сабáлин ги суплáкна ш'úч'ку* [MS,t,10].

суплáкнува* impf – в. **суплáкни** [MS, s,109].

супнýве (сă) impf 'се препнува од нешто' [СК,336]; ~ *гувóри Исус: Нé и дванáдесет сáата дéнут? Кój пудúл на дéнут, нé си супнýа, óти му си глéда вúделот на вóа сфéт; и ако пуóди нéкој пу нóкја, си сóпка, óти вúдело нéма на нéго* [MV,K,286] – во контекстот имаме прашална реченица без партикулата **ли (дали)**, што се третира како влијание од балканските (несловенски) јазици: **нé и, дванáдесет сáата дéнут?** ; в. **супúне (сă).**

супрáзн'и* pf 'истури нешто до крај, така што садот останува **празен**' ~ *за растувáр'ат кóниту, за súгнат вр'ăтиш'тăт'ạ, за супрáзн'ат ж'ú-туту у амбáр'ут* [MS,t,67]; ~ *да си супрáзни муш'туráку* (= да се испразни клозетот – станува збор за полски клозет, во дворот) [MS,s,109]; ~ *и тój, как ч'ý тăј, сă уплáш'и и гу супрáзни* [MS,t,74].

сурáт m 1. 'лице (на човек)'; се употребува паралелно со **óбрас** [MS,s,109]; ~ *нă-сурáто му-излизé брýт* (ситни бронки); има случаи и со ирониј: ~ *мóлчи бе мăјмýн сурáт, мајмýн суратлúа*; 2. 'верен израз (слика) на нешто' ~ *застрă и катă вечăр пăдајрјуту носăт пу две кошници гроздă нă горнјут и пу две нă долнјут кунак. Во шо сă риче ду сеа достă јасну кăжувă пу шо трага* (правец) *одă селцкјут ступăнлăк. Но зă пăлни сурат нă во нешту нејкјăт зăбрăвувајнă: царцките и селцките дăвачки* [МЕ(Р),91]; 3. во Гăрбашел (Кукушко) запишавме варијанта и на називот и на значењето: **сурет** 'убава лика' ~ *нивéстта мо-ј сурéт, кýкла* [ПК,2(108)]; 4. 'маска (карневалска)' ~ *нă-Сýрва купýвăт сурáте, сă-прáвăт мéчки* [ПК,2(Ал),108].

сурвар m 'дете што навечер на празникот *Сурва*, односно *Спара Нова година* и *Свети Вашил'*, во група со др. деца одат по куќите и пеат сурварски песни' [ТГ,23].

сурва́тка f 'течност што се добива кога се цеди пресно сирење' [СК,-336]; ~ *кóга сă-измăлзе* (млекото), *сă-исцéдуве и пóсле, кóга е óште тóпло, сă-турýвă сúриште и сă-турýвă нă-тóпло мéсто да сă-фáте* (да се потсири), *и пóсле сă-турýве уф-цăдúлкăта, сă-исцедуве. Тáа вóда шó сă-цéде сă-вúка сурвáтка. Сурвáтката пáк нă-нóво мóже да сă-зăгрé-, да сă-нăпрáве úрда, сурвáтка* [ПД,156]; сп. и: **сирва́тка** 'урда добиена од водата што се цеди од сирењето' [ПК,2(Мут),102].

сурвашка f 'коледарско стапче, изрезбарено, децата со него удираат по портите кога одат да честитаат **Суру́ва годи́на**' [BV,154].

сурвеска* impf – односниов глагол го извлековме од описот на обичајот кога се слави **Стара нова година**, за празникот *Сурва* или *Св. Вашил'*: штом сонцето ќе зајде, децата во групи се собираат, со торба на рамо и со стап в рака и одат да *сурвескат* – по куќите да честитаат празникот. Децата што *сурвескат* се викаат *сурвари*, а песната што ја повторуваат од куќа в куќа е кратка: "*Сурва, сурва, дај ми бабо, мрва*". Домаќинките со радост ги дочекуваат и ги даруваат со парче свинско месо или пастрма [ТГ,23].

сургúа f 'земјоделска направа, брана за влечење на изораното' ~ *сăс сургúа ора́на ни́ва са-вла́чи, от-сýи пръ́чки е напрáвéна* [ДС(Ч),142].

сургýн (и: **сурґýн**) m 1. 'прогонство' (како полициска казна) [BV,153]; 2. 'силен пролив' [СК,336]; 3. изр.: **сургýн ки гу чúнат** (= ќе го прогонат) ~ *да рúчé: Знáими оти вó ни и сúн нáш, и слéп шо си родú; как глéда сéга нé знáими. Такá му си рéкле тáтко и мáјка му, зáрди му бúле стрáх ут Чифýтите; óти ако му кáжи нéкој за нéго оти Хрúстос, сургýн ки гу чúнат* [MV-,K,259]; ~ *вúа прикáзни ви казáх на вáс, да нé си плáшити за сè. Сургýн ки ви чúнат на вáс, тукý ки дóјди врéмито, тó шо ки ви утéпа на вáс, ки чúни курбáн на Бóга* [MV,K,297]; **сургун ава** – сп. религиозен обичај: на *Прабраждејне* се јаде риба, попладнето мажите (од селата покрај Вардар) одат на риболов – тоа се вика *сургун ава* (турц. што во превод значи: 'прогонство на чист воздух'); на споменатиот празник – *Прабраждејне* прв пат се каснува грозје [ТГ,74].

сурдиса́ (сă) pf 'го испразни, го прочисти желудецот' [BV,153].

суре́ n 'начин на садење на земјоделски култури: се копат 3 дупки во кои се става семе и заедно се покриваат' ~ *áку úш'тиш' суре́, суре́ ги с'ăш'*, доколку пак се копа само една дупка во која се става семе тогаш се вика **ќóрч'изи** [MS,s,110].

суреде* pf 1. 'приготви' ~ "*Ох, милна мале, милна мале! [на кого ме устави, милна мале! [дали ме пурасна и суреди, [па си риче: стиге гајри, [она може сама да се гледе?! [зар не знајиш, мила мале, [оти јас сум оште малечка?*" [ТГ,264]; 2. 'исчисти' ~ *Она рéкла: "Ут-шó дудéка смă-свáтăве?" – "Нáшта и вáшта бúшка бúле сéстри, мă-тирáа да-а-зéали на скáнúста (крштéнка). Измиј-ą – рéкăл, сóреди-ą, јáс кă-а-закáрум*" [ВГ(Ґав),174]; 3. 'спастри, намести (дома)' ~ "*Слýши – мýр, рăчéл, тóлко мă присилú, чúм сáкиш дă-ти-кáжум, и ки-ти-кáжум, áла пăрво шо ки-нăрéдум ки-нăпрáвиш. Вáри чинúца, мéси пýпи, пустéли, суréди и нáпкум јас ки-лéгнум, к-ýмрум*" [ПД,153] – во контекстот прави впечаток присуството на

кондиционалниот (и темпорален) сврзник **чим** (упатува на дејство по кое веднаш следува дејството на главната реченица): **чи́м са́киш да́-ти-ка́жум, и ки-ти-ка́жум;** овој сврзник не се среќава во македонскиот нормативен јазик, но се среќава во соседството, пр. во српскиот јазик; ~ *та́а тре́скичка а-нӑјде́ла не́каа ба́ба. Та́а тре́скичка ба́:пта сја:-тури́ла зӑд-вра́тта. Ка́ ќ-уди́ла ба́:пта дӑ-ј-но́се гуве́:та, та́а тре́скичкӑта ќи-сӑ-чини́ла мо́ма и си́чко ќи-суриди́ла до́ма* [ПК,2(Крец)-300]; – гл. **суреде** го забележивме и во еден извадок што се однесува на семејните односи: родителите што имаат само едно машко дете настојуваат што побргу да го ожени: ~ *"Едночко имум, и сакум дудека сум жив да си гу суредум и удомум, оти не знам колку оште ки живејме. Дудека сме живи да са нарадујме"* [ТГ,144]; 4. – истиов глагол се употребува и кога сакаат *да гу суредат* мртовецот (= да го приготват за закоп, т.е. да го измијат, да му облечат нови алишта и др.) [ТГ,252].

суре́дин* adj 1.'спастрен', ~ *спре́мин, суре́дин, ка́ гӑ–суриди́ кӑшта, дӑ а-чу́книш ќи-кини́се* (се кажува кога е нешто многу приготвено) [ПК,2(Гӑр),108]; – истово значење го среќаваме и во следниов извадок – *сурва* викаат не само децата туку и одраснати момци и тоа не за подароците што ќе ги добијат, туку да се сретнат со девојки и да видат каде како е наместено, *суредино* (дома) [ТГ,23]; 2. 'приготвен' ~ *та́а ба́јнчка, шо гӑ-јӑде́х, ка:-ј нӑпра́вина, ка:-ј суре́дина, ви́ке, уфу́стта ми-устӑна́, а бе ви́ӑ бижа́нцте но́го не́шта зна́јте* [ПК,-2(Коц),244]; в. **суреде** 1.

суре́дӑве (и: **суредуве**) impf 'дотерува' ~ *не́ли бра́тјата са би́ли с ни́х? Кӑ му кӑжу́ве така́, во́а сӑ упла́шӑве, сӑ суре́дӑве и уд вра́тта на во́нка* (си заминал) [ИГ,113]; – сп. уште еден сегмент од патријархалниот семеен живот: додека не наполне 12 години, за девојката многу не се грижат, но потоа, откако ќе почне *да са суредуве* (да се облекува убаво), не само родителите туку сето село внимава како се однесува [ТГ,266].

сури́ја f 1. 'стадо (овци, кози)'; 2. 'множество од нешто' [BV,153].

су́рла f 'уста на свиња, со сурлата освен што јаде, таа и рие'; се употребува и **ц'у́сна** [MS,s,110].

Су́рл'ӑво top. 'име на македонско село во Дојранско, сега во Грција' ~ *за ма́ндрите* (ограден простор во Езерото за ловење риби) *на́ј-ло́ш е Дубрува́но* (име на ветар), *о́н ду́у ут Кру́ша, ут Су́рл'ӑво, по́гуле́ми дӑлги́ пра́ве, ги-расту́руве ма́ндрите, ле́сите ги-суде́руве* [ПД,129].

с'урме́ n 'завртка со која се потпира надворешна врата'; кај Саќов: 'резе за затворање на врата' [СК,336].

сурмек m 'неуреден стомак, неуредна столица'; сп. народско лекување, прочистување на стомакот – за *сурмек* се зема: *рачиново* (рицинус), најмногу *силимикија* (шарматеј) што се вари со суви сливи, а потоа се пие [ТГ,229].

сурна́к m 'домашна направа за сеење брашно – сито' ~ *сас сурна́к бра́шно сӑ-тре́се, за л'а́п, зе́лник, су́чни ко́ри, чи́сто да е* [ДС(Ч),142]; – односниов назив го среќаваме во описот на основните домаќински предмети што бегалците од Серско ги зеле со себе при напуштањето на родната грутка 1913г.: ~ *утпо́кӑшни́на зма́ле-сӑ си́тни же́нски*

работи: лажи́ци и буди́л'ки, сурна́ко и чука́лото, вара́л'ка, точи́лка, ча на́ко, н'а́куја пани́ца, валѓа́ни и ка фни́ко, по-н'а́куја пруске́ла, пукро́фка и ја́мбулја [ДС(Ч),168].

суро́ф adj 1. 'нешто недопечено' (пр. леб, тула); ~ *кӑштта ни би́ше сѐ ус-суро́ва ту́ла и плитини́ца* [ПК,2(Гӑр),108]; 2. 'неварен' ~ *двете преднини плешти от овенот не ги варјат, туку така сорево месо, едната ја заневат на попот у дома, и едната на кумот* [V,PM,252]; ~ *"Што́ ќи-ги-сӑдити чов'а́цити. Слобо́дни-с, не́к си о́дот. Н-мо́ж да-ги-сӑдат. Ва́рни ја́ца јадеа́, не́ с суро́ви, па да иска́рат пили́на"* [ЛС(К)124]; 3. 'несозреан' – кога *постата* (одреден простор од нивата што група жетвари заедно ја жнијат) *ки са ижније*, ако житото е сосема зрело и стебленцата суви, веднаш се врзува во снопје, ако пак е *сурово, полозите* се оставаат да се сушат [ТГ,336]; ~ *кога́ и́мах бо́л'ава уф-уши́ната, ма́јка уф-уше́то турува́ ми со́к ут цӑрни́ца. Ќи-зе́меше суро́ва гра́н'а ут-ца рни́ца, па га туру́ваше уф-о́гино и со́ко што са-ц'а́дише гу-суби́ра ше* [ДС(Ч),158]; 4. fig.'тој што прави неумни постапки, недораснат' [ПД,115]; ~ *суро́ф-си о́ште ти́ за ти́а рӑбо́ти* [ПК,2(Гӑр),108]; 5. 'болен' ~ *де́тето са́каши-нека́ши, оти́де да копа́и. Кату не бе́ши научен на таква́ ра́бота, и от мло́гу захме́т, от пе́к слӑчоф, от мло́гу топлина́ си разбол'а́. Ету сега́ дојде́, гу земах еди́н де́н на лозе́ту да копа́ј, разбол'а́ си, са чини́ соро́ву* [V,PM,150] – неакцентираните **'о'** и **'у'** имаат неинтензивна артикулација, освен познатата редукција на **о > у**, има случаи, поретко и на обратна редукција, како што е примерот: **са чини́ соро́ву**.

с'урт'у́к m 'погрден израз'; в. **с'унт'у́к** [MS,s,110]; во Воденско: **суртýк** 'лош човек' [BV,153].

Суру́ва годи́на f 'празник Стара нова година – Василица' (со односниов назив се наздравува кога се честита празникот и со дренова прачка се удира по раката) [BV,154]; во Гевгелиско е забележана кратката форма: **Сурва** – **сп.** обичај: ~ *нă-Су́рва купу́ват сура́те* (маски), *сă-пра́вӑт нивести, ме́чки, вӑлци, кӑрнева́ле. Се́тне пе́ат су́рва ут-кӑшта нă-кӑшта, зби́рӑт кӑлба́си, пе́чино ме́со, уре́е, тӑкви рӑбо́ти* [ПК,2(Ал),108]; се мисли дека околу овој празник (Василица) деновите се најкратки [ТГ,9].

сурунуве* impf 'рони солзи, плаче' ~ *дејна мисл'у́м, нока сонум; [на вичери ми тикнуве, [дур залуг ми залигнуве, [фил'џан слӑзи сурунувум, [сијна риза ју́тупувам* [ТГ,368].

сурупе́е f 'слаба, висока девојка' (со погрдна конотација) [ПД,115].

сус adv 'мирно' во изр.: **сус му-сто́от** (= се плашат од него, кога е тука тие се мирни) [ПК,2(Гӑр),196].

сусам m, bot., Sesamum 'зрнесто растение, се пече, се меле и се добива таан и зејтин' ~ *дудулејка мајка, [сред море стоје, [на Бога са моле, [дож да заврне, [бериќет да даде: [да се чинат чиничките, [дур ду стрејте, дур* **ду** *стрејте, [да са чинат сусамито, [дур ду грди, дур ду грди* [ТГ,435]; ~ *тӑрху́н ви́кат на-а́лва шо гӑ-пра́ват по́виќе ус-суса́мо, уф-нӑтре мо́ш да-ту́рат и кикири́ки. Ме́кта а́лва-ј тӑрху́н, о́на не́-ј бе́ла. Нӑ-тӑрху́но сја́а и́ ви́кат та́ан а́лва* [ПК,2(АЌ),117].

суса́м-а́лва f 'вид слаткиш – алва, во која има сусам' – сп. обичај: ~ *нă-Про́чка* (празник) *ве́чӑрта*

и́ма адéт: нă-мутувúлка ќи-вăрзиме вáрно јáјце, сусáм-áлва и тáткуто ќ-а-шéте мутувúлкăта, кăнáпо ус-áлăфта и јáјцто сă-мáат, а дрýјсте шо сéдăт укул сóфăрта зéет, д-о-лáпнăт јáјцто-ли, áлвăта-ли [ПК,2(Крец),67] – во текстот, во заглавниот збор имаме образец позајмен од турскиот јазик во кој именка се јавуа како атрибут на друга именка: **сусáм-áлва** (наместо 'сусамлија алва').

сусамница f 'вид пита со *сусам*' – зрната од оваа билка се мелат и се ставаат во споменатава пита; сп. – за ручек, кога ќе се постави *софрата* се носат освен јадења и нешто сукано, како *баница, сусамница, сарлија* [ТГ,21].

сусáмче* n 'вид слаткиш направен од сусам' ~ *áс, вúкạ, нạ-глáвạтạ нóсạ тáблạ (тáблạ с-вúкạ, гạличáни нóсạ днó вр'áли, áс ги пóмн'ạ, кај нáс ги-úмạши, сусạмчúнạ, рạбóти), и нóс'ạх г'врчúна (колурја* - грч.*) зạ-д'áцạ* [ЛС(К),112].

сусáрка f, bot. 'бела метла, расте диво' [ПД,123].

сусé adv 1. 'сосем, наполно' ~ *устă-нáх сусé сáм* [СК,336]; ~ *кă-го-научúха хармúјто, шо-ј-идна мăра задрăжăн, фатúха кáта вéчер да-мујúдат и да-му-пл'áнат дуќáнăт. Уд-н'ăко вр'ăми сéтне дуќáнăт-му сосè си-испразни́* [ВЛ(Аj)]; 2. 'заедно со' ~ *ка си дуна* **сечко** *адин ветар и доша, ка си зафати една* **лапавица**, *хеј море, хеј, чувек ут студено уф мишији дупки да са напике. Бабата* **сусе** *кози и јарци бише таман на среди на пăтут* [ТГ,13]; – прилогот **сусé** го забележивме и во описот на следниов обичај, поврзан со празникот *Вудици:* откако ќе се фрли крстот в река, од собраната група луѓе ќе излезе некој, ќе застане пред попот и гласно ќе викне: *"Јас давум две кутли* (мерка за жито) *ичумен* (јачмен), *ако се Андон, или Нако Гошуф избајне сусе руби!"*; потоа ќе се јави повиканиот (Андон или Нако) и гласно ќе рече: *"Уд мене има три кутли чиница за него да гу избајниме"* [ТГ,26]; 3. изр.: **сусé уднéсин** (= крајно несериозен) ~ *ти́ пă сусè си-уднéсин* [ПК,2(Гăр),108]. Се среќава и формата **сусем** ~ *прво зафати чиница – кара башак – да са фале, вил'аки: "Мене сите ма палат* (бараат). *Ма јаде и крал' и сирумах. И един сусем сирумах чувек, ка ки му дојде некуј арин ден, мена ки ма пале"* [ТГ,342]; ~ *едно време имало еден богат човек со една ичерка, а комшијата му бил сосем сиромах* [ШГ,5(406)].

сýслạк m 'сув снек' [ДС(Ч),62].

сýста f 'вид мало копченце составено од 2 дела, едното влегува во другото' [MS,s,110].

Сутир – м. лич. име запишано во Гевгелиско [ТГ,115].

суткáе pf 'на разбој од преѓа направи платно' ~ *сéга ќи-сă-зăвăрте бój чăдăри трéбат. И тáа влéгла. Ткáла, ткáла, ткáла... нă-мужúла дă-суткáе нúту двé пéди* [ДК-(Лип),113].

сутлијач m 'вид десерт од варен, засладен ориз' – за празник, за ручек, кога ќе се постави *софрата,* освен различните јадења: *сарма сус кисала каша,* или *ќуфте сус каша, или рибник,* се става и десерт: *пил'аф* или *сутлијач* [ТГ,21].

сутрије pf 'уништи, сотре'; сп. клетва: **болќка да та сутрије** (= да те фати лоша болест, од која нема да се спасиш) [ТГ,319]; в. **сотре**.

сýтринта adv 'наутро' ~ *сýтринта стáна дéтто, утидé нă-рéкăта,*

фъ̀рлú въ̀дичкъ̀та, фатú-си пàк дрýга рúба. И дуjдé дóма, пригутвú рúбъ̀та, истъ̀ргá-га, ръ̀стъ̀рбушú-га. Нъ̀jдé въ̀тре аднá чéша. И дéтто, ка-видé чéшката, зачудú се [ВК,281] – гл. фор. **ръ̀стъ̀рбуши** (= исчисти внатрешност на животно; во случајот на риба); изведено од архаизмот: **трбух** 'мев'.

сутрýве impf 'истребува, уништува' ~ *нé сă-сутрýве тóо вирáно кучúло* (нечисто поколение) [ПК,2-(Гъ̀р),108].

Сýута Рéка top. (запишан во кукушкото село *Алексуво*) ~ *и ка дуjдéме уф-Кýкуш, видéхме нъ̀рóт бéге нă-сúте стрáни, кукушéне. Жешко, огин, сă-вике, горе. Адна жéна малéчко дéте нóсе уф-ръ̀цте и, гу-турú пут-пъ̀то ду-áдни тъ̀рне. Уф-áдни дрáки, шо вúкме... óна бéге. И плъ̀днувáме тóо ден уф-Алéксуво кът-тáа Сýута Рéка, пут тúр jáвурто* [ПК,2(Пос),291].

суутúна f ~ *сýj лúста, сýу трéва, сáчки* (суви гранки): *"збрájт-jаа тáа суутúна, дă нé прáве гýбре тýка"* [ПК,2(Ал),43].

суфати pf 'земе, пофати, симне' ~ *дека зборуваха, пак тојнака га притисна, и заедноч тјанака фъ̀рли ръ̀ката ú на връ̀х папламата, суфати кепету от негу, и така остана тојнака на мигдан* (отскриен) [V,PM,34].

суфéрин* m 'шофер' ~ *вúкнува иднó афтокúниту, му вилú на суфéринут...* [MS,t,83].

суфисújа f 'разумно однесување'; в. **софиа** ~ *бóже, дáj мо суфисújа дă-сă-пръ̀бéре, дă-си-глéде дéчкъ̀та* [ПК,2(Гъ̀р),108].

сух adj, 1. opp. на 'мокар' ~ *отúдох, шетáх мóри и сýха зéмjа, млóгу Господ ми помóгна, добúх не сáмо тájа стóка, што úмам тýка, но и двájси гилúа дадóх на едúн такá, бакшúш* [V,PM,16]; ~ *го-пúте: "Jáгнăнце бéгнăнце, шó прáвú, та въ̀гл'ăне жвáкиш?" Jáгăнто му удгувóруве: "По-сýj рúдишта, сýj гъ̀ргáлéнки тъ̀ркăл'увáх"* [ВК(Пат),285]; ~ *дека ручеха леб покрај една рекичка, кривоју една суха кора кату ја тури да си накăсни аф водата, реката га зема кората на дол* [V,PM,91] – глаголот **руча** со значење 'јаде' не мора да се однесува на јадење на пладне (на ручек); ~ *кату отиваха на пăтју, најдоха еден јунак, којто морету гу смрăкаши сос устата му, и от носот му са убесуваха ледници и остануваха рибите аф суха земја* [V,PM,44]; 2. 'растение што не вегетира' ~ *утишел до едно големо дрво, та го прегрнал дрвото, и удрил на којнут суз мајмузето, за да го дрпне којнут, та да се утепе. Дрвото се пугодило сухо и гнило, та се скршило, а којнут се уплашуве и фатил да бега* [ШК,5(434)]; ~ *"Е, вúке, вълко: áрăнто сă-зăбрáуве. Ќи-тă-изéдум". "Дóбро, рéкăл урáчо, áj-д-óдме пу-пъ̀то нă-тăкá, кój ќи-стрéтме, ќо-пúтме дáл' сă-зăбрáуве áрăнто". Одăт. Стрéшто глéдăт áдин кój пáсе, рáве кójно сýу трéва* [ПК,2(Ним),265]; ~ *и му земá мéчката на пóпо балтúата и га искрú. Пóпот тéра балтúа, балтúа нéма. Типъ̀ра наберá дъ̀рви сýхи от баúрот и си отúде на дóма му* [V,PM,106] – во текстот среќаваме уште една потврда дека во овие говори мн. наставка **-и** се обопштила и се јавува кај именки од ср. род: **наберá дъ̀рви**; – придавката **сух** е регистрирана во следниов обичај (и верување): на празникот *Гýрѓовдин* девојките се *тегл'ат* (мерат) со кантар што се закачува за некое зелено дрво,

бидејќи не е добро *да са теглиш на суво дрво, оти можиш да са чиниш сув куту суво дрво* [ТГ,68]; 3. 'слаб, истоштен организам' ~ *на ви́и ле́жија но́го л'у́ди бо́лни, сле́пи, кри́ви, су́и, фате́ни, шо че́ка во́дата да си разигра́ши. Чу́нки Ангелот сле́ваши на вре́мито на Ка..., да си стре́сиши во́дата* [MV,K,255]; ~ *а́рна, су́у кӑкӑра́ска* (страчка) *сизима́л* (за жена) [ПК,2(Гӑр),64]; 4. сп. **сухо врјаме** (= кога долго време не врне дош) ~ *и пак на една страна најде млогу пчели, и едно пиле не ги оставиши на рахат, ги јадиши. Пилето гу вел'ат пингор. Това пиле на сухо врјаме си моли на Бога за дӑж* [V,PM,96]; 5. изр.: **су́хи пару́ш'ки** (= "чисти пари", без одбивки и трошоци) [MS,s,109]; **су́у и суро́во** (= сите до еден) ~ *сјáа и су́у и суро́во искупи́а лимузи́ни* [ПК,2(Гӑр),196].

Сухо́ top. 'име на село во Солунско со многу архаичен говор, таму истражувале повеќе слависти барајќи ги корењата на јазикот на Светите браќа Кирил и Методи' ~ *с'е́днах два три́ м'ӑсници у Сулу́н ... ма́стуру би́ш'и ут Сухо́* [MS,t,1]; ~ *на́јно́го мӑ-ӑрисá уф-Лагади́на, не́ уф-Мура́рци. Уф-Су́хо и уф-Бараклѝ Цума́а свира́что це́л-де́н ми-свира́а. Ут-Су́хо нӑ-ва́ки чи́сто макидо́нцко гувора́т, ду́р по́ӑрно и уд-на́с. Уф-Лагади́на над две́ста и усу́мсе кӑши́ти и́ма на́ши. То́о е ме́сто ре́чи кулку пулви́на Стру́мица.* [ПК,2(Крец),308].

су́ху n 1.'суво место, копно' – поименчена придавка ~ *кунди́са ('с'е́дна') и то́ј на идна́ ада́... и та́м ч'а́каш'и, бе́лки гу фарли́ далга́та Икаро́ту на су́ху* [MS,t,-58]; ~ *тојнака киниса да иди пу мо́рету, мајка му на дома са вӑрна. Он как пливаши на мо́рету, гу беши фӑрлил аф една ада на сухо, наедно сос копанката* [V,PM,89]; ~ *афу́ ни на́јди ра́бута на су́ху, р'е́ч'и: "за по́да ... да ра́бут'ӑ на мо́ри!"* [MS,t,84]; ~ *ка испадна́ле на су́хуту, а гле́дат о́гин запале́на и ри́ба шо си пе́чиши... ве́ли на ни́х Исус: Дунсе́јти ут ри́бити, испадна́ Пе́трос и извади́ гри́пот пу су́хуту* [MV,K,338] – во текстот се среќава уште еден случај на нарушена конгруенција, именката од м. а придавката од ж. род: **о́гин запале́на**; ~ *па о́н а фле́гал уф идно́ ка́ик, шо бе́ши ут Симо́на, му пи́та на не́гу да гу вле́чи ма́ло ни́што* (нешто) *пу су́хуто* [MV,K,-272] – во текстот имаме употреба на крат. зам. форма за дативен предмет **му**, наместо акузативната 'го' (**му-пита** место 'го пита'), уште употреба на предлогот **ут** (од) за изразување на посесивност: **ка́ик, шо бе́ши ут Симо́на**; натаму имаме нарушена конгруенција: **идно́ ка́ик** (именката од м., а бројот од ср. род); ~ *Кулу́ф а́ф море́ту а ту́ка да си одáви, а та́мо, далгите го извади́ха понапрет та́мо, де́ка са́каши да излѐзи, гу фӑрли море́ту на су́хо, и дур да си до́јди на се́бе си, промина́ха две́-три де́на* [V,PM,8]; ~ *тогај го зева нас дјун'а и'узели от рӑнката, го изваѓа вунка на сухо и мо вели: "ти што ми позна мене и ме раздели от арапката, ету пуштам веке водата на касабата да тече ка-ту напрет* (порано) *и е биде да не сӑхни"* [V,PM,162]; 2. 'растение што престанало да вегетира' ~ *Се́дам годи́ни ќи-би́ди го̀л'а́ма су́ша, н'а́ма ни́што да и́ма". Су́вото го-уни́шти на плодното, уни́шти дарва́та, уни́шти сѐ. И, ви́ка, за̀тва́, на плод-*

нити годи́ни ќи-си-спре́миш хра́на за-се́дам годи́ни [ЛС(К),112].

су́ч'и* impf 1.'витка, замотува' ~ *да ми докарати еден ваш чирак, ча сам не мога јазика: требува чираку да пушта, јазе да сучам, а не три педја вăжи да направим, туку триста лактја* [V,PM,60] – во контекстот среќаваме проширена употреба на суф. **–ува** што се придава кон имперфективен глагол: **требува** м. 'треба'; 2. 'со прстите витка парче хартија со тутун, прави цигара' [MS,s,109]; сп. **сýкнува** и **суке**.

сýцýк* m 1. 'црево полнето со месо и зачини, колбас'; 2. 'мразулец' ~ *дă те́-ј стра́х да испа́ниш нă-во́нка, ка́-ј гле́диш ти́а сýцýцте ка́ ви́сăт пу-стре́јте* [ПК,2(Гăр),108]; в. **сулина́р**.

сýша f 1.'период кога подолго време не заврнало дожд' ~ *ќи-фắрлиш се́ме уф-зе́мта, гле́јш не́ ни́кне, о́но избутија́ло ут-сýша ли, утвла́га ли* [ПК,2(Иц),26]; ~ *де́лто купи́ ни́ви уф-Ра́дуво зă-жи́то, та́м. Тýка ти́а ни́ви сă-сла́би зăста́ро. Ла́ни шо́ ста́ро искăра́ме. Ва́а гуди́на нă-мужа́а дă-се́ат, сýша би́ше* [ПК,2(Иц),288]; 2. изр.: **падна́ гол'а́ма сýша** (= се кажува кога ќе завладее голема суша) ~ *о́н му-ви́ќа: "Та́тко, мно́гу ле́сно тва́, ви́ка, ќи-па́дни гол'а́ма сýша. Се́дам годи́ни ќи-би́ди гол'а́ма сýша, н'а́ма ни́што да и́ма"* [ЛС(К),112].

суше́ n 'во минатото "царски", главен пат' ~ *по́ ади́н ме́сиц же́тва жни́јаа. Иска́рувјаа не́ зна́м пуко́лко жи́то да-ти-ќа́жум, ко́лко ќи́ла. И шо́ и́маа изира́ деме́к чуве́ци но́саа, се́лто ко́ли уф-Со́лă.и гу-но́саа. Ду-на́што се́ло би́ше суше́* [ПК,2(Иц),281].

суше (са) impf 1. 'кога некое растение престанува да вегетира, станува суво' ~ *изникнало дрво мравл'иво, [на дрво вел'ам, гуворам: ["Суши се дрво мравл'иво..."* [ТГ,101]; ~ *да та́му шо се́иши, кој зăрно ут се́мито му падна́ на пăтут, си газа́, и ут не́бито пили́штити гу издо́а. Па дру́го падна́ уф ка́минут, ка́ си никна́ сă сушѝ* [MV,K,273]; 2. 'кога човечкиот организам (или дел од него) ја губи виталноста, станува слаб, сув' ~ *"Суши се дрво мравл'иво, [как што се суши млад Стујан, [за Ѓурѓин Стојна Попува!"* [ТГ,101]; ~ *и де́ка ки пика́са што ки гу фа́ти, гу тре́си и си упину́а и си тре́си зăбити, и си су́ши; и му ре́кох на Учени́ците да гу изва́дат* [MV,K,285]; 3. 'кога продукти се остават на погодно место со цел да ја изгубат влажноста за да може потоа да се користат за храна' ~ *и риба́рут си-изăрви́л по-пăтут а лси́цăта скокна́ о́т пăнăго́нут и си-и-собра́ла ри́бите и си-и-зăнсе́ла до́ма, и нăнижа́ла да-му-сă-су́шăт* [ВМ (Сар),316]; 4. 'кога устата (на човекот), односно јазикот ја губи влажноста' ~ *чуве́к пугла́ште и ка́ и́ма мắка, ка́-ј бо́лин, му-сă-су́ше гăра́лто и он пугла́ште* [ПК-2(Грам),91]; 5. 'кога ќе снема вода во река или извор' ~ *уд некулку гудини наприд и јас пăметăм, ошă блатто летто се сујшише и љујто дур на реката одиа газиникј* (газејќи)*; тогај крајта блатто пустолци, елбет и друјзте села шо сă крајта блатто, садиа пчинички* [МЕ(Р)77] – во текстот среќаваме уште еден пример (од многуте) во кои имаме додаток за место без предлог: **тогај крајта блатто садиа пчинички** (место: 'на крајта уд блатто'); в. **сăне**.

сушец (и: **сушек**) m 'ситен, сув снег' [ИГ,120]; ~ *зѐлѐдин снѐк, сѝтни кут прѝсини зѐрна: слу́ши вѐрне сушѐц, он шумѝле* [ПК,2(Гра),108].

сушѝе* pf 1. 'соедини, сврзе некои работи со игла и конец' ~ *а́ма сј-о:-сушѝла џѐбо – уд-урѐл нѐ-будѐл, нѐ-шѝ лѝче!?* [ПК,2(Гѐр),205]; 2. 'изготви со шиење некаков вид облека' ~ *сушѝх адѝн пипирлѝа* (светлоцрвен) *фустѐн, ѝч не-мѐ-ј пумирѐко* [ПК,2(Гѐр),85]; ~ *Дѝмка си е флегла јуф масѐр чаршија, [ного си глидала, малце арисала, [малце арисала, жлѐта ми камуда, [она је нусила на Митре терзијче, ["Ного ти са мол'ам, кузум баче Митре, [ти да ми сушијиш сакмалија фустан"* [ТГ,204]; ~ *авалѐк вѝкме ка́-ќ му-дѐјме пѐри нѐ-чирѐко ил' нѐкѐлфѐта ка́ ко:-дѐнсе кустѝно шо-о-сушијѐл мѐјстур-му* [ПК,2(17)]; ~ *"Биз аршин нужици ти да ми гу кројиш, [биз игла и конац да ми гу сошијеш!" – "Ѐј Дѝмке, Дѝмке, јубава ми Дѝмке, [ама ки те мол'ам и јазе за нешто: [ти да ми направиш бела ми пугача, [брашно ти да сејиш сус твојите клепки"* [ТГ,204].

сушѝјн* adj 'нешто составено со помош на шиење' – сп. објаснување за називот **мѐсѐл'** (и: **мисал'**) = *ткѐни кѐрпи, тѝй сѐ двѐ дѝпли, сушѝјни пу едѝн мѐтѐр. Клѐвѐт уф нѐтре лѐп, сѐл'ѐне си нѐсѐт нѐ-нѝвѐта* [ПД,135].

сѝшна (< **сушина**) f 'место покриено, обезбедно од дожд, од страните може да биде и отворено' ~ *ајѐр-што гу-прѐвѐт зѐ-гувѐ:та, зѐ-лѐжне, пут-сѝшна* [ПК,2(18)]; ~ *сѝшина ду-нѐкуј сѝт, пут-стрѐјте* [ПК,2(А Ќ),91].

сѝшно adj, n (**сѝшно вр'ѐме**) ~ *на дѝн д'ѐл ут-ѐвли(ј)ѐта сѐдѝхме бубѐќ* (памук), *лѐбунѝци – бустѐн и пипѐне, кормѝт, скѝлида, пупѐрки, пѐтлицѐне, пѐтѐти* (компири). *Кугѐ б'ѐше сѝшно вр'ѐме нѝшто не сѐражда́ше* [ДС(Ч),158].

сфѐл'ѝвѐне* n 'симнување' ~ *сѐмо сфѐкурут ѝмѐше прѐво дѐ-ѐ-сфѐли нивѐстѐта. Ќи-ѐ-фѐтише уд-рѐкѐта и ќи-ѐ-сфѐлише. Кѐга ѐ-сфѐл'ѝвѐше па ѝмѐше идна́ пѐсна зѐ-сфѐл'ѝвѐнето нѐ-нивѐстѐта* [ВЕв(Ил),307]– во текстот има уште еден пример за широката употреба на предлогот **од** наместо 'за': **ќи-ѐ-фѐтише удрѐкѐта**.

сфарѝ (сѐ) pf 1. 'кога некаква храна се стави на оган за да се приготви за јадење' ~ *фѐт'ѐха да сѐ см'ѐ́ јат валѝту и паш'ѐта "хѝч' бакѐ́ру на т'ѐп'ѐ́ту, сф'ѐш'тѐ на курин'ѝ, ни мѝж' да сѐ ступлѝ билѐ, ѝхи да сѐ сфарѝ"* [MS,t,55]; ~ *с'ѐтн'ѐ гу клѐвами у тавѐта да сѐ варѝ; сѐ сфарѝ хѝбав'ѐ, сѐ зѐгѐсти́ и гу звѐж'дами ут вѝгн'у* [MS,t,4]; ~ *и остѐна сѐс тјах, сѐс змијвѐте, и седѐшја тѐм на колѝбата, и змиувѐте там клѐдоха мѐсу, да сѐ сварѝ, да едѐт. И катѝ са сварѝ, седнѐха да едѐт* [V,PM,262]; ~ *стани ми, стани, тенка Ванѓелино! [борна да нацепиш, огин да навалиш, [огин да навалиш, каве да ми свариш, [којна да напојиш, којна да назобиш* [ТГ,177]; – гл. **сфари** го наоѓаме во описот на следново верување: кога околу празникот *Питровдин* (среде лето) на пладне ќе почне воздухот да трепери, се зборува дека тоа е *думан* (пареа) од казанот на Св. Петар. Тогаш обично велат: *"А Свити Питар ка е стакнал* (засилил) *огино, оди да, да таја крава*

не се сваре" [ТГ,15]; ~ *ш'иќер'у и мидо́ ги кла́вали у т'ёнц'ира́та, ги сва́рили, ја зва́ж'дали т'ёнц'ира́та сӑс ш'иро́пу* [MS,t,8]. Овде имаме пример за употреба на перфективен глагол во презент: **ги сва́рими**, место 'ги сваруваме'; ~ *ги кираса пу ино́ кајве́ и пра́в'ат мухабе́т, ч'а́кат да сӑ сфари́ мӑнц'ата* [MS,t,54]; ~ *но́с, ш'ту гу зва́д'ахми за пикме́с гу кла́вами у казӑниту, гу фӑрл'ами и пе́п'ал н'е́тр'а и гу сфа́рили* [MS,t,4]; 2. 'со загревање на *"комиње"* од грозје или други плодови се "вари ракија", во др. говори "се пече" ' ~ *ци́пур'е́ту ш'ту устану́ват ... ги зва́ж'дали ... и ути́вами на ракац'и́јскију каза́н' да сфари́ли раки́ја* [MS,t,4].

сфат* m 1. 'родителите на младите што станале сопружници се **сфатуфци** (еден за друг)' ~ *и му р'е́куха: "дубр'а̑ до́јди сфа́ту!"* [MS,-t,78]; ~ *р'е́ч'и еди́најут уртак: е́да ста́нили сфа́туфци!и́* [MS,t,78]; ~ *све́курут или та́ткуто си бӑкну́вӑт рӑка, ко́ј е по́-мла́т. Ќи си ла́фӑт. Но́саа пе́чӑво, ри́ба уф та́ва. Дунсе́а ви́но, рики́а, сӑ густи́а, сӑ пуи́а. Си ричёа "свато"* [ИГ,116]; ~ *просикот фати, акалеса сватови и кумови млого, отиде и акалеса и змиата, неговојут господар. Тогас му вел'ат сватовиту на просикот: "ох, зентју, дека за поими сос змиата"* [V,PM,198]; ~ *кинисаа нивјастата да га зака́рат* (однесат) *нӑ зетјувите коначи. И кату оти́ваа на пӑтјут, Кира Ма́ргу нӑ цӑрјут му ве́ли: "цӑрју сва́ту, ја́зе пона́прет ки си и́дам, хазирлӑк да чи́нам"* [V,PM,140]; 2. 'гост на свадба' [ПК(Грам)].

сфа́т'а* f – в. **сфат** ~ *ути́ди дру́гајут бра́т му ка́за сфа́т'ата: е́дојди з'е́нт'ут, му да́духми про́ск'ефали́* [MS,t,78]; ~ *ути́шӑл; са́ма би́ла та́а же́нта куту ме́не, мӑжут-и́ не́ бил до́ма. "Дубру́тро, сва́ке!" Она ре́кла: "Ут-шо́ дуде́ка смӑ-сва́тӑве?"* [ВГ(Ѓав),174].

сф'а̑тли́ф (и: **сф'а̑тна** – истава форма се јавува и за ж. и за м. род; за ова в. во граматичкиот дел) adj 'нешто што светка'; со исто значење: **лӑскаф** [MS,s,101]; в. **светилни**.

сф'а̑т (и: **свет**) m 1. 'сета материјална страна што нè окружува (земја, васиона, **свет**)' ~ *"Ки-сӑ-на́јдӑме, рӑче́л, и по́сле ки-прӑдӑлжиш зӑ-до́ма". "До́бро, и́ма ли дру́го?". "Не́ма, рӑче́л, ки-му-ка́јш, а́ку са́ке ца́ро дӑ-тӑ-за́пре, ја́с не́ сум са́мо зӑ-тво́јо гра́т до́ктур, не́гу сум за це́л све́т"* [ПД,148] – во контекстот се забележува присуството на адверсативниот сврзник **него: не́ сум са́мо зӑ-тво́јо гра́т до́ктур, не́гу сум за це́л све́т**; овој сврзник отсуствува од македонскиот нормативен израз, но затоа пак се среќава во други словенски јазици; ~ *как беши трапезата пӑлна и неговата кӑшта така ке да е пӑлна дури до век, и кату как трите кандила свитјаха на трапезата, така и твојут брат ки свети на светут дур до век* [V,PM,85]; ~ *гувóри Исус: Не́ и дванáдесет сáата дéнут? Кóј пуудúл на дéнут, нé си супнýа, óти му си глéда вúделот на вóа сфéт; и ако пуóди нéкој пу нóкја, си сóпка, óти вúдело нéма на нéго* [MV,K,-286]; 2. 'луѓе, општество' ~ *един ден и рекла: "мари жену, ки ходам јазе на горбет, белке по дин кисмет излева, да добиа и јазе кату свјатот малко н'ашто"* [V,PM,161]; ~ *излезе́ да са шéта по касабáта, фатúха трагóфците да гу питат за имáниту. Кату чýха свјатóт*

за нéговото имáни, отúдоха до гимиите, гу видóха и гу цениха сос цéна хáрна [V,PM,14]; ~ *такá кату чýха свјáтот за кăрпáчинот, фатúха на пéза да гу зéват: "тój л'áп нéма да јáди, áма кăшта сáка да купи"* [V,PM,18]; ~ *Прул'étнаха ут Кирúт кутý пујн'é пилцá и ш'ту имáш'и сф'ăт пу рáбута, ш'ич'ки си устáнаха пухáхани* [MS,t,58]; ~ *по дно врéме имало една жена, штото са беши уженила, та поднош не и родила и млого пожалена ходиши на земјата, зашто нема да остави и тја кату свјатот корин* [V,PM,218]; ~ *на офчарут му паднало грех за змиата, та пушчил стапут, да га искаре* (извади). *Змиата по стапут на офчарут се навиве на шиата на офчарут и му веле: "Ти ме куртулиса от огинут, а сега ез ќи те изедум, зашчо сега такăф е сфетут – **чини арно, најди зло**"*" [ШК,5(429)]; ~ *на брáта му вéли: "зéли брáте арабáта, да úдили да товáрими казáно сóс парúте!". Му вéли брат му: "штó алтăни ми врéвиш, а брé барлúв? Кýни си* (молчи) *тáмо, ки на чýјат сфétот!"* [V,PM-124]; 3. 'одделен, ограничен круг на блиски луѓе, познати предмети и сл.' ~ *твá , вúка, мнóгу прóста рабóта. Квá ќи-ýмри жнáта, пóла свéт паднýва за мажó. Или мажó квá-ќи-ýмри за-жнáта. А осóбно за-мажó жнáта, óти мажó нé мóжи да с-испéри* [ЛС-(К),120]; 4. изр.: **и он (да) са збрка уф свет** (= да се најде меѓу луѓе, да другарува) ~ *поп, кýту секуј поп, му вéле: "Не знам оти нéма Св. Стујан, алa, ако сакиш дај ми една овца па да ти клам едно име што го пише уф сите калиндаре. Тоа увчар прастанал, дунесуве една овца и дубијве име Јован. Увчарут радостин првнијут Св. Јован си гу прачекуве кýту ка треба. И си бил ного радостин, оти и он сă збрка уф свет* [ТГ,26]. Заглавниот збор го среќаваме во синтагмата: **нос свјат** – според верувањето: таму каде што се умрените – рај, односно пекол ~ *тогас дјаволот са примени сос уврејската руба, са чини маж, вјахна бăрзата кон'а, отиде на уврјајката. Кату гу виде уврејката, му вели: "дека ми е манжот?" Тој вели на неа: "на нос свјат гу ожених за мојата жена"* [V,PM,234]; ~ *и му вилú ... : "дáј ми ја пéтала́та и кусил'ó! ... јáс дýр на тузú вр'ăм'а ч'áках да т'а дукáрам и за си пóда на нóс сф'ăт"* [MS,t,37].

сф'ăш' f 'направа од восок во која има фитил што, кога ќе се запали се користи за осветлување, освен тоа во црквите служи како религиозен реквизит – свеќа' ~ *удóл на курин'ó имáш'и клáдину инá сф'ăш' да гурú* [MS,t,55]; в. **свешта**.

сфéдук m 'тој што присуствувал кога станало нешто, очевидец' ~ *и музéва флóринут. – "Амáн, вéле, шó сáкăш зéвăј, устáј-мă жúва!" Мугу-зé флóринут и сă-тóкме д-ă-зăкóле и вá мисичúнта удрúла. Мисичúнта удрúла, нéма нúкуј у-óрмăнут дéка дă-сă-пужáле. – "Мисичúно, вéле, бúди сфéдук тú!"* [ДК(Бош) 139].

сфéсте (сă) pf 'стане свесен' ~ *и жéнта кăт-шу-рéчи – тáка: двé дéца су-звéзда и су-мишчúна. Лéпи и рóжда. Ружáштем му-турýва двé кучинúшта тá. Дур-сă-сфéсте, вáка-нáка* [ДК(Лип),114] – во текстот прави впечаток присуството на архаизмот **леп** 'убав': **лéпи и рóжда**; ~ *тó, кóга óна бúла нă рéкăта, кóга ă-вúшăл тăкфá лéпа, пáднăл*

нă-рéкăта нă-крáју. Е, вá гу-пузнáла, а тó нé-ă пóзна. Сă-измéна, знáјш, гóла дéка сă-кăпéше. И му-вéле, кă-гу-вúде тó сéлуто лéпо, кă-сă-сфéсти: "Кój гу-нăпráј вó сéло?" [ДК(Паљ),122].

сфетен* adj 'свети' ~ *ричé Гóспот: Кóга ки си дóјди Човéшноу сúн су слáвата нéгува и сúти сфетéни Анг... су нéгу, тóга ки си сéди наврáс трóњот прислáвéнио нéгуво* [MV,K,282]; ~ *ричé на нéа: Сфé-ти Дýх ки флéзи на тéб и тó шо ки си рóди ут тéб, Сфетéнио, ки си кáжи Господúново Сúн. И éто и Елисáвет, тфóа рудни́на, и óна устанá тéшка за дéти сéа на стáрос* [MV,K,316]; ~ *и рéкал Ма...: Голéмо и сăрцито ми на Гóспот, оти приглúдна на нáјдóлна измúкáрка нéгова. Ету ут сéга нáка сúти рóди ки ми благосóват, шо ми чúни голéла Гóспот, и сфетéнио нéговото úми* [MV,K,282]; ~ *ут грáт Едéсса шо а зéле сфетéнаја рúза Хр...-ува, шо си бришá, да му пуштúл на цáрот шо бéши кéл'оф, да си лекувá* [MV,K,329]; в. **свéти**.

сфúва impf 1. 'прави нешто да биде свиткано'; 2. 'ја извлекува, ја цеди водата пр. од алиштa (т.е. ги *свива*)' [MS,s,101]; в. **свии**.

сфúен* adj 'свиткан' ~ *пýл'ăт у-инă-ăвлúа пуштéн ину-вóл стáр. Гу-пúтăт тó вóлут: "Елај, мóре вóл! – му вéл'ăт. Вá змúјта јáс ă-извáду уд-óгинут, ă-сéга вúди: сфиéна нă тúлут, сáка дă-ми-гу извáде óкуто"* [ДК(Бош),137].

сфúнски* adj 'нешто од свиња' пр. **сфúнску м'áсу** – во с. Сухо, додека во соседното село Висока место **сфúн'а** се употребува називот **прáс'а** [MS,s,101].

сфúрец* m 'свирач' – в. **сфиркар** ~ *свáтовете ќе-се–собéрат ф-нéговата кýќа да-ќе-óдат за мóмата да-а-зéмат. Со-măпанут и со сфúрците ќе-óдат. Кá ќе-а-зéват мóмата, ќе-јáдат, ќе-пúјат – мáнци ќе-мукláдат да-јáдат* [ВЕв(Бар),300].

сфиркáр m 'човек што свири на инструмент, музикант' [BV,145].

сфиролче n, dem. – в. **свирол, сворче** ~ *Господ за да му плате за доброто, шчо му чинил, шчо му оздравел зăбо сос кадешо от тименот, го пушчил во најголемото азно, за си земе какфо сака. А тоа нишчо не сакал друго, а си земал само едно сфиролче* [ШК,5(420)]; ~ *Лудото зел козите на попо и отишел да ги пасе. Целио ден сос сфиролчето си сфирил и козите цел ден ги разигравал, та останали гладни и никак млеко на попо не набирали* [ШК,5(421)].

сфит'é n, bot. (pl. **сфит'áнта**) 'цвет' [MS,s,102].

сфрагúса* pf 'стави печат, запечати' (пр. писмо) [BV,146].

сфр'áд'ăл m 'нарецкана железна направа која што со вртење отвара дупки на дрво' [MS,s,102].

сфăршува impf 1. 'завршува со некоја активност, во случајот со продажба во дуќанот' – в. **свăрши** ~ *Жéнта му вéле: "А бе слýшај, тáа сáка дă-ти-кáже нúшто* (нешто); *сáка дă-сă-снáјде су тéбе, ама нé мóже кăк". Нă-трéтјут дéн му-устáва иднă-кăрпа вăрзáна у-бáсмите унăтре. Е, и зéва тó, сфăршýва, си-óде нăвéчирта* [ДК(Ран)134]; 2. – **(сă)** 'се доаѓа до крај на некој простор' ~ *на угри-слăнца и на зајди-слăнца ут негу има цел ред ридишта и долишта шо се свăршуват уд идна страна су вардарцкото поле ут друга страна*

су Слајнцата [ME(P),70]; ~ *селту că нăогјă нă стредин мигју синурут ут угри-слăнцă и ут зăјди-слăнцă; мигју негу и полјту ридиштă и долиштă că- јзрăмнувăт и кăту рăмнинă, не пузнăјату се спушкăт нă долу. Тукă că свăршува кăрут и тро пу тро că зăфајкјă полјту* [ME(P),79].

сф(ă)ршуван'е n 1. 'приведување до крај некоја работа' ~ *царут сă-почудил на тоа отгувор и рекол: "Ти си најумниот уф моето царство, а ако сфршиш јошче това, шчо ќи ти речум, ќи те чинам кату син". Момата рекла: "Кажи, царо, шчо ќи кажеш и, ако е за сфршуван'е, ќе се мăчам да го сфăршам"* [ШК,5(423)]; 2. 'доаѓање до крај на некој простор' ~ *Тукă că свăршува кăрут и тро пу тро că зăфајкјă полјту. Нă свăршувајнту нă рăмнинтă кăту мегјă мигју неа и полјто că теглă идна ниска битивијă мокрă и заурманенă фаша шо му велјăт Малту блату* [ME(P),79].

схáрка* pf 'испокаса' ~ *ино́ д'ăт'ạ гу фáт'ạха, гу бúха, имáха и ино́ кúч'ạ гу схáркаха какси* [MS,t,2].

схáркува* impf – в. **схáрка (куч'ату)** [MS,s,102].

схéдио n 'скица, план (на објект)' ~ *úмам јáзе едúн брăт на Стăмбол, та он ми писа пúсмо за да му кúпја таквáс еднá кăшта; и сегá ви се мóл'а, да ми дадéти кл'úчовиту, да úда аф кăштата, да úзвадја едно схéдио от кăштата* [V,PM,18]; ~ *и тójнака ги земá, отúде, га отвóри кăштата, влезé нéтри самóс, отвóри пенџúрјата, фатú горе да извáжда јурнéк схéдио, да го вúдјат свјатóт, но на негу не му бéши за схéдио дердут* [V,PM,18].

схрáни pf 'обезбеди храна, исхрани' ~ *на брáт-му ж'ината ни имáш'и л'áп за да ги схрáни тајфáта* [MS,t,48].

счéпкуве impf 'почнува да се закача, односно да се тепа' [СК,336].

счукýва impf 'удира' (во случајот соборува од дрвото плодови) ~ *"јáс тáка нé-că вéрвăм нă-вáс. Вúа ќ-и-субéрте, ќи-бéгăте. Дек ќи-вă-стúгнăм јáска?" – "Е, шó дă-прáјме?" – "Сăте зă-пáшките ќи-вă-вăрзăм зă-крýшта, кă ќи-сă-ýрвăм, ќ-и-дéлиме". Тúа кăндисáле. И счукýва, и бéре вá* [ДК(Лип),118].

că (3 л. мн. од **сум**) ~ *бăли трú брáт'а сирумáси, н'ă-că им'ă ли рáбута* [MS,t,78]; ~ *му вилú: "амáн, кóлку ш'ту úма за ти ги дáм, сид'ă да ми кáж'иш' ш'тó că т'ăс лáфуви!"* [MS,t,41] ~ *ја виж'дат фóтуграфúјата тáм и т'ă вил'áт: "мúлата сфитá Бугурдúца ... ја că курдúсали и на врăх клáја ницу"* [MS,t,25] – во врска со редот на зборовите: кратката заменка доаѓа пред формата на помошниот глагол: **ја că курдисáли** (место: 'că ја курдисали').

că (1. л. едн. од гл. 'сум') – скратена форма од **сам** ~ *фáти да că см'ăј з'éнт'у: "ш'тó м'ạ пúташ' , ут ш'тó сój-că?"* ; ~ *гу пúта тój: "кутрú си ти?" – "já-că Алéксандрус! тú кутрú си?"* [MS-t,59]; ~ *л'у за дój да т'ạ упáда... јáсă кадúја, јáз за т'ạ курталúсам т'éб'ạ* [MS,t,56]; ~ *гу пúта: "уд'é си ти? ут кутрú манастúр?" "ја-că утóс манастúр! утúдух на перивóл'у за да субéра смóкфи"* [MSt,45] – во заменската форма **кутрú** имаме словенски архаизам со прекинати изоглоси; сп. во рус. јазик; ~ *јас да т'ạ вразa тýка да că саалáм, óти за*

м'ă ч'ákаш' [MS,t,77]; *~ ги з'évам хумóтиту, ја з'évам кр'ăпката, гу з'évам и крусно́ту, субúрам и масýр'ạ да-că (дасă* - во текстот*) гóтуф* [MS,t,7]; *~ му вилú: "н'é м'ạ прáите кабýл ... да дójда тóс в'éч'ăр у вáм ... зирúм că мóкра ут дăш'"* [MS,t,80]; *~ утúдуха, пúтаха: "тó ч'ýка на пóртата?" "јáс că идúн ѓеч'кинџ'ýја, м'ạ ни ш'т'éти тóс в'éч'ер...?"* [MS,t,15] – во текстот имаме несоодветна линеаризација: глаголот и кратката зам. форма се одделени со негацијата: **м'ạ ни ш'т'éти тóс в'éч'ер;** 2. се среќава и формата: **су** (< сум) *~ му вилú: "јá-су Ѓóрги! ш'ó прáиш'? кák-си?"* [MS,t,86]; 3. изр.: **сýм на двá ýма** (= се колебам, не знам како да постапам) [СК,336].

că pron (кратка заменска форма – наместо 'си') *~ му вилú: "јá că устáв'ах гудинúцата на с'élуту и имáх р'éч'ину да м'ạ ч'áка"* [MS,-t,19].

căба f 'шестиот ден во неделата – сабота' [ПД,113]; и: **сýбота** (црквенословенизам); сп.: **вéл сýбота** 'празник, сабота непосредно пред Велигден' *~ тогас сиромахот га зема кутиата и си отиде на долиа му аф вел субота вечерот и вели на жената му: "е, мари жену, немој имаш гајле! Едно нешту, што добих, да гу видиш, да са почудиш"* [V,PM,114] – во називот **вéл сýбота,** освен веќе споменатата фонетска, се забележува и морфолошка посебност – нарушена конгруенција: атрибутот во машки, а именката во ж. род; во Гевгелиско освен *Вели (Вилика) Căбута* има и *Митровска căбута, Крстовски căбута, Лазарува căбута, Тодурува căбута, Бела căбута* (саботата пред Ѓурѓовден); во истата регија за имињата на деновите, освен познатите има и др. називи, така за **căбута – глава мијајне,** за недела – **уф црква удејне** [ТГ,9]; веројатно соседството со билабијалното **'б',** уште и блиската реализација на неакцентираните **'о'** и **'у'** придонесле да се установи и формата **собота**: *~ ричé на нéго бóлниот: Афéндо дýр да си óдам јас, друѓ при мéне слéгал. Вéли на нéго Исус: Стáне си, крéни си носúлото, да óди си. И на тóа чáс сạ лекувá човéкот; ... Ма бéши сóбота на тáа дéн* [MV,K,255]. В о Солунско се јавува со назален призвук: **сā̃мбута** [MS,s,105]; *~ у сā̃мбутạ жéнăтạ утúвạт нạ пиранé* [ПсС(З),67]; за празникот *Вилика Căбута* го имаме следниов опис: многу рано, на полноќ се оди в црква; тогаш се погребува *Исус Ристос,* верниците со свеќа в рака и со црквени реквизити, заедно со свештеникот, се движат околу црквата. Тогаш жените запалуваат свеќи на гробовите на своите блиски и кинат млади гранчиња од *миндал* (бадем) што ги чуваат и подоцна, откако ќе се исушат ги толчат и со малу зејтин ги ставаат на рани [ТГ,59].

Căбуцко top. 'населба во Мегленско' *~ óдăт у-Căбуцко нạ-кăдúјта, мувéл'ăт: "Кадú, тăкá и тăкá, вó кýпут и-пóлн пáри, тáтку-ни устáви клéтва зạ-дạ-н-гу-дéлиш тú. Нúе дạ-си-гу-дéл'не дạ-н-сạ-скáрне"* [В М(Зб),321].

căд m 1.'институција каде што се решаваат судски спорови', в. **căдовиште** *~ му вéли зéт му: "е, дjáдо, ке да дójди врjáме, нúкаква рáбота нé ки да се глéда по căдове, чá ке да бúдат човéците кату мајмýни, едúн наsăд ке да úди, дрýг напрéт, по căдовету да си căдјат"* [V,PM,114];

2. 'чинот на судење' ~ *ви́ка: "Ти́, ви́ка, у́три сăд ќ-би́ди и те́б ќ-т-ослобо́ди фарао́но, и ќи-ти-сло́жи на-и́сто м'а́сто, на-слу́жба", каква́ слу́жба има́л* [ЛС(К),112] – в. **сăдба**; 3. изр.: **ќи тă да́ам пут сăд** (= ќе те тужам) ~ *Да утво́риш ку́ќа. Да си до́е чувéкут на рӑчо́к, на вичéра. Не́ те́-ј гнӑс Ќи тă да́ам пут сăд* [ИГ,120]; ќ **излéзат на сăт** (= ќе се судат) ~ *и о́ни по́зиф о́ти у́тр ќ излéзат на сăт.. И о́дат кӑо дањéскă, на-о́ната му-кӑжу́ват рабо́тата: "Утр излéвали на сăт"* [ЛС(К),112].

сăди* (и: **сăнде**) impf 1. 'води судски спор против некого' ~ *така́ Кулу́ф оти́де на кадија́та, му вели́, ка́к са чини не́говата ра́бота, и то́ј ги викна́ онија́ двата џифаирџии да ги сăди. Но они му да́ли мло́гу драгоце́ни ка́мина на кадијата, та кри́во са сăдиха* [V,PM,8]; ~ *тогас то́ј му ве́ли: "а́јде ма́хни се ут ту́ка, барли́в човек! Де́ка ти сам виде́л јазе те́бика? немо́ј са чи́ни безу́мен". Тога́с то́ј му ре́чи:"ке ти зака́рам на сăдовиштету, ке ти сăдем"* [V,PM,8]; ~ *ве́ли: "аман, змију, ја́зе ти чини́х на тебика ха́рно, ти куртули́сах от смерта́, та ти́нака сега́ са́каш да ми изја́диш, о́стави ми да и́дими да си сăдими"* [V,PM,138]; ~ *му ве́ли зе́т му: "е, дја́до, ке да до́јди врја́ме, ни́каква ра́бота не́ ки да се гле́да по сăдовету да си сăдјат"* [V,PM,114]; во некои материјали од "Зборникот" на Верковиќ среќаваме остатоци од назалниот изговор: ~ *кога гледат сиромах карпачин, от права страна малкото дете от три дана (?) чибук пие, сăнба сăнде, крал'у диван му стои* [V,PM,244]; освен тоа во случајот што следува за големата носовка се јавува рефлекс **'о'** : **да го сонди**, веројатно од 'сунди' – црквенословенизам ~ *отиде траговецот на пашата. Пуснал пашата суварие, го земаха н'амојут от ханот, фати пашата да го сонди. Он пак што си знаи: "Наистина" и "хубае". Един суварриа го и познал н'амојут* [V,PM,-178]; ~ *и владиката си разеди и му рече: "али тинака, кога сакаши да си сăндиш, требуваши по-напрет да дојдиш на меника "* [V,PM,70]; 2. 'носи оценки за некоја личност, односно за неговите постапки' ~ *и на со́бота чи́ните суне́т на чове́кот, да не́ са раси́пи М...ута но́мото, на ме́н кăскандиса̀те, шо и прави́х здра́в чове́к уф суб6та? Ним на кри́во сăдити, туку́ на пра́во да сăдити* [MV,K,256]; 3. 'заповеда' ~ *името на момчето било Дефа, което значи чисто, от мајка не родено. На момата името не се знае. Дефа станал първ крал на земета, и дур да се наплодет л'удето, сăдил на пилетата и на ж'увините. Родил шеесет сина и триесте керки* [V,PM,266]; 4. – **(си)** 'се соочи' ~ *тогас џарјут не можа инак да чини, извади од сандукот, му наброи тристате алтăни, му даде зарди правината, што му каза, и право што си сăндиха сос џарјут* [V,PM,211]; 5. 'критикува, напаѓа некого' (назалниот изговор е регистриран и кај Малецки: – **сăнди**) [MS,s,105].

сăдија* m 'тој што суди, судија' ~ *"Ајди, ви́ка, е́ла, че́кали". " Е, и́мах ма́лку рабо́та, ви́ка, а́с". Сади́ата та́м му кӑло. Му ви́ка: "Шо́, ви́ка, вари́л си чни́ца, па оде́л-си да-га с'а́јш"* [ЛС(К),123]; ~ *то́ј изо́рал, о́д до́ма, си смни́л ку́рко, тога́ но́сили*

бáстуни нạ-рạкáтạ, тój ви́дн чọв'áк óди нạ-сắт. А сăдúјатạ гọ-пúтạ нạкурúрọ: "Гọ-нạјдé?" "Нé гọ нạјдéх" [ЛС(К),123].

сăдник m 'во текстот митолошко суштество, самовила' ~ *човекот, ка чул, отишел, направил от смоква една паида и а клал спроти Бăдник на това место. Ка отишел на застрата, гледа фатеп во паидата един сăдник, уловениот сăдник бил малечката самовила* [ШГ,5(406)].

сăдовиштe* n 'институција каде што се решаваат судски спорови, суд' ~ *тогас тój му вéли: "áјде мáхни се ут тýка, барлúв човéк! Дéка ти сам видéл јазе тéбика? немój са чúни безýмен". Тогáс тój му рéчи:"ке ти закáрам на сăдовиштету, ке ти сắдем"* [V,PM,8]; в. **сăндба.**

сăжуви* pf 'оживе' (тој што бил мртов) – се разбира во приказна ~ *Тá утвáр'ала и зăтвáр'ала сúчки врáти, нúјде нúшту ни-нăшлá. Нạјсéтне, кăтó стúгнăлạ ду-сéтнăта стáјạ вид'ала умр'ал мăш. Нạ книгăтạ бúло нăпúсăна:... Агá јạисчéлạ, умр'áлијạ мắш сạ-сăжувúл и стáнạл* [ВД(ГБ),330].

сăип m 'заштитник, стопан' ~ *дă ки дојде нешту ду негуву селу д-испадна сăип и дă-му-ј исчувă интересите нă бегут, он му гу берă акут нă негу; он пулјă зă кукјите дă сă ув ред, кăдă-ј ногу семиту там гу скусувă, кăдă-ј малцă там гу качувă* [МЕ(Р),90];~ *ки ти удберă бащтă снопувă дă ти удрă некулку килă кусу или на јукјуматут ки ти нăправă некуј кедăр или кој ки кундисăт ув селту некуј Турци и ки фатăт дă ти правăт зулум не испагјă сăип* [МЕ(Р),90].

сăúр m 1. 'народен собир, со веселба, обично се прави за некој празник – панаѓур'; ~ *и си удúле тáткови му кáта гудúна на Јерусалúм на прáзник Вилидéнц'ко. Да кá си чинú дванáдесет годúни си утидóа на Је... кату адéтут на прáзникут. Кá си сварши́л сиúрот, да ки стáнат ки си удéле, дéтито Исус устанá на Јерусалúм* [MV,K,308]; ~ *тăрпéза сă-искóвни штúци, кут мáса, нă-двóро, зă-нóго гóсте нăрéдни ус-јăднúци; зă-свáдба, зă-кăрштéнка, зă-сăúр, зă-тăквú рăбóти* [ПК,2(Крец),117]; 2. изр.: **сăир си гледе** (= кога во мачна ситуација не реагира тој што е во близина) ~ *чувéко сă-мắче, óни сăл сăúр си глéдат* [ПК,2(Крец),108].

сắј m 'вистина' ~ *сắј éј, и áс тă чýх кá кạжá;* сп. уште: *сắј ле-ј шо ми кạжýвиш?* (= вистина ли е тоа што ми зборуваш?) [ПК,2(Ал),108]; ~ *нéкуј шо прáве лóшо нă-друк, лóшо нă-нéго му-сă-вăрúне, сă-врắште, нă-сắј сă-врắште* [ПК,2(Гăр),155].

Сăјбúцки Лувúшта top. 'месност покрај брегот на Дојранското Езеро, кạде што имало **лувúшта** = рибарски колиби (сп. **сăјбúи** = сопственик) [ПД,135].

сăјвáн m 'подслон, навес' [СК,336].

сăјдúсуве* impf 'почитува' ~ *тóо стáрјо нóго о-сăјдúсуват сúнуфците* [ПК,2(Грам),101].

сăјмéнин m – в. **сијмéн*** ~ *ее, ăдúн úмше сăјмéнин, јóк до: чúне, сè шéтше пу-рéкта. Ас нусúх лéп, кимјо-дáăт: áјде вắрвум áска, нéма шó. Стрáх, нé стрáх* [ВК(Мал),290].

сăк m 'глужд на дрво, место од каде што се појавува гранка' ~ *нóго-ј сăклúво тóо дắрво, ич нé сă-рăбóте, пắлно-ј сắкуве* Ним; со исто значење и **вăзăл** ~ *нé мóж до:-рăсцéпум дắрвуто, нóго-ј вăзл'áво* Гăр **[ПК,2(108)]**. Зборов во јужните

села кон Солунско се јавува со зачуван назализам: **сắнк** и **вắнкил** [MS,s,105]. Во РМЈ за **односниов назив** ги среќаваме следниве значења: 1. 'мрежа за фаќање риби'; 2. 'торба за на пазар', меѓутоа во повеќе словенски јазици лексемата се јавува со значење слично или исто како во односниве дијалекти: 'вејка' или 'глужд'; сп. рус. ***сук***, чеш. ***suk***. Од истиот корен е и лексемата **сắчки** (= суви прачки).

сăкле́т m 'нервоза, внатрешен притисок' [СК,337]; ~ *прăвниот му ричé на нéгу: А купúх нúва, и úмам сăкле́т, сáкам да си óдам да гу вúдам; ти си мóл'ам ни ми чикájте* [MV,K,278]; ~ *уд-жишкáфта сăкле́т мă-фáште, нé мóжум да-спúм* [ПК,2(Гăр),108].

сăкли́во (дắрво) adj, n 'дрво со многу глуждови' – во говорот: *сăкове* (тешко се цепе) [ПД,124].

сăклитли́ф adj 'нервозен' ~ *нóго сăклитлúф фатих дă-стáнувум* [ПК,2(Гăр),108].

сăкретна игла ['игла што се затвора, безопасна' [ПК,2(108)].

сăкăзли́а мáлóка f, bot. ~ *тáа-j кúтка, цắфте бéло, рóзуво, цăрвéно, кут-тимúнуга-j, сă-лóзе* [ПК,2(Гăр),108].

сăкăлдúсува (сă)* impf 'се нервира, се измачува душевно' – в. **сакалдúса (се)** [ВК,154]; ~ *гу-зăбурвúла сáпуну нă-идну кáмен и дóшле чáфки и му гу кринáле. Жéнăта фăпúла дă-тýфка: "Тýф-тýф! Шó ни сă-стóри, ни-устăнáја пл'áчките нé-испрáни". Тугá óцăта му-рéкăл нă-жéнă-му: "Де бре, жéно! Нé-сă сăкăлдúсфăј тóлку"* [ДК(Деб)155]; ~ *óна шéте, прáве, си-глéде кéјфут, ич нé дáве пéт пáри, а мăжó-j сă-сăкăлдúсуве, сă-кóсе, пýке уд-лúйки* [ПК,2(Гăр),197].

сăкăнтиа f 'нужда, оскудица' ~ *Гóце бúл уф гулéма сăкăнтúа* [СК,336].

сăкăс m 'мастика што ја џвакаат децата' ~ (освен купечки) *сăкăс прáвăхме и ут-кóрăно нă-млéчката. Уткóрно ќи-извáдиш аднó цăрнчко, ќи-исчýкиш ус-кáмин и ќи-му-турúш сè вóда дудéк сă-измúи, дă-стáне бéло. А пą тóо, шó-j асăл сăкăс, тóо шо о-клáват уф-мастúкта, óн ej кут тупчúна, кут-тимéно-j, сáмо-j пóжăлтичко* [ПК,2(АЌ),109].

сăлáта (уд лýк) f 'чорбесто јадење со лук и оцет' (Ник) ~ *дујрăнчáне вúкăт* **тăртóр** [ПД,119].

сăлзе impf 'кога некоја течност тече капка по капка' [ПД,129].

сăлза f 'капка од безбојната течност што се излачува од очните злезди обично кога плачеме' ~ *Учúтлкáтą ударú-мą пу-главáта сас днó стáпче и мą застáнą уф-ќошéто. Заплáшн от-ýдарǫ, сас сăлзи пǫ-лúцтǫ прстą нáх да пуштýвам* [ДС(Ч),160].

Сăлúита top. 'порано така се именувало пазариштето во Дојран' (= згодно место) [ПД,135].

Сăлицкáта Чешма top. 'чешма на пазариштето во Дојран', в. **Сăлúита** [ПД,135].

сăлмáн m, zool. 'глиста' ~ *алúс сăлмáн се-j чинúл уд-инáт, нé о-глéјш* [ПК,2(Грам),109].

сăмбутéрник m ~ *сăлбутéрник вилúми нą тус чувăк шту сą и рудúл нą вéл-сăмбута и вúждą вąмпúрину* [ПсС(З)67].

сắмне n 1. 'сомнеж'; 2. изр.: **мă-клáдé пуд-сắмне** (= почнав да се сомневам) [ПК,2(АЌ),109].

сắмне (се) impf 'се сомнева' ~ *óн сắмне уф-вáска* [ПК,2(АЌ),109].

сắмне* pf 'се раздени' ~ *и цáрја поминăл нази нăш фаф ходаéта и*

отринтá, когá сăмнало, попи́тал ха(н)жи́ата, кóлку му прáви харчтá, а пак тój му кáзова: "За и́ме Бóгово, парú не зи́мам" [V,PM,-255]; ~ *знáчи уд-Бóга то: шó-j, ки би́де. Е, си-устăнáла óна, мóра. Гу-глéде тáлка чувéко, шó ки-му-глéде, чéка да сăмне, дă-сă-испăлнат читирúјсе дéна, дрýго, шó ки му-глéде нă-ýмрăн чувéк* [ПД,164]; ~ *сетне, като т'а заспала, изл'ал от сăндăко, зел хи гердано и пак си влезал в сăндăко. Утринта като сăмнало, дошла бабата с един грăбоносник и си дигнала пак сăндăко* [V,PM,281]; ~ *и тузú си рéкоха и зéха кáмене становúти та фăрлеха по нéк, за да гý отрéпат! И си рéкуха мижду тјах: "Стúга вéјке кáмене да фăрлеме". И тój товá като глéдашја от дăрвóто, трéски го трéсјáха. И там приспá дýр да сăмне* [V,PM,263].

Сăмнýл'ка f 'звезда што се појавува рано наутро, Деница' (сп. гл. **сăмне**) [ПК,2(9)]; ~ *Сăмнýл'ката пá нă-спрăвăрú, зăдуцнéме* (АḰ). Сп. уште: *Сăмнýл'кăта-j сăбáјлин, рáно, виждáл сум-гă. И уф-икúндиа нéкош, ус-михчúнта стóо* (Грам) [ПК,2(109)].

сăмсăлé n 'група луѓе поврзани роднински' ~ *адúн сój, áјн сăмсăлé вúкиме нă-чувéцте уд двé, трú, штúри кăшти* (роднини) [ПК,2-(Грам),244]; во Дојран: ~ *едúн сăмсăлéт сме или éјн сój сме* [ПД,117].

сăмăкéла f, zool. 'птица чучулига' [СК,337].

сăмăтóк m 'јајцето што многу време стои во гнездото на кокошката, како полог (тоа јајце не може да се употреби, расипано е) [СК,337].

сăндба* f 1. 'институција каде што се судат луѓето' – в. **сăдовиште** и **сăд** ~ *и т'а фатила, гу запал'ува ханот, гу изгорјала. Утрината дојде ханџиата на ханот. Што да види? Пепел са чини ханот. Тогас си закачи сос неа да си кара, хем ја теглиши на сăндбата* [V,PM,208]; 2. 'чинот кога се судат'; в. **сăндини** ~ *кога гледат сиромах карпачин, от права страна малкото дете от три дана (?) чибук пие, сăнба сăнде, крал'у диван му стои* [V,PM,244] – во контекстот е присутен архаизмот: **права (страна)** = десна (страна) – сп. во рус. јазик; ~ *до кóга ки ви нóсат на вáс на сóбур и на сăдба и на пувéлити, да не си ýмити кáк и шо ки удгувóрити, или шт'о да рéчити; оти Сфéти Дýх ки ви кáжи* [MV,K,298]; ~ *ричé Гóспот на Ученúцити нéгови: Да си чýате ут сфéтут, оти ки крéнат рăцити наврăс вáс, и ки ви трăчкат, и ки ви нóсат на сăдбити* [MV,K,317].

сăндини n 'судска расправа, судење' [MS,s,105]; ~ *тогас си закачи сос неа да си кара, хем ја теглиши на сăндбата. Т'а му и рекла на ханџиата: "јазе, побратими немам времја за сăндени, си имам пăнт динеска"* [V,PM,208]; ~ *"В чéкат, вúка на сăдо. Да дójдиш, вúка, да пóчнат сăдн'éто". "Еми, já вúка, глéдаш, óшт двá пăта, три, ки-завăртам, úдам. Н'áма да óд полувúна сáат, ки-дójдам"* [ЛС-(К),133].

сăндúсин* adj 'измалтретиран од агресивноста на другиот' ~ *пá ли úде? Аман ут-тóо чувéк сăндúсна сум* [ПК,2(Гăр),197].

сăндăрдúсе (и: **сăндúсе**) pf 1.'измачи, досади' ~ *ти́ пă мă-сăндúса гáаре,*

сè ви́киш, сè сă-ка́риш [ПК,2(109)]; *~ то́о сту́т нă-сăндăрдисá, нă-мо́јш дă-сă-пујáвиш; ~ најде еди́н ју́нак на една ри́ака, си отвори устата му, сичката вода ја испива. Кату сториха здраво-живо, чамурџиата му вели на него: "ама ју́нак си олан". И тој му вели: "што ли велиш мене ју́нак? ју́нак и бил чамурџиов син, што сандирдиса на дју́н'а ѓу́зели братјата"* [V,PM,233]; 2. – **(сă)** *~ сă-сăндăрдисáх до́ма сидéјќи* [ПК,2(109)].

сăндăрди́суве impf 'измачува' [ПД,-134]; в. **сăндăрди́се.**

сắне impf 'се суши' *~ сắне тит'у́но, не́што дру́го сắне* [ПД,130]; и: **сắхне** *~ тамам дошол агос* (место август), *фанала да сăхне тикфата и се оплакувала на тополата: "Главата ме боли". И така тикфата фанала от ден на ден да сăхне и иссăхнала* [ШС,5(409)];*~ Да на пăнтјут, каде са вăрнуваши, на една страшна гора, му беха изл'али едни харамие: сакаха да му земат парите. Кату прострјаха рăнците да го фатјат, на харамиите му беха сăхнали рăнците* [V,PM,180]; *~ тогај го зева нас дју́н'а ѓу́зели от рăнката, го изваѓа вунка на сухо и мо вели: "ти што ми позна мене и ме раздели от арапката, ету пуштам веке водата на касабата да тече кату напрет* (порано) *и е биде да не сăхни"* [V,PM,162] – предлогот **от** во овие говори има широка употреба, во контекстот се јавува наместо 'за': **го зева нас дју́н'а ѓу́зели от рăнката; в. сắхнува.**

сăнкó n 'стебленце од житно растение' *~ рăштá си пу́сна сăнкó* [ПсС-(З),67].

сắнош adv 'во текот на сета ноќ' *~ утридéн штóл са-раздéни, сн'áго прстáна да вéе. Тáтко и чи́чко о́тидоха да ги бáрат. Арно́ áлиа сн'áго што пáдаше сắнош ди́рите и потру́пал* [ДС(Ч),165].

сắнт (и: **сắт**) m 'направа во која најчесто се става течност – сад, посатка'; садовите обично биле од бакар и затоа ги викаат и **бакарлăк** [MS,s,105]; *~ бри́шка: кắрпа зă-ми́јне сắдуве, не́кој и ви́кат мијáл'ка* [ПК,2(АЌ),24]; *~ мắја* (мијам) *сắндувиту* [ПсС(З),64]; *~ ничи́стă сắндуви* [ПсС(З),67] – во двата случаи има остатоци од назалниот изговор (примерите се од Солунско); *~ тáмо најдé еднá мрáфкана* (пишува: 'мрафка на' – печатна грешка) *дýпка; фати́, га раскопá мáлко онáја дýпка, пот нéа најдé самови́лцки конáци. Си укачи́ го́ри, најдé неизметéну. Она фати́, поми́ети, изчи́сти; најдé сắдови неуми́ени, тјáнака ги изми́, ги исчини́ и са искри́* [V,PM,132]; *~ рáкјата-ј кут-сăндắк, кулку мá-ста-ј, и́ма дéве врáтички. Уф-н'áа си-ј-чу́вăхме сắдуфто и лéбо* [ПК,2-(АЌ),97]; *~ сăдăве: ут прăс* (земја) *шо сă – бил'уре, уд чинго – башка, и пијата* (од порцелан) [ИГ,120].

сăнчка (и: **сắчка**) f 'гранка, обично сува' *~ дојде врјаме, си нарастоха, и момите хождаха да берат зели и за сăнчки. И тој барабар сос них отиваши да ги чува* [V,PM,103]; *~ ка-ќ сă-нăтувáриш на-гắрбо сắчки, ил' па сéно, то́-ј увижáлник (или увéшка)* [ПК,2(Мут),119]; *~ прăстăпу́л'ка сă-прáве ка́ заóдуве дéтинцто, нóјсто му-ј-вăрсу́ват усцăрвéн кóниц, гу-тувáруват сắчки, сéтне ус-бăлти́а гу-сéчат кóнцо* [ПК,2(Грам),90]; *~ тиje, като чикале, чикале да дојде, отишел еден од них, и като го* (пишува: 'фо')

видел во реката, му рекал: "Шчо правиш побратиме, тука?". Тоги нашарил и рекал: "Ќ-о дигнам теја место да тече ис тука". Дивиот човек рекал: "Остави, остави". И после го пратиле за сăчки [ШД,5(436)]; и: **синчка** - (замената на големата носовка освен со '**ăн**' и со '**ин**' ја забележил и П. Лавров во студијата "Опис на говорот" од Зборникот на Верковиќ (с. 298) ~ *и кога дошла ламјата, сос млогу гнев фати да гу бие сос синчките: читаиши ошти да е тој нетри на врекито, не знаиши, ча Половингăзју пак чини марифет* [V,PM,-104] – прави впечаток лексичкиот архаизам **читаиши** (мислеше) – сп. во рус. јазик; ~ *тогас ламјата изл'ази, гу варза на едно вреки нетри и гу обесил нетри на кăштата аф гриндата, та она отиде да сечи синчка от баиро, да гу бие* [V,PM,104]; – во текстот среќаваме несоодветна употреба на предлозите: '**на**' место 'во': **гу варза на едно вреки**; уште '**аф**' (во) место 'за': **гу обесил аф гриндата**.

сăнăр m 1. 'граница, меѓа' [MS,s,-100]; односно 'простор со одредени граници' ~ *си разеди каде кон'у и му вели: "куни си, кон, да спиам сос рахат! Мајдон ки дојди да ти земи? Му дражи на негу да стăпни аф моју сăнăр?"* [V,PM,74]; ~ *му рече на татко му: "тати, јазика сакам да ида да си шетам твојта земја, да видам, дурде даржи сăнăрот"* [V,PM,51] – во текстот среќаваме пример за беспредлошки додаток за место: **да си шетам твојта земја;** во наредната реченица истата посебност се повторува: ~ *му вели: "синку, харну сакаш да си шеташ сăнăрот"* – на редакторот на **Зборникот** на Верковиќ оваа особина на западните и на јужните мак. говори не му била позната и во фуснота ја објаснува како превид; ~ *бре нивесто црна-јока! [нимо оди рано вонка, [не са гледа санăр меѓа, [санăр меѓа, црна веѓа* [ТГ,54]; и: **синур** ~ *тăка нă зăјди-слăнцă ут пустолкјут синур имă иден сув нă суво време пăроj таја му велјăт Киркалцката река, прути илиту на селту, пу синурут на шо му течă* [МЕ(Р),79]; ~ *на планијнте се наогјат читири старовремцки градишта; тија читири градишта шо сă пулјат туку речи сăта ут Постол сă: Солун, на угри-слăнца, он ут-селто не, ама ут пустолцкјут синур можа да са вида, на југ Бер; на југ и тро на зајди-слăнца Негуш и на зајди-слăнца Воден и Пазар* [МЕ(Р),72]; 2. 'крај, зглавник' (на нива) [ЛС(К),95]; 3. top. **Санăр Башu** [ПД,135] (= голема, главна меѓа) во реонот на Агова Махала, Серско [ЛИ,Ми...187]; **Сăнăрцка Кăпúи** 'месност во Езерото (Дојранско), таму зимно време се собираат рибите' (**кăпии** = врата, премин меѓу 2 месности, на граница) [ПД,135].

сăпикáсуве impf 'забележува нешто, случајно'...

сăрбугăзúца f, bot. 'шипинка' (растение и плод) [ПК,2(Гăр),109]; ~ *тó-ј шúпка, ут-тиă дúвите трăндáфиле* [ПД,124].

сăрди (с) impf 'се лути (потајно), се нервира' [ЛС(К),94].

сăрдисе* pf 'нападне од заседа' ~ *дéдо Мúтре, сéтне кажýвше: имáло нéкуј Стójче и брáт-му нă-Гóце Дéлчув – Милáн. Они сă-бúли уф-нéка: нáша нúва, уф-нéка рăш. Нúвăта сă-викáла Тúнгувица. А скéро дуjдéл, сăрдисáл сéлто* [ПК,2-(Ним),274]; ~ *и ájде испăднáа кумúтто слубóдни, пучнáа дă-кóл'ат Тýрци, дă-фáштăт Тýрци. Сăрдú-*

сът се́лто, ти́й шо́ съ по́-ајл'акчи́ј не́кој, о́т гу-сърди́сът ту́рцкуто се́ло [ПК,2(Мор),217]; ~ *дујде́л не́кој куми́тин, сърди́се се́лто, фа́ште Ту́рцте, ги-зътво́ре уф-ѫлми́та и фъ́рле две́-три́ бо́лби; фа́те же́нте су сѐ де́цта ф-не́каа пле́мна, сла́ма туру́ват и напра́скуват га́зја; и запа́л'ат* [ПК,2(Мор),218] – во двата (последни) текста имаме присуство на перефктивен презент што не се среќава во македонскиот стандард: **о́т гу-сърди́сът ту́рцкуто се́ло; фа́те же́нте... и запа́л'ат.**

сърма́н m 'тој што сака многу да јаде, лаком' [ЛС(К),94].

съ́рна f, zool. Cernus capreolus 'шумско, тревопасно животно, од иста фамилија како и елените' ~ *тъ́м гл'е́ндаш'и, илма́ш'и и ина́ съ́рна у кућ'а́ку* [MS,t,19].

съ́ртче n, dem. од **сърт** 'мал рид подигнато место' ~ *Шо́ ки-нъпра́ват? Удде́ле пукръ́ј мо́рто, ки-ле́жат нъ-не́ко съ́ртче тъ́ка. Не́го ко* (< ќе го)*-ту́рът уткъ́де мо́рто, ут-тъ́а стра́на. Ка́ ки-зъ́спе он, ко-тъ́ркал'ът уф-мо́рто, да съ́-уткѝнат уд-не́го* [ПД,163].

сърфо́ш m 'веселник, пијаница' ~ *но́го сърфо́ш мъ́ш и́ма, зато́о н'а би́ве чуве́к* [ПК,2(Гър),109].

сърче n 1. 'стакло' ~ *там наградила едни сарајъ, на котри доварето били от голо злато, потонето от сърче, и на сјакъ камаркъ светил златен свешник* [V,PM,285]; и: **сърча́:** ~ *ми́сът* (бокал) *мо́ж де́-ј ут-ѫинго, ут-пра́с гликосъ́на, мо́ж де-ј ут-сърча́ и ут-пърцула́н* [ПК,2(АЌ),73]; 2. 'парче стакло' ~ *му рекла: "Иди направи един съндък толек, штото да можеш внетре в нег да стоиш прав, на средъта да кладеш едно сърче колко једно око, извнетре да съ закл'уча"* [V,PM,280]; ~ *ка́ ми се́-ј нъду́ла но́кта, дур мъ́-уфтрису́ве, ми-флизе́ адна сърча́* [ПК,2-(Гър),110]; 3. изр.: **ли́цто и-е́ј сърча́** (се кажува за негувано лице) [ПК-2(Гър),110].

сърча́н m 'преѓата што како целост ќе се извлече од вретеното' [ПД,118].

сърче́н* adj 'нешто направено од стакло, стаклен' ~ *сјаа си-пи́јме во́да ут-сърче́ни ча́ши; мо́ш и чини́јте да-би́дат сърче́ни, а не́ кут по́рано да-ја́дме уф-пъ́рсни пани́ци* (садови од глина) [ПК,2(АЌ),110].

съ́рчин adj 'храбар, решителен' ~ *те́јко би́ше сърчин чуве́к, а́к би́ше мале́чук, ни́сук; ~ но́го сърчна би́ше до́д Ли́ка, се́стра-ни, шо́-ј уф-Благу́уфгра́т* [ПК,2(Гър),110].

сърцъ́ли́а adj – в. **съръ́ца** ~ *то́о и́ма сърцъ́ли́а мо́ла, зато́о на-мо́ш да-га-мъ́же* [ПК,2(Гър),110]; в. **сарацалива рана.**

сърчъ́ли́а* adj 1. – в. **сърче́н** ~ *ту́ри мътни́ца, а́ла уф-та́а сърчъли́ита ча́ша* [ПК,2(Крец),110]; 2. Ф'шарено стаклено топченце, со него децата играат' [СК,337].

съръ́да́н adv 'редум' ~ *не́ удбира́јте, са́мо съръ́да́н прудавум, кој удби́ре по́-скъ́по ќи-пла́те* [ПК,2(Гър),110].

съръ́ца́ f 'туберкулоза во коските' [СК,337]; 'рана што тешко се лекува, не се затвора' ~ *а́ј-го две́-три́ гуди́ни ка́-ј те́че, на-но́кта и́ма съръ́ца́* [ПК,2(Гър),110]; в. **сарацалива рана.**

съскали́ф adj 'туберкулозен' ~ *што́ гу-зима́ мур то́о съскали́ф?* (зошто се омажи со туберкулозен човек?) (Грам); сп. опис на **съскали́вит:** ~ *сѐ съ́ане, сѐ съ́ане; тримере, съ́ане то́, сѐ и́сто-ј тъва́* [ПК,2-(Грам),240]; во Гър со исто значење

запишавме: **ọхтикил'а́ф** ~ *то́-j фа́тин уд-о́хтика, ọхтикил'а́ф-ej* [ПК,2(110)].

сăт pron 1. 'укажува на целокупност од лица или предмети – сиот' ~ *еден ден са субрале сите жита, малце да се пуразгуворат. И дудека са фал'аа сите заедно, чунки, биз них на може ништо да биде, и да не са они трабувише* **сăт свет** *корајне да јаде, уд еднăш зафати секуј сам да сă фале* [ТГ,342]; во множина: **сите** ~ *првно зафати чиница – кара башак – дạ са фале, вил'аки: "Мене сите ма палат* (бараат). *Ма јаде и крал' и сирумах. И еден сусем сирумах чувек, ка ки му дојде некуј арин ден, мена ки ма пале"* [ТГ,342]; ~ *сạти зáрди нéго сạ чинúле, и биз нéго нúш'то сạ стóри, шо си чинúле* [MV,K,251]; и: **сички**: ~ *и кáк гу видéха мó-мите Кулýфа, сúчки нá нога станáха от рáдост и којá по-напред да му речé: "добрја дójди!"* [V,PM,10]; ~ *тогáс и тójнака сос голéм глáс фати да вéли: "море чорбаџúе да ви кáжа што си научúх динéска!" И такá сúчките сторúха ýшите си да чýјат* [V,PM,31]; ~ *заеднóч едúн станá и отúде, викнá комá-башиата и от иснафите по едúн мájстор; дојдóха сúчки прет нéгу* [V,PM,22]; ~ *и сúчките човéци гу вúждаха, ама не мóжаха да гу познájат... едúн ден чý једúн тел'ál да продáва еднá кăшта* [V,PM,15] – во контекстот го среќаваме сврзникот **да** со декларативно интенсионална употреба, наместо 'дека': **чý једúн тел'ál да продáва еднá кăшта;** во ж. род покрај **сăта** и: **сичка** ~ *са причý на сúчката околúа тáмо, ча и дошéл едúн трагóвец млóгу богáт* [V,PM,15]; ~ *и когá дошлú средý морéту, онúа двата чинúха збóр да гу фăрл'ат Кулýфа нетри на морéту и да му зéмат имáниту. И такá чинúха, гу фăрлúха средý морéту и му земáха сúчката стóка* [V,PM,8]; формата **сич'ка** покрива и множина: ~ *кăк вúд'ạха ... тýс прéпнуту д'ă тл'ạ ... фáт'ạха сúч'ка да хóж'дат тáму* [MS,t,81]; ~ *афý јáдуха хýбаја сúч'ка, прóедрóто кáзува: ... "éш'ти ни мóж'ити да сă спузнájти?"* [MS,t,87]; ~ *"да ми сă máхниш' ут кăш'тата, на устрамутú сúч'ка!"* [MS,t,84]; 2. 'единствен' ~ *утмáм сă-вăрнáа нáши двăнájс кăшти пустулчáне. Já и јóн, пóпо шо бúше, нă-нáша тéта свéкуро, бúле тугáј сакá дă-гă-зăкáре и тéта, áма дéдо вúке: "Ас мójта ќéрка нé а пýштум тáм". Пă-áднă ќéрка úмше, тáа му бúше сăта* [ПК,2(Пос),291]; 3. изр.: **сичките порти ги помаза** (= даде поткуп на повеќе места) ~ *и сúчките порти ги помаза, и така сетни искарá от конакýт владички пусула за да са венчај, отиде, попови викна* [V,PM,70]; **нé-j ус-сúте** (= се кажува за некој што се однесува асоцијално) ~ *Шó гувóриш бе? Ти нé си ус-сúте; зáстрạм се* [ПК,2(Гăр),181].

сăтус f 'најаденост', opp. на 'гладост' ~ *мéнциту млóгу сăтус дрăжú* = кога човек јаде месо долго време не чувствува глад (– ы дало **ă**, оттаму *сăтус* наместо: 'ситост'); сп. уште: *сă нạсăтах нạ тоз живóт* (= сит сум од ваков живот, не ми се живее повеќе) [ПсС(3)65].

сăтче n, dem. – в. **сăнт** ~ *пулупáчка-j дăрвăно сăтче, уф-нéго уфчáро синóсе сúрне ил' ýрда ká-j нă-óфцте* [ПК,2(Крец),92].

сăтăрди́суве impf 'набркува' ~ *нé му-вúј чáлмата, сăтăрдúсјо: зạ-*

ина́т; или: *а-сăтăрдиса́х гаа́ре та́а ре́мта* (= се ослободив од болеста) [ПК,2(АЌ),110].

сăтăци́а m 'препродавач на ситно' ~ *то́-j шо прӑку́пуве кру́ши, куште́не, крумли́т, лу́к, тӑкви́ рӑбо́ти и ги прӑпруда́ве* [ПК,2(АЌ),110].

сăутчи́а m 'мајстор што работи на бачило, го преработува млекото' [ПК,2(Крец),110].

сăхнува* impf 'станува суво' ~ *тра́хна ('ма́нџ'а ут бра́ш'ну' : прӑјат ч'а́сту, гу сăхнуват, гу трӑјат др'е́бну)* [MS,t,65]; в. **сăне**.

сăчкичка* f, dem., в. **сăнчка** ~ *си́тни сăчкички ќи-нӑре́јш уф-ўма́ко* (огништето) *или пӑ уф-ќурси́ита и ќи-j-путпа́лиш* [ПК,2(АЌ),87].

сăчуван* adj 'запазен' ~ *ув во село сă имӑ сăчувано и такво старинцку тукмејне мигју бејзте и силјајнту, шо било едно време секаде и шо-j устанато сăл ув Аваре, во е ~ кăршилукут* [МЕ(Р),87].

сăшт* adj 'ист' ~ *и ка́ дуј де́ла, ма́јка-j рӑдо́сна гӑ-чика́ла: "Гӑ-виде́ ли, мӑр сăшта же́на?" И та: сăка́ла дӑ ка́же и уд-у́стта фӑ-ти́ли дӑ-јзле́вӑт зми́ј и гу́штӑре. И сли́кӑна-j би́ле, гӑ-глида́ме нӑ-сли́кте уф-шко́лто, ка́ учи́ме* [ПК-2(Крец),302]; ~ *то́ӑ уфча́рчӑто: "Ти ли си то́ӑ изгу́бӑњо?". О, о ма́јкӑта. "Ас-сум", ви́кум. "Тӑрчи, ричé пу-ме́не ско́ро дӑ и-ста́сăме". Сă-прӑбра́ме, ни-зăкӑрӑ: нӑ-Бӑла́сца, нӑ а́дна ка́рпа, ја́ кути та́а со́ба ка́-j, сăшта тӑква́ а́дна ка́рпа* [ПД,173].

сăшту* adv 'исто' ~ *па́к душло́ и зăру́кӑлу: "Киндизму́шку, Мару́шку, у́мрал мӑш штӑ зе́меш". Вӑрнӑла-сӑ т'а́ плачăште́м при ма́јкӑ-си. Нӑ-тре́тија дӑн' пак ста́нӑлу сăшту-ту* [ВД (ГБ),330] – во контекстот се чува партиципот **плачăште́м** 'плачејќи', исто така л-формата **у́мрал** се јавува наместо придавката 'умрен, мртов'.

Одбрани граматички прашања

ЗА ДОПИСКАТА ОД СОЛУНСКО ШТО ГО ОТВОРИ ПАТОТ ЗА ПОБЕДА НА МАКЕДОНСКАТА ТЕОРИЈА ЗА ПОТЕКЛОТО НА СТАРОСЛОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

1.1. Јужните македонски говори, особено југоисточните, уште пред повеќе од век и половина го привлекле вниманието на странските слависти, така да се каже во самиот зародишок на славистиката. Зад нивниот интерес (на славистите) се криела надежта дека во родното место на Светите браќа Кирил и Методи ќе се најдат траги што упатуваат на првиот писмен словенски јазик. Освен тоа, тие, научниците, слависти знаеле дека споменативе македонски дијалекти, како изолирани гнезда, како периферија, не само за македонскиот, туку воопшто за словенскиот јазичен континиум, содржат и нудат за анализа богат слој од јазични разновидности, од една страна зачувани реликти и закостенети идиоми од дијалектната ризница, а од друга страна новини, оформени од допирот на македонскиот со соседните несловенски јазици: ароманскиот, грчкиот и турскиот, јазици на народи со кои нашиот (народ) со векови живеел во симбиоза.

Споменатиот интерес може да се следи, како што рековме, уште од крајот на првата половина на 19-от век,

кога во Казањ се појави книгата на рускиот проф. В. И. Григоровичь *Очеркъ путешествия по европейской Турции* (1848), во која прави осврт на одделни македонски говори, но особено е значајно дека го открива присуството, пазењето на назализмот во крајната југозападна периферија (во Корчанско) и на тој начин го отвори патот за победа на македонската теорија за постанокот на старословенскиот јазик. Во своите теренски истражувања тој запишал: ... на југ од Битола и од Охридското Езеро, во Корчанско, Бобоштица, во некои зборови се има зачувано полн ринезам; така во зборот *мъндръ* како и во поздравот: *да бъндетъ живъ,* го имам слушнато односниов глас.[1]

1.2. Изнесениот став од Григорович за зачувани траги од назалните гласови во југозападните македонски говори, само за десетина години подоцна беше поткрепен со нови материјали од југоисточните говори (пак периферни). Податоците излегоа на виделина сосема случајно во една дописка од с. Висока, објавена во весникот *Съвѣтник* (бр. 29 - 7.10.1863). Архаичниот јазик на дописката, особено зачуваните траги од назалниот изговор, со кои несомнено се потврди врската на македонските говори во Солунско со старословенскиот јазик го заинтригирале проф. М. Хатала, и тој две години по објавувањето ја препечатил (дописката) во хрватското списание *Књижевник, 2,* Загреб, 1865, с. 471-474.[2] На тој начин, преку загрепскиот центар, овие сознанија се приближија до славистите од Европа. Оваа дописка ја пронајдовме комплетно во книшката од Антон Попстоилов, в. фус. 2, и таа (дописката), за разлика од материјалот што го презентира Григорович, обилува со многу примери во кои се чуваат траги од носовките и од заден и од преден ред.

[1] В. И. ГРИГОРОВИЧЪ, *Очеркъ путешествия по европейской Турции*, Казанъ, 1848.

[2] Податоците се земени од: Ан. ПОПСТОИЛОВ, *Село Зарово, Солунско* (историко-фолклорно и езиковедско изследване), Софија, 1979, с. 5. Редакторот, Ан. Попстоилов го третира за грешка правилно напишаното име на селото *Бобоштица* од В. И. Григорович, и предлага да биде заменето со името *Бобишта*.

Во споменатава книга на Попстоилов, освен дописката од с. Висока, со централен акцент на носовките, среќаваме податоци и за говорот на с. Зарово: „најинтересните прашања во говорот на с. Зарово, тоа се зачуваните рефлекси од старобугарскиот (чит.: *старословенскиот* - б.м.) дифтонг **ы** во коренот на некои зборови и во сложената придавска форма, исто така во множината на именките од ж. род. Од примерите што ги наведувам подолу се гледа дека **ы** во Зарово се реализира како **ъ,** а не како **ь** + **й** како што гласел тој дифтонг„ ; за да продолжи: „тоа се едни од суштинските признаци, со кои се решава прашањето за татковината на Кирило-методиевиот јазик. Сега веќе, продолжува авторот, никој не се сомнева дека првите богослужбени книги на словенски јазик пишувани од Светите Браќа, се врз основа на солунскиот дијалект„.[3]

1.21. Дописката од с. Висока е интересна и заслужува да биде разгледана од повеќе аспекти (од лингвистички, но и социолошки), во почетокот сепак ќе се задржиме на фонетиката, односно на зачуваните траги од назализам; освен со примери од дописката, екземплификацијата ќе биде збогатена уште и со други случаи од односнава регија што ги запишале Ан. Попстоилов, односно Ј. Иванов (позајмени од споменатата книга на Попстоилов). Еве ги тие примери, прво за големата носовка: - *што и таз блѫдва?* (какво е тоа скитање) *;* - *да бѫнда жиф и здраф;* - *грѫндите ма булат*; - *мѫнгла за гѫмба;* - *дѫмбето развиха;* - *дѫмбету дават млогу желѫмби жир;* - *стара баба биззѫмба;* - *на крѫнго точими* (*крѫнг* = округла даска за сучење); - *житуту има кѫнкѫл* (кокол - гад во житото); - *закача като кѫмтина;* - *кѫнту и празин* (*кат* = подигнато место покрај огништето, згодно за одмарање); - *криф като лѫнк;* - *един мѫнч* (маж); - *мѫнката и у Господја*; - *ним мѫнтиш удата* (немој да ја матиш водата); - *мѫнту вину* (матно вино); - *онѫ се мѫнчеше да ги наклони;* - *прајат обрѫнч за бѫнчва;* - *дали пѫнтѫт по којто вѫрвеше* ; - *г-н Неофит пѫнтуваштем по селата*; - *право пу пѫнтју у Сулун;* - *не се опитала затова , и пѫрв*

[3] Ан. ПОПСТОИЛОВ, в. фус. 2; с. 19 .

пънт сеґа; - никак да напрендват по ръководството на ґрацкото ученје ; *- влако порънчино не јаде; - за ґо земите вие на рънци, за му искривуваше смислата*; *- сас рънка ми ґу-дај; - менцуту и скъму* (месото е скапо); *- ничиста сандуви* (нечисти садови); *- тънґа ми и падналу; - тъмпън бии пу селуту* (тапан чука во селото); *- тус ол има на ґрабо фрънґърац (јаґорец).*

Јазичните карактеристики зарегистрирани во микротопономастичката номенклатура се многу силен аргумент за присутноста на одредена дијалектна појава, во случајот за зачувана назалност. Од истава регија, поконкретно од с. Зарово Попстоилов, меѓу другите ги запишал и следниве месни имиња: *Корава дъмбица, Макова лънка, Неґованско пънт.*

Паралелниот развој на големата носовка и секундарниот **ер** е позната појава во македонските дијалекти, па оттаму не изненадува фактот дека во дописката паралелно егзистираат *пънт и лънжа* : *- коґо лънжливо престављваха и Царското Правителство;* во книгата од Попстоилов освен кај случаите со секундарен **ер** среќаваме и други примери со неоргански назализам: *- прајат обрънч за бънчва; - длънґу като вънжи; - лънцата и лошу* (нешто); *- лънцицата и уд драву; - лънцичарник* (направа во која се чуваат лажици, виљушки и сл.); *- мънґла пална, мънґличаву* (време); *- стънклуто са здруби* (стаклото се скрши) .

1.22. Веќе рековме дека големата и малата носовка во однос на ринезмот имаат паралелен развиток, па оттаму во дописката и во книгата на Попстоилов, освен споменатите примери со зачувани траги од назален изговор кај големата носовка, аналогни случаи среќаваме и кај носовката од преден ред: *- нај сми двамата братученди; - имам зенту пара за женшва; - ґи прати в селото ја си ґлендат работата*; *- Неофит ґлендаштем постојанството; - ґувендару дунеси кравата; - бабина дивентина*; *- раздадуха му дивентина* (задуша што се раздава на деветиот ден по смртта); *- се научиха през мајчина си ензик толко*; *- ендзику кокали нема, пак кокали дроби;- заенц фатих; - тус пили и зънчар* (орел

којшто фаќа зајаци); - *избричин като зенѓ*; - *ѓренда бумбајк*; - *ѓтивам ѓу рендо*; - *ѓус ѓувар ѓенци*; - *уѓлиндалуѓу ни ѓленда хубаву*; - *уклентил ѓу Госпуѓ*; - *беше ѓричина штоѓо чандаѓа ни не найрендваха*; - *милуѓу ченду на мајка.*

Освен тоа присутни се и случаи со неорганski назализам: - *се енвиха в Цариѓрад като ѓретставители*; - *чандаѓа ни не найрендваха*; - *цело село му обенвуваме*; - *ние извенвуваме и ѓрез вестникаѓ* и сл.

1.3. Во немал број дијалектолошки трудови посветени на југоисточните македонски говори сериозно внимание е посветено, освен на присуството на зачуван назализам, и на редукцијата на неакцентираните вокали **е** (> и), **а** (> ă), **о** (> у). И двете појави можат да се следат во трудови уште од 19-от век. Интересно е дека споменатава дописка, иако обилува со примери во кои се чуваат траги од назализам, освен нив, како што беше истакнато, се среќаваат и случаи со неорганski назализам, што зборува за раширеноста на појавата, но од друга страна отсуствуваат примери со редукција на неакцентираните вокали, појава прилично позната во Долновардарско, и убаво засведочена во трудовите на М. Малецки, Зб. Голомб и др., што зборува за тоа дека пишувачот бил учен, образован човек и свесно ја избегнувал односнава дијалектна посебност, но од друга страна, веројатно, имал тенденција да му даде гласност на присуството на назалните гласови.

Споменатиот интерес за македонскиот јазик, или поточно за јужните (македонски) говори што се беше појавил со книгата „**Очеркъ...**„ од рускиот проф. В. И. Григорович, односно со претставувањето на спецификите на говорот на с. Висока (Солунско), преку споменатава дописка, особено се засили кон крајот на 19. век, кога кон Јужна Македонија се упатуваат повеќе истражувачи, од кои на прво место (и по хронологија и по значење) треба да се спомене Словенецот Ватрослав Облак, соработник на проф. В. Јагиќ.[4]

2.1. Важно е да се истакне уште и тоа дека во

[4] В. ОБЛАК, *Македонски студии* (превод проф. Бр. Драговиќ , редакција проф. д-р. Д. Стефанија), Љубљана 1994 г.

дописката се среќаваат повеќе фонетски особености што упатуваат на поврзаноста на говорот во солунското село Висока со другите македонски говори. Конкретно мислиме на присуството на фонемите **ќ** и **ѓ.** Во дописката **ќ** е засведочена во прилогот *повеќе*: *-отворихме бугарско училиште повеке от љубопитство,* уште во морфемата **ќе**: *- на каква стока ке паднеме... - народен и ревносен едвам ли ке најдеме*; фонемата **ѓ** е регистрирана во предлогот *меѓу*: *- света владико, Висока е најпрво село меѓу нас; - повикна чорбациите меѓу кои се отличаваше г-н Димитар.* Континуацијата на прасл. групи *tj, kt' – dj во македонските говори одамна биле предмет на интерес, особено во врска со аспирациите на српските и бугарските хегемонисти, кои во реализација на своите планови беа ангажирале и научнички машинерии. „Имено, во нашите дијалекти денеска среќаваме двојна замена за тие групи: *ќ, ѓ* и *шт, жд* (овие групи во некои говори се изговараат и како *шч, жџ*). Сп. *свеќа, ноќе, меѓа: свешта, ношја* (од *ноштја*), *межда.* Замените *ќ, ѓ* надвладуваат во нашите дијалекти. Тие се јавуваат скоро исклучиво во северните говори, а исто така се предоминантни и во централниот појас. Во одделни зборови тие проникнале и во најјужните наши дијалекти (сп. *вруќо, вруќина, куќа* во говорот на Киречќој, Солунско)... Меѓутоа, колку што се оди повеќе на југ, случаите со таа замена намалуваат, и како предоминантна се јавува замената *шт, жд* „.[5]

2.2. Треба да се истакне дека, покрај посочените примери со **ќ, ѓ** *(повеќе, ќе, меѓу*), во споменатава дописка среќаваме и случаи во кои се чува првичниот изговор (*шт, жд*), такви примери има во морфемата **-штем,** за образување на гл. прилог: *-Неофит глендаштем постојанството ни и разбираштем што ако оде сам ке му се опрат* (спротивстават) ... *- г-н Неофит пантоваштем по селата, нигде не му дадоха ништо;* исто така и во наставката за изведување на имперфективни гл. форми: *- притјаснуваше Христјаните на сила да ви плаштат* .

[5] Бл. КОНЕСКИ, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје, 1967, с. 83.

3.1. За разлика од литературниот исказ во дописката што ја анализираме (од Солунско) среќаваме употреба на декларативно-интенсионални реченици со сврзникот **да** (наместо *дека, отиц, што)* и во случаите кога се конотирани од класата на глаголи за перцепција и восприемање, или поинаку речено кога упатуваат на реални и идентификувани настани: - *во 24 број на почтенијат ви вестник со радост видохме да обнародвате похвалното постојанство на соседите ни; - ние никакво наше народно собрание не знаиме да е станало за уреди заплати на владиците.* Интересно е дека ваква употреба на сврзникот **да** се среќава и во познатото дело на Кр. П. Мисирков: „За македонцките работи„: - *утврдуајњето да Македонија не претстауала етнографска целина; - ке требит да признајиме да српскиот шовинизам, стојит много повисоко.* Ваквата употреба на сврзникот **да** што се јавува при одредување на комплетивни односи во зависната реченица одамна го привлекла вниманието на истражувачите на посебностите на јазикот на Мисирков. Меѓутоа, немајќи увид во дијалектната слика на родниот еничевардарски говор на Мисирков, тие, во склопот на пошироките теми, што им биле предмет на интерес, се повеле по аналогните синтаксички конструкции во српскиот јазик и ги прогласиле комплетивните **да**-реченици кај Мисирков за туѓо влијание, односно за посегање кон образец од соседниот словенски (српски) јазик, со одредена цел - да се избегне повторувањето на грчкиот сврзник *оти.*[6]

Подоцна, на проблемот поинаку му пристапува К. Фелешко, тој јасно се определил за присутноста на овој сврзник во комплетивни реченици во југоисточните говори: „Знам дека таа појава има поширок опфат... Подготвувајќи го излагањево немав можност да ја побарам и во изворните еничевардарски текстови, но си земам за слобода да претпоставам дека конструкции од таков вид не му биле

[6] Бл. КОРУБИН, *Јазикот на Крсте П. Мисирков,* Дипломски работи на Филозофскиот факултет, Скопје 1956, кн. 6, с. 53-57; Т. ДИМИТРОВСКИ, *За литературната лексика на Мисирков,* Научен собир посветен на 40-годишнината од смртта на Мисирков, Скопје 1966, с. 162.

туѓи ни на мајчиниот говор на Мисирков„.[7] Примерите што ги цитиравме од дописката од Солунско , недвосмислено го потврдуваат ставот на К. Фелешко.

4.1. Излагањево ќе го завршиме со една лексичка посебност, имено во дописката што ја анализираме, се среќава глаголот *ѓренде* (доаѓа): - *сетне ѓрати ѓотварат си со ѕйаконат ѕа ѓотват место, заштото ке ѓренѕел влаѕиката.* Неспорно дека се работи за архаизам со прекинати изоглоси. Во академскиот Речник од Загреб за зборoформата gresti (оди) го среќаваме следново објаснување: „зборот е сигурно прасловенска формација, иако не може да се потврди со примери од западните словенски јазици„. П. Скок кажува дека во хрв. (и срп.) литературен јазик се среќаваат само остатоци од глаголот *ѓреде* во сложените предлози: *узѓред, мимоѓред*, додека во дијалектите го има во Црна Гора, Лика, Истра. Во македонските дијалекти се среќава на југ, освен во Солунско (со примерот што го цитиравме од споменатата дописка), уште на југозапад: Костурско, Леринско, спорадично и во Битолско (с. Живојно). Во македонскиот и во бугарскиот стандард отсуствува, обратно се среќава во подалечниот словенечки јазик

2008

[7] К. ФЕЛЕШКО, *Необичните конструкции со да кај Мисирков.* Зборник на реферати од Симпозиумот посветен на К. П. Мисирков 22-23 април 1975, Скопје 1976, с. 183.

ЗА НЕКОИ СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ГОВОРОТ ВО ПАЗАРСКО

врз една епска песна запишана од К. П. Мисирков

1.1. К. П. Мисирков го напуштил своето родно место уште на 15-годишна возраст (1889 г. тој заминал за Белград како стипендијант на Српската влада). Образованието го продолжил во Русија, летото 1900 год., како студент ја придружува научната екскурзија што низ Јужна Македонија ја организира Руската академија на науките, во која учествува и познатиот славист Петар А. Лавров. Руските научници во рамките на споменатава Македонска научна екскурзија престојувале и во Пазарско.[1] Во односнава истражувачка активност Мисирков собрал извесен фонд етнографски материјали меѓу кои и познатата епска песна *"Банут – Крал'ут"*, којашто е предмет на нашата анализа и врз чии јазични посебности ќе се обидеме да реконструираме некои од основните карактеристики на родниот говор на Мисирков или поконкретно говорот во Пазарско, Егејска Македонија.

1.2. Во првиот број на списанието "Вардар", чие печатење Мисирков го организира во Одеса 1905 год., меѓу објавените материјали, ни е претставен дел од народното тво-

[1] Крсте П. Мисирков, *Одбрани страници*, Скопје 1991, с. 26, приредил Бл. Ристовски.

рештво од Пазарско имено преку споменатата песна "Банут – Крал'ут".

2.1. Уште на почетокот треба да истакнеме дека начинот на кој ќе се обидеме да ги доловиме контурите на говорот во Пазарско, преку јазична анализа на една епска песна, претставува сериозен предизвик, зашто јазикот на народната позезија "...не само по специфичното користење на прозодиските можности, по она што можеме да го наречеме поетска синтагматика на гласовите и формите, ами и по изборот на извесни посебни елементи на сите рамништа на јазикот – овој јазичен облик *(поетскиот)* може повеќе или помалку да се разликува од говорниот јазик. Тој е поставен секогаш меѓу потребата да ги создава и чува тие специфични елементи и да се сооднесува на определен начин со секидневниот говор којшто незабележано но постојано се менува... Посебен аспект во изучувањето на јазикот на народната поезија претставува неговиот наддијалектен облик...".[2]

2.2. Сепак, во врска со задачата што си ја поставивме, треба да ја потенцираме среќната околност дека во песната што ја анализираме *(Банут – Крал'ут)* поезијата е преточена во проза, размерот скоро речи и не е запазен и може слободно да се претпостави дека разликата меѓу јазикот на песната и на секојдневната комуникација не е голема и ни овозможува коректно и со надеж да правиме реконструкција на говорот во Пазарско.

Освен ова, треба да го споменеме и фактот дека од блиското соседство на родното село на Мисирков (од населбата Гуменца), имаме собрано богат материјал од преселници, така што имаме убави можности за проверки и споредби.

3.1. *Редукција.* – Говорот во Пазарско, или поинаку речено родниот говор на Мисирков, се вклучува во пошироката регија на долновардарските говори што се одликуваат со изразито експираторен акцент, а тоа ќе рече дека акцентираниот слог го апсорбира најголемиот дел од артикулационата енергија поради што неакцентираните

[2] Бл. Конески, *Јазикот на македонската народна поезија,* Скопје 1971, с. 8.

вокали се изговараат пократко, редуцирано, така што ниските вокали *е, а, о* се изменуваат во своите високи корелати: *и(ă), ă, у*. Оваа специфичност силно е изразена и во споменатата песна *(Банут – Крал'ут).*

3.2. Она што треба посебно да се одбележи и што е регионално маркирано се примерите со редукција на финалното *е* во *ă*. Интересно е дека ваквата измена на неакцентираното *е* не е зарегистрирана во поважните трудови посветени на долновардарските говори: гевгелискиот (од Д. Иванов), воденскиот (од В. Думев),[3] додека во песната што ја анализираме споменатава карактеристика ја среќаваме многу често: и во именски зборови и во глаголски форми и во некои службени зборови.

3.3. Кај повеќесложните именки од машки род во множина ја среќаваме наставката *-а* (читај *ă*), со редукција од *-е: да се берат, веле, турци и каура [... ем проклети чифута... на вишна дивајна малца ќи заспам;* покрај примерот без редукција: *на вишни дивајне се качила.*[4] Има случаи во кои множинската наставка *-ове* (кај едносложните именки од м. род) се редуцира во *-ова* (читај: *-ова*̆): *дур да рече, тија шејва јувтасала* (*шеј* = работа). Овде треба да се спомене и наставката за глаголска именка *-јна* (читај: *-јна*̆), добиена со редукција и антиципација од *-н'е;* сп.: *сиднаа на јадејна.*

3.4. Кај глаголските форми редукцијата на финалното *-е* во *-ă* прво ќе го илустрираме со примери на основниот вокал во 3 л. ед. презент: *идно грат ќи бида града Софја[..., да дада Господ и свети Јован;* уште кај множинските наставки за 1. 2. лице од минатите времиња: *-хме > -хма* (читај: *-хмă); -хте > - хта* (читај: *–хтă*): *кога бехма на пуста војсќе су тебе[... арно шо се субрата тува.*

Рековме дека појавата може да се следи и кај службените зборови: *хајда оди, веле, Турче Босналијче* (:

---

[3] Д. Иванов, *Гевгелијскијат говор,* Софија,1932; В. Думев, *Воденскијат говор,* МакПр 13, Софија 1943. кн. 3, с. 8–42, кн. 4, с. 26-88.

[4] Нередовноста во редукцијата на неакцентираните вокали уште поодамна ја забележил К. Мирчев; в. *Неврокопскијат говор,* Годишник СУ, 32, Софија 1936, бр. 1, с. 5.

хајде); ... *оша идна лакардија имам да ти речам* (: оште) ... *мошна и тепаше на царувито* (: мошне).

3.5. Фактот дека споменативе случаи Мисирков ги дава со *-а* лесно се објаснува ако се земе предвид дека неакцентираните *а* и *ă* во Долновардарско имаат блиска или иста реализација: "И така, сметам дека од фонолошка гледна точка неакцентираните *а* и *ă* треба да се третираат како една фонема и јасно да се потцрта слевањето на *а* со *ă*, во неакцентирана позиција. Идентичното третирање на *а* и неакцентираното *ă*, впрочем се јавува многу јасно во деклинацијата на именките од женски род на *-а*".[5]

4.1. *Морфологија.* – За делумното функционирање на категоријата род во југоисточните говори нашироко зборувавме во монографијата за говорот во Кукушко.[6] Појавата многу поодамна во соседниот воденски говор ја забележил К. Шапкарев: "Во Воден, спротивно, ниту една придавка нема ниту машки ниту женски род, а само среден што служи за трите рода: "*големо човек, добро жена и сл.*".[7] Скоро исти се примерите од споменатата песна : "*Банут – Крал'ут*" (од Пазарско): *и ќи ми зевиш идно синџир[... пуд идно камилцко самар* и сл.

4.2. Како специфичност треба да истакнеме дека во песната што ја анализираме се забележува широка употреба на општата (генитивно–акузативна) форма на *-а*, кај сопствените именки од машки род, т.е. се работи за едно изгубено чувство за регуларност во употребата на остатоците од падежите. Прво да споменеме дека ја среќаваме споменатава форма во функција на субјект (номинатив): *и тугај му веле Цара Сулимана: "Трагнајти гу, веле, воа душман утува"... и Цара Сулимана фати прид негу рака и кулено да бакнува.*

Второ, истава форма ја среќаваме и во дативни конструкции: *ем му рекле на цара Сулимана* [... *оди да му речиш*

[5] Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско)*, МЈ, 13-14, кн. 1-2, с. 218.

[6] К. Пеев, *Кукушкиот говор*, т. 1, Скопје 1987, с. 189.

[7] Цит. од Бл. Конески, *Јазикот на македонската народна поезија*, Скопје 1971, с. 32.

на Цара Сулимана. Трето, истава општа форма се јавува и со значење на вокатив: *тогај му веле Турче Босналијче: "Варај, веле, цара Сулимана, нашо Господаро".*

5.1. Познато е дека поезијата (во конкретниот случај народната), со своите утврдени изразни формули носи белези на архаичен, закостенет идиом што тешко прифаќа подновувања. Вака и се објаснува ретката употреба на конструкциите *има (нема) + гл. придавка,* конкретно: "... многусложноста на овие конструкции претставува тешкотија за нивното вклучување во метричките шеми (*на поезијата)* еднаш усвоени и кои тешко се трансформираат. Освен тоа треба да го имаме предвид и моментот на афирмирањето на одделни конструкции од секидневниот јазик во различните жанрови на народното творештво" – заклучува проф. Конески, сепак, го наведува примерот (како нешто многу ретко): ... *али негде има догледано?.*[8]

Интересно е дека во песната од родното место на Мисирков (Пазарско) се среќаваат вакви конструкции, што зборува дека оваа регија била силно опфатена од влијанието на балканските несловенски јазици, и тоа ништо помалку од западното македонско наречје, што се потврдува, меѓу другото (како што рековме), и со присуството на споменативе глаголски форми, сп.: ... *магија му има чинету на мојта сабја[... немиш рудено такво јунак јув твојта држава* – факт што треба да се зема предвид.

5.2. Меѓу особеностите што се развиле во контакт со балканската јазична алијанса, и што доскоро се третираа како специфика на западното македонско наречје, треба да ги споменеме и глаголските синтагми од глаголска придавка од непреоден глагол + формите на помошниот глагол 'сум', конструкции што ги наоѓаме и во песната што ја анализираме: ... *ако сте дојдени за арно[... Свети Јован арно да ви дада.*

6.1. Освен позачестената употреба на предлозите во нашиот јазик, до која се дошло поради познатото губење на падежните наставки, во долновардарските говори среќаваме

[8] Бл. Конески, в. фуснота 2, стр. 24.

интересни примери со изместено значење на предлозите, што се појавиле од контакт со северните грчки дијалекти. Така во песната што ја анализираме, и врз која правиме реконструкција на говорот во Пазарско, "*Банут – Крал'ут*" предлогот *сус*, добиен со редупликација и редукција од предлогот 'со', покрај основното значење "за заедништво и придружување" *(кога бехма на пуста војќе со тебе)*, среќаваме и примери во кои го има значењето на предлогот 'од': ... *не се радум сус Бано, шо гу носам [туку се радум сус Бановата држава.* Дека не се работи за превид ни потврдува сличен пример од познатиот *Зборник* на Верковиќ[9]: ... *тогас се возрадува господарот сос неговата врјадност* (место: 'од неговата врјадност'). Случаи за нерегуларна употреба на некои предлози, особено на предлогот **на** ние имаме претставено (со богата агземплификација) во монографскиот труд "Кукушкиот говор", и во "Речникот на македонските говори во југоисточниот егејски дел", уште и во одделни статии и реферати.

1996

[9] P. Lavrov, J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské.* V Praze 1932.

ОТКРИВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ОД СТРАНСКИТЕ ЛИНГВИСТИ

1.1. За македонските говори, како истурен клин на словенскиот јазичен свет, научниците (слависти) многу одамна пројавиле интерес. Тој интерес може да се следи уште од третата деценија на 19. век во познатиот „*Додаток к санктпетербургским сравнительним рјечницима...*„[1] од В. Ст. Караџиќ, каде што напечатил 27 народни песни од пиринскиот дел - Разлошко, врз кои, уште и врз некои евангелски текстови, прави обид да ја претстави и граматичката структура на споменатиот македонски говор.

Сепак, во иднина интересот повеќе ќе биде свртен кон јужните периферни говори, како претпоставена (подоцна и потврдена) основа на старословенскиот јазик. Така кон крајот на првата половина на споменатиот (19.) век во Казањ ќе се појави книгата на рускиот проф. В. И. Григоровичь „*Очеркь путешествия...* „ (1848) во која покрај другото го открива присуството на носните самогласки во крајната југозападна периферија (во Корчанско).[2]

---

[1] В. Ст. КАРАЏИЋ, *Додаток к санктпетербургским сравнительним рјечницима свију језика и наречија, с особитим огледима бугарског језика.* Виена, 1822 г.

[2] В. И. ГРИГОРОВИЧЪ, *Очеркъ путешествия по европейской Турции*, Казанъ, 1848. Цитирано според: Ан. Попстоилов, *Село Зарово Солунско*, Софија 1979, с. 56. Правилно напишаното име на селото *Бобоштица* од В. И. Григорович, Ан. Попстоилов го третира за грешка и предлага да биде заменето со името *Бобишта*.

1.2. Известувањето од теренските истражувања на проф. Григорович во Корчанско, во кое се споменуваат зачувани траги од назалните гласови, само по една деценија доби нови потврди во една дописка од селото Висока (Солунско) во весникот *Съвѣтникъ* (бр. 29 - 7.10.1863). Спомнатата дописка, поткрепена со искажувањата на проф. Григорович претставуваше сериозна новина во славистичката наука за потеклото на старословенскиот јазик и оттаму таа (дописката) се најде на страниците на загребското списание *Књижевник* (1863).[3]

Неа (дописката од с. Висока) комплетно ја претставува Ан. Попстоилов во книгата *Село Зарово Солунско,* во која, земајќи го предвид присуството на назалните гласови, но и други архаизми заклучува: „ ... тоа се едни од суштинските признаци со кои се решава прашањето за татковината на Кирило-методиевиот јазик„.[4]

1.21. Независно што дописката од с. Висока обилува примери со различни граматички посебности и може да биде разгледувана на повеќе нивоа, ние во овој случај ќе се задржиме на случаите со зачуван ринезам и тоа како кај носовката од заден така и кај онаа од преден ред: - *пѫтиѭтъ по којто вървеше* (51); - *по рѫководството на гръцкото ученје* (52); -*г-нъ Неофитъ пѫтуваштем* (52); - *онъ се мънчеше да ги наклони* (52); - *за го земите вие на рънци* (53); - *първъ пѫтъ сега* (55); - *чандата ни не напрендваха* (51); - *презъ мајчинъ си ензик толко* (51); - *въ селото да си гледат работата* (52); - *Неофитъ гледаштем постојанството* (53).

2.1. Интересот на славистите кон јужните македонски говори стана особено забележлив кон крајот на 19. век, кога по препорака на проф. В. Јагиќ, кон Солун заминал

---

[3] *Књижевник, 2,* Загреб, 1865, с. 471-474; в. фус. 4, с. 56.

[4] АН. ПОПСТОИЛОВ, *Село Зарово Солунско* (историко-фолклорно и езиковедско изследване), Софија, 1979, с. 19 и 14. Поширока анализа на споменатава тема правиме во: „За дописката од Солунско што го отвори патот за победа на македонската теорија за потеклото на старословенскиот јазик„ - статија објавена во истиот (5-ти) том од Речникот.

Ватрослав Облак. Тој, при тоа, несомнено тргнал од познатиот аргумент дека периферните говори им даваат големи можности на истражувачите (лингвисти), бидејќи во нив има остатоци од постари еволутивни фази од развитокот на јазикот, т.н. архаизми, а, од друга страна, поради контактите (на периферните говори) со други јазици, честопати со поинаква генеологија и типологија, се среќаваат и иновации. Кон споменативе околности, секако треба да се истакне и аргументот дека таму, (условно речено) на јазичниот допир, голем дел од населението се билингвални (дури и трилингвални) соговорници, коишто често не се во можност да го држат одвоено својот, од јазикот (јазиците) од кој (кои) се позајмува, и така се доаѓа до т.н. јазична интерференција, којашто основано дава можности за компаративни истражувања. Да заклучиме дека југоисточните македонски говори од околината на Солун како периферни, не само за македонскиот јазик, туку и пошироко, т.е. како краен пункт од словенската општност на југ, претставуваат примамлив терен за дијалектни испитувања. Сепак, треба да истакнеме дека таа не била единствената причина (дури и не најважна) за да се упати В. Облак кон Македонија. Имено, веќе рековме дека, како близок соработник на познатиот славист од Универзитетот во Виена, проф. Ватрослав Јагиќ, голем подржувач на тезата за македонското потекло на дијалектната база на старословенскиот јазик, Облак си поставил за задача во околината на Солун да ги бара корените на старословенскиот јазик. И, навистина, во селото Сухо, што се наоѓа североисточно, нашол траги од некогашниот назализам, со што отпаднал најважниот аргумент на оние научници што се залагале за т.н. „Панонска теорија„, според која Браќата Кирил и Методи дури кога дошле во Моравија (во својата позната мисија) таму ја создале писменоста и поради тоа во првите преводи на светите книги влегла базата од јазикот на северозападните Словени.

2.21. Во врска со подршката што ја имал В. Облак од проф. В. Јагиќ за споменатово истражување узнаваме

од **Воведот** на книгата на В. Облак „Македонски студии„ (којашто претставува дијалектолошки извештај за престојот во Македонија), таму на с. 23 читаме: „... проф. Јагиќ неодамна изрази желба за преземање сериозни студии на македонските дијалекти на самото место„. Слично размислувал и самиот Облак, тој на истата стр. запишал: „Словенските дијалекти во Македонија се во повеќекратна смисла од особен интерес за словенската филологија. Пред сè, тие се од решавачко значење за прашањето на татковината на старословенскиот јазик. Без вистинско познавање на јужномакедонските дијалекти, особено на дијалектот што се зборува во околината на Солун, не е можно конечното разрешување на прашањето за старословенскиот јазик„.[5]

2.3. В. Облак заминал за Македонија наскоро по завршувањето на студиите по словенска и споредбена филологија на Универзитетот во Виена кај проф. В. Јагиќ - кон крајот на 1891 година. За тоа колкава важност му давал на својот престој во Македонија ни зборува и фактот дека во исто време (по завршувањето на студиите) тој добил стипендија за специјализација по филологија во Русија, но Облак сепак го претпочитал истражувањето во Солунско. Во Македонија тој се задржал неколку месеци - до крајот на март 1892 г.; во меѓувреме го привлекол вниманието на турската полиција, им станал сомнителен, поради своите активности при анкетирањето, дури бил и затворен - го ослободиле по интервенција на австриската дипломатија. По враќањето од Македонија, тој ги обработува собраните материјали и ја приготвува својата книга *Macedonische Studien,* за жал, „... авторот на споменатата студија, не ја доживеа радоста да ја види напечатена својата расправа. Иако (благовремено) тој ја имаше поднесено работата за објавување, во извештаите од седниците на Кралската академија на науките (Филозофско-историска класа), во Виена, се гледа дека почетокот на печатењето се одлагало поради одредени печатарски

[5] В. ОБЛАК, *Македонски студии* (превод проф. Бр. Драговиќ , редакција проф. д-р. Д. Стефанија), Љубљана 1994 г.

тешкотии сѐ до јули оваа година, но тој умре на 15 април 1896 во Целје„ - тоа се зборови на проф. В. Јагиќ (извлечени од *Поговоро̄т*), којшто ја изврши последната редакција на книгата на Облак *Македонски стӯдии,* објавена посмртно.

Книгата е пишувана на германски јазик, објавена во Виена (1896) и содржи три поглавја: *Вовед, Грама̄тика*: **- *а.*** говорот во с. Сухо (источно од Солун), ***б.*** говорот на неколку села северно од Солун и на дебарските села Галичник, Обоки и Клење, и во *Тре̄то̄то по̄главје* се писмата што му ги праќал В. Облак од Солун на својот проф. В. Јагиќ во Виена. Иако ги обработува трите аспекти на јазикот: фонетика, морфологија и акцент, сепак преокупација на авторот му била фонетиката и најмногу внимание нејзе ѝ посветил, бидејќи во неа нашол потврда кон „Македонската теорија„ за потеклото на старословенскиот јазик.

3.1. Иако книгата **Македонски студии** има чисто лингвистички карактер, сепак В. Облак не можел докрај да се ослободи од наметнатиот проблем околу карактерот на македонското население и македонскиот јазик. Тој се обидува да дискутира за тоа прашање и искажува свои ставови во врска со разрешувањето на македонското прашање. Притоа очигледно е дека Облак не секогаш лесно се снаоѓал во мрежата од пропаганди од соседните земји, коишто кон крајот на 19-от век особено се беа засилиле во Македонија и со сета жестокост настојуваа оформувањето на македонската национална посебност да го оневозможат и да го изместат од својот природен тек. Независно од забележливиот степен на недефинираност во ставовите на В. Облак за македонското прашање, сепак во неговата книга се среќаваат и согледувања кои индиректно упатуваат на сфаќањето за посебноста на македонскиот јазик. За тоа дека бугарскиот литературен јазик му бил туѓ на Македонецот од Солунско евидентно се забележува во описот што го дал Облак за својот информатор од с. Сухо (Солунско) на стр. 24 од *Македонски стӯдии*: „Во Солун запознав еден помлад занаетчија од Сухо, кој е тука само нешто повеќе од една година. Пред тоа за подолго врене

не го напуштал своето родно село. Тој не посетувал бугарско основно училиште, не знаеше да чита и пишува бугарски и бугарскиот писмен јазик му беше непознат. Тој зборуваше чисто на својот роден дијалект„.

Во таа смисла, заслужуваат внимание, особено поради својата непосредност, писмата на В. Облак што од Солун ги праќал до проф. В. Јагиќ, од кои ќе претставиме неколку извадоци: „... од директорот на бугарската гимназија (во Солун) добив дозвола како гостин да слушам предавања по бугарски јазик. Еден час слушав и веќе дознав дека македонските ученици по бугарски јазик не се многу добри, барем не во 4-от клас„ (Солун, 21. ноември 1891); „... како што слушам Зборникот од бугарско-македонски народни песни од Драганов е во печат, но тој, наводно бил принуден да изврши некои „бугарски„ коректури на истите, за да може да ги издаде како дисертација. Ми се чини дека таквото научно криумчарење сосема е неприфатливо„ (Солун, 12. декември 1891). Особено се интересни оние писма во кои Облак со тивка ирониција се потсмева на „лажниот патриотизам„ кај некои Македонци, во случајот проф. во Бугарската гимназија во Солун, којшто ја брани својата „патриотска„ определба. Еве го тој извадок: „... во мојот стан (во Солун) се случи една комична сцена. Ме посети еден гимназиски професор и овдешниот бугарски книжар, обајцата добри патриоти, обајцата од Македонија, последниот родум од Прилеп„.

Разногласието се случило околу изговорот на македонските гласови **ќ** и **ѓ**. Имено, слушајќи го прилепчанецот, на Облак му се сторило дека односниве гласови се реализираат (во Прилеп) близу до српските **ћ, ђ**. „Загрижениот професор„, што е на служба во Бугарската гимназија во Солун, настојува, го убедува книжарот дека тој ги изговара споменатите гласови недоволно „патриотско - македонски„, односно со настојчиво повторување, пишува Облак „тогаш слушнав појасен глас **ќ**, кој сега беше станал *попатриотски*„ (Солун, 12. декември 1891). Се разбира дека ваквата состојба е резултат на силната пропагандна машинерија (српска или

бугарска) за што и самиот Облак бил свесен: „... околу мене се слушаат сосема контрадикторни мислења за македонските етнографски прилики и дијалекти. Едното решително зборува во прилог на Бугарите, другото зборува за нив (за македонските дијалекти) како за српски и тоа на начин како да е тоа само по себе разбирливо и не би можело да биде поинаку. До сопственото гледиште, кое се разбира ќе биде сосема без влијание на обостраните пропаганди, уште долго не ќе можам да дојдам, но затоа пак поцврсто ќе се држам до него„.

3.2. Првите истражувачи на македонските дијалекти, освен на притисоци вршени од страна на заинтересираните кругови на соседните земји (Србија и Бугарија), биле изложени и на сурова тортура од турската државна власт (крајот на 19-от и првата деценија на 20-от век), за што многу илустративен е следниот опис од Облак: „... отидов во Ново Село (Солунско) и четири други села и речиси ги бев доусовршил своите белешки во Вардаровци кога настапи катастрофа. Седев со попот крај огништето и мирно ги пишував своите белешки, одеднаш се затемни бедната соба. Кога го кренав погледот видов еден турски офицер како се нафрла врз мене, а зад него уште шест жандарми со затегнати пушки. Тој со бесен поглед ми го отргна бележникот од рацете... Сè ми беше одземено - до парите и часовникот. Најпрвин бевме спроведени кај турскиот селски „судија„. При нападот веднаш му го покажав на турскиот офицер мојот пасош и писмото од генералниот гувернер, но тој го дофати (писмото) на брзина за да го скрие невидено. Јас протестирав, објаснував дека сум австриски државјанин, но сè беше залудно. Тие всушност не разбираа ништо. Од селскиот „судија„ бевме спроведени во Солун. Наводенети до кожа и речиси вкочанети од многу силниот ветер пристигнавме таму тој ден по 12 часови на коњ, иако воопшто не сум навикнат на јавање„.[6]

4.1. Втората деценија од 20-от век е период кога се одвиваат крвави војни, првата на Балканот 1912-1913.

[6] Види фус. 5, стр. 180-209.

- т.н. Балкански војни, а веднаш по нив се надоврзува Првата светска војна која ја потресе Европа. Се разбира, во односново време, исполнето со жестокости, на планот на културното живеење, а тоа ќе рече и на планот на лингвистиката, конкрétно поврзано со Македонија, нема некои значителни појави. Сепак, творечкиот дух кај некои научници и во ваквите околности не можел да мирува, т.е. извесен дел од нив творат и тогаш, и поради тоа, наскоро по Војната се појавуваат нивните резултати. На прво место да го споменеме А. Мазон, проф. во Парис, кој уште 1923 год. ја напечати својата сериózна публикација за дел од периферните југозападни македонски говори "Contes slave de la Macedoine sud-occidentale". Авторот во спомнатава книга го разгледува говорот на неколку села во Костурско (Мокрени, Смрдеш и Вишени), уште леринскитесела села Неволани, Арменско и Екшису. Скоро на 250 стр., освен за јазичните посебности, тој ни дава географско-историски податоци за регионот, а своите заклучоци за јазикот ги поткрепува со богат илустративен материјал. Во јазичната студија подробно ги разгледува фонетиката и морфологијата и побегло се задржува, како и што е обично во дијалектолошките студии, на проблеми од синтаксата.

4.2. Претставувајќи го вокалниот систем на истражуваниот говор авторот, покрај другите фонетски карактеристики, на самиот почеток, ги разгледува рефлексите на вокалните **р** и **л**, и при тоа констатира неколку индивидуални, регионално ограничени посебности. Особено е значајно дека проф. Мазон во своите дијалектни истражувања открил и ни презентира случаи во кои се присутни остатоци од назалниот изговор во неколку костурски села (Смрдеш и Вишени) и на тој начин се потврдува аргументот најавен од рускиот проф. В. И. Григорович дека во југозападната македонска периферија сèуште егзистираат траги од старословенските назални гласови **он** и **ен**.

4.3. Истиот автор ќе се појави уште некоку пати со трудови во кои се осврнува одново на македонските говори од југозападниот дел, од кои по своето значење се изделува

"Documents, contes et chansons slaves de L'Albanie du sud" (Paris, 1936), каде што го обработува говорот на селата Бобоштица и Дреновени (Корчанско, Јужна Албанија). Во обемната монографија на 450 стр., освен лингвистичка анализа, авторот ни презентира и обемна граѓа. Станува збор за многу архаичен говор, којшто егзистирал изолирано и чиј развиток просто застанал на степенот од пред неколку векови и оттаму во него ќе најдеме посебности што, скоро речи, исчезнале од другите македонски говори. Овде пред сè мислиме на зачуваниот изговор на носовките (од преден и од заден ред): *дамѭ, лендѝна*, натаму (меѓу гласовните специфичности) треба да се спомене совпаѓањето на рефлексите на стсл. ѣ и ѧ во широк изговор на **е** (**ā**), кога се наоѓа под акцент: *човѣ́ко, имѣ́то*.

Фонетските црти имаат извесно совпаѓање со црти од друг периферен говор - на исток, со серско-лагадинскиот, меѓутоа во морфологијата говорот во Корчанско по бројот на зачуваните архаични црти е единствен на македонското јазично подрачје. Имено овде се чуваат во повеќе случаи старите падежни форми, таков е случајот со зачуван датив кај именките и придавките, како во еднина така и во множина: *арамијутóму, старцѝтим* (м. род), *мáјке, сестрѣ́тем* (ж. род). Во формите може да се следи развитокот на зам. форма во членска морфема и тоа во падежни форми - и кај именката и кај заменката. Меѓу архаизмите треба да се спомене зачуваната парадигма кај глаголот **хътѣти** : *ѭта, ѭтиш, ѭти* (сакам...).

5.1. А. Мазон, во соработка со А. Вајан, охрабрени од резултатите на истражувањата во крајните југозападни говори, својот интерес го свртуваат кон југоисток. Ракописот на едно изборно Евангелие пронајдено во с. Кулакија, тие го обработуваат и го издаваат во Париз 1938. Селото Кулакија всушност е една од најјужните точки во југоисточниот дел. Станува збор за населба во Солунско, лоцирана до самото устие на р. Вардар (само на 6 км. од морето), за жал сега погрчено. Според податоците од првата страна

на Евангелието текстот го превел Евстатиј Кипријади, ноември 1863 год., пишуван е со грчко писмо на македонски јазик, долновардарски дијалект. Споменатиов текст го транскрибирале двајцата француски професори (А. Мазон и А. Вајан), првиот го напишал предговорот и уводниот дел, а јазичната студија (многу обемна и исцрпна, на 230 стр.) ја приготвил Андре Вајан.

5.2. Во уводните белешки А. Мазон дава податоци за местото каде што е пишувано (односно преведено) Евангелието, уште укажува и на други текстови што се напишани на македонски јазик, но со грчко писмо, како и за самата транскрипција. Во лингвистичката студија А. Вајан се задржува на две носечки теми: за фонетиката и за морфологијата на говорот во с. Кулакија. На самиот почеток дава преглед на литературата во која предмет на интерес се долновардарските говори, натаму се задржува на поважните фонетски посебности, што ги извлекува од Евангелието и често ги анализира во склоп не само на соседните југоисточни, односно останатите македонски говори, туку и пошироко наспрема српскиот и бугарскиот јазик. Работата на Вајан се одликува со голема прецизност што е несомнено резултат на сериозен пристап кон дијалектните истражувања; почнува со развојот на вокалните **р̥** и **л̥**, пр. за **р̥** констатира 4 графеми: **ăр**, **ар**, **рă**, **ра**, за **л̥** 2 графеми: **ăл** и **ла**, и потоа следуваат други посебности: за прасловенските групи ***tj, *dj**, за развојот на **ѣ**, за развитокот на големата носовка, каде што освен на основниот рефлекс **ă**, укажува уште на други два : **а̨** (што може да се третира за варијанта) и **у**. Треба да се одбележи дека голем е бројот на примерите со замена **у**, што можат да се објаснат како црквенословенизми (во некои случаи тие се под акцент): *го̄ле́момуче́ниц, муче́ниц, пра̄́вному́чник, са наблуди́* (сп. „блудниот син„), *су́бута* (сп. „велја субута„), но среќаваме и случаи што не се подведуваат под споменатава категорија: *ку́ќа, ку́с, врукѝна.*

6.1. Во морфологијата на говорот на с. Кулакија А. Вајан успеал да открие некои специфичности кои досега не биле познати во македонските дијалекти, таков е случајот со

присуството на множинската наставка **-и**, што ја проширила својата употреба (кај именки од ср. род), со тенденција да се генерализира: *ре́брӣши* - чл. мн. од „ребро„, *ḡуве́ди* - мн. од „гуведо„, *ја́ḡнӣши* - чл. мн. од „јагне„, *пра́си* - мн. од „прасе„, *ја́јцӣши* - чл. мн. од „јајце„, *де́цӣши* - чл. мн. од „дете„ (некои примери се позајмени од Зборникот на Верковиќ). Слични случаи наведува и кај еднослоżни именки од м. род: *пу две ḡро́ши, дванáдесе̄т ко́ши, де́вӣт ре́ди;* со член: *ли́стӣши*. Меѓу посебностите во говорот на односно село, констатирани во споменатото Евангелие, уште треба да се споменат случаите во кои има нерегуларност во категоријата род, односно примери со несоодветна конгруенција: *ӯт т̄фо́јӯ ра́дус; му испáднáл крӑф,* но *крӑф му т̄ече́ла; т̄е́шка омре́ш,* и: *т̄е́шко умре́ш,* уште: *умре́шӯт; о́ḡин запале́на* и др.

6.2. За причините на односниве нерегуларности А. Вајан ништо не коментира, или просто речено не стигнал дотаму. Ние, следејќи го проблемот подолго време и врз богат материјал, дојдовме до уверување дека и едната (обопштената употреба на множинската наставка **-и**) и другата појава (нерегуларности во категоријата род) треба да се следат во рамките на меѓујазичните контакти и влијание од турскиот јазик. За ова укажуваме во трудовите „Кукушкиот говор„ и „Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел„.[7]

7.1. А. Вајан работејќи врз македонската јазична проблематика не можел да остане надвор од полемиката за „националното„ прашање, т.е. чувствувал потреба да проговори за релацијата: македонскиот наспрема соседните јужнословенски јазици (бугарскиот и српскиот). Укажувајќи дека македонскиот има допирни точки и со едниот и со другиот, со бугарскиот повеќе (на морфолошко ниво), со српскиот во областа на фонетиката (развојот на прсл. групи ***tj**, ***dj** во **ќ** и **ѓ**, развојот на **ѣ** во **е,** повлекувањето на акцентот од крајниот

[7] К. ПЕЕВ, *Кукушкиот ḡовор,* кн. 1, 1987 и кн. 2, 1988, Скопје; *Речник на македонските ḡовори во југоисточниот егејски дел,* т. 1, 1999, т. 2, 2002, т. 3, 2004, т. 4. 2006, Скопје.

отворен слог и др.), настанати при одредени историско-политички околности (ширењето на српската држава на југ), сепак за А. Вајан сосема е неприфатливо тврдењето на А. Белиќ дека северните и средните македонски говори се „српско-македонски„, правејќи целост со јужните српски и одделувајќи ги од другите македонски говори.

На својот став по „македонското„ прашање, А. Вајан сакал да му даде поголема гласност, и го објавил (освен во споменатата студија кон „Кулакиското евангелие„) и во одделна статија во познатото париско славистичко списание „ Bulletin de la Societe..." , каде што среќаваме: „Поимот на „словенскиот македонски„ е нејасен само за оној што тоа го сака. Словенскиот македонски претставува реалност во таква мера што (уште) во 19. век суштествувал еден македонски литературен јазик, јазик на сосема мала учена литературата, но на обилна народна литература; и не се работи само за документи на фолклорот какви што можат да се соберат сегде: лирската македонска песна, многу ценета во Србија и во Бугартија, претставува еден автентичен литературен жанр, со реална вредност. Овој литературен јазик, базиран врз говори што природно се разликуваат малку меѓу себе, немаше време да се унифицира. Меѓутоа негови центри беа Скопје, Тетово, Охрид, Битола (Манастир), Воден итн.„[8]

8.1. Меѓу најзаслужните слависти за пробивот на македонистиката во европски размери секако се вбројува Мјечислав Малецки проф. на Јагелонскиот универзитет во Краков, член на Полската академија на науките. Многу млад, веднаш по студиите во Полска добил стипендија од тогашната Југословенска влада за студиско усовршување на Универзитетите во Загреб, Белград, Љубљана. Како образован дијалектолог тој знаел во кој правец е најкорисно да го усмери својот интерес (се разбира кон периферните говори): во случајот кон крајната северозападна регија - на

[8] A. VAILLANT, *Le problème du slave macédonien,* Bulletin de la Société de linguistique de Paris, t. 39, 2 (Numéro 116), Paris 1938. Цит.: Т. ДИМИТРОВСКИ и др. *За македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков„, Скопје, 1978, с. 34.

островот Крк (на Јадранското Море), оттаму се префрлил во Истра, а потоа се симнува сосема на југ во Црна Гора. Од односниве дијалектолошки истражувања објавил десетина значајни прилози преку кои се стекнал со репутација на врвен познавач на дијалектните прилики кај Јужните Словени. Најсилна потврда за високите оценки на неговите трудови секако претставува довербата што му е укажана од страна на Јагелонскиот универзитет кога му е доверено да формира Одделение за јужнословенски јазици под негово раководство.

8.2. Од северозападната зона (Крк и Истра), односно југозападната (Црна Гора), Малецки својот интерес го свртува кон југоисток, т.е. кон македонските говори во околината на Солун. За таа цел, пролетта 1933 тој се упатува кон Македонија и цели три месеци останал во Солунско, во селата Сухо и Висока, независно што кон крајот на 19-от век, како што рековме, во односната регија истражувал Словенецот Ватрослав Облак. Малецки сакал да ги заокружи претходните сознанија, да направи комплетна слика за односниве архаични говори. Тој си поставил таква задача во еден период кога владејачките гарнитури и во Србија и во Бугарија со сите средства се борат да ја подведат Македонија под своите сфери на влијанија. За реализација на односниве цели тие ангажираат цела машинерија (било политичка, било научно-лингвистичка) со однапред планирана задача: да се потврди српскиот, односно бугарскиот карактер и потекло на македонските говори.

Освен тоа во јужната сфера, онаму каде што се упатил Малецки, грчката владејачка класа со принуда го грцизира македонското население и тоа до таква степен што било забрането дури и дома да се зборува на мајчиниот јазик, користејќи се со строги казнени мерки дури и прогонства на островите. „Во областа Богданско (во која спаѓаат и селата Сухо и Висока) Малецки доаѓа во последен момент, кога сèуште можело да се чуе македонска реч. Помладите генерации, пишува Малецки, во Сухо веќе не зборуваат

македонски. Ако тој не ги запишеше текстовите и речничкиот материјал, славистичката наука, посебно македонистиката, не ќе знаеше ништо повеќе за овој дијалект, (надвор) од скромните податоци на Облака и неколку текстови што ги запишал (односно организирал да бидат запишани) во свое време (во шестата деценија од 19-от век) српскиот фолклорист Ст. Верковиќ, а се објавени 1932 во Прага од П. Лавров и Ј. Поливка„.[9]

8.3. Од теренот во Солунско Малецки собрал богат дијалектен материјал, прецизно запишан на ниво на филигранство и го обработил, односно објавил во неколку статии и две книги (текстови и речник): *Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Sołuńskiem,* 1. Texty, Kraków 1934; 2. Słownik, Kraków 1936. Врз основа на споменатите текстови Малецки планирал да приготви и граматички дел и така да ја комплетира студијата, но Војната (Втората светска) и прераната смрт (доживеал само 43 години) го спречиле да ја реализира својата замисла. Започната работа од Малецки ќе ја заврши неговиот ученик Зб. Голомб како докторска дисертација и ќе ја објави во македонски превод.[10]

8.4. Од статиите прво ќе се задржиме на *Drobjazgi z Macedonii* , во која под заеднички наслов, во неколку броја на списанието *Lud Słowiański*,[11] обработува одделни проблеми од дијалектната ситуација во Солунско, меѓу нив и за развојот на крајниот **ер** (**ъ**). Ј. Иванов уште во 1922 год. во париско славистичко списание, зборувајќи за говорите во Солунско се задржува на „фрапантниот податок„ дека во споменативе говори се има зачувано **ер** (**ъ**), на крајот на зборoформите, што завршуваат на група согласки: *силнъ аскер, тој му реклъ, ендръ фасул* и др. Задржувањето на крајниот **ер** во односниве

[9] Б. ВИДОЕСКИ, *Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки,* МАНУ, Скопје, 1977, с. 13. Од истиот труд се преземени и биографските податоци за М. Малецки.

[10] ЗБ. ГОЛОМБ, *Два македонски говора - на Сухо и Висока во Солунско* (Македонски јазик, г. XI-XII , 1960-1961, XIII-XIV, 1962-1963), Скопје.

[11] M. MAŁECKI, *Jeszcze o rozwoju końcowego jera w gwarach "Bogdańska", Drobjazgi z Macedonii,* Lud Słowiański, II, 2,1933.

примери од Сухо и Висока Иванов го објаснува со еуфонични причини, односно со стремеж да се олесни изговорот на крајната група согласки. На ова мислење на Ј. Иванов возразиле Љ. Милетиќ, А. Селишчев, а Ст. Романски тоа (возразувањето) децидно го кажува и во насловот на својата статија: „*Лажни остатоци од крајниот* **ер**„. Малецки исто така не можел да го одмине начнатото прашање за зачуван краен **ер,** но немајќи комплетен увид во нерегуларностите во категоријата род во долновардарските говори, кои што, според наше мислење, формално ги условиле примерите со „зачуван краен **ер**„, и така тој делумно го прифаќа мислењето на Иванов, односно го модифицира како „вторично појавен„. Наспрема толкувањата што имаат фонетски карактер, меѓу нив спаѓа и она на Малецки, нашите повеќегодишни истражувања на долновардарските говори ни даваат доволно основа вниманието да го свртиме обратно, кон морфолошкиот фактор.

Да споменеме дека реонот Богданско, долг период во минатото, сè до Балканските војни - според Ст. Романски - претставувал изолиран македонски остров во еден поголем комплекс од турско население, оттаму примерите на Иванов: *силнъ аскер, тој му реклъ* треба да се третираат како случаи со нарушена конгруенција, односно со разнишаност на категоријата род; потврда за кажаното наоѓаме во обратни примери; сп. од „Кулакиското евангелие„ : *вели на неа: арно си рекал, шо немаш мъш.*[12]

8.5. Во втората статија на која ќе се задржиме *Z zagadnień dialektologii macedońskiej* Малецки, обидувајќи се да го одреди местото на македонскиот јазик меѓу српскиот и бугарскиот „влегува во дискусија„ со повеќе автори, особено со оние од софискиот и белградскиот центар, заклучокот е дека нашиот јазик има сличности и со едниот (српскиот) и со другиот (бугарскиот), но не е еднаков ниту со првиот, ниту со вториот: „... треба да се додаде дека, покрај особеностите (на

[12] К. ПЕЕВ, *Повторно за „лажните остатоци„ од крајниот* **ер** *во југоисточните говори,* Речник на југоисточните македонски говори во егејскиот дел, т. 2. Скопје, 2002.

македонските говори) што одат било по развојната линија на бугарскиот јазик, било на српскохрватскиот, има исто така и наполно индивидуални црти кои во токму таков вид не се јавуваат во ниеден од тие јазици. Тука спаѓа меѓу поважните фонетски црти развојот на *ъ, *ь > *о, е*; на големата носовка > *а* одн. *о;* па и на *ќ, ѓ* < * ***tj, *dj***, несомнено многу блиски до српските *ћ, ђ,* но сепак од нив различни. Затоа, исто така на прашањето дали се македонските говори српски или бугарски, би одговорил дека не се ни исклучиво српски ни бугарски, ами повеќето од нив претставуваат *индивидуален дијалектен тип* (којшто може да се нарече и *македонски јазик*), поврзан со силни јазли на сродство со двата спомнати јазици. Македонскиот е премин меѓу српскиот и бугарскиот јазик, и неговото приклучување само кон еден од тие јазици е од лингвистичка гледна точка неосновано„.[13]

9.1. Познато е дека топономастичката номенклатура презентира голем број јазични и дијалектни посебности, а исто така низ петрифицирани форми чува постари еволутивни фази од развитокот на јазикот. Оттаму трудот на Макс Фасмер „*Словените во Грција*„ ,[14] што се појави во Берлин 1941, има немала заслуга, иако индиректна, за откривањето на македонскиот јазик во светот на славистиката (среќа што се успеало книгата да се напечати во времето кога виорот на Втората светска војна земаше замав). Кога станува збор за месните имиња во Грција што Фасмер ги именува како „словенски„ условно би сме ставиле „македонски„ бидејќи најсилен пробив на југ имале македонските племиња, независно што земено пошироко во некои случаи сепак станува збор за словенски корени. Заслуга на Фасмер е и тоа дека, освен што успеал да стави на увид голем број „словенски„ топономастички термини во Грција, извршил

[13] M. MAŁECKI, *Z zagadnień dialektologii macedońskiej,* Rocznik Sławistyczny, XIV, Kraków, 1938. Цит.: Т. ДИМИТРОВСКИ и др. *За македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков„, Скопје, 1978, с. 34-35.

[14] MAX VASMER, *Die Slaven in Griechenland.* Berlin 1941.

и лингвистичка анализа на истите, посебно задржувајќи се на фонетските промени што се јавиле како нормална модификација во контакт со грчкиот јазик.

10.1. Блиска по својата суштина со трудот на Макс Фасмер е книгата на рускиот славист А. М. Селишчев „*Словенското население во Албанија*„.[15] Погледнато и историски и особено лингвистички станува збор за македонско население, тоа се заклучува врз основа на јазичната анализа на одделот за „словенските„ заемки во албанскиот јазик, уште повеќе врз основа на топономастичката номенклатура што ја регистрирал Селишчев скоро низ цела Албанија, потврдено и од приложената карта на која „словенските„ (или: „македонските„) имиња достигаат дури до морскиот брег. Особено внимание заслужува поглавјето во кое авторот врши еден вид реконструкција на говорот на „словенското„ население во Албанија (во минатото), врз основа на јазичните карактеристики на топономастичкиот материјал како и врз анализата на „словенските„ заемки во албанскиот јазик. Во врска со називот на книгата („*Словенското население во Албанија*„) не ќе биде без значење ако истакнеме дека рускиот славист во некоја рака бил вклучен во бугарската научно-лингвистичка елита и дека книгата е печатена во Софија.[16]

Независно од тоа треба да истакнеме дека проф. Селишчев зад себе оставил голем број студии и монографии, како ретко кој друг што се занимавал со македонските дијалекти. Неговите работи ги краси сериозен пристап, богатство од информации и прецизност во обработката на дијалектните факти. Во споменатото богатство од трудови одделно внимание заслужува книгата „*Белешки за македонската дијалектологија*„, објавена во Казањ 1918. Во студијата, освен што дава преглед на одделни прашања од македонските дијалекти, поспецијално од областа на

[15] А. М. СЕЛИЩЕВ, *Славянское население в Албании,* София 1931.
[16] А. М. СЕЛИЩЕВ, *Очерки по македонской диалектологии,* Казань, 1918.

фонетиката (пр. за прсл. групи **tj* и **dj*), Селишчев уште прави компарации со бугарскиот јазик, со кој има немал број сличности на морфолошки план, кои во основа се појавени (и во едниот и во другиот јазик) под влијание на балканската јазична унија и со кои се одделуваат од другите словенски јазици, додека со српскиот сличностите се главно на фонетски план.

2008

СКРАТЕНИЦИ

А,БТР – Л. Андрейчин и др. , *Български тълковен речник* , София 1963.

БМ – Ст. Бојковска – Максимовска, *Дијалектни текстови од Мегленско,* Македонистика, бр. 5, Скопје, 1992.

Б(М,В,СД,К) – Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Мегленско,* Македонско народно творештво, 6, Скопје 1985; *Македонски народни песни од Воденско,* Македонско народно творештво, 8, Скопје 1989; *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско,* Македонско народно творештво, 13, Скопје 1997; *Македонски народни песни од Кукушко,* Македонско народно творештво, 9, Скопје 1989.

Б,ОГ – П. Бицевскн, *Орловото гнездо,* Скопје 1996.

В (V,K,S) – W. Budziszewska, *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej,* Warszawa 1983 (V – Воден, K – Кукуш, S – Солун).

ВГ,БЕР – В. Георгиев и др., *Български етимологичен речник,* София,1971...

В,СД – Б. Видоески, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско,* МАНУ, Прилози XXII, 2, 1992.

ВБ – Б. Видоески, *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик,* Скопје 2000, ВГ (од Гевгелиско: Мач – Мачуково, Ст – Стојаково, Ѓав – Ѓавото, Мир – Миравци, Бог – Богданци, Пир – Пирава), ВД (Д – Дојран, Ник – Николич), ВК (од Кукушко: К – Кукуш, Пат – Патарос, Шт – Штемница, Мал – Маловци, Пл – Планица, Иц – Иџеларе); ВС (од Солунско: Кир – Киречќој, Град – Градобор), ВЕв (од Ениџеардарско: Ев – Ениџевардар, Бар – Баровица, Кр – Крушаре. Кор – Корнишор, Ил – Илициево, Кон – Кониково), ВВ (В – Воден, Крон – Кронџелево), ВМ (од Мегленско: Сар – Саракиново, Стр – Струпино, Тр – Тресннo, Цар – Царнешево, Зб – Зборцко), ВК (од Кајларско: Ран – Ранци, Тр – Тремно, Рак – Ракита, Бош – Бошувци), ВД (од Драмско: Фр – Фраштене, Тр – Трлис, ГБ – Горно Броди. Кал – Калопот, Кал – Календра), ВЛ (од Лагадинско: Ај – Ајватово), ВБ (од Богданско: Нег – Негован, Зар – Зарово, Вис – Висока, Сухо, Бал – Баливиц).

V,PM — P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových.* V Praze, 1932, s. IV-596.

VM,ESJČ – V. Machek, *Etymologický slovnik jazika českého a slovenského,* Prag, 1957.

Г,ДМГ — Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик, Скопје, XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-276.

ДВ –. В. Думевъ, *Воденскиятъ говоръ,* МакПр, XIII, с.8–42.

ДК – В. Дрвошанов, *Кајларскиот говор*, Скопје, 1991.

ДС(Ч) – С. Давкова, *Лексиката на говорот на с. Чифлицик* (Демирхисарско), магистерска дисертација, машинопис, Скопје 1997.

ИГ – Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ,* София, 1932.

КЕ – М. Карамфиловски, Еничевардарскиот говор, докторска дисертација, машинопис, Скопје 1995.

ЛС(К) – Веселинка Лаброска, *Говорот на с. Кула* (Серско), магистерска дисертација, Скопје 1997.

MS,t,s – M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I, Teksty,* Kraków 1934; *II Słownik*, Kraków 1936;

МЕ(В) – Б. Ристовски, *"Вардар". Научно-литературно и општествено-политичко списание на К. П. Мисирков,* Скопје, 1966.

MV,K – A. Mazon et A. Vaillant, *L`évangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas - Vardar,* Paris 1938.

МС(В) – Л. Милетичъ, Изъ живота на Българитѣ въ Солунско, МакПр, VIII, София, 1932.

МЕ(Р) – Бл. Ристовски, Раните ракописи на К. П. Мисирков на македонски јазик, Скопје, 1998.

О,СРЯ – С. Ожегов, Словарь русского языка, Москва 1963.

ПД – К. Пеев, Дојранскиот говор, Македонистика, 2, Скопје 1979 (Д – Дојран, од Дојранско: Ник – Николич, Пат – Патарос, Фур – Фурка) .

ПК,II – К. Пеев, Кукушкиот говор II, Скопје 1989 (од Кукушко: Мор – Мораруи, Грам – Грамадна, Шт – Штемница, Пл – Планица Ним – Ниманци, Шек – Шекерлија, Иц – Иџеларе, Пос – Постолар, Крец – Крецово, Гӑр – Гӑрбашел, Даут – Дутлија).

ПК – К.Пеев, според лично собрани необјавени материјали: од Кукушко: Мот – Мотулово, АЌ – Амбар Ќој; од Гевгелиско: Којн – Којнско, Ст – Стојаково, Пир – Пирава, Гум – Гуменца, Мач – Мачуково – (материјалите се депонирани во Институтот), од Серско: Сек – Секавец [заедно со А. Поповски], од Драмско: Плев – Плевна [заедно со А. Поповски], од Гевгелиско: Фур – Фурка – (материјалите се депонирани во Архивот на МАНУ),

PS, ERHSJ – P. Skok, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Zagreb, 1971...

Р,ДГ – Ст. Романски, Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, кн. 1, София 1932.

РМЈ – *Речник на македонскиот јазик* I, II, III, Скопје 1961...

РСХКНЈ – *Речник српскохрватског књижевног и народног језика,* Београд, 1959...

СК – Д. Сакъов, *Принос към речника на кукушкия говор,* Българска диалектология, III, София 1967.

ТГ – Ст. Тановић, *Српски народни обичаји у ѓевѓелијској кази,* Српски етнографски зборник, XL, Београд, 1927.

УЕ – Д. Угриновски, *"Народни обичаи од Еничевардарско"*, машниопис.

Ф,ЭСРЯ – *Этимологически словарь русского языка*, Москва 1986...

ШГ,1(К,Д) – К. Шапкарев, Сборник от *български народни умотворения,* т. 1, София, 1968 (К – Кукушко, Д – Дојранско).

ШГ,5(С,К,Д) – К. Шапкарев, *Избрани дела,* V, Скопје, 1976 (Г – Гевгелиско, С – Солунско, К – Кукушко, Д – Дојранско).

ТРАНСКРИПЦИЈА

ă. – Со овој знак го предаваме "темниот вокал" независно од неговото потекло.

ạ, , ọ. – Точката под вокалот го означува полуредуцираниот изговор: *ạ* клони кон *ă*, кон *и*, *ọ* кон *у*.

а:, е:, о:. – Должината на вокалите ја означуваме со знакот : (две точки) поставен од десната страна до буквата.

ä. – Со овој знак го обележуваме широкиот изговор на вокалот *е*.

л'. – Овој знак го означува полумекото *л*.

н'. – Со овој знак се означува мекото *н'*. Во крајната југоисточна периферија, пр. во Лагадинско консонантите си имаат свои меки парници што ги претставуваме на истиот начин – со надреден знак од десната страна на буквата (*д - д', з – з', т – т'* и сл.).

л̣. – Со овој знак се означува вокалниот изговор на *л*.

р̣. – Овој знак го означува вокалниот изговор на *р*.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3'282.4(495.6-12)(038)

ПЕЕВ, Коста
Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел. Т. 5 / Коста Пеев. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2009. - 421 стр. ; 23 см

На наспор. насл. стр.: Dictionary of Macedonian dialects in the South-East Aegean part of Macedonia / Kos a Peev. - фусноти: стр. 415-416

ISBN 978-608-203-025-8
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр. , - I, Peev, Kosta види Пеев, Коста
а) Македонски јазик - Дијалекти - Егејска Македонија, југоисточна - Речници
COBISS.MK-ID 77819146

СОДРЖИНА

Р.....11
С.....151

За дописката од Солунско што го отвори патот
за победа на македонската теорија за потеклото на
старословенскиот јазик.....385
За некои специфичности на говорот во Пазарско.....393
Откривање на македонскиот јазик од странските
лингвисти 399